Најдобра потврда за лесната достапност до информации е интернетот за кој слободно може да се каже дека претставува еден од најодбрите извори на информации. Имено, користејќи го овој извор на податоци на брз, бесплатен и пред се легален начин се добиваат информации за општите состојби на одреден пазар кој е во сферата на интерес. Станува збор за информации кои посочуваат за големината и интересот на таргетираниот пазар, вложувањата и можностите што истиот го нуди, а најважно од се за перспективата што ја нуди истиот. Тука секако спаѓаат и неопходните општи демографски и географски податоци, правната регулатива, информациите за патната инфраструктура, развиеноста на дистрибутивната мрежа и сл. Навидум лесниот пристап до информациите не значи и дека организациското разузнавање ја завршило својата задача, бидејќи е завршена само првата фаза од разузнавачкиот циклус. Следи фазата на интеграција и селекција на информациите, како подготовка за фазата во која се пристапува кон нивна обработка. Токму фазата на обработка и анализа на информациите е клучна за стратегискиот менаџмент да добие продукт каков му е потребен за планирање и креирање на организациската стратегија. Имено, квалитетната обработка и анализа на информациите претставува сложен процес којшто изискува посебни знаења и вештини од повеќе области (селективност, аналитичност, методичност, интерпретација и сл.). Квалитетно обработените информации го одредуваат и квалитеот на концептот планиран и креиран од менаџерскиот тим, а кој натаму ја определува стратегијата на организацијата за настап на пазарот. Одовде, лесно се согледува и потребата од постоење стратегија којашто ќе се применува во прибирањето и успешно искористување на расположливите информации.

Освен интернетот како отворен извор, организациското разузнавање користи и други легални извори на информации кои може да бидат внатрешни или надворешни. Интерните (внатрешни) извори најчесто се добиваат од вработените во организацијата, преку следење на ефектите од реализација на имплементираната стратегијата, креирана од менаџерскиот тим, деловните партнери и клиентите. Потребните информации од надворешни извори се оние до кои се доаѓа со учество на деловни средби, семинари, работилници, или преку разговор со вработени во конкурентски компании, со деловни партнери, со проучување на јавно достапната стручна или деловна публикација, како и со следење на активностите од конкуренцијата (Vojak N.; Wasserbauer B.; Grgat I.; “Business Intelligence kao Pomoć u Zaštiti Poslovanja Poduzeća” 2008). И во овој случај потребно е да се повтори истиот циклус како и при прибирањето информации од интернетот како отворен извор, односно да се изврши селекција на потребните и квалитетни информации од оние кои тоа не се.

Сепак, мора да се има предвид и се почестата примена на нелегалните разузнавачки методи (т.н. шпиунирање) кои се користат со цел организациите да стекнат предност во однос на конкуренцијата. Во оваа прилика ќе наведеме и дел од нелегалните методите кои се вбројуваат во организациското разузнавање.

т.н. Тројански коњ (кога во конкурентска организација се вработуват лица чија задача е да следат, оттуѓуваат и да пренесуваат податоци од конкуренцијата;
корумпирање на персонал од конкуренцијата;
оттуѓување деловна тајна со примена на современи технички сретства (прислушкување, упад во информатичката база на податоци, набљудување...);
лобирање кај државни авторитети за добивање информации од дипломатскиот ангажман во земји чиј пазар е во фокусот на интерес;
дејствување со цел од конкуренцијата да се придобијат и превземат обучени експерти.

Причината за користење вакви методи лежи во силното темпо на економијата кое под влијание на глобализацијата ја диктира динамиката и на процесите на светскиот пазар. Со оглед дека со шпијунажата се троши значително помалку време, отколку што објективно е потребно за организациското разузнвање да достави квалитетен продукт до менаџерскиот тим. Воедно, доколку не бидат откриени, нелегалните се значително поефтини во однос на легалните методи.

ЗАКЛУЧОК

Констатацијата дека денешниот свет се базира на информации, само потврдува дека организацијата и тоа како има потреба за располагање со соодветен квантум од овој ресурс. Со оглед дека може да се користи како сретство за стекнување предност во однос на конкуренцијата, менаџерскиот тим треба да знае да го насочи фокусот на интерес, а потоа и да покаже доволно мудрост за максимално исцрпување на квалитетната информациска компонента во креирањето стратегија која со значително висок процент ќе ја гарантира успешноста на организацијата на пазарот. Тоа секако подразбира и соодветно вложување во градењето структура на разузнавачкиот субјект во организацијата, бидејќи во денешната флуктуација на информации потребни се соодветни стручност и знаења да се селектираат, интегрираат и одберат само оние кои се од примарен интерес.

Исклучително битно за напомена е и тоа дека во Република Македонија се уште постојат одредени дивергенции во дефинирањето на терминот организациско разузнавање, кој како релативно нов кој често се заменува со бизнис (Business intelligence) и конкурентското разузнавање (Competitive intelligence). За негово целосно дефинирање, потребно е да се земат предвид функциите на организациското разузнавње и методите што ги користи за реализација на своите задачи.

Уште е битно да се истакне дека во Република Македонија овој облик на организациско дејствувување се користи од страна на исклучително мал број организации (делумно или во целост), од причина што менаџерските тимови сметаат дека се доволно информирани за условите во потесното или пошиоко опкружување. Воедно, вложувањето во градењето разузнавачка структура во организацијата се смета за непотребен трошок. На ваков заклучок наведуваат и резултатите од спроведено истражување за важноста на информациите и нивното влијание врз организациското стратегиско планирање кај МСП на примерок од 30 организации во Пелагонискиот регион Истражувањето, меѓу останатото, целеше и кон добивање сознанија за начинот на кој организациите обезбедуваат информации и нивната обработка при стратегиското планирање. Особено е значаен фактот дека според добиените показатели не се забележани значајни разлики помеѓу производниот и услужниот сектор во начините на кои организациите ги добиваат информациите потребни за процесот на стратегиско планирање, што укажува дека за успешен пласман и егзистирање на глобализираниот пазар потребени се навремени, точни и соодветно анализирани информации потребни при стратегиското планирање и насочувањето на организациската дејност. Така малите и средни организации може да бидат конкуретни на пазарот на којшто доминираат големите организации и корпорациите (Stefanovska, Vasilevski, 2014).

Со оглед дека брзиот развој на технологијата зема се поголем замав, забележлив е трендот организациите да посветуваат се поголем интерес за ефектите што ги нуди организациското разузнавање. Ова особено кога станува збор за програмските решенија за пребарување бази на податоци, прибирање и анализа на неопходните деловни податоци. Бидејќи глобализацијата не остава простор за импровизации, може да се заклучи дека организациското разузнавање како дисциплина која на организацискиот менаџмент му нуди можност за постигнување подобри перформанси, се повеќе ќе станува неопходност при стратегиското планирање.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Бакрески О.; Триван Д.; Митевски С.; „Корпорациски безбедносен систем“, Стеда
2) Графика, Скопје; 2012;
3) Kahaner L.; “Competitive Intelligence: How to Gather, Analyze and Used Informatiopn to Move Your Business to the Top”; Touchstone; New York; 1997; pp.16-23
4) Lebovitz J. “Building Organizational Intelligence: A Knowledge Managament Primer”; CRC Press LCC; Boca Ration; 1999; pp. 5-7
5) Lebovitz J.; Strategic Intelligence: Business Intelligence, Competitive Intelligence and Knowledge Managament; Auerbach Publication; Boca Ration; 2006; p.11
6) Nasheri H.;”Economic Espionage and Industrial Spying”;Syndicate of the university of Cambrige; Cambrige; 2005;
7) Silber K.H.; Kearny L.; “Organizational Intelligence: A Guide to understanding the Business of Your Organization for HR, Training and Performance Consulting”; John Wiley&Sons, Inc.; San Francisco; 2009; p.2
8) West C.; “Competitive intelligence”; Basingstoke; Palgrave; 2001; p.12

СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ

9) Bazdan Zdravko; “Menadžeri moraju znati: poslovno obaveštajna djelatnost kreira najvažniji resurs upravljanja”; во Poslovna izvrsnost; god. III, br.2, Hrvatski institute za kvalitetu; Zagreb 2009; str. 62
10) Nešković S. “Ekonomske Implikacije Informacionog Ratovanja u Savremenim Međunarodnim odnosima”; Ekonomija: Teorija i praksa; Novi Sad; 2012; str. 2
11) Stefanovska L., Vasilevski G., Information and their influence over the organizational strategic planning, International Journal of

Business Management and Research, ISSN: 2051 – 4281, Vol.41, Issue 1, 2014, pp.1149 - 50;

12) Vojak N.; Wasserbauer B.; Grgat I.; “Business Intelligence kao Pomoć u Zaštiti Poslovanja Poduzeća”; Zbornik Radova; Hrvatsko Drušdtvo Inženjera Sigurnosti; Čakovec; 2008; str.108

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

13) http://www.scribd.com/doc/20493041/Globalizacija-Poslovanja-i-Globlna-Konkurencija
14) http://www.teched.hr/TechedIntSrv/TechedIntSrv-CI.aspx
15) http://www.oi-institute.com/

КРЕИРАЊЕ СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОКРУЖУВАЊЕТО КАКО СОЛИДНА ОСНОВА ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ИДНИНАТА И КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА МСП НА ПАЗАРОТ

Доц. д-р Лидија Стефановска

БАС Институт за менаџмент, Битола, Бизнис академија Смилевски–БАС, Скопје
l_stefanovska@yahoo.com

Вон. проф. д-р Менде Солунчевски

Министерство за одбрана
mendesolun@yahoo.com

УДК: 334.012.63/.64:005.21]:303.72(497.774/.775)

АПСТРАКТ

Стратегискиот менаџмент како современ пристап во водењето на организациите, се дефинира како процес определен со мисијата, визијата и целите на организацијата, како и со креирање планови и алокација на организациските ресурси во насока на постигнување на поставените организациски цели. Се смета дека тоа е највисоко ниво на менаџерските активности, што вклучува и анализа на надворешното окружување, тековната состојба во организацијата и согледување на предизвиците во иднина, за постигнување на што поголема конкурентност на пазарот. Всушност, задача на менаџментот не е да ја согледа постојната состојба на организацијата, туку каква може да биде во иднина. Но, во голем дел од МСП во Р. Македонија присутна е состојба на ad hoc следење на окружувањето, без притоа да се селектираат добиените податоци и информации во соодветни кластери, а кои би можеле да се искористат во процесот на одредување на идната стратегиска насока. На тој начин организациите вршат значителна дигресија од основната поента на стратегискиот менаџмент, а тоа е континуираноста и долгорочноста.Во рамките на овој проблем, трудот дава осврт врз потребата од креирање систем за континуирано следење на окружувањето, како и низа препораки за практикување на истиот. На тој начин би се намалила небулозата кај тимовите за стратегиско планирање во процесот на преземање идни стратегиски чекори за постигнување конкурентска предност на пазарот, на подолг временски период.

Клучни зборови: систем, анализа на окружувањето, стратегија, менаџмент.

CREATING A SYSTEM FOR ENVIRONMENT MONITORING AS A SOUND BASIS FOR PREDICTING THE FUTURE AND THE COMPETITIVE ADVANTAGE OF THE SMES IN THE MARKET

Ass. Prof. Lidija Stefanovska Ph.D

BAS Institute of Management Bitola, Business Academy Smilevski BAS Skopje
l_stefanovska@yahoo.com

Assoc. Prof. Mende Soluncevski Ph.D

Ministry of Defense
mendesolun@yahoo.com

UDK: 334.012.63/.64:005.21]:303.72(497.774/.775)

ABSTRACT

Strategic management as a modern approach to managing organizations, is defined as the process established with the mission, vision and goals of the organization, as well as creating plans and allocation of organizational resources in order to achieve the set organizational goals.

It is believed that this is the highest level of managerial activity, which among other things includes the analysis of the external environment, the current state of the organization and understanding of the challenges in the future, to achieve greater competitiveness in the market. In fact, the task of management is not to perceive the current state of the organization, but what might it be in the future.

But in much of SMEs in R. Macedonia the state of the ad hoc monitoring of the environment is present, without having to select the received data and information in appropriate clusters, which could be used in the process of determining the future strategic direction. In this way organizations perform significant digression from the main point of strategic management, which is continuity and longevity.

In the frames of this problem, the paper gives an overview on the necessity of creating a system for continuous monitoring of the environment, as well as a range of recommendations for practicing it. This is the way to minimize the nebulosity with the teams for strategic planning in the process of taking future strategic steps to achieve competitive advantage in the market for extended periods.

Keywords: system, environment analysis, strategy, management.

ВОВЕД

И покрај различното дефинирање на МСП, како и постоењето голем број критериуми за мерка на истите, поставени пред се` од релевантни фактори во високо развиените земји, општо е прифатено дека бројот на вработени во МСП треба да биде заедничка мерка при нивното дефинирање. Во тој контекст, МСП обично се дефинираат како несупсидијарни независни фирми кои вработуваат најмногу до 250 луѓе. Во националната статистика на некои земји на ЕУ лимитот е 200 вработени, а во САД тој број се движи до 500 вработени. За малите фирми пак лимитот е 50 вработени, додека за микро фирмите тој се сведува на 10, а во некои случаи и на 5 вработени. Како дополнителни критериуми во ЕУ се земаат и годишниот обрт и вредноста на билансот на состојба. (Фити и др., 2007). Во Република Македонија малите и средни претпријатија се дефинираат според Законот за трговски друштва (Закон за трговски друштва, Службен весник на Република Македонија, бр. 28/04).

Сепак и покрај не така големиот број на вработени во МСП, тие се од особена важност за вкупниот развој на нашата држава. Истражувачите и теоретичарите на економскиот развој на државите сметаат дека нивната предност се темели пред се на нивната флексибилност кон промените што се случуваат во окружувањето, за разлика од инертноста на големите компании. Честопати, таквата флексибилност им дозволува да преземаат нови стратегиски чекори и да спроведуваат бројни организациски промени, што им овозможуваат опстанок и развој во променливото бизнис окружување. Исто така во голем број студии, МСП се сметаат за клучни актери во зголемувањето на конкурентскиот и иновативен капацитет на земјите/регионите. (Меѓународен дијалог за даноци, 2007). Вниманието кон МСП во високо развиените земји е уште по изразено, со оглед на фактот што секторот на малите и средни бизниси има многу значајно место во целокупната економија, од причина што опфаќа и до 90% од вкупниот број на деловни субјекти, вработува до 70% од вкупниот број на вработени и создава над 50% од БДП (Зарезанкова, 2000). Заради ваквите и многу други позитивни показатели, денес наместо акцентот да биде ставен на големите компании, МСП добија свое значајно место.

АНАЛИЗА НА ОКРУЖУВАЊЕТО

Половина од успехот на секоја организација се темели на познавањето на насоката по која во иднина треба да се движи организацијата, за да ја достигне посакуваната состојба (визија). За таа цел стратегискиот менаџмент како концепт за долгорочен развој на МСП е од особена важност, бидејќи е насочен кон иднината и го дава на организација потребниот ориентир за достигнување на сопствената визија. Од друга страна пак, докажано е дека стратегискиот менаџмент создава финансиска корист за организацијата и обезбедува конкурентска предност на долг временски период. Токму заради ваквите и многу други предности што ги нуди стратегискиот менаџмент, формулирањето на стратегиите треба да се заснова врз претходна анализа на окружувањето, особено на оној дел од кој е засегната работата на организацијата.

Анализата на надворешното окружување опфаќа испитување на постојните состојби во окружувањето и предвидување на промените што можат да се случат во иднина. Со помош на оваа анализа треба да се издвојат елементите што имаат позитивно или негативно влијание врз работењето на организацијата, а особено врз спроведувањето на идните стратегиски опции за организациски развој. Во таа смисла, може да се посочи и главната (покрај споредните) цел на анализата на окружувањето, а тоа е да се добијат информации што ќе обезбедат веродостојни претпоставки за влијанието на факторите на окружувањето врз идното работење на организацијата и врза таа основа да се изврши стратегиско планирање. Тоа подразбира истражувачки напор насочен кон иднината, во смисла да се откријат поволните околности, врз основа на коишто ќе се олесни формулирањето на организациската стратегија и нејзината имплементација.

Во таа смисла, од особена важност е во организацијата да постои стручен кадар кој ќе ја врши анализата, а добиените податоци ќе ги селектира во одредени бази, достапни за потребите на стратегискиот менаџмент. Тоа значи дека и покрај малиот број вработени во МСП, сепак тимови, а не поединци треба да ја вршат анализата, а организацијата за тоа да има креирано систем по кој ќе се врши истата. Главна причина за ваквата ориентација на МСП е тоа што реалноста на окружувањето заедно со сите свои карактеристики како: глобална економија, глобализацијата, брзиот технолошки напредок, и зголемената важност на знаењата и луѓето како извори за предност во конкуренцијата, создава потреба за оние кои се „најблиску до настаните“ да се оние кои ги носат одлуките и ги одредуваат активностите (Hanson, et. al., 2008). На таков начин добиените информации стануваат вреден ресурс, на кој за жал, голем дел од МСП не придаваат особено значење. Всушност, освен финансискиот и човечки капитал, кои се видливи и лесни за распознавање, информациите што ги поседува одредена организација исто така спаѓаат, по ранг на важност во тој домен.

Така на пример еден вреден ресурс кој го има Wal-Mart. се информациите за нивните клиенти и нивното купување. Wal-Mart акумулира информации за видовите производи кои ги купуваат клиентите, нивните куповни навики, кога е најверојатно да купат одреден производ итн. Всушност, Wal-Mart има складирано значителен број терабајти со информации, а дел од нив ги споделува и со добавувачите. Дел од добавувачите имаат посебен пристап до приватен екстранет обезбеден од Wal-Mart, кој им нуди навремени информации за тоа како се продаваат нивните производи. (Hanson, et. al., 2008) .

Исто како и за големите светски компании, така и за МСП е важна анализата на окружувањето. Но, за малите бизниси, локалните или регионалните економски трендови може да бидат поважни од националните (Risius, 2007). Малите бизниси всушност треба да ги следат промените особено на локалниот пазар и неговите значајни перформанси, што упатуваат на важни информации меѓу кои: степенот на понуда и побарувачка на пазарот, задоволството на клиентите како водечки индикатор за идниот успех на пазарот и многу други. Колку повеќе детали можат да се добијат за сопствените потрошувачи, постои поголема можност за придобивање нови потрошувачи кои поседуваат исти демографски карактеристики. (http://www.ehow.com).

Од АППРМ исто така може да се добијат податоци за фокусираноста на МСП во Европски рамки. Имено, 63% од Европските МСП се деловно активни само во нивните матични земји, а само 8% од нив извезуваат. Исто така, според истите податоците дури 12% од влезот кај просечно претпријатие доаѓа од странство. Проблемот лежи во недостатокот на информации и знаење за можностите кои им стојат на располагање, недостаток од капитал неопходен за настап на странските пазари, како и кои се правилата за водење на преку граничниот бизнис (http://apprm.gov.mk). За да се надмине ваквата состојба, а со цел добивање на повеќе информации за поширокиот пазар Европската Комисија воспостави Европската мрежа на претпријатија која е присутна во повеќе од 47 земји, а веќе излегува и надвор од рамките на Европа. Според извори на АППРМ (http://apprm.gov.mk) сите тие им стојат на располагање на МСП за да им помогнат полесно да дојдат до неопходните деловни контакти, извори за финансирање, информации околу јавните набавки, европското законодавство и европските програми за финансирање на МСП. Секоја година, овие центри одговараат на стотици илјади барања за информации, помош или непосредно советување.

ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ

Досегашни истражувања кои се спроведени за МСП во Р. Македонија упатуваат на повеќе констатации за окружувањето во кое работат истите, како и потенцијалните закани што произлегуваат од него. Најголемиот дел стратегиски менаџери го искажуваат фактот дека работат во мошне променливо бизнис окружување, а најголемите проблеми со кои се соочуваат, се наведени во табелата подолу.

Табела: Проблеми во окружувањето ан МСП, анализа спроведена врз репрезентативен примерок од 202 организации

Проблеми на МСП	
Проблеми	Процент
Чести промени во законска регулатива	43,1 %
Недоволна и нестабилна потрошувачка	33,7 %
Високо каматни стапки	33,2 %
Недостаток на почетен капитал	31,7 %
Силна конкуренција од големите деловни субјекти	29,2 %
Високи даноци и владина регулатива	24,7 %
Тешкотии при добивање дозволи и лиценци	23,3 %
Тешкотии при обезбедување стручен кадар	15,8 %
Тешкотии при обезбедување соработка со локалните власти	7,4 %
Недостаток на инпути	5,9 %
Застарена технологија	5,9 %
Не одговориле	3,5 %

Извор: Ристеска А., 2012, Влијанието на МСП врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Македонија, докторска дисертација

Исто така како една од основните причини за неуспех на малиот бизнис се наведува недостатокот на планирање, а особено отсуството на долгорочност во планирањето. Непостоењето на стратегиски план, како водилка во процесот на менаџирање со организацијата може да биде една од причините за неуспех на МСП. Големината на организацијата не е правопропорционална со сложеноста на нејзиното менаџирање. Во тој контекст, потребно е сите организации да поседуваат соодветно изготвен стратегиски план, заснован на претходна анализа на окружувањето. На тој начин организацијата добива правилна насока за бизнисот, содржејќи краткорочни и долгорочни стратегии.

Во истражување спроведено во Пелагонискиот регион на примерок од 30 МСП дел од прашањата во анкетниот прашалник се однесуваа и на анализата на окружувањето. Во таа смисла од особена важност беше да се согледа како МСП ги добиваат информациите потребни во процесот на стратегиско планирање.

Табела: Начини на добивање информации во процесот на стратегиско планирање

Согледување на начините на кои организациите ги добиваат информациите потребни за процесот на стратегиско планирање	Value	df	Asymp. Sig. (2-sided)
1. Дали ги посетувате веб страниците на Вашите конкуренти со цел да добиете одредени информации за нив?	3.734	4	0.443
2. Дали при посетата на саемите дел до времето го користите за да се информирате што Вашите конкуренти прават?	0.579	3	0.901
3. Дали сметате дека располагањето со информации овозможува да се има подобар преглед и проценка за состојбите на пазарот?	0.492	1	0.483
4. Дали сметате дека со точни и навремено доставени информации организацијата може да се стекне со предност во однос на конкуренцијата?	0.639	2	0.727

Извор: Stefanovska, Vasilevski, 2014, International Journal of Business Management and Research, ISSN: 2051 – 4281, Vol.41, Issue 1, pp.1147

Доколку се анализираат резултатите во табелата погоре, добиените вредности на Хи – квадрат тестот за согледување на начините на кои организациите ги добиваат информациите потребни за процесот на стратегиско планирање, може да се констатира не постојат статистички значајни разлики помеѓу исказите во фреквенциите кај испитаниците, на што ни укажуваат добиените вредности на X^2 - тестот (Value, df, Asymp. Sig. 2 - sided).

Неоспорен е фактот дека во својата работа МСП треба да ја зголемат употребата на ИКТ, пред се заради намалување на оперативните и комуникациските бариери и трошоци, секако и заради зголемување на конкурентноста. Имплементацијата на современа ИКТ во МСП, веќе станува основа и една од клучните мерки за асоцијација во Европската заедница. GFA Consulting Group во анализа (GFA, 2006) на ИКТ во МСП во Република Македонија наведува дека во 2006-та година нивоата се пониски од кореспондирачки нивоа на ЕУ земјите во периодот 2000-2001-ва година, што значи дека земјата била повеќе од 5 години назад во апликацијата на ИКТ во МСП секторот.

Иако во овој сегмент состојбите се на едно многу повисоко ниво, сепак не можеме да се изедначиме ниту пак да се приближиме со европските МСП во поглед на ангажирање лица што ќе вршат анализа на окружувањето. т.е. бизнис набљудувачи, преку веќе креиран систем за следење (како што е прикажано на цртежот подолу) и акциски планови во кои треба да бидат посебно наведени инструментите, изворите на информации, носителите на активностите, временската рамка, потребните средства за реализација на активноста, индикаторите за успех и критичните фактори за успех.

Слика: Улога на одделот за стратегиска анализа

Извор: Butcher H., Mainelli M., Strategic Information Management, in Hussey D. E. (ed.), International Review of Strategic Management, Vol. 1, Wiley, Chichester, 1990

На ваков начин, преку одредената временска динамика, ангажираните лица ќе може да вршат анализа на промените во делот од окружувањето за кое се задолжени, а информациите да ги сместат во одредени бази на податоци, од каде тимовите за стратегиско планирање ќе може да ги искористат при креирање на идните стратегиски чекори. Важноста на оваа врска ја потврдуваат голем број автори. Така, според Hussey (Hussey, 1998) не е можно да се креираат стратегиски планови без да се има пристап до детални информации за окружувањето на организацијата, а нивниот квалитет ќе се зголеми доколку се посвети поголемо внимание на собирањето и анализата на информациите што треба да претставуваат редовна појава во организацијата. Напорот што треба да се вложи во креирањето на овој важен сектор, секако дека варира врз основа на финансиските можности на организациите, но во денешно време со развојот на ИКТ и пристапот до разни бази на податоци за сосема достапна цена, не постои причина зошто дури и најмалите организации да не ги искористат позитивните можности и да располагаат со важни и навремени информации.

ЗАКЛУЧОК

Никој не започнува бизнис очекувајќи дека нема да успее, но статистичките податоци покажуваат дека, всушност, голем дел од нив пропаѓаат. Според статистичките податоци три од десет нови организации не успеваат да преживеат повеќе од две години, а околу пет од десет не преживуваат повеќе од пет години. Стапката на преживување е уште пониска кај трговците поединци. Постојат голем број екстерни фактори кои се причина за неуспех на малите бизниси, вклучувајќи ја големината на пазарот и побарувачката на клиентите, но и други подеднакво важни фактори кои можат да го забават развојот на бизнисот во најраните фази – и се имаат покажано како фатални и на долг рок. Според статистичките податоци од 88,7% од пропаѓањето на сите бизниси се должат на грешки во менаџирањето (http://www.dnb.com/).

Важноста на секторот на МСП е добро позната низ целиот свет поради својот значителен придонес за постигнување на различните социо-економски цели, како што се раст на вработеноста, производството, промоција на извозот и поттикнување на претприемништвото. Токму, заради значењето што го имаат МСП во вкупниот развој на државата, потребно е да се посвети поголемо внимание на важноста на стратегискиот менаџмент заедно со сите свои фази. Преземањето нови стратегиски чекори засновани врз анализата на окружувањето се многу поедноставни во МСП, со оглед на нивната способност за брзо прилагодување, работа со помалку капитал, по ниска цена на менаџирање, а на тој начин имајќи поевтино производство. (прилагодено според Keskin et al., 2010).

Окружувањето, пак означува вкупност на чинителите коишто влијаат врз работата на организацијата, а кое менаџментот потребно е да го респектира при донесувањето одлуки (Buble, 2000). За таа цел неопходно е тимот за стратегиско планирање да располага со навремени, точни и релевантни информации, кои ќе го намалат јазот што постои меѓу организацијата и околината. Кога влијанието на окружувањето ќе стане доминантно во однос на влијанието на организацијата на таа средина, тогаш организацијата започнува да запаѓа во криза, од која тешко ќе може да се извлече. Затоа, основна цел на анализата на окружувањето е врз основа на добиените информации тимовите за стратегиско планирање да се обидат да извршат предвидување на идните трендови во истото, со што ќе се минимизира ризикот и неизвесноста во работењето на организацијата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Buble M., Management, Ekonomski fakultet Split, Split 2000, pp. 69
2) Butcher H., Mainelli M., Strategic Information Management, in Hussey D. E. (ed.), International Review of Strategic Management, Vol. 1, Wiley, Chichester, 1990;
3) Doing business, Copblication of World bank & Interanional Finance Corporation, 2012;
4) Фити Т., Хаџи Василева-Марковска В., Бејтман М., Претприемништво, Економски Факултет, Скопје, 2007, стр. 47-51;
5) GFA Consulting Group for the European Commission (EuropeAid / 05MAC01 / 10 / 001 EAR), ICT Application in the SME Sector and e-

Government Services for SMEs: Status and Suggestions for Improvement", 2006;
6) Grupa autora, Strateški management, Sinergija 2005, pp. 22;
7) Hanson,D. Dowling P.J., Hitt M.A., Ireland R.D., Hoskisson R.E., Strategic Management, Competitiveness & Globalisation, Thomson Higher Education, 2008, pp.395;
8) Hussey D., Strategic management, From Theory to implementatiot, fourth edition, Buttterworth – Heinemann, 1998, pp. 125-26;
9) Jeffery M. Risius, Business Valuation: A Primer for the Legal Profession, American Bar Association USA, 2007, pp. 60;
10) Keskin Hidayet, Senturk Canan, Sungur Onur, M. Kiris Hakan, The Importance of SMEs in Developing Economies. 2nd International Symposium on Sustainable Development, Sarajevo, 2010, pp.183-185;
11) Меѓународен дијалог за даноци, The importance of SMEs in the economy, 2007, http://www.itdweb.org/smeconference/documents/plenary/PI%20Berry%20ENG.pdf
12) pp.1-5;
13) Risius, M., Jeffery, Business Valuation: A Primer for the Legal Profession, American Bar Association, USA, 2007, pp. 60;
14) Ристеска А., Влијанието на МСП врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Македонија, докторска дисертација, 2012;
15) Stefanovska L., Vasilevski G., Information and their influence over the organizational strategic planning, International Journal of Business Management and Research, ISSN: 2051 – 4281, Vol.41, Issue 1, 2014, pp.1147.
16) Шуклев, Дракулевски, 2001, Стратегиски менаџмент, Економски факултет Скопје, 2001;
17) Закон за трговски друштва, Службен весник на Република Македонија, бр. 28/04;
18) Зарезанкова Потевска, М., Перспективите на малото стопанство, Скопје, 2000, стр.87;

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

19) http://www.ehow.com/list_6724381_critical-success-factors-small-business.html
20) http://w.infosum.net/mk/gps/why-do-small-businesses-fail.htm

21) http://www.dnb.com/
22) www.apprm.gov.mk
23) http://apprm.gov.mk/webdata/dokumenti/2StranskipazariPDF.pdf
24) www.stat.gov.mk.

РАЗВОЈНАТА СТРАТЕГИЈА НА АД „ЕЛЕМ“ КАКО ФАКТОР ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ОДРЖЛИВА КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ

Д-р Имер Зенку

АД „ЕЛЕМ“ Подружница РЕК „Осломеј“- Кичево
УДК: 005.412:621.31]:339.137.2(497.7)

АПСТРАКТ

Електричната енергија е, секако, најблагороден облик на енергија која човештвото научи да ја создава, контролира и користи. Нејзиното производство претставува значајна економска дејност, како и најважен фактор за општествено-економски развој на една земја, додека производствените капацитети се најважен сегмент на електроенергетскиот систем.

Секоја компанија се раководи според одредени цели кои би се оствариле преку компанискaта стратегија, која има важна улога во остварувањето и одржувањето на компанискaта конкурентска предност, што е услов за опстанок и генератор на економскиот развој на компанијата и пошироко. Од друга страна, конкуренцијата е механизам кој го одвојува успехот од неуспехот и што се однесува до реалната конкуренција на АД ЕЛЕМ, таа сѐ уште не е присутна поради регулираните производствени капацитети и истата се очекува со целосната либерализација на пазарот за електрична енергија во Република Македонија. Оттука, проблематиката која е разработена е мошне актуелна поради фактот што ја третира развојната стратегија на АД ЕЛЕМ, која е од една голема економска и еколошка важност бидејќи инвестирањето во растечкото производство на електрична енергија, а посебно од ОИЕ, има големо влијание врз економскиот развој на земјата во целина, како и врз заштитата на животната средина.

Во тој контекст, воглавно анализата во овој труд е фокусирана и има за цел да се осврне на важноста и влијанието на активностите во рамките на развојната стратегија на АД ЕЛЕМ во создавањето на одржлива компаниска конкурентност. За оваа цел, истражувањето е базирано на податоци кои внимателно се селектирани, обработени и кои ја обликуваат основната теза за специфичноста, важноста и актуелноста на развојната стратегија и конкурентноста на АД ЕЛЕМ.

Клучни зборови: развојна стратегија, одржлива компаниска конкурентност, производство на електрична енергија, економски развој.

DEVELOPMENT STRATEGY OF JSC „ELEM“ AS A FACTOR FOR THE CREATION OF SUSTAINABLE COMPANY COMPETITIVENESS

Imer Zenku, Ph.D.
JSC „ELEM“ Branch REK „Oslomej“- Kicevo
imer_zenku@hotmail.com

UDK: 005.412:621.31]:339.137.2(497.7)

ABSTRACT

Electricity is certainly the most noble type of energy which mankind learned to create, control and utilize. The production of electricity is an important economic activity, and the most important factor for the social and economic development of a country, while the production capacities are the crucial segment of the electrical energy system.

Each company follows certain objectives that would be achieved through a company strategy, which has a vital role in achieving and maintaining competition advantage of the company, which is a condition for survival and a generator for economic development of the company. On the other hand, competition is a mechanism that separates success from failure, and the actual competition to JSC ELEM, it is still absent due to the regulated production capacities, but it is expected to happen after the complete liberalization of the electricity market in the Republic of Macedonia. Therefore, the elaborated issue is up-to-date; due to the fact that it concerns the development strategy of JSC ELEM, which is of great economic and environmental importance, since investing in growing electricity production, especially RES, has a great influence over the economic development of the country as a whole including environmental protection.

In this manner, the analysis of this paper is mainly focus and aim at covering the importance and influence of the activities within the frames of the development strategy of JSC ELEM in the creation of sustainable company competitiveness. For this purpose, the research is based on carefully selected and processed data which shape the basic thesis on

characteristics, importance and contemporariness of the development strategy and competitiveness of JSC ELEM.

Keywords: development strategy, sustainable company competitiveness, production of electricity, economic development.

ВОВЕД

Важен елемент за развојот на економијата на една држава е, секако, електроенергетскиот систем воопшто, односно секторот за производство на електрична енергија со неговите производствени капацитети посебно кој, доколку континуирано се надградува, не само што ќе повлече големи инвестиции, туку ќе овозможи и покомотно планирање и подобрување на своето работење, развој, пазарот и конкурентноста. Тоа ќе придонесе Република Македонија да се промовира како инвестициска дестинација, што е заложба во континуитет и на Владите.

Имајќи го предвид горeизнесеното, анализата во овој труд е фокусирана и има за цел да се осврне на важноста и влијанието на активностите во рамките на развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“, врз управувањето со компанијата, остварувањето на подобри деловни перформанси, подобрувањето на ефикасноста и ефективноста во работењето и развојот, постигнувањето на подобра позиција на пазарот, создавањето на одржлива компаниска конкурентност, како и економскиот развој на земјата во целина. За постигнување на овие цели и предизвици, истражувањето е базирано на податоци кои внимателно се селектирани, обработени и кои ја обликуваат основната теза за специфичноста, важноста и актуелноста на развојната стратегија и конкурентноста на АД „ЕЛЕМ“, како единствена компанија за производство на електрична енергија во земјата.

Оттука, трудот е составен од три дела. Во првиот дел се анализира процесот на менаџмент на производството на електрична енергија и менаџмент на човечките ресурси. Целта е да се добиваат информации за да се идентификуваат карактеристичните активности кои треба да се воведат како би дошло до поголем успех, подобрување и раст на перформансите. Во вториот дел се фокусираме на менаџментот на увозот на електрична енергија, каде што се прикажани потрошените средства за увоз на енергија (минерални горива, мазива и сл.), посебно за електрична енергија во Република Македонија. Во третиот дел ќе се осврнеме на развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ за периодот 2012-2017 година, финансиските средства и извори на финансирање, заради задоволување на зголемените потреби на потрошувачите во Република Македонија и, на крај, трудот завршува со резиме.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е базирано на податоци кои внимателно се селектирани, обработени и кои ја обликуваат основната теза за специфичноста, важноста и актуелноста на активностите поврзани со производството, човечките ресурси, увозот и нивниот менаџмент, како и со развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ во создавањето на одржлива компаниска конкурентност.

Во текот на истражувањето и обработката на предметната материја од општите научноистражувачки методи користени се Методот на индукција и дедукција, анализа, синтеза, компарација, статистичка, контраст, историскиот и други методи.

МЕНАЏМЕНТ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО АД „ЕЛЕМ“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

АД „ЕЛЕМ“ како најголем производител на електрична енергија во Република Македонија, со инсталирана снага од 1 330 MW, производството го реализира по две основи (начини) и тоа: во термоенергетските комбинати со инсталирана моќност од 800 MW произведува 80% од електричната енергија, додека останатите 20% ги произведува во хидроенергетските капацитети со инсталирана моќност од 530 MW.

Производството во АД „ЕЛЕМ“, иако се зголемува и намалува по години, сепак се движи во рамките на планираното производство, што во разгледуваниот период 2005-2013 година изнесува 52552 GWh и се движи од 5113 GWh во 2013 година до 6462.3 GWh во 2010 година. Ова производство учествува со 69% во потрошувачката на електрична енергија од 75894 GWh во Република Македонија за истиот период, која се движи од 7797 GWh во 2009 година до 9018 GWh во 2011 година, односно од 61% во 2012 година до 79% во 2010 година, додека производството од 3988 GWh од други производители учествува со 5.5% и се движи од 106 GWh во 2005 година до 964 GWh во 2012 година, односно од 2% до 11% во соодветните години. Оттука, домашното производство од 56540 GWh учествува со 74.5% во потрошувачката на електрична енергија. Во ова производство, АД „ЕЛЕМ“ учествува со 93%, додека другите производители со 7%. Преостанатиот дел на електрична енергија од 19354 GWh, кој му припаѓа на увозот, учествува со 25.5% во потрошувачката на електрична енергија во Република Македонија (Табела 1).

Табела 1: Производство на АД ЕЛЕМ, увоз, потрошувачка на електрична енергија и потрошени средства за увоз на енергија и на електрична енергија во Република Македонија во периодот 2005-2013 година

Година	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	Вкупно
Произв.на ЕЛЕМ [GWh]	6353	6196	5513	5615	5886	6462	6044	5370	5113	52552
Број на вработени-ЕЛЕМ	3801		3910	4033	3809	4210	4023	4732		
Вработени/GWh	0.60		0.71	0.72	0.65	0.65	0.67	0.88		
Произ. од др.произ.[GWh]	106	370	538	219	346	310	298	964	837	3988
Увоз на ел.енер. [GWh]	1662	1923	2600	2747	1565	1420	2676	2465	2296	19354
Потрош.на ел.енер.[GWh]	8121	8489	8651	8581	7797	8192	9018	8799	8246	75894
Произв.ЕЛЕМ/потрош[%]	78	73	64	65	75	79	67	61	62	69
Пр. др. произ/потрош[%]	2	4	6	3	5	4	3	11	10	5.5
Увоз/потрошувачка [%]	20	23	30	32	20	17	30	28	28	25.5
Енергија [милиони €]	499,8	602,8	705,3	956,1	583,1	729,1	1033,9	1078,3	807,0	6.995,4
Ел. енергија [милиони €]	55,7	50,0	180,8	234,9	89,2	85,9	165,3	196,7	127,8	1.186,3
Ел. енергија/енергија [%]	11,14	8,29	25,63	24,57	15,30	11,78	15,99	18,24	15,84	16,96

Извор: Годишни извештаи на АД ЕЛЕМ, НБРМ-Скопје и Енергетски биланси за соодветните години, како и од сопствени пресметки врз основа на добиени податоци од истите

Во АД „ЕЛЕМ“ како најголема компанија за производство на електрична енергија, 100% акционерско друштво во државна сопственост, бројот на вработени се зголемува и се намалува по години, додека во 2012 година се зголемува на 4732 односно за 709 вработени или 18% во однос на 2011 година, поради големиот број, односно над 600 новопримени работници во РЕК Битола, како и 83 работници превземени од Сепарација и РОИ од страна на РЕК Осломеј. Во однос на производството, се зголемува од 0.60 враб./GWh во 2005 година на 0.72 враб./GWh во 2008 година, а потоа се намалува на 0.67 враб./GWh во 2011 година, додека во 2012 се зголемува на 0.88 или 31% во однос на 2011 година (Табела 1). Ова укажува на фактот дека при драстично намалување на производството, сепак имаме поголемо драстично зголемување на вработеноста.

МЕНАЏМЕНТ НА УВОЗОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Електроенергетскиот сектор на Република Македонија се соочува со многубројни разновидни економски проблеми меѓу кои и со поголемата потрошувачка на електрична енергија во однос на производството. Во контекст на тоа, земјата е принудена да увезува дополнителни количини електрична енергија, која увозна зависност во периодот 2005-2013 година изнесува 19354 GWh и се движи од 1420 GWh во 2010 година до 2747 GWh во 2008 година. Овој увоз учествува со 25.5% во потрошувачката на електрична енергија од 75894 GWh во Република Македонија за истиот период, односно од 17% до 32% во соодветните години (Табела 1).

Вкупната релативна вредност на потрошените средства од 1.186,3 милиони € за увоз на електрична енергија во Република Македонија во периодот 2005-2013 година во однос на потрошените средства од 6.995,4 милиони € за енергија изнесува 16,96%, односно од 8,29% во 2006 година до 25,63% во 2007 година (Табела 1). Средна вредност на потрошените средства за увоз на енергија, односно електрична енергија за истиот период, изнесува 777,27 милиони €, односно 131,81 милиони €. Средна вредност за GWh, односно MWh изнесува 61191 € односно 61,191 €.

Потрошените средства од 1.186,3 милиони € за увоз на електрична енергија во Република Македонија во периодот 2005-2013 година ќе беа потрошени и при изградба на три термоцентрали на лигнит од 300 MW, земајќи ја предвид цената од 1200 €/kW за термоцентрали на лигнит[24].

Заради спроведување на увоз и транспарентна купопродажба на електрична енергија во Република Македонија, како и од причина што сè повеќе корисници ќе можат слободно да го избираат својот снабдувач и ќе се снабдуваат со електрична енергија по пазарни цени, треба да се отвори и берза на електрична енергија, а со тоа и формирање на слободен регионален пазар на електрична енергија,

[24] МАНУ: „Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030“, Скопје, 2010, стр. 115

како дел од Внатрешниот европски пазар, сè со цел интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

РАЗВОЈНАТА СТРАТЕГИЈА НА АД „ЕЛЕМ“

Секое претпријатие се раководи со одредени намери. Намерите се содржани во мисијата на претпријатието и долгорочните цели. Задачата на стратегискиот менаџмент е реализација на намерите. Намерите секогаш се ставаат во одреден контекст. Основен контекст на стратегискиот менаџмент е опкружувањето. Вообичаена е поделбата на екстерно и интерно опкружување. Логиката на стратегискиот менаџмент е дека за екстерното опкружување се поврзуваат шансите и заканите, а за интерното опкружување, слабите и силните страни на претпријатието. Суштината на стратегијата на претпријатието е балансирана да се користат карактеристиките на интерното и екстерното опкружување како би се оствариле намерите на неговите сопственици. Слична замисла имал и J. Quin дефинирајќи ја стратегијата како збир на активности кои ги превзема претпријатието како би одговорило на шансите и заканите од опкружувањето користејќи ги своите силни страни или избегнувајќи ги слабите страни[25].

Развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ како и стратешките електроенергетски определби на Република Македонија се утврдени во Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030, каде се предвидува исполнување на сите обврски превземени со потпишувањето на меѓународните договори, спогодби и протоколи и истата е во согласност со практиката и регулативата на ЕУ.

Развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ се основа на реконструкција, ревитализација и модернизација на постојните производствени капацитети, додека најголем приоритет се дава на инвестирањето во градба на нови производствени капацитети, посебно за растечкото производство на електрична енергија од ОИЕ. Зголемувањето на производството на електрична енергија во земјата има за цел покривање на потребите на потрошувачите, како и привлекување на странски и домашни инвеститори, со што ќе се обезбеди стабилен и одржлив развој на електроенергетските капацитети и заштита на животната средина. Сето ова заедно, има големо влијание во

[25] Đuričin N. Dragan, Janošević V. Stevo, Kaličanin M. Đorđe, „Menadžment i strategija“, Beograd, 2010

намалувањето на увозната зависност на земјата, а со тоа и трговскиот дефицит, создавањето одржлива компаниска конкурентност, економскиот развој на целокупното домашно стопанство и, воопшто, макроекономската стабилност на земјата.

Зголемувањето на производството на електрична енергија од страна на АД „ЕЛЕМ“ врз основа на подобрување на неговата ефикасност и ефективност во работењето и развојот, е многу значајно и за постигнување подобра позиција на пазарот, подобрување на конкурентноста, како и стекнување подобра позиција при евентуална приватизација на компанијата. Со зголемувањето на истата, посебно преку нови инвестиции во ОИЕ и зголемувањето на енергетската ефикасност, Република Македонија, иако нема квантифицирани обврски во однос на исполнувањето на целите на Внатрешниот пазар на ЕУ, односно Планот 20-20-20, како земја кандидат за членство во ЕУ, ќе даде голем придонес во исполнувањето на овие цели, кои ќе треба да се реализираат до 2020 година.

Либерализацијата на пазарот за електрична енергија во Европа се случи во 90-тите, односно, во 1996 Европската Унија се договори да го либерализира секторот на електрична енергија. Во основа, либерализацијата почна бидејќи владите ги проценија предностите на конкурентноста меѓу снабдувачите на електрична енергија и големиот избор за потрошувачите.

Исполнувајќи ги обврските од Договорот за основање на енергетска заедница26, кој Република Македонија го потпиша во октомври 2005 година, од 2008 година големите потрошувачи (9 индустриски капацитети), преминаа од категоријата на тарифни потрошувачи во категоријата на квалификувани (директни) потрошувачи кои самостојно го избираат својот снабдувач и се снабдуваат со електрична енергија по пазарни цени. Во истиот контекст, Република Македонија во 2011 година донесе и нов Закон за енергетика и, втората фаза на либерализација (за сите потрошувачи на електрична енергија, освен за домаќинствата), требаше да отпочне на 01.01.2013 година, но истата на два пати се пролонгираше27, и тоа на 27.12.2012 година и на 27.06.2013 година, и отпочна на 01.04.2014

[26] Закон за ратификација на Договорот за основање на енергетска заедница, Службен весник на РМ, бр. 59/2006

[27] Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија: Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија, Скопје, 27.12.2012 година и 27.06.2013 година

година, додека со целосната либерализација, која отпочнува од 01.01.2015 година, во Република Македонија ќе се воведува и реалната конкуренција, која сè уште не е присутна поради регулираните производствени капацитети, односно регулираниот пазар на цените на електричната енергија за домаќинствата од страна на РКЕ. Оттука, во пазарот за снабдување со електрична енергија до 06.05.2014 година има осум компании кои добиле лиценци од страна на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија28.

Табела 2: Инвестициони плански активности на АД „ЕЛЕМ“ за период од 2012 – 2017 година

(Во милиони евра)

Име на проектот	Извори на финансирање	Вкупна вредност на проектот	Вкупно (2012 - 2017)	%
Подинска Јагленова Серија во рудник Суводол - Битола	Сопствени средства	8,10	8,10	15
	Кредит	45,90	45,90	85
Јагленово наоѓалиште Мариово	Сопствени средства	18,17	18,17	15
	Кредит	102,97	102,97	85
Јагленово наоѓалиште Живојно	Сопствени средства	15,00	15,00	15
	Кредит	85,00	85,00	85
Јагленово наоѓалиште Поповјани	Сопствени средства	6,00	6,00	15
	Кредит	34,00	34,00	85
Модернизација и ревитализација на турбини, генератори и автоматизација во ТЕ Битола	Сопствени средства	26,83	4,85	38,2
	Кредит	30,00	7,85	61,8
Модернизација и ревитализација на котли и намалување на Nox во ТЕ Битола	Сопствени средства	17,70	16,10	18,5
	Кредит	70,80	70,80	81,5
Модернизација на ладилни кули во ТЕ Битола	Сопствени средства	9,00	9,00	100
Модернизација и ревитализација на ТЕ Битола со намалување на Sox и прашина	Сопствени средства	15,00	15,00	15
	Кредит	85,00	85,00	85
ТЕ Мариово	Сопствени средства	52,50	52,50	15
	Кредит	297,50	297,50	85
Ревитализација на ТЕ Осломеј	Сопствени средства	6,00	6,00	15
	Кредит	34,00	34,00	85
Топлификација на Битола, Могила и Новаци	Сопствени средства	8,00	8,00	20
	Кредит	32,00	32,00	80
Комбинирана гасна електрана енергетика	Сопствени средства	22,50	22,50	7,5
	Кредит	127,50	127,50	42,5

[28] Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија: Листа на претпријатија кои што поседуваат лиценци за снабдување со електрична енергија до 06.05.2014 година

	Партнер	150,00	150,00	50
ХЕ Св Петка	Сопствени средства	38,84	13,76	64,9
	Кредит	41,04	7,44	35,1
Ревитализација на ХЕ – II фаза	Сопствени средства	6,97	6,97	20,6
	Кредит	27,10	26,81	79,4
Ревитализација на ХЕ – III фаза и надградба на ХЕ Шпилје	Сопствени средства	10,80	10,80	15
	Кредит	61,20	61,20	85
ХЕ Бошков мост	Сопствени средства	42,00	41,97	39,2
	Кредит	65,00	65,00	60,8
Брана Луково Поле и довод на корабски води	Сопствени средства	9,34	9,34	15
	Кредит	52,93	52,93	85
Систем Црна Река	Сопствени средства	50,00	40,00	8,7
	Партнер	488,00	420,00	91,3
Парк на Ветерни електрани Богданци	Сопствени средства	22,60	22,55	40,9
	Кредит	32,90	32,54	59,1
Сончева електрана	Сопствени средства	4,95	4,95	15
	Кредит	28,05	28,05	85
Вкупно по извори на финансирање	Сопствени средства	390,30	331,56	15,8
	Кредит	1.252,89	1.196,49	57
	Партнер	638,00	570,00	27,2
Вкупно		2.281,20	2.098,05	

Извор: АД Електрани на Македонија, „Инвестициски план 2012-2017“, Скопје, март 2012, стр. 46-47, како и од сопствени пресметки врз основа на добиени податоци од истиот

Пазарната цена на електричната енергија, покрај покривање на трошоците, ќе им овозможи и инвестиции на АД „ЕЛЕМ“ и на другите сектори во сопственост на државата и истата ќе го зголеми и интересот на разните инвеститори за инвестирање во електроенергетскиот сектор, при што Република Македонија, објективно, треба да ги користи сите можни извори на финансирање на електроенергетскиот сектор.

Во контекст на тоа, поради обезбедување долгорочно и стабилно производство на електрична енергија, како и стабилен електроенергетски систем, АД „ЕЛЕМ“ својата развојна стратегија, односно проекти за периодот 2012-2017 година, ги темели врз инвестициони активности на јавниот и приватниот сектор и различни облици на нивно партнерство. Оттука, овие активности, во вредност од 2.098,05 милиони евра, планира да ги реализира преку обезбедување на финансиски средства и тоа: учество од сопствени средства од 15.8%, од кредит 57% и од партнерство 27.2% (Табела 2)

Што се однесува до проценката на вредноста на компанијата АД „ЕЛЕМ“, истата е од големо и важно значање, затоа што ќе биде добра основа и ќе овозможи да се направи добра, конкретна, адекватна, комплетна и концизна стратегија за наменско користење на паричните средства, односно за развој на компанијата. Бројните модели на приватизација најгрубо се сведуваат на разните видови на докапитализација или продажба. Тука, интересите на сопственикот и самата компанија не се совпаѓаат. Компаниите преферираат докапитализација со стратегиски партнер, што значи раст и развој, а сопственикот има потреба да продаде, поради пополнување на буџетски дефицити. Оттука, проценката на вредноста на компанијата и понатамошното зголемување на капиталот на компанијата, а потоа и евентуалната приватизација на дел од компанијата (Владата планира приватизација на најмногу до 49% од сопственоста во АД „ЕЛЕМ“)[29] може да дојде во предвид поради единствена цел од инвестирање во градба на нови електроенергетски капацитети, што ќе претставува фактор на динамизирање на економскиот раст на земјата и чекор поблиску до можноста за интегрирање на Република Македонија во Европската унија.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од ова истражување би требало да најдат своја примена во академските институции каде се проучуваат прашања од областа на енергетиката, економијата, екологијата, менаџментот и стратегијата, деловните субјекти од реалниот сектор, државните и локалните институции, меѓународните организации и јавни претпријатија, како и кај сите заинтересирани за оваа мошне актуелна проблематика.

ЗАКЛУЧОК

Трудот е од големо значење затоа што ги третира производството, човечките ресурси, увозот и нивниот менаџмент, како и развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ и врз анализа на економските показатели се добиваат информации и се идентификуваат карактеристичните активности кои се превземаат, сѐ со цел за поголем успех, подобрување и раст на перформансите на АД „ЕЛЕМ“, како и

[29] Влада на Република Македонија: „Програма на Влада на Република Македонија за периодот 2011-2015 година-Енергетски сектор“, www.vlada.mk

важноста и влијанието на овие активности во создавањето на одржлива компаниска конкурентност. Исто така, се укажува и на меѓусебната поврзаност и надополнување на овие активности, со што се обезбедува стабилен и одржлив развој на компанијата, што подразбира рамномерност во економскиот, социјалниот и во еколошкиот развој на компанијата и општеството воопшто.

Зголемувањето на производството од страна на АД „ЕЛЕМ“, во време на глобализација и како императив на модерната економија, има големо влијание врз намалувањето на увозот, како и намалувањето на коефициентот на вработеност по GWh и сето тоа заедно влијае во постигнувањето на одржлива конкурентна предност на компанијата. Исто така, зголемувањето на производството, посебно од ОИЕ, има директно влијание врз заштитата на животната средина и, едновремено, АД „ЕЛЕМ“ дава голем придонес во постигнувањето и исполнувањето на целите на Внатрешниот пазар на ЕУ од страна на Република Македонија, кои треба да се реализираат до 2020 година.

Реализацијата на развојната стратегија на АД „ЕЛЕМ“ и обезбедувањето на долгорочно и стабилно производство на електрична енергија, а со тоа и понатамошното зголемување на капиталот на компанијата, ќе овозможи стекнување на подобра позиција при евентуална приватизација на дел од компанијата, макроекономска стабилност на земјата и, воедно, приближување кон Европската унија.

Идејата на Владата за зголемување на капиталот на АД „ЕЛЕМ“ преку приватизација на најмногу до 49% од сопственоста на компанијата е, секако, добра, но истата е тешко остварлива поради фактот што тешко може да се најде инвеститор кој би прифатил учество во сопственоста помалку од 51%, посебно кога е во прашање една сосема мала разлика во сопственоста од 2%.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Đuričin N. Dragan, Janošević V. Stevo, Kaličanin M. Đorđe, „Menadžment i strategija“, Beograd, 2010;
2) Fred R. David, „Strategic Management“, twelfth edition, New Jersey, 2009;
3) Gareth R. Jones, Jennifer M. George, „Современ менаџмент“, Скопје, 2008;

4) Kotler P., „Upravljanje marketingom“, Informator, Zagreb, 1994;
5) Porter Majkl E., „Konkurentska prednost“, Novi Sad, 2007;
6) АД Електрани на Македонија, „Инвестициски план 2012-2017“, Скопје, март 2012;
7) Влада на Република Македонија: „Програма на Влада на Република Македонија за периодот 2011-2015 година- Енергетски сектор“, www.vlada.mk;
8) Министерство за економија: Енергетски биланс на Република Македонија за 2006 година, Скопје, декември 2005;
9) Влада на Република Македонија: Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија за периодот од 2013 до 2017 година, Службен весник на Република Македонија, бр.50/2013;
10) Годишен извештај за 2005 година до 2012, „ЕЛЕМ“, Скопје;
11) Енергетски биланс на Република Македонија за 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година, Службен весник на Република Македонија, бр.136/2006; бр.158/2007; бр.165/2008; бр.161/2009 и бр.172/2010;
12) Енергетски биланс на Република Македонија за периодот од 2012 до 2016 година, за периодот од 2013 до 2017 година и за периодот од 2014 до 2018 година, Службен весник на Република Македонија, бр.182/2011, бр.170/2012 и бр.185/2013;
13) Закон за енергетика, Службен весник на Република Македонија, бр.63/2006, 36/07, 106/08, 16/2011;
14) Закон за ратификација на Договорот за основање на енергетска заедница, Службен весник на РМ, бр. 59/2006;
15) Колективен договор на АД „ЕЛЕМ“, Скопје, ноември 2008 год.;
16) МАНУ, „Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030“, Скопје, 2010;
17) Регулаторна комисија за енергетика на Р.М., „Листа на претпријатија кои што поседуваат лиценци за снабдување со електрична енергија до 06.05.2014 година“;
18) Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, „Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија“, Скопје, 27.12.2012 година и 27.06.2013 година;
19) Статут на АД „ЕЛЕМ“, Службен весник на Република Македонија, бр.74/2005;

20) Филипсон Лорин, Вилис Ли Х., „Запознавање со енергетските капацитети и нивната либерализација“, Тетово, 2010;
21) Шуклев, Бобек, „Management“, Skopje, 2008;
22) www.economy.gov.mk
23) www.elem.com.mk
24) www.erc.org.mk
25) www.nbrm.mk
26) www.vlada.mk

КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА НА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА КАКО УСЛОВ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ФИРМИ НА ГЛОБАЛНИОТ ПАЗАР

Вон. проф. д-р Менде Солунчевски

Министерство за одбрана
mendesolun@yahoo.com

Доц. д-р Лидија Стефановска

БАС Институт за менаџмент,Битола, Бизнис академија Смилевски-БАС, Скопје
l_stefanovska@yahoo.com

УДК: 005.332.3:005.21]:339.137(497.7)
334.72.012.63/.64:339.137(497.7)

АПСТРАКТ

Македонските фирми кои имаат визија да се натпреваруваат на глобалниот пазар имаат можност тоа да го правата со пониски цени на своите производи и услуги, или со поквалитетни производи и услуги. Со оглед на стратегискиот консензус на РМ за влез во ЕУ, тргнувајќи од основните карактеристики на потрошувачите во земјите членки на ЕУ , се чини дека понудата на квалитетни производи и услуги е доминантна определба за успех.

Согласно тоа цениме дека во рамките на стратегискиот менаџмент на фирмите треба да доминираат стратегии за диференцијација како предуслов за создавање на квалитетни производи и услуги потребни за потрошувачите на овој високопрофитабилен и висококонкурентен пазар.

Клучни зборови: стратегија, диференцијација, фирма, пазар, вредност.

CREATING A STRATEGY OF DIFFERENTIATION AS A CONDITION OF REALIZATION OF COMPETITIVE

Assoc. Prof. Mende Soluncevski Ph.D

Ministry of Defense
mendesolun@yahoo.com

Ass. Prof. Lidija Stefanovska Ph.D

BAS Institute of Management Bitola, Business Academy Smilevski BAS Skopje
l_stefanovska@yahoo.com

UDK: 005.332.3:005.21]:339.137(497.7)
334.72.012.63/.64:339.137(497.7)

ABSTRACT

Macedonian companies that have the vision to compete in the global market have the opportunity to do it with lower prices on its products and services, or with better products and services. Given the strategic consensus of Macedonia's EU, starting basic characteristics of consumers in the EU Member States, it seems to offer quality products and services is the dominant choice for success.

Accordingly, we believe that within the strategic management of companies should dominate strategies for differentiation as a prerequisite for creating quality products and services required for customers in this highly competitive market and highly profitable market.

Keywords: strategy, differentiation, business, market, value.

ВОВЕД

Стратегиски консензус населението на РМ е влез во ЕУ. За македонските претпријатија влезот во ЕУ, отвора перспектива за пласирање на своите производи и услуги на пазарот на земјите членки на ЕУ. Се чини дека на овој богат пазар македонските претпријатија можат да постигнат успех доколку понудат единствен производ или услуга со карактеристики што ги диференцираат од карактеристиките на нивните производи.

Се поставува прашањето: Каква стратегија доминантно треба да преовладува на македонските препријатија да бидат конкурентни на овој богат и пребирлив пазар. Решението го гледаме во креирање на Стратегијата за диференцијација на производ или услуга како конкурентна стратегија за остварување долгорочен успех на македонските пратпријатија на европскиот пазар.

Предмет на овој труд е да се дефинира и опишат основните карактеристики на Стратегијата за диференцијацција и се претстави логичен след на препораки како конкурентна стратегија на ниво на бизнис за македонските претпријатија, а особено за малите и средните претпријатија.

СТРАТЕГИЈАТА НА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

При креирање на стратегија основен предуслов е стратегиското размислување. Основа за стратегискотото размслување можеме да ја земиме матрицата на купувачите. Матрицата на купувачи дава два основни правци карактеристични на кои размислуваат потрошувачите.



Слика 1 Матрица на купувачи

Што претставува и од каде произлегува матрицата на купувачите? Таа е перцепција на купувачите за забележаната употребна вредност (perceived use value-PUV) на производите кои ги нуди фирмата за цената која ја наплатува за нив (perceived price-PP). Матрица може да се направи врз основа на перцепцијата за производот на голем број купувачи или на еден купувач, кој може да биде репрезент.30

Тргнувајќи од оваа матрица можат да се развијаат два основни вида на стратегии кои се базираат на ниски трошоци или на поголема вредност. Од тука најчесто во едно претпријатие или една корпорација на ниво на бизнис единица се карактеризираат стратегии на ниски трошоци или стратегии на диференцијација. Доколку претпријатието пак се концентрира на одреден сегмент од клиентите можи истите да ги придобие, врз основа на овие две стратегии ниски трошоци или диференцијација, но овој пат фокусирани точно на детектираниот и дефиниран сегмент на клиенти и согласно тоа ќе употреби фокус стратегија.31

Ако тргнеме од карактеристиките на клиентите за пазарот на кој Република Македонија има изградено консензус, за учество на пазарот на земјите членки на ЕУ, се поставува прашањето: Каков пазар е тој и на македонските фирми каква стратегија им е потребна за остварување успех на тој пазар? Тоа е пазар со близу милијарда население од кои најголемиот процент се богати. Оттука се претпоставува дека овие потенцијални клиенти можат да купат од македонските производи или искористат од услугите доколку истите се приоритетно квалитетни, а не евтини. Но, бидејќи нема одредена конкретна целна група тогаш од трите основни стратегии сметам дека за потенцијалните клиенти од пазарот македонските фирми пред се треба да се трудат да креираат стратегии за диференцијација.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРАТЕГИЈАТА НА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА

Стратегијата на диференцијација подразбира насочување на целокупната енергија на сите одделенија или функции на организацијата, на разликување на производите на организацијата од производите на конкурентите, по една или повеќе важни димензии.

Стратегијата за диференцијација може да се однесува на различни карактеристики: имиџ, марка, технологија, дизајн, постпродажни услуги итн. [32]

---

[30] Bouman,K., (2003) *Strategija u praksi*, Prometej, Novi Sad, стр.21.
[31] Стефановска Л., Солунчевски,М.(2011), *Стратегиски менаџмент* (интерна скрипта), БАС, Скопје –Битола, 78-81.
[32] Masic, B., (2009), Strategiski menadzment, Singidunum, Beograd, str. 239.

Често пати процесот на производство на единствени и различни производи е скап. Оваа стратегија на пример, бара менаџерите да трошат повеќе за дизајнирање на производот или истражување и развој, за да го истакнат производот и како разултат на тоа ги зголемуваат трошоците. Организациите кои успешно ги применуваат стратегијата на диференцијација, можат да остварат премиум цена за нивните производи, цена која е вообичаено многу повисока од цената на организациите со пониски трошоци. Премиум цените им овозможуваат на организациите кои применуваат стратегија на диференијација, да ги надоместат нивните повисоки трошоци.[33]

ЗОШТО СТРАТЕГИЈА ЗА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА?

Диференцирањето создава заштита од конкурентското ривалство заради лојалност на купувачите кон марката, што резултира во помала осетливост кон цените. Диференцирањето овозможува поголеми маржи со што овозможува справување со моќта на добавувачот и намалување на моќта на купувачот бидејќи купувачите на пазарот не можат да најдат слични алтернативи. Диференцирањето на производот може да биде според еден или повеќе карактеристики[34].

Приоритет на стратегијата за диференцијација е постојано инвестирање и развој на карактеристиките кои ја диференцираат стоката или услугата на начин кои потрошувачите го ценат. Производот или услугата може да биде диференциран на речиси бесконечен број начини. Целта е да се препознае начинот и приоритетот кој потрошувачите најмногу го ценат.[35]

Роберт Милес и Чарлс Сноу идентификуваат друг вид на бизнис стратегии базирани врз развој на нов производ и влез на нови пазари. Во таа смисла тие идентификуваат деловни единици за четири типа стратегии: истражувач, заштитник, аналитичар и реактор.[36] Според основните карактеристики: Стратегијата на истражувач и Стретагијата на аналитичар ги носат карактеристиките на стратегијата на диференцијација. Нивните основни карактеристики се:

[33] Стефановска Л., Солунчевски,М.(2011), Стратегиски менаџмент (интерна скрипта), БАС, Скопје –Битола, стр. 78.
[34] Портер, М., (2009) Стратегија за конкурентност (превод), Дата Понс, Скопје, стр. 34
[35] Hanson,D. Dowling P.J., Hitt M.A., Ireland R.D., Hoskisson R.E., (2008), *Strategic Management, Competitiveness & Globalisation*, Thomson Higher Education, Part II,pp 25.
[36] Мулинс,Џ., и Вокер,О., (2012), Маркетинг менаџмент (пристап кон донесување стратегиски одлуки), Арс Ламина, Скопје, стр.228.

Дејствува со повеќе производи што подлежат на периодична промена.

Одговара брзо на рани сигнали што покажува на нови можности и нови начини на компететивна активност.

Се обидува да остане стабилен, да има лимитирана линија на производи или услуги, но внимателно ги следи селектираните типови кои ветуваат нов развој во неговата индустрија.

Прв на пазарот, но често втор и трет играч на пазарот поврзан со неговата постојана пазарна база често со мали трошоци или висококвалитетен производ или услуга.[37]

Разгледувајќи ги и анализирајќи ги бизнис стратегиите на Портер, Милес и Сноу, Мулинс и Вокер развиваат осум типа на конкурентски стратегии.

Важност на равојот на нов пазар

Мн.голема.важнос т — Нема важност

Истражувач ← Аналитичар — Поборник → Реактор

Конкурентска стратегија: Водство во разлики	Единиците првично се концентрирани со постигнување раст преку агресивно откривање нови пазарни можности	Единици со цврсти деловни активности активно бараат да се прошират на соодветниот пазар со различни понуди	Единиците првично се концентрирани со одржување диференцијална позиција на зрелите пазари	Единици со нејасно дефиниран развој на пазар или стратегија на конкурентност
Водство во трошоци		Единици со цврста деловна активност активно бараат да се прошират на соодветниот пазар со ниски цени	Единиците првично се концентрирани со одржување позиција со ниска цена на зрелите поазари	

Слика 2 Комбинирана типологија на бизнис-ниво на конкурентска стратегија

Конкурентските стратегии Водство на разлики истражувач и Водство на разлики аналитичар се чини дека се најсоодветни за развој на нашите фирми. Водство на разлики истражувач е стратегија која

[37] Исто, стр.228.

овозможува единиците првично да се концентрирани со постигнување раст преку агресивно откривање нови пазарни можности, додека стратегијата Водство на разлики аналитичар развива единици со цврсти деловни активности кои активно настојуваат да се прошираат на соодветниот пазар со различни понуди.[38]

Во истражувањето дали овие конкурентски стратегии функционираат за мали почетни претпријатија и мали и средни пртетпријатија?,

Harigan, K., и Porter, ќе подвлечат: Да, но нивните стратегии на конкурентност треба да бидат направени според уникатните ресурси и компетенции и да целат кон обезбедување на постојана предност во однос на веќе постојните конкуренти. Во таа смисла тие треба да се натпреваруваат примарно со развој на уникатен производ или услуга што ги пресретнува потребите и преференциите на потрошувачкиот сегмент кој не е добро опслужен од веќе постојните конкуренти.[39]

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

За да утврдиме дали во овој правец се движат нашите претпријатие ќе извлечеме неколку прашања од истражувањето на БАС во рамките на Мега проектот за одржива компаниска конкурентност (ОКК): на прашалникот за Анализа на стратегискиот план (АСП) и други стратегиски документи ги издвојуваме следните искази во 3 (три) мали и средни претпријатија од регионот на примерок од 35 (триесет и пет) анкетирани работници. Одговорите се однесуваат на тврдење број 10, 13, 21 и 23 од прашалникот CH4-АСП:

Табела 1 Дел од резултатите од истражувањето н според прашалникот CH4-АСП

ИСКАЗИ	ПРОЦЕНКА				ВКУПНО
	Не	Делумно	Значително	Целосно	
10.Во дефинираните организациски цели може да се согледаат иновации.	8	9	10	8	35

[38] Исто, стр. 229.
[39] Harigan, K., I Porter, M., End –Game Strategies for Declining Industries, Harvard Business Review, julu-avgiust, 1983, pp.111.

13.Во стратегискиот план е предвидено подобрување на производите/услугите	0	5	13	17	35
21.Постои документација за финансискиот ефект од иновациите	15	5	10	5	35
23.Постои правилник каде е опишано каде се собираат идеите од страна на вработените	17	8	4	6	35

Во Исказот 10 поделени се мислењата кај испитаниците во поглед на организациските цели и поврзаноста со иновации во истите. Во Исказот 13 најголем број од испитаниците тврдат дека во стратегискиот план на претпријатијата предвидено е значително и целосно подобрување на производите, односно услугите на претпријатијата. Тој процент се движи дури до 85,7%.

Но останатите два искази укажуваат на реалноста што се случува во македонските претпријатија. Во Исказот 21 преполовени се тврдењата помеѓу испитаниците во однос на евидентирање и неевидентирање на финансиските ефекти од иновациите. Голем е процентот кај испитаниците кои во Исказот 23 тврдат дека не постои целосно изработен правилник каде се собираат идеите од страна на вработените и истите да се искористат во процесот на креирање на АСП. Тој процент се движи до 71,4% односно до 82,8%.

Од овие првични податоци на се уште незавршеното истражување се детектира дека во претпријатијата се планираат иновации, но повеќе само како теорија, додека многу малку се работи на стимулирање на истите, односно нема правилник каде се собираат и евидентираат идеите кои водат до создавање на единствени уникатни производи, по кои претпријатијата ќе се диференцираат од останатите, ниту пак се прави пресметка на финансиските ефекти од внесените идеи кои би резултирале со нови уникатни производи. Ваквата констатација упатува на индиректен заклучок дека малите и средни претпријатија во РМ малку посветуваат внимание на креирање стратегии за диференцијација како конкурентска стратегија за натпревар на богатиот пазар на земјите членки на ЕУ.

ЗАКЛУЧОК

Стратегијата на диференцијација што ќе резултира со единствен производ или услуга според една или повеќе димензии е потребната конкурентска стратегија за учество на македонските претпријатија на богатиот европски пазар.

Македонските претпријатија мора да понудат производи или услуги кои се уникатни, а не ефтини и да наплатат премиум цени на овој богат пазар.

Првичните резултати од истражувањето не се охрабрувачки. Во аксискиот стратегиски план македонските мали и средни претпријатија формално се ориентирани на креирање на стратегија за диференцијација, но не преземаат конкретни чекори во тој правец.

Неопходно е македонските претпријатија да преземат низа чекори во стратегискиот менаџмент во процесот на креирање и имплементација на стратегија за диференцијација на производ или услуга која ќе им обезбеди на македонските мали и средни претпријатија долгорочна конкурентност на европскиот пазар. Некои од основните чекори се финансиско подржување на иновациите и соодветна пресметка на нивните ефекти како и изработка и донесување на правилник за собирање на нови идеи кои ќе се имплементираат во процесот на создавање единствени производи и услуги.

ЛИТЕРАТУРА

1) Bouman,K., (2003) Strategija u praksi, Prometej, Novi Sad.
2) Masic, B., (2009), Strategiski menadzment, Singidunum, Beograd,
3) Мулинс,Џ., и др., (2012), Маркетинг менаџмент (пристап кон донесување стратегиски одлуки), Арс Ламина, Скопје,
4) Портер, М., (2009) Стратегија за конкурентност (превод), Дата Понс, Скопје,
5) Стефановска Л., Солунчевски,М.(2011), Стратегиски менаџмент (интерна скрипта), БАС, Скопје –Битола
6) Hanson,D. Dowling P.J., Hitt M.A., Ireland R.D., Hoskisson R.E., (2008), Strategic Management, Competitiveness & Globalisation, Thomson Higher Education, Part II
7) Harigan, K., I Porter, M., (1983) End –Game Strategies for Declining Industries, Harvard Business Review, julu-avgiust.

СТРАТЕГИСКИОТ ФИНАСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ОДРЖЛИВАТА КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ

Вон. проф. д-р Емилија Стевановска

БАС Институт за менаџмент, Битола
emilijastevanovska@yahoo.com

УДК: 658.14/.17:339.137

АПСТРАКТ

Стратегискиот финансиски менаџмент може да се опише како управување со финансиските ресурси на компанијата за да се постигнат поставените бизнис цели и да се зголеми нејзината вредност. Стратегискиот финансиски менаџмент вклучува дефинирана низа на чекори што го опфаќа целиот спектар на финансиите на компанијата, од поставувањето на цели и идентификувањето на ресурси, анализата на податоци и донесувањето финансиски одлуки, до следењето на промените меѓу реалните и буџетираните резултати и идентификување на причините за настанатите разлики.

Финансискиот менаџмент има стратегиска улога. Префиксот стратегиски во финансиското управување значи дека одлуката да се прифати или одбие даден финансиски предлог треба да се заснова на стратегиски фактори кои имаат долгорочен хоризонт. Стратегискиот финансиски менаџмент е процес на поставување на целите во текот на бизнисот и донесување на одлуки за тоа кои средства ќе бидат потребни за да се постигнат овие цели. Финансискиот менаџмент има стратегиска улога во смисла дека планирањето се одвива во променлива средина и во насока на постигнување на одржлива конкурентност на пазарот.

Фундаменталниот успех на финансиската стратегија зависи од три клучни фактори: компаниското усогласување со надворешната средина, реалниот внатрешен поглед на сопствените компетенции и одржливата конкурентна предност, и внимателна имплементација и мониторинг на финасиските средства.

Добриот стратегиски план ги вклучува параметрите преку кои визијата и мисијата на компанијата ќе станат исполнети цели. Овој труд има за цел да објасни како финансиите, финансиските цели и финансиските перформанси може да играат суштинска улога во

процесот на планирање и донесувањето одлуки, а особено во процесот на постигнување на одржлива конкурентност.

Клучни зборови: стратегиски финансиски менаџмент, финансиски ресурси, процес на буџетирање, одржлив развој, одржлива конкурентност.

STRATEGIC FINANCIAL MANAGEMENT AND SUSTAINABLE COMPANY COMPETITIVENESS

Associate Professor Emilija Stevanovska PhD.

BAS Institute of Management Bitola
emilijastevanovska@yahoo.com

UDK: 658.14/.17:339.137

ABSTRACT

Strategic financial management can be described as managing the financial resources of the company in order to achieve the established business objectives and increase its value. It involves a defined sequence of steps which covers the full spectrum of finance of the company, from setting goals and identifying resources, data analysis and making financial decisions, to monitor the changes between the actual and budgeted results and identify the reasons for the differences occurred.

Financial management has a strategic role. Prefix “strategic” in financial management means that the decision to accept or reject a given financial proposal should be based on the factors that have a long term horizon. Strategic financial management is the process of setting goals throughout the business and making decisions about what resources will be needed to achieve these goals. Financial management has a strategic role in terms of planning in the changing environment in order to achieve sustainable competitiveness on the market.

The fundamental success of the financial strategy depends on three key factors: company's alignment with the external environment, the real insight of the own competencies and sustainable competitive advantages, and careful implementation and monitoring of financial assets.

A good strategic plan includes the parameters through which the vision and mission of the company will become finished objectives. This paper aims to explain how finance, financial objectives and financial

performance can play an essential role in the process of planning and decision making, especially in the process of achieving sustainable competitiveness.

Keywords: strategic financial management, financial resources, budgeting process, sustainable growth, sustainable competitiveness.

ВОВЕД

Стратегискиот финансиски менаџмент може да се опише како алокација на ретките ресурси кон точките на идентифицирани стратегии помеѓу конкурентни можности и преземање неопходни акции за мониторинг на прогресот од избраната можност за постигање на дадените цели. Според Меѓународниот институт за менаџерско сметководство (IMA), стратегискиот финансиски менаџмент се дефинира како идентификација на можните стратегии способни за максимизирање на нетот вредноста на организацијата, алокацијата на ретките ресурси помеѓу конкурентни можности и имплементација и мониторинг на избраната стратегија во насока на остварување на поставените цели (www.imanet.org).

Од финансискиот менаџмент во една компанија воглавно се очекуваат две стратегиски одлуки, и тоа:

1) Одлуки во врска со инвестициите во компанијата односно изнаоѓање адекватен микс од средства; и
2) Одлуки на кој начин ваквите инвестиции ќе бидат финансирани односно изнаоѓање оптимално ниво на финансирање на средствата (Brigham & Ehrhardt, 2008).

Префиксот „стратегиски“ кон финансискиот менаџмент значи дека одлуките за прифаќање или одбивање на предлозите треба да бидат засновани врз стратегиски фактори. Капиталните инвестициони одлуки се типичен пример за вакви одлуки. Инвестициониот предлог може да додаде нето вредност на бизнисот земајќи ги предвид пресметките на дисконтираниот cash flow на компанијата. Меѓутоа, предлогот може да биде отфрлен доколку покажува несигурност во приходите, а одредени корисни информации не се земат во предвид (Malz, 2011). Од друга страна, предлогот може да биде прифатен од страгеиски аспект иако не ја зголемува нето вредноста на бизнисот.

СТРАТЕГИСКИ ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ

Капиталните инвестиции се отскочна позиција за креирање приходи на компанијата. Во свет на економска несигурност, инвеститорите сакаат да го максимизираат нивното богатство преку селекција на оптимални инвестиции и финансиски можности кои ќе им дадат максимум очекуван поврат при минимален ризик. Менаџментот е крајно одговорен пред инвеститорите, така што целта на стратегиското финасиско управување е имплементација на инвестициони и финансиски одлуки кои ќе ги задоволат барањата на сопствениците на капиталот. Капиталот е лимитиран фактор, така што проблемот со кој се соочува менаџментот е стратегиска алокација на лимитирани фондови помеѓу алтернативни употреби на начин на кој компанијата ќе може да го одржи или да го зголеми повратот на инвестициите. Според Hill (2008), сите бизниси треба да ги имаат следниве елементи:

Јасна и реалистична стратегија;
Финансиски ресурси, контрола и систем за нивно следење; и
Правилен менаџерски тим и процеси.

Стратегијата може да биде дефинирана како долгорочен правец и опфат на компанијата за постигнување конкурентска предност преку комбинација на ресурсите во рамките на променливо окружување и исполнување на аспирациите и очекувањата на стејкхолдерите. Во современиот бизнис свет, менаџерите се крајните одговорни субјекти пред инвеститорите. Инвеститорите го максимизираат своето богатство преку селектирање на оптимални инвестиции и финансиски можности, користејќи финансиски модели кои ги максимизираат очекуваните приноси при минимален ризик (Hill, 2008) Она што ги интересира инвеститорите не е само максимизацијата на профитот, туку веројатноста за неговото зголемување. Стратегискиот финасиски менаџмент во основа се сведува на идентификација на возможни стратегии за максимизирање на пазарната вредност на компанијата. Тоа вклучува алокација на ретките капитални ресурси помеѓу конкурентни алтернативи. Исто така, стратегискиот финансиски менаџмент е насочен и кон имплементацијата и мониторингот на избраната стратегија во насока на постигнување на зададените цели и задачи.

ФУНКЦИИ НА СТРАТЕГИСКИОТ ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ

Стратегискиот финасиски менаџмент е составен дел на корпоративниот стратегиски план кој се однесува на оптималните инвестициони и финансиски одлуки при постигнување на поставените цели на компаниско ниво. Во таа насока треба да се направи разлика помеѓу стратегиското, тактичкото и оперативното финансиско планирање. Додека стратегијата претставува долгорочно трасиран пат на акции, тактиката е интермедијарен план, а оперативното ниво се краткорочните фунции (Van Horne & Wachowicz, 2003).

Финансиското планирање е столбот на компаниското бизнис планирање. Помага во дефинирањето на изводливи области на делување и со тоа ја дефинира целокупната планска рамка. Финансиското планирање се состои од три главни компоненти: планирање на финансиските ресурси, финансиските алатки и финансиските цели.

Резултат на финансиското планирање претставуваат финансиските цели, финансиските одлуки и финансиските мерки за евалуација на перформансите на компанијата. Финансиските цели треба да бидат конзистентни со мисијата и визијата на компанијата. Процесот на финансиско одлучување помага во анализата на финансиските проблеми со кои се соочува компанијата и се зазема став за акциите кои треба да бидат преземени. Финансиските мерки, како што е рацио анализата, анализата на паричните текови, анализа на финансиските извешти, се користат за евалуација на перформансите на компанијата. Селекцијата на овие мерки ќе зависи од компаниските цели.

Независно од временскиот аспект, според Samuels (1999) инвестиционите и финансиските одлуки ги вклучуваат следните функции:

Континуирано барање на најдобри инвестициони можности;
Селекција на најдобри профитебилни можности;
Детерминирање на оптимален микс на фондови за можностите;
Воспоставување на систем за внатрешна контрола; и
Анализа на резултатите од донесените одлуки.

Бидејќи капиталот претставува лимитиран фактор, стратегискиот проблем на финансискиот менаџмент е како лимитираните фондови да се алоцираат помеѓу алтернативната употреба. Оваа дилема е решавана во пионерските трудови на Jenson и Meckling (1976), и популарно е наречена „агенциска теорија“. Според оваа теорија, стратегискиот финансиски менаџмент е функција на четири главни компоненти базирани на математичкиот концепт на очекуваната и максимизирана нето сегашна вредност на компанијата.

Слика 1. Агенциска теорија на стратегискиот финансиски менаџмент

Главните одлуки кои спаѓаат во рамките на финансиската стратегија го вклучуваат следното:

1) Финансиски одлуки – овие одлуки го опишуваат начинот на финансирање или комбинацијата на сопствен капитал и должнички (туѓ) капитал.
2) Инвестициони одлуки – овие одлуки вклучуваат профитабилна употреба на компаниските фондови особено на долгорочните проекти (капиталните проекти). Затоа што идните користи од ваквите проекти не се познати со сигурност, инвестиционите

одлуки во себе секогаш носат одреден степен на ризик. Проектите, затоа се евалуираат во насока на нивниот очекуван принос и ризик.

3) Дивидендни одлуки – овие одлуки ја детерминираат поделбата на заработувачките помеѓу имателите на капиталот и реинвестирањето во компанијата.
4) Портфолио одлуки – овие одлуки инволвираат евалуација на инвестициите базирано на нивниот придонес во агрегатните перформанси на целата компанија отколку да се набљудуваат изолирано (Samuels, Wilkes & Brayshaw, 1999).

Помеѓу различните фунционални активности во производството, маркетингот, финансиите, човечките ресурси и истражувањето и развојот, финансиите препоставуваат најголема одговорност во рамките на планирањето на сите хиерархиски нивоа. Корпоративната стратегија се занимава со распоредување на ресурсите и финансиската стратегија главно е фокусирана кон мобилизација и ефективна употреба на парите, најкритичниот ресурс кој компаниите сакаат да го имаат под контрола. Сите останати ресурси во компанијата можат лесно да се мобилизираат доколку компанијата има доволна монетарна база.

ПОВРЗАНОСТ НА ФИНАНСИСКАТА ПОЛИТИКА И СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

Врската помеѓу финансиската политика и стратегискиот менаџмент најдобро може да се разбере преку фактот дека почетната точка на компанијата се парите и крајната точка исто така претставуваат парите. Ниедна компанија неможе да води бизнис или да го проширува своето работење без соодветна внатрешно и/или надворешно обезбедена финансиска основа. Изворите на финансиски средства и капиталната структура се најзначајните димензии на стратегискиот план. Потребата од адекватен финансиски фонд за поддршка на експанзиона активност на компанијата претставува императив и витално прашање на кое треба да се даде одговор пред да се започне со инвестициите. Финансискиот фонд за оваа намена може да потекнува од сопствениот капитал на компанијата или да биде позајмен капитал. Заедно со мобилизацијата на финансиските средства, треба да се земе предвид структурата на капиталот и да се одлучи за посакуваниот микс на сопствен и позајмен капитал. При тоа, треба да се почитуваат некои правила за односот сопствен капитал / долг со цел да се минимизираат ризиците од прекумерни задолжувања. Кај државните компаниииите овој сооднос треба да биде максимално до 1:1, а кај приватните компании 2:1.

Друга значајна димензија на поврзаноста на стратегискиот менаџмент и финансиската политика се инвестициите и одлуките за алокација на средства. Инвестиционите проекти кои се преземаат во различни бизнис делови на компанијата може да ги класифицираме како три типа на инвестиции. Првиот тип се однесува за нов производ во компанијата. Вториот тип се однесува на зголемување на нивото на операциите за постоечките производи преку проширување на капацитетот на објектите или инвестиција во нови објекти за да се исполнат барањата за дополнителен капацитет. Третиот тип се однесува на намалување на трошоците и ефикасна употреба на ресурсите преку воведување нов принцип на работење или поголема контрола и мониторинг на критични точки каде е забележано прекумерно трошење.

Финанасиската политика на компанијата не може да функционира изолирано од останатите сегменти на работењето. Таа има широк опфат и тесна врска со целокупните перформанси на компанијата и ги одредува насоките на раст. Затоа се вели дека компаниската стратегија е причината, а финансиската политика ефектот на процесот на планирање, а понекогаш финансиската политика е причината, а компаниската стратегија ефектот на планирањето.

ФИНАНСИСКИ ЦЕЛИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА КОМПАНИЈАТА

Целите на една компанија можат да се поделат како финансиски и нефинансиски цели (Grant, 1997). Нефинасиските цели опфаќаат:

Пазарен удел (цел за зафаќање поголема пропорција на пазарот);
Пораст на продажбата (добивање на повисок процент на пораст на продажбите при детерминирано ниво на цени);
Пазарен развој (продажба на постоечките производи/услуги на нови пазари);
Технолошки цели (воведување нова технологија во компанијата);

Организација (креирање на структура која ќе охрабри соодветно делегирање на авторитет, адекватна мотивација и добра партиципација); и

Социјална и етичка одговорност (да се одговори на социјалните и еколошките барања на општеството).

Финансиските цели во една компанија, помеѓу другото, вклучуваат:

Максимизација на профитот;
Максимизација на профитабилноста;
Ликвидност;
Долгорочна стабилност;
Раст;
Корпоративно максимизирање на богатството;
Максимизација на богатството на сопствениците.

Овие цели ќе бидат анализирани во светлото на стратегискиот финансиски менаџмент и одржливата компаниска конкурентост.

Максимизација на профитот. Оваа цел се однесува на сметководствената категорија - профит односно на нето добивката по оданочување која се согледува преку билансот на успехот. Финансиските менаџери треба да се потрудат профитот да биде поголем затоа што тоа ја претставува резидуалната големина која останува на располагање на сопствениците на капиталот. Меѓутоа, максимизацијата на профитот како цел го игнорира ризикот. Самата цел не го зема предвид изложувањето на ризик, а бизнис ризикот е нераскинлив дел од работењето на компанијата сега и во иднина.

Максимизација на профитабилноста. Оваа цел ги зема предвид и профитот и средствата искористени за генерирање наваквиот профит и е посеопфатна цел од максимизацијата на профитот гледано од аспект на одржливата компаниска конкурентост. Компанијата може да остварува краткоточен профит на трошок на долгорочната профитабилност. На пример, менаџментот може да ги намали трошоците на секторот за истражување и развој во тековната година, но зголемениот профит како последица на ваквата акција може да ја загрози иднината на компанијата и профитабилноста на долг рок. Мерењата на профитабилноста ги вклучуваат: стапката на поврат на ангажираниот капитал - ROCE (Return on Capital Employed), стапката на поврат на инвестициите - ROI (Return on Investments), стапката на поврат на капиталот - ROE (Return on Equity), стапката на принос по акција кај акционерските друштва - RPS (Return Per Share) итн.

Ликвидност. Ликвидноста претставува краткорочна цел која што доаѓа до израз при тековните активности. Доколку компанијата се соочува со економски пад и ликвидоста е доведена во прашање, тогаш на пазарот „инстинктот за преживување“ се активира и сите останати цели се подредуваат под ликвидноста.

Долгорочна стабилност. Долгорочната стабилност ја подразбира целта на компанијата да расте со едновремено задржување на сегашната вредност во релативно подолг временски период. Од аспект на компаниската конкурентност значи дека компанијата е способна да ја одржи стекнатата позиција на пазарот.

Раст. Оваа цел имплицира раст и на профитот и на средствата. Таа е добра цел бидејќи покажува дека краткорочниот профит нема да биде постигнат на сметка на долгорочната финансиска стабилност. Претставува основна цел за мерење на позицијта на компанијата спрема конкуренцијата на пазарот.

Корпоративно максимизирање на богатството. Типичните стејкхолдери гледано настрана од обичните иматели на акции се менаџментот, вработените, купувачите, добавувачите, кредиторите, локалната заедница и владата. Интенцијата на оваа цел е да се максимизираат долгорочните заработувачки и да се задржи дел од профитот за зголемување на корпоративното богатство за бенефит на сите стејколдери. Со тоа, компанијата на пазарот ќе биде во поповолна ситуација од своите конкуренти.

Максимизација на богатството на сопствениците. Оваа цел е насочена кон максимизација на повратот на имателите на капиталот мерено преку сумата на дивиденда и апрецијацијата на капиталот на компанијата. Финансиските менаџери треба да ја имаат предвид оваа цел затоа што тие ги штитат интересите на сопствениците, но треба да балансираат и помеѓу останатите стејкхолдери во компанијата.

Концептот на одржлив развој може да биде од помош при планирањето на здрав компаниски раст. Овој концепт ги форсира менаџерите да размислуваат за финансиските последици од развојот на компанијата и да ги поставаат целите на тој начин да бидат конзистентни на оперативните и финансиските политики на компанијата. Одржливата компаниска конкурентност е значајна за долгорочниот развој на компанијата. Премногу брз или премногу спор раст ќе влијае негативно на развојот на компанијата, така што финансиите треба да играат важна улога во прифаќање на одржлива финансиска политика блиска до рациото за одржлив развој.

Според Jovanovic и MacDonald (1994), за да биде финансиски одржлива, компанијата треба:

Да има повеќе од еден извор на приходи;
Да има повеќе од еден начин за генерирање приходи;
Стратегиското, акциското и финанасиското планирање да се вршат редовно;
Да има адекватен финансиски систем;
Да има добар јавен имиџ;
Да биде сигурна во своите вредности; и
Да има финансиска автономност.

За постигнување на одржлива компаниска конкурентност треба да се обрне внимание на два аспекта: стратегијата за раст и способноста за раст. Компаниите кои не обрнуваат внимание на било кој од овие два аспекта се осудени на пропаст во напортот за постигнување на одржлив раст, иако краткорочните цели би можеле да бидат реализирани. Доколку компанијата има одлична стратегија за раст, но не ја употреби постребната инфраструктура за постигнување на ваквата стратегија, тогаш долгорочниот раст ќе изостане и обратно.

ЗАКЛУЧОК

Во динамичко окружување, каде што компаниите секојдневно се соочуваат со промени во конкуренцијата, надворешната средина или внатрешниот капицитет, треба да се постави стратегиски процес на одлучување во којшто финансискиот менаџмент и финансиската анализа ќе претставуваат круцијални алатки без кои не може да се замисли современото одлучување.

Стратегискиот финасиски менаџмент во основа се сведува на идентификација на возможни стратегии за максимизирање на пазарната вредност на компанијата. Тоа вклучува алокација на ретките капитални ресурси помеѓу конкурентни алтернативи. Исто така, стратегискиот финансиски менаџмент е насочен и кон имплементацијата и мониторингот на избраната стратегија во насока на постигнување на зададените цели и задачи.

Главните одлуки кои спаѓаат во рамките на финансиската стратегија ги вклучуваат: финансиските одлуки; инвестиционите одлуки; одлуките поврзани со распределбата на дивидендата; и портфолио одлуките.

Финанасиската политика на компанијата не може да функционира изолирано од останатите сегменти на работењето. Таа има широк опфат и тесна врска со целокупните перформанси на компанијата и ги одредува насоките на раст.

Одржливата компаниска конкурентност е значајна за долгорочниот развој на компанијата. Премногу брз или премногу спор раст ќе влијае негативно на развојот на компанијата, така што финансиите треба да играат важна улога во прифаќање на одржлива финансиска политика блиска до рациото за одржлив развој.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Brigham, E. F. & Ehrhardt, M. C. (2008). *Financial Management – Theory and Practice.* 12th Edition. Thomson Learning, Inc. *(p.563-564)*
2) Fabozzi, F. J. & Petrson, P. P. (2003). *Financial Management and Analysis*. 2nd Edition. John Wiley & Sons, Inc. Hoboken. New Jersey. *(p.353-355)*
3) Grant, P. (1997). How Financial Targets Determine Your Strategy? *Global Finance* 11. No. 3 (p.30–34)
4) Hill, R. A. (2008). *Strategic Financial Management.* 1st Edition. bookbon.com *(p.21-27)*
5) Jovanovic, B. & MacDonald, G. M. (1994). *The Life Cycle of a Competitive Industry. The Journal of Political Economy* 102. No. 2 *(p.322–347)*
6) Malz, A. M. (2011). Financial Risk Management. Models, History and Institutions. John Wiley & Sons. Inc. Hoboken, New Jersey (p.421-437)
7) McLaney E. J. (1997). *Business Finance Theory and Practice*. 4th Edition. Pitman Publishers. London. *(p.112)*
8) Neale, B. & McElroy, T. (2004). *Business Finance: A Value Added Approach.* Pearson Education. Harlow. *(p.36-38)*

9) Pearce, J. A. & Robinson, R. B. (2000). *Formulation, Implementation, and Control of Competitive Strategy*. Irwin McGraw-Hill. New York. *(p.78)*
10) Samuels, J. M., Wilkes, F. M. & Brayshaw, R. E. (1999). *Financial Management and Decision Making.* International Thomson Business Press. London. *(p.86-91)*
11) Thompson, A. A., Strickland, A. J. & Gamble, J. E. (2009). *Crafting and Executing Strategy*. McGraw-Hill/Irwin. New York. *(p.96)*
12) Van Horne, J. C. & Wachowicz (Jr), J. M. (2003). *Fundamentals of Financial Management.* Prentice Hall Ltd. New York. *(p.208-211)*

ПРИМЕНАТА НА ПРОАКТИВНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОБИРАЊЕ, УСЛОВ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

доц. д-р Марјан Танушевски

Македонска информативна агенција-МИА
mtanusevski@yahoo.com

УДК: 005.575:061.2(497.7)

АПСТРАКТ

Во мултикултурна Европа, степенот на успешност на граѓанските организации во процесот на креирање политики се почесто се мери со применетите стратегии на лобирање. Менаџерското лобирање овозможува силен импулс на граѓанскиот сектор во процесот на артикулација на мислата и одлучноста да се остварат, мисијата и целите на организацијата.

Граѓанските организации во светот внимаваат на своите компетенции, академската едукација и примена на вештини и стратегии, за да бидат поефективни во активностите што ги преземаат, а стратегиското планирање е во фокусот на менаџерот и останатиот дел од организацијата, како единствен услов за обезбедување конкурентска предност.

Во овој труд се презентираат авторски истражувања и компаративни анализи кои ја потврдуваат примената на менаџерското лобирање како комплексен процес, има одговор на отворените прашања во однос на изборот на стратегија за лобирање како збир на вештини и знаења, и се препорачува проактивната стратегија за лобирање како составен дел на генералната стратегија на секоја граѓанска организација, бидејќи обезбедува имиџ, препознатливост, кредибилитет и интегритет во пресрет на се поинтензивните процеси на лобирање што се случуваат на локално, национално, но и интернационално ниво.

Ако, граѓанските организации страдаат од „незавршени работи“, тогаш неопходно потребно е да бидат стратегиски фокусирани на отворениот „пазар на идеи“ на кој само конкурентните успеваат и „преживуваат“.

Клучни зборови: проактивна стратегија за лобирање, конкурентност, граѓански организации

PROACTIVE STRATEGY FOR LOBBYING – CONDITION FOR BIGGER COMPETITIVENESS OF THE CIVIL ORGANIZATIONS

Ass. Prof. Marjan Tanushevski, Ph.D.

Macedonian Information Agency MIA
mtanusevski@yahoo.com

UDK: 005.575:061.2(497.7)

ABSTRACT

In conclusion, every bank should integrate strategy for risk management in its entire management system. Only those banks that will succed to manage risks effectively, will sustain on the market in the long run. Moreover, without risk management succeess in the banking sectror is impossible.

Keywords: risk management strategies, strategic management in banks in the banking system, banking risks, competitive advantage.

ВОВЕД

Во последната декада, финансиските односи во целиот свет претрпеа длабоки промени и трансформации. Сведоци бевме на појава на нови производи, но и создавање на големи ризици кои имаа за последица турбуленции на финансиските пазари. Освен тоа, меѓубанкарската конкуренцијата се зголеми. Опстанокот на секој бизнис вклучувајќи ги и банките зависи од нивната способност континуитано да ја одржуваат и подобруваат нивната позиција на пазарот и последователно на тоа нивната профитабилност. За остварување на таа цел, секоја поединечна банкарска институција настојува да привлече повеќе клиенти преку креирање производи според желбите на клиентите, засилена маркетинг комуникација, вработување на талентирани кадри и да воведување на иновативна технологија.

Целта на овој труд е да предложи нова насока за постигнување на конкурентска предност на банките, која не се базира на промени во маркетинг стратегијата, туку на целосно разбирање на односот профит-ризик, односно доволна внимателност од страна на банките при правењето на избор на пласманите. Новата стратегија се заснова на почитување на новите регулаторни промени кои радикално ја променија средината во која работат финансиските институции. Впрочем , овој труд нуди еден патоказ, еден поширок пристап, кој извршните директори треба да го воведат во банкарските институции. Пристапот вклучува воспоставување на целокупен систем на активности, процеси и ресурси кои се однесуваат на поквалитетно управување со ризиците.

Ризиците во работењето на банките се карактеристика за секоја банкарска активност, така што ни неутралните банкарски работи не се без ризик, а со воведувањето на нови инструменти, нови техники и стратегии, финансиски инженеринг, нови банкарски производи, а особено финансиски деривативи, листата на ризици постојано се шири. За банките, неизвесноста расте заради промената на каматните стапки, промените кај депозитната база, неспособноста на должникот да го врати кредитот, но и под дејство на фактори како што се дерегулација и влегување во банкарски активности кои порано не беа традиционално банкарски.

Во продолжение на трудот, е извршена анализа на факторите кои влијаат врз конкурентноста на банкарските институции во Република Македонија, а потоа и на системот за управување со ризиците и неговите елементи, како алатка за постигнување на одржлива конкурентност.



Методолошката рамка на трудот е претставена графички на Слика 1.

КОНКУРЕНТНОСТА ВО БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА

Во последниот период банкарската индустрија се соочува со брзи промени, што влијае врз структурата на самата индустрија и го зголемува конкурентскиотскиот притисок, што од своја страна пак, влијае врз профитабилноста. Имено, како на светски рамки, така и во банкарскиот систем во Република Македонија, во последните неколку години, може да се забележи раст на бројот на банкарски институции, појава на се понови и понови технологии и промена во желбите и потребите на клиентите, но на нивните очекувања од во однос на банкарските производи и услуги. Во една таква средина, средина, за да се осигура опстанокот и идното работење на банките треба да се настојува и да се бараат начини за да се обезбеди одржлива профитабилност и релевантност на банките.

Истражувањата покажуваат дека таа цел може да се постигне само со прилагодување на промените и проактивност, со воведување на модели, различни од традиционалните, односно модели базирани на пристап кој ги става клиентите во центарот на внимание. Фокусирањето на клиентите и нивните потреби значи обезбедување на најповолни услови за нив и соодветни канали за нивните трансакции, при истовремено максимизирање на вредноста за банките. На тој начин би се зголемил потенцијалниот приход на банките на еден подолг рок.

За да се успее во таа намера, потребно е да се испита што претставува вредност за клиентите, односно да се воспостави таква стратегија со која на клиентите ќе им се понуди нешто ново и различно, од се она што им сервираат другите банкарски институции.

Она што е карактеристично за банкарската индустрија е тоа што банките се под капата на централната банка во земјата, во случајот, под капата на НБРМ, и во напорите да се доближат до клиентите, мора да се усогласат со регулаторните барања односно да најдат ниши каде регулативата нема да претставува бариера туку клуч за постигнување на конкурентска предност.

Како потенцијални проблеми и бариери за банките се вклучуваат регулаторните ограничувања. Придржувањето кон прописисте е под директен мониторинг на НБРМ, како институција која го одобрува, но може и да го забрани работењето на некоја финансиска институција доколку смета дека истата не се придржува кон регулатвата.

Претворањето на овие проблеми, во конкурентска предност на банките може да се направи преку воспоставување на систем за придржување кон регулаторните барања и на тој начин воедно управување со ризиците на кои се изложени банкарските институции соодветно на природата, големината и сложеноста на финансиските активности кои што ги врши секоја банка поодделно

Во таа насока, банките во Република Македонија треба да воспостават систем и конкурентна стратегија. Конкурентната стратегија подрабира да се изгради една концептуална рамка за банката да се прилагоди на средината во која се бори за дел од профитото и поголемо учество на пазарот, а во понапредна фаза на развој на банката да влијае врз конкурентската средина и да ја менува. Некои од начините за прилагодување/ менување на конкурентската средина е развој на географска диверзификација, диференцијација на производите и услугите, сегментирање на пазарот.

Освен веќе познатите стратегии за позиционирање на пазарот, во трудот е направен обид да се предложат алтернативни стратегиии со кои преку перцепирање на потенцијалните проблеми и бариери, како потенцијални мопжности, може да се постигне компетитивна предност. Една од нив е креирање и развивање на систем за управување со ризици. Потребата за развивање на таков систем произлеува од новите трендови во банкарското работење, кои ја наметнуваат потребата менаџментот да ги идентификува и да управува со најважните ризици,а пред сè, систематските ризици и посебно ризиците кои произлегуваат од активностите во работењето кои се непознати, географската оддалеченост на пазарите и просторите каде се тргува со непознатите инструменти и техники.

СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Управувањето со ризици може да се дефинира како банкарска функција на осигурување од ризик, односно подразбира склоп на активности и тоа: идентификација на изложеност на ризик за сите категории на средства со проценка на потенцијалните загуби, проценка на ризикот што опфаќа мерење и анализа на загубите во минатото како би се прoцениле варијаблите кои ќе влијаат на иднината, контрола на ризикот, во смисла на намалување или на елиминирање на ризиците од загуби со примена на сите видови на обезбедување, финансирање на ризикот со обезбедување на резерви, вклучувајќи и осигурување,развој на административни техники и користење на стручни знаења и практики, и на крај следење на ризиците.

Управувањето со ризиците во банкарскиот сектор во Македонија е во согласност со генералната рамка на воспоставен систем за управување со ризиците утврдена со Законот за банките, Одлуката за управување со ризиците, Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оценката на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот степен на ризичност секоја банка е должна да ги пропише со општите акти и интерните процедури, со кои мора да бидат опфатени сите материјални ризици на кои е изложена банката при вршењето на одделни и на сите видови финансиски активности.

Управувањето со следните видови ризици: кредитен ризик, вклучувајќи го и ризикот на земја и ризикот на другата договорна страна, ликвидносен ризик, валутен ризик, пазарен ризик, ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности, ризик од концентрација на изложеноста на банката, оперативен ризик, треба да резултира со постигнување на поголема еластичност на банките при соочување со идни неизвесности.

Во тој контекст, трудот вклучува на стратегија и политика/политики за управување со ризиците, соодветна организациска поставеност на управувањето со ризиците, и процес на интерно утврдување и оцена на потребната адекватност на капиталот. Слика 2.

СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ

Стратегијата за управување со ризикот претставува структуриран и кохерентен пристап за идентификување, оценување и управување со ризиците. Таа се гради во процесот на редовна процена на ризиците врз основа на новите случувања или новопреземените активности. Стратегија за управување со ризикот се преточува во пишан документ и може да биде развиена и имплементирана само со вклученост на целокупната организација.

Стратегијата за управување со ризиците треба да треба да биде усогласена со деловната политика и развојниот план на банката (стратегија за работењето на банката), и најчесто содржи: општ пристап при управувањето со ризиците, вклучувајќи го и капацитетот за нивното преземање и управување; општ пристап при интерно утврдување и оцената на потребната адекватност на капиталот на банката; општа рамка за прифатливо ниво на ризик на кое може да биде изложена банката во своето работење.

Општ пристап при управувањето со ризиците, вклучувајќи го капацитетот за нивно преземање и управување

Основна цел во управувањето со ризиците е воспоставување на оптимален однос (trade-off) ризици и приносот-профитот. Во таа смисла во фокусот на на банкарските ризици е управувањето со кредитниот и пазарните ризици, од кои пресудно зависи ризикот од несолвентност како дефинитивен ризик на банките. Каматниот и валутниот ризик како составни компоненти се вклопуваат во пазарниот ризик, додека од друга страна останува ликвидносниот ризик како специфичен ризик со кој банките управуваат преку финансискиот пазар на основа на расположивата силна позиција на солвентност и висок кредибилитет.

Современиот концепт на управување со ризиците содржи: адекватна евалуација на кредитните и пазарните ризици, наплата на цена на ризик од корисникот која одговара на услугата направена од банката, издвојување на наплатената цена на ризик во резервите и капиталот на банката, покривање на очекуваните ризици од акционерскиот капитал на банката, формирање на економски капитал на банката кој е корегиран за износот на ризик (risc-based capital), управување со портфолио на ризик, мониторинг (контрола) на ризик од страна на посебна служба во банката.

Управувањето со ризиците претпоставува утврдување на генерален пристап кој пак од своја страна произлегува од постепеното усогласување на домашната регулатива со Новата капитална спогодба- Базел 2 и примената на истата. Базел 2, од своја страна, се заснова на флексибилност и софистициран пристап за мерење на ризиците, што претпоставува и нов начин и пристап во вршењето на супервизијата. Клучна карактеристика на Базел 2 е неговата структура која се темели на три основни столба:

1) Минимални капитални барања (столб 1)
2) Процес на контрола на адекватноста на капиталот (столб 2)
3) Пазарна дициплина (столб 3)

Трите столба се меѓусебно комплементарни и секој од нив овозможува постигнување на вкупните цели.

Столбот 1 ги дефинира правилата за пресметување на кредитниот и оперативниот ризик. Суштината е дека работењето и ризиците на кои се изложени банките се различни за различни банки, па според тоа единствен начин на мерење на ризикот не дава соодветни резултати кај сите банки. Заради тоа Базел 2 нуди неколку опции за пресметување на кредитниот и оперативниот ризик во столбот 1, така што банката го избира оној начин на пресметка кој што е најсоодветен за нејзините специфичности.

Капиталните барања кои произлегуваат од столбот 1 не се доволни за покривање на останатите ризици на кои се изложени банките. Заради тоа во столбот 2 е дефинирано дека банките треба сами да водат сметка за изложеноста кон останатите ризици и во согласност со тоа да обезбеди адекватно ниво на капитални барања. Улогата на супервизорите овде е посебно нагласена па според тоа законодавната рамка треба да обезбеди дискрециони права на супервизорите при одлучувањето. Според тоа столбот 1 и столбот 2 се комплементарни и само заедно доведуваат до ниво на капитал кое е оптимално за покривање на сите ризици.

Столбот 3 исто така служи за поддршка на Столбот 1. Имено, примената на најнапредни пристапи во мерење на кредитниот и оперативниот ризик носи обврска за објавување на дополнителни информации според Столбот 3. Исто така, поголемата транспарентност во работењето со банките треба да придонесе за поголема отпорснот на финансискиот систем на разни шокови и со тоа позитивно да се влијае на неговата стабилност што е една од целите на Базел 2.

Имајќи ги во предвид претпоставките на кои е поставена законската регулатива во Република Македонија и насоките за усогласување на истата со Базел 2, банките треба да ги следат сите видови на ризици кои се појавуваат во работењето, од аспект на нивните специфичности кои произлегуваат од профилот и активностите кои се извршуваат. Постојат неколку пристапи за управување со ризиците и тоа:

Стандардизиран пристап;
Основен пристап заснован на интерните методи на банките за оценување на кредитните ризици (IRB-Foundation Internal Ratings Based Approach);
Повисок пристап заснован на интерните методи на банките за оценување на кредитните ризици (ARB-Advanced Internal Based Approach).

Овој пристап е една од најновите караткеристики на Базел 2. Воведен е со цел да се поттикнат понатамошни вложувања и напори за подобрување на интерните методи на банките за оценување и управување со ризиците, а воедно е и преземен од досегашната пракса на големите интернационални банки.

Општ пристап при интерното утврдување и оценка на потребната адекватност на капиталот на банките

Врз основа на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот банките се должни постојано да одржуваат стапка на адекватност на капиталот, која не може да биде пониска од 8%. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија може да пропише повисок процент од 8% доколку тоа е потребно поради природата, видот и обемот на активностите кои ги извршува одделна банка и ризиците на кои таа е изложена како резултат на тие активности.

Стапката на адекватност на капиталот се пресметува како однос помеѓу сопствените средства на банката и активата пондерирана според ризикот. Сопствените средства претставуваат збир на основниот и дополнителниот капитал I и II на банката, додека активата пондрерирана според ризикот претставува збир на актива пондрерирана според кредитниот ризик и активата пондерирана според другите ризици (валутен ризик, ризик од промена на цена на стоките, пазарните ризици, оперативниот ризик).

Банката е должна да располага со адекватно ниво на капитал потребен за покривање на: кредитниот ризик кој произлегува од портфолиото на банкарски активности, валутниот ризик и ризикот од промени во цените кои произлегуваат од портфолиото на банкарски активности и од портфолиото за тргување, пазарни ризици кои произлегуваат од портфолиото за тргување, и оперативниот ризик.

Покрај овие ризици во утврдувањето на капиталот потребен за покривање на ризиците се вклучуваат и други ризици, доколку банката оцени дека тоа е потребно заради природата, видот и обемот на активности кои ги врши (ликвидносен ризик, ризик на каматни стапки кои произлегува од портфолиото на банкарски активности, ризик од концентрација итн.).

Високото ниво на адекватност на капиталот ја поскапува цената на капиталот и од тие причини е потребно намалување на стапката и нејзино сведување во рамките на економска оправданост при што финансиската стабилност и профитабилност на банката ќе бидат во позитивна корелација.

Банките треба да ги следат промените во износот и структурата на капиталот во однос на нивниот ризичен профил. Во основа промените на адекватноста на капиталот се предмет на анализа на следните параметри:

- анализа на факторите поврзани со промените во ризичниот профил на банката;
- анализа и утврдување на нивото и потребата од дивиденда која акционерите ја очекуваат од банката;
- проценка на изложеноста на ризик на билансните и вонбилансните позиции и можноста за претворање на вонбилансните во билансни позиции, следењето на трендовите на ризик и проекциите за иден период;
- пресметување и систематизирање на податоците за степенот на адекватност на капиталот во временски серии, анализа на насоките на движење на истите;
- проекции за можноста за обезбедување на минималните капитални барања за идното работење на банката.

Анализата на ова прашање претпоставува вршење на стрес тестирања на ситуации и појави во кои може да дојде до некои ризици кои се надвор од контрола на банката. Во тој случај е потребно повисоко ниво на адекватност на капиталот, па затоа потребно е во процесот на планирање да биде земен во предвид покрај растот на банката и растот, односно промените на ризичниот профил на банката. Доколку растот на ризично пондерираната актива е поголем од порастот на стапката на адекватност на капиталот, во тој случај ќе се појави недостаток од адекватност на капиталот при што банката треба да преземе низа активности како би го решила проблемот со очекуваниот пад на адекватност на капиталот како што се:

- зголемување на основниот капитал преку емисија на акции, акумулирање на добивката, или докапитализација од постоечките акционери;
- зголемување на дополнителниот капитал преку емисија на соодветни инструменти;
- промена на деловната политика на банката во цел усогласување на активностите на банката со пониски капитални барања-помалку ризични;
- намалување на големината на билансните позиции или намалување на стапката на раст на банката.

Општа рамка за прифатливо ниво на ризик на кое може да биде изложена во своето работење секоја банка

Прифатливото ниво на ризик за банките е во тесна врска со нивната профитабилност, односно самото управување со ризиците е всушност trade off, при што зголемената профитабилност секогаш е врзана со намалена ликвидност, односно со зголемена изложеност на ризик.

Банките управуваат со профитабилноста на начин што настојуваат да остварат резултати поголеми од пазарните просеци и да ја одржат добивката на што е можно постабилно и попредвидливо ниво. Ова од друга страна се претпоставува и развој на активностите за управување со ризиците. Управувањето со активата и пасивата е општоприфатен пристап за управување со профитабилноста (ризиците). Бидејќи капиталот и профитабилноста се нераскинливо поврзани, клучна цел на управувањето со активата и пасивата е обезбедување на одржлива профитабилност со што банката ќе обезбеди одржување и зголемување на своите капитални ресурси.

Нето каматните маржи традиционално се примарна цел на менаџментот и претставуваат основна одредница за успешноста во работењето. Анализата на каматните маржи може да ја рефлектира тековната структура на каматните стапки, додека анализата на насоките во подолг временски период може да го прикаже влијанието на монетарната политика на профитабилноста на банката. Нето приходите од провизија во најдобар случај треба да ги покријат трошоците за вработените. Целокупниот финансиски ефект изрзен преку показателите РОА и РОЕ треба да се стави во однос со степенот на ризичност на банкарските билансни и вонбилансни позиции во поглед на структура и тренд на ризичен профил.

Банките прифаќаат ниво на ризик кое ќе обезбеди потребно ниво на адекватност на капитал мерено преку интерната методологија за оценка на потребен капитал за покривање на сите материјални ризици. При тоа строго се води сметка за концентрацијата на кредитното порфолио по клиенти и географска концентрација, како и за бројот на максимално одобрени лимити на голема изложеност и мерки кои треба да се преземат за надминување на лимитите на изложеност.

Прифатливото ниво на ризик како стапка на ризичност треба да има помал трендовски индекс од индексот на пораст на активата на банката.

ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ ВО БАНКИТЕ

Организациската поставеност за управување со ризиците се состои од воспоставување на јасна организациска структура, ефикасен процес за управување со ризиците и ефикасен систем на внатрешна контрола и ревизија.

Банките воспоставуваат организациска структута со дефинирани надлежности и линии на одговорност, соработка и размена на информации при управувањето со ризиците и јасно дефинирани одговорности на лицата и организациските единици надлежни за преземање на ризиците.

Надзорниот одбор ја одобрува Стратегијата за управување со ризиците и го следи нејзиното спроведување, ги одобрува политиките за управување со ризиците, ја оценува соодветноста на донесената стратегија и политики на годишно ниво согласно утврдениот профил на ризичност на банката и видот и обемот на финансиските активности на банката и надворешното опкружување, ги одобрува лимитите на изложеноста на одделни видови ризици, ги одобрува евентуалните исклучоци во однос на дефинираните лимитии и одобрува воведување нови производи коишто имаат значајно влијание врз профилот на ризичност на банката и други активности.

Одборот за управување со ризици ја воспоставува и се грижи за спроведување на стратегијата за управување со ризиците, ги воспоставува и се грижи за спроведување на политиките за управување со ризиците и дава предлози за нивно ревидирање, редовно го оценува системот за управување со ризиците, врши анализа на извештаите за изложеноста на банката на одделни ризици и на профилот на ризичност на банката, го следи спороведувањето на интерните акти за идентификување, мерење или оценка, контрола или намалување и следење на одделните ризици, ги следи резултатите од спроведените стрес-тестирања и ефектите од активностите преземени врз основа на тие резултати и други активности.

Управниот одбор ги одобрува и ги спроведува интерните акти за идентификување, мерење или оценка, контрола или намалување и следење на одделните ризици, го воспоставува информативниот систем (системот на известување), обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот на управување со ризиците, одобрува и спроведува интерен акт за воведување нов производ или систем во банката и други активности.

Службата за управување со ризици врши идентификување, мерење или оценување, контролирање или намалување и следење на сите материјални ризици, спроведување на политиките и другите интерните акти, редовно следење на лимитите на изложеност на поединечните ризици, утврдување и редовно ревидирање на профилот на ризичност на банката, разгледување на резултатите од извршеното стрес-тестирање, редовно известување на Одборот за управување со ризици и останатите органи на банката за изложеноста на банката на одделните ризици.

Службата за внатрешна ревизија врши ревизија на работењето на на банката во секој дел со своите надлежности.

ПРОЦЕС НА ИНТЕРНО УТВРДУВАЊЕ И ОЦЕНА НА ПОТРЕБНАТА АДЕКВАТНОСТ НА КАПИТАЛОТ

Процесот на утврдување на потребното ниво на капиталот на банките започнува со воспоставување на интерна оценка на потребната адекватност на капиталот во зависност од ризичниот профил на банката.

Во рамките на овој процес банката ги утврдува интерните цели за нивото на адекватност на капиталот во согласност и со големината и сложеноста на финансиските активности на банката. Исто така се врши анализа на тековните и идните потреби од сопствени средства на банката во согласност со стратегиските цели.

Банките треба да располагаат со капитал кој е потребен за заштита од неочекуваните загуби кои настануваат како резултат на изложеноста на разни видови на ризици кои произлегуваат од нивното работење.

Капиталот на една банка не може да биде замена за добро управување, па во насока на заштита на капиталот и негова адекватност треба строго да се води сметка за активата од аспект на изложеноста на ризиците со цел намалување на истите. Основната цел (намена) на капиталот е обезбедување на сигурност и апсорбирање на загубите што претставува заштитна мерка на депозиторите и останатите кредитори во случај на ликвидација. Како таков, капиталот мора да биде стабилен и неоптеретен. Од особено битно значење е соодветното планирање на капиталните потреби на банката за проценка дали актуелната стапка на пораст на расположивиот капитал се одржливи, за утврдување на применливи политики за управување со ризиците, за обезбедување профитабилно работење.

ЗАКЛУЧОЦИ И НАСОКИ ЗА НАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Банките во денешни услови на пазарна економија и зголемена конкуренција, прават напори да бидат имаат што е можно поголем удел од финансискиот пазар, да ја зголемат својата работа во општината, регионот и пошироко во земјата и странство. За таа цел тие постојано бараат начини за мобилизација на слободните парични средства од физички и правни лица во вид на депозити и нивно пласирање во финансиски производи и услуги за стопанството и населението по конкурентни и прифатливи цени.

Во борбата да се привлечат повеќе клиенти, се применуваат различни стратегии, меѓу кои намалување на провизиите и развивање на нови производи. Меѓутоа, без разлика која стратегија се користи, за да се биде конкурентен од големо значење е да се понуди на пазарот некоја вредност што е битна за клиентите и карактеристична за банкарската институција која ја нуди. Доколку оваа вредност што се нуди, конкурентите можат лесно да ја копираат тогаш истата не претставува конкурентска предност на банката што ја нуди. Но доколку не е лесна за имитација, може да придонесе за одржлива долгорочна конкурентност.

Одржливата конкурентност во услови на недоверба во банкарскиот систем, може да се постигне преку нудење на сигурност на клиентите, а тоа за банките би значело контролирање на апетитот за профит и ефективно управување со ризиците, а за квалитетно управување со ризиците нужно е да се развие систем за управување со ризиците, кој ќе овозможи соодветен сет на активности, мерки, луѓе.

Соодветниот систем за управување со ризиците треба да се имплементира и на тој начин ќе се остврат две цели: избегнување на несолвентноста на банката, и максимизирање стапката на принос на капиталот преку корекцијата за ризик (risk-adjusted rate of return on capital –RAROC). Во спротивно, доколку овој систем не се имплементира и ризиците се потценети, тоа негативно би влијаело на профитабилноста на банката, бидејќи реалните загуби би ја спуштале стапката на принос на капиталот под очекуваното ниво.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Неновски Т. и Делова-Јолевск Е, 2012, Пари и банкарство, Универзитет Американски Конеџ, Скопје
2) Hennie van G. Sonja B.B, 2006, Analiza i uprjavljanje bankovim rizicima, MBOR, Svetska banka, Nacionalna I sveucilisna kniznica, Zagreb
3) Vasiljevic B, 1990, Rizici u bankarskom poslovanju, Fokus, Beograd,
4) Арсовски Д., 1998, Ризици во банкарското работење, Economy press, Скопје
5) Лидија С. Менде С, 2011, ,,Стратегиски менаџмент,, -основен извор за ПДС, Скопје, Битола
6) Адижес И, 2008, *Овладување со промените*, ДЕТРА ЦЕНТАР, Скопје
7) Марковска М, 2011, *Иновативен менаџмент*, основен извор за студирање на ПДС;
8) Смилевски Ц., 2000, Предизвикот и мајсторството на организациските промени, Детра центар, Скопје;
9) Смилевски Ц., Стефановска Л., 2012, *Организациски промени*, основен извор за студирање;
10) Трајкоска Г, Ф2010, Финансика структира и профитабилноста на претпријатието, Економски факултет Прилеп, Скопје
11) Трајкоски Б. и Трајкоска Г,1990, Финансиско работење на претпријатијата, Скопје,
12) Трајкоски Б. и Трајкоска Г, 1990, Проблеми на управувањето со обртните средства на претпријатијата, Фискална економија, во печат,
13) www.nbrm.mk
14) www.bis.org/publ/bcbs128.htm

ЕДИНСТВО НА СУБЛИМИРАЧКИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ КАЈ ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Д-р Мимоза Бакиевска

НУ Народен театар Битола, Бизнис Академија - Смилевски
mimozabak@yahoo.com

Д-р Аце Бакиевски

Апелационен суд Битола, Бизнис Академија - Смилевски
acebakievski@yahoo.com

УДК: 005.51

АПСТРАКТ

Без оглед дали станува збор за јавниот или приватниот сектор, тенденција на секоја организација треба да биде континуираното претходно трасирање на насоката по која треба да се движи за остварување на што подобри резултати и повисоко скалило во конкурентната борба на пазарот. Основно појдовно обележје на стратегиското планирање е постојано присутното зошто, наспроти што кај оперативното односно тековното планско работење на организацијата.

Стратегиското планирање би било скоро еднакво на оперативното доколку не би постоеле специфичните визионерски погледи на вклучените лица во процесот на производство. На тој начин, заедно со нивната осознаеност за целта што треба да ја остварат, како и вредностите кон кои се стремат, се добива единствена рамка со која е заокружена сликата за успешното деловно работење не само сега и овде, туку и за што, за кого, како?

Согледувањето на моменталните можности и планирање на расположливите ресурси сублимира во стратегиско планирање, каде се разбира, при еднакви конкурентни побарувања очекувана е поголема економска добивка.

Клучни зборови: стратегиско планирање, организација, вредности, стратегиски елементи, добивка

THE UNITY OF SUBLIMATING ELEMENTS FOR ORGANIATIONS' STRATEGIC PLANNING

Mimoza Bakievska, Ph.D.

NI National Theatre Bitola, Business Academy - Smilevski
mimozabak@yahoo.com

Ace Bakievski, Ph.D.

Appellate Court Bitola, Business Academy - Smilevski
acebakievski@yahoo.com

UDK: 005.51

ABSTRACT

Whether it is about a public or private sector, the tendency of each organization should be the continuing pre-charting of the direction where the organization should be heading in order of achieving the best possible results and a higher scale on the market competition. The basic starting feature of strategic planning is the constantly present "why", as opposed to "what" at the current operational planning or planned organization's operations.

Strategic planning would be almost equal to the operational planning if there were not specific visionary views of those involved in the production process. In that way, alongside with their knowledge of the objective it should be accomplished, and also the values they aspire, a single frame is created, that represents the summarized image of successful business working, not only here and now, but also for what, whom, how...

The perception of current opportunities and the planning the available resources, sublimates in strategic planning, where of course, in terms of equal competitive demands, a greater economic profit is expected.

Keywords: strategic planning, organization, values, strategic elements, profit.

ВОВЕД

За секоја организација, без оглед на основната дејност што ја врши и независно од сопственоста и големината на капиталот што го поседува, најважен момент е способноста да може да ги осознае, дефинира и подоцна реализира своите идејни производствени замисли, како и крајната цел кон која се движи. Во зависност од далекусежноста на своите погледи, организацијата со стратегиското планирање ќе се смета дека е подготвена во моментот на донесување на стратегискиот план да се соочи со успех во идните повеќе или помалку проблематични ситуации. Од ова се заклучува дека всушност, напредното стратегиско планирање за секоја организација претставува огледало кое дава одблесок на нејзиното тековно работење. Така, се доаѓа до констатација дека стратегиското планирање е предвидлив и очекуван процес со точно трасирани насоки на дејствување и со одлично визионирање односно идеализирање на замислените постапки и средства до остварување на конкретната мисионерска цел.

ПРЕДМЕТ НА ПРОУЧУВАЊЕ

Стратегиското планирање како процес на работа на организацијата се анализира од два значајни аспекти: првиот аспект значи планиранање на насоката кон која ќе се движи организацијата со точно утврдена крајно замислена цел, а вториот аспект на појавата стратегиско планирање како процес во себе ги опфаќа сите постоечки и идни ресурси кои се вклучени и придонесуваат за реализирање на стратегискиот план.

Се поставува прашањето дали секогаш стратегиското планирање е условено од постоењето на овие две концептуални содржини.

Теоретичарите, но и стручните лица и практичари, речиси си единствени кон одговорот на горното прашање. Заедничка констатација е дека за добриот менаџер е најважно со организацијата тековно добро да менаџира, да произведува добра и услуги со кои ќе биде високо конкурентен на пазарот, да бидат барани неговите производи, да остварува голем приход и друго. Од друга страна, за добриот менаџер кој истовремено е и лидер на организацијата, тековните резултати не го задоволуваат неговото очекување. Пред ваквиот вид на менаџирање стои постамент на чиј врв се ставени неговата визија, мисија, способноста да се осознаат, оценуваат и применуваат вредностите како единствени двигатели на планираните и донесените одлуки при стратегиското планирање во организацијата. За стратегиско планираниот бизнис исклучително значајно е постојаното зголемување на „богатството“ приходот на сопственикот односно акционерите. Доколку тој приход расте во сите делови од процесот на работа и го надминува основниот вложен капитал при нејзиното основање, тогаш се смета дека компанијата има долгорочен план и интереси односно за таквата компанија се вели дека е базирана врз вредностите на бизнисот (анг. value based management).

Според Robert S.Kaplan i David P.Norton (Balanced Scorecard Institute –Strategy Menagment Group) стратегијата претставува збир на преземени активности од страна на компанијата кои се засновани врз интеракциски односи. Тие се залагаат за постоење на една балансирана листа (анг.balanced scorecard) во која подеднакво значајно место имаат финансиите на организацијата (материјалната актива), но и останатите „споредни“ фактори: организациските делови и учеството на поединците (нематеријална актива). Од овде се согледува состојбата кога de facto високата материјална актива не може стратегиски да го планира бизнисот во отсуство на одлична нематеријална актива односно без постоење на стратегиска мапа т.е.баланс на вредностите.

Доколку се анализираат овие елементи на стратегиско планирање се доаѓа до заклучок дека мисијата претставува претходник, а визијата е следбеник, иако на прв поглед се чини дека потребно е тие два елементи да си ги променат местата односно визијата да биде претходник, а мисијата следбеник во стратегиското планирање. До ваков заклучок доаѓаме после дефинирање на елементите на ова сублимирачко единство. Ако знаеме дека визијата го претставува она што сака да биде организацијата, значи она што навистина сака да биде во иднина, што сака да го постигне како крајна произведена форма, а мисијата ја претставува идејата, замислата, желбата, но и начинот и средствата со кои треба да се оствари таа мисија односно целна идеја, тогаш станува јасно дека визијата е крајниот појавен, материјализиран или нематеријализиран производ на стратегиското планирање. Дотогаш пак, мисијата ги содржи во себе инструментите и начините со чие посредство ќе се дојде до реализирање на визионерските хипотетични размислувања во таквото планирање (слика бр.1).

Познавањето на суштината на елементите на стратегиско планирање на организацијата и овозможува многу полесен начин за „напад и одбрана“ кон и од останатите конкурентни субјекти на пазарот. Во таквите чекори, организацијата многу често се одлучува на долгорочно испланирани намери и цел за партнерско поврзување со компании кои се искусни во својата дејност, а чии експертизи многи би и помогнале на организацијата во својот стратегиски план за поголем одржлив раст и развој.



Сл.бр.1:Сублимирачка зависност на елементите кај стратегиското планирање

МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

Взаемното дејство на погоренаведените елементи на стратегиското планирање ќе биде оценето како позитивно доколку истото се анализира интердисциплинарно, преку дедукција и индукција на секој елемент поединечно и сите заедно. Само на тој начин, без изоставување на некој елемент би се добиле резултати кои се најповолни за компанијата. Посебното акцентирање на некој од нив како примарен и приоритетен значи несоодветно анализирање и планирање на пазарните потреби.

Досегашната пракса, која е потврдена од теоретичарите односно аналитичарите што се занимаваат со оваа проблематика, укажува на фактот дека, сепак стратегиското планирање на бизнисот е нецелосно без примена на СТЕЕР анализата како дополнителен, но не и помалку значаен пристап во разработувањето и поставувањето на стратегискиот план. Апсолутно не се без значење условите и околностите каде компанијата сака да го насочи својот бизнис. Во таа смисла, ја потенцираме оваа анализа како дополнителна, но не и помалку влијателна во напорите за постигнување на очекуваните резултати од стратегискиот план. Накратко кажано, СТЕЕР анализата значи сериозен приод при согледување на околностите кои се од социо-културолошки, технолошки, економски, еколошки и регулаторен карактер. Значи, при менаџирањето на дејноста на компанијата за подолг период не е доволно менаџерскиот тим да има поставено своја визија, со точно зацртана мисија и прецизирани вредности; подеднакво важно е и реалното согледување и влијанието на срединските фактори каде компанијата ја врши својата основна или споредна дејност (општествените состојби сега и во идниот период; културолошките ставови за припаѓање и поддржување кон одредена појава, производ или услуга; технолошкиот степен на развој на поединецот и државата; економската моќ на државата, компаниите и луѓето; еколошката свест за последиците од произведениот продукт на компанијата; како и законската и друга регулираност на планирано производство, сега и во натамошниот подолг период).

ЗАКЛУЧОК

Современиот начин на производство, каде основачкиот капитал на најголем број компании е приватна сопственост, ја наложува потребата од сериозен пристап во тековното работење, но и во подолгорочното планирање на бизнисот. Ваквиот пристап стана неопходност која подеднакво се однесува на државата како најголем правен субјект во меѓународните односи со останатите држави и нивните компании; на правните лица со домашни и странски инвестиции во државава; на претприемачите со мал и среден бизнис, или со еден збор кажано, на сите оние кои се вклучени во производството на добра и услуги. На државно ниво, Република Македонија донесува Стратегиска програма со која се опфатени сите области на општествено – економско работење, а останатите субјекти тоа (треба да) го прават со донесување на стратегиски план за работа.

Стратегиското планирање најчесто опфаќа период од пет или повеќе години, во кој менаџерот ги имплементира своите способности, својата визија за она што треба да го работи сега и во планираниот период, мисијата за начинот како истото треба да се направи за да се дојде до посакуваната цел, како и средствата што притоа ќе ги употреби. Во таа смисла, важно е присуството на постојана будност на менаџерот во создавањето што повисока вредност од онаа која била вложена при основањето на компанијата, но и целосна инволвираност на нематеријалната актива односно човечкиот фактор и негова постојана едукација за постигнување на што поголема *balanced scorecard*.

На овој начин, сите споменати елементи на стратегиско планирање добиваат сублимирачки одраз врз остварениот приход на компанијата и создаваат услови за нејзино се посигурно место во постојаната конкуренција на пазарот.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Јолевски, И.Томе „Вовед во менаџмент“,АД „Киро Дандаро“ Битола, 2004
2) Михајловски, Ѓорѓи „Менаџмент и профит“,Друштво за наука и уметност, Битола,1996
3) Kaplan S. Robert, Norton P. David, „Translating strategy into action The Balanced Scorecard “, Library of Congress Cataloging – in – Publication –Data, 1996, USA
4) Кралев, Тодор „Основи на менаџментот“,Центар за интернационален менаџмент, Скопје, 2001
5) www.biznis101.com
6) www.linkedin.com/groups
7) www.seebiz.net.mk/?!itemID
8) www.kapital.mk/mk/magazin/80753
9) www.hbr.org/magazine
10) www.crnobelo.com/zivot/kariera/11312
11) www.pretpriemac.mk/index.php/novosti/1367
12) www.HR.com.mk
13) www.strategijskimenadzment.com
14) www.balancedscorecard.org/Resources/About-the-Balanced-Scorecard

БАЛАНСИРАНА СКОР КАРТА- СЕОПФАТНА АЛАТКА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Ненад Дафинчевски
ДЕТРА Центар - Скопје
nenad.dafincevski@bas.edu.mk
Наташа Николовска
Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје
natasa.nikolovska@bas.edu.mk

УДК: 005.51:658.14/.17

АПСТРАКТ

Стратешки фокусираната организација и стратешкото планирање се од суштинска важност за успех на организацијата. Во услови кога пазарот, односно окружувањето, стануваат се подинамични и понепредвидливи на организацијата и е потребно да има насока во која ќе се движи. Стратегијата е документ што е резултат од процесот на стратешко планирање преку кој се дефинираат стратешките цели на организацијата, кои потоа се преточуваат во оперативни планови.

Балансираната скор карта е алатка што го олеснува процесот на стратешко планирање. Предноста на оваа алатка е во тоа што нуди сеопфатен поглед на клучните компоненти во една организација, а тоа се: организациско учење и развој, подобрување на внатрешните процеси, однос со клиенти и финансии. Функционалноста на балансираните скор карти е во тоа што претставуваат спој на генерални бизнис-цел и оперативни активности. Од една страна се поставуваат генерални цели за секоја од компонентите, а потоа генералните цели се декомпонираат во оперативни цели и акциски планови.

Не сите организации го реализираат процесот на стратешко планирање или доколку го реализираат тоа го прават делимично. Во едни организации стратегијата ја пишува само еден човек, во други организации се препишува старата стратегија, во трети организации не ни постои стратегија како пишан документ кој е дистрибуиран до сите вработени. Неоспорен е фактот дека стратешкото планирање е процес што влијае на компаниската конкурентност и континуираниот организациски развој со тоа што организацијата пробува да ја предвиди иднината и чекорите што ќе ги преземе за да ја оствари

истата, а балансираната скор карта е само една од алатките што го олеснува процесот и на организацијата и дава генерална рамка на размислување.

Клучни зборови: стратешко планирање, стратегија, балансирани скор карти, конкурентност.

BALANCED SCORE CARD- COMPREHENSIVE TOOL FOR STRATEGIC PLANNING

Nenad Dafinchevski

DETRA Center
nenad.dafincevski@bas.edu.mk

Natasha Nikolovska

Business academy Smilevski – BAS
natasha.nikolovska@bas.edu.mk
UDK: 005.51:658.14/.17

ABSTRACT

Strategically focused organization and strategic planning are essential for organization's success. The organization needs direction in which to move having in mind the market and the unpredictable environment. Organization's strategy is a document that is result of a strategic planning process through which strategic goals are defined and afterwards the strategic goals are turned into operational plans.

Balanced score card makes strategic planning process much easier. The advantage of using the balanced score card is that it offers comprehensive view of key components in an organization: organizational learning and development, internal processes, client's relationship and finance. The functionality of balanced score card is that in one document there is the connection between general strategic targets for each component and then each strategic target is transformed into operational targets and action plans.

Not all organizations do strategic planning process or if they do, they do it partially. In some organizations only one person writes the strategy, in other organizations the old strategy is overwritten and in third organizations there isn't any strategy as formal document that is distributed through the organization. Strategic planning process affect on company competitiveness and organizational development. The organization tries to predict the future and the necessary steps towards fulfilling it and balanced score card is one of the tools that makes strategic planning process easier.

Keywords: strategic planning, strategy, balanced score card, competitiveness.

БАЛАНСИРАНА СКОРКАРТА

Балансираната скор карта е алатка за стратешко планирање што се користи во секаков вид на организации, без разлика дали се профитни, непрофитни или пак во зависност од индустријата. Преку балансираните скор карти се прави порамнување на бизнис активностите со визијата и мисијата на организацијата, се подобруваат внатрешните процеси и комуникацијата, се врши мониторинг и евалуација на ефектите од активностите и сл. За основоположници на оваа алатка се сметаат Роберт Каплан и Дејвид Нортон. Балансираната скор карта најпрво се употребувала како алатка за пероформанс менаџмент каде што покрај финансиските параметри биле додадени и нефинансиски параметри се со цел на менаџерите да им обезбеди побалансиран поглед на организациските перформанси. Името оваа алатка го добива во деведесеттите години на минатиот век, но нејзините почеточи се многу порано, со активностите на Џенерал електрик и фанцуските процесни инжинери во педесетите години на минатиот век.

Според Gartner group повеќе од 50% од големите компании во САД ја употребуваат оваа алатка. Неодамнешно истражување на Bain & Co ја смести балансираната скор карта на петтото место на листата на десет најупотребувани менаџмент алатки. За важноста и големината на балансираната скор карта говори и податокот дека оваа алатка е една од највлијателните бизнис идеи во последните 75 години според реномираниот Harvard Business Review.

Балансираната скор карта еволуирала од својата првична намена како алатка за мерење на перформансите во алатка за комплетно стратешко планирање. „Новата“ балансирана скор карта го трансформира стратешкиот план од пасивен документ во акциски план на дневна основа каде јасно се дефинирани сите активности. Балансираната скор карта обезбедува не само мерење на перформасите туку му помага на тимот што планира да идентификува и кои се работите што треба да биде направено, а потоа измерено.

Каплан и Нортон преку серија на статии укажувале на недостатоците и потоа го понудиле пристапот што и ден денес се користи, каде на менаџерите им се укажува што се треба да се мери за да се добијат посакуваните финансиски ефекти. Преку балансираната скор карта, организациската визија и мисија се преточува во акциски планови за имплементација. Преку оваа алатка исто така се добива слика за ефектите кои ги имаат внатрешните процеси кон испораката на производите/услугите кон клиентите.

Според Каплан и Нортон, ова е суштината на балансираната скор карта: „Балансираната скор карта соджри традиционални финансиски мерење. Финансиските мерења и резултатите од истите се резултат на минати активности и минато време карактеристично за типични индустриски компании каде што инвестирањето во долгорочни компетенции и односи со клиентите не било клучно за успех на компанијата. Овие финансиски мерења се неадеквати за компаниите на денешното време на инфомарции каде што ја создаваат вредноста преку инвестирање во муштериите, добавувачите, вработените, процесите, технологијата и иновациите“.

ЧЕТИРИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА БАЛАНСИРАНА СКОР КАРТА

Балансираната скор карта се состои од следниве 4 перспективи преку кои треба да се анализира, планира и мери работењето на организацијата:

Учење и развој- оваа перспектива вклучува обука на вработените како и јакнење на организациската култура каде што се промовира постојано себе-подобрување, на индивидуално и органиазциско ниво. Во окружување каде што се случуваат брзи и динамични промени, неопходно е вработените како единствени носители на знаењето, постојано да бидат подготвени за учење. Во овој дел мерните инструменти треба да посочат каде менаџерите да ги распределат средствата за учење и развој за да се постигне најголем ефект. Каплан и Нортон нагласуваат дека учењето е повеќе од само обука. Оваа перспектива вклучува и создавање и употреба на интерни ментори и обучувачи кои ќе испорачуваат консултантско-

обучувачки услуги само за вработените на организацијата, како и да го олеснуваат и забрзуваат процесот на работно воведување на нововработените.
Внатрешни процеси- оваа перспектива се однесува на внатрешните бизнис процеси преку кои се создаваат производите и услугите кои потоа им се испорачуваат на клиентите. Вработените поседуваат одредени компетенции кои ги употребуваат за создавање и менаџирање на внатрешни процеси преку кои се создаваат производите и услугите. Овие процеси треба да бидат стандардизирани за секогаш излезниот резултат да биде ист, но во исто време процесот треба да се реализира ефикасно, со најмала употреба на средства без притоа да биде намален квалитетот на производите/услугите. При стратешкото планирање на оваа перспектива треба да се има во предвид дека оваа активност може да се сработи само со вклучување на внатрешни лица од компанијата бидејќи тие најдобро ги познаваат процесите.
Клиенти- оваа перспектива се однесува на постојан фокус на клиентите и нивните потреби. Во динамично време кога конкуренцијата е се поголема, потребно е постојано да се анализираат потребите на клиентите и да им сепласираат соодветните производи и услуги кои ќе одговорат на нивните барања. Доколку организацијата не обрне внимание на оваа перспектива и не одговори соодветно на барањата на клиентите, истите ќе најдат друг добавувач што ќе ги исполни нивните желби и барања. Показателите во оваа перпектива треба да бидат насочени кон категоризирање на потрошувачите, производите што ги купуваат, идните потреби и слично.
Финансии- оваа перспектива мери и покажува ефектите од севкупните бизнис активности и затоа е сместена на врвот на балансираната скор карта, што е всушност логичен след на активностите. Организацијата поседува одредено знаење што го употребува за креирање на внатрешни процеси преку кои се создаваат производите/услугите кои потоа се пласираат на клиентите. Клиентите за прозиводите/услугите плаќаат одредена сума на пари. Мерните показатели во финансиската перспектива треба да ги покажат некои од клучните финансиски ефекти како што се профитот, враќање на инвестициите, ликвидноста и слично.

Суштината на балансираните скор карти е прикажана на слика 1.



СЛИКА 1: Стратешко планирање преку употреба на балансирана скор карта

ПАТОТ ДО ИЗРАБОТКА НА БАЛАНСИРАНА СКОР КАРТА

Изработката на балансирана скор-карта е долготраен процес што мора да помине низ одреден број на чекори пред картата да биде комплетно изработена т.е балансираната скор карта е резултлат на процес на визионирање, анализирање и приоретизирање.

Најпрвен потребно е организацијата да изработи комплетна СВОТ анализа каде ќе бидат наведени сите силни и слаби страни, како и можностите и заканите. Во СКИТОП методологијата по која работи ДЕТРА Центар, силните и слаби страни се добиваат по пат на комплетна организациска дијагноза (холигноза) во форма на ПИП-ови (Potential Improvement Points) и ПОП-ови (Positive Organizational Performances).

По дефинирање на силните и слаби страни, следна активност е скенирање на околината, поточно делот на можности и закани или по СКИТОП методологија ПЕМ-ови (Потенцијални Екстерни Можности) и ПЕЗ-ови (Потенцијални Екстерни Закани).

Бидејќи со генерирањето на елеметите на СВОТ анализата се добиваат голем број на ставки, а меѓу нив има голем број што се сродни, се преминува на таканаречено вгроздување на можностите и заканите по сродност. Силните и слабите страни се веќе вгроздени на холигнозата и исто така е направено нивно приоретизирање. Истата постапка се применува и кај можностите и заканите. Откако ќе се вгроздат се преминува на приоретизирање. Краен продукт е листа на приоретизирани гроздови на слаби и силни страни, можности и закани. Доколку има повеќе од 10 гроздови, се земаат првите десет.

Самата природа на организациите постојано да се менуваат и да работат со определени ресурси ја наложува потребата од приоретизирање, т.е да се види на што најпрво ќе се работи. Следен чекор при дефинирањето на стратегијата е приоретизирање на:

SO стратегии- ова се офанзивни стратегии, поточно како со силните страни да се искористат можностите
WT стратегии- избегнувачи стратегии со кои треба да се идентификуваат екстерните закани кои може да ги погодат слабите страни на организацијата

Следна активност е дефинирање на елементи на:

визијата- која е сликата за организацијата по неколку години. Се користи внатре, за вработените на компанијата
мисијата- зошто постои компанијата и што прави за да ги задоволи потребите на клиентите

По ова следи утврдување на компанискиот фокус, а тоа е дали моменталните функционирање на организацијата и производите/услугите што ги испорачува се во склад со организациската визија и мисија. Доколку не се во склад, се преминува кон редефинирање на компанискиот фокус за да биде во склад со визијата и мисијата.

Откако сите потребни подготовки се направени и се добиени потребните информации за дефинирање на стратегијата се преминува кон пополнување на балансираната скор карта. Форматот што го користи ДЕТРА Центар ги содржи следниве елементи:

четирите перспективи на БСК- сите активности се категоризираат по перспективите (учење и развој, процеси, клиенти, финансии)

Стретегиска задача- со стратегиската задача се дефинира што ќе биде предмет на подобрување. Стратегиската задача всушност произлегува од погоре наведената активност на приоретизирање на SO и WT стратегии. Останатите стратегиски задачи се во функција на подобрување, откако ќе се решат приоритетните.

Клучен индикатор на изведба- со оваа категорија се дефинира што ќе се мери, односно како ќе се знае дали има подобрување или не при решавање на стратегиската задача.

Таргет по години- во овој дел се дефинира таргетот по години за навдениот индикатор на изведба. Тоа најчесто се изразува преку проценти, заради подобар приказ на соодносот, но не е исклучена и можноста да се користат фиксни бројки.

Зачестеност на известување- тука се дефинира во кој временски период одговорното лице ќе дава отчет за текот и успешност на имплементацијата. Известувањата може да бидат месечни, тримесечни, полугодишни и годишни

Одговорно лице е лицето што е задолжено за решавање на стратегиската задача т.е успешна импелентација и остварување на планираните таргети.

Како што е споменато и погоре во овој труд, функционалноста на оваа алатка за стратешко планирање е во тоа што нуди опфат на целосното работење на организацијата, се доделува одговорно лице за секоја активност и се дефинира план за информирање што ќе дава постојана контрола за текот на имплементацијата.

Пример за балансирана скор карта

ПЕРСПЕКТИВА	СТРАТЕГИСКА ЗАДАЧА	КЛУЧЕН ИНДКАТОР НА ИЗВЕДБА	ТАРГЕТ ПО ГОДИНИ			ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ	ОДГОВОРНО ЛИЦЕ
			2015	2016	2017		
ФИНАНСИИ	НАПЛАТА	НАВРЕМЕНИ ПЛАЌАЊА (МЕСЕЧНО)	84%	85%	86%	МЕСЕЧНО	НЕНАД
ФИНАНСИИ	НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ	НАМАЛЕНИ ТРОПОШОЦИ ЗА РЕЖИСКИ НАБАВКИ	10%	5%	5%	КВАРТАЛНО	ИВАН

КЛИЕНТИ	ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ	ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА РАБОТА	20%	10%	10%	ПОЛУГОДИШН О	ГОРАЗД
КЛИЕНТИ	ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ	НАМАЛЕН БРОЈ НА РЕКЛАМАЦИИ	20%	15%	10%	МЕСЕЧНО	ПЕТАР
ПРОЦЕСИ	ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ	НАМАЛЕНА ФЛУКТУАЦИЈА	30%	20%	20%	МЕСЕЧНО	БЛАГОЈ
ПРОЦЕСИ	ЛОГИСТИКА	ПРОШИРЕНА ЛИСТА НА ДОБАВУВАЧИ (ПРОЦЕДУРА ЗА ПРЕГОВАРАЊЕ)	5%	5%	5%	ГОДИШНО	ДАНИЕЛА
УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ	ЦЕНТАР ЗА ОБУКА	ЕКИПИРАН ЦЕНТАР ЗА ОБУКА	БАЗНА ГОДИ Н				НАТАША
УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ	РАЗВОЈ НА МЕНАЏМЕНТОТ	РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ЗА ТОП-МЕНАЏМЕНТ	10%	15%	20%	ГОДИШНО	МАЈА

ЗАКЛУЧОК

Неоспорен е фактот дека балансираната скор карта е алатка која е од големо значење за стратешкото планирање во една организација, а неколку работи ја прават подобра и пофункционална за разлика од класичните бизнис планови и тоа:

балансираната скор карта нуди сеопфатен преглед на сите важни компоненети во една организација, а не само на финансиите. Финансиите се резултат на минати активности. Финансискиот успех е резултат на постојани клиенти кои ги купуваат производите и услугите. Производите и услугите се создаваат преку внатрешни бизнис процеси, кои пак се создадени и менаџирани од луѓето. Луѓето мора да располагаат со одредени компетенции за да можат да ги направат процесите балансираната скор карта нуди интерактивен пристап и обезбедува вклученост на вработените од сите нивоа во организацијата. Бидејќи самата алатка ги опфаќа сите аспекти на

работењето, се формираат тимови за секоја специфична активност и тие тимови се одговорни за својот дел во целокупната организациска стратегија
балансираната скор карта прави спој на стратегија и оператива. Алатката во себе вклучува усогласување на стратегијата со визијата и мисијата на организацијата, а исто така стратегиските приортитети ги претвора во акциски планови.

Секоја организација што сака да успее во време на брзи и непредвидени промени, потребно е фокусирано да ги користи своите ресурси, коишто секогаш се ограничени. Преку стратешкото планирање организацијата ја проценува околината и се обидува најдобро што може да ја искористи ситуацијата во своја полза. Затоа како што вели една позната изрека дека „добрата подготовка е половина завршена работа“, така и употребата на балансирана скор карта за организацијата ќе значи добра подготовка за работа

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) http://balancedscorecard.org/Resources/About-the-Balanced-Scorecard- Balanced scorecard basics, perspectives and strategy mapping

ANALIZA KONKURENTNOSTI SRBIJE U ODNOSU NA ZEMLJE REGIONA UTVRDJENA NOVIM INDEKSOM KONKURENTNOSTI

D-r Aleksandar Kuzmanović

a.kuzmanovic@rocketmail.com

UDK: 339.137:303.223(497.11:497)

ABSTRACT

Konkurentnost je danas postala dominantna ekonomska tema. Njenom značaju je, pored tradicionalne potrebe da se bude konkurentniji ili bolji od drugih, doprinela i svetska ekonomska kriza kroz koju prolaze sve privrede, pa i srpska.

Važnost konkurentnosti proističe iz činjenice da se radi o nalizi upotrebe svih raspoloživih resursa. Za svaku zemlju je važno da sagleda kvalitet upotrebe raspoloživih resursa. Srbija je od početka krize, 2008, do danas, ostvarila pogoršanje nivoa konkurentnosti. Istraživanje u radu ukazuje na osnovne pravce pogoršanja, odnosno poboljšavanja, konkurentske pozicije tokom krize.

Tema rada je svrsishodna jer se konkurentnost svake zemlje zasniva na produktivnosti upotrebe svih raspoloživih resursa. Nivo konkurentnosti koji je Srbija ostvarila u 2013. – 95. mesto u svetu među 142 zemlje – nije zadovoljavajući iako Srbija ima značajne potencijale za podizanje nivoa konkurentnosti. Tome posebno ide u prilog činjenica da se po nivou BDP - a prema paritetu kupovnih snaga Srbija nalazi na 70. mestu u svetu.

Analizom indikatora konkurentnosti i kvaliteta poslovanja ukazali smo na konkurentske nedostatke Srbije i definisali putanju kako se konkurentske prednosti mogu ostvariti. Analiza se zasniva na poređenju 2008. i 2013. godine. Pored analize konkurentske pozicije Srbije analiziran je i uzorak zemalja u regionu (Hrvatska, Rumunija i Bugarska) čime se utvrdio položaj Srbije u regionu iz ugla nivoa konkurentnosti.

Ključne reči: konkurentnost, novi indeks konkurentnosti, indikatori konkurentnosti.

ANALYSIS OF SERBIA COMPETITIVENESS IN RELATION TO COUNTRIES IN THE REGION AS DETERMINED BY THE NEW COMPETITIVENESS INDEX

Aleksandar Kuzmanović, Ph.D.

a.kuzmanovic@rocketmail.com

UDK: UDK: 339.137:303.223(497.11:497)

ABSTRACT

Competitiveness has become the dominant economic issue. Its importance, in addition to the traditional need to be competitive or better than others, contributed to the global economic crisis through which all economies, including Serbian.

The importance of competitiveness stems from the fact that it is finds it use all available resources. For each country, it is important to look at the quality use of available resources. Serbia since the beginning of the crisis, in 2008, to date, achieved the deterioration level of competitiveness. Research work shows the main directions of deterioration or improvement, competitive position during the crisis.

Subject of the work is meaningful because the competitiveness of each country based on the productivity of the use of all available resources. The level of competitiveness that Serbia has made in 2013 - 95th in the world among 142 countries - is not satisfactory, although Serbia has significant potential to raise the level of competitiveness. That specifically supports the fact that the level of GDP - a parity purchasing power Serbia is in 70th place in the world.

The analysis of indicators of competitiveness and quality of operations, we pointed out the competitive disadvantages Serbia and define the path to a competitive advantage can be achieved. The analysis is based on a comparison of 2008 and 2013. In addition to the analysis of the competitive position of Serbia is analyzed and a sample of countries in the region (Croatia, Romania and Bulgaria) to determine the position of Serbia in the region from the perspective of competitiveness.

Keywords: competitiveness, index of competitiveness, indicators of competitiveness.

UVOD

U okvirima makroekonomske teorije, konkuretnost bi podrazumevala sposobnost neke otvorene privrede da istovremeno trajno ostvaruje punu zaposlenost i održivi nivo tekućeg i ukupnog platnog bilansa. Ova analiza na strukturne faktore konkurentnosti koji utiču na alokaciju resursa i ključne aspekte ekonomske efikasnosti (kao što su produktivnost, inovacije, tehnički progress, znanje i obrazovanje itd.) komplikuje analizu i, po Krugmanu, negira postulate teorije komparativnih prednosti koja u stvari tvrdi da zemlje jedna drugoj ne konkurišu direktno (kao preduzeća), da u svetu ima mesta za sve i da je spoljna trgovina “igra sa pozitivnom sumom” u kojoj, da pri datom rasporedu faktora, svi dobijaju.

Ova analiza ima za cilj da prikaže poziciju Srbije prema dostignutom nivou konkurentnosti za 2013. godinu prema listi Svetskog ekonomskog foruma (SEF), uporedi je sa zemljama u okruženju i postavi temelje za poboljšanje pozicije u narednom periodu. Takođe je ukazano na faktore koji su presudno uticali na promene koje su dovele do aktuelne pozicije Srbije.

METODE KOJE SU SE PRIMENJIVALE U ISTRAŽIVANJU

Analitičko-empirijski metod istraživanja je korišćen prilikom pisanja ovog rada koji je podržan proučavanjem adekvatne i raznovrsne literature, kao i mišljenja, konstatacija i zaključaka pojedinih autora. Korišćen je razvojni tip istraživanja, tj. razvojna studija. Upotrebljavana mišljenja, konstatacija, zaključci i literature ne pripadaju identičnom vremenskom periodu, već različitom vremenskim periodima i rezultat su višegodišnjeg istraživanja i rada u ovoj oblasti.

U teorijsko-metodološkom postupku istraživanja na izradi ovog rada koristi se:

istorijsko - deskriptivna metoda,
analitička metoda,
komparativna metoda i
empirijska metoda.

Istorijskom metodom i deskriptivnom metodom istraživali su se teorijski okviri i mehanizmi, konkurentnost i efekti u privredi Srbije, kao i ukupni ambijent i privlačnost ekonomije Srbije za strana ulaganja. Pomoću empirijske, analitičke i komparativne metode analizirala se i upoređivala konkurentnost Srbije i zemalja regiona (Rumunija, Bugarska i Hrvatska).

NOVI GLOBALNI INDEKS KONKURENTNOSTI

Konkuretnost jedne privrede se meri preko globalnog indeksa konkuretnosti, uzimajući u obzir 12 najznačajnijih dimenzija jedne privrede. Pa se tako nacionalna ekonomija posamatra sa aspekta razvijenosti sledećih komponenti[47]:

Institucije
Infrastruktura
Makroekonomska stabilnost
Zdrvastvo i obrazovanje
Više obrazovanje
Efikasnost tržišta roba
Efikasnost tržišta rada
Efikasnost finansijskog tržišta
Tehološka spremnost
Veličina tržišta
Razvijenost biznisa
Inovacije.

Svi navedeni indikatori posmatraju se na primeru Srbije, a zatim upoređuju sa drugim zemljama koje su prošle put tranzicije i zemljama u okruženju.

IGK, kao kompozitni indeks, formira se kao ponderisani prosek vrednosti svakog od navedenih stubova. Inače, svaki od navedenih stubova sam po sebi predstavlja kompozitni indeks koji se formira kao ponderisani prosek podindikatora[48] čije vrednosti se dobijaju iz dva tipa izvora – primarnih i sekundarnih.

Primarni podaci dobijaju se na osnovu standardizovanih anketa koje se svake godine sprovode u obuhvacenim zemljama na koje odgovaraju predstavnici najvišeg menadžerskog nivoa („top menadžeri“) preduzeca koja formiraju reprezentativni uzorak. Broj preduzeca koja ulaze u uzorak varira od zemlje do zemlje i zavisi prevashodno od njene veličine. Uzorak čine mala, srednja i velika preduzeda. Udeli preduzeca prema veličini u

[47]The Global Competitivnes Report 2008-2009, © 2008 World Economick Forum
[48] Prema izveštaju SEF -a iz 2013. godine u strukturi IGK ima ukupno 114 podindikatora konkurentnosti

uzorku precizno su definisani smernicama SEF-a. Važno je napomenuti da svake godine polovinu uzorka formiraju preduzeda koja su se nalazila u uzorku prethodne godine, dok se druga polovina bira slučajnom metodom iz definisanog uzoračkog okvira.

Tabela 1. Vrednost IGK po stubovima konkurentnosti

Stub konkurentnosti	2012.	2013.
1. Institucije	3,16	3,20
2. Infrastruktura	3,78	3,51
3. Makroekonomsko okruzenje	3,91	3,36
4. Zdravstveno i osnovno obrazovanje	5,73	5,75
5. Visoko obrazovanje i obuka	3,97	4,05
6. Efikasnost zastite dobara	3,57	3,64
7. Efikasnost trzista rada	4,04	3,90
8. Sofisticiranost finansijskog trzista	3,68	3,48
9. Tehnoloska osposobljenost	4,10	3,94
10. Velicina trzista rada	3,64	3,68
11. Sofisticiranost poslovanja	3,11	3,18
12. Inovacije	2,81	2,85

Na osnovu Tabele 1. uradjene od strane Fondacije za razvoj ekonomske nauke Srbije, može se i vizuelno zaključiti da najznačajnija razmimoilaženja (padove) dve susedne godine imamo na stubovima 2, 3 i 8, respektivno, na Infrastrukturi, Makroekonomskom okruženju i na Sofisticiranosti finansijskog tržišta.

Padovi umerenog intenziteta prisutni su i na stubovima 7 i 9, tj. na Efikasnosti tržišta rada i Tehnološkoj osposobljenost i. Značajnih pozitivnih pomaka u 2013. godini nije bilo. Umereni pomaci prisutni su na stubovima 6 i 11, a odnose se na Efikasnost tržišta dobara i Sofisticiranost poslovanja. Na ostalim stubovima koje nismo spomenuli promene se mogu smatrati minornim, pa je takav i njihov uticaj na promenu ukupne vrednosti Indeksa globalne konkurentnosti (IGK) u ovoj godini.

U domenu stuba konkurentnosti koji se odnosi na Infrastruktur u, značajnom padu doprinelo je blago smanjenje kvaliteta lučke infrastrukture prema percepciji ispitanika, zatim objektivno i značajno smanjenje broja pretplatnika mobilne telefonije na 100 stanovnika (sa 125,4 na 92,8) i smanjenje broja aktivnih fiksnih telefonskih linija na 100 stanovnika (sa 37,3 na 30,2).

Kada je Makroekonomsko okruženje u pitanju, pad se prevashodno može pripisati objektivnim razlozima, koji se odnose na produbljivanje budžetskog deficita (sa - 4% na - 7% BDP), zatim smanjivanje nacionalne štednje (sa 16,1% na 8% BDP), te porast ukupnog javnog duga zemlje (sa 47% na 63% BDP). U okviru Sofisticiranosti finansijskog tržišta ukupan pad je prouzrokovan manjim padovima na gotovo svim pojedinačnim elementima ovog stuba u uskom raspon u promena od - 0,1 do - 0,2.

Na pozitivni pomak stuba Efikasnost tržišta dobara presudno je uticalo povedanje uvoza (sa 53,5% na 60,7% BDP), dok se kod ostalih elemenata beleže zanemarljive kako pozitivne tako i negativne promene koje se međusobne neutrališu. Pozitivna promena kada je Sofisticiranost poslovanja u pitanju rezultat je poboljšanja percepcije domadih privrednika o različitim aspektima kvaliteta poslovnog ambijenta u Srbiji, koje nedemo navoditi, bududi je reč o nizu relativno malih pozitivnih promena.

Tabela 2. Uporedna tabela zemalja u regionu

Zemlja	IGK		RANG	
	2012.	2013.	2012.	2013.
Srbija	3,87	3,77	95.	101.
Bugarska	3,86	3,93	96.	91.
Rumunija	4,07	4,13	78.	76.
Hrvatska	4,04	4,13	81.	75.

Ono što možemo videti u prethodnoj tabeli nam kazuje da je u poslednje dve godine izražen trend konvergencije vrednosti IGK-a za izabranu grupu zemalja. Kod zemalja sa visokim vrednostima IGK redukcija vrednosti nastupila je kao rezultat neodrživosti osvojenih pozicija, usled naleta krize, te pogoršanja vitalnih parametara koji se odslikavaju kroz kvantitativne podatke, ali i kroz pogoršanu percepciju konkurentnosti zemlje ispitanih top menadžera, što zajednički formira kompozitnu vrednost IGK. Sa druge strane, zemlje koje su i pored udara krize u poslednje dve godine ostvarile značajan napredak i pored pogoršanja kvantitativnih pokazatelja konkurentnosti svoj napredak duguju pre svega optimističnim rezultatima dobijenim anketom.

ZAKLJUČAK

Konkurentnost ne predstavlja samo jednu od "fraza" poslovanja i razvoja preduzeća, odnosno privreda. Konkurentnost danas predstavlja borbu za ulazak i opstanak na tržištu poslovanja. Ekonomska politika mora da razvija konkurentske prednosti privrede Srbije, a ne samo komparativne prednosti. Stvaranje povoljne klime za inostrane investicije prevazilazi standardne makroekonomske pretpostavke. Potrebna je ekonomska politika bez uplitanja birokratskih organa, a svakako bez administrativnih odugovlačenja pri registraciji, izdavanju dozvola, zapošljavanju, izvozu, obezbedjivanju potrebne pravne zaštite i dr. Osim toga, potrebna je efikasnost bankarskog sistema, odnosno finansijskog sistema.

Vlada Srbije danas vodi ekonomsku politiku stednje, odnosno smanjenje javnih rashoda, penzija i plata u javnom sektoru. Mozda ovo jeste jedan od koraka oporavka privrede, ali nedovoljni korak za povećanje BDP-a, bolji životni standard gradjana i uspešno vodjenje razvojne ekonomske politike.

Potrebno je da Srbija pripremi kompleksnu razvojnu politiku i jasno definiše konkurentske prednosti svoje privrede.

Budžetski rashodi – ukinuti subvencije preduzećima u restrukturiranju i velikim gubitašima medju javnim preduzećima, smanjiti budžetske transfere lokalnim samoupravama i na taj način ih naterati da povećaju svoje prihode boljom naplatom lokalnih poreza, borba za smanjenje sive ekonomije i dr.

Srbija svoj razvojni put treba da vidi isključivo u onim segmentima gde može da bude konkurentna u odnosu na zemlje regiona.

1. Poljoprivreda sa prehrambenom industrijom

Srbija treba da iskoristi ukrajinsku krizu i sankcije EU prema Rusiji i poveća izvoz prehrambenih proizvoda u Rusku federaciju. Vlada i resorno ministarstvo treba da omoguće poljoprivrednim proizvodjačima bespovratne kredite za sisteme za navodnjavanje i podizanje novih zasada voća i povrća. Bankarski sektor treba da omogući povoljnije, subvencionisane kredite za nabavku nove mehanizacije i ulaganje u opremu prehrambene industrije,

2. Prirodna bogatstva i energetika,

3. Podrška i razvoj malih i srednjih preduzeća,

Projekat "Beograd na vodi" može doprineti značajnom poboljšanju konkurentske pozicije Srbije

4. Ulaganje u obrazovanje, mlade talente, podrška istraživačkim projektima, ulaganje u brendove, naučne projekte i dr.

Sve ovo ne bi imalo uspeha bez ozbiljne reforme obrazovnog sistema u Srbiji.

Konkurentnost Srbije – PREDNOSTI: Spoljno-trgovinski sporazum sa Rusijom, sa EU, sa Turskom, SAD, Kinom i drugim velikim zemljama koje su značajni potrošači hrane u svetu. Porez na dobit je 10%, značajno manja od zemalja u regionu. Jeftina radna snaga. Odličan geografski položaj. Projekat „Beograd na vodi” značajno može da utiče na konkurentnost Srbije.

Konkurentnost Srbije – MANE: Birokratija, korupcija, nestabilno finansijsko tržište, nedovolja konkurentnost na tržištu, skupi bankarski krediti, loša infrastruktura i dr.

Kreiranje prepoznatljivosti Srbije kao zemlje investicionih mogućnosti, tržišne ekonomije, otvorenih granica, spremne da se na konkurentan način uključi u evropske tokove, predstavlja nacionalni interes Republike Srbije. Na tim osnovama utemeljeno je suštinsko opredeljenje Privredne komore Srbije kao vodeće asocijacije srpskih privrednika. Aktivno delovanje na unapređenju privrednog razvoja zemlje, povećanju izvoza i stranih direktnih investicija, jačanju konkurentnosti srpske privrede i razvoju preduzetništva, kao i promovisanje privrednog prostora Srbije kao respektabilne investicione destinacije, strateški su ciljevi Privredne komore Srbije i ekonomske diplomatije Republike Srbije.

LITERATURA

1) Annoni, P., K. Kozovska: „EU Regional Competitiveness Index“, JRC Scientific and Technical Report 23306 EN.
2) Arsić M., Pavle P., (2009), „Izazovi makroekonomske politike: kratak i srednji rok“, Ekonomska politika Srbije u 2010. godini, Ekonomski fakultet, Beograd
3) Bajec J., Konkurentnost Srbije, 2011. Jefferson Institut.
4) Čučuk A., "Finansijska globalizacija", Naučna knjiga, Beograd, 2008
5) Devetaković S., Rikalović G., Jovanović-Gavrilović B., 2006. Nacionalna ekonomija, CID Ekonomski fakultet, Beograd.
6) Đogović S., (2009), „Globalna finansijska kriza i njene posledice na privredu Srbije“, Ekonomska politika Srbije u 2009. godini i izazovi svetske ekonomske, Ekonomski fakultet Beograd.
7) The Global Competitivnes Report 2008-2009, © 2008 World Economick Forum.
8) Esser, K., Hillebrand, W., Messner, D., Meyer-Stamer, J. (1995) Systemic Competitiveness. New Governance Patterns for Industrial Development. London: Frank Cass (GDI Book Series, No.5).

ЗАСТАПЕНОСТА НА СТРАТЕГИСКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ирфан Фида

АД Електрани на Македонија
Подружница "РЕК Битола"
fida.irfan@gmail.com

УДК:005.51:334.72(497.7)

АПСТРАКТ

Терминот стратегија е термин кој често се користи, но ретко целосно е разбирлив, дури и за оние кои го користат. Потекнува од грчкиот збор *стратегос* кој значи генерал, војсководец, односно водење голема војска. Денес, поимот стратегија се применува во различни сфаќања и со различни значења. Притоа, во вообичаена смисла се користи за означување на големи планови, значајни планови, планови чие остварување, односно неостварување, е поврзано со големи последици. Со тоа се укажува на тежината на одлуката, односно изборот на стратегијата укажува на важноста и значајноста на одлуката.

По осамостојувањето Република Македонија го смени политичкото уредување, а тоа неминовно предизвика и премин од договорна економија во пазарна економија. Во договорна економија компаниите прават само долгорочни, средорочни и краткорочни планови додека стратегиско планирање не постои.

Република Македонија стана член на светската трговска организација, кое што членство обврзува слободна трговија помеѓу членките. Ваквите промени во политичкото и економското окружување неминовно налага македонските компании да прават стратегиски планови.

Со овој труд покрај тоа што се истражува колкав е процентот на застапеност на стратегиското планирање на компаниите во Република Македонија, се истражува и квалитетот на изработените стратегиски планови.

Клучни зборови: окружување, стратегиско планирање, менаџмент, профит.

THE PRESENCE OF STRATEGIC PLANNING IN THE COMPANIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Fida Irfan

JSC “MACEDONIAN POWERPLANTS”
Branch”HPP Bitola”, Novaci
fida.irfan@gmail.com

UDK: 005.51:334.72(497.7)

ABSTRACT

The term strategy is a term that is often used, but rarely is completely understood, even for those who are using it. It’s origin comes from the Greek word *strategist* hat means general, military leader, or leading big army. Today, the term strategy is used in different concepts and with different meanings. Moreover, in common sense is used for marking big plans, important plans, plans whose accomplishing or not accomplishing is related with big consequences. That indicates of the value of the decision, or the choice of the strategy indicates of the importance and significance of the decision.

After becoming independent Republic of Macedonia has changed the political regulation, and that inevitably caused transition from contractual economy to market economy. In the contractual economy the companies are making long term, midterm and short term plans and the strategic planning doesn’t exist.

Republic of Macedonia became a member of the world trade organization, which membership obliges free trade between the members. These kinds of changes in the political and economic surrounding inevitably requires for Macedonian companies to make strategic plans.

With this thesis beside it is researched the percentage of the presence of the strategic planning in the companies in Republic of Macedonia, it is also researched and the quality of the strategic plans that are made.

Keywords: surrounding, strategic planning, management, profit.

ВОВЕД

Терминот стратегија е термин кој често се користи, но ретко целосно е разбирлив, дури и за оние кои го користат. Потекнува од грчкиот збор *стратегос* кој значи генерал, војсководец, односно водење голема војска. Познато е дека големо внимание во воената наука се посветува токму на стратегијата (на процесот на стратегиското планирање, карактеристиките на стратегиите, принципите релевантни за стратегијата, особено на улогата на кадрите и штабот во процесот на стратегиското планирање), а сознанијата до кои доаѓаат воените научници и истражувачи, потоа, постепено се пренесуваат и на други области, пред сè во менаџментот на претпријатијата. Ова се објаснува со тоа што претпријатијата на пазарот се во постојана конфронтација со конкуренцијата во борба за опстанок и освојување на пазарот, а основните начела и принципи кои важат во воената наука може да се применуваат и во менаџментот на претпријатијата.

Денес, поимот стратегија се применува во различни сфаќања и со различни значења. Притоа, во вообичаена смисла се користи за означување на големи планови, значајни планови, планови чие остварување, односно неостварување, е поврзано со големи последици. Со тоа се укажува на тежината на одлуката, односно изборот на стратегијата укажува на важноста и значајноста на одлуката.

После втората светска војна во светот се случуваат огромни промени, темелни пресврти; а тоа се и можности за огромен успех. Имаше брз индустриски развој; брз развој на компјутерите и информатичките технологии, биотехнологијата; но една од најзначајните промени е револуцијата во меѓучовечките односи.

Со распаѓањето на источниот блок, престана и студената војна. Затворените пазари од земјите ид источниот блок се отворија, но и западните и неврзаните земји ги отстранија трговските бариери. Денес најголемиот број на земји се членки на светската трговска организација, која што пак обврзува слободна трговија помеѓу членките. Фреквенцијата и амплитудата на промените во окружувањето значително се зголеми, па и менаџирањето со бизнисите бара подруг пристап. Организациите треба да бидат многу флексибилни за брзо да можат да реагираат на промените во окружувањето. Бизнисот веќе не може да ги игнорира желбите и потребите на клиентите. Менаџерите веќе не можат да издаваат наредби и да очекуваат тие едноставно да бидат извршувани. Веќе не ќе може да се трпи толку голем дел од човечкиот креативен ум да биде скандалозно неискористуван.

Компаниите ширум светот денес исклучително внимание му посветуваат на примената на стратегискиот менаџмент.

Европската Унија на Република Македонија од инструментот за претпристапна помош (ИПА), и стави на располагање 622.478.002 евра неповратни средства. Единствен лимитирачки фактор беше да не се надмини плафонот 4% од БДП. Искористени се само околу 28% од овие средства. Како главна причина се напоменува немањето на добри стратегиски планови и квалитетот на изработените понудени проекти.

Предмет на истражување

Застапеноста на стратегиското планирање на компаниите во Република Македонија.

Објект на истражување

Ојект на истражување со овој труд се малите, средните и големите претпријатија на територијата во Република Македонија.

Субјекти во истражувањето

Субјекти во истражувањето на овој труд се: работници и менаџери во малите, средните и големите претпријатија на територијата во Република Македонија.

Вработените од микро бизнисите не се земени во предвид, бидејќи тоа се деловни субјекти чија основна дејност е микротрговија или ситни самостални занаетчии.

Цели на истражувањето

Основна цел на ова истражување е да се добијат релевантни информации за состојбата со стратегиското планирање на деловните субјекти, да се оцени квалитетот на изработените стратегиски планови, да се идентификуваат влијателните фактори, и да се понудат решенија за подобрување на состојбите.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувачкиот дизајн се состои ид следните фази:

1) Проценка на сегашната состојба со стратегиското планирање во РМ.
2) Проценка на квалитетот на изработените стратегиски планови во РМ.

3) Идентификување и рангирање на влијателните фактори.

Проценка на сегашната состојба со стратегиското планирање во РМ.

Податоци и информации за состојбатасо стратегиското планирање добиени се од обработените резултати од дистрибуираниот прашалник, процентуално пропорционално распределен на деловните субјекти.

Беа истражувани сите деловни субјекти без разлика на големината:

1) Микро – од 1 до 10 вработени
2) Мали – од 10 до 50 вработени
3) Средни – од 50 до 250 вработени
4) Големи - над 250 вработени

Состојбите со стратегиското планирање на деловните субјекти Во РМ, во зависност од големината на деловните субјекти дадена е во: Графикон 1. Состојби со изработени стратегиски планови.



Графикон 1. Состојби со изработени стратегиски планови

Од Графикон 1., јасно се гледа дека странските компании во РМ скоро 100% имаат изработено стратегиски планови, додека најлоша е состојбата со малите фирми.

Проценка на квалитетот на изработените стратегиски планови во РМ

Проценката на квалитетот на изработените стратегиски планови е вршена врз база на оценка на поголем број на атрибути и поголем број на ритериуми (начинот на собирање на информациите, бројот на информациите, применетите методологии).



Графикон 2. Резултати од истражувањето

Идентификување и рангирање на влијателните фактори

За идентификување на влијателните фактори изработен е полуструктуиран прашалник од 20 прашања (Прилог 1) поделени во четири дела:

1) Знаења за стратегиско планирање на менаџерите
2) Број на вработени стратегиски менаџери
3) Заинтересираност за стратегиско планирање
4) Можност од вработување на стратегиски менаџери

Овој прашалник беше дистрибуиран до деловните субјекти во Република Македонија. Исто така беа спроведени интервјуа со вработените по ринципот на случаен избор, без присуство на менаџментот.

Спроведени беа и повеќе разговори со менаџерите од повеќе различни по големина фирми во Република Македонија.

Обработените податоци од истражувањето прикажани се во: Графикон 3. Влијателни фактори за стратегиско планирање.

Графикон 3. Влијателни фактори за стратегиско планирање

ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈА СО ПРЕПОРАКИ

Стратегиските планови не можат да се копираат, туку истите треба да бидат производ на самите компании.

Препораки до Владата на Република Македонија:

Медиумска кампања за потребата од вработување на професионални стратегиски менаџери – Во Република Македонија има изградено мислење дека Стртегиските менаџери се потребни само за странските компании во Република Македонија

Измена на систематизациите на работните места во државните и јавните претпријатија, за да се даде можност за вработување

на професионални стратегиски менаџери – Во јавните и државните деловни субјекти во Република Македонија нема можност од вработување на стратегиски менаџери, тоа е наследено од минатиот општествен поредок.
Владата да дава субвенции на високообразовните институции и научните институти кои ќе вршат обуки за стратегиско планирање на менаџерите во стопанството – малите деловни субјекти често не се во можност сами да ги финансираат обуките за неколку менаџери.

Препораки до малите и средните претпријатија:
Обуки и дообразование на менаџерскиот кадар за стратегиско планирање - истражувањето утврди дека во Република Македонија, менаџерите имаат многу ниски знаења за стратегиското планирање, со оглед на тоа дека во минатото образовниот систем не продуцираше кадри од областа на стратегискиот менаџмент со оваа мерка би се подобриле состојбите
Вработување на професионални стратегиски менаџери – За извршни и генерални менаџери странските компании вработуваат исклучиво лица со завршени постдипломски студии од областа на стратегискиот менаџмент. Нивната успешност е докажана и во македонските фирми. Тој пример треба да го следат и домашните сопственици.
Вклучување на екстерни (надворешни) консултанти за изработка на стратегиските планови – Дури најголемите компании во процесот на изготвување на стратегиските планови вклучуваат екстерни консултанти, тоа го прават затоа што луѓето од надвор *поинаку ги гледаат работите*.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје: Користење на ИПА фондовите во Република Македонија
2) EC (2010a), “EUROPE 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth” , COM(2010) 2020, European Commission, Brussels.
3) EC (2010c), “Regional Policy contributing to smart growth in Europe 2020” , COM(2010) 553, European Commission, Brussels

4) Foray, D., David, P.A. and Hall, B. (2009), “Smart Specialisation – The Concept” , Knowledge Economists Policy Brief n°9, June 2009. Available at:
5) http://ec.europa.eu/invest-in-research/pdf/doznload en/kfg policy brief no9.pdf
6) Ministry of Economy (2009), “Industrial Policy of the Republic of Macedonia 2009-2020” , Ministry of Economy, Skopje
7) OECD (2010a), “The OECD Innovation Strategy: Getting a Head Start on Tomorrow’’, OECD, Paris.
8) Д-р Смилевски Ц., Д-р Смилевски З и Д-р Груевски Д. : Стратегиски менаџмент на човечки ресурси. Скопје, 2010.

МАРКЕТИНГ ИСТРАЖУВАЊЕ – КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Ана Ристевска

Студент на докторски студии при Економски факултет Прилеп
ana.ristevska12@gmail.com

Нухи Села

Економски факултет Тетово, Државен Универзитет во Тетово
УДК: 658.8]:663.674:339.137(497.774)

АПСТРАКТ

Маркетинг истражувањето е клучен фактор во работењето на секоја компанија. Маркетинг истражувањето претставува собирање на знаење и информации, нивна обработка, дистрибуција и употреба со цел донесување на соодветни маркетинг одлуки.

Маркетинг истражувањето може да се јави во различни ситуации, но со негова помош на оние кои донесуваат одлуки во компанијата им се олеснува работата, и одлуките може да се донесат многу побрзо и полесно. Преку информациите добиени од маркетинг истражувањето може да се донесуваат соодветни маркетинг одлуки кои можат да им помогнат на компаниите да постигнат конкурентска предност на пазарот на кој што настапуваат.

Маркетинг истражувањето се фокусира на потрошувачот, навиките за купување, на конкуренцијата, трендовите на пазарот, начинот на дистрибуција, цените, промоциите и сите останати показатели кои се важни за дејноста и работењето на компаниите. Маркетинг истражувањето придонесува за компанијата да комуницира ефективно, да ги идентификува и да ги разбере можностите, но и да ги идентификува пречките и проблемите.

Во теоретскиот дел на трудот детално ќе биде објаснато значењето на маркетинг истражувањето при донесувањето на одлуки кои ќе можат да им обезбедат конкурентска предност на компаниите. Додека во практичниот дел од овој труд ќе бидат наведени студии на случај од компанија од Р.Македонија која има донесено соодветни маркетинг одлуки и постигнала конкурентска предност на пазарот преку соодветно маркетинг истражување.

Целта на овој труд е да се мотивираат компаниите да прават маркетинг истражување пред донесување на секоја маркетинг одлука со цел одлуката да биде соодветна и да им овозможи конкуренстка предност на пазарот.

Клучни зборови: конкурентска предност, маркетинг истражување, маркетинг одлуки.

MARKETING RESEARCH – KEY FACTOR FOR ACHIEVING COMPETITIVE ADVANTAGE

Ana Ristevska

Student of doctoral studies on Faculty of Economics Prilep
ana.ristevska12@gmail.com

Nuhi Sela

Faculty of Economics Tetovo, State University of Tetovo
UDK: 658.8]:663.674:339.137(497.774)

ABSTRACT

Marketing research is a key factor for working of each company. Marketing research represents a collection of knowledge and information, their processing, distribution and use in order to taken appropriate marketing decisions. Marketing research can occurs in various situations, but with its help the decision makers in the company can facilitate their work and decisions can be made much faster and easier. Through information obtained from marketing research can be made appropriate marketing decisions that can help companies to achieve a competitive advantage in a market where they act.

Marketing research focuses on consumer shopping habits, competition, market trends, method of distribution, pricing, promotions and any other indicators that are relevant to the activities and operations of the companies. Marketing research helps companies to communicate effectively, to identify and understand opportunities and also to identify obstacles and problems that are happening. In the theoretical part of this paper will be explained in details the importance of marketing research in decision-making that can provide a competitive advantage to companies. While in the practical part of this work will be mentioned case studies of a company from Republic of Macedonia that has done appropriate marketing

decisions and has achieved competitive advantage at the market through appropriate marketing research.

The purpose of this paper is to motivate companies to do market research before every decision making in order the decision to be appropriate and to provide competitive advantage at the market.

Keywords: competitive advantage, marketing research, marketing decisions.

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Маркетинг истражување – улога и значење

Маркетинг истражувањето е клучен аспект за донесување на соодветни маркетинг одлуки. Зад секоја донесена одлука има одредени информации и релевантни стратегии кои се базирани на тие информации кои го водат маркетинг истражувањето во дадена акција. Најчесто компаниите постигнуваат конкурентска и одржлива предност на пазарот преку креативна употреба на информациите добиени од маркетинг истражувањето.(Paurav Shukla, 2008)

Маркетинг истражувањето може да биде ориентирано кон идентификување на некаков проблем или пак кон решавање на некаков проблем.

Истражувањето за идентификување на проблем се однесува на истражување на уделот и потенцијалот на пазарот, продажбата и предвидувања за продажбата, трендови на пазарот, како и брендирање и имиџ. Додека истражувањето за решавање на некаков проблем се однесува на истражување на сегментација на пазарот, производот, цената, промоцијата и дистрибуцијата. (Malhotra N., 2004)

Било да е маркетинг истражувањето ориентирано кон идентификување или решавање на некаков проблем, истото придонесува да се добијат информации и тие информации да служат за креирање на стратегии за работа и за донесување на соодветни одлуки.



Слика бр. 1 Маркетинг истражување

Воедно преку информациите добиени од маркетинг истражувањето се придонесува за препознавање на можностите кои произлегуваат на пазарот, како и идентификување на проблемите кои се јавуваат. На овој начин компаниите ќе можат да донесуваат одлуки за искористување на можностите кои што се јавуваат и одлуки кои ќе ги заштитат и ќе им помогнат да се одбранат од проблемите кои што настануваат на пазарот.

Преку маркетинг истражување до конкурентност на пазарот

За да бидат компаниите конкурентни тие треба постојано да се во тек со новите случувања на пазарот на кој што настапуваат, да ги следат активностите на конкурентите, барањата на потрошувачите, технолошките промени кои што настануваат, начините на кои потрошувачите размислуваат за дадената компанија и за нејзините производи, потоа движењето на цените, трендовите во промоциите, начините на дистрибуција итн. Значи информации за сите наведени работи им се потребни на компаниите за да знаат да ги прилагодат своите производи, како и стратегиите на продажба за да остварат успех на пазарот. Ваквите информации можат компаниите да ги добијат преку соодветно маркетинг истражување кое можат да го прават самите компании или пак да користат услуги од агенциите за истражување на пазарот.

Маркетинг истражувањето се прави со цел да се разберат потрошувачите, компанијата и конкуренцијата. Овие односи се клучни за да се добијат соодветни информации од маркетинг истражувањето. Компаниите мора да разберат и да одговорат на барањата на потрошувачите од нивните производи, а овој однос секогаш е под влијае на конкуренцијата и на тоа како нивните производи се доживуваат на пазарот. (Smith&Albaum, 2012)

Маркетинг истражувањето мора да биде добро организирано и јасно да бидат организирани чекорите при истражувањето со цел истото да даде соодветни информации за донесување на маркетинг одлуки. Прво мора да се утврди зошто марктинг истражувањето е потребно во компанијата. Овој не е едноставен чекор и затоа треба многу да се внимава бидејќи токму од овој чекор произлегуваат сите останати активности. Потоа следува собирањето на податоци, нивна анализа и пренос меѓу вработените кои се одговорни за донесување на одлуки. Кога се ќе биде добро спроведено и се добијат релеванти информации тогаш големи се шансите маркетинг одлуките кои ќе бидат донесени да им овозможат конкурентна предност на компанијата.

Но, маркетинг истражувањето не завршува тука. Маркетинг истражувањето е континуиран процес односно процес кој што треба да се повторува на одредени временски периоди со цел компанијата да следи се што се случува на пазарот и да ги следи новите активности коишто се важни за нејзината дејност. (Bergmann Walter, 1997)

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Студија на случај – ЦЕРМАТ ДОО
Преку маркетинг истражување до производство на преферирани производи

Цермат Доо е најголема фирма за производство на сладолед во Р.Македонија. Од година во година Цермат Доо бележи раст во производството на најразлични сладоледи произведени по најнови технолошки стандари.

Како што се зголемува производството на сладолед, Цермат Доо постојано прави напори за зголемување на конкурентноста и продажбата на своите сладоледи на домашниот пазар.

За да може соодветно да настапи на пазарот и да го прилагоди своето производство во насока на зголемување на конкурентноста и продажбата на пазарот Цермат Доо пристапи кон соодветно маркетинг истражување. Маркетинг истражувањето беше направено од страна на реномирана агенција за истражување на пазарот во текот на летниот период во 2012 година.

Целта на маркетинг истражувањето беше да се открие каква форма и вкус најмногу преферираат потрошувачите на сладолед, со цел Цермат Доо да пристапи кон производство на најпосакуваните сладоледи и истите тие да ги понуди на пазарот.

Маркетинг истражувањето покажа дека консументите на сладолед најмногу преферираат плочкаста форма на сладолед. Оваа форма е најпосакувана бидејќи поради тоа што подобро одговара на физиономијата на усната шуплина и таквиот сладолед е полесен за консумација односно сладоледот полесно се топи, подобро се доловува вкусот, повеќе се допираат рецепторите за вкус како и тоа дека се дава впечаток на поквалитетен производ. Во однос на кружната/цевческата форма од истражувањето се согледа дека поголемиот дел од консументите се сложуваат дека таа е соодветна само за најмладата популација. Овие две форми на сладолед се однесуваат на сладолед на стапче.

Додека за семејните сладоледи, маркетинг истражувањето ја истакна потребата од воведување на пакувања од неконвенционален облик и форма на пакување кој не е значително присутен на домашниот пазар.

Во однос на вкусовите, маркетинг истражувањето даде информации за јагодата како еден од најомилените овошни вкусови и чоколадото и ванилата помеѓу млечните вкусови.

Слика бр. 2 Плочеста и цевчеста форма на сладолед од Цермат Доо

Воедно се добија информации за преферирање консумирање на сладоледи со прелив. За консументите на сладолед најмногу посакуван прелив на сладоледи за индивидуална консумација е чоколадото. Сладоледите со прелив од чоколадо, но кои и содржат додатоци како лешник, бадем, ф'стак се доживуваат како најубави и најквалитетни сладоледи од страна на консументите.

Врз основа на добиените информации Цермат Доо го прилагоди своето проиводство на сладолед врз основа на желбите и преференциита на потрошувачите на сладолед. Го обнови асортиманот на сладоледи и тоа во плочкаста форма со цел да привлечи различни видови на потрошувачи, а ја задржа кружната/цевчестата форма само на два сладоледи кои се наменети за најмладата популација.

Воедно во асортиманот на Цермат Доо најмногу можат да се најдат сладоледи со вкус на чоколадо, ванила и јагода и нивна комбинација. Воедно во асортиманот на сладоледи беа воведени нови сладоледи со различни преливи и додатоци.

Преку ова маркетинг истражување Цермат Доо откри што сакаат консументите на сладолед и започна со производство на такви сладоледи. Ваквите сладоледи Цермат Доо ги пласира на домашниот пазар во летниот период во 2013 година и забележа значителен пораст во продажбата. Воедно и конкурентноста во однос на другите производители и дистрибутери на сладолед беше зголемена, што е потврдено и со дополнително маркетинг истражување.

Студија на случај – ЦЕРМАТ ДОО
Преку маркетинг истражување до унапредување на начинот на продажба

Освен формата и вкусот на сладоледот како важни фактори за зголемување на конкурентноста и продажбата на сладолед, Цермат Доо имаше и потреба од информации кои помогнат во согледување на местото на продажба кое е најсоодветно за продавање на сладолед и начинот на продажба. За таа цел повторно беше направено истражување на пазарот во истиот период од страна на истата агенција за истражување на пазарот.

Врз основа на ова истражување беа донесени информации за фрижидерите и изложувањето на сладоледите на продажните места. Распространетоста, температурата, хигиената во фрижидерите и адекватното изложување се важни фактори за консументите на сладолед. Распространетоста на фрижидерите е важен фактор, како и нивниот изглед и форма. Најмногу консуматорите преферифаат фрижидери кои им овозможуваат подобро разгледување и идентификување на посакуваниот сладолед. Исто така важна им е хигиената на фрижидерите бидејќи незадоволувањето со овој фактор придонесува за лош имиџ на производителот. Мешањето сладоледите со друг вид на замрзната исхрана исто така е перцепирано како неприфатлив начин на чување на производите.

Донесени се и информации за рекламни материјали кои се важни за консументите за донесување на одлука за купување на сладолед. Потрошувачите сметаат дека рекламниот материјал е клучен за добивање на информации за производите, а воедно сакаат и истите да бидат што поголеми и појасни. Воедно консументите сакаат да бидат на слика прикажани сладоледите заедно со внатрешноста на сладоледот со цел да потрошувачите да имаат јасна слика за сладоледот. Воедно сакаат сите сладоледи што ги има на каталозите да ги има и во фрижидерите. Тие сметаат дека чадорите и останатиот рекламен материјал придонесуваат за зголемување на свесноста на консументите за постоење на компанијата и нејзините производи.

По добивање на сите овие информации, Цермат Доо пристапи кон реформација на местата на продажба и започна да размислува какви рекламни материјали да става на самото место на продажба. По одреден временски период и во консултација на продажните менаџери, почнаа да се поставуваат банери и А бордови како рекламни материјали до секој фрижидер. Воедно на каталозите се ставија слики од сладоледи на кои се гледа и внатрешната страна на сладоледот со цел потрошувачите да добијат јасна слика за сладолед и пред да го купат и консумираат. Беа порачани и дополнителен број на чадори со цел на секое продажно мсто да има барем по еден чадор. Дистрибутерите на сладолед беа обучени да внимаваат во нивните фрижидери да не се става и друг вид на замрзната храна. Со сите овие преземени активности продажбата на Цермат Доо во наредната година беше унапредена и Цермат Доо стана поконкурентна компанија на пазарот исто така поради овие информации кои беа добиени од страна на маркетинг истражувањето.

ЗАКЛУЧОК

Од теоретското истражување може да согледаме дека соодветното донесување на маркетинг одлуки е од клучно значење за постигнување на конкурентска предност на пазарот, а соодветните маркетинг одлуки може само да се донесат преку содветно маркетинг истражување. Додека студиите на случај од позната и реномирана компанија од Р.Македонија кои беа претставени во практичниот дел потврдија дека добиените информации од маркетинг истражувањето се битен фактор за креирање на соодветни стратегии за производство и продажба на дадени производи. Ваквите стратегии се клучни за постигнување на успех и остварување на целите на компаните.

Маркетинг истражувањето е процес кој што треба да го прави секоја компанија и тоа на одреден временски период со цел да биде во тек со сите настани и случувања кои се важни за нивните активности и вршењето на нивната дејност.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Paurav Shukla, 2008, Essentials of marketing research, Paurav Shukla & Ventus Publishing Aps
2) Malhotra N., 2004, Marketing research: An applied orientation, Pearson Education New Jersey
3) Smith S.M. & Albaum G.S., 2012, Basic Marketing research: Volume 1, Handbook for research professionals, Qualtrics Labs Inc.

4) Bergmann Walter, 1997, Market research: gathering information about commercial products and services, http://www.acq.osd.mil/es/std/ndi.
5) Веб страна на Цермат Доо www.cermat.com.mk

ПРИМЕНАТА НА МОДЕЛОТ CUSTOMER BASED BRAND EQUITY ВО КОНТЕКСТ НА ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА НОВО ДЕТСКИ СПИСАНИЕ

Пред. м-р Дијана Дамевска, докторант

Бизнис Академија Смилевски-БАС
dijanadamevska@yahoo.com

УДК: 658.626:658.89]:070.489-053.2(497.7)

АПСТРАКТ

Основната стратегија на секоја компанија е во срцето на маркетингот. Тука се вкрстуваат силите на компанијата со можностите на пазарот. Позицијата на производот е збир на перцепции, импресии и чувства кои ги имаат потрошувачите за еден производ. Позиционирањето на производот се однесува на сликата што ја имаат клиентите за компанијата или за нејзините производи.

Личното искуство што го има секој клиент врз основа на користењето на производите и услугите создава цврста и нераскинлива врска помеѓу компаниите и корисниците. Клучот за за освојување и задржување на клиентите е разбирање на нивните потреби подобро од конкурентите.

Позиционирањето не се однесува на тоа што се прави со производот, туку она што се прави со свеста на идните клиенти. Способноста да се навлезе во свеста на потрошувачите е ограничена само на човечката имагинација.

Клучни зборови: позиционирање, свест на потрошувачот, конкуретска предност.

APPLICATION OF THE MODEL CUSTOMER BASED BRAND EQUITY IN THE CONTEX OF THE POSITIONING THE NEW KIDS MAGAZINE

Lecturer M.Sc. Dijana Damevska, Ph.D. Student

Business Academy Smilevski - BAS
dijanadamevska@yahoo.com

UDK: 658.626:658.89]:070.489-053.2(497.7)

ABSTRACT

The basic strategy of each company is in the heart of the marketing. Here blend the strengths of the company with the market possibilities. The position of the product is a sum of perceptions, impressions and feeling that consumers have for a specific product. The positioning of the product refers to the picture that clients have for a company or its products.

The client's personal experience based on using the products or services creates tough and inextricable connection between the companies and the consumers.

The key for conquering and maintaining the clients is understanding their needs better than the opponent. Positioning does not refer to what is done to the product but what is done to the awareness of the future clients.

The capacity to reach to the consumer awareness is limited only to human imagination.

Keywords: positioning, consumer awareness, competitive advantage.

ВОВЕД

Позиционирањето на брендот е статегиска одлука, со влијание не само на компаниските производи или услуги, туку и на сите останати елементи на маркетинг миксот. Силниот бренд го поедноставува потрошувачкото донесување на одлуки, го намалува ризикот и ги зголемува очекувањата во насока на создавање на поголема конкурентност и можност за истиот да се позиционира во свеста на крајните потрошувачи.

Моделот Customer based brand equity дава уникатни гледишта за тоа што е капиталот на брендот и како најдобро да се изгради, измери и менаџира.

Разбирањето на желбите на поединците и организациите и создавањето на програми и производи кои ќе ги задоволат, се во насока на успешен маркетинг. Основната премиса на моделот CBBE е дека моќта на брендот лежи во тоа што потрошувачите го имаат научено, почувствувано, видено и слушнато за брендот.

Капиталот на брендот базиран врз потрошувачите е всушност диференцијален ефект којшто знаењето за брендот го има за реакцијата на потрошувачите на маркетингот за тој бренд.

Целта на истражувањето во овој труд е и идентификување на целниот потрошувач, бидејќи различни потрошувачи може да имаат различни структури за знаење за брендот, а со тоа и различни перцепции и преферирања за брендот. Анализа е направена на тоа како трговците полесно да ги разберат и да одредат кои бренд асоцијации треба да бидат силни, поволни и единствени. Како да се воспостават клучните бренд – асоцијации, како да се спорведе ревизија на брендот и преку истражувачки пристап на една млада македонска компанија, Едука-Мак.

Бидејќи самојасно и одредено позиционирање што го разликува брендот од другите производи кои влијаат на човековата свест како силни и ефективни брендови.

ПОЗИЦИОНИРАЊЕТО НА БРЕНДОВИТЕ КАЈ ПОТРОШУВАЧИТЕ

Брендирањето вклучува креирање на ментална структура за производите и услугите. Потрошувачите го организираат нивното знаење за производите и услугите на начин кој го објаснува нивното донесување на одлуки во процесот кој обезбедува вредност за фирмите. Клучот на брендирањето е потрошувачите да ја согледаат разликата помеѓу брендовите во производствената категорија.

Иако фирмите обезбедуваат сила во креирањето на брендот низ нивните маркетинг програми и останатите активности, после сè брендот е она што постои во умовите на корисниците - нивните желби и потреби. Брендот всушност е перцепивен ентитет кој е вкоренет во реалноста, но тој е истовремено и повеќе од тоа. Тој мошне јасно обезбедува важен бенефит за потрошувачите и фирмите, но и фирмите обезбедуваат движечка сила за брендовите. За да се брендира еден производ прво мора да се „учат“ потрошувачите кој е производот - со давање на име и користење на други бренд елементи со што ќе се помогне при неговото идентификување, како и за што производот се користи и за што потрошувачите всушност ќе се грижат - за што внимаваат.

Секогаш, кога и да е, корисниците одлучуваат помеѓу алтернативите кои играат важна одлучувачка улога.

Давајќи илјадници можности за избор, корисниците го прават тој избор секој ден и не е за изненадување колку силно станало брендирањето. Трговците почнаа да брендираат и продукти - производи кои се толку основни што не можат физички да се диференцираат од потрошувачките услови. Со текот на годините, бројот на производите што некогаш беа суштински, станаа високо диференцирани како што брендовите растеа во нивните категории. Клучен фактор на успехот во секој случај беше тоа што потрошувачите станаа уверени дека производите понудени од една категорија не се исти и дека значајни разлики сепак постојат. Производите можат да бидат широко дефинирани и да вклучуваат физички добра, сервиси, продавници за продажба на мало, on-line бизниси, луѓе, организации, места или идеи. Без име и лого брендот го губи своето значење и препознатливоста на брендот во потполност за да не зависи од логото, мора да ги нагласи и поврзи сите останати елементи – боја, слика, звук, дизајн и потпис.

Еден од начините за одредување на сегашната позиција на брендот во однос на производите на конкурентите е врз основа на сет на објективни физички карактеристики. Во многу случаи, анализата на физичкото позиционирање може да обезбеди корисни информации за маркетинг менаџерот, посебно во раните фази на идентификување и дизанирање на нови понуди на производи.

Понекогаш физичкте разлики обезбедуваат основа за цела нова производна линија дури и нови компании. И покрај тоа што се базирани примарно на врз технички повеќе отколку врз пазарни податоци, физичките споредби можат да бидат основен чекор во правењето на позициона анализа, која ја одредува основата за одлуки за позиционирање на брендот. Тоа придонесува за подобар маркетинг, истражување и развој со одделување на клучните физички карактеристики на производот. Помага да се одреди структурата на конкуренцијата со откривање на одреден степен до кој различните брендови се конкурентни еден до друг.

Бидејќи позиционирањето се случува во свеста на потрошувачите, само физичките карактеристики не овозможуваат целосна слика за ралативните позиции. Однесувањето на потрошувачите често се базира врз социјални и психолошки атрибути, кои не се отворени за објективна споредба, како што се перцепциите на естецкото појавување на производот или статус имиџот.

Според тоа, перцептивната анализа на позиционирање – насочена кон можнсти за влез на нови производи или евалуирање и приспособување на позицијата на моменталната понуда е многу важно.

Потрошувачите знаат малку за основните физички атрибути на брендовите што ги купуваат. Ова важи и за повеќето услуги. Дури и да ги знаат, тие може да не ги разбираат доволно за да ги користат како основа за избор меѓу конкурентските понуди. Многу потрошувачи не сакаат да бидат вознемирувани за физичките карактеристики на производот, бидејќи тие не ги купуваат овие физички карактеристики, туку корист што ја обезбедуваат тие. Додека физичките карактеристики на производот со сигурност влијаат врз корист што ја обезбедуваат, потрошувачот може со сигурност да го евалуира производот подобро врз основа на тоа што прави и тоа што е. Процената на многу производи и услуги се субјективни бидејќи се под влијание на факторите на физичките карактеристики, вклучувајќи го и начинот на кој се презентирани производите, нашето предходно искуство со нив и мислењата од другите.

Донесувачите на маркетинг-одлуки кои сакаат да добијат одредена позиција во меморијата на потрошувачот ќе сакаат да го доградат својот бренд со различни типови атрибути, кои можат да бидат категоризирани како следниве:

Сл 1. Споредба на физички анализи и анализи на перцепција за позиционирање[49]

Позиционирање нов бренд во меморијата на потрошувачите или репозиционирање на сегашен бренд вклучува серија чекори. Овие чекори можат да се искористат и за производи и услуги, на домашни и интернационални пазари и на веќе постојани брендови. Откако менаџерите ќе изберат соодветен сет конкурентни понуди што ќе ги нудат на таргет – пазарот, тие моа да го идентификуваат сетот на критични или детерминирани атрибути на производот важен за потрошувачите во тој сегментиран пазар. Откако ќе се соберат информации од селектирани потрошувачи за нивната перцепција за различни понуди, истражувачите ја анализираат оваа информација за да ја одредат моменталната позиција на брендот во меморијата на

[49]Мулинс.В.Џ, Вокер.О. ,,Маркетингменаџмент пристап за донесување на стратегиски одлуки” – Арс Ламина, Скопје - 2012

потрошувачите и интензитетот – дали зазема доминантна позиција како оние на конкурентите.

УСПЕШНОТО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДОТ КАЈ ПОТРОШУВАЧИТЕ КОН ПОГОЛЕМА КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ– СВВЕ МОДЕЛ

„Можете да градите производ, а можете да градите и бренд“.

Разликата е во неколку нули.[50]

Зошто потрошувачите преферираат еден производ или услуга наместо друг?

Сл 2. Издавачка куќа Едука – Мак[51]

Едука Мак е млада издавачка куќа чија дејност е наменета за издавање на едукативни материјали и други книги за деца од предучилишна и рана училишна возраст. Таа е нова издавачка куќа, формирана во 2013 година, која со својот прв издавачки потфат – списанието за деца Смешко, создаде бренд кој ги освои децата. Освен тоа создаде и дидактички средства методски засновани, со цел да се развива логичкото мислење кај децата, да се поттикне развојот на

[50] http://www.kapital.mk
[51] EDUKA MAK Publishing

моторните способности, да се усвојат нови поими сообразени со возраста. Создава и издава и други книги за предучилишна и рана училишна возраст.

Основна задача на Едука – Мак е да заземе истакнато и ведно место во умот на целната група на потрошувачи – а тоа се децата од предучилишна, ранаучилишна возраст и пред се нивните родители кои имаат главна одлука во процесот на купување, воспитувачи и стручни соработници.

За таа цел направивме истражување со анкетен прашалник, во кое беа вклучени 100 есподенти, меѓу кои родители, деца, воспитувачи, директори на градинки и училишта кои дадоа одговори на прашања поврзани со брендот на Едука Мак, и на прашања поврзани со конкурентските брендови од оваа категорија.

По направеното истражување дојдовме до повеќе заклучоци и резултати кои ги сублимиравме според моделот CBBE.

Да овозможи идентификување на брендот со потрошувачите и асоцјација на брендот во умовите на потрошувачите.

Едука Мак, издаде нов бренд, кој според својата концепција ги надминува досегашните традиционални форми и облици на изданија и е прво од ваков вид во Републикава. Списание кое е произлезено од практиката, соединето со теоријата, а секако и одобрено од Министерот за труд и социјална политика (Решение бр. 11-5088/4 од 2013г) .

Содржините се компатибилни со Националната програма од 2007 година, за сите воспитно–образовни подрачја предвидени за предучилишна возраст во детските градинки. Списанието излегува еднаш месечно, десет броја во годината и претставува своевидно дидактичко средство за реализација на програмските цели. Концепциското поставување и уредувањето на брендот е дело на универзитетски професори и истакнати стучњаци од практиката.

Неговата цел е да одговори на најновите светски барања и воспитно-образовни тенденции за едукација на децата низ игра и забава. Така потрошувачите ќе можат да го препознаат овој бренд преку неговиот препознатлив лик – Смешко.

Одредени асоцијации на кои се сеќаваме и ниваната истрајност ќе зависат не само од силината на асоцијацијата, туку и од присутните сугестии и контекстот во кој размислуваме за брендот.[52]

Развојот на еден бренд бара време, силен финансиски маркетинг и добри маркетинг вештини.[53]

Така Едука – Мак во својот маркетинг со цел да го идентификува брендот со потрошувачите инкорпорира осознавање на нивните потреби, нуди бренд кој ги пресретнува потребите на потрошувачите, продуцира креативност и има способност за диференцирано комуницирање на начин што потрошувачите го разбираат и ги мотивира, што е пред конкуренцијата.

Да воспостави стабилна севкупност на значењето на брендот во умовите на потрошувачите поврзувајќи ги опипливите и неопипливите асоцијации.

Сл 3. Асоцијации за производ[54]

[52]Келер.К ,,Стратегискибренд - менаџмет", АрсЛамина, Скопје 2013
[53]Македонско здружение за маркетинг – Маркетинг Скопје, Скопје 2007 – Зборник на трудови од советувањето одржано во Охрид на 18 и 19 октомври 2007 година

Со истражувањето и анализа на резултатите дојдовме до заклучок дека пирамидата на Едука-Мак за капитал на брендот базиран на потрошувачите е подеднакво силна и на левата и на десната страна. Исто така и е доста силна и од дното кон врвот со оглед на временскиот период на нејзиното постоење. Постои висока свесност за брендот, висока стапка на повторно купување и голема лојалност на потрошувачите. Едука – Мак успешно се базираше на атрибутите кои се однесуваат нанадминување досегашните традиционални форми и облици на изданија што го прави поконкурентен и го носи чекор напред пред конкуренцијата.

На највисокото ниво на пирамидата се наоѓа вредноста што производот ја создава за потрошувачите, кои се крајно лојални и имаат висока стапка на повторно купување.

Во пониският слој на пирамидата каде се наоѓаат заклучоците (судовите) и чувствата. Судовите се однесуваат на високиот квалитет, голема илустративност, што до сега беше реткост, со цел да се развива логичкото мислење, да се поттикне развојот на моторните способности, да се усвојат нови поими сообразени со возраста и чувствата на успех, социјално признавање и самопочит.

На второто ниво на пирамидата се наоѓаат перформансите – списание изработено од специјална мрсна хартија која не се витка и кине, има официјално лого, како и издавачката куќа – облик на отворена книга, така и списанието – насмеано дете по кое и го добива името – Смешко.

Во однос на сликовитоста – имиџот, нуди луксузен имиџ, образовна идентификација, симбол на успех и знаење.

На најниското ниво е важноста т.е. појавноста која и натаму треба да создава голема свест, да се проширува низ територијата и да ја зголемува својата длабочина и ширина.

Да предизвика соодветна реакција со оваа бренд-идентификација и знаење за брендот.

Предизвикување соодветна реакција во врска со дадениот бренд е фаза од креирањето на брендот во која се земаат во предвид реакциите кои се јавуваат во однос на производите од дадениот бренд. Односно реакција како резултат на тоа какво знаење за брендот постои

[54]http://bi.mk/definicija-za-brend-emocija

во меморијата на потрошувачите. Тука спаѓаат свесноста за брендот и имиџот за брендот. Свесноста за брендот се однесува на јачната на бренд-јазлите или траги во меморијата, кои може да се измерат како способност на потрошувачите да го идентификуваат бендот под различни околности.

Имиџот на бредот веќе одамна се смета за важен концепт во маркетингот. Иако тровците не секогаш се сложуваат околу тоа како да го измерат, имиџот на брендот е реакција на потрошувачите како резултат на бренд асоцијациите кои ги имаат во меморијата потрошувачите.[55]Едука – Мак ја побуди свесноста на потрошувачите и ги ,,натера" да бидат лојални потрошувачи.

Имиџот на овој бренд е веќе успешно создаден и во иднина треба да се негува и надоградува. Да ја засили и гради својата историја на традиција и со тек на време да стане најсилен и најпознат бренд зголемувајќи го сопствениот имиџ и палетата на производи која ја нуди да ја проширува и да создова и во иднина поголема конкурентност.

Да ја трансформира реакцијата на брендот и да создаде интензивна, активна и лојална врска меѓу потрошувачите и брендот.

Потрошувачите создаваат силна лојалност кон брендовите. Создавачите на брендови успешно ја запазуваат оваа емотивна врска и ја негуваат. Силната врска и нејзината интензивност се создава преку креирање на производ со кој потрошувачот може да се идентификува, да се соживее со истиот. Преку претворањето на врската во силна форма на идентификација, се создава емотивна врска која налага лојалност надвор од границите на разумот.[56] Брендовите додаваат емоции кај потрошувачите. Овие емоции помагаат во создавањето на цврста врска што ја осигурува лојалноста на потрошувачите кон брендот.

Развојот на овој бренд започна со продавање и тоа продажба, втемелена на емоции, која подразбира емотивна приврзаност на потрошувачите со производот. Бидејќи станува збор за бренд кој е ралативно млад но добро се пробива на пазарот потребна е развивање на добра стратегија за таргетирање и стратегија на позиционирање за успешно надминување на конкурентите. Потребно е и пробивање и на останатите пазари преку развивање на претставништва и продажни

[55]Келер.К ,,Стратегиски бренд - менаџмет", Арс Ламина, Скопје 2013
[56] http://bi.mk/definicija-za-brend-emocija

центри со што потрошувачте ќе бидат поблиски до производот од една страна, а оние кои не слушнале за брендот ќе се информираат за него од друга страна.

Брендот мора да е повеќе и од самиот производ. Брендот не е само логото, кое е само еден од многуте елементи на брендот, кои со својата карактеристичност сама по себе му даваат и посебна карактеристика на самиот бренд.[57]

Според истражувањето причините за успехот на производите на Едука – Мак за толку катко време вклучуваат:

Добра стратегија на таргетирање - која треба да се примени и понатаму,
Добра стратегија на позиционирање - која треба да се користи и во иднина,
Правилно разбран пазар,
Адекватна цена,
Јака свесност и стратегија на комуникација.

Во иднина за поголемо издигнување пред конкуренцијата и освојување на нови потрошувачи и пазари потребно е :

Силна имплементација и инфраструктура,
Силна доверба во производот,
Реални очекувања и остварување на високи резултати,
Поголем маркетинг,
Зголемување на побарувачка за производот,
Понуда на производ кој ќе е во согласност со потребите на пазарот.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Брендирањето постои со векови и значи разлика помеѓу добрата на еден производител од добрата на друг. Всушност, брендот е име, термин, знак, симбол, дизајн или комбинација од сите нив, наменети да ги идентификуваат добрата и услугите на еден или група продавачи од оние на конкурентите. Технички кажано кога пазарот создава ново име, лого или симбол на нов производ, тој создава БРЕНД.[58]

[57]Линдстром. М., ,, СетилноБрендирање" – Скопје 2009, ,, Издавачкицентар - Три"
[58]www.wikipedia.com

Постојат многу дефиниции за терминот бренд. Нивна заедничка нишка е дека брендот е нешто повеќе од комбинација на име, дизајн, симбол или други карактеристики што ги диференцираат производот или услугата од останатите. Тоа е ункатен сет од видливи иневидливи додатни вредности кои се перцепирани и вреднувани од страна на потрошувачот. За брендот се вели дека тој лично и емотивно се поврзува со потрошувачот и тоа поврзување се зголемува надвор од перцепираните карактеристики. Во маркетингот брендот е симболичен приказ на сите информации поврзани со производот: било што, што се понудува на пазатот, а кое ги задоволува потребите и желбите. Сепак, станува збор за многу повеќе од обичен физички објект. Се работи за целосен “пакет” на бенифиции и задоволства за кои купувачот верува дека ги добива доколку го купи производот. Тоа е збир на сите физички, психолошки, симболични и услужни карактеристики. Брендот е искуство на потрошувачот претставено преку комплексен и индивидуализиран збир на слики, идеи, искуства... кои носат емоции ... и асоцијации! Препознавањето на брендот (и другите реакции) се создадени со акумулација на искуството за одредени производи/услуги директно врзани за неговата употреба. [59]Овие карактеристики на брендот се равиваат надвор од комплексена сет на додадени вредности кои можат да се споредат со претходното искуство и навиките, дополнителните услуги, економско пропагандните пораки, квалитетот, популарност на производот помеѓу некои групи на производи (статус) и други. Овие основи за перцепција на брендот докажуваат дека силен бренд не може да биде изграден преку ноќ.

Успешно раскажаната приказна е моќта на идентитетот на светски познатите брендови. Приказната создава чувство на блискост и познатост, а потрошувачите сакаат да купуваат познати и блиски за нив брендови. За таа цел, брендот и неговите елементи треба лесно да се паметат, да бидат значајни, привлечни, лесно преносливи, флексибилни и да можат правно да се заштитат.

Еден од начините за одредување на сегашната позиција на брендот во однос на производите на конкурентитее врз основа на сет на објективни физички карактеристики. Во многу случаи, анализата на физичкото позиционирање може да обезбеди корисни информации за маркетинг менаџерот, посебно во раните фази на идентификување и дизанирање на нови понуди на производи.

[59]The Executive’s Guide to Branding’’, Zyman Institute of Brand Science, US, 2005

Додека физичките карактеристики на производот со сигурност влијаат врз користа што ја обезбедуваат, потрошувачот може со сигурност да го евалуира производот подобро врз основа на тоа што прави и тоа што е. Процената на многу производи и услуги се субјективни бидејќи се под влијание на факторите на физичките карактеристики, вклучувајќи го и начинот на кој се презентирани производите, нашето предходно искуство со нив и мислењата од другите.

Концептот на позиционирање се разгледува како една креативна здача каде постојаниот бренд во натрупаниот пазар на слични брендови може да даде различна позиција во меморијата на идните целни потрошувачи. Позиционирањето на брендот имовозможува на маркетерите да ги искористат предностите и да бидат спремни да одговорат на таквите разлики и позиции на соодветни стоки и услуги со цел подобро да ги задоволат потребите на потрошувачите во еден или во повеќе од овие сегменти.

Создавањето на на двете – физички и перцепциски разлики е она што треба да се постигне за што поефективно бренд позиционирање. Како што кажува името, позиционирање значи наоѓање на соодветна ,,локација", во умот на целната група на потрошувачи или пазарен сегменттака што тие размислуваат за производот или услугата на ,,правилен", или посакуван начин со цел потенцијалната полза на фирмата да се доведе до максимум. Само доброто позиционирање на брендот помага при водење на пазарна стратегија појаснувајќи ја суштината на брендот, на начин на кој тој е единствен и го прави конкурентен на пазарот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Ambler Tim ,,Marketig and bottom line'', Financial Times Hall, Pearson Education LtD, Great Britain, 2003;
2) Kotler. F, Amstrong.G, ,,Principles of marketing, , Pearson Education, Inc., Upper Saddle River, New Jersey, 2008;
3) Business Czinkota,M,R., Ronkainen,I,A. - ,,Marketing'' - The Dryden Presss, Orlando, 2000;
4) Jean-Noel Kapferer, ,,The New Strategic Brand Management'', Kogan P., London, UK, 2007;
5) The Executive's Guide to Branding'', Zyman Institute of Brand Science, US, 2005;

6) Келер.К ,,Стратегискибренд - менаџмет”, АрсЛамина, Скопје 2013;
7) Линдстром. М., ,,СетилноБрендирање” – Скопје 2009, ,, Издавачкицентар - Три”;
8) Мулинс.В.Џ, Вокер.О. ,,Маркетингменаџмент пристап за донесување на стратегиски одлуки” – Арс Ламина,Скопје - 2012;
9) Мојсовска.Саламовска.С, - ,,Универзитет св Климент Охридски” – Битола, Докторска Дисертација
10) Македонскоздружениезамаркетинг - МаркетингСкопје, Скопје 2007 - ЗборникнатрудовиодсоветувањетоодржановоОхридна 18 и 19 октомври 2007 година
11) Димитриеска,С. - ,,Маркетингкомуникации’’ , Скопје, 2009
12) http://bi.mk/definicija-za-brend-emocija/
13) www.pwww.pretpriemac.com
14) www.wikipedia.com
15) www.money.mnogoo.mk/kako-se-sozdava-brend;
16) www.interbrand.com/brandvaluation
17) http://www.kapital.mk/

КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ КАКО ОСНОВА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОПСТАНОК И РАЗВОЈ НА КОМПАНИЈАТА

Доц. д-р Зоран Б. Јовески

БАС Институтот за менаџмент Битола
z.joveski@t-home.mk / z.joveski@yahoo.com

УДК: 005.412:339.137.2(497.7)

АПСТРАКТ

Глобализацијата на пазарот, зголемената конкуренција меѓу фирмите, оформувањето на голем број на силни компании од новите светски економски сили – Кина, Индија и Кореја, приемот на нови земји во Европската унија, ограниченоста на суровините и енергетските ресурси,... претставуваат само дел од состојбите што ја карактеризираат денешната глобална бизнис средина.

Во вака дефинираниот контекст, опстанокот на компаниите не се темели само на компаниските активности засновани на „know – how“ експертиза и концепт за преживување на организацијата, туку напротив, опстанувањето на компанијата и нејзино подобрување за делување во современи услови зависи единствено и исклучително од можностите компанијата да ја прилагоди својата палета на производи, технологија и квалитет, на новите потреби и барања на современиот пазарот. Прифаќање на ризик несомнено ќе доведе до поголем успех и подобри резултати од работењето. Со цел успешно да опстојат, компаниите ќе мора да ги следат модерните трендови во развојот на науката и технологијата, достигнувања на информатичката технологија како и современите менаџмент на стратегии.

Единствено, само конкурентски ориентирана компанија, која ќе може да се понуди квалитетен и современ производ кој ќе ги задоволи потребите и очекувањата на потрошувачите, и кој ќе биде понуден на пазарот под поповолни услови од своите конкуренти, ќе ја има можноста опстане. Тоа несомнено значи дека, во современ контекст, само преку компаниска конкурентост како основна стратегија на компанијата, ќе се подобрува севкупната резултанта од бизнисот на компанијата.

Клучни зборови: Глобализација, конкуренција, стратегија, развој, опстанок.

COMPANY COMPETITIVNESS AS THE BASIS OF THE STRATEGY FOR SURVIVAL AND DEVELOPMENT OF THE COMPANY

Assoc. Dr. Zoran B. Joveski

BAS Institute of Management Bitola
z.joveski@t-home.mk / z.joveski@yahoo.com

UDK: 005.412:339.137.2(497.7)

ABSTRACT

The globalization of the market, increased competition between companies, forming a large number of strong companies from emerging world economic forces - China, India and Korea, the admission of new countries in the European Union, the limitations of raw materials and energy resources represent... are only a part of the conditions that characterize today's global business environment.

In this defined context, the survival of the companies not rest only on a company's activities based on "know - how" expertise and concept of survival of the organization, but rather survival of the company and its action for improvement in modern conditions depends solely and exclusively on the possibilities of the company to adjust its product range, technology and quality to the new needs and demands of the modern market. Acceptance of risk will undoubtedly lead to greater success and improved operating results. In order to successfully survive, companies will have to follow the trends in the development of science and technology, achievements in information technology and modern management strategies.

Only competitive oriented company that can offer quality and modern product that will meet the needs and expectations of customers, and that will be offered to the market under more favorable conditions than their competitors, will have the possibility to survive. This undoubtedly means that, in a modern context, only through company competitiveness as a core strategy of the company will improve the overall resultant of the company's business.

Keywords: Globalization, competition, strategy, development, survival.

ВОВЕД

Глобализацијата на пазарот, зголеменатa конкуренција меѓу фирмите, оформувањето на голем број на силни компании од новите светски економски сили – Кина, Индија и Кореја, приемот на нови земји во Европската унија, ограниченоста на суровините и енергетските ресурси,..... претставуваат само дел од состојбите што ја карактеризираат денешната глобална бизнис средина.

Клучот за опстанувањето на компанијата и нејзино подобрување за делување во современи услови зависи од можностите компанијата да ја прилагоди својата палета на производи, технологија и квалитет на новите потреби и барања на современиот пазарот. Особено тоа се однесува на прилагодување на цените на производите што вклучува и одбрана од агресивната стратегија на концептот на продажба што го практикуваат „силните и големи“ компании кој главно се состои од:

драстично намалување на цената на производот;
поттикнување на потрошувачите да го купат производот; и
форсирање на продажбата по секоја цена.

Детерминанти на вквата продажба се агресивна и се фокусирани единствено кон потребите на продавачот. Овој пристап не е прифатливо во подолг рок и лесно може да доведе до губење на потрошувачите кој тој на било кој начин е измемен, и може да доведе до оштетување на рејтингорт и статусот на компанијата. Затоа, компаниите не треба на пазарот да понудат она што пазарот сака, туку она што компанијата може да го произведе, и се разбира, со содветен квалитет. Таквата понуда може да се постигне со примена на бизнис концепти ориентирани кон потребите на пазарот и потрошувачите, а не кон потребата за опстанок на компанијата.

Компанијата својот опстанок на пазарот, што вклучува и своја конкурентност на пазарот, единствено ќе ја обезбедат преку квалитетот производот дефиниран врз основа на потребите на потрошувачите. Ова ќе се постигне доколку потрошувачите добијат поголема корист од изборот на нивниот производ, од поволностата што ќе ја имаат со неговиот избор пред избор на конкурентски производ. Само компаниите (конкурентски ориентирани компании) кои се пазарно ориентирани, и кои се фокусирани на задоволување на потребите на потрошувачите преку производство на подобар производ од конкуренцијата кој ќе ги задоволи потребите и очекувањата на потрошувачите, и кој ќе биде понуден на пазарот под поповолни услови од своите конкуренти, ќе ја имаа можноста да опстанат.

КОМПАНИСКИ АКТИВНОСТИ ЗА ОПСТАНОК

Со цел успешно да опстојат, компаниите ќе мора да ги следат модерните трендови во развојот на науката и технологијата, достигнувања на информатичката технологија како и современите менаџмент на стратегии. Компаниските активности опстанок на организацијата, единствено ќе биде можно со делување во современи услови ѓто секако ќе зависи првенствено од можноста компанијата да ја прилагоди својата палета на производи, технологија и квалитет, на новите потреби и барања на современиот пазарот. Прифаќање на „овој" ризик несомнено ќе доведе до поголем успех и подобри резултати од работењето.

Доколку ја разгледаме општоприфатената или неокласичната економска теорија терминот „опстанок" на организацијата најчесто се поврзува со поголем број на взаемни термини поради неможност истиот да биде класифициран и дефиниран пооделно. Во тој контекст, потребно е да се нагласи дека процесот на опстојување на организацијата дефинаран единствено како „компаниска конкурентност" во денешни современи услови се одвива според следните фази:

А). Создавање на палета на конкурентни производи

Кога компанијата ја оформува стратегијата на нејзината компаниска конкурентност, што е особено тешко поради различноста на пристапите што се нудат, неоспорно е дека првично треба да посвети особено внимание на финансики средсва со кои таа располага. Креатавноста на организацијата, вклучително и на раководниот и менаџерски кадар, претставува вториот елемент кој има огромно влијание врз процесот на создавање на компаниска конкурентност. Со цел да таа биде компаниски конкурентна, единствено само преку симбиоза на овие два предуслови, компанијата може да дојде до:

Создавање на соодветна технологија;
Постигнување на соодветен квалитет на производот; и
Нудење на производ по конкурентна цена,

што крајно ќе резултира со долготраен опстанок проследен со успешност на компанијата во современи услови.

Б). Создавање на производи според барањата на современиот пазар

Од друга страна, компаниската конкурентност во современи услови и налага на организацијата значително подобрување на понидената палета на производи според нивниот:

Дизајн; и
Функционалност.

што несомнено претставуваат можеби и клучни „современи“ барања на потрошувачите во овој временски период, особено кога на пазарот се нудат значителен број на конкурентски производи.

В). Следење на модерните трендови на науката и информатичката технологија

Следењето на модерните трендови во развојот на науката, технологијата, достигнувањата на информатичката технологија претставуваат „внатрешност“ на организацијата. Истите, играат мошне значајна улога во постигнувањето на компаниската конкурентст, што пак претставува основен услов за опстанок и успешност на компанијата во денешни услови.

Г). Користење на современите менаџмент на стратегии

Ценејки ги денешниве сложени текови пазарни услови, многу е важно како компанијата ќе гледа на користењето на современите менаџмент стратеги кои во себе вклучуваат „различни“ и „поголем број“ на излезни решенија на погорните фази на делување на компаниски ориентираната организација. Со оглед на нивната важност, единствено само со нивна практична примена ќе зависи и понатамошниот развој, опстанок и успешност на компанијата.

РЕШЕНИЕ

Само конкурентски ориентирана компанија, која ќе може да се понуди квалитетен и современ производ кој ќе ги задоволи потребите и очекувањата на потрошувачите, и кој ќе биде понуден на пазарот под поповолни услови од своите конкуренти, ќе ја има можноста опстане. Тоа несомнено значи дека, во современ контекст, само преку компаниска конкурентост како основна стратегија на компанијата, ќе се подобрува севкупната резултанта од бизнисот на компанијата.

Во сложените пазарни услови на делување на компаниите, опстанокот на истите не се темели само на компаниските активности засновани на „know – how“ експертиза и концепт за преживување на организацијата. Напротив, опстанувањето на компанијата и нејзино подобрување за делување во современи услови зависи единствено и исклучително, од можностите компанијата да ја прилагоди својата палета на производи, технологија и квалитет, на новите потреби и барања на современиот пазарот. Со цел успешно да опстојат, прифаќање на овој вид на ризик – „компаниска конкуренст на организацијата“, се чини претставува основен и клучен услов за постигнување на подобри резултати од работењето.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Фити Т., (2007), Претприемништво, второ издание, УКИМ - Економски факултет - Скопје, 2007
2) Дикинс Д. и Филс М., (2010), Претприемаштво и мали фирми – четврто издание, Скопје, Издавачки центар ТРИ
3) Мирчев Д., (2011), Македонија во транзицискиот тунел, Скопје, Графички центар – Скопје
4) Пасаридес К., (2010), Теорија на невработеност во услови на еквилибриум – второ издание, Скопје, Арс Ламина ДОО

SUSTAINABILITY OF SERBIAN SPA TOURISM AND ACHIEVING COMPETITIVE ADVANTAGE

Biljana Ilic

Nebojša Simeonović

Dragica Stojanović

biljana.ilic@fmz.edu.rs
Faculty of management Zajecar
UDK: 338.48-44:615.83]:005.52:005.33(497.11)

ABSTRACT

At the beginning of the new century, tourism has become one of the world's largest industry, thanks to globalization in all socio-economic parts of humanity. It can be said that tourism becomes important part in the economic development of each country. However, the development of tourism has contributed to some increase of environmental pollution. For this reason, sustainable development, becomes important concept of sustainable tourism. Since the Serbian spa tourism has a great potential for economic development, the paper emphasis on the sustainability of spa tourism, and the importance of development of Serbian spa tourism. SWOT analysis are highlighted opportunities, weaknesses, strengths and threats in the Serbian spa tourism and provide basic strategic directions of further development.

Keywords: Sustainable development, sustainable tourism, Serbian spa tourism, SWOT analysis.

INTRODUCTION

The basic concept of sustainable development could be expresed by the most freqently quoted definition that originates from the „Our Common Future“, also known as the Bruntland Report : "Sustainable development is development that meets the needs of the present without compromising the ability of future generations to meet their own needs[1]." Each generation must solve their tasks and also must not leave them to future generations [2]. National strategy for sustainable development of each country aims to promote sustainable development as a comprehensive process that combines economic, social and environmental principles of a modern society at all levels. National Strategy for Sustainable Development of Serbia is task-oriented, long-term, sustainable and synergetic process that affects all aspects of life. Sustainable development includes models which are able to satisfy the socio-economic needs and interests of citizens, and at the same time removes or significantly reduces the impacts that threaten or harm the environment and natural resources. Permanent social growth contributes the economic efficiency, technological progress, the development of clean technologies, and on the long term it contributes the innovation of the whole society, encourages corporate social responsibility, reduces poverty, promotes better use of resources, improves health conditions and quality of life, leads to the reduction of pollution to a level that can withstand environmental factors and promotes biodiversity. Sustainable development coordinates various aspects of development and conflicting motives, that are included in the programs of all sectors of society, at the national level. The aim of sustainability is to balance the three key factors, or three pillars of sustainable development: sustainable development of the economy and technology, sustainable development of society based on social balance and environmental protection and rational management of natural resources [3]. At the same time, the aim of the strategy is to merge the three pillars of the whole, that will be supported by appropriate institutions.

VISION OF SERBIAN NATIONAL STRATEGY FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT

The Vision, as a major component of management and governance at all levels and in all processes, is a desired image of the future, so vision of sustainable development in Serbia could be characterized as the image of a new and modern country. According to the Vison of National Strategy for Sustainable Development, Serbia in 2017 is institutionally and economically developed, in accordance with European Union standards, with efficient use of natural resources, with economy based on knowledge, with educated people, with greater efficiency and productivity, with a preserved environment, historical and cultural heritage, the country that provides equal opportunities for its all citizens and the country with compatible both private and public sector. Based on the analysis of the Serbian potential, the desired future could be achieved by achieving fundamental short-term goals, that are based on the needs of citizens and complied with their desire for a better life. Vision of sustainability identified following national priorities: candidacy and cembership in the European Union treaties, which require Serbia to fulfill a number of complex and inter-related conditions

(Serbian compliance with the EU acquis and commitments arising from such membership); development of a competitive market economy and balanced economic growth (fostering innovation, creating links between science, technology and entrepreneurship, increase the capacity for research and development, including new information and communication technologies); ensuring security of energy supply could be achieved by increasing the efficiency of energy companies and energy economic efficiency; educated people, creating more jobs (attracting professionals, improving the quality of labor, greater investment in human resources, to find ways to invest in public health, especially in primary care and prevention, balanced regional development and infrastructure investment (and enhancing the attractiveness of the country region of an adequate level of services); protection and improvement of environment and rational use of natural resources. Of these social, economic and environmental objectives, it is necessary to put emphasis on the natural environment, improvement of the environment and rational use of natural resources. Thus, although the last mentioned, the goal of sustainability takes first place in the protection and enhancement of the environment, especially as an important precondition for sustainable development, becausec the healthy environment is the condition of suistanable development. In addition to reducing pollution and use of natural resources so they remain available for future generations, to achieve this goal it is necessary to achieve the following conditions [3]: establishment of the protection and sustainable use of natural resources; strengthening of interaction and mutual achievement of significant environmental effects of economic growth and investment; reduction of environmental pollution and the development of clean technologies; reduction of the high energy intensity of the economy of the Republic of Serbia and the efficient use of fossil fuels; encouraging the use of renewable energy sources; planning sustainable production and consumption, and reduction of waste per unit of prod.; protection and Biodiversity Conservation. Conservation of natural resources and the environment in Serbia in a sustainable manner, is possible if special attention is paid to natural resources such as: air, water, land, biodiversity, forests, mineral resources, renewable energy sources. Renewable energy sources include geothermal sources, and given tha fact that Serbia has a lot of these sources, in many of them are located spas. Spas offers a special form of tourism, that includes economic, social (health), and a natural component of the economy of modern country.

Spa resorts are places affluent in mineral water, mud, air, or other characteristics that help or facilitate the discomfort, or otherwise help the healing process. Although some spas have opulent mud treatment, there are often sources of geothermal and mineral water, while some of the mountainous regions are abounding in clean and fresh air, and are often referred to as "air baths." There are over 1000 mineral water springs in Serbia and 49 active natural spas and resorts, so it could be stated that Serbia lies on thermal mineral waters. In reference to sustainable tourism, it can be argued that it is an industry that has a minimal impact on the environment, productive, leading to job creation and also to the protection of local ecosystems [4]. Given the fact that it has friendly relations between the natural and cultural heritage, this type of tourism can also be called responsible tourism. Interpretations by the World Sustainable Tourism Organization, sustainable tourism recognizes and meets the needs of carriers of tourist services, ie. tourists, as well as carriers and offers provided, and it achieves these goals at the same or higher level in the future. Figure 1 presents a model of sustainable tourism [4].



Figure 1. Model of sustainable tourism Source: [4]

The aim of sustainable tourism is sustainable and coordinated development, that pays attention to the five components: environmental, economic profit achievement, fostering cultural characteristics of the local population, optimally meeting the needs of tourism promotion and social integrity. Aims to be achived are at the same time and conditions for their realization. It should not be on account of the economic component, forget about the environment, and the lives of the local population, because this orientation that would lead to economic performance, were profitable in the short time, that is certainly not a condition of sustainability, given that sustainable development means and development on long time.

Traces of the Roman culture confirm they paid attention to healing waters on whose wells they built baths and facilities for treatment, rest and pleasure [5]. The remnants of the Roman baths were found in the following spas: Vrnjacka Banja, Sokobanja, Niska Banja, Gamzigradska Banja, as well as in many other spas [6].

IMPORTANCE OF THE SERBIAN SPAS IN SERBIAN TOURISM

Although the territory of Serbia is extremely rich in waters (none of the European countries has so many thermo-mineral wells as Serbia does), only about 30% of this underground watery potential have been used [7]. Since the spa tourism in Serbia is one of the segments of the Serbian economy, which is expected of much more in future, it is, therefore, necessary to use it up as its developmental chance as much as possible[8]. Serbia has great chances to get profit from the spa tourism. While researching possibilities for development of the spa tourism in Serbia and working out the strategy of sustainable managing in spa torism, we used the data of the National Statistical Office of the Republic of Serbia on the number of both domestic and foreign tourists. We did a comparative analysis of the data on the number of visits and overnight stays in different tourist destinations in different periods of the year. Using the method of a questionnaire, we investigated the attitude of the citizens to tourism, and if visitors are satisfied with services in spas, primarily with medicinal services (measures of prevention, treatment and rehabilitation), as well as with offered services and accommodation facilities (hotels, suites, local hospitals and quarters for the night). Both domestic and foreign tourists were questioned. Obtained results were used for working out the SWOT analysis. The method of the SWOT analysis defined both crucial factors having influence on tourism development and the strategy of management over sustainable tourism development of Serbian Spa. This method determined also specific aims that should be achieved in managing sustainable tourism development in this area

Table 1. Realized overnight stays per types of tourist destinations of Serbia

	Total	% 2011/10.	Dom. g.	% 2011/10.	For. g.	% 2011/10.	For.g %2012/11	% 2013/2012.
Srebia	6,644,738	+ 4 %	5,001,684	+ 1 %	1,643,054	+ 13 %	+9%	+ 13 %
Beograd	1,149,029	+ 2 %	301,114	- 11 %	847,915	+ 7 %	+8%	+ 13 %
Novi Sad	213,549	+ 27 %	70,926	+ 4 %	142,623	+ 42 %	+1%	+ 15 %
Spas	2,308,435	+ 4 %	2,176,622	+ 3 %	131,813	+ 26 %	+2%	+ *29 %*
Mountain	1,590,016	+ 8 %	1,442,213	+ 8 %	147,803	+ 15 %	+5%	+ 22 %
Other tour. dest.	1,172,675	- 5 %	847,263	- 11 %	325,412	+ 16 %	+21%	+ 5 %
Ako su definisane potrebe i zaposleni imaju želju da se one zadovolje na višem nivou, lideri su u poziciji da usmeravaju njihove napore i stvaraju uslove da se to ostvari. Traženje načina je, zapravo, određivanje potrebne skale vrednosti i uslova koji stimulativno deluju na ponašanje članova organizacije. Kao posledica angažovanja su više performanse (rezultati rada) i nagrade za dodatne napore u ostvarivanju ciljeva. Poslednja faza jeste sameravanje ostvarenog u odnosu na konstatovano stanje potreba.

Vođenje pojedinca kroz organizaciju odvija se uz pomoć određenih standarda, postupaka i procedura koje su formalizovane i primerene karakteru pojedinačnih zadataka. Osim toga, vođenje pojedinaca odvija se kroz uticaj, interakcije i neformalne kontakte koji se održavaju na različitim nivoima i uslovima. Vođenje kroz interpersonalne relacije može da bude komplementarno i konkurentsko. U komplementarnom vođenju postoje realna očekivanja da se postigne viši učinak, odnosno viši nivo performansi. U konkurentskom procesu vođenja, verovatnoća je da se ostvare manji učinci, odnosno niži nivo planiranih performansi. Da bi se to izbeglo, neophodno je da se stvore uslovi koji smanjuju otpor pojedinaca, nezadovoljstvo ili indiferentnost. Ti uslovi se tako stvaraju što se decentralizuje organizacija, skrate interpersonalne interakcije, otklone određene barijere u komuniciranju i stvore mreže kojima se povezuju homogene grupe ili timovi u organizaciji.

Na vođstvo naročito utiču četiri interpersonalne dimenzije:

1) Postizanje pozitivnih uticaja, odnosno razvoj i održavanje veština koje su neophodne da bi se ostvario pozitivan i ubedljiv uticaj na ponašanje pojedinaca;
2) Razvoj i održavanje veština koje su nužne za konstruktivno delovanje u konfliktnim situacijama;
3) Razvoj i održavanje sposobnosti za pogađanje sa drugim ljudima u cilju stvaranja određenih sporazuma, i
4) Razvoj i održavanje veština za efikasan rad sa stresom.

Liderstvo ima posebnu ulogu u formiranju, održavanju i razvoju pojedinih grupa. Lider ima zadatak da u fazi formiranja grupe odredi njene ciljeve i potrebe, ekonomske, socijalne ili društvene prirode; u fazi održavanja grupe da radi na jačanju kohezije grupe, moralnih vrednosti i uloga pojedinaca i da rešava nastale konflikte i otkloni njihove uzorke.

U razvoju grupe, lider ima zadatak da radi na promenama i prilagođavanju grupe novim vizijama i zahtevima i da podstiče članove grupe u razvoju njihove kompetentnosti i mogućnosti. Osim toga, liderstvo ima posebnu ulogu u stvaranju efikasnih grupa. Teškoće nastaju, jer su grupe sastavljene od različitih pojedinaca koji imaju različite lične osobine, sklonosti i aspiracije. Otuda se lideri suočavaju sa izvesnim problemima, kao što su usklađivanje različitih stilova rada „peglanje“ netolerantnosti i otklanjanje barijera u komuniciranju i sporazumevanju članova grupe. Grupa je efikasna ako je u stanju da ostvari satisfakciju, interakciju, produktivnost i štednju.

Efikasnost grupe zavisi od više različitih faktora, kao što su struktura, stavovi, vrednosti I obim, tj. veličina grupe. Mera efikasnosti grupe je satisfakcija, interakcija, produktivnost I štednja. Na efikasnost grupe deluju i organizacioni faktori, kao što su struktura, tehnologija, materijalni resursi sirovine, alat, oprema) i priroda, tj. karakter proizvodnih zadataka. Grupe sa visokim performansama imaju sledeće karakteristike: jasne ciljeve, orijentaciju prema rezultatima, kompetentne članove i kooperativnu klimu i kulturu.

Tabela br.1 Prilazi karakteristikama lidera

Prilaz sa stanovišta ličnih karakteristika	Fokus na ličnim karakteristikama
Prilaz sa stanovišta ponašanja lidera vis-a-vis službenika	Fokus na ponašanju lidera u odnosu na druge
Prilaz sa stanovišta situacije	Fokus je na povezivanju ponašanja i situacije
Prilaz sa stanovišta gledanja u budućnost	Fokus je na sposobnosti da se menja vizija

Izvor: Schermerhorn, J. (1996) Management, John Wiley and Sons, Inc., New York, str.32454

Da bi lider ostvario svoje zadatke iz domena motivisanja, interpersonalnih relacija i timskog rada i grupne dinamike, neophodno je da poseduje ključnu karakteristiku koja se odnosi na sposobnost da imaju viziju. Ona podrazumeva smisao za predviđanje budućnosti i shvatanja potrebnih akcija za njeno ostvarenje. Principi vizionarskog lidera su:

Biti prvi – podsticati inovacije i podržavati pojedince sa idejama.
Biti entuzijasta – kroz lični primer inspirisati druge da participiraju u viziji.
Pomagati drugima – biti idol tima i podržavati napore drugih.
Dati primer – obezbediti model uloge kao uzor kako drugi mogu i treba da rade.
Proslaviti uspeh – uneti emociju i raditi srcem koliko i glavom.

U teoriji postoje različiti prilazi karakteristikama liderstva: pre svega, to je prilaz koji u obzir uzima lične karakteristike pojedinaca, prilaz koji u obzir uzima ponašanje pojedinaca u odnosu na one koje vodi, usmerava i utiče, prilaz koji dovodi u vezu situacione faktore i ponašanje lidera i prilaz sa stanovišta gledanja na budućnost, u smislu mašte, vizije i sl.

MENADŽMENT VERSUS VOĐSTVO

Menadžment je proces racionalne upotrebe proizvodnih faktora radi osrvarivanja određenog cilja. Najvažniji aspekt menadžmenta su planiranje, organizovanje, vođenje i kontrola. Liderstvo je opet proces usmeravanja i inspirisanja pojedinaca da rade na ostvarivanju zajedničkih ciljeva. Tako shvaćeno liderstvo obuhvata određene aktivnosti kao što su davanje smernica, angažovanje, motivacija i inspirisanje.

Između menadžmenta i liderstva postoje ključne razlike u planiranju procesa rada, organizovanju i izvršavanju. U menadžmentu, sistem planiranja i budžetiranja je rigidan, formalan i odnosi se na precizan raspored aktivnosti, alokaciju potrebnih sredstava, vreme i nosioce ekonomskih zadataka. Sistem je tako strukturiran da obuhvata strategijsko planiranje, funkcionalno i operativno na najnižim nivoima menadžmenta. Struktura i obim planskih zadataka srazmerni su, s jedne strane, definisanim ciljevima preduzeća i, s druge strane, budžetskim okvirima ili finansijskim mogućnostima. Za razliku od „strogog" planiranja i budžetiranja, liderstvo se oslanja na davanje određenih smernica koje se tiču razvijanja vizije budućnosti i strategija da se izvrše promene kako bi se vizija ostvarila. U menadžmentu, proces organizovanja obuhvata stvaranje odgovarajuće strukture, izbor osoblja, delegiranje odgovornosti i autoriteta i formulisanje politika i procedura, kao osnove za ponašanje ljudi i konačno, stvaranje sistema kojima se uspešno prati izvršenje posla. U liderstvu, umesto formalizovanog postupka organizovanja, primenjuje se sistem podsticanja ljudi i stvaranje izvesnih timova i koalicija koje shvataju smisao vizije i strategije za njeno ostvarivanje i prihvataju ih kao istinu, nešto što je vredno.

TEORIJE I STILOVI LIDERSTVA

Stil vođstva je zapravo način na koji lideri usklađuju i usmeravaju ponašanje zaposlenih da bi ostvarili svoje ciljeve. To je način uspostavljanja odgovarajuće relacije između lidera, s jedne strane i zaposlenih, s druge strane. U literature se razlikuju stilovi i koncepti vođstva: klasični i savremeni.

Klasični oblici vođstva su izvedeni iz poznatih studija, kao što su: *Hawtorn, Iowa, Ohio i Michigen studija. Hawtorn i Iowa* su prve studije posvećene liderstvu, koje su naučno fundirane i čiji rezultati su široko rasprostranjeni i uvažavani. Ove studije su istraživale liderstvo sa stanovišta uticaja tri stila vođstva na ponašanje i performanse pojedinaca i to autokratski ili autorativan stil, demokratski ili participativani i laissez-faire ili liberalni stil.

Autokratski stil vođenja odlikuje se time da vođa (lider) daje zaposlenima precizna uputstva i zadatke, da vrši stalni nadzor i kontrolu; da koristi prinudu i zahteva apsolutnu poslušnost.

U okviru ovog stila koristi se autoritet pozicije, komandovanja i formalnog komuniciranja.
U literature se ovaj tip lidera često naziva “proizvodno usmeren” ili “zadatku okrenut” lider. – U autokratskom stilu moguće je identifikovati dva tipa lidera ili dva tipa vođenja: harizmatsko i paternalističko. Harizmatsko vođenje u prvi plan ističe lične osobine vođe, kao što su upornost, talenat, šarm i dr. Paternalističko vođenje zasniva se na stavu da moć treba graditi na viziji preduzeća kao porodice i vođi kao ocu koji brine za svoje preduzeće i njegove zaposlene.

Demokratski stil vođenja odlikuje se isključivanjem podčinjenih i određenih grupa u donošenje odluka, posebno onih odluka koje se odnose na potrebe pojedinaca, njihove ciljeve, mogućnosti i planove. U demokratskom stilu dolazi do delegiranja autoriteta na niže organizacione nivoe i razvijanja modela učešća u procesu odlučivanja, davanja sugestija i mišljenja o određenim problemima. Demokratski vođa svojim podčinjenima omogućava inicijativu, bolju motivisanost i neposrednu komunikaciju. Proces odlučivanja je decentralizovan, participativan, fleksibilan i sa višim performansama i mogućnostima.

Liberalno (laissez-faire) vođenje odlikuje se uključenošću zaposlenih u sve faze procesa odlučivanja, u identifikovanje problema i rešavanje. Radi se o vođenju gde zaposleni imaju ist i “status” i slobodu izbora i diskusije o pitanjima od značaja za život u organizaciji. Ovaj stil vođenja primenjuje se kod organizacija u kojima deluju radne grupe i timovi sa sofisticiranim znanjima i mogućnostima u okviru inovativnih programa koji zahtevaju invenciju, stvaralaštvo i komunikaciju bez matice i šablona.

Slično istraživanjima na University of Iowa, istraživanja su sprovedena na Ohio State University na interdisciplinarnoj osnovi u kojima su učestvovali sociolozi, psiholozi i ekonomisti. Zadatak ovih studija bio je da utvrdi koji stil vođenja omogućava najbolje ekonomske rezultate, zadovoljstvo zaposlenih i smanjenje odsustvovanja radnika sa posla. Istraživači su identifikovali dva ključna dvodimenzionalna stila: stil inicijalne strukture i stil "obzira". Prvi stil podrazumeva izvesno ponašanje u kome vođa, tj. nadređeni daje zadatke sledbenicima, tj. podređenima i pre svega, vodi računa da se nesmetano odvija proizvodnja kao osnov ostvarivanja definisanih ciljeva organizacije. Drugi stil podrazumeva da vođa, tj. lider, pre svega, radi na razvijanju poverenja među članovima grupe, participacije i višesmernog komuniciranja i razumevanja pojedinih uloga i potreba organizacionih članova. Prvi stil ima karakteristike lidera koji je prevashodno orijentisan prema zadacima. Drugi stil ima karakteristike orijentisanog lidera na brige za ljude, za odnose među ljudima. Istraživanja su sugerisala da su oba stila u funkciji brige za ljude, za odnose među ljudima, u funkciji ostvarivanja većih učinaka, ukoliko vođe forsiraju visoku inicijalnu strukturu i brigu za zaposlene.

ZAKLJUČAK

Inovacije čine osnovu razvoja, kada privreda iscrpe mogućnosti rasta bazirane na prirodnim resursima i akomuliranim sredstvima kroz proces korišćenja tih resursa. Efekti inovacija, koji se ostvaruju preko inovativne aktivnosti firme, mogu imati značajne pozitivne efekte na unapređenje kvaliteta, kapaciteta i fleksibilnosti proizvodnje.

Liderstvo je nesumnjivo veoma važan faktor koji utiče na efektivnost programa menadžmenta znanja. Uspešno liderstvo koje je fokusirano na znanje, ali u smislu njegovog iskorišćavanja radi postizanja dodatne vrednosti za organizaciju, daje veoma pozitivne rezultate u praksi, koji se najčešće ogledaju u povećanju produktivnosti i agilnosti firme, jačanju inovativnosti, poboljšanju reputacije, unapređenje kreativnosti zaposlenih i jačanje njihovog morala. Biti uspešan lider u menadžmentu znanja predstavlja veliki izazov sa savremene lidere, a imati dobrog lidera na vrhu organizacije znanja, pitanje je od krucijalnog značaja za uspešnost programa znanja.

Da bi organizacije maksimalno osetile benefite koje može pružiti uspešan program menadžmenta znanja i, u tom smislu, iskoristile nesumnjiv uticaj koji liderstvo može imati na efektivnost samog programa, potrebno je da liderstvo bude okrenuto ka znanju kao osnovi konkurentske prednosti savremene organizacije; da postoji jasna vizija o tome kako se znanje može iskoristiti na najbolji način u tu svrhu; da se neguje otvorena komunikacija i poverenje; da se neguje kultura učenja i usavršavanja zaposlenih i da se zaposleni na pravi način motivišu u tom pravcu.

Osnovna prepreka savremenim organizacijama kao inkubatorima liderstva jesu organizacije klasičnog tipa sa strogo definisanom hijerarhijom, statičnim kulturama koje se opiru promenama i rizicima, menadžerima sklonim mikromenadžmentu i sl. Da bi se snašli u današnjem svetu u kome je teško naći putokaz, preduzeća moraju pristupiti promenama i upravljanju pomoću slabih signala, afirmišući kategorije kao što su: lider, vizija, kvalitet... Uspešne organizacije su usmerene na emocionalno zadovoljavanje potrošača. One svoju prednost stiču igrajući vlastitu igru drugačiju od drugih, njihova strategija je sve više senzacionalna, okrenuta ka kvalitetu onakvom kakvog ga zamišlja i vidi gospodin kupac. Novo bojno polje sa konkurencijom je sve više u dizajnu, brendu, garancijama, servisnim ugovorima, imidžu, uslovima plaćanja i mnogim drugim paketima usluga. Budućnost pripada onim organizacijama koje na svom čelu imaju ljude koji se ne boje da rizikuju. Budućnost pripada onima koji će ugrabiti priliku da je stvore. Biti sjajan u poslu više nije dovoljno, da bi uspjeli ljude treba iznenaditi, privući i učiniti zavisnim.

LITERATURA

1) Bennis, Warren (2004) The seven Ages of a Leader, Inside the Mind of a Leader, HBR
2) Eckert R. (2003) Where Leadership Starts, Leadership Insights, Harvard Business School,
3) HBR Publishing
4) Goleman D. (2002) What makes a Leader? Leadership Insights, HB School Publishing
5) Kaplan R., Norton D. (2001) The Strategy Focused Organizations, Harvard Business School Press
6) Kotter, J. (2003) What Leaders Really Do, Leadership Insights, HBR School
7) Northouse, P. (2008) Liderstvo – teorija i praksa, prevod sa engleskog, Data status, Beograd
8) Peters, T. (2005) Leadership – Inspire, Liberate, Achieve, Dorling Kindersley Limited, New York

9) Sorcher, Melvin and Brant, James (2003) Are you Picking the right Leaders, Leadership
10) Insights, Harvard Business School Publishing
11) Stefanović, N, Stefanovič Ž. (2007) Liderstvo i kvalitet, Mašinski fakultet, Kragujevac
12) Vlahović S. (2008) Liderstvo u savremenim organizacijama, CID, Podgorica

МОРАЛНИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИТЕТИ НА ЖЕНАТА ЛИДЕР ВО ФУНКЦИЈА НА КВАЛИТЕТНО РАКОВОДЕЊЕ НА КОМПАНИИТЕ

Д-р Гордана Никчевска

СУГС Гимназија „Орце Николов“ Скопје
Бизнис академија Смилевски – БАС
gordana.nikcevska@gmail.com

УДК: 005.322:316.46-055.2]:174

АПСТРАКТ

Во современиот свет нужно се наметнува потребата од лидери кои се одликуваат со високи перформанси кои во секојдневните работни обврски практикуваат доблести како почит, внимание, толеранција и други лични и општи морални вредности, со кои ќе овозможат мир и задоволство не само за себе туку и за своите вработени.

Денес многу често се укажува на фактот, дека лидерот претставува прв човек на организацијата, тој е пример за вработените и со личен пример придонесува за подигање на свеста на секој поединец. Етичките мисли и етичкото однесување не се само движечка сила на човечката цивилизација, туку се и основа за културата, мирот, за меѓусебното разбирање и солидарноста меѓу луѓето и истите ги водат кон едно посреќно и поблагопријатно битисување. Основните критериуми за вреднување на човечките постапки, како и целите и смислата на моралните барања и дејствувања во општествениот живот, се приоритети на Бизнис етиката.

Највисок морален пат е стремежот кон исправен, со лага и лоша мисла непоматен, искрен и доблесен однос кон другите луѓе, кон работата, кон имотот и кон самиот себе. Тоа е доказ дека човекот одбрал исправен пат, кој му дава право да се нарече Човек. Лидерот кој го следи овој пат со љубов ја извршува својата благородна задача, своите соработници ги охрабрува да бидат чесни и морални, да ја почитуваат етиката, која толку му е потребна на овој сложен и разнебитен свет.

Клучни зборови: лидер, етика, морални вредности, морални барања.

MORAL AND PROFESSIONAL QUALITIES OF THE WOMAN LEADER IN THE FUNCTION OF COMPANIES QUALITY MANAGEMENT

Gordana Nikchevska, Ph.D.

Professor at HSCS Gymnasium "Orce Nikolov" Skopje
Business Academy Smilevski - BAS – Skopje
gordana.nikcevska@gmail.com

UDK: 005.322:316.46-055.2]:174

ABSTRACT

In modern world today there is an essential need for leaders which are featured with high performances, which practice virtues like respect, consideration, tolerance and other personal and general moral values in their everyday work, that will in turn ensure peace and satisfaction not only for themselves but for their employees as well.

Nowadays it is often pointed at the fact that the leader is the first person of the organization, he or she is an example for the employees and with its personal example contributes to raising the awareness of every individual. Ethical thinking and ethical behavior are not only the driving force of human civilization, but also the basis for culture, peace, mutual understanding and solidarity between men and lead to a happier and contented existence. The basic criteria for the evaluation of human actions, as well as the purposes and meaning of moral claims and actions in social life, are priorities of Business Ethics.

The highest moral pathway is the pursuit towards a straight, non-polluted with lies and evil thought, honest and virtuous attitude to other people, to work, to property and to oneself. It is a proof that a person has chosen a straight path, which gives him the right to be called human. The leader who follows this path executes his noble task with love, encourages his associates to be honest and moral, to respect ethics, which is so needed in this complex and alienated world.

Keywords: leader, ethics, moral values, moral demands.

ВОВЕД

Етичките квалитети на лидерот се исто толку неопходни за успешна работа колку и професионалните. Секој лидер треба да биде обучен, да знае, да се истакнува со интелектуалните својства – како што Аристотел ги именува: дианоетички добродетели, тој треба да биде носител и на првокласни етички добродетели - како што се чесноста, разбирањето, почитувањето на редот, уредноста и коректноста, со квалитети кои му овозможуваат успешна комуникација на човекот со другите луѓе, а особено на лидерот со неговите вработени. Почитувањето на мерата, како висок идеал уште во Антиката, а кое е едно од најценетите етички вредности и норми во сите времиња и општества, секако треба да биде втемелено и во компаниите и да биде императив за секој лидер и вработен. Од пристојноста започнува етиката.

Моралната сила на човекот, која го води и го покажува и обележува патот, го претставува карактерот и карактерните особини, му овозможува да се труди да биде подобар и почовечен и со своето коректно однесување да покаже дека е беспрекорен, исправен, уреден, точен, дека дејствува правилно, ги почитува пишаните правила (кодексот), а исто така и непишаните правила на однесување. Коректен лидер не е безгрешен, туку тој постојано ќе настојува да се стреми да постапува и работи правилно а направените грешки максимално ќе настојува да ги исправи и избегнува во иднина.

АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е да се утврди како денес успешните жени – лидери размислуваат и какви се нивните морални и професионални квалитети.

Анкетирани беа 17 жени лидери со 24 прашања, за да се идентификуваат моралните и професионалните карактеристики на жените лидери од Скопје, од различни професии и тоа: правници, економисти, хемичари и технолози, со различни степени на образование и од различни возрасти.

Секој од исказите анкетираните требаше да го заокружат бројот од 1 – 5 што укажува на степенот согласување или несогласување со исказите: никогаш, ретко, понекогаш, често и секогаш. Резултатите се следни:



Сл. 1: Степен на образование

18% од жените лидери се д-р на наука,
64% од анкетираните се м-р
18% со високо образование.

На слика 2 се претставени резултатите од анкетираните жени според возраста:



Сл. 2: Возраст

64% се на возраст од 41-50 години
18% на ворaст од 51-60 години
12% се на возраст од 31-40 години
6% имаат од 21-30 години

Почит и внимание се вредности кои се нужни за грижливо, љубезно и учтиво однесување. 75% - секогаш а 25% - често ги практикуваат во своето однесување.



Сл. 3: Со почит и внимание ја извршувате професијата која сте ја избрале и така се однесувате спрема своите вработени.

Комуникативноста покажува искажување на своите мисли, слушање на друг, вештина и разбирање на луѓето. 59% од жените – лидери се изјасниле дека секогаш се доследни во комуникацијата со околината.



Сл. 4: Со личен пример им покажувате на своите вработени како треба да се однесуваат и да бидат доследни во комуникација со околината.

Дисциплина- израз за стегањето со кое човекот се навикнува на извршување на задачите а се реализира низ формите трудољубивост, уредност, ефикасност. По ова прашање 59% одговориле – често, 35% -

секогаш, 6% - понекогаш, очекуваат врвна работна дисциплина и ефикасност.



Сл. 5: Од секој вработен очекувате врвна работна дисциплина и ефикасност.

Усовршување – подобрување, качување на скалата на вредностите и на квалитетот, станување повешт, подобар. 85% се изјасниле –секогаш а 12% - често практикуваат да се усовршуваат.



Сл. 6: Со активна работа постојано се усовршувате, не дозволувајќи да бидете просечна во Вашата професија.

Толеранцијата е исклучително важна вредност. Со толерантниот лидер вработените имаат чувство на сигурност, максимално разбирање за сè што прават, не им создава ментален блок, им помага во реализирање на задачите. 29% - секогаш, 47% - често а 24% понекогаш покажуваат толеранција.



Сл. 7: Покажувате толеранција, вработените не се плашат од грешка или неуспех.

Пријатно- она што прави задоволство, што се допаѓа, мило, симпатично е вредноста за која 41% - секогаш, 53%-често а 6% - понекогаш, е ставот на анкетираните дека придонесуваат нивните вработени да се чувствуваат пријатно и почитувано.



Сл. 8: Вработените се чувствуваат пријатно и почитувано

Смиреност - тивко, спокојно скротеност, обузданост се вредности за кои анкетираните се изјасниле: 35% - секогаш, 35% - често, 18%-понекогаш а 12% ретко, се спокојни и смирени и пример за своите вработени.



Сл. 9: Во овој трескавично забрзан и невротичен свет, Вие сте спокојна и смирена и сте потпора и пример за своите вработени.

Учтив - љубезен, угладен, внимателен, кој укажува почит и уважување. 64%- секогаш, 18% често и 18% понекогаш се изјасниле жените лидери дека постапуваат учтиво и укажуваат почит.



Сл. 10: Со учтиво однесување, со личен пример најсоодветно им покажувате на вработените како треба да постапуваат и да се однесуваат.

Пријателството филозофите го сметаат за исклучителна вредност и добродетел. Ставот на анкетираните по ова прашање според нивните искази е следниот: 65% - секогаш и 35% - често се пријателски расположени.



Сл. 11: Пријателски сте расположена и создавате атмосфера, во која вработените се чувствуваат охрабрени да соработуваат со Вас и меѓусебно и да ги споделат своите лични размислувања.

Дека се подготвени да им помогнат на вработените, се искажале 71% - секогаш и 29% - често. Лидерот мора постојано да е свесен дека е на должност цело време а помошта е форма на позитивно етичко дејствување.



Сл. 12: Подготвена сте да им помогнете на вработените секогаш кога тие ќе го побараат тоа.размислувања.

Стручност – поседување специјални вештини, знаења, добра информиранот. 65% - секогаш, 35%-често се исказите на анкетираните за следењето на најновите сознанија во дејноста.



Сл. 13: Во Вашата област Вие сте стручна и ги следите најновите сознанија во дејноста

Образованоста е процес низ кој се стекнуваат знаења, вештини, ставови, навики. 42% -секогаш, 29% - често и 29% - понекогаш, сметаат дека образованоста е првиот фактор на ефикасноста и успешноста во извршувањето на работните обврски.



Сл. 14: Сметате дека образованоста е првиот фактор на ефикасност и успешност.

Објективен – оној кој реално – непристрасно ги проценува настаните, личностите и нивните поистапки. Колку се објективни жените – лидери: 53% - секогаш, 35% - често и 12% понекогаш.



Сл. 15: Објективна сте, не се однесувате различно кон вработените.

Од вкупно анкетираните жени лидери дека имаат непристрасни ставови и дека се придржуваат кон нив се искажале: 70% - секогаш, 18%-често и 12% понекогаш



Сл. 16: Имате изградени непристрасни ставови и се придржувате кон нив.

Во морален поглед примерна, доследна и стабилна и принципиелна личност според исказите на жените лидери: 53% - секогаш, 35% - често и 12% - понекогаш



Сл. 17: Во морален поглед претставувате примерна личност, доследна и стабилна и принципиелна.

Жената лидер треба да е вистинољубива сметаат: 71% - секогаш и 29% - често.



Сл. 18: Вие сте вистинољубива.

Жената лидер мора да е критична и самокритична е ставот на анкетираните: 41% - секогаш, 35% - често и 24 % - понекогаш. Критика претставува оценување, искажување суд за нешто, утврдување на она што е добро од она што е лошо кај некоја личност или во некоја дејност и дело. Самокритика претставува критички поглед и осврт на сопствените слабости и недостатоци.



Сл. 19: Вие сте критична и самокритична.

Комуницирањето е еден од најважните фактори за меѓусебното разбирање на луѓето. Главното средство во работата на лидерот е токму комуникацијата со неговите соработници. Лидерот постојано испраќа и прима пораки. Работниот контакт, наречен уште внатрешен или иманентен, лидерот го остварува низ својата работа со примена на успешни методи, и добро разработена методологија. Учествувајќи во решавањето на работните задачи, лидерите се зближуваат со своите соработници, се создава работна атмосфера, дисциплина и пријатен (заемен) однос, при што се зголемува и интересирањето и концентрацијата во работата.

Од анкетираните жени лидери се изјасниле дека се комуникавитни и добро се разбираат со вработените и тоа: 65% - секогаш, 29% - често и 6% понекогаш.



Сл. 20: Комуникативна сте и добро се разбирате со вработените.

Анкетираните жени лидери се изјасниле дека ги охрабруваат – во смисол да не бидат плашливи, да бидат енергични и решителни, да не отстапуваат пред предизвиците и ги мотивираат вработените и тоа: 59% - секогаш, 41% - често.



Сл. 21: Секогаш ги охрабрувате и ги мотивирате вработените навремено, точно и брзо да ги исполнуваат своите задачи.

Амбициозни жени лидери кои не се задоволуваат со постигнатите резултати туку постојано си поставуваат нови цели и задачи, свесни дека секогаш може подобро, поелегантно и попрактично и се изјасниле вака: 65% - секогаш, 35% - често.



Сл. 22: Амбициозна сте не се задоволувате со постигнатите резултати и секогаш си поставувате нови задачи и нови цели.

Креативни се и ги негуваат сите видови мислење во решавањето на проблемите 47% секогаш, 47% - често се исказите на жените лидери. Инвентивност е способност за изнаоѓање, духовитост, досетливост која лидерот е должен да ја поттикнува кај своите соработници, а за да го прави тоа и тој мора да биде инвентивен. Лидерот мора да биде ориентиран кон активно и сознавачко следење на сите новини и прописи, кое подразбира мисловно поврзување и сфаќање на врските и односите, а здобиените знаења да најдат функционална примена. За успешна работа треба да се користат нови методи, да се пронаоѓаат живи примери и свежи решенија. Вработените на тој начин ќе бидат најдобро мотивирани, свесни за својот напредок во практичната примена на знаењата и ако им се даде можност да ја развиваат својата лична креативност.



Сл. 23: Креативна сте ги негувате сите видови мислење во решавање на проблеми.

За доследен лидер, што држи до определено мислење, што има свој став за конкретна ствар, принципиелен и со искрен однос, како и флексибилен лидер што може да се прилагоди, да се адаптира во дадена ситуација или случај, за градење на довербатака како основна претпоставка и услов за успешна соработка се сметаат 65% секогаш, 29% - често а само 6% се изјасниле – никогаш.



Сл. 24: Доследна сте, со искрен однос и флексибилност, ја градите довербата, што претставува услов за успешна соработка.

ЗАКЛУЧОК

Денес, во развиениот свет жените и нивната улога во претприемништвото добиват се поголема и значајна улога и стануваат се поактуелни како со професионалнте така и со моралните квалитети. Денес можат да се забележат големи постигања на жените во секоја област од општествениот живот и може да се констатира дека во светските рамки влианието на жените континуирано расте, па во одредени сектори кои до неодамна како да беа предодредени само за мажите се повеќе ги заземат жените. Постојат пофеќе фактори кои придонесуваат за новонастанатата состојба и мотивацијата на жените за лидерство и сопствени бизниси, а некои од нив се следните: обезбедување на егзистенцијата, желбата за независност и самостојност во однос на мажот, желба за самодокажување, обезбедување на сигурност за староста и уште многу други фактори.

Жената денес се почесто и во поголема мера чувствува нужна потреба за достоинство, што всушност претставува чувство за својата вредност. Достоинството е морален принцип според кој човекот никогаш не треба да се употребува како средство, туку во постапувањето секогаш треба да води сметка дека тој е цел, сама по себе, на човечкото постоење, и на обичното и на моралното дејствување. Ова е една од најзначајните етички вредности, која зборува за важноста на личноста и индивидуалноста и за основното значење на квалитетот на личноста во моралот.

Културата на личноста и културата на однесувањето се придобивки на цивилизацискиот развиток и на личното одгледување на држењето, ставовите и манирите – што е многу битно и за висок духовен и човечки контакт во професијата.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Boatright, J. (2005) Ethics and Conduct of Business, fourth edition, Pearson Education.
2) Cazalot, C. (2005) Creating Competitive Advantage through Business Ethics, Executive Speeches Journal, April/May issue.
3) Gini, Al (1996) Moral Leadership and Business Ethics, Loyola University Chicago in Ethics and Leadership working papers, Academy of Leadership.
4) Hartman, L. (2005) Perspectives in Business Ethics, third edition, McGraw-hill International Edition.
5) Hutchins, R.M. (1995) The Higher Learning in America, New Brunswick: Transaction Publishers.
6) Jeger, V. (1991) Paideia, Novi Sad: Književna zajednica Novog Sada.
7) Кант, И. (1993) Критика на практичниот ум, Скопје: Метафорум.
8) Лоренс, Ен Т. – Бебер, Џ. (2009) Бизнис и општество, Скопје, Датапонс.
9) Pfeffer, J. (1994) Competitive Advantage through People, California Management Review, Winter.
10) Porter, M. (1998) The Competitive Advantage of Nations, The Free Press, Simon & Schuster Inc.
11) Темков, К. (1999) Етиката денес, Скопје, Епоха.
12) Vuk-Pavlović, P. (1932) Ličnost i odgoj, Zagreb: Tipografija.
13) Warnock,M. (1995) Ethics since, Oxford Universitu Press.

ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ТРАНСФОРМАЦИСКО ЛИДЕРСТВО ВО КОМПАНИИ

М-р Николче Бабовски

СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола
nikobaba@live.com

УДК: 005.322:316.46]:005.332.3:303.62

АПСТРАКТ

Искористувањето на интелектуалниот капитал со кој што располага секоја една организација во голема мера зависи од лидерството во организацијата. Имајќи го ова во предвид, како појава којашто ќе се третира во ова истражување може да се издвои : водење на организациите. Притоа, како проблем кој што доминантно се наметнува во рамките на појавата е недостатокот на квалитетно лидерство во организациите, што за последица има лошо менаџирање на човечките ресурси и намален профит, односно намалени резултати од работата.

Во тие рамки особено се чувствува недостатокот на трансформациското лидер-ство што е значајно од аспект на потребата организациите да се соочат и справат со предизвиците на новото време и да се дојди до квалитетни решенија за тие предизвици. Затоа во ова истражување фокусот се става на трансформациското лидерство.

Предмет на истражувањето е утврдување на потребите и можностите за трансформациско лидерство во организациите.

Ова истражување има доминантно практична цел. Во текот на истражувањето се користат следниве методи:дескриптивен метод, метод на анализа и синтеза, метод на класификација, метод на генерализација, метод на потврдување и оспорување.

За да се соберат потребните емпириски показатели во истражувањето се користат следниве техники: анкетирање, интервјуирање, анализирање на содржината, скалирање.

Исто така за потребите на ова истражување се користат следниве инструменти: анкетен прашалник, протокол за водење на интервју, протокол за анализирање на содржина, скала на ставови и мислења. Резултатите добиени од ова истражување се презентираат низ призмата на посебните хипотези и на генералната хипотеза.

Пред ова истражување се поставуваат следниве задачи:

да се утврдат потребите и можностите за примена на трансформациското лидерство;
да се провери применливоста на трансформациското лидерство во бизнис - сферата;
да се определи врската помеѓу организацискиот концепт и трансформациското лидерство.

Клучни зборови: лидерство, менаџмент, промени, ефективност, ефикасност, трансформациско лидерство.

NEEDS AND OPPORTUNITIES FOR TRANSFORMATIONAL LEADERSHIP IN COMPANIES

Nikolche Babovski M.Sc.

SOZU "Kuzman Shapkarev" - Bitola
nikobaba@live.com

UDK: 005.322:316.46]:005.332.3:303.62

ABSTRACT

The use of the intellectual capital that every organization has in its disposal depends in great measure of its leadership. Gonsidering the above mentioned, like a phenomenonon that will be treated in this research can be single out: leadership of the organizations. Due to this as a problem that is being dominantly imposed in the terms of the phenomenon is the lack of quality leadership in the organizations that as a consenquence has a bad management of the human resources and reduce profit, or the work results.

In those terms especially is felt the lack of transformational leadership that is being significant from aspect of necessity of the organizations to cope with challenges of the new age and to reach to their quality solutions. Therefore in the focus of this research it will be set the transformational leadership.

As a subject in the research is defined: establishment of the necessities and opporthunities for the transformational leadership in the organizations. This research possesses dominantly practical aim.

During the research the following methods will be used:descriptive method, analyses and synthesis method, classification method, generalization method, confirmation and cotradiction method.

In order to collect the necessary empirical indexes in the research will be used the following techniques: survey, interview, content analyses, scaling.

Also for the needs of the research will be used the following instruments: questionnaire, interview protocol, contents analyses protocol, attitudes and opinions scale.

The results of this research will be presented through the prism of special hypotheses and the general hypothesis. The following tasks are established to this research:

To establish the necessities and opportunities for application of the transformational leadership;
To check the application of the transformational leadership in the business sphere;
To specify the relation between the organizational concept and the transformational leadership.

Keywords: leadership, management, changes, effectiveness, efficiency, transformational leadership.

ВОВЕД

Лидерството претставува однесување или поведение кое им овозможува и помага на другите да ги постигнат планираните цели.

Повеќе од било кога денес е нагласена потребата од квалитетно лидерство во организацијата и точното дефинирање или редефинирање на поимот лидерство во организацискиот развој.

Според некои автори од сферата на менаџментот лидерството е процес на влијание врз активностите на индивидуата или групата во нивните напори да ја постигнат целта во дадената ситуација. Од ова јасно се гледа дека лидерството е функција од лидерот, следбениците и другите варијабили кои се однесуваат на дадената ситуација.

Врските формирани меѓу лидерите и следбениците се во фокусот на трансформациските теории познати и како Relationship Theories.

Во денешниот свет лидерите повеќе не ги дефинираме како луѓе со позиција, моќ или статус во бизнисот, политиката или општеството, туку како луѓе чии што способности овозможуваат формулирање и достигнување на визијата.

До денес во научните кругови се развиени, промовирани, проучени, докажувани и оспорувани повеќе теории за лидерските стилови. Одредени автори го нагласуваат значењето на трансакциското лидерство, други го издвојуваат трансформациското ли-дерство, трети дека тоа е харизматското лидерство, додека пак некои автори се трудат да ја докажат поврзаноста помеѓу одредени лидерски стилови (трансформациско-тран-сакциска двофакторна концептуализација на Yukl[65], Burns ги зема во предвид и транс-формациското и трансакциското лидерство како две цели на продолжувањето), било тоа да е прикажано како взаемно влијание, било да се говори за нивно надополнување[66].

Трансформациското лидерство е едно од неодамнешните концептуализации на концептите за лидерство. Тоа е специфицирано како важен механизам за промена на организацијата.

Трансформациското лидерство е лидерски стил кој што креира квалитетна и позитивна промена кај следбениците, ја засилува мотивацијата, моралот и изведбата. Иако трансформациското лидерство ја доби својата способност да го разбере организа-циониот процес на промени и да го објасни нивото на резултати на вработените / следбениците, исто така покрена и неколку концептуални проблеми. Потребно е да се распознае и да се пристапи кон овие проблеми бидејки истражувачите забележаа дека трансформациското лидерство е во фаза каде што неговото концептуално истражување е мошне важно.

Неопходно е понатамошно истражување на трансформациското лидерство за да се согледаат потребите и можностите за примена на трансформациското лидерство во организациите од денешен практичен аспект на гледање и следење на резултатите во организацијата.

[65] Yukl, G. (1999): *An evaluative essay on current conceptions of effective leadership,* European Journal of Work and Organizational Psychology, Vol. 8 No.1
[66] Burns, J. M. (1978): *Leadership*, Harper and Row, New York, N. Y.

Истражувањето, во овој труд иако има доминантна цел да се утврдат реалните потреби и објективните можности за примена на трансформациското лидерство во организациите од различна дејност, претпоставувам дека ќе се разликуваат од досегашните истражувања, но целта ќе остане иста: да се докажат предностите на при-мената на трансформациското лидерство во организацијата, а воедно и да се надопол-нат и прошират досегашните теоретски и практични знења за концептот на трансформациско лидерство.

ПРВ ДЕЛ: ТЕОРИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Лидерство и менаџмент

Може да се каже дека лидерството е старо колку што е стар и човековиот род, односно тоа е феномен кој што е поврзан со свесни битија, а не со технички системи.

Според една од основните дефиниции којашто ја дава Whitaker, лидерството претста-вува однесување или поведение кое им овозможува и помага на другите да ги постигнат планираните цели[67].

Водстото во основа има две клучни димензии[68]:

создавање визија за иднината и
инспирирање (поттикнување) на луѓето да ја направат таа визија стварност.

Процесот на лидерството е функција од лидерот, следбениците и другите вари-јабили кои се однесуваат на дадената ситуација[69].

Сите добри лидери учат од сопствените и од туѓите грешки, меѓутоа постои и онаа народната дека подобро е да се учи на туѓите отколку на сопствените грешки, соп-ствените грешки скапо коштаат, но подобро и подолго се паметат. Тие повеќе сакаат да профитираат од она што поминало, отколку автократски да бараат кој заслужува пре-кор[70].

---

[67] Whitaker, P. (1995): *Managing change in schools*, Open University Press, p. 72
[68] Manske, F. M. Jr. (1990): *Secrets of Effective Leadership,* Columbia, USA, p. 5
[69] Hersey, P. & Blanchard, K. H.: *Management of the organizational behavior Utilizing Human Resources,* New Jersey, Prentice Hall, Inc. p. 83
[70] Frigon, N. & Jackson, H. (1996): *The Leader,* New York, Amacom – American Management Association, p. 5

Менаџментот, како поим, е еден од термините кој што кај нас се одомаќинил под тоа име, но и поим којшто не секогаш и не од сите се сфаќа и применува правилно.

Околу тоа што содржи работата на врвните менаџери многу е пишувано, истра-жувано и многу е проучувано. Интересно е гледиштето на Henry Mintzberg кој зборува за т.н. менаџерски улоги и неговите размислувања се прифатени од голем број на тео-ретичари на менаџментот[71]. Тој вели дека врвните менаџери „играат“ три вида на улоги и тоа:

интерперсонални,
информативни,
улоги на донесувачи на одлуки.

Менаџментот на човечки ресурси - фактор за ефикасно и ефективно водење на организациите

За менаџментот денес постојат многу дефиниции, но основната цел на менаџ-ментот на човечките ресурси е ефикасно и ефективно работење и развој на организаци-јата преку развој и оптимално искористување на човечките капацитети.

Зошто за организацијата би биле толку значајни ефективноста и ефикасноста во работењето, а за да тие се постигнат пак, битен удел има менаџментот на човечки ре-сурси. Можеби, точниот одговор за ова прашање лежи токму во една од дефинициите за менаџмент каде што се вели дека: *„целите треба да се достигнат на ефикасен и ефективен начин“*

За да може ова да се објасни, добро е, прво треба да се дефинираат поимите[72]:

ефективност(doing the right things),
ефикасност(doing things right).

Менаџментот на човечки ресурси претставува начин човечките ресурси во орга-низацијата да се обединат заедно со другите ресурси коишто ги поседува таа организа-ција, за да се постигнат нејзините

[71] Mintzberg, H. (1973): *The Nature of Managerial Wor,* N. Y., Harper and Row Publishers, pp. 54-100
[72] Кралев, Т. (2007): *Основи на менаџментот – Петто издание*, Скопје, Центар за интернационален менаџмент, стр. 4

цели, односно да се реализира мисијата на организа-цијата и да се достигне организациската визија.

Честопати се поставува прашањето: „Зошто менаџментот на човечките ресурси е толку важен, а неговите концепти и техники толку битни за менаџерите?“

Одговорот според мене е мошне јасен: Без концептите и техниките на менаџ-ментот на човечки ресурси и нивното практицирање во организациите можат да се на-прават катастрофални грешки во кадровските политики на самите организации и тоа на сите нивоа.

Организациски промени

„Нема ништо потешко и понеизвесно, ниту нешто претставува поголемо коцкање на кариерата, отколку да се иницира промена[73]*“.*

Можноста, умешноста да се управува со промената е мошне значајна менаџер-ска вештина којашто е особено потребна денес, кога динамиката на случувањата во организацијата и во нејзината околина се огромни.

Голем број на автори истакнуваат дека предуслов за успехот во секоја организа-ција се токму континуираните промени и приспособувањето на организацијата кон случувањата и односите во окружувањето.

Лидерите кои ја развиваат вештината за помагање и забрзување на промената во една организација, ќе бидат водечка сила во иднината.

Филозофијата на менаџментот на промени се:

иновативноста,
креативноста и
претприемчивоста.

Според Курт Левин комплексните проблеми треба да се гледаат на едноставни начини и промената најдобро може да се согледа и управува како процес во три чекори[74]:

[73] Петковски, К. (2009): *Деловно лидерство*, Приватен Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, стр. 14
[74] Петковски, К. (2009): *Деловно лидерство*, Приватен Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, стр. 58

Создавање клима за промени,
Спроведување на промените,
Зацврстување на промените.

Во фокусот на трансформациското лидерство се две форми на промени. Прво, некои автори се фокусираа главно на промената која е донесена од следбениците (Bass)[75], други се фокусираат на институционалната или организационата промена.

Побалансирана позиција е рефлектирана кај Burns која се поврзува со постигну-вањето на промените во општествените и институционалните аспекти, како и на про-мените во размислувањата на следбениците и во состојбите на мотивација[76].

ВТОР ДЕЛ: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Појава, проблем и предмет на истражувањето

Искористувањето на интелектуалниот капитал во голема мера зависи од лидер-ството во организацијата и како појава која што ќе се третира во ова истражување мо-же да се издвои: водење на организациите, а како проблем кој што доминантно се на-метнува во рамките на појавата е недостаток на квалитетно лидерство во организаци-ите, што за последица има лошо менаџирање на човечките ресурси и намален профит.

Фокусот на истражувањето се става на трансформациското лидерство, а како предмет на истражувањето се дефинира: утврдување на потребите и можностите за примена на трансформациско лидерство во организациите.

Цели, задачи и очекувани резултати на истражувањето

Ова истражување има доминантно практична цел, но и одредена теоретска цел.

Пред ова истражување се поставуваат следниве задачи:

да се утврдат потребите и можностите за примена на трансформациското лидер-ство;
да се провери применливоста на трансформациското лидерство во бизнис сферата;

[75] Bass, B. M. (1985): *Leadership and Performance Beyond Expectations*, Free Press, New York, N. Y.
[76] Burns, J. M. (1978): *Leadership*, Harper and Row, New York, N. Y.

да се направи споредба помеѓу трансформациското лидерство од една страна и трансакциското и харизматското лидерство од друга страна;
да се определи врската помеѓу организацискиот концепт и трансформациското лидерство.

Хипотетска рамка

Генерална хипотеза – ако се применува трансформациско лидерство, тогаш орга-низацијата ќе постигнува ефикасност и ефективност во својата работа.

Посебни хипотези

Посебна хипотеза 1 - во организацијата постои потреба за примена на транс-формациско лидерство како предуслов за ефикасно и ефективно работење.

Посебна хипотеза 2 - независно од дејноста на организацијата, во организација-та постојат можности за примена на трансформациското лидерство како предуслов за ефикасно и ефективно работење.

Посебна хипотеза 3 - ако во организацијата се создаде клима за промени, тогаш организацијата ќе може да се справи со предизвиците што ги наметнува новото време.

Посебна хипотеза 4 - ако во организацијата се применува трансформациското лидерство, тогаш организацијата ќе ја достигне својата визија.

МЕТОДИ, ТЕХНИКИ, ИНСТРУМЕНТИ И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.

Во ова истражување ке се користат следните методи[77]:

Дескриптивен метод
Метод на анализа и синтеза
Метод на класификација
Метод на генерализација
Метод на потврдување и оспорување

[77] Ivanović, Z. (1996): *Metodologija izrade znanstvenog i strucnog djela*, Sveučilište u Rijeci, Hotelijerski fakultet Opatija.

За да се соберат потребните емпириски показатели, во ова истражување ќе се користат следните техники:

Анкетирање
Интервјуирање
Анализирање на содржина
Скалирање

Соодветно на овие техники за потребите на истражувањето ќе се користат следните инструменти:

Анкетен прашалник
Протокол за водење на интервју
Протокол за анализирање на содржина
Скала на ставови и мислења

Со анкетирање и скалирање ќе бидат опфатени по 100 испитаници, а со интервјуирање 20 испитаници.

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Презентација на вкупните резултаи на истражувањето (заеднички прашања)

Табела 1. Одговори на заеднички прашања

бр	Прашање	Одговори		
		да	не	незнам
1	Дали примената на трансформациското лидерство е предуслов за ефикасно и ефективно работење / Примената на трансформациското лидерство е предусов за ефикасно и ефективно работење	100	7	13
2	Дали во вашата организација постојат можности за примена на трансформациското лидерство / Дали во вашата организација постојат можности за примена на трансформациското лидерство	64	21	35
3	Трансформациското лидерство може да се справи со предизвиците на новото време / Трансформациското лидерство може да се справи со предизвиците на новото време	90	7	23

4	Вашиот менаџер во својата работа ги при-менува елементите на трансформациско лидерство / Дали Вие во својата работа ги применувате вештините на трансформацис-кото лидерство	37	46	37
5	Дали вашиот менаџер е обучен за трансформациско лидерство / Дали сте обучен за примена на трансформациско лидерство	19	39	62

На прашањето бр.1„Дали примената на трансформациското лидерство е предуслов за ефикасно и ефективно работење/Примената на трансформациското лидерство е предусов за ефикасно и ефективно работење“ најмногу испитаници (100 или 83,34%) одговориле *да*, 13 или 10,83% од испитаниците одговориле *незнам* и 7 или 5,83% од испитаниците одговориле *не*.



На прашањето бр.2„Дали во вашата организација постојат можности за примена на трансформациското лидерство/Дали во вашата организација постојат можности за примена на трансформациското лидерство“ најмногу испитаници (64 или 53,33%) одговориле *да*, 35 или 29,17% од испитаниците одговориле *незнам* и 21 или 17,50% од испитаниците одговориле *не*.



На прашањето бр.3„Трансформациското лидерство можи да се справи со предизвиците на новото време/Трансформациското лидерство можи да се справи со предизвиците на новото време“ најмногу испитаници (90 или 75,00%) одговориле *да*, 23 или 19,17% од испитаниците одговориле *незнам* и 7 или 5,83% од испитаниците одговориле *не*.



На прашањето бр.4„Вашиот менаџер во својата работа ги применува елементите на трансформациско лидерство/Дали Вие во својата работа ги применувате вештините на трансформацискoто лидерство“ најмногу испитаници (46 или 38,34%) одговориле *не*, 37 или 30,83% од испитаниците одговориле *да* и 37 или 30,83% од испитаниците одговориле *незнам*.



The social-structural perspective on empowerment is embedded in theories of social exchange and power. However, while this perspective has garnered much attention from practitioners because it links specific managerial practices to performance, it is limited because it provides an organizationally-centric perspective on empowerment. It does not address the nature of empowerment as experienced by employees. This is important because in some situations, all of Kanter's empowerment tools which are power, knowledge, information and rewards have been provided to employees, yet they still feel disempowered. And in other situations, individuals lack all the objective features of an empowering work environment yet still feel and act in empowered ways.

THE PROCESS OF EMPOWERMENT

The process which enables individuals/groups to fully access personal/collective power, authority and influence, and to employ that strength when engaging with other people, institutions or society. In other words, "Empowerment is not giving people power, people already have plenty of power, in the wealth of their knowledge and motivation, to do their jobs magnificently. We define empowerment as letting this power out." It encourages people to gain the skills and knowledge that will allow them to overcome obstacles in life or work environment and ultimately, help them develop within themselves or in the society.

Empowerment includes the following, or similar, capabilities:

The ability to make decisions about personal/collective circumstances
The ability to access information and resources for decision-making
Ability to consider a range of options from which to choose (not just yes/no, either/or.)
Ability to exercise assertiveness in collective decision making
Having positive-thinking about the ability to make change
Ability to learn and access skills for improving personal/collective circumstance.
Ability to inform others' perceptions though exchange, education and engagement.
Involving in the growth process and changes that is never ending and self-initiated
Increasing one's positive self-image and overcoming stigma
Increasing one's ability in discreet thinking to sort out right and wrong

BENEFITS OF EMPOWERMENT

Empowerment benefits the organization itself by creating an environment which encourages proactively problem-solving, accepting challenge, innovation, continues improvement, optimum utilization of employees, a high degree of employee motivation and enhancement of business performance

For employees, empowerment provides a sense of high self-esteem, high degree of involvement and participation a learning environment opportunity for personal growth and development and a greater of sense of achievement. Replacing the 'fear and greed ' hierarchy with of network of empowered workers creates benefits like faster responses, loyal customers, high quality-lower costs, greater productivity and employee orientation.

Employee empowerment is critical for the success and survival of organization in this era of globalization. It provides significant benefits to the organization and individual as highlighted below.

First, it makes employees feel that they are vital to the success of the organization. It is also a vote of confidence in the employee's ability to significantly contribute to the organization objectives. Employee empowerment places people at the centre of the circle rather than on the fringes. This in the long run employees would be committed towards achieving organization objectives. Employees, feel most valued through, empowerment, especially when they are involved in decision making process of the organization.

Second, empowerment builds commitment and creates a sense of belonging. Acceptance and ownership are basic human needs that are satisfied through the employee empowerment.

Third, empowered people join in creating their own destiny; work becomes exciting, stimulating, enjoyable, and meaningful. Employee empowerment builds trust and promotes effective communication.

Fourth, employee empowerment increases organizational effectiveness and employee wellbeing. For instance empowering employees has shown to improve efficiency and reduces costs on the assembly line in a transmission plant. Employee empowerment leads to job satisfaction, job involvement, loyalty, higher performance and faster service delivery to customers.

Fifth, empowered employees make quick decisions and suggestions that improve quick service delivery in their sphere of operations and this saves a lot of money and time in organization. In addition, empowered employees provide exceptional customer service in several competitive markets and improve the profits of the organizations through repeated business.

Sixth, employee empowerment promotes good relationship between the employee and the customers and the end result will be promoting good image of the organization in the environment.

Other benefits of employee empowerment in organization include reduced workload of the top management improve training of employees and boost their morale. Employee empowerment fosters competitive climate and facilitates change in organization. In practice empowered employees has a high sense of self-efficiency, are given significant responsibility and authority over their jobs (Conger and Kanungo, 1988; Quin and Sprietzer, 1997).

EXAMPLES OF EMPOWERMENT

These are examples of empowerment in action:

The manager of the Human Resources department added weeks to the process of hiring new employees by requiring his supposedly empowered staff members to obtain his signature on every document related to the hiring of a new employee. When the time problem was brought to his attention, he fostered empowerment by telling employees they no longer needed his signature unless the hire involved extraordinary circumstances.

John empowered himself to discuss the career objectives he wished to pursue with his supervisor. He told his supervisor, that if the opportunities were not available in his current company, he would move on to another company.

Mary took charge of her career by fueling her sense of empowerment when she developed a career path plan, met with her manager to ask for her assistance to achieve it, and set goals for its accomplishment in her performance development plan.

The company's management style involved sharing the goals, sharing each employee's expectations and framework with the employee, and then, getting out of the way while employees were empowered to set goals, accomplish their objectives, and determine how to do their jobs.

CONCLUSION

Empowerment is an important process in the organization to foster the decision –making, issues and to motivate the employees who get immense job satisfaction. In the contemporary business environment, employee empowerment is essential to be more competitive and productive. Empowerment and improvement are said have higher quality product and services, less absenteeism, lower turn over, better decision-making and problem solving which, in turn, result in greater organizational effectiveness. Thus, too much or too little empowerment in a given situation may be dysfunctional.

The last two decades have brought a substantial body of new research in understanding empowerment at work. The biggest contribution has been more integration of the social-structural and psychological perspectives on empowerment. That integration highlights that need to further develop a more comprehensive theory of empowerment at work. Thus far, we have many of the pieces of this theoretical puzzle but a theory would articulate how the pieces fit together into a whole. A theory would specify more than definitions, measures, and the antecedents and consequences of empowerment. It would identify the mechanisms and processes of empowerment, and specify the individual and organizational boundary conditions of when and under what conditions empowerment has potency. We have come a long way over the last two decades, but there is still work to be done in integrating the current knowledge base toward a more holistic theory of empowerment at work.

Employees should always be involved in decisions which affect their work and, it is one of the strategies which can be used by management to motivate and retain employees in organizations. In empowering employees in organizations, management should consider external environment forces, the strategy of the organization, the nature of the decision, the attitudes of the employees, the size and the growth rate of the organization and desire for dependence vis-à-vis interdependence. Employees' empowerment goes hand in hand with accountability.

Accountability instills discipline and creates sense of responsibility among employees. Employees' empowerment should be used by management as one of the strategies in achieving organization objectives.

Employee empowerment creates a high degree of commitment and reduces employee turnover. Management should trust their employees and encourage open communication in organizations. This article will contribute to the existing literature of employee empowerment and will inspire managers to come up with various interventions to promote employee empowerment in organizations. This study specifically will make management to see employee empowerment as an opportunity to minimize employee turnover in organization.

In this era of globalization the idea empowering the lower levels of management is being given great attention. In order the organization to respond quickly to any environmental change there is need for employee empowerment.

REFERENCES

1) Bowen D.E. & Lawler E.E. (1995). Empowering service employees. Sloan Management Review, 36(4): 73-85.

2) Conger J.A. & Kanungo R.N. (1988). The empowerment process: Integrating theory and practice. Academy of Management Review, 13, 471-482.
3) Eylon D. (1998) Understanding empowerment and resolving its paradox: Lessons from Mary Parker Follett. Journal of Management History, 4(1): 16-28.
4) Eylon D. & Bamberger P. (2000) Empowerment cognitions and empowerment acts: Recognizing the importance of gender. Group and Organization Management, 25: 354-372.
5) Kanter R.M. (1977) Men and women of the corporation. New York: Basic Books.
6) Lawler, E.E. (1996). High involvement management. San Francisco: Jossey-Bass.
7) Liden R.C. & Arad, (1996) A power perspective of empowerment and work groups: Implication for HRM research. In G.R. Ferris (Ed.), Research in personnel and HRM, vol. 14: 205-252. Greenwich, CT: JAI Press.
8) MacDuffie J.P. (1995) Human resource bundles and manufacturing performance: Organizational logic and flexible production systems in the world auto industry. Industrial and Labor Relations Review, 48: 197-221.
9) Potterfield, T. A. (1999), "The Business of Employee Empowerment: Democracy and Ideaology in the Workplace." Quorum Books, p. 6
10) Prasad A. (2001) Understanding workplace empowerment as inclusion: A historical investigation of the discourse of difference in the United States. Journal of Applied Behavioral Science, 37(1): 51-59.
11) Prasad A. & Eylon D. (2001) Narrative past traditions of participation and inclusion: Historic perspectives on workplace empowerment. Journal of Applied Behavioral Science, 37(1): 5-14.
12) Quinn R.E. and Spreitzer G.M. (1997). The road to empowerment: Seven questions every leader should consider. Organizational Dynamics, Autumn, 26(2): 37-51.
13) Spreitzer G.M. (1996) Social structural characteristics of psychological empowerment. Academy of Management Journal, 39: 483-504.

КРИЗНИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ПОЛИЦИЈАТА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНОСТ ВО РАБОТАТА

Проф. д-р Гоце Џуклески

Директор на Националениот координативен центар
за гранично управување
goce_dzukleski@moi.gov.mk

УДК: 005.96:351.74(497.7)

АПСТРАКТ

Кризниот менаџмент е системски обид да се избегнат кризите или да се управуваат кризните настани кои се случуваат во една организација. Постојат две јасни категории на кризни настани: настани кои „тлеат“ и настани кои се „ненадејни“. „Ненедејните“ настани опфаќаат несреќи и итни случаи, акти на тероризам, механички дефекти, непријателско преземање или некои неочекувани правни дејства. Настани кои „тлеат“ се оние кои демнат под површината на организацијата и можат да еруптираат во криза во секое време. Во оваа категорија можат да се сместат индустриски немири, кривични дела од различни видови, неефикасен менаџмент и сл.

Кризниот менаџмент има две основни цели: спречување на појава на криза и намалување на штетата, доколку таа се случи. Погрешно е да се користи терминот „кризен менаџмент“, за да се опишат оние активности кои го вклучуваат она што мора да се направи, пред и за време на некоја вонредна состојба.

Работната сила е еден од најважните капитални делови на секоја организација. Кризата на човечките ресурси има негативно влијание врз растот и резултатите на фирмата. Таа може да придонесе ескалирање на штрајкови, неисполнување на оперативни и стратегиски планови, ирационални активности на вработените и пад на нивната продуктивност. Кризниот менаџмент на човечки ресурси опфаќа надминување на организациски проблеми при загуба на клучни менаџери, клевети, немири меѓу вработение, озборувања, загуба на клучен кадар, раст на вандализам, несреќи, насилства на работното место, зголемување на отсуства од работа, несоодветно избран кадар и др.

Во овој труд преку посебни анализи, обработка на податоци и мои согледувања ќе се ставам акцент на превенцијата, планирањето и управувањето со кризните состојби на човечките ресурси во полицијата, како најголем предизвик за регулирање на успешноста во работењето.

Клучни зборови: човечки ресурси, кризен менаџмент, кризен менаџмент на човечки ресурси во полицијата

CRISIS MANAGEMENT OF HUMAN RESOURCES IN POLICE AS A PREREQUISITE FOR SUCCESS IN WORK

Prof. Goce Dzhukleski Ph.D.

Director of the National Coordination Centre
for Border Management
goce_dzukleski@moi.gov.mk

UDK: 005.96:351.74(497.7)

ABSTRACT

Crisis management is a systematic attempt to avoid crises or to manage crisis events that occur in an organization. There are two distinct categories of crisis events: events "still simmer" and events that are "sudden". "Sudden" events include accidents and emergencies, acts of terrorism, mechanical failure, a hostile takeover or some unexpected legal action. Events "still simmer" are those that lurk beneath the surface of the organization and can erupt into crisis at any time. In this category we can accommodate: industrial unrest, crimes of various kinds, ineffective management, etc. Crisis management has two main objectives: prevention of crisis and harm reduction, if it occurs. It is wrong to use the term "crisis management" to describe those activities which include what must be done before and during any emergency.

The labor force is one of the most capital parts of any organization. The crisis of human resources has a negative impact on growth and results of the company. It can contribute to escalation of strikes, failure of operational and strategic plans, irrational actions and decrease of productivity.

Crisis management of human resources covers overcoming the organizational problems: loss of key managers, defamatory, unrest among employees, gossip, loss of key personnel, growth of vandalism, accidents,

violence in the workplace, increased absenteeism, inadequate elected staff and etc. In this paper through special analysis, data processing and my observations I will place emphasis on prevention, planning and managing crises of human resources in police, as the biggest challenge for regulating a successful operation.

Keywords: human resources, crisis management, crisis management of human resources in police.

ВОВЕД

Кризниот менаџмент е своевидна уметност на донесување одлуки за спречување или ублажување на последиците од кризните состојби. Ова значи донесувањена одлуки за иднината на организација додека сте под стрес и недостиг на клучни информации. Погрешно е да се користи терминот „кризен менаџмент“, за да се опишат оние активности кои го вклучуваат она што мора да се направи, пред и за време на некоја вонредна состојба. Кризниот менаџмент има две основни цели: прво, спречување на појава на криза и второ, намалување на штетата, доколку таа се случи. Кризните менаџери работат на изнаоѓање на овие предупредувачки знаци. Кризните менаџери се обидуваат да ја намалат нивната штета. Тие се обидуваат да спречат повреди, материјална загуба, финансиска загуба, штета врз животната средина и нарушување на угледот. Исто така, тие се обидуваат да ја заштитат организацијата.

ДЕФИНИРАЊЕ НА КРИЗНИОТ МЕНАЏМЕНТ

Кризата е голем, непредвидлив настан кој се закaнува да им нанесе штета на организациите или на нивните носители. Иако кризите се не предвидливи, тие не се неочекувани. Одделот на Обединетото Кралство за бизнис, претприемништво и кон тролни реформи, кризата ја опишува како „абнормална ситуација, или перцепција која е над опсегот на секојдневното работење и која се заканува на операциите, безбедноста и репутацијата на некоја организација”.[79]

Секоја криза е сама по себе различна, но сепак сите поседуваат некоеод следниве карактеристики:

изненадување;

[79] Crisis management. „ United Kingdom, Department of Business Enterprise and Regulatory Reform. October 2007

недостаток на информираност кога истата е најпотребна;
брза ескалација на настаните;
отргнување од контрола (вистинска или претпоставена);
ризик за важни интереси;
интензивно следење на сосотојбата;
појава на паника;
промена во вообичаениот процес на донесување одлуки;
ефективно насочување на управување на краткорочно планирање, одлучување, дејствување.

Кризниот менаџмент е систематски обид да се избегнат кризите или да се управуваат кризните настани кои се случуваат. „Кризниот менаџмент- планирање на кризата, еумешност на отстранување на поголемиот дел од ризикот и несигурноста за да ви дозволи да постигнете поголема контрола врз вашата судбина”.[80]

Воопштено, практиката на кризниот менаџмент вклучува напори за елиминирање на неуспехот, како и развојот на формален комуникациски систем за да се избегнат или да се менаџираат кризни ситуации, и е поддисциплина од поширокиот контекст на менаџментот.Кризниот менаџмент е збир на фактори дизајнирани за борба против кризи и за намалување на штетите предизвикани од нив. Размислувањето за кризниот менаџмент како на збир на фактори е во суштината на разбирањето на кризниот менаџмент како идентитет и огледало на иднината на организацијата. Многу менаџери од оваа област сметаат дека ако имаат план за криза спроведуваат успешен кризен менаџмент. План во папка не е кризен менаџмент.

Најдобро управувана криза е онаа која ќе се избегне. Планот за кризен менаџмент претставува безбедносна мрежа, која го намалуваат ударот. На секоја организација ѝ е потребен кризен менаџмент со полно работно време, чиишто одговорности вклучуваат редовно собирање и оценување на информации за организациските ризици.

НАЈЧЕСТИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ПОТРЕБА ОД КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ПОЛИЦИЈАТА

Работната сила е еден од најважните капитални делови на секоја организација, па во овие рамки и во полицијата. Вработените управуваат со работниот процес и донесуваат одлуки кои ја

[80]Fink, Steven. „Crisis management: Planning for inevitable“. Lincoln, USA: iUniverse, Inc, 2002

детерминираат активноста на организацијата. Кризата во човечките ресурси има негативно влијание врз нејзиниот раст и резултати. Таа може да придонесе за штрајкови, неисполнување на планови, ирационални активности на вработените и пад на нивната продуктивност.

Познатиот гуру менаџмент Питер Дракер одамна истакна дека менаџментот е извршување на работите преку вработените. Никоја организација не може да напредува без соработката на вработените на сите нивоа. Моќта е во вработените во однос на тоа дали плановите и стратегиите дадени од извршниот менаџмент ќе бидат успешно спроведени и имплементирани. Организацискиот успех е колективен феномен. Причините кои би можеле да доведат до криза во секоја организацција, без разлика на нејзината големина.

Во полицијата најчестите причини за појава на криза, а со тоа и потреба за кризен менаџмент, најчесто се поделени во три групи:

1) Психолошки причини (Когнитивни или бихевиористички ограничувања или грешки кај групи или поединци);
2) Социјално-политички (Разбивање на заедничките разбирања и социјалната структура);
3) Технолошко-структурни причини (Цврсто споени, густи интерактивни технолошки и менаџерски структури кои поттикнуваат комплексни и непредвидливи интеракции).

Во зависност од причините и пристапот кон кризниот менаџмент на човечките ресурси е различнен. На следнава табела може да се воочат трите пристапи:

Таб. 1 Приказ на пристапот и причини кон кризниот менаџмент на човечки ресурси

Причини	Психолошки причини	Социјално-политички	Технолошко-структурни причини
Последици	Разнишани претпоставки за организацијата и нејзините членови, чувствување на загрозеност или друг тип на несигурност,	Распад на заедничките вредности, верувања, структури и улоги	Повеќе или помалку распространета катастрофа или уништување, вклучувајќи и самоуништување

	прогонување на засегнатите индивидуи		
Претпазливи мерки	Воочување на слабостите и потенцијалните штети	Флексибилност во нормите и однесувањата кои водат кон меѓусебна почит и разбирање	Избегнување на ризична и недоволно испитана технологија или „несигурни“ структури дизајнирани за ограничување на ризици
Техники за справување	Корекција на верувањата, претпоставките, однесувањето и емоциите	Реконструкција на приспособените значења, колективна адаптација	Итни интервенции за помош на жртви и исправка на структурни штети

РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето беше спроведено во 10 градови низ Македонија. Анкетирани беа 30 началници и 52 останати полициски службеници[81]. Анкетниот прашалник се состоеше од 10 прашања на кои подеднакво одговараа двете структури на вработени по хиерархиско ниво.

Одговорите на првото прашање: *дали Вашата организација брзо реагира на кризни состојби во делот на човечките ресурси, без разлика од каде се произлезени (интерни или екстерни)?,* претставни се на графикон 1

[81] Полицискиот службник е овластено службено лице согласно одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на полицијата со полициски овлатувања, кој ги врши полициските работи во согласност со закон.



Графикон 1: Графчко претставување на прашањето: Дали Вашата организација брзо реагира на кризни состојби во делот на човечките ресурси, без разлика од каде се произлезени ?,

Она што се забележува, од графичкиот приказ, исказите наначалниците и останатите полициски службенци се разликуваат. Доколку земеме предвид дека поголем дел од полициските службеници поради чувство на страв и несигурност одговориле не знам, а всушност тежнеат кон негативен одговор, добиваме дека повеќе од половина од вработените сметаат дека нивната организација е бавна и неефикасна во реагирањето и отстранувањето на кризни ситуации во делот на човечки ресурси.

На второто прашање: дали сметате дека во Вашата организација постои недостаток на вистински менаџери и лидери кои можат да се справат со секакви кризни ситуации во менаџирањето на човечките ресурси?, одговориле како на графикон 2.



Графикон 2: Графичко претставување на прашањето: дали сметате дека во Вашата организација постои недостаток на вистински менаџери и лидери кои можат да се справат со секакви кризни ситуации во менаџирањето на човечките ресурси?

Очекувано висок процент од менаџерите одговорија дека се способни и имаат доволен кадар за справување со криза. Вкупно 71% од менаџерите сметаат дека поседуваат талент знаење за примена на кризен менаџмент. Спротивно на нивните искази, само 21% од полициските службеници сметаат дека нивниот менаџерски тим е спремен да одговори на предизвиците кои со себе ги носи кризата. Голем број од полициските службеници, односно 41% се имаат изјаснето со „не знам“. Сметам дека голем дел од процентот кои одговориле со *не знам* тежнее кон одговорот *да*. Од ова произлегува дека останатите полициски службеници и началниците различно гледаат кон способноста на лидерите на организацијата да управуваат во кризни состојби. Имено, полициските службеници сметаат дека нивните организациски структури не поседуваат доволно квалитетен менаџерски кадар. Од друга страна, началниците се самоуверени восвоите способности и укажуваат дека нема потреба од дополнителни менаџери и советници од оваа област.

Анализата на третото прашање: дали во Вашета организација владее позитивна организациска клима, отворена комуникација и реално известување за фактичките состојби?е прикажана на графикон 3



Графикон 3 : Графичко претставување на прашањето: дали сметате дека во

Вашата организација постои недостаток на вистински менаџери и лидери кои можат да се справат со секакви кризни ситуации во менаџирањето на човечките ресурси?

Во организација во која владее непријатна атмосфера и култура, во која вработените чувствуваат страв дека ќе бидат казнети доколку укажат на одредени проблеми, ситните проблеми и недостатоци многу лесно можат да прераснат во акутна криза. Ситните превирања или технички проблеми на кои не е посветено поголемо внимание заради нивното игнорирање и незабележување од страна на началниците или неинформирање од страна на вработените заради страв, лесно преминуваат во големи главоболки на началниците. Може да се забележи спротивност во одговорите помеѓу началниците и вработените. Вкупно 67% од началниците сметаат дека во нивната организација владее добра комуникација, одлична организациска клима и навремено информирање за реалната состојба внатре, додека 45% од вработените не се задоволни од комуникацијата и нивото на поставеност на организациските односи.

Одговорите на четвртото прашање: Дали во Вашата организација постои кризен план во однос на превенција и совладување на кризни ситуации со човечките ресурси?, претставни се на графикон 4



Графикон 4 : Графичко претставување на прашањето: Дали во Вашата организација постои кризен план во однос на превенција и совладување на кризни ситуации со човечките ресурси?, Од дадениот приказ јасно се гледа разликата во одговорите меѓу началниците и останатите полициски службеници. Колку пореално ја согледаат ситуацијата оние на кои им е таа една од работните одговорности, толку побрзо би се превенирало во таа насока. Конструкцијата на еден модел за кризен менаџмент во себе мора да содржи препораки, начини и решенија за успешна превенција од криза. Превенцијата е клучна. Менаџерите треба да бидат насочени кон спречување на појава на криза во организацијата. Ова треба да биде нивната примарна одговорност. Нивната наивност и игнорирање дозволува малите проблеми да останат нерешени и да тлеат во организацијата, со што го трасираат патот на кризата.

На прашањето : Дали претпоставените нудат флексибилни решенија во кризни моменти?, испитаниците одговорија како на графикон 5



Графикон 5 : Графичко претставување на прашањето: Дали претпоставените нудат флексибилни решенија во кризни моменти?

Од анализата на претходново прашање видлива е разликата во одговорите на началниците и полициските службеници. Работата со човечките ресурси во мометни на криза е способност која на претпоставените им овозможува пронаоѓање на решенија соодветни на причинителот на кризата.

Одговорите на прашањето: Дали во Вашата организација постои кризно лидерство? Прикажани се на графикон 6.



Графикон 6 : Графичко претставување на прашањето: Дали во Вашата организација постои кризно лидерство?

Показателите укажуваат на нееднаквост во одговорите на двете групи испитаници. Началниците се оценуваат како познавачи на кризниот менаџмент и лидерските способности. Останатите полициски службеници не ги препознаваат или не можат да ги воочат овие компетенции кај нивнитѕе претпоставени, што сепак поттикнува на размислување дека на кризното лидерство треба да се работи со полициските служби кои се носители на водечки позоции.

Прашањето: Дали промените на Законските регулативи предизвикуваат потреба од кризен менаџмент? испитаниците го одговорија како на графикон 7



Графикон 7 : Графичко претставување на прашањето: Дали промените на Законските регулативи предизвикуваат потреба од кризен менаџмент?

Според одговорите на прашањето може да се констатира дека промените во законската регулатива влијаат врз појавата на кризни моменти кои мораат да се менацираат. Тие промени поддеднакво ги чувствуваат сите хиерархиски нивоа. Тоа се потврдува со високиот процент на потврдни одговори од вкупниот број испитаници.

Анализата на одговорите на прашањето: ,, Дали вработените во организацијата се спремни да помагаат доколку се вклучени во решавањето на кризата? е аналзирано на графикон 8.



Графикон 8 : Графичко претставување на прашањето: ,, Дали вработените во организацијата се спремни да помагаат доколку се вклучени во решавањето на кризата?

Од анализата се констатира дека голем број од полициските службеници се спремни да дадат се од себе и помогнат во решавањето на кризните ситуации. Нивните претпоставени, во голем број, плашејќи се да не ги загубат своите ингеренции одговараат со: не знам или не.

ЗАКЛУЧОК

Управувањето со кризи стана дефинирачка карактеристика на современото општество. Кризниот менаџмент претставува систематски одговор на непосакувани и неочекувани настани кои ги загрозуваат вработените, имиџот и оперативниот континуитет на една организација. Од анализата на претходните прашања, нема сомнение дека во иднина се потребни значителни инвестиции не само во подигнувањето на нивото на кризниот менаџмент на човечките ресурси во полицијата, туку и во истражувањата за оваа дисциплина. Кризниот менаџмент вклучува знаење од повеќе области, како што се социологијата, психологијата, антропологијата, бизнисот. Важно е да се истакне дека кризниот менаџмент на човечките ресурси не е дополнителна стратегиска алатка која може да биде употребена кога ќе биде потребна. Кризниот менаџмент е многу повеќе од реактивен инструмент за борба со кризите. Имплементацијата на кризниот менаџмент на човечките ресурси во полицијата бара вклученост на сите делови од организацијата, од секој поединец до заедничката култура, организациска структура и стретегиите.

Да се влезе подготвен во криза е голема предност. Ова го овозможува кризниот менаџмент план. Тој ги содржи упатство за дејствување со зависност од кризата. Менаџерите најчесто извршувајќи ги со тековни оперативни работи и не обрнуваат внимание за формирање на план за криза. Кризното планирање треба да се движи во следнава насока: согледување на потенцијалните кризни ситуации во организацијата формирање на стратегија за нивна превенција, идентификување на оние кои ќе бидат засегнати од кризата, формирање на ефективни комуникациски канали.

Од истражувањето забележуваме дека кризниот менаџмент на човечки ресурси во полицијатане едоволно застапен. Во повеќето регионални сектори, одделенија и сл.не постои кризен менаџмет тим и кризен менаџмент план. Во дел од нив, каде началниците тврдеа дека постои, се добија негативни одговори од вработените. Голем процент од вработените сметаат дека нивните началници не ги поседуваат потребните способности за успешно справување со кризи кај човечките ресурси. Голем дел од вработените не се задоволни од организациската клима и комуникација во организацијата што наведува на поголема изложеност на кризи. Овие организациски структури се лесно изложени на надворешни и внатрешни кризни удари. Успехот односно неуспехот да се одговори на кризата зависи од нивото на комуникативна култура, која е присутна во организацијата: хиерархиска или хоризонтална, отворена или затворена, откривачка или таинствена.

Согледувајќи ги резултатите од спроведеното истражување, како и врз основа на претходниот теоретски дел, беа поставени насоки за креиран модел за превенирање на кризните состојби со човечки ресурси. Тематските содржини за моделот би биле следниве:

Улогата на ефективната организациска култура, комуникацијата и развивањето на човечкиот капитал во превенцијата и совладувањето на кризните состојби;
Улогата на вистински, квалитетни и професионални лидери во борбата со кризите;
Градење на позитивна клима во организацијата, како начин за превенција и поуспешнен излез од кризни состојби.

Сметам дека една организација која е флексибилна и динамична и во која вработените секојдневните оперативни одлуки ги донесуваат брзо и без потреба од одобрување од врвот е многу поефикасна во справувањето и превенцијата на кризите. Во организации кои функционираат како комплексни адаптивни системи, лидерите не треба да гледаат на себе како краен авторитет. Наместо ова тие треба да постават услови и амбиент во која вработените сами ќе се организираат и реструктуираат околу постоечките проблеми.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Бакрески Оливер (2011), Основи на безбедносниот менаџмент, Скопје.
2) Marc Houben (2008), International Crisis Management: The Approach of European States (Governance and Change in the Global Era).
3) Панков Зафирков (2014) Конституирање модел за анализа на ризик како метод на истражување и управување со граничната безбедност, Магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје.
4) Stefan Olsson (2009), Crisis Management in the European Union.
5) Gerald Lewis (2007), Organizational Crisis Management: The Human Factor.
6) www.crisismanagement.com
7) www.managementhelp.org/crisis.htm

КВАЛИТЕТНОТО СЕЛЕКТИРАЊЕ НА КАДРИТЕ КАКО ПРЕУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

М-р Слаџана Стефанова

Универзитет “Гоце Делчев” – Штип, Република Македонија
slagana.stefanova@ugd.edu.mk

Проф. д-р Трајко Мицески

Универзитет “Гоце Делчев” – Штип, Република Македонија
trajko.miceski@ugd.edu.mk

УДК: 005.953.2:005.311.1

АПСТРАКТ

Управувањето со човечките ресурси отсекогаш било предмет на посебен интерес на науката и секојдневната човечка пракса како израз на неопходноста за групен начин на живот и работа.

Изборот на квалитетни човечки ресурси, за продуктивно и задоволително функционирање на организациите, е постојан и критичен менаџерски предизвик. Само способните, талетирани и работно дисциплинирани кадри, кои се вработени преку процесот на правилна селекција, можат да придонесат за успешност во сѐвкупните активности во организацијата.

Затоа, успешните организации, денес, значително инвестираат во пари, време и напор во изборот, односно селектирањето на човечките ресурси. Тоа го бараат и новите економски услови, каде, посебно се афирмираат кадрите во организацијата и се јавуваат како одлучувачки фактор на конкурентската способност. Оттука, произлегува дека целта на процесот на селекција е да се предвиди идната ефикасноста на вработените и целата организација.

Во трудот, табеларно и графички, се прикажани резултатите од направеното истражување за процесот на селекција на човечки ресурси, спроведено во повеќе претпријатија, кои покажуваат дека овој процес е често недоволно обмислен и организиран.

Клучни зборови: човечки ресурси, организација, селекција, конкурентска способност

THE QUALITY HUMAN RESOURCES SELECTION AS A PREREQUISITE FOR THE SUCCESSFUL ORGANIZATIONS

Sladzana Stefanova M.Sc.

University "Goce Delcev" – Stip, Republic of Macedonia
slagana.stefanova@ugd.edu.mk

Prof. Trajko Miceski Ph.D.

University "Goce Delcev" – Stip, Republic of Macedonia
trajko.miceski@ugd.edu.mk

UDK: 005.953.2:005.311.1

ABSTRACT

The management of human resources has always been a subject of special interest in science and daily human practice as an expression of the need for group lifestyle and work.

The selection of quality human resources is permanent and critical management challenge for productive and satisfactory functioning of organizations. Only capable, talented and disciplined working staff, employed through the proper selection process, can contribute to efficiency in overall activities in the organization.

Therefore, successful organizations today invest substantially in money, time and effort in choosing i.e. selecting human resources. The new economic conditions are looking for the same, where, specifically affirm the staff in the organization and act as determinants of competitive ability. Hence, it seems that the purpose of the selection process to predict the future performance of the employees and the organization.

In this paper, by tabular and graphic displays, the results from the conducted survey about the process of selection in many organizations are presented. They show that that this process is often insufficiently thoughtful and organized.

Keywords: human resources, organization, selection, competitive ability.

ВОВЕД

Од клучно значење за успехот на организацијата и еден вид гаранција претставува привлекувањето и задржувањето на висококвалитетни кадри. За да се постигне тоа потребно е процесот на селекција на кадри да биде организизиран на високо ниво. Вистинскиот избор значи раст и зголемена продуктивност на специфични работни групи поврзани со новите работни ангажирања како и успех за целата организација. Погрешниот избор може да резултира со фрустрации, повторна обука или прекинување на работниот однос и повторна селекциона постапка. Вистинскиот избор на кандидатите е одлука која треба да биде правилно донесена уште од почеток. Последиците од погрешниот избор доаѓаат до израз многу повеќе во помалите, отколку во поголемите организации. Изборот на вистинските луѓе, исто така е критичен и клучен при имплементацијата на стратегијата на организацијата. Така, доколку една организација планира да се натпреварува врз основа на брза, љубезна и персонализирана услуга, тогаш во работната спецификација треба да бидат потенцирани комуникациските вештини како главен услов. Селекционите напори треба да бидат директно поврзани со стратешките цели на организацијата. Големо улога во процесот на селекцијата играат вработените во секторот на човечки ресурси кои дирекно се инволвирани во самиот процес. Нивната некомпетентност може да доведе до избор на несоодветни кадри што подоцна ќе се одрази на работењето на организацијата.

ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАДРИ

Во центарот на секој ефективен систем на селекција е да се разбере кои карактеристики на кадрите се есенцијални за високи перформанси. Во тој поглед, посебно ќе ги истакнеме: формалното образование, искуството и поранешните перформанси, вештините и способностите и личните карактеристики.

Формалното образование, искуството и поранешните перформанси упатуваат дека од мноштвото пријавени кандидати, организацијата треба да ги пронајде оние индивиуди кои ги поседуваат вистинските способности и ставови за да бидат успешни. И покрај тоа што сите кандидати поседуваат голем број конгнитивни, физички и психички особини стекнати дома, на училиште, на работа итн., сепак треба да се изберат најдобрите кандидати кои имаат соодветно образование, искуство и позитивни поранешни перформанси.

Вештините и способностите се уште еден сет на селекциони критериуми.[82]Тие подобро ја одразуваат квалификуваноста и можностите за извршување на конкретно работно место од образованието и претходното искуство. Организациите се поуспешни кога постои тимска работа и оперативни системи базирани на тимско работење.

Лични карактеристики ја одразуваат личноста на индивидуата и можат да бидат многу важен фактор за одредени работни места. Личните карактеристики вклучуваат брачен статус, пол, возраст итн. Некои организации преферираат луѓе во брачна состојба, сметајќи ги за постабилна категорија на луѓе, додека, пак, други може да бараат самци, бидејќи е поголема можноста да прифатат работни места кои бараат да се патува и да се работи прекувремено. Личните особини спаѓаат меѓу најкомплексните критериуми на селекција и проценка.

Организациите треба јасно да ги разбираат основните селекциони критериуми релевантни за нивното работење.

ИЗБОР НА МЕТОДИ И ПРЕТПОСТАВКИ ЗА КВАЛИТЕТНА СЕЛЕКЦИЈА

Користењето на само еден метод на селекција не претставува вообичаена пракса кај повеќето организации. Најчесто тие користат комбинација на две или повеќе методи чиј избор зависи од мноштво фактори[83]:

Карактеристиките на работното место кое треба да се пополни;
Прифатливост и адекватност на методите;
Способности на кадрите вклучени во процесот на селекција;
Административни олеснувања;
Временски фактори;
Прецизност;
Трошоци.

Квалитетната селекција е прилично комплексен процес кој многу влијае на вкупниот организациски успех, бидејќи во крајна

[82] Sims, R. Ronald, (2002), *Organization success through effective human resources Management,* An imprint of Greenwood Publishing Group, Inc., USA, pp 143

[83] Torrington,D. Hall, L. Taylor,S, (2008), *Human Resource Management, 7 th* ed, ,An imprint of Greenwood Pearson Education Limited, England. pp 171

линија одредува какви луѓе ќе има во една организација. Како претпоставки за квалитетна селекција можеме да ги наведеме следниве:

Добра анализа на работата со која се утврдуваат задачите и одговорностите кои самото работно место ги бара;
Утврдување на клучните сегменти за успех и стандардите, односно критериумите за организациската успешност;
Избор на квалитетни индикатори за оцена на успешноста на кандидатите во извршувањето на работните обврски;
Висока точност во прогнозирањето на индикаторите.

Ова укажува дека е потребено организирано и студиозно пристапување кон процесот на селекција.

ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ АДЕКВАТНОСТА НА СЕЛЕКЦИОНИТЕ КРИТЕРИУМИ И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД РЕЗУЛТАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ИЗРАЗЕНА ПРЕКУ X^2 ТЕСТОТ

За да ја испитаме поврзаноста мегу адекватноста на селекционите критериуми и задоволството од резултатите на вработените извршивме истражување на 34 организации од различни дејности и тоа од: прехранбена, текстилна, угостителска, образовна, државна и јавна. Најнапред ја поставивме основната хипотеза која се засноваше на тврдењето дека, доколку се избрани адекватни селекциони критериуми, тогаш би се ангажирале најквалитетните кандидати кои би влијаеле врз успешноста на работењето на претпријатијата.

Со x^2 -тестот пресметавме дали постои поврзаност меѓу двете варијабли, т.е. променливи и веројатноста за поврзаност:

$$\sum \frac{(\qquad)}{\qquad}$$

каде:

= е добиената фреквенција од емпириското истражување

= е очекувана (теоретска) фреквенција т.е. фреквенција која би се очекувала при одредената хипотеза.

Во ова емпириско истражување фреквенциите се распоредени во две колони и три реда, што резултира со два степени на слобода. Табличната вредност на x^2 за два степени на слобода и праг на значајност 0,05 изнесува *5,991.*

Добиените одговори ги прикажуваме, табеларно (Табела 1) и графички (Графикон 1).

Табела 1. Адекватност на критериумите на селекција и задоволство од вработените

Table 1. Adequacy of selection criteria and employee satisfaction

	Дали сметате дека користите адекватни критериуми на селекција ?	Дали сте задоволни од резултатите кои ги постигнуваат Вашите вработени кои претходно ги примивте преку процесот на селекција:	Вкупно
Да:	63	38	101
Не:	8	40	48
Не знам:	27	20	47
Вкупно:	98	98	196

Графикон 1. Адекватност на критериумите на селекција и задоволство од вработените/Diagram 1. Adequacy of selection criteria and employee satisfaction

Според обработените одговори на испитаниците по поставенто прашање и пресметаниот x^2 тест и коефициентот на контигенција е добиено:

$$x^2 = 28{,}564 > x^2_{0,05} = 5{,}991$$

$$C=0{,}357$$

Од резултатите се воочува дека пресметаната вредност за x^2 (x^2= 28,564) е поголема од табличната вредност на x^2 за два степени на слобода и праг на значајност 0,05 кој изнесува x^2= *5,991*. Одговорите на испитаниците по однос на тоа *дали се користат адекватни критериуми на селекција* и *дали постои задоволство од резултатите кои ги постигнуваат вработените кои претходно се примени* преку процесот на селекција покажуваат дека добиените фреквенции доста отстапуваат од очекуваните фреквенции. Односно, може да се каже дека постои зависност помеѓу користените критериуми за селекција и оправданоста (задоволството) од резултатите кои ги постигнуваат примените вработени преку процесот на селекција.

Коефициентот на контингенција С, кој ја покажува висината (јачината) на поврзаност, изнесува 0,357 (С = 0,357) означува дека меѓузависниот модалитет на испитуваните варијабли е слаб.

Сето ова нè насочува да констатираме дека не се користени соодветни инструменти или критериуми при процесот на селекција на кандидатите за вработување. Како што можеме да воочиме дури 8 од вкупниот број испитаници одговориле негативно во однос на примената на адекватниот критериуми на селекција. Претпоставуваме дека тоа се должи на фактот што тие ги почувствувале негативните последици од критериумите на селекција кои ги применуваат и се на пат да ги подобрат, па затоа одговориле негативно. Голем е и бројот на испитаници кои одговориле со третиот можен одговор (не знам). Сметаме дека ваквиот одговор е резултат на желбата да се остане неутрален, но сепак сметаме дека се стремат кон негативен одговор. Така, иако поголемиот број испитаници се задоволни од нивните критериуми на селекција, сепак тие се незадоволни од резултатите кои ги постигнуваат вработените вработени преку истите критериуми што е сигнал дека не одговориле реално на првото прашање.

ЗАКЛУЧОК

Како што пазарот на работна сила станува сѐ поголем и поконкурентен, а расположливите вештини сѐ подиверзифицирани, менаџерите и во помалите и во големите организации треба да бидат сѐ поселективни во нивниот избор и со повисоки критериуми, бидејќи лошите селекциони одлуки водат кон долгорочни негативни ефекти како што се високи трошоци за обука и развој со цел да се намалат лошите перформанси.

Организација којашто користи фер и ефективна селекција е поверојатно дека ќе го вработи вистинскиот човек за вистинската работа. Во најлош случај, организацијата може да не успее во остварувањето на своите цели и да ја изгуби својата конкурентност и уделот на пазарот. Честото менување на вработените, исто така е лош показател и укажува на лошо водена селекциона политика како и лоша репутација и за менаџерите и за целата организација. Големината на организацијата, видот на работните места за кои се бараат кандидати како и организациското окружување битно влијаат на специфичноста на процесот на селекција кај соодветната организација. Во с’ржта на секоја селекциона практика е да се разбере кои карактеристики се од суштинско значење за високи перформанси и висока конкурентска предност. Сепак, во нашата земја стапката на невработеност е висока и тоа им овозможува на организациите да уживаат во ефтина работна сила која е расположлива во било кој момент. Ваквиот податок допринесува понекогаш да имаат несериозен пристап кон процесот на селекција и покрај тоа што се запознати со негативните ефекти од таквата постапка.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Sims, R. Ronald, (2002), *Organization success through effective human resources Management,* An imprint of Greenwood Publishing Group, Inc., USA.
2) Torrington, D. Hall, L. Taylor, S, (2008), *Human Resource Management*, 7th ed, An imprint of Greenwood Pearson Education Limited, England .
3) Armstrong, M, (1999), *A Handbook of human resource management practice*, 7th ed, An imprint of Kogan Page Limited, USA.

4) Compton Robert, L. Nankervis, A. Morrissey, W, (2009), *Effective recruitment and selection practices*, 5th ed, CCH Australia Limited, Australia .
5) De Cenzo, A. Robbins, D. Stephen, P, (2005), *Fundametals of Human Resource Management*, 5th ed, John Wiley & Sons, Inc,USA.
6) Мицески Т., (2010), *Менаџмент на човечки ресурси,* УГД Економски факултет, Штип
7) Мицески Т., (2008), *Здравствена статистика*, УГД Економски факултет, Штип
8) Стефанова С. (2011), *Влијанието на регрутирањето и селектирањето на вработените врз успешноста на работењето на организациите*, Магистерски труд, УГД Економски факултет, Штип

СОЗДАВАЊЕ НА КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ ПРЕКУ ПРОМЕНА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА КОМПАНИЈАТА

Д-р Гордана Тасевска
БАС Институт за менаџмент - Битола
gorde.tasevska@yahoo.com

УДК:005.73:339.137.2]:005.311

АПСТРАКТ

„Доколку не ја промениме нашата култура, нема никогаш да ги постигнеме нашите највисоки бизнис цели“ Кеес Крутхоф

Најновите искуства покажуваат дека културата во компанијата е клучна за нејзините перформанси. Истата во просек е неколку пати поважна од бизнис стратегијата кога се во прашање перформансите. Таа може да биде „волшебно стапче на успехот на компанијата“, но и „тивок убиец“ на истата.

Вредностите на компанијата помагаат и ги мотивираат вработените да стигнат до долгорочни цели и да одат до крајната мисија на компанијата. Вредностите на поединците кои работат во компанијата играат важна улога во одлучувањето на компаниската култура. Промените во компанијата значат и промена на самите луѓе.

Овој труд ќе даде одговор на потребата на промени на компаниските вредности во насока на промени на нејзината култура за постигнување на поголема компаниска конкурентност. Во него се дава одговор на прашањето: кога се потребни промени во нејзините вредности. Пред се тоа е кога една компанија има различни вредности кои не се вклопуваат во животната средина, ако компанијата е мала, но брзо расте или кога компанијата колабира поради нејзината токсична култура и лидерство понесено од лимитирачки вредности. Крајните заклучоци од ова истражување имаат големо теоретско и практично значење, бидејќи од успехот на компанијата и „јачината“ на компаниската култура, зависи квалитетот на услугите кои ги нуди компанијата, планираните стратегии за развој, управување, координација помеѓу вработените, работна мотивација, маркетинг итн.

Клучни зборови: компаниска конкурентност, компаниска култура, компаниски вредности.

CREATING AN COMPANY COMPETITIVENESS THROUGH CHANGING THE CULTURAL VALUES OF THE COMPANY

Ass. Prof. Gordana Tasevska Ph.D.

BAS Institute of Management - Bitola
gorde.tasevska@yahoo.com

UDK: 005.73:339.137.2]:005.311

ABSTRACT

"If we do not change our culture, we'll never achieve our highest business goals" - Kees Kruythoff.

The latest experiences show us that the company culture is key to its performance. On average, it's several times more important than business strategy when it comes to performance. It may be a "magic wand of the success of the company" and "a silent killer" of it.

The company's values are helpful and motivating for employees to reach long-term goals and for reaching the final mission of the company. The values of the individuals who work in the company plays an important role in deciding the company's culture. The changes of the company also mean changing the people.

This paper will address the need for changes to the company's values in order to change its culture to achieve greater corporate competitiveness. It answers the question: when are changes needed in its values. First of all it is when a company has different values that do not fit into the environment, if the company is small but it's growing rapidly or when the company collapsed because of its toxic culture and leadership inspired by limiting values. The final conclusions from this research have great theoretical and practical significance, since the success of the company and the "strength" of the company's culture influences the quality of the services offered by the company, planned strategies for development, management, coordination between employees, work motivation, marketing etc.

Keywords: corporate competitiveness, company culture, company values.

ВОВЕД

Организациската култура во денешно време е многу важен сегмент во работењето на малите претпријатија. Изразените промени кои се манифестираат преку зголемената конкуренција, глобализација, спојување и откупување на претпријатијата се повеќе ја наметнуваат потребата од зголемена кординација и интеграција помеѓу различните делови во претрпијатието со цел да се подобри ефикасноста, квалитетот, брзината на дизајнирање, произведување и доставување на продуктите и услугите. Според Edgar Shein, концептот на организациска култура им помага на претпријатијата во процесот на:

иновација на стратегиите;
иновација на продукти;
иновација на нови процеси и способноста да успешно се откриваат нови технологии; и
воведување на ефективен менаџмент на работната сила и зголемување на разноличноста во работењето.

Организациската култура е карактерот на организацијата кое и помага на организацијата да се зачува како целина преку овозможување соодветни стандарди за тоа што треба да направат или да кажат вработените. Движењето на организацијата или на нејзини одредени сегменти или процеси од сегашната кон некоја идна посакувана состојба го карактеризира менаџментот на промени како предуслов за ефикасност и ефективност во организацијата. Процесот на промена се состои од јасно дефинирани фази, како што се: оценување на потребата за промена, донесување одлука за промена, имплементирање на промената и на крај, нејзино оценување. Овој процес на промена задолжително се одвива придружен од пречки и отпор кон промената. Изворите на отпор кон промената може да бидат различни: природниот психолошки страв од непознато, економските стравови, навиките кои тешко се менуваат, можната потреба и отпорот кон дообучување и доквалификација на кадарот, стравот од реперкусиите на промената врз личниот статус на вработените, врз интерперсоналните односи итн.

Културата на компанијата е еден од интересните аспекти кој е во директна и повратна спрега со процесот на промени и треба да се има предвид во која било програма на организациски развој и промени. Во зависност од тоа дали културата на компанијата е приспособлива или инертна, таа го олеснува или отежнува процесот на промена.

ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ И НОРМИ

За донесување на одлука, менаџментот зема во предвид различни вредности и норми. Вредностите управуваат со индивидуалните одлуки, чувства и акции, а поединците честоне се свесни затоа. Од тие вредности се изведуваат етички норми кои создаваат критериуми за донесувањ еетички одлуки. Притоа, тие вредности и норми, понекогаш може да бидат и спротивни едни на други.

Се разликуваат две групи на вредности и норми:

1) Традиционалниработни(бизнис) вредности и норми
2) Колективнивредности и норми.

Постојат три темелни традиционални вредности и норми:

1) Слобода на поединецот. Да се сочува и заштити слободата на сите членови. Политичка демократија, пазарно стопанство и отворен пазар – институциите се тие кои овозможуваат најдобро достигнување на слободата. Економски напредок во големи заедници се постигнува насметка на слобода на поединецот, односно работникот.
2) Индивидуална одговорност. Негување на лична одговорност и фаворизирање на институции кои ја охрабруваат иницијативата за лична одговорност на секо јпоединец. Нагласениот личен интерес е корисен и реален мотив за остварување на тие вредности.

Протестантската лична одговорност посебно ја нагласува личната одговорност. Адам Смит смета дека личниот интерес на поединецот може да се насочи кон општо добро со оглед на тоа дека со поединечната желба може да се заработи повеќе пари, да се произведува повеќе и тоа да води кон општо добро за сите.

3) Пораст(производство). Негувањето на институциите кои го охрабруваат произведувањето на добра и услуги т.е. на економско здравје и флексибилно пазарно стопанство, во конкуренцијата за трката по профит, постигнуваат најдобри иновации и производство. ,,Суверенитетот на потршувачот“ е

најдобро средство за дистрибуирање на добрата. На производството влијаат организациската средина, економската ситуација, организацијата, технологијата, надградувањето и голем број на други фактори.

Под темелни колективни вредности и норми спаѓаат:

1) Достоинството на човекот. Подржување и чување на достоинството на сителуѓе; чесно постапување спрема останатите и нивно третирање како цел, а некакосредство. Овозможување на луѓето да си ги остварат нивните животни потреби (живот, здравје, сигурност, вработувањеитн.), како би се реализирал достоинствен човечки живот.
2) Заедништво (заедничкодобро, „солидарност“). Охрабрување на луѓето да се грижат едни за други – за соседи, за колеги, за луѓето во целина. Овозможување за развивање на смисла за припадност. Поединец може нормално да се развива само во заедница со други.
3) Праведност (еднаквост). Да се тежнее кон праведно распределување на добрата, одговорностите и моќите. Да се застане чесно спрема другите, па дури и спрема идните генерации. Да се создадат структури кои ќе подржуваат заедништво и заедничка корист, а да се променат оние кои ја дискриминираат било која група. Праведност најдобро се постигнува со политичка демократија. Може да се каже дека многу луѓе се заслужни за наведените вредности и норми, но разликите настануваат во моментот кога треба да се однесуваме и да постапуваме во складност со нив.

ВРЕДНОСТИТЕ КАКО ОСНОВА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА

„Културата“ е еден од оние поими кои често се користи во бизнисот, но често не се добро дефинирани. Има многу истражувања на тема „човек-организација“, кои поддржуваат вработување на луѓе кои се усогласени со културните вредности, дружење и обука во рамките на една организација, за да ги подржат и овековечат организациските вредности, и отстранување на луѓето кои отстапуваат од нив. Еве, како би изгледала дефиницијата за „организациска култура“ на оние кои ги опишуваат некои од специфичните детерминанти на организациската култура и објаснуваат зошто културните вредности се толку важни, како и листата на културните вредности кои се најчести на организациите.

Организациската култура претставува сложен и комплексен феномен кој влијае на севкупното работење на претпријатието. Преку организациската култура претпријатијата создават окружување во кое секој вработен на ист начин ги согледува сличните ситуации и истовремено го усогласува и насочува сопственото однесување. Со други зборови кажано, внатрешноста на едно мало претпријатие е прикажана преку организациската култура или едноставно кажано преку климата. Според Schein организациската култура претставува збир на вредности, основни претпоставки, разбирања и начини на размислувања кои ги имаат вработените во претпријатието и ги пренесуваат на нововработените како коректен начин на однесување.

Вредностите и нормите кои се основа на културата, се формираат на четири начини:

Прво, културата на организациите е формирана од страна на лидерите во организацијата, особено оние кои имаат искуство од минатото. Schein (1990) покажува дека луѓето се идентификуваат со визионерски лидери - како тие се однесуваат и она што тие очекуваат.

Второ, Schein, исто така, укажува дека културата е формирана во врска со критични инциденти - важни настани, од кои лекции може да се научи за пожелно или непожелно однесување.

Трето, како што е предложено од страна на Furnham (1993), културата се развива од потребата за одржување на ефективни работни односи меѓу членовите на организацијата, и ова се воспоставува со вредности и очекувања. Конечно, според Schein, културата е под влијание на животната средина на организацијата, а надворешната средина може да биде релативно динамична или непроменлива.

Како најважни функции на организациската култура се издвојуваат следниве:

Организациската култура придонесува за создавање на организациски идентитет - истакнување на она што е специфично, оригинално за дадено претпријатие и она по што тоа се разликува од другите;

Организациската култура придонесува за постигнување на колективна лојалност кон претпријатието - секое претпријатие има цел постигнување на состојба на општо задоволување на потребите на своите вработени и намалување на одливот на вработените;

Организациската култура придонесува за стабилност на работното место - ефективното и ефикасното управување со проблемите или промените кои можат да се појават во текот на работење придонесува кон позитивен однос кон окружувањето;

Организациската култура ја унапредува информираноста на вработените - заедничкото споделување на долгорочните цели и стратегијата на претпријатието за постигнување на предвиденитецели од страна на претприемачите и сите вработени овозможува постигнување чувство на припадност и единство.

СОЦИО-КУЛТУРНИТЕ ИЗВОРИ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ

Имплементирањето на организациските промени не е едноставен процес. Во принцип вработените не ја прифаќаат организациската промена и тогаш кога таа се имплементира за подобрување. Многу промени на крајот пропаѓаат бидејќи претпријатијата не разбираат доволно дека она што се случува во основата, начинот на водење на бизнисот е поважно од краткорочните придобивки.Една од најголемите опасности во процесот на воведување на промените е обезбедување на соодветни услови за имплементирање на промените и надминување на евентуалниот отпор кон организациските промени преку создавање на окружување во кое организациските промени ќе бидат сфатени како можност за унапредување на работата а не како препрека која придонесува за создавање на хаотична состојба во претпријатието. Успешното имплементирање на организациските промени во претпријатието зависи од воведување на квалитетна стратегија за организациските промени.

Во своето работење, претпријатијата се соочуваат со многу различни сили на промени. Во суштина, различните сили на промени односно изворите на организациските промени се поделени на две групи :

извори кои потекнуваат од внатрешноста на претпријатието (внатрешни извори) и

извори кои потекнуваат од надворешната околина на претпријатието(надворешни извори).

Внатрешните сили за промени како што покажува самиот назив потекнуваат од внатрешноста на претпријатието. Внатрешните извори на организациските промени се поттикнати од :

промените во составот на човечките ресурси во претпријатието, изразени преку промените во знаењата, умеења, способности, мотивација и култура на вработените кои неопходно бараат воведување на организациски промени во структурата на претпријатието; и

промени во постапката на извршување на деловните активности на претпријатието како и промените во начинот на управување и раководење со претпријатието.

Социо-куптурните извори на организациските промени се содржани во вредностите, навиките, традицијата, нормите, ставовите и личните карактеристиките на луѓето. Различно влијаат врз претпријатијата и бараат соодветно прилагодување на претпријатието кон нив.Улогатанаорганизацијата е постојано да ги следи и идентификува промените во овој домен поради динамичноста, а заради нејзиниот успех во се поповрзаната турбулентност на социо-културната средина.

Организациската култура не е ништо повеќе од организациски систем на вредности како збир на поединечни системи. Поединечниот вредносен систем може да се разликува од организација која збирно одговара на значајно прашање на социјализацијата на вработените и нивното прифаќање на организациската култура. Тоа е процес во кој се усогласуваат, а доколку е потребно и менуваат, индивидуалните и организациските вредности.

КАКО КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ МОЖЕ ДА СЕ ПРОМЕНАТ?

Ова е тешко, одзема време и неизвесен процес, но остварливо. Процесот на менување на културата содржи 4 фази:

1) Дијагноза - откривање на постоечките културни вредности и ставови. Во првата фаза, ние ги детектираме постоечките културни вредности и ставови на вработените. Ова обично се прави со комбинација на квалитативни (интервјуа) и квантитативни (истражувачки) методи.
2) Планирање - дефинирање на целта на културните вредности и ставови на визија и стратегија. Топ менаџментот има

обврска да ги формулира вредностите и ставовите кои сака да се вклучат во новата култура и на тој начин да созаде ментални шеми на вработените.

3) Анализа - идентификување на јазот помеѓу новите (целните) и постоечките културни вредности и селекција на стратегии за негово затворање. Во оваа фаза ќе се анализира интеракцијата на постојните и целните културни вредности и ставови и така се доаѓа до заклучок кои целни вредности ќе бидат посебно тешки, а кои лесно ќе се изградат.
4) Имплементација - затворање на јазот на културните вредности и ставови. Воведувањето на промена на култура е направено преку употреба на различни стратегии и ресурси (средства).

Секој процес и појава се подложени на постојани промени. Во контекст на ова, и организациската култура е нешто кое не може постојано да остане непроменето и дадено еднаш засекогаш. Практиката покажува дека многу често интерес за промени во културата имаат новоназначените менаџери кои имаат став дека, сè она што постоело во организацијата пред нивното назначување, веднаш треба да биде променето. Потребата за „бришење“ на минатото е чекор кој не самошто е погрешен, туку предизвикува катастрофални последици за целата организација.

Организациската култура може и треба да се менува, но не целосно и не веднаш. Според Беласко[84], постојат одредени чекори за премин од старото кон новото:

Потсетување на „златните“ времиња на организацијата;
Ветување на подобри времиња;
Истакнување на умерен ризик;
Потсетување на заедничките вредности на вработените;
Прославување на секој премин, односно секој успешно направен чекор.

Брајан Думејн[85] посочува седум клучеви или предуслови за успешно креирање на нова организациска култура. За да се изврши промена на организациската култура, истата треба добро да се познава.

[84]Belasko, J. A. (1990). Teaching the Elephant to Dance. The Managers Guide to Empowering Change, New York: Plume Book, p. 204-207
[85]Смилевски, Ц. (2000). Предизвикот и мајсторството на организациските промени, Скопје: ДЕТРА центар, стр. 309

Не може да се определи правецот на движење и целта која треба да се постигне, доколку не се знае каде е и каков е почетокот на нештата. Доколку постоечката култура или промените, кои се прават од страна на менаџерот или водачот, создаваат услови за искажување на сопствените ставови, тогаш таквата средина создава можности за охрабрување на сите предлози кои се однесуваат на промена на организациската култура. Најголемаможност за нејзина промена настанува доколку се воочат елементите на супкултурата во организацијата и истите се земат како значајни примери за промените во доминантната култура. Движејќи се низ процесот на промени, не смее да се негира и напаѓа постоечката култура. Под влијание на новите претпоставки и верувања задачите и активностите треба да се реализираат. Доколку се постигне успех, тогаш подобрата култура без напор ќе го заземе своето место. Визијата за промената не претставува елемент кој може сам по себе да ја направи промената. Таа треба да сегледа како водечки принцип за движење низ таквиот процес. Значајните подобрувања ќе бидат видливи во период од пет до десет години. Брајан Думејн во својот труд ќе констатира: „Живејте ја културата што ја сакате. Како и секогаш, акциите зборуваат погласно отколку зборовите.“

ЕМПИРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во однос на емпирискиот дел и методологијата на истражување, дефинирани се: проблемот кој ќе се истражува и предметот на истражување.

Во однос на *проблемот на истражување*, може да се рече дека е дијагностицирана ситуација барем од досегашното искуство, дека бирократскиот пристап во работата на организациите, генерира сериозни проблеми во нивната ефикасност и ефективност. Како основна причина за тоа, може да се земе непретприемчивоста на организацијата во целина и вработените во неа, што се реперкуира во неприфаќањето на промени кои неминовно доаѓаат од надвор и претставуваат показател кој укажува на неминовноста од промени во културните вредности на компанијата.

Како предмет кој ќе се истражува, ќе биде влијанието на ставовите, вредностите, и прифаќањето на промените врз организациската култура , а со тоа и зголемувањето на нејзината конкурентност.

Анкетирани се 54 вработени во јавниот и приватниот сектор.

Резултатите од истажувањата, искажани по тврдења во проценти, се дадени во табелата:

Таб. 1 Процентуална анализа на добиените одговори на тврдењата од прашалникот

	ТВРДЕЊА	Воопшто не се согласувам	Делунмо се согласувам	Во целост се согласувам
1.	Имам целосна слобода на моето работно место	10%	57%	33%
2.	Се чувствувам дека сум способен/на да направам голем придонес на работното место, но нема доволно поттикнувачи за тоа	35%	37%	28%
3.	Се чуствувам доста сигурно, среќно и задоволно на работното место	45%	16%	39%
4.	Мојот збор се зема во предвид при спроведување на секоја промена или нова идеја	67%	25%	8%
5.	Сметам дека мојот менаџер/раководител е човек кој сака промени и прифаќа идеи	23%	61%	16%
6.	Мојата организација ја сметам како добро место за учење и усовршување	17%	58%	25%
7.	Се однесувам затворено /интровертно/ во однос на многу деловни ситуации и појави	29%	35%	36%
8.	Имам позитивни ставови кон претпоставените, работата и колегите.	10%	49%	41%
9.	Личните карактеристики на луѓето (темперамент, карактер и др.),во голема мера влијаат врз формирањето на нивните ставови.	9%	15%	76%
10.	Мојот менаџер/раководител негува фер и праведни односи и взаемно почитувањесо сите вработени.	25%	72%	3%

11.	Мојот менаџер/раководител е отворен за нови и идеи различни од неговите,со почитување на заедничките организациски вредности.	39%	29%	32%
12.	Во организацијата владеат етички вредности на доверба ипосветеност	31%	34%	35%
13.	Мојот менаџер/раководител развива состојби во кои чесноста е примаренфактор во работењето.	13%	54%	33%
14.	Мојот менаџер/раководител ја гради и ја развива филозофијата на организацијата.	12%	58%	30%
15.	Во организацијата се создава „здрава“ организациска култура со:етички особини (заемна доверба и почит,одговорност, доследност, совесност, грижа за сте вработени	29%	43%	28%
16.	Јасната и навремена комуникација помага во разрешување наконфликти и води кон подобри меѓучовечки односи и поквалитетно работење	5%	45%	50%
17.	Во организацијата се чувствува пријатна комуникација и позитивна работна атмосфера	28%	67%	5%
18.	Во организацијата има изградени методи за вреднување на работата исистем за плаќање на човечките ресурси.	27%	63%	10%
19.	Во организацијата се почитуваат принципите на транспарентност идоверливост.	28%	64%	8%

Добиените резултати од спроведеното истражување потврдуваат:

Во организаците вработените делумно се чувствуваат сигурни, среќни и задоволни што укажува на фактот дека се потребни радикални промени за да се подобри степенот на задоволство.

Вработените ги знаат вредностите за развивање на организациската култура, но немаат солидно водство кое ќе насочува кон нивна промена.
Со оглед на тоа дека постои страв кај вработените кога одговараат на прашања поврзани со нините менаџери јасна е констатацијата дека и на тоа поле има некои недостатоци.
Менаџерите не умеат, незнаат или несакаат да негуваат фер и праведни односи, да ги почитуваат идеите на вработените, а со тоа да ја градат и развиваат филозофијата на добра организациска култура во нивните компании.
Според анализата на претходните прашања тешко може да се идентификува пријатна работна атмосвера која ке се темели на добро изградени вредности и норми.

Согледувајќи ги резултатите од истражувањето, а притоа имајќи гипредвид теоретските постулати за користа и потребата од добра организациска културапроизлегоа следниве препораки:

Подигнување на свеста за потребата од ефективна организациска култура;
Креирање средина за ефективна организациска култура;
Градење и засилување на организациската култура и етика;
Охрабрување на односот менаџер – вработен;
Надминување на неуспехот за соодветни аномалии во организациската култура;
Воведување на промени и надградување на организациската култура;

ЗАКЛУЧОК

Во овој труд се направија сериозни обиди за поврзување на теоретските модели на организациската култура со детерминантите кои влијаат на истата.Промената на организациската култура се состои во промена на ставовите на вработените, а тоа е клучот за овие промени во комуникацијата на посакувани вредности и ставови. Организациската култура е важна за работењето на организацијата како детерминанта на нејзината способност да се адаптира на промените во животната средина. Многу честа претпоставка е дека организациите се успешни токму затоа што тие имаат култура која нагласува флексибилност и отвореност кон развојот на пазарот. Успешните организации имаат ваков систем на вредности и верувања што ги става во центарот на вниманието на потребата за постојано прилагодување на промените во животната средина.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Bass, B. M. (1997), „Does the transactional – transformational leadership paradigm transcend organizational and national boundaries“?
2) Held, D. et al. (1999), „Global transformations: politics, economics and culture“,Polity Press, Cambridge.
3) Hickson, D. J. et al. (1974), „The culture-free context of organization structure: national comparison“, Sociology, Vol. 8, No. 1, pp. 59-80.
4) Hofstede, G. (1980), Culture’s consequences: international differences in work-related values, SAGE Publications, Beverly Hills, CA.
5) Hofstede, G. (2007) *: Cultural Constraints in Management Theories, in* Osland , J.; Kolb, D.; Turner, M.; Rubin, I.: *The Organizational Behavior Reader,* Prentice Hall.
6) Hofstede,G. (2001), Culture's consequences: comparing values, behaviors, institutions and organizations across nations, SAGE Publications, Thousand Oaks,CA.
7) House, R.J. et al. (2004), Culture, leadership, and organizations: the GLOBE study of 62 societies, SAGE Publications, Thousand Oaks, CA.
8) Javidan, M. et al.(2006), „In the eye of the beholder: cross cultural lessons in leadership from project GLOBE“, Academy of Management Perspectives, Vol.20, No. 1, pp. 67-90.
9) Koopman, P. L. et al. (1999), „National culture and leadership profiles in europe:some results from the GLOBE study“, European Journal of Work and
10) Lewin, K.(1952), „Group Decision and Social Change“, in *Readings in Social Psychology,* rev. ed., eds. G.E.Swanson, T.N. Newcomb, and E.L. Hartley (New York: Holt).
11) Schein, E. (2010), „Organizational culture & leadership“
12) Schermeron, Hunt, Osborn: *Organizational Behavior,* Chapter 3 *Organizational Behavior accros Cultures*

13) Mojić, D. (2003), „Stilovi voĎstva menadţera u Srbiji“, Beograd:Institut za sociološka istraţivanja Filozofskog fakulteta u Beogradu.
14) Nebojša Janićijević: (2008), „*Organizaciono ponašanje“*, poglavlje 12.
15) Stojanovic Aleksic, V., Sapic, S. i Eric, J. (2010), „Efektivnost liderskih stilova“, Ekonomski horizonti, Vol. 12, No. 1, pp. 79-88.
16) Miles, R., Snow, C. (1978), „Organizational Strategy, Structure and Process“, McGraw-Hill, New York
17) Mintzberg, H. (1979), „The Structure of Organizations“, Prentice Hall, Englewood Cliffs, NJ

ЕФЕКТИВНО И ЕФИКАСНО РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ КАКО КОМПАНИСКА ПРЕДНОСТ ВО СЕМЕЈНИОТ БИЗНИС (СБ)

Вон. проф. д-р Бедри Адеми

Колеџ Фама, Приштина
b.ademi@see-university.edu.mk

УДК: 005.334.2:334.722.24

АПСТРАКТ

Од повеќе автори на емпириски начин е докажано дека во СБ нивото на конфликти е повисоко во споредба со другите форми на бизнисот. Конфликтите како неизбежни, па и како потребни, треба да се менаџираат за од нив се има корист, а не штета. СБ посебно треба да биде третиран од овој аспект, бидејќи кај него еден конфликт е сигурно дека ќе се случи, кога треба бизнисот да се пренесува од една во наредна генерација.

Целта но овој труд е да сугерира како да се менаџираат конфликтите во Сб да тој има корист од тоа и да биде уште по конкурентен.

Една друга цел е да се лоцираат каде се конфликтите во СБ за да можат тие успешно се менаџираат.

Клучни зборови: конфликт, семеен бизнис, конфликт на задача, конфликт на релации.

EFFECTIVE AND EFFICIENT RESOLVING OF CONFLICTS AS COMPANY BENEFITS IN THE FAMILY BUSINESS (FB)

Assoc. Prof. Bedri Ademi Ph.D.

College FAMA, Pristina
b.ademi@see-university.edu.mk

UDK: 005.334.2:334.722.24

ABSTRACT

From many authors on empirical way is's proven that in family businesses (FB) the level of conflicts is higher, compared to the other forms of business. Conflicts as inevitable and as necessary, should be managed so we can benefitfrom them. FB especially should be treated from this aspect,

because it is certain that a conflict will happen when business needs to be passed from one generation to next.

The purpose of this paper is to suggest how to manage conflicts in FB so we can benefited from it and be even more competitive.

Another goal is to locate the conflicts in fB so they can be successfully managed.

Keywords: conflict, family business, the task conflict, relationship conflict.

ВОВЕД

Бидејќи конфликтот постои во секое семејство, сигурно дека тој ќе се појави и во СБ (Paul Hennessy, 2004;24). Според Dyer конфликтот се јавува во местото каде што се преклопува семејството и бизнисот бидејќи овие системи оперираат базирани во разлики, кои често се и некомпактибилни.(Dyer, W.G., Jr.:, 1986)

Колку е значаен конфликтот во СБ, и колку е ценето неговото ненавремено менаџирање, најдобро го илустрира Giuseppe Leone кој вели: „Без оглед на тоа колку време е потрошено и колку генерации вложиле труд во креирањето на еден успешен СБ, интерниот и неконтролираниот конфликт може да го оштети СБ повеќе одколку сите конкуренти заедно“(Giuseppe Leone: 2002). Саботажата и скриените алеанси се често употребена метода за расчистување на сметките во отсуство на снага и овластување како и недоволна доверба помеѓу членовите од семејството.(Aron Pervin;1995) Од една студија направена во Америка во 1995 година за 800 пропаднати СБ, резултира дека најчестата причина за нивно пропаѓање биле нерешените конфликти помеѓу членовите од семејството на работа и во семејството, како и конфликтите помеѓу членовите од семејството со останатите вработени. Една друга студија направена со 673 бизниси открива дека конфликтите и тензиите растат кога ќе се намалуваат платите (Kelin E. Gersick, et , 1997) Но овие не се единствените причини за појава на конфликти во СБ.

ЛОЦИРАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ ВО СБ

Конфликтот е неизбежен во СБ, но правото прашање е дали ние ќе го менаџираме или конфликтот ќе не води нас?(Aron Pervin „; 2004)

Конфликтот може да се јави поради стресот од интеракцијата, од разлика на културата на компанијата и семејството, но и поради двосмисленоста на улогите (конфликт на улогите), потешкотии со комуницирањето, бизнис одлуките кои имаат негативен импакт во семејството.

Конфликти за наследството на бизнисот може да се јави*,* ако не се планира со време наследникот и не се врши адекватна обука. Овој конфликт се јавува, бидејќи после наследството членовите од семејството нема да ги добиваат очекуваните работни места, а сите очекуваат дека „фер“ е да се подели сопственоста еднакво на сите деца што е исправно гледан со очилата од семејството, но спротивно од аспект на бизнис правилата.

До конфликт може да дојде кога се *мешаат улогите* од семејниот систем со бизнис системот, тоа значи дека улогата на шеф во бизнисот не треба да се применува и дома или обратно.(Young-Ho Nam, James I. Herbert, 1998)

Конфликтот може да се случи бидејќи секој од членовите имаат различно гледање за перспективата на бизнисот. Некој го гледа бизнисот само низ призмата на парите а некој од развојот. (William L. Megginson, et ;1997)

Интересен момент за појавување на конфликт е кога *наследените атрибути од детството или од дома* се пренесуваат во бизнисот*.* Лицето кое носи еден лош атрибут дома му треба време за истиот го елиминира со останатите членови од семејството инволвирани во бизнисот.(Michael Harvey, Robert E. Evans ; 2004)

Нееднакви интереси за проширување на бизнисот некогаш може да претставува извор на конфликт. Ова значи дека членовите од семејството кои се директно вклучени во бизнисот сакаат да инвестираат повеќе во бизнисот заради поголема конкурентност и поголем профит, додека тие што не се директно инволвирани сакаат само да го земат профитот и много да не ризикуваат.

Напуштање на лидерската позиција од страна на основачот секогаш е пропратена со големи емоции. За основачот бизнисот претставува свое дете кое растело во неговите раце и тој тешко може туку така да го остави во туѓи раце, некој друг да се грижи за него. Родителите се почесто не веруваат во способноста на нивните деца.

Односите помеѓу членовите од семејството и други вработени ако не се стриктно одредени секогаш е добро тло за несогласување и трошење на непотребна енергија.

Очекувања од бизнисот како на членовите на семејството така и на другите вработени може да биде причина за конфликти. Во одредени ситуации не можат да се исполнат очекувањата од бизнисот и незадоволството може да ескалира.(Joseph H. Astrachan, Andrew D. Keyt ; 2003)

Конфликт, може да се јавува и кога неквалификуван член од семејството бара работа во СБ. Као пример се слушат зборовите: „братот бара работа“ Сигурно дека притисокот и чувствата за членот од семејството ќе бидат високи.(Nancy Bowman-Upton;2000)

Во СБ се јавуваат и конфликти поради тоа што одреден член од семејството не ги почитува поставените правила за работа, не е доволно дисиплиниран. Тоа ги иритира останатите вработени и членови од семејството.(James N. Bieneman ; 2005)

Има уште многу други моменти кои ќе се набројат*:*

Работата не се покажала доволно предизвикувачка или кога наградите што се примаат не се соодветни;
Еднакво наградување на децата без оглед на нивниот придонес кон бизнисот;
Старата генерација не сака да направи план за наследство поради стравот од смрт (John Wofford ; 2004)
Вработување на неадекватен член од семејството;(Matthem M Kenzie; 2006)
Донесените одлуки во бизнисот кои делуват негативно во семејството (Michael Harvey, Robert E. Evans ;2004
Повеќето од членовите од семејството не се задоволни од процесот како се одвива наследството;(Kenneth Kaye ;1999)
Привлекување и задржување на извршителите кои не се членови од семејството. (Michael Harvey, Robert E. Evans ;2004)
Достапност до течниот капитал кои може лесно да се претвори во готови пари и др.

КОНФЛИКТ НА ЗАДАЧА, ПРОЦЕС И РЕЛАЦИИ ВО СБ

Конфликтот на задача е врзан со несогласувањата околу задачата која треба да се заврши,(Pramodita Sharma ;2004) или несогласувања околу тоа какви задачи треба да се исполнат. Разликата во визијата, во целите и очекувањата често пати се причина за овој конфликт. Од оваа перспектива, тој им овозможува на членовите на СБ да ги идентификуваат различните перспективи и ја зголемува можноста за подобро разбирање на проблемот, кога конфликтот се користи за надминување на овие разлики.

Овој вид на конфликт се гледа како шанса за полесно прифаќање на финалното решение според сугестиите на другите дадени во почеток. Значи мислењата кои во почекот за некого биле туѓи и неприхфатливи, почнуваат да се прифаќаат, разбираат и применуваат.

Конфликтот на процес се карактеризира по несогласувањата кои може да се јават кога е во прашање како да се заврши еден процес и колку членови треба да се ангажираат за исполнување на истиот. Конфликт на процес се однесува на тоа како да се завршат повеќе задачи, но често се оперира и со што и колку, во зависност од способностите на индивидуите.(Jehn, K.A. Mannix, E.A;2001) На емпириски начин е докажана дека ефектите на конфликтот на процес ги подобруваат перформансите на фирмата само кога тој се движи во границите од ниско ниво до оптимален (модерирано) ниво.(Franz W. Kellermanns Kimberly A. Eddleston ;2004) Овој конфликт може да биде многу важен и добродојден во СБ за да се апсорбира ефикасно талентот на членовите од семејството но и за да ги споделуваат меѓусебно специфичните информации. Поголемиот број на успешни СБ се базираат во искористување на семејниот талент, како постоечки ресурс за изградба на ефикасен менџмент тим. Без присуство на овој конфликт СБ може да „паднат на испитот“ за модернизација на технологијата и начинот на работењето, што не е редок случај кај овој вид на бизнис. Од спротивната страна, високото ниво на овој конфликт може да ги спречи членовите од семејството да не ги исполнуваат нивните обврски и може да ги намали нивните способности за да ги усовршат клучните методи потребни за еден компетентен бизнис. Семејните бизниси не треба да бидат исклучок и тие треба да претендираат да се приклучат во организациите кои учат, како единствена форма за успешно справување со промените.

Конфликт на релации е какви се интерперсоналните односи за вреднување и остварување на обрските. Конфликтот на релации ги содржи причините кои доведуваат до конфликт помеѓу членовите на семејството но и помеѓу нив и останатите вработени, кога тие претставуваат меѓусебна опозиција.(Joyce E. Bono, Terry L. Boles, Timothy; 2002) Членовите од семејството знаејќи ги меѓусебните особини, избегнуват да комуницираат за проблемите за кои тие мислат дека имаат спротивно мислење. Тој вклучува афективна компонента како: досада, фрустрација и иритација на другите.(Franz W. Kellermanns Kimberly A. Eddleston 2004;212) Конфликтот на релации е перцепција на персонална антипатија и некомпактибилност во споредба со останатите. Овие негативни чувства за време и после конфликтот можат да бидат пропратени со лутина, навреда и загриженост. Така тој може да влијае и на работните резултати, со пренасочување на ефектите на работа, со редуцирање на работните резултати, со формирање на внатрешна политика, коалиции и градење на непотребна кохезија.

Интеракција на конфликтот на релации со конфликт на задача и процес

Гореспоменатите конфликти беа разгледани посебно, без ефектот на меѓусебната интеракција. На сл. 2.3.4 е прикажана интеракција помеѓу конфликтот на задача, процес и релации и останатите варијабли кои имаат влијание. Не беше споменато како дејствува меѓусебната интеракција во перформансите на фирмата. Овој проблем посебно треба да се анализира кога овие конфликти се случуваат истовремено. Овој феном некои автори го нарекуваат „*нова комплексна перспектива*“. Членовите од семејството често пати мора меѓусебно да го делат богатсвото и ги заземаат раководните места во фирмата, што предизвикува конфликт на релации, затоа што во семејството има емоции, додека бизнисот не признава емоции и се создава една пречувствителна перспектива.(Whiteside, M.F., Brown, F.H.;1991) Уште повеќе бидејќи во семејството е битно кој што ќе рече а во бизнисот кој што работи. Семејството и бизнисот се независни во СБ, затоа случајот на конфликтот на релации станува многу јасен и присутен, бидејќи и главните чинители на СБ се оптоварени со емоции. Тоа претставува плодно тло за појава на овој конфликт кој што ќе ги минимализира позитивните ефекти на конфликт на задача и процес. Затоа секое истражување на ефектите на конфликтот на задача и процес треба да се зема во предвид со нивната интеракција со конфликот на релации.

Кога конфликтот на релации е низок, тогаш умеењето и погледите што секој член од семејството ќе ги изнесува за одреден проблем ќе преставуваат синергија и динамика за развој. Тие ќе се почитуваат меѓусебно и сигурно дека ефектите ќе бидат многу позитивни во однос на перформансите на фирмата, бидејќи ќе се разменуваат информациите и подобро ќе се донесуваат одлуките.

Кога конфликтот на релации е висок, тој може да интерферира со конфликтот на задача и процес така да ги релативизира ефектите затоа што членовите ќе се фокусираат во редуцирање на заканите, зголемување на моќта и за формирање на бескорисна кохезија, на место да се погрижат за свесно завршување на задачите кои им претстојат.



Сл. 1 Интеракција помеѓу конфликтот на задача, процес и релации (Адаптирана; Franz W. Kellermanns Kimberly A. Eddleston „Feuding Families: When Conflict Does a Family Firm Good, 2004)

Значи, конфликтот на релации ги ублажува ефектите од конфликт на задача и процес врз излезните перформанси на фирмата.

Ефектот ќе се намалува во соодноc со интензитетот на конфликтот на релација.(Franz W. Kellermanns Kimberly A. Eddleston 2004)

Како што се гледа во сл. 1 во перформансите на фирмата преку конфликтот на релација делува и алтруизмот.

Алтруизмот постои во секоја организација, но во услови на СБ тој се јавува во повисоко ниво и неговиот ефект треба да се зема во предвид, затоа што тој ги охрабрува членовите од семејството да си помагаат меѓусебно, да се зголеми лојалноста кон фирмата и да го почитуваат лидерот на бизнисот.

Тој ги води членовите од семејството кон чувството дека се тие сопственици на бизнисот, но во исто време сака да им излезе во пресрет на сите нивни потреби, кои некогаш и се спротивни со интересите на фирмата. Кога индивидуите сакаат да ги максимализираат нивните потреби со бирање само на работи што сакаат да ги работаат и кога нивните очекувања се големи, може да се појави конфликт бидејќи нивните потреби ќе се судруваат со останатите. Алтрузмот ќе има позитивен ефект кога тој е реципрочен, што значи меѓусебно помагање и разбирање на членовите од семејството без оглед на каква позиција во менаџментот тие се поставени и кој дел од капиталот го поседуваат. Но кога степенот на довербата е мал и алтруизмот е асиметричен ќе се појават конфликти кои се директно поврзани со опстанокот на СБ.(Richard Harris Renee S Reid Rodney McAdam: 2004). Има една зависност помеѓу алтруизмот и конфликтот на релации. Таа гласи: висок степен на реципрочен алтруизам негативно се рефлектира на конфликтот на релации, додека ниско ниво на реципроцен алтруизам позитивно дејствува во конфликтот на релација. (Richard Harris Renee S Reid Rodney McAdam: 2004) Ова значи дека умерениот реципрочен алтруизам може индиректно да ги подобри перформансите на фирмата, со намалување на конфликтот на релации.

Концентрација на контрола е дефинирана како ниво на снага за управување која е концентрирана во рацете на членовите од семејството во процесот на менаџирање на бизнисот.(Richard Harris Renee S Reid Rodney McAdam: 2004) Во СБ, ова ниво варира и се разликува доста од еден во друг бизнис. Во некои СБ целата контрола е во рацете на една личност, што преставува највисоко ниво на контрола. А другиот екстрем е ниско ниво на контрола, значи дека повеќе членови од семејството се вклучени во процесот за донесување на одлуки. Двете варијанти имаат предности и недостатоци. Кај големата концентрација на моќта, членовите од организацијата ќе се чувствуваат непочитувани и оставени на страна, посебно кога старите основачи или сопственици не практикуваат да ги консултираат помладите за стратешки одлуки.

Високата контрола на главниот менаџер на компанијата доведува до формирање на политики во фирмата и поголемо нетрпение помеѓу вработените. Во овој случај има малку партиципативна атмосфера за носење на одлуки. Шансите за појава на конфкликтот на задача и на процес се многу мали. Ваквите лидери не можат да планираат стратешки и употребуваат малку менаџерски алатки. Тие често се базираат на авторитетот за да ги оправдаат постапките, и не примаат сугестии од останатите. Оваа појава неминовно доведува до појава на конфликтот на релации.

Малата контрола, (дисперзивна контрола) е спротивно на ова, или која значи дека контролата е поделена на неколку личности. Како што беше спомнато, ниското ниво на контрола доведува до фаворизирање на појавата на конфликтите на задача и на процес. Негативна страна е во тоа што во овој случај се отежнува процесот за носење на одлуки. Овој проблем е многу изразен кога одлуките треба да ги донесат браќа-сестри. Тоа ќе доведува до појава на кофликтот на задача и на процес.

Затоа големата концентрација на снагата ќе биде проследено со високо ниво на конфликтот на релации во СБ, и со ниско ниво на конфликтот на задача и процес, што е сротивно со малата концентрација на снагата за управување.

Инволвирање на генерации во СБ е исто така многу влијателна варијабла која делува за подобрување на перформансите на СБ. За подобрување на перформансите на СБ, членовите од најмладата генерација мора да бидат интегрирани во СБ.(Handler, W. C; 1989) Таквата цел може да се постигне кога се практикуваат позитивните ефекти од конфликтот на задача и на процес.

Конфликтот на задача помеѓу генерациите и овозможува на секоја генерација да може да каже што мисли во врска со стратегијата на фирмата. Како резултат ќе се разберат специфичните задачи и стратегијата на СБ воопшто. За да биде успешен еден мултигенерациски СБ, најмладата генерација мора да ги преземе знаењата и информациите од актуелната ганерација,(Cabrera-Suarez, K., Saa Perez, P.D., Almeida, D.G: 2001) но во исто време и да понуди нови различни перспективи за организациските цели и стратегии. Без еден адекватен ниво на конфликтот на задача, СБ може да стагнира во процесот за развивање на нови стратегии и пренесување на знаењата и способностите до најмладата генерација. Актуелната генерација мора да има желба за да ги студира и прифаќа најновите достигнувања во менаџментот, додека најмладата генерација мора адекватно да ги цени вредностите на веќе поставените работни цели и нив да ги практикува.

Конфликтот на процес е можеби повитален за успехот на мултигенерацискиот СБ. Истражувањата покажувааат дека актуелната генерација не преферира да го препушти бизнисот на најмладата генерација, што ја демотивира младата генерација да учествува во донесувањето на одлуки и преземање на лидерска позиција. Значи сегашната генерација пропагира статус кво, додека младата прави притисок за промени, на поинаков начин да се гледаат работите, различно да се делаат одговорностите и ресурсите. Затоа, за да биде успешен мултигенерацискиот СБ, актуелната генерација треба да биде пофлексибилна во изнаоѓање и прифаќање на новите начини за работење, а младата генерација мора да го цени знаењето и придонесот на старата генерација. Секоја генерација треба да и дозволи на другата да дава сугестии за подобро менаџирање на процесите, но и да бидат спремни за да го трансферират ученето до другите, за градење на една основа за иновации со цел подобрување на ефективноста и ефикасноста на организацијата. Конфликтот на процес е важен за тоа што иницира дискусии за улогата на секоја инволвирана генерација, имајќи ја во предвид нивната квалификација. Членовите од семејството ќе имаат шанса да одлучат како праведно да ги распоредат компетенциите и да одредат кој која работа најдобро може да ја заврши. Оваа ќе и помогне на младата генерација успешно да ја презема лидерската улога во моментот кога тоа ќе биде потребно.

ЗАКЛУЧОК

Присуството на конфликтите во СБ треба да се користи од соптвениците-менаџерите за позитивни промени за да ја вбројат организацијата во таборот на организации кои учат, како императив на времето. Значи модерираното ниво на конфликтот на задача и конфликтот на процес ќе треба да се фаворизира за да позитивно влијаае за подобрување на карактеристиките на СБ. Организацијата ќе биде успешна кога ќе почне да живее со модернизирани и прифатливи разлики. Разликите треба да постојат и помеѓу членовите од семејството. Ова во никој момент не треба да значи да се дозволи конфликтот да расте и да ги одредува правците на развојот на СБ.

Споменатиот модел за анализа на конфликтите во СБ може да им служи на истражувачите на СБ, но и на самите практичари кои сакаат од конфликтот да извлечат бенифит. СБ кои можат да го премостат конфликтот на релација и да ги употребат добрите страни на конфликтот на задача и процес, ќе проспериураат и ќе успеват да го пренесат бизнисот од генерација на генерација. Тие на тој начин ќе растат, ќе отвараат нови работни места и ќе придонесуваат за развојот на националната економија воопшто.

Како генерален заклучок, конфликтите треба да се антиципираат за да се менаџираат успешно, да се држат под контрола.

И на крај као што вели Gersick, Davis et al: „Третирај го бизнисот како бизнис, семејството како семејство и сопственоста со почит" како еден патоказ во правецот за управување со конфликтите.

ЛИТЕРАТУРА

1) Aron Pervin „Consulting to Family Business: Therapist or Advisor?“ CMC Communicator, published by The Institute Of Certified Management Consultants, 1995
2) Aron Pervin „Team Building in the Family Firm“ ,The globe and mail – managing 2004
3) Cabrera-Suarez, K., Saa Perez, P.D., Almeida, D.G. „The Succession Process from a Resource- Band Knowledge-Based View of the Family Firm”, Family Business Review, 2001
4) Dyer, W.G., Jr. „Cultural Change in Family Firms“, San Francisco: Jossey-Bass, 1986
5) Handler, W. C. „Methodological Issues and Considerations in Studying Family Businesses“, Family Business Review, 1989
6) James N. Bieneman „When it is Necessary to Manage Unmanageable Conflict“, Columbus office of Horwath Crowe Chizek, 2005

7) Jehn, K.A. Mannix, E.A „The Dynamic Nature of Conflict: A Longitudinal Study of Intra Group Conflict and Group Performance“, Academy of Management Journal, 44(2), 2001
8) John Wofford „Using Mediation to Resolve Conflicts in Family-Owned Business“, Family Business Review 2004
9) Joseph H. Astrachan, Andrew D. Keyt „Commentary on: The Transacting Cognitions of non-Family Employees in the Family Businesses Setting“, Journal of Business Venturing, 2003
10) Joyce E. Bono, Terry L. Boles, Timothy A. Judge, Kristy J. Lauver „The Role of Personality in Task and Relationship Conflict“, Journal of Personality, June, 2002
11) Kelin E. Gersick, John A. Davis, Marion McCollom Hampton, Ivan Lansberg „Generation to Generation: Life Cycles of the Family Business“, Cambridge, Massachusetts, USA, Harvard Business School Press, 1997
12) Kenneth Kaye „When the Family Business is a Sickness“, Family Business Review, 1999
13) Michael Harvey, Robert E. Evans „Family Business and Multiple Level of Conflict“, Jossey - Bass Publishers, 2004
14) Nancy Bowman-Upton „Challenges in managing a Family Business“ Institute for Family Business Waco Texas, 2000
15) Michael Harvey, Robert E. Evans „Family Business and Multiple Level of Conflict“, Jossey - Bass Publishers, 2004
16) Pramodita Sharma „An Overview of the Field of Family Business Studies: Current Status and Direction for the Future“, Family Business Review, 2004
17) Richard Harris Renee S Reid Rodney McAdam „Consultation and Communication in Family Businesses in Great Britain“, University of Glasgow, 2004
18) Whiteside, M.F., Brown, F.H. „Drawbacks Of A Dual Systems Approach To Family Firms: Can We Expand Our Thinking?“, Family Business Review, 1991
19) William L. Megginson, Mary Jane Byrd, Charles R. Scott, Leon C. Megginson „Small Business Management“ An Entrepreneur’s Guide to successes, второ издание, Irwin Mc Graw-Hill, 1997
20) Young-Ho Nam, James I. Herbert „Characteristics and Key Factors in Family Business: The Case of Korean Immigrant Business in Metro-Atlanta“, 1998

ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА ВО НАСОКА НА ПОДИГНУВАЊЕ НА КОМПАНИСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ

Андријана Апостолова

БАС Институт за менаџмент
andrijanaapostolova@yahoo.com

УДК: 005.73:339.137.2]:005.311

АПСТРАКТ

Подобрувањето на конкурентноста во услови на забрзан општествено економски и технолошки развој претставува врвен предизвик на современиот менаџмент. Еден од начините со кои се подобрува конкурентноста на организациите е преку создавање на здрава организациска култура. Организациската култура се простира и ги опфаќа сите активности на компаниите. Таа влијае на начинот на организирање, формирање на авторитетот на организацијата, на степенот на формализирање на правилата и процедурите на функционирање и сл. Со еден збор, организацикатa култура влијае на вкупното однесување на компаниите.

Поимот култура вклучува низа елементи како што се: традиција, обичаи, навики, вредносен систем, верувања, ставови, мерила и норми на однесување. Според овие елементи се разликуваат народите и одделните општества. Слично на тоа и организациите имаат своја култура по која се разликуваат и препознаваат една од друга.

Од тука, може да се каже дека ако градите или поседувате одлична организациска култура, најверојатно ќе бидете врвна компанија што ги привлекува најталентираните вработени и остварува најдобри резултати. Доколку организациската култура ви е слаба или токсична, луѓето, и тоа оние највиталните и најдобрите, ќе почнат да ве напуштаат, ќе ви се зголемуваат трошоците, ќе станете скапи, бавни и неконкурентни.

Клучни зборови: Организациска култура, менаџмент, компаниска конкурентност.

ORGANIZATIONAL CULTURE IN A DIRECTION OF RAISING THE COMPANY'S COMPETITIVENESS

Andrijana Apostolova

BAS Institute of Management
andrijanaapostolova@yahoo.com

UDK: 005.73:339.137.2]:005.311

ABSTRACT

The improvement of the competitiveness in conditions of accelerated social economical and technological development represents top challenge of the contemporary management. One of the methods that improve the competitiveness of organizations is by creating a healthy organizational culture. Organizational culture extends and encompasses all the activities of the companies. It affects how the organization, is establishing the authority of the organization, the degree of formalization of the rules and procedures of functioning and so on. In a word, organizational culture influences the overall behavior of companies.

The term culture includes a series of elements such as traditions, customs, habits, value systems, beliefs, attitudes, norms and standards of behavior. According to these elements we distinguish individual nations and societies. Similarly, organizations have a culture that distinguishes them from the other organizations.

From here, we can say that if you have a great organizational culture, you have more chances to be a top company that attracts talented staff and achieves the best results. If organizational culture is weak or toxic, people, especially the most vital and the best ones will start to leave you, you will increase the costs and you will become expensive, slow and uncompetitive.

Keywords: organizational culture, management, company competitiveness.

ВОВЕД

„Кога си во Рим, однесувај се како римјанин.“

стара латинска поговорка

Во 1992 година, по една деценија истражување, корпорацијата „Мекдоналдс“ отворила ресторан во Пекинг, Кина. За две години, продажбите ги надминале своите очекувања. Тогаш, владата на Пекинг сосем неочекувано ги известиле „Мекдоналдс“ дека мора да ја напушти локацијата, затоа што на тоа место ќе се гради станбен и деловен комплекс „Ли Кашинг“. Вчудоневидениот „Мекдоналдс“ го направи она што би го направил секој добар „западњак“ и ги даде градските власти на суд, за да се обиде да го задржи закупот. Градските власти го добиле спорот, со објаснување дека Мекдоналдс ги нема потребните односи или „врски“ како моќниот Ли Кашинг.

Овој пример, ги илустрира основните разлики помеѓу водење бизнис во различни земји.

https://www.scribd.com/doc/50590615/kultura [октомври 2014]

Ваквите искуства покажуваат дека организациската култура е клучна за перформансите на една организација и истата во просек е неколку пати поважна дури и од бизнис стратегијата. Организациската култура е оној сегмент на организацијата што на вработените им испраќа „сигнали“ за тоа што е посакувано, а што непосакувано однесување и што е тоа што во конкретна организација се цени и вреднува преку пишани и непишани правила.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во овој труд е направено истражување во кое беа опфатени 28 вработени и 6 менаџери од македонски фирми од иста дејност преку анкетен прашалник кој е дизајниран да и помогне на организацијата да ја утврди нејзината конкурентност преку организациската култура на истата. Организацијата може да ги искористи резултатите за да ги фокусира нејзините напори за подобрување или понатаму зацврстување на областите на организациската култура кои понатаму ќе водат кон поголема конкурентност.

Прашања за вработените

	ТВРДЕЊА	СТАВОВИ			
		никогаш	понекогаш	често	секогаш
1.	Проблемите ги прифаќам како предизвик за нови успеси				
2.	За мене ова е најдобрата организација во која што може да се соработува со колегите				
3.	На моите пријатели им зборувам се најдобро за мојата организација				
4.	Моите вредности и вредностите на мојата организација се многу слични				
5.	Кога ќе се научи или открие нова информација, вештина или техника колегите несебично ја споделуваат со мене				
6.	Имам можност да го применам наученото				
7.	Мојата организација се разликува од другите по начинот на кој работите се одвиваат во неа				
8.	Со моите колеги развивам навики на однесување во организацијата каде што работам				
9.	Давам се од себе за да и помогнам на организацијата да стане поуспешна				

Прашања за менаџментот

		Силно не се согласувам		Силно се согласувам		
		1 2 3 4 5				
1.	Вработените се прашуваат едни со други за информации поврзани со работата и активностите	1	2	3	4	5
2.	Вработените постојано бараат начини за подобрување на процесите, производите и услугите	1	2	3	4	5
3.	Вработените работат во духот на	1	2	3	4	5

	соработката, а не конкуренција.					
4.	На грешките направени од страна на вработените се гледа како на можности за учење.	1	2	3	4	5
5.	Се охрабрува поставување на прашања и покренување на прашања во врска со работата.	1	2	3	4	5
6.	Немам проблем да им објаснам на другите што мислам или како се чуствувам во врска со одредено прашање	1	2	3	4	5
7.	Им се оддава признание или се наградуваат вработените кога ќе се стекнат со нови знаења или вештини	1	2	3	4	5
8.	Им се оддава признание или се наградуваат вработените кога помогнале при решавање на бизнис / организациски проблеми.	1	2	3	4	5
9.	Вработените ја разбираат поврзаноста на нивната работа со целите и мисијата на организацијата.	1	2	3	4	5
10	Вработените ги исполнуваат работните рокови.	1	2	3	4	5
11	Информации се собираат од клиентите, муштерии, добавувачи или други заинтересирани страни за да се измери колку добро работиме	1	2	3	4	5

РЕЗУЛТАТИ И НИВНА АНАЛИЗА

Заради обемноста на прашалниците, ќе ги истакнам резултатите од инструментите кои ги покажаа најјаките и најслабите страни на организациската култура во фирмите според одговорите од страна вработените и менаџментот.

Табела 1. Прашања за вработените

	ТВРДЕЊА	СТАВОВИ				ВКУПНО
		никогаш	понекогаш	често	секогаш	
1.	Кога ќе се научи или открие нова информација, вештина или техника колегите ја споделуваат со мене	0	19	7	2	28
2.	Давам се од себе за да и помогнам на организацијата да стане поуспешна	0	3	22	3	28

Од првата табела, од прашањето број 1. лесно можеме да забележиме дека наслаба страна на организациската култура во фирмите според вработените е споделувањето на информации, вештини или техники, со самиот факт дека дури 19 од 28 испитаници одговориле со понекогаш. Додека најјака страна е тоа што дури 22 од 28 испитаници одговориле со често кога се работи за напредокот на организацијата.

Табела 2. Прашања за менаџментот

					Силно не се согласувам		Силно се согласувам
					1 2 3 4 5		
1.	Вработените ја разбираат поврзаноста на нивната работа со целите и мисијата на организацијата.	1	2	3	4	5	вкупно
		0	3	3	0	0	6
2.	Вработените ги исполнуваат работните рокови.	0	0	0	2	4	6

Во втората табела, менаџментот смета дека вработените не ја разбираат поврзаноста на нивната работа со целите и мисијата на организацијата. Додека од друга страна, дури 4 од 6 менаџери сметаат дека вработените се исполнители во извршувањето на работните задачи што секако е една од најјаките страни на организациската култура во фирмите во кои се одвиваше истражувањето.

ЗАКЛУЧОК

Од аспект на човечките ресурси, организацијата ја чинат луѓе, односно збир на индивидуи кои се основните двигатели на деловните активности, потфати и остварувања на организацијата.

Вложувајќи во подобрувањето на слабостите на организациската култура, резултира со меѓусебно задоволство, каде индивидуите го остваруваат својот интерес, а организацијата својот профит, раст и развој кои се всушност главните мерила за конкурентност.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Janićijević, N. (1997), „Organizaciona kultura“, Novi Sad:Ulixes, Beograd: Ekonomski fakultet
2) Јанева.Б (2010), „Бизнис“, Скопје.

Е-БИБЛИОГРАФИЈА

3) https://www.scribd.com/doc/50590615/kultura

ЗАДРУГЕ ИЛИ КООПЕРАТИВЕ КАО ИЗВОР КОНКУРЕНТНОСТИ

Проф. д-р Љубиша Стојмировић

Београдска пословна школа, висока школа струковних студија, Београд, Србија
ljubisa.stojmirovic@bbs.edu.rs

Милош Рајковић дипл ецц

Телеком, Београд
milosrajkovic89@gmail.com

Зарије Булатовић ецц

zarijeart@gmail.com

УДК: 334.732:631.115.8(497.11)

АБСТРАКТ

У овом раду се разматрају искуства и услови настанка кооперативног или задружног покрета у свету. Разматра се и феномен успешности заједничких пословних подухвата у односу на индивидуалне. Ситуација у Србији и потреба за оваквим видом организовања је предмет посебног поглавља уз разматрање области производње хране и мале индустрије.

Кључне речи: кооперативе, задруге, ероатлантски регион, мондрагон, породичне задруге, деиндустријализација, екологија, индустрија, производња хране.

COMUNES AND COOPERATIVES AS COMPETITIVENESS SOURCES

Prof. Ljubisa Stojmirovic

Beogradska poslovna skola, visoka skola strukovnih studija
Beograd, Srbija
ljubisa.stojmirovic@bbs.edu.rs

Milos Rajkovic dipl. ecc

Telekom, Beograd
milosrajkovic89@gmail.com

Zarije Bulatovic ecc

zarijeart@gmail.com

UDK: 334.732:631.115.8(497.11)

ABSTRACT

This paper discusses the experiences and conditions of formation of cooperative and farm-cooperative movement in the world. It also discusses the phenomenon of successful joint ventures in relation to the individual one. The situation in Serbia and the need for this kind of organization is the subject of a separate chapter with consideration of domains of food production and small industries.

Keywords: cooperatives, farms, Euro-Atlantic region, mondragon, family cooperative, deindustrialization, ecology, industry, food production.

УВОД

Истовремено са убрзаним низањем економских криза које потресају Евроатлантски регион, узрокованих дерегулацијом банкарског сектора, а које прете потпуним разарањем економских система и индустријске базе њихових земаља, са свим пратећим последицама, поново се враћају у фокус најстарији и првобитни обрасци организовања у привредној сфери.

Породичне или сеоске задруге, кооперативе или како год да су називане у прошлости, постоје и данас на свим континентима и показују већу стабилност у пословању и дужи животни век од толико пропагираних приватних компанија. 2009-те године, Елинор Остром амерички универзитетски професор је добила Нобелову награду за економију, за обраду феномена управљања заједничким добрима, анализирајући неколико примера цооператива и доказујући да су економски субјекти засновани на заједничком труду равноправних и друштвено одговорнијих појединаца, успешнији и трајнији од власнички индивидуално вођених компанија, чији је покретач само профит и жеља за уништењем конкуренције. Њен рад се најчешће користи као аргументација у расправама о правој природи људског организовања, да ли је човек себична звер која ће искористити сваку прилику да отме све што може или друштвено биће које испуњење тражи у заједници са себи сличнима. Поједностављено, разоткрила је мит око поклича неоконзервативне и неолибералне армије себичних предатора: „ похлепа је добра и неопходна“.

Није случајно да су ови, данас алтернативни, видови задружног или кооперативног организовања најприсутнији у Евроатлантском региону, који је периодичним толерисањем Либералног-предаторског капитализма, извор свих економских криза у последњих двеста година. Тај феномен који је изазвао све глобалне катастрофе од колонијализма, два светска рата, а прети ових дана да изазове и трећи, је последично дао ветар у једра и новом таласу интересовања за кооперативни или задружни облик пословања, као условно речено, један вид демократије у економији.

ОРГАНИЗАЦИЈА ЗАДРУГА

Постоји безброј варијанти организовања оваквих економских заједница и њихово набрајање нема смисла, задржаћемо се само на основним принципима, а само поменити неке појавне облике. Свим њима је заједничко да су се успешно уклопиле у постојеће законске оквире, а да су својим значајем навеле и државне администрације да донесу специјалне законе за регулисање њихове делатности.

На самом почетку процеса стварања кооперативног покрета, је била свест да је човек појединац немоћан у борби са природом и да се мора удружити са себи сличнима да би осигурао опстанак. После породичних задруга или кооператива у којима су сви чланови уже или шире породице уносили сву имовину и сав рад, а добијали скупљену или направљену храну и одбрану од природе, настале су и сеоске задруге, са истим циљевима и средствима.

Од пољопривредне призводње у почетку, до данас смо стигли и до кооператива у занатству, индустрији, трговини, банкарству, грађевинарству, образовању, па чак и до политичких партија.

Заједнички су им углавном основни принципи организовања и власничка структура која одређује и циљеве и методе пословања.

Што се тиче величине, од малих сеоских и породичних задруга са десетак чланова, стигло се и до скоро мултинационалних гигната као Мондрагон кооператвни гигант који у саставу има и фабрике кућних апарата, трговину, производњу хране, банке итд. Мондрагон је настао у Баскији као вид отпора угроженог народа од стране репресивне државе и пратећег суровог капитализма. Као такав је најбољи путоказ свим малим народима, којима прети „братски згрљај“ глобалистичке интернационале.

Значај задруга је често потцењен, породичне задруге су у Србији дале економску подлогу током поновног стварања државе, а по одласку Турака. У САД је током велике депресије 20-тих и 30-тих година XX века стварање пољопривредних кооператива опоравило производњу хране, а повезане пратеће кооперативе у трговини, банкарству и сл. су битно помогле или чак омогућиле Рузвелтов „Нew Деал“. Данас заборављени творац и пратилац тог огромног пројекта стварања кооператива, Хенру Wаллаце, најважнији Рузвелтов сарадник, је ставио у први план науку и образовање, као есенцијални део свих заједничких подухвата људских јединки. Данас само можемо анегдотски дискутовати о великој грешци у спасавању тада наизглед умируће империје и данашњим последицама тог чина. Изгледа да није случајно да је кооперативни или задружни покрет најјачи, најразноврснији и најразвијенији у земљама расадницима предаторског, уништавајућег капиталистичког неолиберализма, САД, Велика Британија која има и кооперативе-политичке партије, Француска, Шпанија, Италија углавном Евроатлантски регион. Чак је и Немачка трансформисала кооперативне јединице у мање и средње породичне фирме, које чине 80% производње и извоза, задржавши заједничку власничку структуру, неизлазак на берзе власничких акција и разне видове партиципације запослених у управљању и подели добити. Наравно све у строго националним оквирима осећања угрожености, као и код баскијског Мондрагона.

Што се тиче интеракција између разних кооператива, скоро да и не могу да се нађу случајеви конкурентских ратова на тржишту између њих, али је зато много примера стварања, савеза, удружења, федерација или асоцијација кооператива са хиљадама чланова. Као и у осталим областима, аутори из Евроатлантског региона, покушавају да представе кооперативни или задружни покрет као њихово наслеђе настало током индустријске револуције, али ипак њихов труд у описивању, систематизацији и формулисању правила тог покрета заслужује поштовање. Остатак планете није осетио такву потребу иако је вероватно имао и богатија и успешнија искуства.

Као најдуготрајнији и најстабилнији део скоро свих економија, кооперативни систем који данас обухвата скоро милијарду становника на планети, је и гарант преживљавања светске економије без обзира на повремене разбојничке испаде оних који сматрају да им припада све што могу да отму.

НЕКА ОСНОВНА ПРАВИЛА

Начини и видови организовања кооператива се разликују од земље до земље у звисности од законских услова и наслеђених обичаја.

Али све задруге имају неке заједничке карактеристике:

1) добровољно чланство уз одобрење постојећих чланова задруге.
2) заједничко демократско одлучивање и контрола рада задруге.
3) економско учешће у раду свих чланова задруге.
4) очување независности задруге од других економских субјеката
5) континуирано заједничко образовање чланова задруге.
6) кооперација са другим задругама
7) брига о зајдници у којој послује задруга
8) заједничко одлучивање о расподели преосталог профита.
9) једноставне процедуре за смену руководства које не задовољава.
10) једноставне процедуре изласка из задруге.

Овај списак је непотпун и неприменљив у свим видовима задруга, али може послужити као полазна основа за формирање свести о потреби регулисања процеса оснивања задруга.

ГДЕ ЈЕ ТУ СРБИЈА

У Србији постоји велика традиција задружно копеpативног организовања. Сеоске породичне задруге су део словенске традиције, нарочито Јужних Словена, што је био услов физичког и економског преживљавања у условима турске окупације и непријатељског економског и законског оквира. Та традиција може бити важна у околностима агресивне глобализације којој смо изложени. Крајем деветнаестог века такве задруге су нестале са проблематичним убеђењем да ће нова и стабилна српска држава бити благонаклонија према својим грађанима и економским субјектима. Други талас задружног организовања је настао после комунистичке револуције 1945-те и био је оптерећен погрешним проценама, неприменљивим страним искуствима, као и методама увођења које нису биле примерене чак ни послератним напорима санирања ратних разарања.

Права искуства задружног организовања имамо тек двадесетак година касније са увођењем самоуправљања у бившој Југославији, тада долази до делимичног демократизовања рада и живота у пољопривредним задругама. Треба напоменути да данас у тврђави капитализма Америци, у таквом виду самоуправљања у кооперативама, као и у фабрикама са радничком партиципацијом у управљању, активно учествује више људи него у целој бившој Југославији, а у целом свету десетак пута више. То је довољан аргумент за све инфантилно-агресивне противнике свега што на било какав начин потсећа на социјалистички експеримент.

У данашњој Србији је на делу један од најагресивнијих процеса глобализације у свету, под плаштом индивидуалне приватизације, развио се процес деиндустријализације и масовног гашења фабрика. Скоро ни у једном случају није било дозвољена , у евроатлантском региону уобичајена пракса, радничког акционарства или радичке партиципације у управљању. Оних неколико примера такве праксе, у веома непријатељском окружењу су показали већу виталност него све перјанице нове економије. Створила се нова класа приватних предузетника који је у бесцење, добила на управљање и неограничено коришћење огромна богатства створена у прошлости, имали су скоро неограничене изворе кредита које најчешће нису морали да враћају, политичку подршку и благонаклоност законских органа који су толерисали сва па и најтежа кривична дела. Отписиване су им обавезе према држави и неформално, а и длукама владе Србије.

Резултат, нико од њих данас није у стању да самостално опстане на тржишту без помоћи државе или такозваних стратешких партнера. Силовитим и грубим уништавањем конкуренције, често на ивици законитости, смањен је број привредних субјеката, а повећан број отпуштених радника је добио катастрофалне размере, права запослених се доводе на ниво ХИХ века, тако да нема више могућности да се на тржишту апсорбују резултати њиховог пословања.

Оно што је данас нама важно је, да је постала очигледна грешка у процени да ће развој технологије учинити сувишним индустрију и да ће се вишак ране снаге преселити у услужне делатности. Догодило се пресељење индустрије у некада неразвијене земље, а број незапослених је вишеструко превазишао размере пожељног резервоара радне снаге који смањује цену рада, и достигао размере катастрофе, која руши државе. Нема никакве организоване акције од стране најбогатијих и најмоћнијих да се то стање промени, тако да ће органзовање нове економије почети опет са дна, велики број незапослених образованих људи само кроз заједничко промишљено деловање, може користећи искуства задружних или кооперативних облика организовања обезбедити живот, себи, својим породицама па и својим државама.

Они не треба да очекују помоћ ни од слабе државне администрације, а ни од данашњег банкарског сектора чије учешће у било ком пројекту гарантује само брзу економску пропаст било ког пројекта. У већини „транзиционих“ земаља је и законом забрањено или онемогућено традиционално кооперативно или задружно банкарство, штедно-кредитне задруге или кооперативне банке постоје у свим евроатлантским земљама, али не и код нас.

ЗАДРУГЕ У ПОЉОПРИВРЕДИ

Прво и очигледно поље развоја задруга или кооператива је пољопривреда, производња и обрада и продаја хране.

На садашњем нивоу развоја, једино реално је добровољно удруживање породичних пољопривредних домаћинстава. Њихов број је велики, земљишни фонд којим располажу је довољан и за много већа тржишта него што је наше. Пољопривредне машине су данас доступне и сиромашнијим домаћинствима. Чак и прављење мини хладњача за чување воћа постаје технолошки задатак доступан и средњошколски образованим техничарима.

Разумна и на науци заснована производња хране је економична и на мањим површинама, велики комбинати имају предност само у преговарачкој снази у односима са државом, добављачима и кооперантима. Сви велики комбинати који користе своју величину, врло брзо постану жртве такве комбинаторике и улазе у спиралу договора, преговора и комбинаторике са политичарима и банкарима од којих увек постану зависни. Одрживост привредне активности је увек директно повезана са умереним растом и контролисаним амбицијама.

Неопходна је потпуна равноправност свих чланова у управљању задругом без обзира на економску моћ или допринос, разлика се треба видети у сфери расподеле профита.

Неопходно је извршити стриктно раздвајање управљања и руковођења, заједнички донете одлуке се морају спроводити.

Мора се обезбедити свакодневна и континуирана контрола свих, а нарочито финансијских послова задруге од стране свих чланова задруге. Појам пословне тајне је непримерен овом типу организовања.

Сами чланови задруге се морају договорити о појединачном доприносу чланова на основу реалних тржишних цена, умањених за договорени проценат.

Сами чланови се морају договорити о расподели добити, после одбијања трошкова и одвајања у заједнички фонд за рад и сигурност, а у периодима у складу да сезонским карактером производње.

Обзиром на малу комплексност заједничких послова у задрузи, пожељно је да се користи рад чланова задруге, али је понекад потребно запослити и људе који нису чланови задруге.

Потребно је обезбедити сталну едукацију чланова задруге, многи послови који су некада били екскузивно везани за научне институте и експерте су сада у домену просечно образованих људи.

Прелиминарна контрола састава земљишта и воде на пример као и прелиминарна контрола млека и млечних призвода итд, техничка база за то је доступна а руковање поједностављено до крајности. Права контрола урађена на време може обезбедити одрживост призводње.

Неопходно је удруживање задруга и кооператива на истим принципима, као и изградња сопствене трговачке мреже да би се ојачала преговарачка позиција у судару са велетрговцима, који су од неопходне подршке постали највећи експлоататори произвођача. У истом правцу се мора обезбедити и инфраструктура за сопствени извоз производа избегавајући уцене класичних извозника.

Све док се законским решењима не обезбеди оснивање кооператвних банкарских институција, које ће се бавити само пословима везаним за делатност везаних задруга и задругара, неопходна је пажљива сарадња са банкарским сектором који је у овој ери дерегулације свог пословања директни кривац за пропаст више привредних субјеката него тржиште.

Од свих врста стручњака који потребни задругама, данас су најважнији постали књиговође и правници, јер и мале грешке у односима са уговорним партнерима и државном администрацијом, могу поништити вишегодишњи труд свих чланова задруге.

Ниво и комплексност пословања задруга ретко или скоро никада не захтевају ангажовање модерних професионалних менаџера, чије је знање потребније у шпекулативном корпоративном пословању.

Законска регулатива везана за овакве задруге мора бити кратка, једноставна и флексибилна, данашњи пољопривредни произвођачи су довољно едуковани и обавештени да су у стању да се сами организују, а скоро увек су образованији и упућенији у тематику од оних који доносе и усвајају законе који регулишу њихов рад.

Делатност пољопривредних задруга се мора проширити и на прераду хране која се производи, сама продаја сировина битно смањује економичност пољопривредне производње. Пољпривредне задруге морају добити помоћ у подизању капацитета за дуже чување намирница, мање или веће хладњаче, силоси за житарице, магацини да би служили као резерва или допуна систему робних резерви државе, што се хиљадама година смара најважнијим условом опстанка државе. Експеримент сарадње робних резерви са приватним и инвестиционим капиталом са најчешће непознатом власничком структуром се показао катастрофалним, држави је неопходан поузданији партнер.

Удруживање појединачних задруга у веће јединице или асоцијације, ће дати задругама неопхону снагу у сдару са великим добављачима и купцима, небројено много произвођача је доживело велике губитке у сартадњи са хипермаркетима који су своја дуговања одлагали до границе застаревања, а притом су због своје величине имали погрешну али природну заштиту државе. Оно што задруге морају избећи је тражење неформалне заштите политичких субјеката, понеки позитивни ефекти такве сарадње се брзо показују погубни по опстанак било које фирме.

Једина област у којој је држава заиста неопходна задругама је информациони систем о природним условима у којима раде. Метереолошки, водопривредни подаци, подаци о саставу земљишта, упозорења на појаву болести и зараза итд. Ветеринарска и пољопривредна саветничка служба такође. Најстарије цивилизације су имале државне службенике који су упозоравали пољопривреднике на календар радова на пољима, као и на начине борбе против природних непогода.

Прави напредак оваквог система производње ће настати када се развије ОН-ЛИНЕ систем продаје и комуникације са купцима из целог света, а по искуствима кинеске државе у експанзији, за то је потребна подршка државне администрације, која ће гарантовати недискриминаторски приступ свима заинтересованим странама.

Обзиром на двадесетогодишње искуство разбојничке транзиције у Србији, препуно некажњених кршења закона и толерисаних милионских пљачки, држава мора применити, можда наизглед непримерено строгу заштиту задружног покрета, јер он обећава много више од покушаја стварања патриотске капиталистичке класе, који се завршио катастрофом коју сви проживљавамо.

Са развојем и растом пословања ће се неизбежно догодити да неке задруге или кооперативе прерасту ове оквире и трансформишу се у компаније, али са стеченим искуствима имају веће шансе за опстанак него компаније настале од нуле са данашњим модерним инвестиционим инжењерингом.

По свим расположивим искуствима, људи везани послом за земљу су много више заинтересовани за очување традиције и народних обичаја, тако да представљају природни механизам очувања културног идентитета нације.

Људи који живе на земљи коју обрађују су природно много заинтересованији за очување природне средине и њихова еколошка свест је на највишем могућем нивоу, што постаје услов опстанка човечанства.

ЗАДРУГЕ У ЗАНАТСТВУ И УСЛУГАМА

Други важан сегмент привреде који је природно предодређен за задругарско или кооперативно организовање је сектор занатства и услуга. Као и у пољопривреди, обим тих послова је у највећем броју случајева толико мали да не апсорбује довољно радне снаге и капитала, па тако никада не достигне снагу да се може равноправно борити ни на тржишту нити са проблемима које изазива недорасла државна администрација и повезани политички систем.

Све што је речено за задруге произвођача хране, важи и за ову категорију привредних субјеката. Једина права разлика је у томе да су чланови пољопривредних задруга углавном валсници земљишта и објеката у којима раде, док су власници занатских и услужних радњи углавном у изнајмљеним просторима. Ту је улога државне администрације велика, она увек поседује неискоришћени пословни простор и може га давати на коришћње оним делатностима које су неопходне и где су неопходне. Тржишни механизми у данашње време нису још увек довољно ефикасни да сами регулишу ово питање.

У прошлости се у случају занатских задруга повремено појављивао и један негативан феномен који је у великој мери компромитовао овај покрет кооперативно-задружног организовања. То је био процес стварања такозваних стручних тела задужених да издају сертификате и дозволе за рад новим учесницима у том послу. Наизглед процес уређења тржишта, али у суштини стварање монопола у одређеним делатностима и парапореска мера наплате уласка у свет повлашћених занатлија. Новац који је природно припадао држави је на овај начин скретан у непознате токове, а држави је ускраћиван приход од нових обавезника. Процес који је започет ко зна када, се лако апсорбовао и у идустријска друштва и стварањем монопола и картела више пута изазвао велике глобалне економске кризе.

ЗАДРУГЕ У ИНДУСТРИЈСКОЈ ПРОИЗВОДЊИ

Са распадом старе индустријске инфраструктуреје дошло до гашења највећег дела фабрика у Србији, радници су губили посао, опрема је распродавана, љубимци недорасле државне администрације су јефтинодобијали фабрике у власништво, врло брзо су чак и они који нису планирали чисту пљачку схватали да нису способни да управљају системима који су грађени деценијама.

Само у ретким случајевима је било дозвољено запосленима да у целости или делом приватизују банкротиране фирме у којима су радили иако је то у Евроатлантском региону, на који се угледамо уобичајено и предвиђено законима. Све те фирме са радничком партиципацијом или чак самоуправљањем су један вид коперативног или задружног организовања. У западној економској пракси овакве фирме имају дужи животни век и веће профитне стопе од фирми у власништву индивидуалаца, а посебно инвестиционих фондова. Још један фактор је важан у разматрању овог феномена, због стриктно територијалног позиционирања и колективног управљања овакве фирме имају веома мали обим пореских манипулација и избегавања плаћања пореза, што је постао главни извор профита за фирме чији власници су појединци или инвестициони фондови.

Напретком технологије величина машина па самим тим и фабрика се скоковито смањује, тако да највећи број фирми запошљава од 30 до 300 људи, што је у границама које задругарски систем може ефикасно организовати.

У највећој и најстабилнијој привреди Европе, Немачкој највећи број фирми (до 80%) има од 50 до 500 запослених, у породичном су власништву, не учествују у трговини својим акцијама на берзи, већина њих имају неке видове радничке партиципације у управљању или подели профита. Све су то доказани елементи који и кооперативном или задружном организовању дају предност у борби за опстанак на тржишту.

Све задруге у свету које су почеле са индустријском производњом су почеле са кућним апаратима, пољопривредним алаткама и потрошачким уређајима мање комплексности, што је дохватљиво и нашим техничарима, инжењерима и технолозима. Например данас већина сервиса беле технике репарира фрижидере и веш машине, уградњом нових делова и у стању је да даје гаранције дуже од индустријских произвођача, са много мањом ценом. Њихов улазак на тржиште у облику задруга би сигурно донео јефтинију опрему него она из скупих мегафабрика са енормним трошковима покретања.

Немогуће је навести све области у којима је могуће задругарско организовање у индустријској производњи, само небо је граница, само му треба дати законске оквире.

ЗАДРУГЕ У УМЕТНОСТИ

Још једна област људског деловања је због своје индивидуалне природе, идеално предодређена за задружно или кооперативно организовање.

Природа уметничког стварања не трпи индустријски начин организације илиреализације својих дела. Сви покушаји организовања рада уметника налик службеницима или радницима су показали велике недостатке. Изразита индивидуалност уметника тешко подноси временска и теиторијална ограничења. Организовање уметника по пројектима не задовољава услов опстанка уметника између пројеката и извршавање обавеза према држави и државним фондовима. Уметничка удружења немају форму погодну за задовољење свих потреба уметника, а најчешће су под контролом представника државне администрације или особа које немају никакве везе са уметношћу.

Начини и облици удруживања уметника се морају анализирати у сарадњи са појединим уметницима или групама уметника, без дискриминације да би се нашло решење које одговара квалификованој већини. И у овој области је приметна борба за позицију овлашћених тумача уметности који издавати сертификате о уметничкој вредности и праву на бављење овом делатношћу, што је само параван за неовлашћено и недокументовано присвајање новца.

Задружно или кооперативно организовање у уметности је пожељно али за сада недовољно дефинисано.

ЗАКЉУЧАК

Задружно или кооперативно организовање је у овој ери деиндустријализације, масовног отпуштања запослених, отимања стечених права запослених и предавање истих у руке послодаваца и власника капитала, једини начин да већина становника Србије себи и својим породицама обезбеди физички опстанак. Никакви изговори о комунистичком или самоуправном наслеђу нису одрживи и реални, јер у земљама Евроатлантског региона такав начин самозапошљавања има дугу традицију, и успешно одолева свим економским кризама, а уграђен је у законодавство свих земаља Европске уније. Чак је и у тврђави либералног капитализма, САД, покрет Кооператива способан да се одупре нападима мултинационалних корпорација. И то у свим областима укључујући и банкарски сектор.

ЛИТЕРАТУРА

1) Ridley-Duff, R. J. (2009) "Cooperative Social Enterprises: Company Rules, Access to Finance and Management Practice", *Social Enterprise Journal*, 5(1), forthcoming
2) ICA (2005) World Declaration on Worker Cooperatives, Approved by the ICA General Assembly in Cartagena, Columbia, 23rd September 2005.
3) Adams, Frank and Gary Hansen (1993) Putting Democracy To Work: A Practical Guide for Starting and Managing Worker-Owned Businesses, Berrett-Koehler Publishers, Inc, San Francisco
4) Doug Peacock. "Social strife: The birth of the co-op". *Cotton Times, understanding the industrial revolution*. p. 2. Retrieved 2008-06-26.
5) The Co-operator URL: http://books.google.co.uk/books?id=4mATAAAAQAAJ
6) David Thompson (July–Aug 1994). "Cooperative Principles Then and Now".*Co-operative Grocer* (National Cooperative Grocers Association, Minneapolis). Retrieved 2008-06-26.
7) Whyte, W. F., Whyte, K. K. (1991) *Making Mondragon*, New York: ILR Press/Itchaca.
8) Paton, R. (1989) *Reluctant Entrepreneurs*, Milton Keynes: Open University Press
9) Ridley-Duff, R. J. (2002) *Silent Revolution: Creating and Management Social Enterprises*, Barnsley: First Contact Software Ltd. ISBN 1-904391-01-X
10) Holmstrom, M. (1993), *The Growth of the New Social Economy in Catalonia*, Berg Publishers.
11) Ridley-Duff, R. J. (2007) "Communitarian Perspectives on Social Enterprise", *Corporate Governance: An International Review*, 15(2):382-392.
12) Common Cause Foundation - The Open Social Enterprise Organisational Structures Bank
13) Ridley-Duff, R. J. (2008) "Social Enterprise as a Socially Rational Business" , International Journal of Entrepreneurial Behaviour and Research, 14(5): 291-312.
14) Hoffmann, Elizabeth A. (2012) *Co-operative Workplace Dispute Resolution: Organizational Structure, Ownership, and Ideology,* Farnham, United Kingdom: Gower Publishers.

15) International Cooperative Alliance.Statement on the Cooperative Identity. Retrieved on: 2011-07-31.
16) *For All The People: Uncovering the Hidden History of Cooperation, Cooperative Movements, and Communalism in America*, PM Press, by John Curl, 2009, ISBN 978-1-60486-072-6
17) Jaroslav Vanek, The General Theory of Labor-Managed Market Economies, Ithaca: Cornell University Press, 1970; Ward, Benjamin, 1958. "The Firm in Illyria: Market Syndicalism," American Economic Review, 48, 4, 1958, 566-89.
18) 1990. Governing the Commons: The Evolution of Institutions for Collective Action, Ostrom, Elinor, Cambridge University Press. Description and preview links.ISBN 9780521405997.

ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНА СИЛА

М-р Илче Соклевски

ОУ „Славко Лумбарковски", Новаци
ilce.soklevski@yahoo.com

УДК: 331.5:37.018(497.7)

АПСТРАКТ

Прашањето на поврзување на образованието и пазарот на труд е многупати покренувано, но ретко е систематски анализирано. Особено недостасуваат сеопфатни анализи на проблемот кои нема само да се задржат на квантитативна анализа на постоечките статистички податоци, туку ќе одат понатаму во квалитативна анализа на поединечните аспекти на проблемот.

Клучната улога на образованието во овој момент треба да биде способноста за предвидување на промените и успешно прилагодување кон нив. Разбирливо е дека образовниот систем не е во состојба да се менува со иста брзина како индустријата. Она што може да го направи е да ги обучи учениците и студентите со вештини кои би им овозможиле брзо и лесно прилагодување кон новите услови на пазарот.

Многу поважни од стручните знаења стануваат вештини како: критичко мислење (способност да се научи како да се учи односно спремност за континуирано учење), креативност и храброст. Овие и слични вештини се сметаат како најзначајни во денешната економија заснована на знаење, каде да се биде успешен значи да се биде конкурентен. Тоа подразбира инвестирање во луѓето, нивното образование и квалификации, кои се позначајни за новите инвестиции отколку конкурентноста на цените.

Клучни зборови: образовни институции, пазар на работна сила.

EDUCATIONAL INSTITUTIONS AND THE LABOR MARKET

Ilce Soklevski, M.Sc.

PS „Slavko Lumbarkovski“, Novaci
ilce.soklevski@yahoo.com

UDK: 331.5:37.018(497.7)

ABSTRACT

The issue of linking education and the labor market is often raises but rarely systematically analyzed. Especially lacking comprehensive analysis of the problem that will not only keep the quantitative analysis of existing statistical data, but would go further qualitative analysis of individual aspects of the problem.

The key role of education at this point should be the ability to predict the changes and successfully adapt to them. It is understood that the educational system is not able to change as fast as the industry. What we can do is to train the students with skills that would enable them to quickly and easily adapt to new market conditions.

Much more important than getting professional knowledge skills: critical thinking (the ability to learn how to learn or willingness for continuous learning), creativity and courage. These and similar skills are considered most important in today's knowledge economy, where being successful means being competitive. It means investing in people, their education and qualifications, which are significant for new investment than competitive prices.

Keywords: educational institutions, labor market.

ВОВЕД

Клучните компетенции претставуваат трансферабилен, мултифункционален пакет на знаења, вештини и ставови кои им се неопходни на сите за лично остварување и развој, инклузија и вработување. Тие треба да се развијат до крајот на задолжителното образование или обука и треба да претставуваат основа за понатамошно учење како дел од доживотното учење и зголемување на вработливоста.

Не постои систематски пристап на државно ниво во процесот на развивање на клучните компетенции. Истите се третирани само како дел од одредени истражувања и евалуации првенствено од странски организации. Препознаена беше потребата за обединување на активностите и стратегиите, т.е. зајакнување на комуникацијата помеѓу образовните институции. Се стекнува впечаток дека сите институции на формалниот и неформалниот образовен систем ги спроведуваат активностите за клучните компетенции изолирано и некоординирано, што значително влијае на квалитетот на очекуваните резултати.

Во доменот на формалното образование, забележителна е неподготвеноста реформите на образовниот систем да се спроведат во пракса. Ова е највидливо во самата настава каде наставниците тежнеат кон тоа да го задржат традиционалниот, предавачки пристап кој ги потенцира пониските нивоа на учење и не овозможува развивање на клучните компетенции кај учениците, но забележително е исто така, и во сите други институции на образовниот систем, неподготвеноста за соочување со проблемите кои се резултат на примената на новите реформски решенија.

Инертноста на младите во образовниот систем претставува посебен проблем чии причини се комплексни и бараат озбилна анализа. Младите покажуваат неподготвеност за преземање на одговорност за своето учење, незаинтересираност за наставниот процес и некритичност кон она што им се нуди низ формалниот образовен систем. Младите покажуваат неподготвеност и незаинтересираност да учат и да се усовршуваат низ формалниот образовен систем. Важен мотив за учење е – стравот од невработеност. Знаењето и компетенциите кај голем број на ученици не се на прв план. Проблемот е во вработувањето без почитување на официјалните критериуми, што дополнително ги деморализира младите.

Како последица на состојбите во нашиот образовен систем, клучните компетенции не се доволно развиени кај младите луѓе. Прв знак на препознавање на важноста од развивање на клучните компетенции кај секој поединец е податокот дека се поголем број на вработени сака дополнително да се обучува и да го продолжи образованието. Промените кои се неминовни, подразбираат долготраен и континуиран процес кој мора да ги обедини напорите на сите заинтересирани страни на формалното и неформалното образование во државниот и невладиниот сектор. резултатите од истражувањата и анализите покажуваат дека и покрај добрите основи и теоретската подлога, во пракса во наставата сеуште преовладува традиционалниот пристап заснован на подучување и едноставно трансферирање на знаењето, кое значително ја оневозможува примената на концептот на клучните компетенции во формалното образование.

Дополнителен проблем се и недостигот на материјални ресурси, одделенија со голем број на ученици, ниската мотивираност на учениците, недоволната обученост на наставниците. И покрај сите овие пречки, евидентно е дека постојат и позитивни помрднувања и дека дошло до одредена демократизација на односите во образовните институции како и тоа дека наставата е модернизирана во одредена мерка. Еден современ курикулум треба да придонесе акцентот во наставата да е помалку на наставникот и на неговото предавање, а повеќе на стекнувањето знаење, вештини и градењето на ставовите од учениците. Наставните програми за основно и за средно образование се состојат од содржините што се предаваат во текот на наставните часови во училиштата (таканаречена експлицитна или декларативна програма), при што се запоставува важноста на излезните резултати од процесот на учењето.

Потребно е напуштање на моделите на наставните планови со голем број предмети, за сметка на интегративните програмски подрачја, како што се наука, општество, култура итн. Содржините се детално изработени и преку нив се наложува да се реализираат целите. Вака се негира современиот пристап во овој правец што го налага обратното, т.е во наставните програми да не се обработуваат содржините, туку само темите, односно наставните подрачја, додека, од уредените цели во програмата, да произлегува дефинирањето и обработката на содржините.

Во доменот на неформалните системи на образование, евидентно е дека постои многу добра соработка со сродните европски институции што резултира со брза адаптација и примена на позитивни европски решенија во оваа област од страна на НВОите кои се занимаваат со неформалното образование. Забележително е и тоа дека во овој сектор адаптацијата на концептот на клучните компетенции се одвива поефикасно и полесно пред се поради самата природа на неформалното учење кое е засновано на развивање на компетенции, но и поради начинот на функционирање на организациите кои се провајдери на неформално образование. Она што се издвојува како важен момент е отсуството на квалитетна координација помеѓу различните организации, неможноста за структуирано следење на активностите, како и проценка на квалитетот на самото неформално образование во атмосфера на отсуство на јасно дефинирани стандарди за квалитет како и признавање на статусот на обучувачите во неформалното образование во ситуација на недостаток на дефинирани стандарди.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Проблем на истражувањето

Подигнувањето на квалитетот на образовните услуги е еден од најголемите предизвици на современото образование. Квалитетот на образованието е мерлива категорија и секоја земја треба да развива сопствени системи за мерење на излезните резултати на образовниот процес. Секако дека најдобар механизам за мерење на квалитетот на образовните услуги е пазарот на трудот. Но, за жал, пазарот на трудот во Македонија е толку заситен со невработеност што тој во овој момент не е релевантен механизам за контрола на квалитетот во образованието на макроплан.

Освен пазарот на работната сила, кој како категорија е надвор од влијанието на државата, треба да се развиваат посебни инструменти со кои се обезбедува квалитетот во образованието.

Ако се ова профилите на крајните корисници на образовните услуги, се поставува прашањево, кои се нивните очекувања од образованиот систем? Учениците и студентите пред сè очекуваат многу подобри услови за школување и студирање. Очекуваат да бидат образувани од наставници кои нема само да им ги полнат главите со факти, туку ќе ги научат критички да размислуваат за тоа како да стекнуваат вештини, како да бидат практични и да се подготвуваат за својата идна професија. Учениците и студентите очекуваат целосно информатизиран, односно аудиовизуелизиран образовен процес. Тие очекуваат атрактивни, актуелни и флексибилни наставни програми во кои што ќе може да дојде до израз нивниот интерес. Тие што не учат или не студираат во местото на живеење очекуваат пристојни услови за сместување и исхрана, но и услови за учење, продуховување и за спортување.

Сега се поставува спротивното прашање: Дали образовниот систем може да одговори на овие очекувања? Одговорот е: Во овој момент, за жал, не во целост. Но, креаторите на образовната политика секогаш треба да ги имаат предвид овие очекувања за да можат со соодветни интервенции од ден на ден да ги претвораат во реалност.

Индиректна категорија на корисници на образовните услуги се работодавците. Нивните очекувања од образованието се многу прагматични и ослободени од секаков вид сентименталност. Имено, тие очекуваат образованието да биде така организирано што ќе создава кадри со високи професионални стандарди, солидни квалификации и изразена конкурентност. За жал, таква работна сила во моментов недостига на пазарот на трудот во Република Македонија. Тоа значи дека постојниот образовен систем ни оддалеку не ги исполнува нивните очекувања. Затоа, образовните власти и сите вработени во образованието ќе треба да престанат да се занимаваат сами со себе, туку ќе треба што побрзо во реформите на образованието да ги вклучуваат другите сектори и да почнат да ги прашуваат за нивните очекувања од образованието. Од друга страна, бизнис-заедницата, треба да почне да наоѓа интерес да остварува влијание во образованието преку соодветни вложувања во развојот на човечките ресурси.



Слика 1: Зависни и независни варијабли

Вид на истражување, техники, инструменти и примерок

Емпириското истражување подразбираше користење квантитативни и квалитативни техники на истражување, како: анкетирање, интервју, фокус-групи и партиципативно набљудување.

Од инструменти се користени: анкетен прашалник комбиниран со скала на судови, протокол за полудиригирано интервју, протокол за фокус-групи и чек-листа за набљудување.

Изборот на техниките на истражување е соодветен за истражуваната појава и дава гаранција за висок степен на издржаност на констатациите, ставовите и на препораките во оваа анализа. Како дополнение на квантитативните техники на истражување се користеше и партиципативно набљудување, чии резултати во голема мера ги потврдија или ги отфрлија резултатите добиени со квантитативните техники на истражување. На тој начин, во подолг временски период беше овозможено систематизирано партиципативно набљудување на појавата и акумулација на податоци кои имаат исклучителна тежина. Партиципативното набљудување имаше посебен фокус во анализата на капацитетите на претставниците од повисокото ниво на управување во вертикалата на образовните установи.

Поаѓајќи од карактерот на истражувањето, вкупниот примерок е компониран на следните нивоа:

- Институционално ниво
    - основни училишта
    - средни училишта
    - високообразовни институции
- Локално ниво (единици на локалната самоуправа)
- Централно ниво
    - Министерство за образование и наука
    - Биро за развој на образованието
    - Државен просветен инспекторат
    - Центар за средно стручно образование и обука
    - Педагошка служба
    - Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Препораки за формалното образование (владини инситуции одговорни за формалното образование):

Поширока промоција на концептот на клучните компетенции меѓу јавноста (медиумски кампањи, конференции, дебати, трибини)

Активнотите кои се поврзани со развојот на клучните компетенции треба да бидат јасно поставени во контекст на Европската референта рамка за клучните компетенции за доживотно учење.

Владините организации треба да ја јакнат соработката со локалниот граѓански сектор.

Владините институции треба да имаат поголем увид во работата на граѓанскиот сектор (специфични организации од доменто на неформалното образование)

за да имаат јасна слика за активностите кои се прават на полето на развивање на клучните компетенции. Ова оди во насока на обезбедување на интегративен пристап во развивањето на клучните компетенции.

Стандардизирање на неформалното образование.

Осигурување дека наставниот кадар во формалното образование во рамките

на училиштата ќе биде запознаен со концептот на клучните компетенции и

неформалното образование (особено во руралните средини).

Образование и обука на наставниците во формалното образование за концептот на клучните компетенции (иницијалното образование на наставниците не обезбедува ваков вид на образование).

Училишните претставници треба да посветат поголемо влијание имплементираното знаење и искуства кои наставниот кадар ги добива преку неформалното образование.

Формалното образование треба да биде пофокусирано на развивање на одредени

клучни компетенции како што се: граѓанските и социјалните компетенции и културна свесност.

Потранспарентена работа на Центарот за образование на возрасни.

Развивање на стратегија за вклучување на наставниот кадар во процесот на
развивање на клучните компетенции.
Запознавање и информирање на релевантните владини институции за концептот
на клучните компетенции и важноста од нивното развивање.
Релевантните владини институции во земјата да преземат проактивен пристап во
промоција на клучните компетенции (форуми, кампањи, семинари)

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Centre for Educational Research and Innovation, New School Management, Approaches, 2006.
2) European Strategy Framework, For Improving and Increasing Global Education In Europe to the Year 2015, Europe-wide Global Education Congress, Maastricht,November 15th - 17th 2002.
3) Sybille Reichert & Christian Tauch, Trends IV: European Universities Implementing
4) Bologna, EUA, 2005.
5) UNESCO, Education for All, Global Monitoring Report 2008, Education for All by
6) 2015 - Will we make it?

LIFESTYLE SEGMENTATION OF FURNITURE CUSTOMERS IN ORDER TO IMPROVE THE COMPANY'S COMPETITIVENESS

Dusica Nedelkoska, Ph.D.
Business Academy Smilevski (BAS) - Skopje
duned2002@yahoo.com

UDK: 658.89:684.4]:339.137.2(497.7)

ABSTRACT

By using multivariate analysis, the purpose of this research is to separate out the factors that define the customer's lifestyle and to determine whether they can be used for segmentation which will allow the company to better understand customers and to be more competitive on the market. The sample includes 136 respondents from different regions of the Republic of Macedonia. Considering the problem and purpose of the research, a main, starting and specific hypothesis have been defined. By using the factor analysis 16 factors were isolated, which were then used as basic variables in segmentation. Cluster analysis defined four segments of customers identified as: Accomplishers, Traditionalists, Economists and Practitioners. To describe them better, demographic variables were employed. Survey results confirmed the hypothesis and indicated that furniture companies in the country should know the lifestyle of customers, to create and sell appropriate products, close to their lifestyle, which will enhance its competitiveness on the market before other furniture-makers and sellers.

Key words: segmentation, customers, lifestyle, competitiveness, multivariate analysis.

INTRODUCTION

At the end of last and the beginning of this century, the companies worldwide have become aware that it is not enough to develop a good product and an attractive price for it, but it is necessary to know the customers. Moreover, it is necessary to learn their characteristics in order to target some segment.

Segmentation is very important for small and medium companies, maybe more than for large companies. They need to be effective and efficient in marketing strategy with critical resource constraints. That's why they need to know the customer and to give him what he wants.

Segmentation of the market is important tool of modern marketing approach. Classification of customers according to their lifestyle will allow the company to better understand customers and to be more competitive on the market. Values, attitudes and customer's lifestyle are valuable base for segmentation analysis. Application of lifestyle analysis into market segmentation can often provide the marketing manager in search of a competitive advantage with useful new data and fresh insights into the firm's target markets (Plummer, 1974).

CUSTOMER LIFESTYLE

The first mentions of lifestyle appear in the works of sociologists and psychologists in the twenties of the last century. For example, the German sociologist Max Weber observed lifestyle as a mark of belonging of the individual in some social group (Uth, 1996). However, the concept of lifestyle in Weber's works has a smaller role, unlike the psychologist Alfred Adler who has studied the stated concept in the forties of the last century. According to him, the term style of life means only the individual characteristic which separates him from others. Despite the uniqueness, people are similar to each other on the issue of his lifestyle. However, they are not quite the same. Lifestyle, according to Adler, is created through styled creative power of the individual during the early years of childhood. The term lifestyle in research on consumer behaviour was introduced by Lazer in 1963, when he introduced the concept and how it is used in market segmentation and understanding of target customers.

Different definitions of customer lifestyles can be found in more essays and books. Numerous empirical researches agreed that the term lifestyle stems from sociology and psychology (Walters, 2006). Some researchers have suggested that lifestyle denotes the way in which individuals allocate their income, both in terms of relative allocations to different products and services and specific choices within these groups (Zablocki, Kanter, 1976). Lifestyle as a specific form of behaviour is the result of internal values of the individual (Mitchell, 1983). According to Horley, Carroll, and Little (1988), lifestyle could be identified as distinctive characteristics or an individual's typical way of life.

The term lifestyle or way of life has always been popular. Lifestyle is a pattern of life which the consumer expresses his actions, opinions and beliefs. It is a way of life and spending the people's money. "The term lifestyle (life style) is currently in vogue. While the term in sociology has a narrower meaning signifying lifestyles of certain status groups .... in contemporary consumer culture it connotes individuality, own stylistic expression and self-awareness. Body, clothes, speech, leisure, taste in food and drink, home, car, choice of holidays etc. should be considered as indicators of individual taste and sense of style of the owner / consumer" (Fearthestone, 2001).

"Lifestyle is the way a person lives. Usually it is said that everyone has their own style or way of life and that there aren't two people with the same lifestyle. Psychologists say that lifestyle occurs in childhood and builds throughout life, reflecting the values and attitudes of the person in the use of time and purchase products and services. The lifestyle of a person is influenced by external and internal factors "(Nedelkoska, 2011).

Lifestyle is a collective construct that is defined as the way people live and spend their time and how they spend their money. "Lifestyle is a complex structure which is defined as scheme under which people live and waste their time and money" (Blekvel,et al., 2010).

In other words, it reflects their activities, interests and opinions to their self, their attitudes and the values they appreciate.

ACTIVITIES, INTERESTS AND OPINIONS

Psychographic segmentation divides markets based on consumer's lifestyle or personal criteria. The way of life, however, can be measured by asking questions about consumer's attitudes, activities, interests, opinions (AIO method). Psychographics by Zografos and Alcroft (2007) measures the beliefs, opinions and interests of consumers by measuring psychological characteristics (religious beliefs, opinions about the crime, the characteristics of the personality, leisure activities), rather than demographic characteristics of consumers.

AIO concept is a technique used in psychographic analysis to measure the lifestyle of consumers. Author of this technique for many is William Wells, but according to a study published in 1979 authors of this technique are Leo Burnett and William Wells, (Madden, 2007), who developed in the late sixties by last century. The customers usually are asked questions in the form of a conclusion and they are required to respond depending on the degree of agreement and disagreement. In general, AIO psychographic studies use a series of reports (List Psychographics statements) that are designed to capture the various relevant aspects of consumer personality, buying motives, interests, attitudes, beliefs and values.

The activities relate to consumers work, shop and spend their leisure time. Interests relate to the priorities expressed in consumer spending, opinions and respond to the views of consumers to world events, economic situation, politics, culture, morality. Wells and Tigert (Kavak, Gumuslouglu, 2006, p.74) stated that demographics alone are not enough to separate users into subgroups. They developed the AIO Scale, which has become a popular instrument of psychographic measurement.

In a study conducted in Malaysia by Ahmad and Ramayah (2014), were identified e-lifestyle factors of Malaysian online consumers in order to understand the effect of e-lifestyles factors on continuance intention to purchase online. AIO (Activities, Interest and Opinions) inventory and Value and Lifestyle (VALS) scale were used to understand the lifestyles of the target population.

In a study by Lin (2003), conducted in the United States, a hospitality consumer lifestyle instrument was constructed to examine how today's consumer engages in hospitality activities. Lee (2005) developed 59 AIO statements as a lifestyle measurement regarding housing preferences among multifamily housing residents in the US. Yu (2011) developed 52 items based on AIO, VALS, RVS, and LOV to measure individual e-lifestyle. In his study to investigate how consumers' lifestyle influences the success of information and communication technology (ICT) products/services, Yu (2011) extracted seven lifestyle factors. Ahuvia, et al., (2006) in their manuscript compares traditional (AKA quantitative), and Consumer Culture Theory (AKA qualitative), approaches to lifestyle segmentation. Kuvshinskiy (2013) in his research project empirically examines key e-lifestyles of German consumers in the context of mobile services. The author quantitatively investigates the concept of lifestyles and psychographics with e-lifestyle instrument replicated in the domain of mobile services.

RESEARCH AND RESULTS

The purpose of this research is by using appropriate multivariable techniques to separate out the factors that affect the lifestyle of consumers and to determine whether they can be used for segmentation which will allow the company to better understand customers and to be more competitive on the market.

Considering the problem and purpose of the research, three hypotheses have been defined – basic, starting and specific hypothesis.

The basic hypothesis of the paper is: There is a mutual relationship between lifestyle of consumers and factors that are influencing lifestyle.

The starting hypothesis is: Certain factors that are affecting consumers' lifestyle can be differentiated from the views of consumers.

The specific hypothesis is: The lifestyle influences consumers' behavior.

The data of the study of lifestyle of the furniture consumers in the Republic of Macedonia were collected using a self-structured questionnaire consisting of three parts. The first part of a structured questionnaire contains questions about getting the consumer demographics, such as sex, age, education and income. The second part has 55 views, AIO - (Activities, Interests and Opinions) and VALS (Values and Life-Styles). The views are formulated views of the Wells and Tigert activities, interests and opinions of the people on certain things. Several of them are those of the SRI questionnaire (SRI Consulting Business Intelligence Research Programs). Respondents could respond by Likert's five point scale from "completely disagree" to "completely agree". The third part consists of the questions about buying furniture. The questionnaire was prepared and put from google.docs on Facebook, and then forwarded by friends from March to September 2013. 136 valid questionnaires were collected. Respondents were divided on the basis of factor and cluster analysis with SPSS - Statistical Package for Social Sciences, 20.0 software.

The factor and cluster analysis were made on the basis of a questionnaire that included variables closely related to lifestyles and values of consumers. The suitability of the Correlation matrix of the test was investigated prior to the PCA and cluster analysis. Adequacy was assessed using the Bartlet test and test KMO (Kaiser-Meyer-Olkin). In this research KMO value showed 0.664, Bartlet test was Sig. .000, indicating that the questionnaire variables of the lifestyle are suitable for the Principal Component Analysis (PCA). As a method of rotation was used Oblimin with Kaiser Normalization.

Using Principal Component Analysis (PCA) as a method of extraction, number of variables was reduced from 55 to 16 factors that served to divide consumers with k-means clustering on the special features and the way of life (see Tab.1).

Table 1: Total Variance Explained

Components	Initial Eigenvalues			Extraction Sums of Squared Loadings			Rotation Sums of Squared Loadings[a]
	Total	% of Variance	Cumulative %	Total	% of Variance	Cumulative %	Total
1	7.536	13.702	13.702	7.536	13.702	13.702	4.333
2	5.174	9.408	23.110	5.174	9.408	23.110	3.408
3	3.839	6.981	30.090	3.839	6.981	30.090	3.081
4	3.091	5.620	35.710	3.091	5.620	35.710	3.463
5	2.403	4.370	40.080	2.403	4.370	40.080	2.640
6	2.214	4.025	44.105	2.214	4.025	44.105	2.488
7	1.970	3.581	47.686	1.970	3.581	47.686	1.985
8	1.886	3.429	51.115	1.886	3.429	51.115	4.166
9	1.713	3.115	54.230	1.713	3.115	54.230	2.922
10	1.455	2.646	56.876	1.455	2.646	56.876	2.021
11	1.401	2.547	59.423	1.401	2.547	59.423	2.107
12	1.326	2.410	61.833	1.326	2.410	61.833	1.938
13	1.250	2.272	64.106	1.250	2.272	64.106	3.759
14	1.203	2.187	66.293	1.203	2.187	66.293	2.187
15	1.113	2.025	68.318	1.113	2.025	68.318	2.365
16	1.060	1.927	70.245	1.060	1.927	70.245	4.021
17	.982	1.786	72.031				
18	.936	1.702	73.733				
19	.919	1.671	75.404				
20	.895	1.627	77.030				
21	.828	1.506	78.536				
22	.784	1.426	79.962				
23	.751	1.365	81.327				
24	.719	1.307	82.634				
25	.659	1.198	83.832				
26	.606	1.102	84.934				
27	.570	1.036	85.970				
28	.552	1.003	86.974				

29	.523	.951	87.924
30	.508	.924	88.848
31	.493	.896	89.745
32	.445	.809	90.554
33	.437	.794	91.348
34	.415	.755	92.103
35	.391	.711	92.814
36	.338	.615	93.429
37	.327	.594	94.023
38	.320	.582	94.605
39	.301	.547	95.152
40	.287	.521	95.674
41	.259	.471	96.145
42	.236	.430	96.575
43	.230	.419	96.993
44	.209	.380	97.373
45	.199	.361	97.734
46	.182	.330	98.064
47	.170	.309	98.373
48	.161	.292	98.665
49	.137	.250	98.915
50	.132	.239	99.154
51	.116	.211	99.365
52	.109	.199	99.564
53	.096	.175	99.739
54	.091	.166	99.904
55	.053	.096	100.000

Extraction Method: Principal Component Analysis.

a. When components are correlated, sums of squared loadings cannot be added to obtain a total variance.

Source: Calculations based on own survey data

Because it was a large sample, and according to the research of many experts in this area, the most appropriate use of k-means cluster analysis was to define the cluster centers. Any survey respondents were connected to the nearest center. There were designated 4 groups - clusters of consumers as best solution.

Based on descriptive statistics of the 136 respondents, the respondents are Macedonian nationwide, which consists of female (n=92, 67.6 %) and male (n=44, 43.5%). Majority have high education (n=75, 55.1 %). Most of them have monthly salary between 20 000 and 50 000 Macedonian denars.

The data in the following table shows the division of consumers according to their values and AIO's. This table allow us to characterize the clusters by variables and by median factors. Thus, the consumers in cluster 1 want to buy branded goods as well as those in third and fourth cluster. This is evident from the values of the final cluster centers. When interpreting the data, value 6.00 was taken as the lowest value, therefore - any value greater than this was considered a valid interpretation and explanation of each cluster. The highest values in each cluster (separately for each factor that participated in clustering), show the most relevant features of that cluster or group. In the interpretation of each value for each factor, all the variables that contain the factor with a value greater than 6.00 were taken into account. The characteristics for each group were determined separately (see Table 2).

Table 2: Final Cluster Centers

	Clusters			
	Accomplishers	Traditionalists	Economists	Practitioners
Traveling	2.13	1.68	1.66	2.46
Price	6.08	7.51	12.75	11.30
Brand	10.27	8.95	10.38	10.08
Decision	6.87	6.22	6.84	6.65
Angry	.09	.09	.10	.09
Family	7.87	7.93	9.38	11.98
Community	8.33	4.90	6.19	7.29
Tradition	2.21	3.10	3.41	3.18
Payment	2.67	2.25	2.41	2.86
Uncertainty	.12	.14	.16	.15
Diversity	2.67	2.17	2.75	2.67
Panache	6.27	4.54	5.41	5.88
Life	.04	.03	.03	.03
Education	10.33	6.22	7.50	9.17
Clothing	1.43	1.62	2.08	2.74

Activity	13.80	8.68	12.25	6.83

Source: Calculations based on own survey data

The research profile of consumers conducted in Macedonia in this paper shows that the Macedonian consumers at the decision making process are more focused on price, quality and family life. The educational level of the respondents is high, which means that promotional activities of companies if they want to be competitive on the market, especially furniture market, can specialize in particular media and they can use this method to segment market and target right customer. With these results we can confirm the starting hypothesis: Certain factors that are affecting consumers' lifestyle can be differentiated from the views of consumers.

Based on Macedonian clusters and their characteristics, first cluster named Accomplishers likes sports activities more than dancing, can influence on their friends' choice when buying products on the market, believe in education but they think that should be paid by Government, like brands, they are interested in politics, are confident, dress modern, like movies and good product packing. Second cluster, named Traditionalists likes brands, but price is more important for them. They like to talk with friends about brands and sport. Most important for this cluster are order and discipline in the home, love children, but not dirty home. This cluster prefers watching movies that other people talk about. Most important for the third cluster, Economists is a product price. They are checking price for particular product in more stores. They like family, proven products and social events. Practitioners are the forth, largest cluster. They like family, brands with law price, education and computers. They are helping their friends with internet and computers questions.

Information about customers, their habits, attitudes, activities, interests and opinions, they all confirm that there is a mutual relationship between lifestyle of consumers and factors that are influencing their lifestyle, so the basic hypothesis of the paper is confirmed.

Results from each cluster separately confirmed the specific hypothesis: The lifestyle influences consumers' behaviour.

Table 3: Salary percentage of clusters

Salary	Accomplishers		Traditionalists		Economists		Practitioners		Total	
<10 000	0	0.00%	0	0.00%	0	0.00%	2	4.17%	2	1.47%
10 000-20 000	4	26.67%	6	14.63%	2	6.25%	9	18.75%	21	15.44%
20 000-30 000	7	46.67%	15	36.59%	12	37.50%	16	33.33%	50	36.76%
30 000-50 000	3	20.00%	15	36.59%	15	46.88%	16	33.33%	49	36.03%
>50 000	1	6.67%	5	12.20%	3	9.38%	5	10.42%	14	10.29%
	15		41		32		48		136	100%

Source: Calculations based on own survey data

From the Tab.3 we can be conclude that financially, the third cluster named Economists has best position. They participate in social events, family is important for them, and they are buying proven brands. But they know how to bargain, because the price of the product is very important. We can conclude that people's lifestyle is somewhat related to their financial situation; higher the income – higher are the demands of the product. But on the other hand, it can be concluded that higher income does not necessarily mean that people will spend their money easily. This is evident from the fact that this cluster showed the highest value for factor price of 12.75. So, people with more money buy luxury product on the market, but not necessarily. Sometimes people with less money buy some products to show luxury.

From the results of this research we can see that by using appropriate multivariable techniques we can separate out the factors that affect the lifestyle of consumers and to determine that they can be used for segmentation which will allow the company to better understand customers and to be more competitive on the market.

CONCLUSION

Lifestyle segmentation is very useful for companies as is giving them important view of market. First it gives us information about people's lifestyle and then it determines how external and internal factors fit into their lives. With this tree dimensional view of targeted customers, companies can be more competitive on the market.

This paper is describing lifestyle segmentation, activities, interests and opinions of customers and with the received data it is giving us a detailed knowledge of Macedonian customers which can be a useful input to marketing strategies of many companies.

BIBLIOGRAPHY

1) Ahmad, N. et al. (2014). *A lifestyles study on purchasing bahavior of Malaysian online consumers*, 5th International Conference on Business and Economic Research, Malaysia, available at http://www.internationalconference.com.my/proceeding/icber2014_proceeding/5thicber_proceeding/011_091_5thICBER2014_Proceeding_p125.pdf, (access 12.06.2014), pp. 125-145.
2) Ahuvia, A., Carroll, B. & Yang, Y. (2006). Consumer culture theory and lifestyle segmentation, Innovative marketing, Vol. 2, Issue 4, available at http://businessperspectives.org/journals_free/im/2006/im_en_2006_04_Ahuvia.pdf, (accessed 01.10.2014).
3) Blekvel, et al. (2010). *Odnesuvanje na potrosuvacite*, Tabernakul, Skopje, str. 276.
4) Nedelkoska, D. (2014). *Vlijanieto na zivotniot stil na potrosuvacite vrz promotivnite strategii na kompaniite,* Doctoral thesis, Economic Institute, Skopje, RM.
5) Fearthestone, M. (2001). *Consumer Culture and Postmodernism,* Diskrepancija, hrvatski prevod, sv.II, br.4, prosinac 2001, str. 65.
6) Horley, J., et al. (1988). *A typology of lifestyles*. Social Indicators Research, Vol. 20 Issue 4, pp. 383-398.
7) Kavak, B.; Gumuslouglu, L. (2006). *Segmenting food markets, The role of ethnocentrism and lifestyle in understanding purchasing intentions*, International Journal of Market Research, Vol 49, Issue 1, available at http://www.academia.edu/4532866/Segmenting_Food_Markets_The_Role_of_Ethnocentrism_and_Lifestyle_in_Understanding_Purchasing_Intentions, (accessed 01.10.2014).
8) Kuvshinskiy, D. (2013). *Consumer E-lifestyles and Psychographics in the context of the German Mobile Telecommunications Market*, available at http://roar.uel.ac.uk/3267/1/2013_MSc_Kuvshinskiy.pdf, (accessed 13.09.2014).
9) Lee, H-J., (2005). *Influence of lifestyle on housing preferences of Multifamily Housing Residents*, available at http://scholar.lib.vt.edu/theses/available/etd-11292005-

073554/unrestricted/H-Lee_PhD_2005.pdf, (accessed 01.10.2014).

10) Lin, F-Y., (2003). *An analysis of hospitality consumer lifestyles in the United States*, available at https://repositories.tdl.org/ttu-ir/bitstream/handle/2346/13185/31295017075648.pdf?sequence=1, (accessed 12.06.2014).
11) Madden, M. (2007). *Lifestyle of library users and nonusers*, feb. 1979, no. 137, https://www.ideals.illinois.edu/bitstream/handle/2142/3950/gslisoccasionalpv00000i00137_ocr.txt?sequence=2, (accessed 01.11.2013).
12) Mitchell A. (1983). *The nine American lifestyles*, Macmillan Publishing Co., Inc, New York.
13) Plummer, J. (1974). *The Concept and application of Life Style Segmentation.* Journal of Marketing, Vol. 38, No. 1, pp. 33-37.
14) Uth, C. T. (1996). *Definitions of Life Style and its Application to Travel Behavior*, PhD student, paper prepared for Trafikdagepa AUC, Denmark, available at http://www.trafikdage.dk/td/papers/papers96/tr_og_ad/uth/uth.pdf, (accessed 02.12.2013).
15) Walters, G. D. (2006). *Lifestyle Theory: Past, Present and Future*. New York, Nova Science Publishers, Inc.
16) Yu, C-S., (2011). *Construction and validation of an e-lifestyle instrument*, Internet Research, Vol.21, Issue 3, http://www.emeraldinsight.com/doi/abs/10.1108/10662241111139282, pp.214-235 (accessed 01.10.2014).
17) Zablocki, B.; Kanter, R. (1976). *The differentiation of life-styles*. Annual Review of Sociology, Vol. 2, 269-298.
18) Zografos, C.; Allcroft, D. (2007). *The Environmental Values of Potential Ecotourists: A Segmentation Stady*, 2007, available at http://zsdh.library.sh.cn:8080/FCKeditor/filemanager/upload/jsp/UserImages/1175482707187.pdf, (accessed 09.12.2013).

СЕКЦИЈА 2:
ОПЕРАТИВНИОТ МЕНАЏМЕНТ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА ИЗВЕДБА

SECTION 2:
OPERATIONS MANAGEMENT AND ORGANIZATIONAL PERFORMANCE

РЕДИЗАЈНИРАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ПРИДОНЕСОТ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ТИМОВИ ВО НИВНОТО РЕДИЗАЈНИРАЊЕ

Пред. м-р Благој Грубор

Бизнис академија Смилевски – БАС
tehno@t-home.mk

УДК: 005.591.4:005.64

АПСТРАКТ

Дизајнот на оперативните процеси е многу важна карактеристика на секој оперативен процес. Ова е така, затоа што од дизајнот на оперативните процеси зависат секојдневните активности на вработените кои се вклучени во истиот оперативен процес. Секако, карактеристиките на оперативните процеси определуваат соодветни карактеристики и на организацијата на која и припаѓаат истите.

Промените во технологиите водат кон промени во дизајнот на оперативните порцеси. Значи, за да ја одржи конкурентоста, организацијата треба повремено да ги преиспитува своите оперативни процеси од аспект на ефективност и ефикасност. Целта на таквиот редизајн мора да биде прилагодување на оперативните процеси кон промените во технологиите и во материјалите.

Редизајнот на оперативните процеси може да го работат консултанти експерти. Но, истото можат да го направат и вработените организирани во оперативни тимови под водство на процесни консултанти. Употребата на оперативните тимови редизајнот го прави поефектен и поефикасен.

Употребата на оперативните тимови носи уште два бенефита: цена на редизајнот и тимска работа. Трошокот за редизајн е помал кога тоа го прават оперативни тимови составени од вработените во организацијата. Помал од трошокот за косултант експерт за редизајн на оперативни порцеси. Вториот бенефит е ширењето на тимскиот дух низ организацијата.

Клучни зборови: оперативен процес, дизајн, промени, редизајн, оперативен тим.

REDESIGNING OPERATIONAL PROCESSES AND THE CONTRIBUTION OF OPERATIONAL TEAMS IN THEIR REDESIGN

Lecturer Blagoj Grubor M.Sc.

Business Academy Smilevski - BAS
tehno@t-home.mk

UDK: 005.591.4:005.64

ABSTRACT

The design of operative processes is a very important characteristic of every operative process. This is the case, since the everyday activities of the employees included in the same operative process are depending on it. Of course, the characteristics of the operative processes define the suitable characteristics of the organisation to which they belong, as well.

The technological changes lead to changes in the design of the operative processes. Therefore, in order to maintain its competitiveness, the organisation should occasionally reexamine its operative processes from the aspect of effectivity and efficiency. The goal of that redesign has to be the adjustment of the operative processes toward the changes in the technologies and materials.

The redisgn of the operative processes can be made by consultant experts. But, the same can be also assigned to employees organised in operative teams, under the supervision of process consultants. The use of operative teams increases the effectiveness and efficiency of the redesign.

The use of the operative teams has two additional benefits: the price of the redesign, and teamwork. The cost of the redesign is smaller when its made by operative teams composed by employees of the organisation, compared to the cost of hiring a consultant expert. The second benefit is, of course, the dissemination of team spirit inside the organisation.

Keywords: operative process, design, changes, redesign, operative team.

ВОВЕД

Секоја организација или произведува производи или дава услуги. Многу често ги прави и двете работи. Создавањето на производи и услуги се случува во оперативни процеси, во кои тие се излезот од процесот. Организацијата преку своите оперативни процеси создава додадена вредност за своите клиенти.

Конкурентноста на оперативниот процес, а со тоа и на организацијата, зависат од дизајнот на оперативниот процес. Ова зависност произлегува од фактот дека, од една страна, вредноста и квалитетот на производите и услугите, а од друга страна, брзината, доверливоста и флексибилноста на изведбата на оперативните процеси се под силно влијание на дизајнот на оперативниот процес.

Добриот дизајн овозможува постигнување високо ниво на конкурентност на организацијата, но, за еден релативно краток временски период. Поради разни промени во потребите на клиентите, кои што доведуваат до намалување на нивното задоволство, ова ниво многу брзо почнува да опаѓа. Одржувањето на ова ниво возможно е само со редизајнирање на оперативните процеси.

Квалитетно и ефтино редизајнирање возможно е само со вклучување на непосредните извршители и нивните надзорници во процесот на редизајнирање. Ова вклучување е во форма на оперативни тимови кои се интегрирани од обучени и искусни интегратори. Споредна, но, многу важна, корист од употребата на оперативните тимови во редизајнирањето на опративните процеси е ширењето на тимската култура меѓу вработените во организацијата.

ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕСИ

Работењето на секоја организација во основа се реализира низ процеси кои постојат во организацијата. Трансформацијата на влезните ресурси во производи или услуги се врши во оперативните процеси. Токму затоа оперативните процеси се од суштинска важност за организациите, особено за нивната конкурентност.

Важноста на оперативните процеси за организацијата може да се разгледува и од еден друг аспект, а тоа е организациската структура. Структурата на организацијата се гради околу нејзините оперативни процеси, затоа што таа треба да го овозможи нивното континуирано функционирање, а со тоа и функционирањето на организацијата. Во организациите кои произведуваат сложени производи или даваат комплексни услуги има повеќе оперативни процеси, кои се надоврзуваат еден на друг, или функционираат паралелено за да се обединат во една или неколку точки. Значи, можеме да заклучиме, оперативните пороцеси ја прават организацијата единствена функционална целина.

Оперативен процес е било кој дел од организацијата кој врши трансформација на влезните ресурси во излезни производи или услуги, заради задоволување на потребите на интерните и екстерните клиенти. Општиот модел на трансформацијата е прикажан на слика 1.

Слика 1. Општ модел на трансформација

Конкурентноста на организациите е директно поврзана со оперативните процеси преку факторите на конкурентноста, во смисол на тоа колку организациите се способни да ги применат клучните фактори во изведбата на своите оперативни процеси. Ова значи дека факторите на конкурентноста на организацијата: вредност, квалитет, брзина, доверливост и флексибилност може да се разгледуваат и од аспект на оперативните процеси. Тие може да бидат клучни карактеристики на оперативните процеси.

Карактеристиката вредност значи способност да се произведува поефтино, со помалку трошоци, односно, да се постигне ниска цена на производите и услугите. Карактеристиката квалитет значи способност да се произведува според специфични побарувања на клиентите и без грешки. Карактеристиката брзина значи способност брзо да се излезе во пресрет на барањата на клиентите, односно одреден производ или услуга да се произведе во краток рок. Карактеристиката доверливост значи способност за испорака на производи или услуги во согласност со договорените временски рокови.

Карактеристиката флкесибилност значи способност за промени во оперативните процеси. Оваа карактеристика има големо значење за организацијата, затоа што таа е поврзана со нејзината ордживата конкурентност. Таа значи: постојани подобрувања на производите и услугите, воведување на нови и софистицирани производи и услуги, намалување на времето потребно за производство на определен производ или услуга, како и со голема способност за приспособување кон потребите на клиентите и пазарот во целост.

ДИЗАЈН НА ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕСИ

Дизајнот на оперативните процеси, како една од трите компоненти на опертивниот менаџмент, директно влијае врз целите на изведбата, односно врз организациската изведба, а преку неа врз тековната организациска конкурентност. Развојот на нови или подобрувањето на постојните производи и услуги неминовно доведува до дизајн или до редизајн на оперативните процеси. За да може да се произведе нов или подобрен производ или услуга неопходно е дизајнитање на нов оперативен процес или редизајнирање на постоечкиот.

Многу е важно дизајнот на оперативните процеси да се разгледа од перспективата на влијанието на постоечкиот дизајн на оперативниете процеси на организацијата врз нејзината тековна конкурентност. При тоа можни се три аспекти на таа перспектива. Првата е свесноста на менаџерите, посебно на топ менаџерите, за влијанието на дизајнот на оперативните процеси. Втората е заинтересираноста на на менаџерите, посебно на топ менаџерите, за влијанието на дизајнот на оперативните процеси. И третата е информираноста на сите вработени за влијанието на дизајнот на оперативните процеси.

Во праксата, од аспект на редизајнирање на оперативните процеси, важно е дали во организацијата постои размислување за влијанието на дизајнот врз оперативните процеси. А, ако постои, тогаш дали постои заинтересираност да се анализира тоа влијание. И, на крај, ако е направена некоја анализа, дали се прават напори да се информираат сите вработени за влијанието на дизајнот на оперативните процеси врз организациската конкурентност, а со тоа и врз организациската профитабилност. Со тоа да се создаде клима на свесност за влијанието, која што ќе овозможи раѓање на идеи за промени во дизјанот и ќе створи подршка на промените во дизајнот.

Свесност за влијанието на дизајнот на оперативните процеси врз конкурентноста на организацијата треба да предизвика дискусии во организацијата за состојбата на дизајнот на оперативните процеси. Еден од резултатите на таа дискусија е правење студиски посети на организации кои работат во истата област, со цел проучување на нивниот дизајн на оперативните процеси. Друг резултат е правењето анализи, врз база на стекнатите сознанија, за големината на загубите на време и пари, поради тековниот дизајн на оперативните процеси.

Вработените треба да бидат запознати со влијанието на дизајнот на оперативните процеси врз конкурентноста на компанијата. И, истотака, треба да бидат информирани за резултатите од анализата за големината на загубите поради тековниот дизајн на оперативните процеси. Овие сознанија се предуслов за вклучување на вработените во анализирањето на влијанието, чиј краен резултат треба да биде давање предлози за промени во дизајнот.

ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ

Дизајнот на оперативниот процес влијае врз секојдневните активности на сите оние кои се вклучени во изведбата на процесот. Истотака, дизајнот на оперативниот процес влијае врз способноста на процесот да ги исполни очекувањата на клиентите. Процесот кој нема доволно капацитет, кој се изведува по нелогичен и збунувачки редослед и кој користи несоодветна технологија не може да ги исполни очекувањата на клиентите, бидејќи не може да има ефективна и ефикасна изведба.

Наједноставно кажано, дизајнирањето на процесите во себе вклучува идентификување и дефинирање соодветен редослед на сите индивидуални активности кои се неопходни за да се исполнат целите на процесот. Секако, ќе постојат и некои ограничувања. Некои активности мора да се изведат пред други и некои активности можат да се изведат само од страна на одредени непосредни извршители и машини.

Дизајнирањето на еден оперативен процес се прави во два чекора:

1) Идентификување на сите активности неопходни за извршување на процесот
2) Дефинирање на соодветен распоред на сите идентификувани активности

За да може да се прави распоред мора да се има тоа што ќе се распоредува. Значи, треба да се идентификуваат и запишат сите активности на оперативниот процес. Запишувањето треба да биде по редоследот на изведбата на процесот. При идентификувањето се води сметка за фактот дека секој оперативен процес е автономна целина. Тоа се прави на тој начин што точно се утврдува и јасно се запишува што е влез, а што излез од оперативниот процес.

Во вториот чекор, распоредувањето на активностите, се утврдува местото на секоја активност во записот, мапата. Ова се утврдува и на лице место, преку физичкиот распоред на машините и опремата, а со тоа и на физичкиот распоред на непосредните извршители. Во првиот чекор мора да се води сметка да не се пропушти некоја активност, а во вториот за последователноста и поврзаноста на активностите. Во вториот чекор посебно треба да се внимава на активностите кои, на некој начин, се поврзани со други оперативни процеси.

Дизајнирањето на производите и услугите и дизајнирањето на оперативните процеси во кои тие се создаваат се силно меѓусебно поврзани. Организацијата при дизајнирање на било каков производ или услуга мора да ги земе во предвид потребите за нивно производство. Дури и најмали промени во дизајнот на производите или услугите имаат силни импликации врз начинот на кој се изведуваат оперативните процеси.

ПОТРЕБА ОД РЕДИЗАЈНИРАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ

Во денешното бизнис опкружување промените се многу чести, односно многу брзи. Научните истражувања и техничките иновирања придонесуваат за многу чести промени во технологиите на организациите, кои што се резултат на тежнението на организациите за задоволување на потребите на клиентите. Денешната наука, посебно применетата наука, многу брзо се развива. Ако во осумнаесетиот и деветнаесетиот век помеѓу пронајдокот и неговата комерцијализација поминувале помеѓу 30 и 50 години, денес тоа се 3 – 5 години.

Од друга страна, промените во технологијата предизивикаа голема миграција на луѓето, големи промени во начинот на живеење, големи промени во навиките. Сето тоа доведе до релативно брзи промени во потребите на луѓето. Луѓето во борбата за опстанок и желбата за успех направија разни промени во својот живот. Ова резултира во различни, не ретко и невообичаени, потреби.

Промените во технологиите наметнуваат промени во дизајнот на оперативните процеси. Секоја организација која сака да биде постојано конкурентна мора да ги следи промените во технологиите.

Заради сите овие промени луѓето се појавуваат како клиенти со постојано промениливи барања. Одржливата конкурентност на организациите е директно поврзана со задоволување на овие барања. А, бидејќи тие се менуваат, и производите и услугите мора да се менуваат. Значи, на промените во потребите на клиентите, организациите мораат да одговорат со промени на производите и услугите. Овие промени многу често бараат и промени во оперативните процеси кои ги создаваат тие производи и услуги.

На тој начин се доаѓа до фокусот на овој труд, а тоа е редизајнот на оперативните процеси. Тој е еден од двата одговора на промените на потребите на клиентите. Другиот е редизајнот на производите и услугите.

ПРИДОНЕСОТ НА ОПЕРАТИВНИ ТИМОВИ ВО РЕДИЗАЈНИРАЊЕТО НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ

Редизајнирањето на оперативните процеси, кога станува збор за професионално редизајнирање, може да го прави консултант експерт. Но, редизајнирањето може да го прават и вработените организаирани во оперативни тимови, со помош на процесен консултант. Вклучувањето на вработените во редизајнирањето на оперативните процеси има повеќе предности во однос на изведбата од страна на консултант експерт. Тие се: цената и квалитетот на редизајнот, мотивацијата на вработените, поддршка на решенијата, ширењето на тимскиот дух, добивање на тимски играчи и др.

Редизајнирањето на оперативните порцеси во една организација може да биде прилично обемна работа. Проучувањето на документацијата, посебно на нормите и нивното остварување, потоа проучувањето на физичкиот распоред на машините и опремата, може да бара многу време. Сите овие активности на процесот на редизајнирање не се потребни ако тоа го прават вработените. Овој факт и фактот дека редизајнирањето може да се прави во работно време, многу влијаат врз намалувањето на цената на редизајнот во изведба на вработените.

Консултантот експерт, како човек од надвор, може да направи пропусти и во првиот и во вториот чекор. Но тоа не може да се случи ако редизајнирањето го прават вработените. Тие најдобро ги познаваат активностите на процесот. Тие во своето секојдневно работење ги имаат согледано нелогичностите во распоредот, непотребните активности или потребите од нови активности. Затоа вработените можат поквалитетно да го направат редизајнот.

Вработените кои го искусиле вклучувањето во решавањето на проблемите на организацијата се помотивирани од оние кои тоа не го искусиле. Нивната самодоверба е на повисоко ниво од нивото на другите, затоа што тие почувствувале дека нешто значат и во решавањето на потешкотиите на организацијата. Тие подобро ги познаваат сите активности на оперативниот процес од другите. Од ова произлегува дека вклучувањето ги мотивира вработените

Учеството во решавањето на проблеми, а со тоа и во градењето на решенијата, нужно ствара приврзаност кон тие решенија, што е многу важно во нивната имплементација. Може да се заклучи дека вклучувањето на вработените не само што влијае врз мотивацијата, туку тоа, истотака, создава и приврзаност на вработените кон решенијата.

Тимската работа го шири тимскиот дух низ организацијата. Во текот на редизајнирањето вработените работат тимски и на тој начин тие ги осознаваат придобивките од тимската работа. Тие го шират тимскиот дух низ организацијата, кое што многу придонесува за искористувањето на сите интелектуални потенцијали на вработените за подобрување и одржување на конкурентноста на оранизацијата.

И на крај, со употребата на оперативните тимови за редизајнирање на оперативните порцеси организацијата се стекнува со тимски играчи. Ова е од посебна важност ако организацијата има намера да воведува тимска работа, во било кој обем.

ЗАКЛУЧОК

Дизајнот на организациските оперативни процеси е од посебна важност за организациската конкурентност, затоа што од него зависат не само организациската ефективност и ефикасност, туку и квалитетот и квантитетот на производите и услугите. А, задоволството на клиентите зависи од квалитетот и квантитетот на производите и услугите.

Промените во производите и услугите, кои се постојани, нужно доведуваат до промени во дизајнот на оперативните процеси, односно до редизајнирање на истите. На овој начин се доаѓа до следниот заклучок: Ако дизајнот е од посебна важност за организациската конкурентност, тогаш, редизајнот е од посебна важност за одржлива организациска конкурентност.

Изведбата на редизајнот го отвора прашањето дали е можно редизајнирање на оперативните процеси со учество на непосредните извршители и нивните надзорници? Одговорот е „да“, и тоа со употреба на оперативни тимови. Секако, нив треба да ги интегрираат обучени и искусни интегратори и можно е да има потреба од ангажирање на надворешни експерти, било во однос на тимот, било во однос на организацијата. Оваа потреба се појавува ако во тимот нема квалификувано знаење за некое прашања.

Оперативните тимови овозможуваат квалитетно редизајнирање на оперативните процеси и ширење на тимската култура меѓу вработените во организацијата.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Чејс Р. Б., Џајкобс Р. Ф., Аквилано Н. Ј. (2011): Оперативен менаџмент за конкурентска предност, Скопје, Арс Ламина
2) Aquilano et al (2001): Operations Management for Competitive Advantage, Chase, USA
3) Slack N., Chambers S., Johnson R. (2004): Operations Management, Fouth edition, Prentice Hall, London
4) Slack, Nigel (2006): Operations and Process Management , Financial Times/ Prentice Hall, UK
5) Slack, N., Chambers, S. and Johnston R. (2004): Operations Management (4th Edition), Harlow: Pearson Education
6) Maginn, M, (1995): Effective teamwork, American media publishing, West des moines, Iowa, USA
7) Смилевски, Ц, (2000): Предизвикот и мајсторството на организациските промени, Детра центар, Скопје
8) Murphy, J, (1997): Pulling together, The power of teamwork, Wynwood, Grand Rapids, USA

ВЛИЈАНИЕТО НА РЕИНЖЕНЕРИНГОТ ПО ПРОЦЕСОТ НА СПОЈУВАЊА И ПРЕЗЕМАЊА НА БАНКИТЕ ВРЗ КОНКУРЕНТНОСТА

Д-р Ирена Лекоска

ilekoska@yahoo.com

УДК: 005.591.4:336.71

АПСТРАКТ

Глобализацијата на пазарите, економските рецесии, побарувањата на клиентите за квалитет на производите и услугите, како и рапидниот развој на информациската технологија бараат нови стратегии за успешно претприемништво, но и нови методологии и алатки за системска анализа и дизајн на динамичната средина. Поради тоа, многу водечки компании спровеле огромни напори за да им понудат поголема вредност на клиентите преку процесот на реинженеринг, организирање на нивните деловни активности во насока на задоволување на потребите од клиентите и воведување нова информациска технологија за стекнување конкурентска предност.

Реинженерингот претставува фундаментално размислување и радикален редизајн на деловните процеси со цел да се постигнат драматични подобрувања во критичните, значајните мерки на перформансите, како што се трошоците, квалитетот, услугите и брзината. Со цел да се спроведе успешен процес на спојувања и преземања во банкарскиот сектор, најпрво е потребно да се изврши реинженеринг на целокупниот деловен модел во склоп на пост-спојувачката/преземачката интеграција. Главен акцент во трудот е ставен токму врз процесот на реинженеринг како значаен концепт во спроведувањето на радикални организациски промени.

Врз основа на анализата на основните цели од спроведувањето на концептот на реинженеринг, може да се констатира дека, овој процес им обезбедува на банките зголемување на обемот на работењето, продуктивноста, намалување на оперативните трошоци, пораст на лојалноста на вработените и чувството на припадност, а тоа доведува до зголемување на конкурентноста во банкарскиот сектор.

Клучни зборови: реинженеринг, банки, конкурентност, спојувања и преземања.

THE IMPACT OF BUSINESS PROCESSES REENGINEERING IN POST-MERGER/ACQUISITION INTEGRATION OF BANKS ON THE COMPETITIVENESS

Irena Lekoska PhD

ilekoska@yahoo.com

UDK: 005.591.4:336.71

ABSTRACT

The globalization of markets, economic recessions, customer demand for quality products and services, and the rapid development of information technologies, require new strategies for successful entrepreneurship, and new methodologies and tools for system design and analysis in the dynamic environment.

The business processes reengineering is the fundamental thinking and radical redesign of business processes, in order to achieve dramatic improvements in critical, important measures of performance, such as cost, quality, service and speed. In order to perform a successful process of mergers and acquisitions in the banking sector, initially is needed to implement the concept of reengineering of the entire business model within post merger/acquisition integration. The main objective of the paper is to present the business processes reengineering as an important concept in the implementation of radical organizational change.

Based on the analysis of the primary goals of implementing the concept of the business processes reengineering, it can be concluded that this process provides increased volume of banks activities, productivity, reduce operating costs, increase employee loyalty and a sense of belonging and this leads to increased competitiveness in the banking sector.

Keywords: business processes reengineering, mergers and acquisitions, competitiveness, banks.

ВОВЕД

"Лудите времиња бараат луда организација" (Peters, T., 1994). Оваа реченица е доволен показател за турбулентното деловно опкружување денес и неопходната потреба од радикална трансформација на организациите.

Периодот во кој живееме денес во научните кругови се означува како: дигитална револуција, време на дисконтинуитети и неизвесност, третиот бран, дигитална, Internet и Web економија и сл. Процесите кои денес управуваат со светот се хиперпромените, хиперконкуренцијата и хипертурбулентноста, а овие процеси бараат хиперреструктурирање на организациите.

Поради тоа, концептот на "трансформација на организациите" добива големо значење во теоријата и во праксата. Предмет на овој труд претставува влијанието на процесот на реинженеринг, како еден од методите на радикална трансформација на организациите, врз конкурентноста во пост - спојувачкиот/преземачкиот период на банките.

Во функција на постигнување на поставените цели, концепциски трудот е организиран во вовед, два дела, заклучок и користена литература. Во првиот дел е согледана потребата за радикални промени во организациите, како и методите на радикалните промени. Во вториот дел е извршена анализа на реинженерингот, како радикален метод на трансформација на организациите, и неговото влијание врз конкурентноста на банките во постинтегративниот период. На крајот се презентирани неколку заклучни согледувања.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Со цел да се изврши поконцизно објаснување и презентирање на методот на радикална трансформација на организациите – реинженеринг и да се согледа неговото влијание врз конкурентноста на банките во постинтегративниот период, во трудот е користена широка лепеза на теоретска литература од областа на спојувањата и преземањата и стратегискиот менаџмент. При обработката на темата во трудот е применета комбинација од повеќе научни методи карактеристични за научноистражувачката дејност кај општествените науки. Во најголем дел се користени аналитичкиот, синтетичкиот, компаративниот и логичкиот научен метод.

ПОТРЕБАТА И МЕТОДИТЕ НА РАДИКАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Сведоци сме на фактот дека во денешниот свет, работењето на компаниите се одвива во услови на забрзани промени и дисконтинуитети. Во борбата за опстанок компаниите тежнеат кон крупни, радикални трансформациски промени. Таквите промени бараат од менаџерите да бидат трансформациски лидери, т.е. да имаат способност да креираат визии, мисии, цели, политики и стратегии и да ги спроведат, постигнувајќи притоа значајно поголема општа вредност за потрошувачите и крупни трансформациски зафати во краток рок.

Турбулентните промени, предизвикани од процесите на глобализација, технолошки развој, дигитализација, развојот на комуникацијата и информатичкото општество, се чини најмногу го погодиле финансискиот сектор. Со цел да опстојат во услови на немилосрдна конкуренција, финансиските институции биле подложени на процеси на радикална трансформација на нивното работење, организациска структура, култура на однесување и сл. Меѓутоа, патот кон успешна трансформација може да биде успешен само ако се извршува постепено и по логички редослед. Најпрво во рамките на компанијата треба да се формира убедување за неопходност од итни промени, борба со оние кои се против промените, да се креираат нови визии, потполно да се предаде на целта и да се изврши реконструкција на компаниите во склад со новата визија (John P. Kotter, 1995, pg. 61).

Од искуствата во трансформацијата на големите компании, се креирале и првите концепти и идеи за процесите и содржините на радикалните трансформациски промени. Како типични методи на трансформација се наведени следните (Kotter, P.J., 1996, pg.19):

Реинженеринг (*Reeingineering*);
Реструктурирање (*Restructuring*);
Програми на квалитет (*Quality programs*);
Спојувања и преземања (*Mergers and Acquisitions);* and
Промени на културата (*Cultural Change*).

Без разлика на тоа кој метод на трансформација ќе биде применет, компаниите кои планираат да бидат успешни, најпрво мора да бидат иновативни и компании кои учат и применуваат. Иновативните компании се одликуваат со способност и вештини на континуирано успешно одговарање на предизвиците и промените кои се резултат на турбулентното, комплексно и динамично опкружување. Исто така, иновативните компании континуирано и брзо учат, како од сопственото искуство, така и од искуството на најдобрите, но и од способноста на генеративното учење (Branislav Masic, 2004).

Еден од радикалните методи на трансформација на компаниите е реинженерингот.

РЕИНЖЕНЕРИНГ – ПАТ КОН ПРОМЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Според Мајкл Хамер (Michael Hammer), еден од гуруата на реинженерингот на бизнис-процесите (business process reengineering), или во скратена форма РБП, и основач на самиот термин, РБП претставува фундаментално размислување и радикален редизајн на бизнис-процесите со цел да се постигнат драматични подобрувања во критичните, значајните мерки на перформансите, како што се трошоците, квалитетот, услугите и брзината (M. Hammer, J. Champy, 1997, pg. 32).

Оваа дефиниција содржи четири клучни зборови, и тоа:

фундаментално;
радикално;
драматично; и
процеси.

а) Фундаментално. Зборот фундаментално во основа значи темелна промена. Во спроведувањето на реинженерингот, менаџерите најпрво мора да ги постават најосновните прашања за своите компании и начините на кои тие функционираат: Зошто го работиме тоа што го работиме? и Зошто тоа го правиме на начин на кој го правиме? Со цел да се одговори на овие прашања, менаџерите треба да ги преиспитаат основните, појдовни правила и претпоставки врз кои се заснова работата на компанијата и да утврдат на кој начин тие влијаат на нивните активности. Реинженерингот подразбира трагање по одговорите на прашањата: Што треба да се прави и како тоа треба да се прави? Реинженерингот ги игнорира состојбите во сегашноста и се концентрира на иднината. Се мисли на длабочината и опфатноста на промените.

б) Радикално. Радикалниот редизајн подразбира коренити промени, обиколување на сите постоечки структури и процедури и осмислување потполно нови начини за извршување на активностите.

в) Драматично. Реинженерингот не претставува правење маргинални и инкрементални подобрувања, туку остварување квантни (крупни, големи) скокови во перформансите.

г) Процеси. Овој збор е најзначаен, меѓутоа, им задава најголеми тешкотии на корпоративните менаџери. Поголемиот број деловни луѓе не се „процесно ориентирани“. Тие се фокусирани на задачите, активностите, луѓето, структурата и сл.

Процесот на реинженеринг во основа е замислен како целина која се состои од четири елементи: стратегии, процеси, технологија и луѓе (Kai A. Simon, 1994, pg. 14-16).

1) Стратегии. Под поимот стратегија се опфатени: организациската стратегија, технолошката стратегија и стратегијата на човечки ресурси. Определувањето на стратегиите се врши врз основа на динамиката на пазарите каде што дејствуваат организациите. Исто така, стратегиите мора да бидат актуелни и релевантни на визијата на компанијата, како и на внатрешните и надворешните ограничувања на компанијата. И конечно, стратегиите мора да бидат дефинирани на начин кој овозможува разбирање и мотивација на вработените со цел за усогласување на работната сила со нив.
2) Процеси. Многу е значајно процесите да бидат идентификувани на начин што ќе овозможи задоволување на потребите на клиентите. Тие не се детерминирани од барањата на внатрешната организација, туку од барањата на клиентите. Преминот од функционални оддели во интерфункционални процеси вклучува потреба од редизајн на целокупната организациска структура и на системот на човечки активности и подразбира процеси, наместо оптимизирање на задачите.
3) Технологија. Претставува главен поттикнувач на промени во организациите. Технологијата не треба да се користи како средство за унапредување на постоечките активности, туку како средство за креирање нови организации.
4) Луѓе. Системот на човечки активности е најкритичниот фактор за реинженеринг. Овде е мошне значајно да спомнеме дека во секој процес на промени најтешко е да се убедат вработените и малите менаџери да ги прифатат тие промени, поради страв од неизвесност и несигурност за својата позиција. Друг клучен фактор е усогласувањето на работната сила со дефинираните стратегии. Со цел да се надминат овие проблеми, неопходно е обезбедување тренинг и обука на вработените, како и

мотивација и доверба од највисокото раководство дека вработените се способни и подготвени да ја преземат одговорноста.

Процесот на спојување и преземање во банкарскиот сектор претставува значајна промена на деловната организациска структура на банките. Многу банки доживеале неуспех при процесите на трансформација бидејќи не успеале да воспостават јасна разлика меѓу деловните структури и процеси, каде што деловните процеси не биле во состојба да ја следат брзата промена на ниво на структурата. Неуспехот на трансформацијата на банките, исто така, се должи на фактот што менаџментот на банките честопати не бил процесно ориентиран.

Со цел да се изврши успешен процес на спојувања и преземања во банкарскиот сектор, потребно е навремено да се согледаат потребите за унапредување на организациските операции и информациските технологии, пред да се започне со самиот процес на спојување и преземање. Тоа значи дека е потребно да се осмисли целокупниот деловен модел на банката: вработени, технологија, процеси, начинот на кој се поставени и кои се нивните носители. Унапредувањето на деловниот модел на банките се рефлектира преку унапредување на сите услуги и производи што ги нуди банката и сите процеси и апликации. Подобрувањето на секоја компонента создава вредност, но ефектот е многу поголем доколку подобрувањата се комбинираат (Paul J. Jenkins, Roberto Lancellotti, Oliver Schein, 2006, pg. 13).

Банките остваруваат многу поголеми бенефити кога го редизајнираат целокупниот деловен модел во склоп на пост-спојувачката/преземачката интеграција. Покрај тоа што имаат поголема корист од тековното работење, банките со рационализиран оперативен модел се ослободени од фокусирањето на пост-интеграциските синергии и се насочуваат кон воведување нови производи и услуги со цел задоволување на потребите од клиентите.

Основните цели на спроведувањето на концептот за реинженеринг, според Bennis и Mische, се следните (W. Bennis, M. Mische, 1997, pg. 11-14):

Зголемување на продуктивноста. Зголемувањето на продуктивноста произлегува од креирањето нови и поповолни процеси, кои подобро се совпаѓаат во новата структура на работење;

Оптимизирање на вредностите за акционерите. Вредноста на компанијата се оптимизира главно преку зголемувањето на интересот на вработените за компанијата, зголемувањето на нивното знаење за организацијата, нејзината положба на пазарот, конкуренцијата, идентитетот, поголемата компатибилност на способностите и вештините на вработените и нивните одговорности за процесите итн.;

Остварување квантни резултати. Целта е достигнување најмалку 50% подобрувања на перформансите од компанијата, а не инкрементални подобрувања од 5%, 10% или 15%;

Консолидација на функциите. Целта е создавање организација која е пофлексибилна и побрза;

Елиминирање на непотребните нивоа на работа. Нивоата на работа и активностите што не придонесуваат во создавањето на вредноста се елиминираат на соодветен начин, па така организацијата трпи постојана промена преку континуирана процена на организацијата, менаџментот, системите, потрошувачите, окружувањето и сл.

Врз основа на анализата на основните цели од спроведувањето на концептот на реинженеринг, може да се констатира дека, овој процес им обезбедува на банките зголемување на обемот на работењето, продуктивноста, намалување на оперативните трошоци, како и пораст на лојалноста на вработените и чувството на припадност.

Постојат неколку чекори коишто обезбедуваат успешна трансформација на деловниот модел. Прво, топ-менаџментот мора да дефинира јасна визија и да примени добар модел на управување, како и транспарентни метрики кои се во функција на нејзината реализација. Второ, процесот треба да се согледа комплексно, а не на ниво на функционални или деловни единици. Имено, сите банкарски трансакции треба да се гледаат како целина, иако банкарските службеници се наоѓаат во различни одделенија. Трето, секоја банка треба да утврди што ја разликува од другите банки и каде може да оствари конкурентска предност. И на крај, банките треба да ја применуваат стратегијата на остварување успешни перформанси на краток рок со задржување на фокусот на долгорочните цели (Paul J. Jenkins, Roberto Lancellotti, Oliver Schein, 2006, pg. 15-18).

ЗАКЛУЧОК

Од досегашната анализа на реинженерингот, како радикален метод на трансформација на компаниите, како и неговото влијание врз конкурентноста на банките по нивното спојување или преземање, се искристализираа неколку заклучоци.

Најпрво, денешното неизвесно и турбулентно деловно опкружување бара радикални реструктурирања на компаниите со цел да опстојат во немилосрдната конкурентска борба.

Погледнато низ призмата на финансискиот сектор, голем број банки денес ја воочуваат потребата да се променат во модерни банки, со цел да бидат успешни и конкурентни. Еден од начините да ја направат неопходната трансформација е процесот на бизнис-реинженеринг. Спротивно на многуте тековни пристапи за промени коишто често акцентот го ставаат или на промената на бизнисот, или на промената на технологијата или квалитетот, овој процес овозможува целосен пристап и ја нагласува потребата од комбинирање на сите горенаведени фактори.

Врз основа на анализата на основните цели од спроведувањето на концептот на реинженеринг, може да се констатира дека, овој процес им обезбедува на банките зголемување на обемот на работењето, продуктивноста, намалување на оперативните трошоци, пораст на лојалноста на вработените и чувството на припадност, а тоа доведува до зголемување на конкурентноста во банкарскиот сектор.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) B. Masic, Zbornik radova, Naucni skup: Metode radikalnih promena u organizacijama, Beograd, 2004.
2) Bradley, S. (1994). *Creating and adhering to a BPR methodology*. Gartner Group Report, pp. 1–30.
3) Chou, A. Y., & Chou, D. C. (2007). The complementary role of business process reengineering and information technology to total quality management practices. *International Journal of Information Systems and Change Management, 2*(1), 21–29.
4) Cole, R. (1994). Reengineering the corporation: A review essay. *Quality Management Journal, 1*(4), 77–85.

5) Davenport, T. H. (1993). *Process innovation: Re-engineering work through information technology*. Boston, MA: Harvard Business School Press.
6) Davenport, T. H., & Short, J. E. (1990). The new industrial engineering: Information technology and business process redesign. *Sloan Management Review, 31*(4), 11–27.
7) Hammer, M., & Champy, J. (1993). *Re-engineering the corporation: A manifesto for business revolution*. New York: Harper Business.
8) John P. Kotter, Leading Change: Why Transformation Efforts Fail, Harvard Business Review, 1995, стр. 61.
9) Kai A. Simon, Towards a theoretical framework for Business Process Reengineering, June 1994.
10) Kettinger, W. J., Teng, J. T. C., & Guha, S. (1997). Business process change: A study of methodologies, techniques, and tools. *MIS Quarterly, 21*(1), 55–80.
11) Klein, M. M. (1994). Reengineering methodologies and tools. A prescription for enhancing success. *Information Systems Management, 11*(2), 30–35.
12) Knights, D., & Wilmott, H. (2000). *The reengineering revolution?: Critical studies of corporate change*. London, UK: Sage.
13) Kotter, P.J., *Leading change*, Harvard Business School Press, 1996.
14) Limerick, D., & Cunnington, B. (1995). *Managing the new organization: A blueprint for networks and strategic alliances*. Sydney, Australia: Business and Professional Publishing.
15) M. Hammer, J. Champy, Reengineering the Corporation- A Manifesto for Business Revolution, 1997.
16) Mumford, E. (1994). New treatments or old remedies: Is business process reengineering really socio-technical design? *Journal of Strategic Information Systems, 3*(4), 313–326.
17) Muthu, S., Whitman, L. & Hossein, S. C. (1999). *Business process reengineering: A consolidated methodology*. Proceedings of the 4th Annual International Conference on Industrial Engineering Theory, Applications, and Practice. Department of the Interior Enterprise Architecture, U.S.
18) Paul J. Jenkins, Roberto Lancellotti, Oliver Schein, Merging bank operations across borders, McKinsey on IT, winter, 2006.

19) Peters, T., *The Tom Peters Seminar*: *Crazy Times Call for Crazy Organizations*, Viege Box a division of Random House Inc., New York, 1994.
20) Thyagarajan, V., & Khatibi, A. (2004). BPR: A tool for managing the change. *Journal of Human Ecology, 15*(1), pp57–61.
21) W. Bennis, M. Mische, The 21st Century Organization: Reinventing Through Reengineering, Jossey&Bass Publisher, 1997.
22) Willmott, H. (1995). The odd couple?: Re-engineering business processes; managing human relations. *New Technology, Work and Employment, 10*(2), 89–98.

SME'S OWNERSHIP, LOCATION, SIZE, AGE AND SECTOR OF OPERATION AS DETERMINANTS OF SUCCESS – CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Dragan Sutevski

Sutevski Consulting, Kumanovo

Radmil Polenakovik

Faculty of Mechanical Engineering, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Valentina Gecevska

Faculty of Mechanical Engineering, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Bojan R. Jovanovski

Faculty of Mechanical Engineering, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Ivana Stankovska

National Centre for Development of Innovation and Entrepreneurial Learning
UDK: 334.72.012.63/.64:303.71(497.7)

ABSTRACT

Small and Medium Enterprises (SMEs) are one of the main drivers of employment and gross domestic product (GDP) growth, performing an important role in economic diversification as well as a social stabilizer. Researchers and practitioners found number of factors that determine company success. The researchers' efforts for studying and determination of the success factors have to be encouraged, due to their valuable inputs for governments and donors in preparation of instruments for boosting the growth and strengthening the success of companies. The aim of this paper is to analyze several factors extracted from the literature and recognized by researchers as factors that have direct influence on the company success. The authors decided to analyze the influence of the ownership, location, size, age and sector of operation as factors for success of the SMEs in the country. Within the internal project of World Bank Office in Skopje, analysis was conducted in period May – July 2014. This research is based on the data obtained by the Central Registry of the Republic of Macedonia (CRRM) including all companies registered in Macedonia which achieved subsequent growth in 2011, 2012, and 2013 in: (1) Revenue, (2) Number of employees, (3) Profit, (4) Annual investment in new equipment and processes. Total of 18.024 companies were identified and selected success

factors were correlated with whole population of companies received from CRRM. Results of this analysis showed that for the Republic of Macedonia company ownership, location, size, age and sector of operation are NOT related to the SMEs success.

Keywords: success factors, measuring success, success indicators.

INTRODUCTION

There is a strong consensus between SME owners, scientists, policymakers and donors related to the importance of high-growth companies in each country. The scientists use different names for these companies such as “high-growth companies”, “high-impact companies” and “gazelles” which have a potential to grow really quickly, 20% and more on annual basis.

On the other side, it is evident a strong need to change the focus on developing micro and small companies that have potential to drive growth. In the World Bank’s report, “SME, Growth and Poverty: Cross Country Evidence”, Beck and Demirgüç-Kunt (2004) conclude that “although a prosperous SME sector is a characteristic of flourishing economies, we cannot reject the view that SMEs do not cause growth”. On the other hand, it is important to have strong evidence why some companies have large growth with effect of the economic growth on the country and why some driven by the necessity simply stagnate and do not bring enough economic growth to the countries.

Although the business environment in the Republic of Macedonia is substantially improved over the past few years, especially in the areas as tax administration, business registration, simplifying regulations and customs procedures that were awarded again with a high rank in the latest World Bank Doing Business 2014 (25th out of 189 economies), there is still very high unemployment rate. Republic Macedonia is a country with unemployment rate that is around 28% - 30% especially among youth, the rural population, ethnic minorities and less educated people. Because of that, one of the main challenges for the Republic of Macedonia is to create employment. These challenges can be addressed only with the new jobs creation through increased entrepreneurial activities. However, focus should be on activities that will really create high-growth potential enterprises. In the latest EU progress report for 2013, several problematic areas in the country are pinpointed: “Long-term unemployment, high youth unemployment, and very low labor market participation by women, and all of them need more attention. The public sector remains the largest employer. The national budget allocated to the active labor market program remains inadequate and decreased slightly”.

The main objective of this paper is to present the research about some general success factors based on literature review that can have influence on the company success as ownership, location, size, age and sector of operation, analyse data related to high-growth companies in the Republic of Macedonia and check if they have influence on the success of companies.

RESEARCH METHODOLOGY

For the purpose of this research, authors have developed specific methodology consisted of four stages:

1) Literature review. In order to select factors related to the success of high-growth companies in the Republic of Macedonia, authors have conducted extensive literature review.
2) Definition of dataset required for the analysis. The purpose of the first stage of the methodology was to have clear definition of the dataset that will be analyzed as a part of the research. At this stage the research methodology define the basic criteria that we have used in order to select companies that will be interesting for the purpose of the research. The basic criteria for the selection of initial dataset were companies from the Republic of Macedonia that are at least 3 years active, that are predominantly owned (>51%) by individuals or legal bodies from the Republic of Macedonia or companies that have now foreign investments because of their success in the past, and companies that are privatly owned (in order to exclude public enterprises and non-profit organizations). Additional criteria were used to select high-growth companies as 20% annual growth with fewer than 250 employees and income at least 6,000,000.00 MKD (100.000 EUR) annually in the last 3 years, sequential growth in the number of employees in the last 3 years, without companies that in the last year have less than 10 employees, growth in profit for at least 3 years with minimum 2,000,000.00 MKD (30.000 EUR) annual profit in the

analyzed period and sequential growth of annual investment in new processes, products and equipment in the last 3 years.

3) Data collection. In order to cover all relevant companies for the purpose of this research, the methodology required data from the Central Registry of the Republic of Macedonia for all companies registered in the country for the period 2011, 2012 and 2013 and have achieved: (1) Revenue growth in last three years, (2) Increase in the number of employees in last three years, (3) Profit growth in last three years, and sequential growth of annual investment in new equipment and processes in last three years according to the definitions of dataset in the previous stage.
4) Analysis and conclusions. The last stage of the methodology was related to final analysis of all collected data and preparation of conclusions related to the selected success factors based on literature review, or general company's determinants as success factors like ownership, location, size, age and sector of operation.

ANALYSIS AND RESULTS

Ownership of the company logically can have influence of the performance, especially because different ownership options can shape different competences that will come from different ownership structures inside company. On the other side, it is true that the type of ownership or ownership concentration will have direct impact of the managerial team's decision making and in such a way directly designs company's future. There are many researchers who try to connect the ownership with the performance of the companies and their success. Balsmeier and Czarnitzki (2010) in their research did not find significant linear relation between ownership concentration and company's performances, but they discovered existence of the relationship for non-EU member states.

The next success determinant that can be find in the literature is location. Location of the company also can have impact on the success of the companies. Audretsch and Dohse (2007), mentioned that location of the company is a „neglected determinant" when it comes to the research of success factors, and confirmed that location of a company is an important factor related to its growth performance especially having in mind availability of human capital, proximity to non-traded inputs and specialized goods as well as easy access to market. Porter (1998) talks about different industry activities in a specific geographic regions that will have possible impacts on the companies' performances. Larger competition in a specific location will require companies to innovate if they want to be competitive. According to Porter (1998), companies that operate in locations with industry clustering will require to be more innovative than companies that are located and operate from regions with less industry clustering.

Beside Gibrat (1931) and Gibrat's Law which states that the size of the company and its growth rate are independent, there are other researches who show contrary evidence. It is logically to think that larger companies will have larger potential in innovation, but this is not strongly evident from the theory. Having in mind research of Christensen (2011), the success of innovation, especially disruptive innovation is not related to the size of the company. On the other side if we take the growth rate, it is logical that smaller companies will have larger growth rate than larger companies who already passed high growth rate in their business life cycle. Barkham, Gudgin, Hart and Hanvey (1996) showed from the research of SMEs with 50 persons or fewer that small companies grow faster than large. Also, Harhoff and Stahl (1995) in their research of 11000 companies from manufacturing, construction, trade, finance, and services sectors found that likelihood of company's survival is positively related to the size, the growth is negatively related to the size and the likelihood of survival and growth rates are systematically different related to the different sectors of the economy. Other researches also support non existence of Gibrat's Law when it comes to the company size. Doms, Dunne and Roberts (1995) from their research in the US manufacturing sector showed that older and larger sized companies have higher survival rates and lower growth rates. So, these differences in past researches brought us to the conclusion that we need to check is Gibrat's Law true regarding growth of the Macedonian companies.

With the age of the company there is huge accumulation of knowledge, experience and skills that can be used in order to expand the growth. Most studies on firm survival faund that age matters. Dunne, Roberts and Samuelson (1988) have conducted research on a census data from manufacturing and have discovered positive relation between companies' age and survival. Also, studies mentioned in the previous factor - size, all relate the age of the company with its growth, or more precisely, that increase in the age of the company brings larger survival rate, but also lower growth rate for the company.

Additionally we have included sector of operations as a possible success determinant having in mind that different sectors have different growth rate for the companies in the specific sector. The sectors of interest in this research are given in table 1.

In order to check the association between the variables from the data that we have received from the Central Registry we conducted correlation analysis based on Pearson's correlation coefficient. The purpose of this analysis was to make intersections of all data in order to find correlation dependency with each other variable. The first analysis was conducted on all data received from the central registry, or more precisely on 18024 companies. Because this first attempt did not give us some strong or medium correlation, in the next step of the analysis we added additional variables for analysis conducted from primary received from the Central Registry as: cumulative profit, cumulative loss, cumulative profit/loss, cumulative investments in equipment, cumulative turnover, return on assets, profit margin for each year, cumulative profit margin and profit per employee for each year. The results of this analysis are presented in table 2.

Table 1: Sectors of Interest for the Research

C/B	MANUFACTURING
D/Г	ELECTRICITY, GAS, STEAM AND AIR CONDITIONING SUPPLY
E/Д	WATER SUPPLY;SEWERAGE, WASTE MANAGEMENT AND REMEDIATION ACTIVITIES
F/Ѓ	CONSTRUCTION
G/E	WHOLESALE AND RETAIL TRADE; REPAIR OF MOTOR VEHICLES AND MOTORCYCLES
H/Ж	TRANSPORTATION AND STORAGE
I/З	ACCOMMODATION AND FOOD SERVICE ACTIVITIES
J/S	INFORMATION AND COMMUNICATION
L/J	REAL ESTATE ACTIVITIES
M/K	PROFESSIONAL, SCIENTIFIC AND TECHNICAL ACTIVITIES
P/M	EDUCATION
Q/H	HUMAN HEALTH AND SOCIAL WORK ACTIVITIES
R/Њ	ARTS, ENTERTAINMENT AND RECREATION
S/O	OTHER SERVICE ACTIVITIES

Table 2: Results of the correlation analysis

	Location	Sector	Age	Ownership	Employees 2011	Employees 2012	Employees 2013
Location	1	-.180**	.005	-.050*	.060**	.057**	.050*
Sector	-.180**	1	-.055**	.016	-.131**	-.123**	-.122**
Age	.005	-.055**	1	-.045*	.131**	.108**	.085**
Type of ownership	-.050*	.016	-.045*	1	.187**	.205**	.193**
Employees 2011	.060**	-.131**	.131**	.187**	1	.965**	.939**
Employees 2012	.057**	-.123**	.108**	.205**	.965**	1	.972**
Employees 2013	.050*	-.122**	.085**	.193**	.939**	.972**	1
Profit/Loss 2011	-.069**	-.037	.157**	-.010	.136**	.144**	.146**
Profit/Loss 2012	-.068**	-.002	.127**	.037	.210**	.204**	.215**
Profit/Loss 2013	-.056**	-.017	.072**	.066**	.134**	.144**	.160**
Cumulative Profit 3 Years	-.078**	-.016	.118**	.098**	.201**	.213**	.226**
Cumulative Loss in 3 Years	-.009	.024	-.069**	.238**	.059**	.087**	.085**
Cumulative Profit/Loss in 3 Years	-.075**	-.021	.131**	.045*	.186**	.191**	.205**
Investments Equipment/Process 2011	-.009	.014	.154**	.180**	.296**	.299**	.284**
Investments Equipment/Process 2012	-.014	.012	.143**	.181**	.282**	.292**	.283**
Investments Equipment/Process 2013	-.005	.012	.115**	.153**	.234**	.249**	.251**
Cumulative Investments 3 Years	-.008	.012	.139**	.172**	.273**	.283**	.277**
Turnover 2011	-.075**	-.043*	.213**	.136**	.321**	.324**	.323**
Turnover 2012	-.075**	-.014	.159**	.141**	.288**	.307**	.317**
Turnover 2013	-.073**	.001	.128**	.115**	.245**	.272**	.301**
Cumulative Turnover 3 Years	-.078**	-.016	.169**	.136**	.293**	.312**	.328**
Total Assets 2013	-.042*	-.031	.129**	.167**	.239**	.257**	.268**
Return of Assets (Income)	.023	.004	.007	-.006	-.011	-.009	-.006
Return on Assets (Profit)	-.044*	.062**	-.068**	.029	-.025	-.027	-.021
Profit Margin 2011	-.010	.021	.007	.007	.014	.015	.007
Profit Margin 2012	-.011	.033	-.021	.036	-.014	-.036	-.027
Profit Margin 2013	-.004	.055**	-.030	.065**	-.030	-.031	-.033
Cumulative Profit Margin 3 Years	-.009	-.019	.039*	-.050*	.009	.005	-.001
Profit Per Employee 2011	-.083**	-.012	.072**	-.044*	-.063**	-.076**	-.063**
Profit Per Employee 2012	-.071**	.007	.057**	.019	-.064**	-.073**	-.064**

Profit Per Employee 2013	-.038	-.006	.027	.063**	-.040*	-.042*	-.045*
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).							
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).							

CONCLUSIONS

This analysis doesn't show some strong correlation between different factors except for the variables that are expected to have strong and medium correlation as following:

1) Strong positive correlation between profit and profit per employee
2) Strong correlation that when company invests in new equipment and process it will continue to invest in the next two years
3) Strong positive correlation between total assets in 2013 and investments in new equipment and process
4) Medium correlation between cumulative profit/loss and turnover and total assets.
5) Medium correlation between profit margin and profit per employee

What is the situation in the Republic of Macedonia regarding general success determinants as success factors? These results bring us to the following conclusion:

Ownership of the analyzed companies do not have correlation with company's income, profitability or number of employees.
Related to location as success determinant, correlation analysis doesn't show strong correlation between location of the company and their income, profitability or number of employees.
When it comes to the size of the company, from our research we can not find strong relationship between the size of the companies and growth, growth rate or their income or profitability.
Age of the company is not related to the success of the companies.
Sector of operations is not related to the success of the high-growth companies in the Republic of Macedonia.

These results mean that we need to focus our attention in the future research on more specific success determinants, such as financial determinants, innovativeness, market and marketing, business model and human resource management.

BIBLIOGRAPHY

1) Audretsch, D.B. & Dohse, D. (2007) *Location: a neglected determinant of firm growth*, Review of World Economics, Vol. 143, No. 1
2) Balsmeier, B. and Czarnitzki, D. (2010) *Ownership concentration, institutional development and firm performance in Central and Eastern Europe*, Kathlolieke Universiteit Leuven, Faculty of Business and Economics, Departmen of Managerial Economics, Strategy and Innovation
3) Barkham, R., Gudgin, G., Hart, M. & Hanvey, E. (1996) *The Determinants of Small Firm Growth: An Inter-regional Study in the United Kingdom 1986-1990*, Jessica Kingsley London
4) Beck, T. and Demirgüç-Kunt, A. (2004) *SMEs, Growth, and Poverty*, Washington, DC: World Bank
5) Christensen, C.M. (2011) *The Innovator's Dilemma - The Revolutionary Book That Will Change the Way You Do Business*, Harper Business, New York
6) Doms, M., Dunne, T. & Roberts M.J. (1995) *The Role of Technology Use in the Survival and Growth of Manufacturing Plants*, International Journal of Industrial Organization, Vol 13, 4
7) Dunne, T., Roberts, M.J. & Samuelson, L. (1988) *Patterns of firm entry and exit in U.S. manufacturing industries*, RAND Journal of Economics 19(4)
8) Gibrat, R. (1931) *Les Inégalités économiques*, Paris, France, 1931
9) Harhoff, D. & Stahl, K. (1995) *Unternehmens - und Beschäftigungsdynamik in Westdeutschland: Zum Einfluss von Haftungsregeln und Eigentümerstruktur*, ifo-Studien: Zeitschrift für empirische Wirtschaftsforschung, 41
10) Porter, M. (1998) *On Competition*, Harvard Business School Publishing
11) The Former Yugoslav republic of Macedonia, 2013 Progress Report http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2013/package/brochures/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_2013.pdf

Acknowledgement:

This paper was prepared during the process of analysing the indicators for economic growth and recognising different success factors for company successes, the analytical activity coordinated by the World Bank office in Skopje. This activity was part of the wider process of development of a new Country Partnership Strategy for Republic of Macedonia for the period 2014-2017. Authors of this paper are expressing their sincere gratitude to the staff of the World Bank office in Skopje for being a part of this process of development of new Country Partner Strategy for the Republic of Macedonia.

ВНАТРЕШНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА- БИТОЛА

Наташа Младеновска-Лазаревска

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
mlnatasa@yahoo.com

УДК: 005.591.4:364-53-053.2(497.774)

АПСТРАКТ

Деинституционализацијата во јавниот сектор на социјалната заштита означува процес на реформа од институционалните кон локалните и алтернативни услуги. Процесот се реализира под проверени сознанија дека на лицата, во конкретниот случај децата кои се вклучени во системот на институционалната социјална заштита, веќе не им е неопходна грижата што ја добиваат во институциите и дека услугите на многу понеспосреден начин може да им бидат задоволени во локалната заедница. Бенефитот од преминот на институционалниот во вонинституционалните или популарно наречени алтернативни облици на социјална заштита, е исклучително значаен сегмент во рамките на националната стратегија за деинституционализација: најмногу ползуваат корисниците на услугите, бидејќи се засилува нивото на индивидуалната поддршка што е исклучително потребна во најраните возрасни години заради соодветно стимулиран психомоторен развој.Меѓутоа, трансферот од постојниот во новите и конкурентни облици на заштита на децата без родители и родителска грижа, не може да се случи преку ноќ, туку е комплексен, ги окупира сите ресурси вклучени во неговото одвивање и ги става во функција на главната цел: постигнување очекувани вредности кои децата треба да ги поседуваат за да бидат понатаму почитувани и корисни во општествената заедница во којашто живеат и растат.

Силно мотивирана да ја постигне оваа цел, Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола, социјалната заштита ја остварува усогласувајќи ја на индивидуалните потреби на секое дете во Установата. Таа тоа го прави преку имплементирање на приоритети чијашто стратешка цел е подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на заштита, односно преку реорганизација на времето, местото и приодот кон грижата за корисниците на услуги.

Клучни зборови: деинституционализација, реорганизирана установа, конкурентни услуги.

INTERNAL REORGANIZATION OF THE PUBLIC INSTITUTION CENTER FOR INFANTS AND TODDLERS – BITOLA

Natasha Mladenovska-Lazarevska

Public Institution Center for Infants and Toddlers - Bitola
mlnatasa@yahoo.com

UDK: 005.591.4:364-53-053.2(497.774)

ABSTRACT

Deinstitutionalization of the public sector for social welfareis a process of reform in which institutional services are replaced by local and alternative services. The process is taking place under examined findings that individuals, in this case children who are included in the system of institutionalized social welfare, are not fully dependent on the care that they receive from institutions, as well as the services can be provided by the local community in a more downright manner. As for the benefit of the transition from institutionalized into deinstitutionalized or commonly known alternative forms of social welfare, it is an extremely important segment within the frames of national strategy for deinstitutionalization: the main beneficiaries are the recipients of the services since the level of individual support is increased, which is essentially crucial in one's most tender age for appropriately coordinated psychomotor development later on. However, the transfer from current into new competitive forms of child protection without parents and parental care cannot be implemented overnight; instead, the transfer is complex and occupies all the resources included in its progress by putting them in function of the main aim: reaching anticipated values that are important for the children to have in future in order to become respected and useful in the social community where they live and grow.

Highly motivated to reach this aim, the Public Institution Center for Infants and Toddlers – Bitola provides social welfare by meeting the individual needs of every child in the institution. The center does that through implementation of priorities whose strategic aim is to improve the efficiency and effectiveness of the system for welfare, i.e., through reorganization of when, where and how the beneficiaries are provided with care and other services.

Keywords: deinstitutionalization, reorganized institution, competitive services.

ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ВОВЕД

,,Семејството, како суштествено јадро на општеството и природната средина за растење и благосостојба на сите негови членови, а особено на децата и младите лица, треба да ги добие неопходната помош и заштита за да може целосно да ги преземе своите одговорности во рамките на заедницата“ (Конвенција на ООН за правата на децата: 1989).

Деинституционализацијата на услугите во јавниот социјален сектор означува процес на реформа од институционалните кон комуналните и алтернативни услуги. Процесот се реализира под претпоставката дека на лицата опфатени со институционалната заштита, негата во институциите веќе не им е неопходна или дека најголем дел од услугите може да им бидат задоволени во локалната заедница. Превенцијата од институционализацијата, која најмногу се однесува на раното детство, за да се спречат негативните ефекти од неа, како и процесот на деинституционализација, подразбира освен напуштање на институционалното згрижување, и систематски приод и подобрување на процедурите и практиките на установите за институционална заштита на деца, во делот на грижата за децата за време на престојот во институциите, со фокус на што подобар социјално-афективен и психомоторен развој на децата од определена возраст. Меморандумот за разбирање потпишан во јуни 2000 година помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ, Канцеларијата на УНИЦЕФ и Светската здравствена организација, со кој се затвора влезот на нови корисници во установите за социјална институционална заштита, значеше и практичен почеток со активностите за деинституционализација, а како потврда на ова беше повлекувањето на триесет корисници на услуги на Специјалниот завод во Демир Капија во вонинституционални форми на заштита (МТСП:2007). Развивањето мрежа на згрижувачки семејства, отворањето дневни центри за деца со лесна и умерена интелектуална попреченост, згрижувањето деца во социјален ризик во мали групни домови, засилувањето соработката помеѓу центрите за социјална работа и институциите кои згрижуваат деца, подобрувањето квалитетот на живеење на корисниците на услугите во институциите, сето тоа и многу други попратни процеси поттикнати од тоа, се промовираа паралелно со процесот на деинституционализација во системот на социјалната заштита во РМ. Во периодот што следеше понатаму беа отворени станбени единици за организирано живеење со поддршка, во кои беа сместени стотина корисници со попреченост во менталниот развој над осумнаесетгодишна возраст.

Деинституционализацијата од перспектива на системот за цел ги постави афирмирањето и утврдувањето на индивидуалните права на децата, особено правото на детето да остане во семејство и во семејно окружување. Од оваа основна цел произлегоа и општите цели на деинституционализацијата, а тоа значеше воспоставување на интегриран систем за детска грижа и детска заштита и намалување бројот на деца во установи преку намален прием во сите установи во РМ (gatekeeping) и мораториум за нови примања во Специјалниот завој во Демир Капија. За заеднички цели на сите институции беа поставени, од една страна, намалувањето на времето на престој на децата во нив, а од друга страна, зголемување на ефикасноста на интервенциите во заедниците за колективно живеење. Овие цели го претпоставија како неопходно обезбедувањето на карактеристики од семеен тип на едукативните односи на заедницата за живеење и обезбедување, пред сѐ, на подготвено прифаќање на децата во колективната институционална заедница. Прифаќањето на децата во институцијата мора да подразбере пред сѐ квалификувано прифаќање, преку преземање грижа за малолетното лице во безбедна средина којашто е во состојба да даде поддршка на лицето и отстранување на причините кои придонесуваат за дисфункционално однесување на децата, следствено на изложеноста на трауматските искуства во најраната возраст или уште порано, во пренаталниот период.

,,Организација која учи, се опишува како организација каде што луѓето континуирано го прошируваат својот капацитет за да креираат резултати кои тие вистински ги сакаат, каде што новите и широки начини на размислување широко се негуваат, каде што колективната аспирација е ослободена и каде што луѓето континуирано учат како да учат заедно“ (Армстронг, 2006).

Во последниот квартал на 2007 година, во седмицата од 3 до 7 септември, беше имплементирана *Обука на работното место* во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола, а како целна група беа опфатени сите вработени по работни места, приоритетно менаџментот на Установата, во различно време за траење на работниот процес и работните смени, заради целосно искористување на ресурсите. Обучувач беше г-ѓата Маврицијa Гаспарето, по професија психолог, директор на социјални сервисни служби и координатор на социјално-едукативни служби за деца и за деинституционализација на деца, од Имола, Италија. Поддршка на обуката дадоа г-ѓа Фулвија Виторија Томатис, координатор за EducAid и г-ѓа Јасна Марина, асистент на проектот-преведувач.

Целта на обуката беше давање поддршка на менаџментот и другите вработени во подобрување на системот на грижа за децата во самата Установа, за да се загарантира што е можно подобар социјално-афективен и психомоторен развој во превенирањето на негативните ефекти од институционализацијата. Со оваа обука и насоките за работа што во вид на пишани процедури произлегоа како резултати од евалуацијата на обуката, се препорачаа појасни терминолошки и регулаторни промени за определени работи поврзани со сместувањето, грижата, негата, исхраната и здравствената заштита на децата, но и на самохраните бремени жени и мајки кои согласно законската регулатива со кои е уреден овој дел, влегуваат во категоријата корисници на услугите на Установата.

Оттогаш па тековно, постојано и континуирано, се унапредува комплетниот систем на згрижување на деца во Установата, се интензивира професионалната работа со сместените деца, се развиваат квалитетни практики на социјализација, како и културно-забавни и едукативни активности, се зголемува соработката помеѓу Установата и локалната заедница, се обезбедува професионална поддршка на стручните работници преку овозможување на обуки и студиски посети. Внатрешната трансформација на Установата во насока на постигнување сеопфатно, квалитетно и конкурентно ниво на услугите што ги нуди, е предмет на интензивна промоција, како во Годишните програми и Извештаите за работата на Установата, така и во екстерните извештаи за евалуација во различните домени на нејзиното работење. Сите вложени напори за воведување промени, резултираа, некои порано, некои подоцна, со позитивен одѕив, но сметам дека може многу да се направи и понатаму.

ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

,,Почнете со она што тие го знаат

Градете го она што тие го имаат“

(Лао Це, 700 п.н.е.)

Социјалната институционална заштита е област која бара постојано прилагодување и адаптирање како на потребите на корисниците, така и на реалните можности на системот и на државата да ги имплементира донесените политики. За да се зачува чекорот со промените кои се случуваат во екстерната средина, директорите на институциите за социјална заштита мора континуирано да ја подобруваат организацијата- интерната средина. Тие мора да водат кон позасилен развој на вештини, знаења и ставови на вработените за да ги подготват за зголемени одговорности или одговорности на повисоко ниво кои би им биле делегирани во иднина. Бројот, способноста и знаењата што ги поседува човечкиот потенцијал во институцијата е исклучително потребен за да се управува со проекти. Покрај тоа, финансиската состојба на организацијата, постојната опрема, технологија и сл., од една страна, како и постоењето организациска култура, постоењето програма, мисија, стратегиски цели, но и многу важно, постоењето пишани правила и процедури кои определуваат како да се управува со организацијата, од друга страна, ја претставува внатрешната околина/ средина на менаџментот во институцијата.

Сите истражувања упатуваат на тоа дека сместувањето во установи има негативно влијание на децата, особено за време на првите години во животот на детето, што резултира со доцнење во социјалниот, психомоторниот, когнитивниот и говорен развој на детето. Децата се сместени во преполни простории (занимални) и имаат малку или воопшто немаат контакт со негувателките. Тие добиваат малку или не добиваат воопшто стимулација во вид на поодделно внимание од страна на присутните возрасни. Децата кои се потемпераментни или бараат дополнително внимание, генерално се ,,дефинираат” како проблематични деца и може да бидат дополнително опоменувани од возрасниот, додека пак децата со пречки во развојот се уште позапоставени од останатите деца. Отсуствува емотивната врска на детето со мајката или со релевантна личност која се грижи за детето, во средина која имитира семејно окружување, како клучен аспект за хармоничниот развој на секое дете. И во досиејата на децата отсуствува соодветна документација за времетраењето на нивното згрижување во Установата. Кога се испишуваат од Установата, не им се доставува на родителите кои ги посвојуваат пишана ,,историја“ за децата како основа за градење на нивната иднина, меморија и идентитет.

РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО, МЕСТОТО И ПРИОДОТ КОН ГРИЖАТА ЗА КОРИСНИЦИТЕ. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Општа цел: Евалуацијата на трансформираната грижа за корисниците на услуги што ги обезбедува Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола, имплицираше две цели, и тоа:

проценка на соодветноста на грижата и заштита на децата без родители и родителска грижа[86]во класични, востановени услови на работа на Установата и

проценка на ефективноста и ефикасноста на реорганизираната работа на Установата, или современ и модерен приод од аспект на организирање на времето, местото и приодот кон грижата за децата сместени во Установата.

Во евалуацијата на целите, Установата ја постави како *методолошка матрица* (курзивот е мој) содржината за неопходноста на познавање човечкиот (детски) развој од страна на возрасните лица во неа, пред сè тие кои непосредно се вклучени во работата со децата, што значи негувателите (медицински сестри) и стручните работници-координатори на Портиџ програмата за рана едукација и стимулација на деца во социјален ризик (психолог, лекар, педагог, социјален работник, воспитувач). Споменатата методолошка матрица упатува на тоа дека лицата кои работат со деца кои се изделени од својата примарна и природна средина- семејството, и се опфатени со институционалната заштита, или се згрижени во друго семејство, мора да бидат обучени, делумно или потполно (зависно од нивната улога во семејната група) да го познаваат развојот на детето, да го препознаваат застојот во детскиот развој, да ја разбираат природата на застојот, како и реагирањето и однесувањето на детето како последица на застојот, и

[86] Дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности (Закон за семејството, Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 157/2008, 67/2010,156/2010, 39/2012,44/2012,38/2014,115/2014).

најважно од сѐ, да поседуваат вештини и знаења (компетенции) со кои ќе придонесат детето да го надмине застојот во сопствениот развој.

Специфичните цели се поврзани со одговорите на следните аспекти на евалуација: Планирање, цели, содржина, организација и методологија на активностите кои треба да се развијат со децата, или целосна оптимизација на времето кога децата се будни.

Користење на времето за исхрана, лична хигиена, менување на пелени итн. како моменти во кои детето може да ужива преку игра, растење и учење.
Реорганизација на одделите и критериуми за групирање на децата по оддели.
Реорганизација на просторот за задоволување на потребите на децата.
Ревидирање на улогата на секој клучен работник (негувателка) за работа на поодделни случаи, индивидуална грижа, следење на детето и преземање мерки за неговиот развој.
Создавање на индивидуална приказна за секое дете, заради неговата идна меморија и идентитет и заради следење на развојот на детето.
Набљудување на детето како инструмент за евалуација на ефикасноста и соодветноста на однесувањето на возрасните, од една страна, и спознавањето на потенцијалите и потребите на детето, од друга страна.

АНАЛИЗА НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА НИВО НА ВРАБОТЕН И НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА

Грижливата возрасна личност е секогаш присутна и достапна, подготвена да ги задоволи индивидуалните потреби на детето, да даде поддршка на неговиот раст и развој, па со тоа да го постави детето на сигурна подлога за понатамошен развој. Вработените во Установата мора да поседуваат компетенции да работат на методологија на управување со случај, мора да ја засилат индивидуалната одговорност, и воопшто Установата мора да развие одговорност да функционира како безбедно место за живеење на секое вдомено дете, да обезбеди квалификувано прифаќање, преку преземање грижа за малолетното лице во заштитена средина којашто е способна да му даде поддршка на лицето и да одговори на сите негови развојни потреби. Установата мора да обезбеди достигнување ниво на самостојност на корисникот што потоа ќе овозможи негово одговорно интегрирање во социјалната средина.

На патот на прогресивна трансформација на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола, се подигна капацитетот на стручните работници за реализирање на програми кои опфаќаат подготовка на корисниците за излегување од Установата и нивно враќање во биолошкото семејство или опфаќање со некоја од формите на вонинституционалната заштита, преку учество во обуки и едукации. Фокусот на проблемот се постави на основните аспекти на поддршка на децата, врз база на претходно набљудување, аспекти кои се гледаат како проблематични и има потреба од работа врз нив како приоритет. Токму во таа насока на задоволување на базичните аспекти на поддршка, се создаде мрежа на разновидни услуги во Установата во соработка со локалната заедница. Од здравствениот сектор се вклучија педијатри, детски невролог, невропсихијатар, ортопед, специјален едукатор (дефектолог), терапевт за рехабилитација (логопед, физиотерапевт) и др. Од центрите за социјална работа се вклучија професионални лица кои работат на старателство на деца без родители и родителска грижа. Од секторот за детска заштита се вклучија градинките со прифаќање на поголемите дечиња во воспитниот процес. Се реализира соработка и со приватни игротеки, во рамките на кои дечињата се вклучуваа во забавни и едукативни активности неколкупати седмично.

Се реорганизираа бебешките и детски групи во Установата за подобро да се одговори на афективните и развојни потреби на децата, со вклучување на што е можно повеќе професионални лица однадвор, од институциите на локалната заедница. Секојдневно се имплементираат планирани едукативно-стимулативни активности за поддршка на природниот развој на децата, со фокусирање на областите на социјализација, самопомош, јазик, когнитивен развој и моторика. Секојдневно се набљудува психофизичаката состојба на децата за превенција и рана идентификација на развојот и развојните проблеми. Се активираат позасилени интервенции за поддршка на децата со посебни потреби, особено оние со недостаток или задоцнување во развојот, со употреба на локалните мрежни служби, пред сè од здравствениот сектор.

Континуирано се работи на разбивање на институционалниот концепт на грижа и се развива моделот на поврзување на детето со релевантна возрасна личност со цел градење на довербата и самодовербата на децата.Се гради врска на реципроцитет која значи дека детето како партнер во таа врска свесно и активно учествува; се развива грижа за децата заснована на гестови, погледи, гласови, активности на возрасниот, а се избегнува немата механичка активност насочена кон детето како објект.

Во новиот простор се развива слобода на движење кај детето којашто гарантира солиден развој во согласност со неговиот индивидуален ритам, детето се остава спонтано да ги развива своите можности, а не присилно. Се воспостави редовна примена на позитивната практика дека ниедно дете не треба да е в кревет штом е будно; се материјализираат добрите намери на возрасните преку акции: држење на детето в раце, хранење на детето в раце, грижа за личната хигиена на детето којашто е многу важна за градењето на врска помеѓу детето и возрасниот, се засили вербалната комуникација на возрасните кои се грижат за децата почнувајќи од најраната возраст на детето. Задоволувањето на потребите за храна и хигиена на детето се востановија како позитивна практика во согласност со општите стандарди кои ги вклучуваат возраста, квалитетот на храната, видот на храната, начинот на хранење, начинот на менување на пелени, начинот на капење на детето, што за последица има уредно телесно и ментално здравје на секое дете. Посебно внимание се обрнува на надворешниот изглед на детето, уредноста на облеката, обувките, со што се покажува почитување на личноста на детето.

Се обновија знаењата од Портиџ програмата за стимулација на деца, Меѓународната ICDP програма за развој на децата, принципите и инструментите за проценка и систематски преглед, методологијата на управување со случај. Се почитува и применува правото на лична ,,животна сторија“ за секое дете, со забелешки, релевантни факти поврзани со неговиот живот во Установата, придружено со слики, со цел градење на идната меморија на детето. Таканаречената ,,радосница“, еден многу функционален пишан документ управуван од именуваните стручни работници, кој во себе ги содржи сите поважни моменти во животот на детето за време на резиденцијалниот престој, сè до неговото напуштање на Установата им се врачува на потенцијалните посвоители/ биолошки родители/ згрижувачи, сè со цел да не постои ,,црна дупка во сеќавањето на детето при ретроспективата на најраната возраст од животот.

Се подобри мрежата на семејства за поддршка, волонтери, студенти и ученици-практиканти, како и други локални служби кои може да соработуваат со Установата со цел да се подобри грижата за здомените деца од различни гледни точки и да се направи институционализацијата пофлексибилна и поотворена. Редовно се планира ,,времето на детето“ со цел избегнување стеротипност и хаотичност во настапот; се планираат прошетки кои мора да се почести во текот на седмицата, освен од објективна спреченост. Редовно се планира времето на медицинските сестри во делот што не е посветен на негата и исхраната на децата; дури и сосема опуштено седење во занималните мора да се искористи за да се воспостави близина со децата, со галење, насмевнување, едноставно воспоставување контакт. Од страна на возрасните се испорачуваат специфични афирмации (потврдни пораки) со поглед, збор и гест кон децата, понудени како подарок, со зборови, отпеани или одглумени. ,,Ќе го направам она што треба, само за да ме забележиш“. ,,Можеш да се потпреш на мене“. ,,Ќе водам сметка и за тебе и за себеси“. ,,Ќе те поддржувам во сознавањето на сето она што сакаш да го сознаеш додека растеш“. ,,Лесно е тебе човек да те сака таков/таква, каков/каква што си!“

ЗАКЛУЧОК

Општ е впечатокот дека кога се зборува за институционалната заштита, секогаш се утврдува потребата од подобрување квалитетот на услугите кои ги добиваат корисниците сместени во институцијата, унапредување на стручната работа со корисниците на услугите, реорганизација на просторот, времето и приодот на грижа кон корисниците со цел засилување нивото на индивидуална поддршка. ,,Се добива впечаток дека во процесот на деинституционализација и фокусирање кон развивање на вонинституционалните облици на заштита, се занемарува вложувањето во институционалната заштита, која како последно прибежиште е неопходен составен елемент на системот на социјална заштита” (МТСП: 2010; 15). Се сложувам со општо потврденото правило дека семејната средина е природната средина во којашто децата треба да живеат, да растат и да се развиваат, ја поддржувам прифатената позитивна практика децата коишто се нашле во социјален ризик да се сместуваат во вонинституционални облици на заштита, како и тоа дека надлежните институции мора засилено да работат на откривањето и отворањето нови такви, ама сепак сосема реално го прифаќам и ставот дека помеѓу сето тоа ,,подобрувањето на квалитетот на услугите во установите, хуманизацијата на условите за живот и трансформацијата на постоечките и воспоставување на нови современи облици на институционална заштита со значително помал капацитет отколку постоечките масовни институции, се клучните предизвици во овој домен" (2010; 15).

Институционализацијата е проблем во многу европски земји настанат како резултат на поранешниот поинаков став спрема децата. Сега тој тренд се ревидира и децата мора да се враќаат таму каде што припаѓаат- во семејствата. Паралелно со спроведувањето на акцискиот план за деинституционализација на услугите за децата и лицата со инвалидитет чиишто круцијални чекори се запирање изградбата на нови установи, ширење алтернативни облици во пружање на социјалните услуги и пред сè намалување бројот на корисници сместени во установите за социјална заштита, многу е важно на корисниците да им се пружаат услугите во заедниците во кои тие живеат, значи на локално ниво, односно да се изгради стратегија на децентрализација на социјалните услуги поттикнувајќи ја соработката со локалната заедница во пружање на услугите и сл.

Трансформацијата на резиденцијалните установи за деца и развивањето одржливи алтернативи е целта кон која се стремат сите релевантни и вклучени фактори во процесот на деинституционализација, на институционално ниво, како и на ниво на НВО, во тесна соработка со УНИЦЕФ (еден од придвижувачите на првичниот проект за трансформација на резиденцијалните установи за деца, со континуирана поддршка до ден денес), сè со цел во системот на заштита на децата да се пронајдат решенија коишто на оптимален начин ќе ги задоволат потребите на најранливите групи деца, а во склад со стратегискиот развој на социјалната заштита во Р. Македонија и пошироко во регионот.

Владина волја за ваквите промени евидентно постои, но подготвеноста за промена мора да се случува и на други нивоа- помеѓу професионалците на сите нивоа во системот.

ЛИТЕРАТУРА

1) ЦИРа (2008): Обука вештини за раководители (21-22 февруари), Велес.

2) МТСП (2008): Национална стратегија за деиснтиуционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија (2008-2018)
3) МТСП (2010): Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, Скопје.
4) Програма за работа на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца-Битола (2007-2014), Битола.

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРАТЕГИЈАТА СО ФОКУС НА НА АДАПТИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Доц. д-р Силвана Пашовска, АВРМ

доцент во насловно звање на Економски факултет Штип,
s_pasovska@yahoo.com

Д-р Трајко Мицески, редовен професор

Универзитет Гоце Делчев-Штип,Економски факултет Штип,
trajko.miceski@ugd.edu.mk

УДК: 005.72:005.21

АПСТРАКТ

При имплеменацијата организациската стратегијата, посебно внимание треба да се обрне кон адаптирање на организациската структура, која би можела да ја носи соодветната стратегија.

Секоја организација, мора да ја адаптира својата организациска структура со цел да обезбеди правилно извршуваање на стратегијата преку правилна координација, одвивање и контрола на севкупното работење како на сите пооделни делови така и на ниво на целата организација . Така на пример, кај организациите каде што постојат повеќе нивоа на организациска структура, за правилно извршување на нивните пооделни стратегиите се неопходни промени со цел на заедничко извршување на заедничката организациска стратегија.

Само така да се постигне конкурентнска предност и успешни деловни резултати.

Во трудот ке бидат прикажани размислувањата за адаптирање поволна организациска структура, како и резултатите на извршените емпириски истражувања во некои фирми на ова поднебје.

Клучни зборови: стратегија, структура, извршување, резултати, конкуретност.

IMPLEMENTATION OF ORGANIZATIONAL STRATEGY WITH A FOCUS ON THE ADAPTATION OF ORGANIZATIONAL STRUCTURE

Silvana Pashovska, Ph.D.

The Employment Agency of Republic of Macedonia
elected docent at the University "Goce Delchev" – Stip
s_pasovska@yahoo.com

Trajko Micevski, Ph.D.

professor at the University "Goce Delcev" – Stip
trajko.miceski@ugd.edu.mk

UDK: 005.72:005.21

ABSTRACT

To implement the organizational strategy, special attention should be paid attention to organizational structure, which can be the base for the appropriate strategy.

Every organization should adapt its organizational structure, in order to ensure and accomplish the strategy, with appropriate coordination, execution and control of the separate parts and the entire organizational structure. Thus, in organizations with multiple levels of organizational structure, for the proper accomplishment of the separate strategies the joints of common organizational strategies are necessary.

This is the only way to achieve competitive advantage and successful business results.

In this work consideration to adapt favorable organizational structure as well the results of empirical researches in some companies in this area will be presented.

Keywords: strategy, structure, accomplishment, results, competitiveness.

АДАПТИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Секоја организација, без разлика на нејзината големина, при имплементирањето на нова стратегија, мора да ја приспособи својата организациска структура со цел да обезбеди: делотворност, координација, насоки и контрола, како на извршувањето на стратегијата, така и на самото работење на организацијата.

Организациската структура претставува систем на односи кои се формално пропишани или неформално развиени кои ги водат активностите на луѓето кои работат заедно[87]. Таа претставува: збир на формални задачи доделени на поединци и одделенија, формални односи на известувања, вклучувајќи линии на авторитет, одговорност за одлуки, број на хиерархиски нивоа и распон на менаџерска контрола, групирање на поединците во сектори или департмани, департманите во дивизии или поголеми единици кои пак заедно ја формираат организацијата, дизајн на системи за да се обезбеди ефективна координација и комуникација на вработените низ департманите.[88]

Според тоа, организациската структура е рамката во која организацијата дефинира како се поделени задачите, како се употребени ресурсите и како се координирани департманите[89].

Менаџерите секогаш треба да се трудат да ја дизајнираат организациската структура, при тоа, водејќи сметка за факторите и условите кои имаат најголемо влијание.

Организациската структура не е случаен избор, не е резултат на среќа ниту инерција на историски зададена форма[90]. Туку таа се дизајнира во согласност со промените, кои наметнуваат врз основа на влијание на различните факори од екстерното и интерното окружување. Не постои универзален модел на организациска структура кој треба да го применуваат сите организации. Секоја организација во зависност од многу внатрешни и надворешни чинители сама ќе ја дизајнира организациската структура, при тоа водејќи сметка таа да ја следи стратегијата и да помогне во нејзиното успешно имплементирање.

При дизајнирањето на организациската структура потребно е да се се задоволаат следниве неопходни барања:

1) Структурата мора да соодејствува со големината, функцијата и географската локација на организацијата.
2) Структурата мора да обезбеди ефикасно и ефективно реализирање на организациските цели .

[87] Шуклев, Бобек ;(1999); Менаџмент ,трето издание, Економски факултет – Скопје стр.183
[88] Child, John,(1984); Organization: A guide to problem and practice second edition by Harper & Row Ltd London
[89] Richard L.Daft, (2008) Менаџмент,осмо издание,Универзитет Вандербилт,Thomson,South-Westernp.308
[90] Мицески,Трајче (2009) Менаџмент , УГД –Економски Факултте-Штип стр.93

3) Структурата треба да ги почитува барањата на екстерното окружување и моѓностите на интерното окружување.
4) Структурата треба да обезбеди ефикасна и делотворна употреба на сите расположливи ресурси.
5) Структурата мора јасно да ја алоцира одговорноста на сите функции и задачи.
6) Структурата треба да потикнува за рационално искористување на искуството, специјализираните знаења и квалификации на вработените, кадрите и менаџерите при извршувањето на работните задачи и правилно одлучување.
7) Структурата мора да биде флексибилна, односно лесно адаптибилна на промените во интерното и екстерното окружување.
8) Структурата треба да обезбеди ефикасен информационен систем и комуникација.
9) Структурата треба да биде атрактивна за привлекување на способни кадри.

Водејќи се од овие практични преференции, секој менаџер мора внимателно да ја дизајнира организациската структура. Дизајнирањето на соодветна организациска структура, бара детална анализа на сите организациски аспекти кои ќе водат кон остварување на целите. Добро дизајнирана организациска структура и усогласена со стратегијата обезбедува несметано остварување на организациските цели.

СОВРЕМЕНИ ПРИСТАПИ НА ПРОМЕНИ ВО ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА

Организациската структура е важен сегмент за успешно функционирање на една организација, но таа не мора еднаш за секогаш да е дадена. Во услови на развој на високо конкурентна глобална економија, со брзи и непредвидливи промени, менаџерите мора да размислуваат потемелно за дизајнирањето на организацијата, да спроведуваат промени за да се опстане во светот на бизнисот. Во зависност од комплексноста, разновидноста и специфичоста на целите и способноста да се менува или прилагодува на промените во окружувањето, организациската структура мора да се поставува на функционален начин. Во литературата постојат многу модели на процеси на организациска трансформација кои опфаќаат промени во организациската структура. Најпознати пристапи на промени во организациската структура се: *реорганизација или рестуктуирање, реинжинеринг и намалување (downsizing)*

Реорганизацијата претставува преуредување на организацијата со цел да се подобри ефикасноста на работењето. Таа опфаќа парцијални организациски активности во поголем или помал обем, насочени кон одредени димензии на организациската структура . Со други зборови, реорганизацијата подразбира промени или подобрувања на постоечката организациска структура, односно промени во организацискиот модел на едно претпријатие. Промените најчесто опфаќаат спојување или раздвојување на две или повеќе организациски единици, укинување на постоечки или воведување на нови организациски единици, формирање проектни тимови за реализација одредени задачи, промени во распонот на контрола и сл.Постојат два типа реорганизација: дефанзивна реорганизација и стратешка реорганизација. *Дефанзивната реорганизација* е всушност делумна реорганизација која се спроведува брзо и трае кратко, а опфаќа намалување на бројот на вработени со отпуштање и финансиска санација. *Стратешката реорганизација* е целосна реорганизација која трае подолго време, пословена е и опфаќа активности поврзани со управување на човечките ресурси, вложување во нови проекти, производи , пазари.

Реинжинерингот е понов концепт на организациска трансформација, кој предвидува воведување на радикални промени кои вклучуваат нов организациски дизајн и нов лик на организацијата во целина со цел да се подобри целокупното работење. На овој начин сака да се постигне прекин на континуитетот на воспоставените правила и процедури кои се развивале подолг период и како такви се составен дел на организацијата. Реинжинерингот всушност претставува редизајн на процесите, процедурите и правила на работење кои порано не биле доведувани во прашање и биле прифатени такви какви што се. Со други зборови, реинжинерингот не е подобрување на постоечкиот модел на организирање, туку комплетна промена и воведување на сосема нов модел кој опфаќа промени во структурата, културата и технологијата. Реинжинеринот базично значи да се земе пристап на чиста табла , што значи да се тргнат на страна сите мисли за тоа што се работи сега, и да се гледа како најдобро може да се дизајнира работата во иднина. [91]

Намалување или downsizing е специфичен облик на организациска промена и трансформација кај кој се врши намалување на големината на организацијата поради прилагодување на работењето при настанати тешкотии. Целта на оваа активност е да се намали организацијата во големина, но притоа да се направи здраво јадро кое може да оствари позитивни ефекти и да се спаси организацијата од пропаѓање. Она што е карактеристично за организациската структура при намалувањето како пристап е добивање на порамна , посплескана структура со помала хиерахија, флексибилна структура која лесно се прилагодува на промените. Методите на downsizing кои се применуваат во пракса се :

- намалување на бројот на менаџерски нивоа ;
- намалување на бројот на вработени со отпуштање ;
- укинување на специјализирани функции ;
- привремено пензионирање и доброволни замени ;
- стеснување на производните програми.

Според методите кои се применуваат во пракса се разликуваат три вида на downsizing стратегии :[92]

- *стратегија на редукција на бројот на вработени* која подразбира користење на различни механизми за намалување на работната сила во претпријатие предвремено пензионирање, трансфери и преместувања а во одредени случаеви и отпуштање и прогласување технолошки вишок.
- *стратегија на организациски редизајн* чиј што фокус е да се намали обемот на работа но не и бројот на вработени. Опфаќа активности на елиминација на функции, хиерархиски нивоа, групи или дивизиии, производи. Ваквата нова структура може да биде далеку поефикасна поради нејзината едноставност.

[91] Ѓорѓијовски,Благоја; Бојаџиоски Димитар;(2003), Теорија на организација, Економски факултет- Скопје стр.404

[92] Tissen, R., Andriesen, D., Deprez, F.L., *Dividenda znanja* (prevod sa engleskog), Adižes, Novi Sad, 2006. според Mašić,B STRATEGIJSKI MENADŽMENT;Noviji koncepti i pristupi u strategijskom menadžmentu:,Univerzitet Singidunum,Beograd str.496

Системска стратегија која се разликува од претходни две стратегии бидејќи таа опфаќа промени во организациската култура , ставовите и вредностите на вработените. Оваа стратегија подразбира поедноставување на сите аспекти на организацијата, целиот систем. Бидејќи оваа стратегија зазема долгорочна перспектива , може да се случи да се видат веднаш подобрувањата како што може тоа да се види при стратегијата на намалување на вработените.

Сепак овие три downsizing стратегии не се исклучуваат меѓусебно. Тоа значи дека било која статегија да се применува може да се комбинира со останатите две со цел да се добијат подобри резултати.

МЕЃУСЕБНАТА УСЛОВЕНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА И СТРАТЕГИЈА

За да може една организација успешно да ја имплементира својата организациска стратегија мора да посвети внимание на тоа како е структуирана. Организациската структура покажува како се поделени работните активности , како се групираат во организациски единици и како воспоставуваат механизми на координација за да се остварат целите. Затоа уште во процесот на дефинирање на стратегијата треба да се води сметка за тоа дека структурата на организацијата може да ја олесни или отежне нејзината имплементација. Врската помеѓу организациската стратегија и структура односно нивната меѓусебна условеност била предмет на истражувања на многу познати автори.

Алфред Чендлер, професор на Харвард, го предлага едно од фундаменталните правила во стратегискиот менаџмент “ако структурата не ја следи стратегијата ќе има неефикасни резултати” или пократко “ структурата ја следи стратегијата “. Според тоа логички е да се заклучи дека структурата треба да одговара на стратегијата , но и дека структурата е во подредена положба во однос на стратегијата, таа се формира откако се донесени главните стратегиски одлуки. Но сепак, според одредени автори ваквиот став сериозно ја потценува улогата на структурата, па затоа понекогаш и стратегијата ја прати структурата.

Правилото што го поставил Чендлер базира на историските истражувања на познати американски компании како Џенерал Моторс, Ексон и Ди Пот. Тој во анализите на овие компании пример во Ди Пот, увидел дека проблемите со намалените перформанси во стратегиите се резултат на несоодветните структури. Затоа решението на проблемот не бил да се напуштат постоечките стратегии туку да се пристапи на нова организациска структура од функционална во мултидивизионална.[93] Понатаму ако настанат промени во стратегијата, неопходно ќе биде да се направат и промени во структурата т.е потврдил дека структурата ја следи стратегијата. Д.Хал и М.Саиас ја потврдија поврзаноста на структурата и стратегијата но нагласија дека условеноста е во обратна насока. [94] Веќе воспоставената организациска структура многу повеќе ги детерминира видовите на стратегиски можности што ги разгледува и избира менаџментот и структурата може да биде ограничувачки фактор за изборот на стратегијата . На пример, многу е лесно за компанија со децентрализирана мултидивизионална структура да прифати стратегија на аквизиција . Од друга страна на мултивизионална структура е потешко да се согледаат можности за иновации и знаење. Со други зборови, структурата ја обликува стратегијата. Во истиот контекст Хенри Миндзбер заклучил дека “структурата ја следи стратегијата како што левата нога ја следи десната”.[95] Стратегијата и структурата се поврзани реципрочно не само еднонасочно.

УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА И СТРАТЕГИЈА

Стратегиското одлучување има за цел да ја подобри стратегиската позиција на претпријатието во догледна иднина иницирајќи акции во сегашноста. Стратегиските одлуки мораат да бидат донесени врз база на внимателна анализа и знаења во подрачјата на делување. Структурата е клучен елемент при одредување на стратегиската позиција имајќи го предвид потенцијалот на организацијата. Веќе споменавме дека меѓусебната поврзаност на стратегијата и структурата е неспорна и таа тргнува од различни појдовни точки; структурата ја следи стратегијата , структурата ја ограничува стратегијата, или тие се во реципрочна врска. Како и да е, стратегијата и структурата мора да бидат усогласени за една компанија

[93] Johnson, Gerry,; Scholes ,Kevan, Whittington, Richard;(2008) Exploring corporate strategy, Person Education Limited,p.466

[94] D.J. Hall and M.A. Saias, (1980), ‘Strategy follows structure!’, *Strategic Management Journal*, vol. 1, no. 2 pp. 149–163.

[95] H. Mintzberg, (1990 ‘The Design School: reconsidering the basic premises of strategic management’, *Strategic Management Journal*, vol. 11), pp. 171–195.

да ги оствари поставените мисија и цели. Се смета дека треба да се создава интерна организациска структура околу критичните фактори за успех и клучни задачи, со кои ќе се реализира стратегијата на претпријатието. Усогласувањето на структурата со стратегијата се одвива во пет етапи [96]:

потребно е најпрво да се укаже на клучните фукнции и задачи потребни за спроведување на стратегијата ;
оценување кои се функциите и задачите кои се критични за успехот на стратегијата,а кои може да имаат советодавен карактер ;
настојување стратегиските критични функции и единици да станат главни блокови во организацијата ;
одредување кој степен на авторитет ќе биде потребен за да се раководи со секоја организациона единица ,имајќи ги предвид користите и трошоците од децентрализираното одлучување ;
обезбедување на потребно ниво на координација помеѓу организационите единици.

Понекогаш усогласувањето на структурата со стратегијата ќе бара реинжинеринг или рестуктуирање. Сепак , треба да се има предвид дека во одредени случаеви ни со промени во структурата , нема да се постигне посакуваното усогласување со стратегијата, па во таков случај може да се јави потреба од преиспитување на формулирана стратегија. Со еден збор, целта е да се усогласат овие две важни димензии на организацијата, а начинот како тоа ќе се направи ќе зависи од умешноста на стратегискиот менаџер.

Може да се заклучи дека организациската структура не може да се планира без познавање на стратегијата, како и дека нема ефикасна стратегија без адекватна организациска структура.

[96] Milisavlevic,M; (1996) Strategijski mendzment; Megatrend- Beograd str.197

Табела 1. Одговори на анкетен прашалник

Table 1.Questionairre responses

Прашања / Questions	Понудени одговори / Answer Options	Одговори / Answers			
		Менаџери / Managers		Вработени / Employees	
		резултат / results	%	резултат / results	%
1. Дали во Вашата организацијата се креира и имплементира организациска структура во согласност со стратегијата за развој?	Да Не Не знам	23 7 4		40 12 72	
	Вкупно / Total	34	100	124	100
1. Дали сметате дека Вашата организација има добра организациска структура ?	Да Не Не знам, не сум сигурен	25 5 4		45 16 63	
	Вкупно / Total	34	100	124	100

ЗАКЛУЧОК

Организациската структура е важен сегмент за успешно функционирање на една организација, но таа не мора еднаш за секогаш да е дадена. Во услови на развој на високо конкурентна глобална економија, со брзи и непредвидливи промени, менаџерите мора да размислуваат потемелно за дизајнирањето на организацијата, да спроведуваат промени за да се опстане во светот на бизнисот. Во зависност од комплексноста, разновидноста и специфичноста на целитеспособноста да се менува или прилагодува на промените во окружувањето,организациската структура мора да се поставува на функционален начин.Организациската структура покажува како се поделени работните активности , како се групираат во организациски единици и како воспоставуваат механизми на координација за да се остварат целите. Затоа уште во процесот на дефинирање на стратегијата треба да се води сметка за тоа дека структурата на организацијата може да ја олесни или отежне нејзината имплементација.Стратегиските одлуки мораат да бидат донесени врз база на внимателна анализа и знаења во подрачјата на делување. Структурата е клучен елемент при одредување на стратегиската позиција имајќи го предвид потенцијалот на организацијата. Меѓусебната поврзаност на стратегијата и структурата е неспорна и таа тргнува од различни појдовни точки, структурата ја следи стратегијата , структурата ја ограничува стратегијата, или тие се во реципрочна врска. Како и да е, стратегијата и структурата мора да бидат усогласени за една компанија да ги оствари поставените мисија и цели.

ЛИТЕРАТУРА

1) Englewood C. and A. Vallstelos (2000) Marketing High-Technology: Preparetion, Targeting, Execution, Business Horizons,
2) Gilmor H. J. and B. J. Pyne II (1997), The Four Buses of Mass Customization, Harvard Business Review, Journal - February. Sawhney S. N. (1998), Planning for Product Platforms, Sloan Management Review, Summer.
3) Lahman R. D. (1998) Customer Reaction to Variety: Too Much of a Good Thing?, Journal of Academy of Marketing Science, No. 1.
4) Lampel J. and H. Mintzberg (1998), Customizing Costomizzation, Sloan Management, Review, Fall.
5) Lahman R. D. (1998) Customer Reaction to Variety: Too Much of a Good Thing?, Journal of Academy of Marketing Science, No. 1.
6) Pinell J. B. (1993), Mass Customization: The New Frontier in Business Competition, Harvard Business School Press, Boston.
7) Rao R. V. and J. H. Steckel (1998), Analysis for Strategic Marketing, Addison-Wesley, Reading, Mass
8) Piercey F. N. (1998), Marketing Implementation: the Implication of Marketing Paradigm Weakness for Strategy Execution Process, Journal of the Academy of Marketing Science, No. 3.
9) Мицески.Т, Стратегиски марктинг, (2012) УГД, Економски факултет-Штип.

10) Shocker D. A. et al. (2004), Product Complements and Substitutes in the Real World: The Relevance of "Other Products", Journal of Marketing, January.
11) Terpstra V. and R. Sarathy (1997), International Marketing, seventh edition, The Dryden Press, Forth Worth.
12) Waggoner R. (1999), Have You Made a Wrong Turn in Your Approach to Market, Journal of Business Strategy, November-December.

ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА КОНКУРЕНТОСТ

Виш пред. д-р Тони Соклевски

Бизнис академија Смилевски- БАС, Скопје
sokle2000@yahoo.com

УДК: 005.3

АПСТРАКТ

Структуираните и ефикасно поставени оперативни процеси значително ги подобруваат работните перформанси, ја подобруваат продуктивноста и другите економски показатели на работењето и помагаат во процесот на донесувањето на одлуки во организацијата.

Ефективниот оперативен менаџмент обезбедува најоптимални организациски решенија на предизвиците и проблемите во организациската технологија, условите на работните места, квалитетна организациска изведба и е извор на нови иновации во оперативните процеси.

Ефикасно организираниот оперативен процес обезбедува: подобар квалитет, зголемена флексибилност, доверливост, пониски трошоци и пониски цени на производите или услугите. Сето ова ги прави организациите многу поконкурентни.

Клучни зборови: оперативни процеси, организациска конкурентност.

THE OPERATIONS PROCESSES AND ORGANIZATIONAL COMPETITIVENESS

Senior lecturer Toni Soklevski, Ph.D.

Business academy Smilevski – BAS, Skopje
sokle2000@yahoo.com

UDK: 005.3

ABSTRACT

Structured and effective placed of operations processes significantly improve operating performance, improve productivity and other economic indicators of performance and are helping in the decision making in the organization.

The effective operations management provides the most optimal solutions to organizational challenges and problems in organizational technology, improve conditions in the workplace, affect the organizational performance and is a source of new innovations in operational processes.

Efficiently organized operations process provides: better quality, increased flexibility, reliability, lower costs and lower prices of products or services. This makes them much more competitive organizations.

Keywords: operations processes, organizational competitivenes.

ВОВЕД

Дизајнот на оперативните процеси и менаџирањето со нив, непосредно и директно се поврзани со развојот на нови и подобрувањето на постојните производи или услуги. За да се произведе нов или подобри постоен производ или услуга неопходен е дизајн на нов процес и соодветно менаџирање со него, што ако е ефикасен компанијата ќе биде чекор напред во однос на нејзината конкуренција. Иако можат да се пронајдат голем број на дефиниции за тоа што петставува “дизајн“, овде и во генерална смислана зборот, на дизајнот ќе се гледа како на креативен процес за развој и имплементација. Една од целите на дизајнот е да се осмислат соодветни фукционални, техничко – технолошки, а многу често и естетски фактори, што дизајнот го става во директна корелација со истражувањето, анализата, моделирањето и оптимизацијата и го дефинира како:

- дизајнот е еден од факторите кои во значителна мера влијаат врз продажбата на производот или услугата,
- дизајнот има влијание врз начинот на изведба на работата и врз успешноста.
- функционално дизајнираните процеси и системи може да имаат големо влијание врз процесите на одлучување.

Сосема е очигледно дека процесите на дизајн имаат големо значење и дека успешниот дизајн во функционално ориентираните домени зависи од истите компоненти кои влијаат и врз развојот на производите или услугите. (Соклевски, 2014: 58)

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражувањето: Дизајнот на оперативните процеси влијае врз видот и степенот на технологијата на процесот, а преку неа и врз конкурентноста на организациите во РМ. (сл.1)



Слика 1: Влијание на оперативните процеси врз конкурентноста на организациите

Од споменатото ситуирање на предметот на ова истражување можат да се изведат, следниве причинско-последични врски:

1) Дизајнот на оперативните процеси како независна варијабла влијае врз целите на изведба, кое пак имаат директно влијание врз квалитетот на организациската изведба;
2) Оперативниот менаџмент како примарна независна варијабла влијание врз креирањето на организациската изведба;
3) Преку организациската изведба ќе се мерат: ефикасноста, квалитетот, цената, доверливоста, флексибилноста и брзината.

На овој начин тековната организациска конкуретност (ТОК) ќе биде проценувана како резултанта на влијанието на оперативниот (ОМ) и надзорничкиот менаџмент (НМ) и преку влијанието на целите на изведба (ЦИ) врз организациската изведба.(ОИ)



Слика 2: Фактори на тековната организациска конкурентност

Или поконкретно зависните и независните варијабли се прикажани на следната слика3.



Слика 3: Зависни и независни варијабли

Во овој труд посебно се посвети внимание на алоцирањето на финансии од страна на водството на организациите во дизајнирање на процесите преку нова и современа технологија и директно подобрување на основните показатели, посебно на продуктивноста на работењето. (сл.4)

Слика 4: Влијание на финансиите врз основните показатели на работењето

РЕЗУЛТАТИ И НИВНА АНАЛИЗА

Во овој труд се дадени резултатите од вкупно опфатените 224 менаџери (40 топ, 80 линиски и 104 оперативни менаџери) од вкупно 40 организации во Република Македонија и тоа 20 од производствени дејности и 20 од услужни дејности.

Со посебно внимание на ова истражување се пријде на делот од групата на прашања и анализа за *раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на оперативните процеси преку современа технологогија како и максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста*.

Во фирмите со помалку од 30 вработени со секогаш одговориле 1, 10 со често и 4 со ретко; во фирмите со повеќе од 30 вработени со секогаш одговориле 197 и 12 со често;

Табела 1: Раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на операции, максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста

organizacija * odgovori Crosstabulation

			odgovori			
			sekogas	cesto	retko	Total
organizacija	pomalku od 30	Count	1	10	4	15
		Expected Count	13,3	1,5	,3	15,0
	poveke od 30	Count	197	12	0	209
		Expected Count	184,7	20,5	3,7	209,0
Total		Count	198	22	4	224
		Expected Count	198,0	22,0	4,0	224,0



<u>Графикон 1</u>: Раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на операции, максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста

Оперативните менаџери во малите претпријатија не секогаш одлучуваат за раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на операции, максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста, затоа што тоа кај нив го прават сопствениците или топ менаџерите. (Таб. 1 и 2)

<u>Табела 2:</u> Симетрички мерки за : Раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на оперативните процеси, максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста

Symmetric Measures

		Value	Asymp. Std. Error[a]	Approx. T[b]	Approx. Sig.
Interval by Interval	Pearson's R	-,733	,064	-16,068	,000[c]
Ordinal by Ordinal	Spearman Correlation	-,695	,076	-14,394	,000[c]
N of Valid Cases		224			

a. Not assuming the null hypothesis.

b. Using the asymptotic standard error assuming the null hypothesis.

c. Based on normal approximation.

Табела 3: [2] за: Раководење и координирање со финансиските и буџетските активности на организацијата со цел финансирање на оперативните процеси и новата технологија, максимизирање на инвестиции и зголемување на ефикасноста

Chi-Square Tests

	Value	df	Asymp. Sig. (2-sided)
Pearson Chi-Square	120,775[a]	2	,000
Likelihood Ratio	67,192	2	,000
Linear-by-Linear Association	119,900	1	,000
N of Valid Cases	224		

a. 3 cells (50,0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is ,27.

Ефикасно организираниот оперативен процес обезбедува: подобар квалитет, зголемена флексибилност, доверливост, пониски трошоци и пониски цени на производите или услугите. Сето ова ги прави организациите многу поконкурентни. Еве го рангот на влијание на оперативните процеси врз овие конкурентни фактори. (графикон 2)



Графикон 2: Влијание на оперативните процеси врз конкурентните фактори

Истражувањето потврди дека оперативните процеси подржани со современи технологии најмногу влијаат врз намалување на трошоците за производство и услуга, брзината на испорака, подобар квалитет и подобрување на флексибилноста и доверливоста како цели на изведба.

ЗАКЛУЧОК

Дизајнот на оперативните процеси е активност со која се дефинираат: физичката форма, обликот и состав на производите, услугите и процесите. Иако директната одговорност за дизајнирањето на производите и услугите може да не е дел од оперативната функција во некои организации, таа е од пресудно значење за другите оперативни активности. Стратегиски погледнато, дизајнирањето на процесите значи дизајнирање на цела низа меѓусебно зависни и поврзани операции кои обезбедуваат трансформација на ресурсите и задоволување на потребите на клиентите. На пониско ниво, оперативните менаџери го дизајнираат планот на изведба на процесите, избираат соодветна процесната технологија и персонал. (Соклевски, 2014:77)

Планирањето и контролата се активности на одлучување. Одлуките се однесуваат на трансформацијата на ресурсите и се поврзани со обезбедување со квалитет. Директна одговорност на сите оперативни менаџери е подобрувањето на изведбата на операцијата. Клучните одлуки поврзани со изведбата најчесто имаат превентивна улога и се однесуваат на превенирање на евентуалните можни грешки поврзани со изведбата на оперативните процеси.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Aquilano et al,(2001). Operations Management for Competitive Advantage, Chase, USA.
2) Nigel Slack, Stuart Chambers, Robetrh Johnson,(2004). Operations Management, Fouth edition, Prentice Hall, London.
3) Lee J. Krajewski and Larry P. Ritzman, (2007). Operations Management, Strategy and Analysis, Addison-Wesley Publishing Company, Reading. Massachusetts. (+ Fifth Edition, 1999)
4) Соклевски Тони, (2014). Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија (докторска дисертација), ИСППИ, Скопје.

СО ФОРМАЛНА ОБУКА КОН ПОКВАЛИТЕТНО РАБОТЕЊЕ И ПОВИСОКИ РЕЗУЛТАТИ

Нина Бајрактарова

студент на Економски факултет, Љубљана

Пред. м-р Елена Донева

Бизнис Академија Смилевски
elenadoneva1@gmail.com

УДК: 005.963.1

АПСТРАКТ

Учењето од формална обука е тип на учење кое денес станува се поактуелно пред се поради некои негови карактеристики како што е утврдување на конкретните потреби , добивање на непосредни инструкции од искусен реализатор за тие работни задачи и функции и постојаната контрола од реализаторот при постигнување на новите задачи потребни за новата работна функција.

Овој вид на учење преку формална обука доведува кон поуспешно завршување на работните задачи и активности од страна на учесникот со што се намалуваат трошоците што се прават при несоодветно и неквалитетно работење. Зголемувањето на квалитетното работење ја зголемува самодовербата на вработените, им се зголемува креативноста а со тоа се постигнуцваат и повисоки резултати во организацијата.

Клучни зборови: формална, обука, резултати, квалитет.

WITH FORMAL TRAINING TO BETTER PERFORMANCE AND BETTER RESULTS

Nina Bajraktarova

Student at Faculty of Economics, Ljubljana

Lecturer Elena Doneva, MA

Business Academy Smilevski
elenadoneva1@gmail.com

UDK: 005.963.1

ABSTRACT

Learning from formal training is a type of learning which is becoming more demanding these days, mainly because some of his characteristics as determining specific needs, getting direct instructions from an experienced implementer of those tasks and functions and constant control of the enforcer in achieving new tasks that are needed for the new operating function.

This kind of learning through formal training, leads to a successful completion of tasks and activities by the participant, thus it also reduces the costs done while inappropriate and poor quality of work. Increasing the quality of work, increases the confidence of employees, alters their creativity and helps them achieve higher results in the organization.

Keywords*:* formal training, results, quality.

ВОВЕД

Основен ресурс во секој процес на работењето во секоја организација се всушност луѓето и нивните способности со кои се остваруваат целите на организацијата. Нивната креативност, иновативност, мотивираност, информираност, особини со кои се разликуваат овие ресурси од сите други и ги прават посебни. Према тоа вработените претставуваат најважен ресурс во креирање на додатни вредности во претпpriратието.

За успешност во работењето потребно е воспитување и обучување на вработените кога тие се сеуште во училишните клупи со взаемната соработка на училиштата и компаниите. Кога вработените се во своите компании тие и тука се обучуваат за своите работни места.

Обучувањето се однесува на сите непосредни извршители, менаџерите на сите нивоа и на сите администативни работници.

Дури и највисоко образованиот професионален кадар во некој одреден временски период има потреба од обука. Во отсуство на цврста определена обука, вработените се изложени на различни неточни и нередовни учења на работните задачи. Вработените учат, а она што ќе го научат може да биде добро или добро до одредени граници. Вработените при работењето прават грешки кои видно се одразуваат или на времето кое го трошаат при работењето или во извршување на работната задача кое се одразува на самиот производ. Затоа потребно е да се воспостави структурно – систематски приод во обучувањето со кој се обезбедува период на инструкции од некој кој ја познава работата, изверзиран во техниката на обучување и успешно зане да го пренесе своето знаење на луѓето кои се обучуваат.

ФОРМАЛНА ОБУКА ВО КОМПАНИИТЕ

Само со организирана обука и систематско изведување на обучувањето од стручни лица гарантира дека работниците ќе се обучат на најдобар можен начин. Во поголемите компании обучувањето треба да ја извршуваат специјалисти одредени за обучување преку соодветни програми се со цел да се прикажат нештата, лицата што се обучуваат да имаат можност дирекно да учествуваат во процесот на работењето а не да се сведи само на раскажување и слушање.

Постојат повеќе типови на обука

1) Обука на самото работно место – овој тип на обука е наједноставен начин но во исто време и најефтин бидејќи обуката се случува на самото работно место па работникот во исто време и работи и се обучува.
2) Обука организирана надвор од фабриката – овој тип на обука се случува во слични или исти услови какви што имаме во фабриките но обучувањето се одвива надовор од организацијата и тоа организирано за поголем број на вработени.
3) Обука организирана од училиштата – овој тип на обука всушност се случува по програма која ја определуваат училиштата и организацијата за која се врши обуката.

4) Обука во вид на организирани курсеви – овој вид на обука се одвива надвор од организацијата, пред се предвидени за организирани курсеви кои опфаќаат странски јазици, компјутери, занаети, деловно работење и сл.
5) Обука за преквалификација – потребата од овој вид на обука се јавува како резултата на брзиот технолошки развој, усовременување на технолошкиот процес на работење, автоматизираното производство, комјутеризацијата. Новите современи машини и апарати кои секојденвно ги воведуваме во компаниите бараат од вработените дополнителна обука за да можаат да работат со нив.

Обуките можат да бидат:

1) Обуки во вид на предавања – добри се кога се применуваат за укажуавње на новитети во работењето при што се користат различни визуелни средства и помагала.
This research includes business organizations in Kosovo, wherein is reviewed method of change management and relation between the changes and conflict. Additionally, actualization of the issue of changes and their management in our country is also reviewed. The purpose of this paper is to consider change management theories, approaches to organizational changes and management of conflicts that arise as a result of constant changes in organization.

Another purpose is to analyze changes, level of changes and their impact in domestic business. From all theoretical and empirical finding would be provided sustainable recommendation.

Keywords: change management, transformation, organizational changes, conflicts.

INTRODUCTION

Environment in which business organization in 21st century operate is becoming more different, dynamic, dangerous, difficult and full of discontinuities. Changes are more frequent, complicate operations and require development of strong leadership. This paper analyses changes and their relation between conflicts, elaborates few change management theories.

Global economy creates more risk but also the challenges and opportunities for everyone, encourages organizations as well as people to make significant and dramatic improvements not only to be competitive but often to be sustainable. Hereby is presented a short research of changes and their impact in business organization in Kosovo.

Change is an ever-present feature of organizational life, both at an operational and strategic level (Burnes, 2004). Changes are constantly present in every moment of life and are very significant. Changes are seen always as something new. Some changes are controllable and some not. Can be both simple and complex, small and big. This is a time immemorial process and will continue to last.

Change management is becoming highly required managerial skill due to importance of organizational changes. Change managements according to Moran and Brightman (2001) has been defined as the process of continually renewing an organization's direction, structure and capabilities to serve the ever-changing needs of external and internal customers.

Occasionally, changes are followed by conflicts. Conflict is part of life. Stepping around it doesn't make it go away. The more we avoid conflict in business relationships, the more destructive it becomes. Conflicts (Schlesinger, Eccles and Gabarro (1983) arise due to wrong communication, different ways of work and approaches. There is no management without conflict.

Business owners need to become so comfortable with their skills for addressing interpersonal problems productively, that they actually welcome the opportunity conflict offers for change. With a good conflict-resolving system, business organization relationships become assets rather than liabilities, because they provide additional motivation for shared problem-solving.

Through this research is made possible to see the relation of changes that are accompanied by conflicts, which in some cases where construction, positive, manageable and controlled and in some destructive and with negative impact.

It's well known that moderate degree of conflict is unavoidable and good for a healthy business organization. A conflict-resolving system is essential for any business team (Kaye, 1996); and what is most important thing in business environment is that is necessary to turn conflict from destructive to constructive.

According to Kaye (1996), members of the business organizations must recognize when interpersonal problems are important, and must have the skills (and know that they have the skills) to resolve them together.

Another thing that stemmed from this research and that is worth mentioning is communication and trust that are closely connected with change management and conflict solution.

RESEARCH METHODOLOGY

Problem definition

The processes of globalization continues to accelerate faster development and changes in the following areas: technology, international economics integrations, transition of former socialist countries, and development of new economic giants.

The problem arises when changes become enormously fast, human mind and senses do not recognize them or recognize them too late, do not know cause and do not have optimal solution in given and new circumstances. To find the way to manage changes it's crucial to understand what the change are and what is causing the change.

Change can be defined as a movement out of a current state (how things are today), through a transition state and to a future state (how things will be done). Change can also be seen as a process or an act through which something becomes different[109]. For example, transition from traditional way of operating to modern, using internet and new technology

[109] http://www.oxforddictionaries.com/definition/english/change

for business development, changes in society as life style and tastes, government changes, changes in government policy etc.

The process where changes are introduced, understood, planned, implemented, controlled, communicated and managed is well known as change management. We can interpret change management as approach that is structured in order to ensure that changes are implemented and that expectations are achieved.

According to Burnes (2004) change management is not a distinct discipline with rigorous and defined boundaries, but more that the theory and practice of change management draws upon a number of social science disciplines and traditions. We have to bear in mind that *change is a process that must be carefully planned and executed.*

Collaboration within and between teams is an essential fact of organizational life in general and change management in particular.

Generally people are afraid from changes and fight against change, they feel insecure. All this fear and uncertainty causes stress that is increasing more and more along with change implementation. In business environment, people prefer unchanging and foreseeable workplace. They see change as something that present a threat for them. More stress means more conflict[110].

This is also quite tough situation, knowing the fact that generally people feel reserved about the changes especially for those with unknown, unclear or questionable goal.

In this situation especially where the fear is present, conflict is evitable. Constructive or destructive conflict depends on how we approach to the situation (Weisinger, 1985). It's very important to manage this kind of situation and turn destructive conflict into constructive with good communication and explanation of the change.

We define conflict as a disagreement through which the parties involved perceive a threat to their needs, interests or concerns.

[110] http://www.seattlebusinessmediation.com/wp-content/uploads/2013/08/Handling-Workplace-Conflict-During-Organizational-Change.pdf

Aims and objectives of paper

The purpose of this paper is to consider change management theories, approaches to organizational changes and management of conflicts that arise as a result of constant changes in organization.

Actualization of the issue of changes and their management in our country is also reviewed. This research includes business organizations in Kosovo, wherein is reviewed method of change management and relation between the changes and conflict.

In modern business environment can occur changes inside the organization and around its environment. Depending on the size, organization can manage and adapt the new changes. Changes can be political changes, technological, social, economic and financial, ecological etc. Changes and resistance to change is growing with the years, and cannot be stopped but can be controlled an manage to succeed in business

Sampling and Research instruments

Taking into account the specifics of this research are used different methods in order to achieve the principle of objectivity, reliability, generality and systematization.

The methods that are used in research are basic and technical methods of data collection. From basic methods are used analytical and synthetic methods, while technical methods of data collection are used content analyze and statistical method.

In this paper work is used random sample, while as population are used business organization in our country. As sample are used organizations that have met the following criteria:

1) Must be business organizations;
2) Must have more than 5 employees;
3) Have at least one manager.

In the research is included the whole territory of Republic of Kosovo, in order that sample should be representative. Will be surveyed 120 business organization.

In order to obtain more reliable results and to real data will be used questionnaire which consists 30 closed questions, six of them are general questions while 24 are directly related to the research goal.

RESULTS AND ANALYSIS

Based on the above, questionnaire consists 30 questions and all 120 respondent – business organizations answered the questions.

In terms of number of employees in business organization, there were different numbers that we divided in four categories: up to 10 employees, from 11 to 20 employees, from 21 to 50 employees and more than 50 employees. 31% of business organization had up to 10 employees, 43% had from 11 to 20 employees, 18% from 2 to 50 employees and only 8 business organization had more than 50 employees. 17% of respondent were head of sectors, 42% were departments’ manager, 9% were human resource manager and 32% general manager. 43% or 52 respondents were female and 57% or 68 were male.

Regarding the business type 28% of business organization were production business, 72% service providing business, while from all respondent business organizations 42% were small businesses, 39% medium business and 19% large businesses (enterprises). Another general question was related to the employees’ experience as a manager; in small business organization they had approximately 7.5 years, 8.7 years in medium organization and longer experience employees had in large business about 13.2 years of experience.

The second part of the questionnaire is related to the conflicts and change management. Here are presented some results of the questions related to organization performance.

On the question “Our organization is well managed”, 18% of respondents strongly disagree with that fact, 19% disagrees, 20% moderately agree, 29% agree and only 14% strongly agree. When we asked them about the vision of the managers for future of the business organization, 9% strongly disagree, 17% disagree, 13% moderately agree, 37% agree and 24% strongly agree; while about the question “Our organization has its mission” 8% strongly disagree, 17% disagree, 18% moderately agree, 31% agree and 26% totally agree.

When they were asked about the consistent with organization values 39% strongly agree, 23% agree, 17% moderately agree and 12% and 9% disagree and strongly disagree. About the “I have confidence in the decisions made by the business organization manager” 38% of the respondent moderately agree, 9% strongly disagree and 11% disagree, while 23% agree and 18% strongly agree.

Below in the Fig. 1 are presented some of the results related to the changes. On the question “Staff is not afraid from changes” 21% strongly disagree and 17% of them disagree – which means that they are afraid from changes, 27% of them moderately agree and 21% respectively 14% agree and strongly agree. Based on the answers, it’s concluded that most of changes are not planned (only 8% strongly agree with fact that changes are planned, while 23% and 25% strongly disagree respectively disagree).

When respondent where asked about the positive relation between conflicts and changes mostly of them (29%) either agree or disagree that changes cause a conflicts. changes are related to the conflicts was also another question for which 15% of respond answered that they strongly disagree and 17% disagree, while 32% is sort of escaping from an answer on this question said that they neither agree or disagree about this raised question and 14% of responded said that they agree or strongly agree that changes are related to the conflicts.



Figure 1. Changes and change management

When they were asked about the way of managing or resolving the conflicts 21% of responded said that managed is using modern management technics such as communication, negotiation (16% strongly agree, 24% agree. 26% neither and 17% strongly disagree respectfully disagree) and about communication or discussion as can be seen in the figure No. 2 above answers are very mixed; 14% strongly disagree and 24% disagree about the conflict discussion between the employees or management, 26% answered neutrally, while only 14% agree and then 22% strongly agree with that fact. It's very important to emphasize that 25% and 29% of responded said that they agree respectfully strongly disagree about analyzing the source of conflict that is maybe the most important thing in

conflict management (Deutsch, M. & Coleman, 2000).

Figure 2. Conflicts

CONCLUSIONS

These research findings briefly have presented the changes in organization and conflicts related to the changes. From above, it is concluded that managerial and leadership skills are crucial for change management that must be accompanied by successful planning process.

There are different model for change management, such as Kotter's 8 Step Change Model, Lewin's Change Management Model and McKinsey 7Ss model. The McKinsey 7Ss model is one that can be applied to almost any organizational or team effectiveness issue. If something within your organization or team isn't working, chances are there is inconsistency between some of the elements identified by this classic model. Once these inconsistencies are revealed, you can work to align the internal elements to make sure they are all contributing to the shared goals and values. While John Kotter's 8 step change model compromises eight steps. These steps are about creating climate for change, engaging and enabling the organization, implementing and sustaining change.

Based on above, it's important to work hard to change organization successfully. According to Kotter (1996), the change to be successful, 75% of an organization's management needs to "buy into" the change. Each step of change has its significance and must be planed and implemented carefully in order to make change part of organizational culture. Therefore, to declare a true victory and enjoy the change you have to create a sense of urgency, recruit powerful change leaders, build vision, effectively communicate, remove obstacles, create quick wins and build on your momentum.

Very important thing in change management is to facilitate organizational change, to help implementation of a new strategy, identify how each area may change in a future and facilitate the merger of organizations.

As can be seen from the research, employees are afraid from changes, afraid of the unknown and they believe that past will reappear. This fear cause resistance and occurred resistance cause conflicts inside organization. This conflict can occur between the employees in the same sector or department, between employees and managers, that's why it is necessary to manage conflicts and changes. The secret to successfully manage change is to define and to understand the changes.

External and internal factors are causing planned and unplanned changes that can occur within an organization. Planned changes occurs when deliberate decisions are made in organization while, unplanned changes are result of unforeseen occurrence (Hart, 1996). In order to manage this types and other types of the changes it's crucial to discuss about them within the organization's employee and to make an effort explain in best way reason and results of a change.

Positive relation between conflicts and changes is present in business organization, i.e. where the change is present also is present a conflict and vice versa in a presence of conflict there is always a change. Keep communication channels opened with your employee so they can understand what is coming and what change means to them.

Also it is necessary to bear in mind that is necessary to initiate constructive changes and to find the way to manage them, this requires a proactive working and reflecting approach which involves predictive skills in order to create a necessary climate for changes, and an appropriate environment.

It can be concluded that conflict are integral part of every human relation in business organization and conflict manages is a successful management condition. Therefore, according to Greenberg (2010) conflict should not be avoided, but must be dominated by carefully chosen strategies and techniques.

Conflict (Fisher, 2000) is an inevitable fact of human existence. If we work to understand and manage it effectively, we can improve both the satisfaction and productivity of our social relationships.

Good communication is a key for everything!

BIBLIOGRAPHY

1) Bernard B. (2004). *Managing Change*. Financial Time Prentice Hall.
2) Bridges, W., Bridges, S., (2009), *Managing Transitions* 3rd Edition, Making the Most of Change, Da Campo Press, Lifelong Books, Philadelphia, PA.
3) Change Management and Implementation Guide http://www.fs.fed.us/fire/aviation/av_library/Change%20Management%20and%20Implementation%20Guide%202011%20Final_w_Cover_toc.pdf
4) Deutsch M. (1983). *Conflict Resolution: Theory and Practice*". Political Psychology
5) Deutsch, M. and Coleman, P. (2000). *The handbook of conflict resolution: Theory and practice*. San Francisco: Jossey-Bass.
6) Fisher R. (2000). *Sources of Conflict and Methods of Conflict Resolution*. International Peace and Conflict Resolution, School of International Services. The American University.
7) Fisher, R., & Ury, W (1991). *Getting to yes: Negotiating agreement without giving in* (2nd ed). New York: Penguin Books
8) Greenberg J. (2010). *Behavior in Organizations.* Prentice Hall. 10 edition
9) Hart J. (1996) The Management of Change in Police Organization. https://www.ncjrs.gov/policing/man199.htm
10) http://www.ulstergaa.ie/wp-content/uploads/coaching/team-management-2012/unit-3/sources-of-conflict-and-methods-of-resolution.pdf
11) IBM. Making Change Work. 2008
12) Ivancevich J, Konopaske R. Matteson M. (2005) *Organizational Behavior and Management,* Boston: McGraw Hill, Irwin

13) Kaye K. (1996) Conflict as Opportunity for Change, Family Business Network Newsletter No. 14 April 1996
14) Kotter J.P. (1996), *Leading Change*. Harvard Business School Press.
15) Kotter, J. (2011). *Change Management vs. Change Leadership – What's the Difference?* Forbes online. Retrieved 12/21/11.
16) Lewin, K. 1958, *Group decision and social change*, in Readings in Social Psychology, eds. E. E. Maccoby, T. M. Newcomb, and E. L.Hartley, Holt, Rinehart and Winston, New York
17) Moran J.W. and Brightman B.K. (2000), *Leading Organizational Change,* Juornal of Workplace Learning: Employee Counselling Today, vol. 12
18) Weisinger H.D. (1985). *Dr. Weisinger's Anger Workout Book*: New York: William Morrow and Company.

УЛОГАТА НА ИНОВАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ПОСТИГНУВАЊЕ КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Доц. д-р. Моника Марковска

Универзитет „Св. Климент Охридски“- Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола
e-mail: monikamarkovska34@gmail.com

Доц. д-р. Божидар Миленковски

Универзитет „Св. Климент Охридски“- Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола
e-mail: bozo_mk@yahoo.com

УДК: 005.591.6:339.137.2

АПСТРАКТ

Последните години концептот на иновациите бележи значителен развој. Во минатото на иновациите се гледало како развој што резултирал од истражувањата изведени од страна на истражувачите. Во поново време, иновациите не се гледаат како специфичен резултат на индивидуални акции туку повеќе како процес на трансформација на потенцијалните идеи во комерцијална вредност на пазарот. Во многу полиња, како уметноста, економијата, политиката, „новото нешто“ мора да биде различно за да биде иновативно. Од економски аспект иновациите мора да креираат вредност за купувачите и/или вредност за производителите. Целта на иновациите е позитивна промена, за да се направи нешто подобро. Компаниите кои не иновираат може да бидат уништени од страна на оние кои иновираат. Основната претпоставка која се разработува во овој труд е дека основата за постигнување компаниска конкурентска предност се иновациите. Компаниите мора да се оспособат примена на системски-процесен пристап кон иновациите, или што би рекол Peter Drucker „плански иновации“, бидејќи компаниите својот развој во најголем дел го искусиле преку воведување на нови производи/ услуги. Во контекст на тоа, се истакнува улогата на иновацискиот менаџмент во постигнувањето на компаниска конкурентска предност како предмет на овој труд. Улогата на иновацискиот менаџмент е разоткривање на скриениот потенцијал на компаниите во нивната способност да се препознаат добрите и профитабилни идеи. Вградувањето на

иновациите како системска способност на компаниите им овозможува да постигнат конкурентска предност.

Клучни зборови: иновации, компаниска конкурентска предност, иновативност, развој на нови производи и/или услуги.

THE ROLE OF INNOVATION MANAGEMENT IN ACHIEVING COMPANY COMPETITIVE ADVANTAGE

Associate professor PhD. Monika Markovska

University St. Kliment Ohridski- Bitola, Faculty for administration and information system management- Bitola
monikamarkovska34@gmail.com

Associate professor PhD. Bozidar Milenkovski

University St. Kliment Ohridski- Bitola, Faculty for administration and information system management- Bitola
e-mail: bozo_mk@yahoo.com

UDK: 005.591.6:339.137.2

ABSTRACT

In recent years the concept of innovation has marked significant development. In the past, innovation was seen as a development that resulted from research conducted by the researchers. More recently, innovation is seen not as a specific result of individual actions, but rather as a process of transformation of ideas into potential commercial value in the market. In many fields, such as art, economics, politics, the "new thing" must be different to be innovative. From the economic point of view, innovation must create value for customers and/ or value to manufacturers. The goal of innovation is positive change, to make things better. Companies that do not innovate may be destroyed by those who innovate. The basic assumption which is reviewed in this paper is that the basis for achieving company competitive advantage is innovation. Companies must be able to use the system- procedural approach to innovation, as Peter Drucker say "Innovation Plan", because companies their develop mostly experienced through the introduction of new products/ services. In this context, stressed the role of innovation management in achieving the company's competitive advantage as the subject of this paper. The role of innovation management is unveiling the hidden potential of companies in their ability to recognize good and profitable ideas. The incorporation of innovation as systemic capability allows companies to achieve a competitive advantage.

Keywords: innovation, enterprise competitive advantage, innovation, development of new products and/ or services.

ВОВЕД

Според многу автори од оваа област, иновациите се движечка сила на економскиот развој. Економистите од 19-тиот век забележале дека економскиот развој бил резултат на технолошкиот прогрес. Но, малку истражувачки напори биле во насока да се разбере како промените во технологијата дале придонес кон развојот. Во последното десетолетие на 20-тиот век, со голема сигурност се потврди фактот дека научно- технолошкиот развој е основа за конкурентност како на компаниите, така и на националните системи. Последните 20-ина години, развиените земји од Западна Европа во основа ја завршија технолошката револуција, поврзана со интелектуализација на производството и се фокусираат кон создавање на нов тип на општество кое е засновано на знаење.

Успехот во иднина, исто како и во минатото, со сигурност ќе лежи во способноста да се стекне и примени знаењето за развој на нови производи. Современите истражувања укажуваат на тоа дека постојат иновации на производи, процеси и стратегии. Притоа, се прави разлика помеѓу инкрементални и радикални иновации, а претприемачите мора да научат да практикуваат и „плански иновации“.

Денес, Република Македонија се соочува со предизвикот на иновациите и иновативноста. Компаниите се фокусираат на враќање на претприемачкиот дух и поттикнување на иновациите за да постигнат конкурентска предност во услови кога делуваат во променливо опкружување и високо конкурентни пазари. Суштината на иновацискиот менаџмент е да го открие компанискиот потенцијал за иновирање односно за препознавање, реализација и комерзијализација на „иновативните идеи“. Теоретската елаборација на основните компоненти на иновацискиот менаџмент овозможува да се утврдат реалните и актуелни карактеристики на истиот и да се иницираат акции за понатамошни истражувања во оваа исклучително важна област.

ИНОВАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ И КОНКУРЕНТСКАТА ПРЕДНОСТ

Компаниите се соочуваат со предизвикот да креираат вредност за купувачите. Ако компаниите сакаат да постигнат успех на пазарот, мора да да креираат нови производи и/или процеси со кои ќе ги задоволат потребите на купувачите. Оттука произлегува потребата проактивно да дејствуваат во насока на развивање на иновативноста како суштинска компаниска карактеристика. Што претставува иновативноста? Иновативноста се дефинира како компаниска способност на создавање иновации што овозможуваат компаниски успех на пазарот (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 73). За да може компаниите да ја развиваат иновативноста како компаниска карактеристика се налага потребата од разбирање и надоградување на знаењата од областа на иновацискиот менаџмент. Новата област на научните знаења започнува во 20-тиот век, кога започнале да се изучуваат законитостите на технолошките иновации. Станува збор за иноватиката, област на науката што ја проучува генезата, сегашноста, структурата, функциите и распространувањето на иновациите. Во иноватиката (наука за иновациите) централно место зазема иновацискиот менаџмент. Предмет на современата иноватика е создавањето, усвојувањето и распространувањето на интелектуални производи. Иноватиката има интердисциплинарен карактер. Таа вклучува знаења од економијата, статистиката, менаџментот, претприемаштвото, филозофијата, социологијата, кибернетиката и други науки (Танева, 2007, 5). Предмет на изучување во иновацискиот менаџмент се иновациите и нивното влијание врз целокупниот развој и раст на организациите, а во насока на постигнување конкурентска предност. Иновацискиот менаџмент претставува збир на формални и неформални правила, принципи, норми, претпоставки и ориентации кој им овозможува на организациите да изградат организациска инфраструктура на иновации. Од друга страна пак, конкурентската предност претставува организациска способност да се изведува работата на ефикасен и ефективен начин и да се произведуваат нови и подобри производи споредено со конкурентите. Основни блокови кои ја градат конкурентската предност се: ефикасност, квалитет, задоволување на купувачите и иновации (Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W. L. Hill, 1996).

Во поново време, компаниите своите напори ги фокусираат кон разбирање на процесот на иновирање. За таа цел, тие ги истражуваат основните елементи на процесот на иновациите. Иновацискиот менаџмент претставува целина што овозможува постигнување конкурентска предност преку три основни детерминанти: креативност, иновативност и развој (Поленаковиќ, Марковска, 2013).

МОДЕЛОТ КИР ВО ИНОВАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

Иновациите претставуваат процес кој треба да се менаџира. Голем број компании развиваат плански процес на иновации кој на почетокот започнува со креативност и преку анализа, селекција и оценување на идеите, истите се трансформираат во иновациски проекти кои на крајот резултираат со иновации кои се лансираат на пазарот. Во трудот е креиран автентичен модел КИР. Обележје на моделот е верижно- системско-процесен пристап. Овој пристап започнува со Michael E. Porter и неговиот “The Value Chain and Competitive Advantage” промовиран во 1985 година, а продолжува со BPR (Business Process Reengineering) и TQM (Total Quality Management). BPR е промовиран во раните 90- тите години од минатиот век и започнува како техника на приватниот сектор за да им овозможи на организациите да ја редизајнираат нивната работа со цел да ги подобрат производите, да ги намалат трошоците и да станат конкурентни. TQM претставува интегративна филозофија на менаџментот за континуирано подобрување на квалитетот на производите и процесите. TQM се заснова на премисата дека квалитетот на производите и процесите е одговорност на сите вклучени во креирањето на производите и/или услугите. Тоа претпоставува вклучување на менаџментот, работната сила, снабдувачите и купувачите со цел да се запознаат и задоволат потребите и очекувањата на купувачите. За предложениот модел се користи акронимот КИР (Поленаковиќ, Марковска, 2013). КИР значи „господар“, „господин“, кој ги содржи елементите на: креативност, иновативност и развој. Комбинацијата на овие три елементи на компаниите ќе им послужат како основа за постигнување на конкурентска предност.

Појдовна основа е креативноста на индивидуалците и организациите што овозможува да се генерираат мноштво на потенцијални идеи за иновации. Основата на креативноста лежи во креативното мислење. Креативното мислење им овозможува на индивидуалците да бидат „необични“, да размислуваат на поинаков начин и поинаку од другите. Од друга страна пак, во основата на креативното мислење лежи решавањето на проблеми. Барањето на решение за проблемите овозможува да произлезат добри и корисни идеи како потенцијално решение за проблемот. На пример, Bette Nesmith Graham долго време се мачела со механичкиот модел на машината за пишување. Кога на пазарот прв пат била воведена машината за пишување, шефот ја купил за својата секретарка, со надеж дека ќе и заздрават болните прсти од чукањето на тестерите. Бидејќи не била навикната на мекиот притисок на тастерите, правела многу грешки и до крајот на еден работен ден не успевала да напише ниту едно писмо. Bette постојано размислувала како да најде начин за проблемот, но не можела да најде никакво решение. На крај, се сетила дека уметниците ставаат бела боја „џесо" над грешките кои ги прават во текот на сликањето. Идејата била родена. Ставила водна темпера во малечко шишенце и ја размачкала со акварелната четка на местото каде што имала направено грешка. Почнала да го користи овој метод за поправање на грешките и никој ништо не забележувал.

Денес креативноста се издигнува и на организациско ниво. За креативните луѓе се смета дека се: со слободен дух, интуитивни, забавни, поинакви, отворени за нови можности, флексибилни, упорни, толерантни, желни за учење и за промени, фокусирани кон истражување на нови можности и сл. (Samuel Certo, S. Trevis Certo, 2008). Затоа компаниите треба да преземат чекори за охрабрување и поддржување на креативноста. Во таа насока, претприемачите и менаџерите мора да го разберат процесот на креативност, да знаат како да ги изберат луѓето со креативни способности, да бидат способни да стимулираат креативно однесување и да обезбедат организациска клима што ќе ја негува креативноста.

Иновативноста како компаниска карактеристика вклучува разбирање на процесот на иновации кој ги детерминира стратегиите за иновации на организацијата, И&P како предуслов за иновации, и реализацијата на потенцијалните идеи во иновациски проекти. Компаниите може да постигнат конкурентска предност со развој на нови производи/услуги, комуникација со купувачите и добавувачите, ефикасност во донесувањето одлуки итн. Притоа, треба да се има предвид дека конкуренцијата може да го ,,возврати ударот" преку имитација на производите. Затоа е потребно компаниите да креираат иновациски стратегии како посредник меѓу нив и опкружувањето во областа на иновациите. Иновациските стратегии треба да се насочени кон постигнување на долгорочни цели и мора да бидат усогласени со останатите компаниски стратегии. Денешните високо конкурентни, глобални пазари влијаат и врз начинотот на кој И&Р се организирани и управувани. Успешните примери од минатото како Bell Lab, Xerox Parc се заменети со компании кои се пазарно ориентирани како 3M, Toyota, Sony и сл. И&Р функцијата има задача да ја предвиди иднината со цел да изгради подобра конкурентска позиција за компаниите. Иновациските проекти ги оспособуваат компаниите да креираат вредност за купувачите. Управувањето на портфолиото на проекти овозможува подобар микс на проекти и ефикасност во креирањето на иновации. Исто така, управувањето на портфолиото на проекти креира процес што овозможува селекција и приоритет на проектите што се профитабилнии и одржливи на долг временски период. Ваквата истражувачка методологија креира опкружување во кое се елиминираат проектите без потенцијал и им се дава приоритет на проекти кои ќе придонесат за стабилност, конкурентност и одржливост на организацијата (Robert G. Cooper, Scott J. Edget and Elko J. Kleinschmidt).

Развојот е резултат на целокупниот процес на иновациите. Развојната функција (развојот) потребно е да се инкорпорира во сите пори на деловното работење на организациите. Како компоненти на развојот се јавуваат следните активности: подобрување и унапредување на работата и работните процеси, пронаоѓање на нови и подобри начини за извршување на работата и продуктивност во работата. Притоа се поставува прашањето- што треба да се развива односно што вклучува развојот на целокупното работење? Развојот на целокупното работење ги вклучува следните компоненти (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 173):

1) Развој на производите,
2) Развој на техниката,
3) Развој на технологијата,
4) Развој на човечкиот потенцијал,
5) Развој на менаџментот.

Вистински предизвик за организациите е да се развиваат и растат. Предмет на интерес е само развојот на нови производи. Иновациите претставуваат воведување, развој на нови производи, на нешто „ново“. Што значи „новото“ во производите? Дали промената во пакувањето на производот претставува нов производ? Производот има повеќе димензии. Димензиите на производот вклучуваат (Поленаковиќ, Марковска, 2013):

Квалитет.
Карактеристики.
Технологија.
Пакување.
Бренд.
Цена.
Нивоа на услуга.

Секоја од наведените димензии може да се промени. Секоја промена води кон нова димензија. Дури и најминорните промени во било која од наведените димензии се нарекува „нов производ“. Новите производи ги заменуваат постојните производи. На пазарот истите се појавуваат со голема брзина како резултат на: развој на производителите, развој на технологијата, демографските можности, диференцијација на производите. Степенот на новост претставува индикатор на разликата меѓу новиот производ и постојниот производ. Промените (во зависност од перспективата) варираат од минорни, инкрементални до големи, радикални. Притоа, многу е поважно да се зголеми свесноста за постигнување на долгорочен комерцијален успех од страна на организацијата, отколку да се дискутира за тоа што е и кој е нов производ. Во контекст на наведеното, развојот на новиот производ претставува сложен процес кој се темели на научни методи, сознанија и информации и за кој е потребно време, напор, подготовка и соработка со различни експерти.

КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Конкурентската предност претставува посебна карактеристика кога компанијата е поделотворна и поуспешна од конкурентите. Доколку компанијата сака да создаде конкурентска предност, таа мора да ги знае начините како да произведе конкурентски предности. Кога една компанија остварува конкурентска предност значи дека поседува нешто што другите немаат, односно дека прави нешто што другите не можат или не умеат. Конкурентската предност, во најголема мера, произлегува од вредностите кои компанијата е во состојба да ги понуди на пазарот. Притоа, треба да се има предвид дека секоја конкурентска предност е поврзана со компетентност. Од стратегиска гледна точка, клучот за деловниот успех на компаниите е развивање на уникатна конкурентска предност, која што ќе создаде вредност за потрошувачите и која ќе биде тешко да се копира. Компанијата што ќе успее да создаде конкурентска предност станува лидер на пазарот и може да оствари надпросечнна добивка. Ова доаѓа посебно до израз денес, во услови на глобално конкурентско опкружување.

Градењето на конкурентска предност, самата по себе, не е доволна. Основата за успех на современите претприемнички потфати се базира на градење одржлива конкуренска предност. На долг рок, една компанија стекнува одржлива конкуренска предност преку нејзината способност да развива сет од суштински компетенции што ќе овозможат истата таа компанија подобро да ги опслужува своите потрошувачи/клиенти од неговите конкуренти. Суштинските компетенции (core competencies) претставуваат единствен сет од способности што компанијата ги развива во клучните области од своето делување (како што се на пример: врвен квалитет, услуги за потрошувачите, иновации, градење на тим, флексибилност и сл.), а кои треба да овозможат една компанија да ги претекне конкурентите во конкурентската трка. Овие суштински компетенции, како што всушност сугерира и нивното име, вообичаено претставуваат важни вештини, способности и искуства што ги научила и развивала компанијата низ текот на времето. Вообичаено, компаниите развиваат суштински компетенции во, не повеќе од, пет-шест области. Притоа, овие суштински компетенции стануваат јадро на конкурентската предност на компанијата и обично опстојуваат низ текот на времето. Пазарите, клиентите и конкурентите може да се менуваат, но, суштинските компетенции на компанијата се на подолгорочна основа. За да бидат ефикасни, од стратешки аспект, ваквите компетенции треба да бидат тешки за копирање и имитирање од страна на конкурентите и тие треба да им обезбедат големи придобивки на потрошувачите/клиентите.

ЗАКЛУЧОК

Иновациите претставуваат производ на знаење (за потребите на купувачите, трендовите на пазарот, понудите од конкуренцијата, интересот на дистрибутерите, промените во технологијата итн.) и ополномоштување (комбинација на автономија и одговорност). Иновациите претпоставуваат откривањето на нови начини за да се креира вредност. Претприемачите, по правило, ги носат иновациите.

Тие, претставуваат специфични инструменти на претприемаштвото со помош на кои се креираат ресурси и се создаваат нови вредности.

Спроведената аналитичко- дескриптивната анализа имаше за цел да селектира релевантни сознанија за интегрирањето на креативноста, иновативноста и развојот на компаниите и како истите да создадат услови за да станат иновативни. Теоретската елаборација на иновацискиот менаџмент овозможи дискусија за тоа дека основни претпоставки за организациите да станат иновативни и да постигнат конкурентска предност во услови на динамично опкружување, е да воведат системско- верижно- процесен пристап КИР.

Иновацискиот менаџмент креира можности да се прават нови работи на нов начин што ги прави старите начини застарени и некорисни. Новата ефикасност во креирањето и пренесувањето на знаење од оваа област покажува дека живееме во време кога способноста да се иновира ефикасно станува примарна детерминанта на успехот на бизнисот и основа за остварување на конкурентска предност. Еднаш постигнатата конкурентска предност, бара постојано вложување во: И&Р (истражување и развој), образование и развој на вработените, нова технологија, маркетинг и сл., бидејќи конкурентската предност сама по себе не е одржлива. Таа мора да се одржува. На долг рок, една компанија стекнува одржлива конкуренска предност преку нејзината способност да развива сет од суштински компетенции. Притоа, ваквите компетенции треба да бидат тешки за копирање и имитирање од страна на конкурентите.

На крај, во услови на динамично деловно работење мора постојано да се иновира без разлика дали тоа ќе значи креирање нови или подобрување на постојните производи, услуги или процеси. Алтернативата значи исфрлање од пазарот.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Gareth R. Jones, Jennifer M. George, *Современ менаџмент*, Скопје: Глобал комуникации
2) Tiina Touminen, (2006), "*Innovativeness and creativity in organizations"*, Finland: Innovation Management Institute; Helsinki University of Technology
3) Мајкл Е. Портер, (2008), *За конкуренцијата, современо проширено издание*, Скопје: Датапонс

4) Bruce R. Barringer, R. Duane Ireland, (2010), *Poduzetnistvo, uspjesno pokretanje novih poduhvata, trece izdanje,* Tuzla: Prentice Hall
5) Samuel Certo, S. Trevis Certo, (2008), *Modereni menadzment*, Zagreb: Mate
6) J. Tidd, K. Bessant, K. Pavitt, (2005), *Managing innovation, Integrating tecnological, market and organizational change, 3rd edition*, John Wiley&Sons, Ltd.
7) Alan Axelrod, (2008), *Edison on innovation, 102 lessons in creativity for business and beyond*, Jossey-Bass, A Willey Imprint
8) David O' Sullivan, Lawrence Dooley, (2009), *Applying Innovation,* SAGE Publications, Inc.
9) Joe Tidd, John Bessant and Keith Pavitt, (2005), *Managing innovation, integrating technological, market and organizational change,* England: John Wiley & Sons, Ltd.
10) Радмил Поленаковиќ, Моника Марковска, *Иновациски менаџмент, основи за постигнување конкурентска предност*, (Скопје: НЦРИПУ, 2013)

ПРОЦЕС НА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ КАКО УСЛОВ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ НА БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Веле Стефановски

Раководител во Сектор за работа со правни лица
Стопанска банка а.д. Битола
vele.s@stbbt.com.mk

Гордана Балтовска

член на Управен одбор, Стопанска банка а.д. Битола
gordana.b@stbbt.com.mk

УДК: 336.71:005.591.6(497.7)

АПСТРАКТ

Во услови на сѐ поголема конкуренција на финансискиот пазар во Република Македонија, мора да се биде во состојба да се реализира комуникација помеѓу учесниците на пазарот и да се одговори на нивните побарувања. Како резултат на глобализацијата, новите технолошки достигнувања и откривањето и воведувањето на новите производи и услуги, финансиските институции постојано бараат решенија за да одговорат на новите предизвици, а при тоа да ги задржат основните постулати на своето работење како високо регулирани институции.

Воведувањето на нови производи, услуги, активности и системи во банките е активност која е составен дел од развојните и финансиските планови на банките и е во согласност со стратегијата и главните цели на банките.

Во банките се воспоставуваат соодветни интерни акти со кои се уредуваат начинот, постапките и одговорностите при спроведување на активностите во процесот на воведување на нови производи кои ги нудат банките наменети за продажба на крајни корисници, физички и правни лица, односно воведување на промени кај постоечки производи или воведување на стандардни нови производи кои ги нуди Банката, при воведување на нови финансиски активности во согласност со законската регулатива, како и при воведување на нови банкарски системи како и надградба на услугите овозможени со постоечките системи.

Факт е дека во Република Македонија постои развиен и стабилен финансиски пазар на банкарски производи и услуги кои постојано се приспособуваат на потребите на клиентите, но исто така факт е дека во таа силна конкуренција секоја банка треба да најде своја конкурентска предност пред секоја друга банка во расположивоста на производите и услугите, во цената по која истите се нудат, во временскиот период за нивно процесуирање како и во акцептираните ризици и трошоци за воведување и имплементација од кои зависи и животниот век на производите и услугите од една страна и бенефитот за банките во нивните билансни суми од друга страна.

Како одговор на прашањето за видовите на производи и услуги кои треба да се нудат на финансиските пазари би биле финансиските иновации, при што анализата за причините за настанувањето на иновациите треба да ги најде мотивите кои ја предизвикуваат нивната појава.

Новите производи и иновациите на финансиските пазари се создаваат поради желбата на поединците и банките да остварат профит, при што банките како профитни институции преку кредирањето на новите производи и услуги преку принуден начин ја остваруваат својата основна цел, максимизација на профитот.

Клучни зборови: нов производ, финансиски пазари, видови на финансиски производи и услуги, ризици.

PROCESS OF INTRODUCTION OF NEW PRODUCTS AND SERVICES TO THE CONDITIONS OF COMPETITION OF THE BANKS IN REPUBLIC OD MACEDONIA

Vele Stefanovski

Head of Department of Corporate Banking
Stopanska Banka a.d. Bitola
vele.s@stbbt.com.mk

Gordana Baltovska

Member of Managing Board, Stopanska Banka a.d. Bitola
gordana.b@stbbt.com.mk

UDK: 336.71:005.591.6(497.7)

ABSTRACT

In a situation of a growing competition in the financial market in Republic of Macedonia, the communication between market participants and the ability to respond to their needs is of crucial importance. Due to the process of globalization, technological advances, the discovery and introduction of new products and services, financial institutions are constantly looking for ways to meet new challenges, and keep the basic postulates of their function as highly regulated institutions.

Introduction of new products, services, activities and systems in banks is an activity that presents an integral part of banks business plan, and is consistent with their strategy and main goals.

Banks establish appropriate internal acts in order to regulate the manner, procedures and responsibilities in the process of implementation of the introduction of new products, which are designed for sale to the end-users, individuals and legal entities, then, introduction of changes in the existing products, or introduction of standard products offered by the Bank with new financial activities in accordance with the legislation, and finally the introduction of new banking systems with upgraded services provided by the already existing systems.

It is a fact that in The Republic of Macedonia there is a developed and stable financial market for banking products and services, which constantly adapts to the customer needs, but it is also a fact that in the struggle for competitiveness each bank should find its competitive advantage over other banks in the supply of products and services, the price

at which they are available, the time period for their processing and the acceptable risks and costs for their introduction and implementation. From this depends the life span of products and services, on one hand, and the benefit for banks in their balance sheets, on the other.

In response to the question about the types of products and services that should be offered to financial markets emerge financial innovation. The determinants for financial innovation and the incentives that trigger their appearance should be detected with analysis.

New products and innovation in financial markets are created by the desire of individuals and banks to make profit, whereby banks as profit institutions through the creation of new products and services achieve their primary objective, the maximization of profits.

Key words: new products, financial market, types of financial products and services, risk.

ВОВЕД

Во последниот период, во Република Македонија постои се поинтензивна конкуренција меѓу банкарските институции, а зголемувањето на очекувањата на клиентите, ги доведува до ситуација овие институции да бараат нови начини за привлекување на клиенти, нови стратегии за постигнување на конкурентна предност.

Конкурентската предност како клуч за успехот на било кој бизнис има рок на траење, а колку се побрзи промените во технилогијата и вкусовите на потрошувачите, толку и еднаш воспоставената конкурентска предност има пократок век. Затоа банките мора постојано да бараат нови извори на конкурентска предност, што единствено може да се постигне преку поголема флексибилност, подготвеност на промени и воведување на иновации.

Според Портер за постигнување на конкурентна предност постојат две основни стратегии : диференцијација на производите и минимизирање на трошоците. Стратегијата на диференцијација вклучува создавање на нов производ, кој има уникатна карактеристика или е единствена во некој аспект што за корисникот на тој даден производ создава вредност. Од друга страна, стратегијата на ниски трошоци значи понуда на производи по пониска цена во однос на онаа на конкурентите. Според Портер двете стратегии меѓусебно се исклучуваат. Со други зборови, конкурентна предност може да се постигне кога банката е во можност да обезбеди таква услуга за клиентите што ќе ги надмине бенефициите кои ги нудат конкурентите, или ќе понуди ист квалитет на услуга како конкурентите но по пониска цена.

Суштината на конкуренстската предност е да се понуди таков производ, услуга што е тешко да се имитира. За да се постигне тоа потребно е многу повеќе од стратегија како пишан документ, потребна е оперативната ефикасност, соодветна организациска структура, и иновациски ориентиран стил на управување од страна на врвниот менаџмент. Влогот за постигнување на истата, не е мал, но доколку се успее во намерата, и профитите не се за занемарување.

За да ја подобрат својата ефикасност и да понудат поголема вредност од конкуренцијата, банките треба да ги измерат своите способности и постојано да се бараат можности за подобрување. Подобрувањата можат да се постигнат преку иновации. Во литературата е познато дека иновациите можат да се однесуваат на развој на нови производи и услуги, нови процеси, нови начини на испорака на веќе постоечките производи.

Во овој труд фокусот е ставен на конкурентност преку иновација на производи, односно на пласирање на кредитни и депозитни производи со подобри карактеристики, со повисок квалитетот, поголема флексибилност и повисоко ниво на сигурност. Воведувањето на такви производи подразбира воведување на еден цел систем на процедури, постапки и луѓе вклучени во тој систем.

Трудот е поделен на три дела, и тоа: првиот дел кој ги обработува факторите кои влијаат врз конкурентноста на дадена банка во Република Македонија, вториот дел кој се однесува на управување со иновациите особено при воведување на нови производи и третиот дел во кој се содржани заклучните согледувања.

КОНКУРЕНТНОСТ ВО БАНКАРСКАТА ИНДУСТИЈА

Банкарството во Република Македонија во последните години се карактеризира со зголемен конкурентски притисок пред се како последица на зголемениот број на банки, надворешните влијанија, и промените во регулативата. Во една таква ситуација секоја банка треба да како да понуди повисока вредност за клиентите и на тој начин да се извои од останатите банки.

Како и за секој бизнис така и за банкарската индустрија кога се зборува за конкурентската способност, треба да се спомене дека врз нејзе влијаат таканаречените пет сили на портер. Тоа се моќта на новите конкуренти, моќта на купувачите, моќта на снабдувачите, моќта на ривалите и моќта на субститутите.

Моќта на новите потенцијални конкуренти во банкарската индустрија е мала бидејќи постојат високи бариери за влез. Некои од нив се големите капитални барања за формирање на банкарска институција кои се пропишани со Законот за банки, потоа следуваат другите регулаторни ограничувања меѓу кои лиценцирањата кои е потребно да се направат, висината на инвестиционите вложувања за набавка на софтвер, потребата од искусни и високообучени кадри. Единствено потенцијални конкуренти може да има од странски банки или останати финансиски институции.

Моќта на купувачите зависи од концентрацијата на банки во земјата, од трошоците потребни за премин од една во друга банка, од лојалноста на клиентите. Во Македонија банкарството е високо концентрирано, трошоците за премин од една во друга банка не се високи, а лојалноста на клиентите зависи од нивното искуство со дадена банкарска институција.

Моќта на снабдувачите е голема. Во банкарството како снабдувачи се јавуваат физичките и правни лица кои имаат депозити во банките, и нивната моќ е голема бидејќи доколку одлучат да ги повлечат депозитите можат да ја загрозат ликвидноста на банката. Освен клиентите како снабдувачи се и другите финансиски институции и нивната волја за соработка значително влијае врз стабиллноста на банката. Како фактор со кој може да се влијае врз оваа сила од страна на банките е висината на каматните стапки.

Моќта на ривалите е истотака значајна, бидејќи има повеќе банкарски институции, со слична големина кои се борат за дел од колачот. Секоја од нив има слични стратегии и мора да се придржува на регулативата што ја ограничува. Исто така секоја настојува да остане во бизнисот, бидејќи во спротивно трошоците за излез од индустријата се огромни.

Моќта на субститутите, барем во Република Македонија може да се каже дека е мала, бидејќи не постојат многу алтернативи, ниту за кредитирање на потребите на населението и стопанството, ниту пак за вложување на депозити. Штедилниците можат ад се јават како евентуални субститути, но нивната моќ е многу мала бидејќи населението нема толкава доверба колку во банките.

Од подготвеноста на банките да го избегнат влијанието на овие пет сили, односно да ја амортизираат моќта на овие сили, особено во онаму каде што е голема, зависи каква ќе биде нивната позиција на пазарот. За да го направат тоа, тие користат разни стратегии.

Според Портер, организациите секогаш треба да бираат меѓу стратегија на диференцијација и стратегија на ниски трошоци, но да не се обидуваат да ги постигнат двете истовремено бидејќи во тој случај може да се најдат заглавени на средина.

Сепак постојат примери ширум светот, кои упатуваат на тоа дека може да се постигнат истовремено и двете цели. Тоа е возможно преку воведување на иновации.

УПРАВУВАЊЕ СО ИНОВАЦИИ-ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВ ПРОИЗВОД, АКТИВНОСТ ИЛИ СИСТЕМ

Во свет во кој промената е постојана, иновацијата претставува најдобар начин за добивање на конкурентска предност од страна на банките, предност која ќе трае еден подолг временски период. И покрај тоа што ваков е ставот на повеќето извршни директори на банки, како во Република Македонија, така и во останатите земји, најчесто иновацијата останува само реторика на деловните состаноци и во годишните извештаи стратегии, деловни планови. Многу малку банки успеваат нависнина да создадат организациона култура насочена кон иновации. Токму затоа, во овој труд е објаснето дека иновацијата не е само нејасна аспирација, туку нешто достапно што доколку успешно се имплементира може да стане реалност.

Иновацијата најчесто ја поврзуваат само со воведување на нов производ, нешто дотогаш непознато на пазарот. Токму ова тесно дефинирање на поимот, доведува до ситуација сите организации, бенкарските и небанкарските, да се плашат од нејзино воведување. Сепак, иновацијата не е само воведување на нови производи туку таа може да се однесува на подобрување на постоечките производи, воведување нова услуга, нов маркетиншки пристап, нова организациска структура, нова активност или нов систем. Воведувањето на нови производи/услуги/активности/системи треба да биде составен дел од развојните, финансиските планови на банките и составен дел на стратегијата и главните цели на секоја поединечна банка, но и секојдневна активност на секоја организациона единица во банката.

За да им се овозможи сите вработени од најниско до највисоко ниво во хиеархиската структура на банките да ја разберат иновацијата, предностите кои истата ги нуди, во продолжение следува концептуална рамка која содржи најпрво дефинирање на клучни термини, потоа опис на активности поврзани со воведување на нови производи, услуги, активности и системи и на крај сопственост на активностите и процесите, односно делегирање на одговорности. За таа цел, се поставуваат следните прашања:

1) што се подразбира под нов производ, активност или систем,
2) кои се правилата и постапките за воведување нов производ, активност или систем,
3) кои се овластувањата и одговорностите за одобрување при воведувањето нов производ, активност или систем.

Првото прашање се однесува на точно дефинирање на термините нов производ, наспроти нова активност или систем, што овозможува нивно разграничување и разбирање како од формален така и од суштински аспект.

Под нов производ се подразбира секој производ/услуга или нова категорија која не била застапена во постоечката понуда на Каталогот на производи на банкарската институција. Тој треба да содржи најмалку една од следните карактеристики: нов начин на евидентирање и водење на производот кој предвидува дополнителен развој на постоечкото апликативно решение или бара ново апликативно решение, нов начин на понуда-продажба, дистрибуција на производот преку воведување на нови дистрибутивни канали кои дотогаш не постоеле во Банката, или нова технологија на функционирање на производот.

Нова финансиска активност, од друга страна, претставува воведување на финансиска активност со цел на развој на услугите кои ги врши банката во интерес на постоечките и идните клиенти, а во согласност со Законот за Банки.

Воведување на нов систем претставува воведување на нови организациски, човечки, софтверски или хардверски елементи кои се воведуваат за прв пат, со цел за да обезбедат развој и поддршка како на постоечкото работење на Банката, така и на развој и задоволување на нови потреби и барања на клиентите.

Откако ќе се утврди што е точно нов производ, активност, а што систем, следува второто прашање кое пак се однесува на постапките и активностите кои се преземаат при воведување на нов производ, активност или систем. Тука е битно да се назначи дека не постојат строги правила што точно треба да се прави при воведување на иновација, кои би важеле за сите банки. Напротив, секоја банкарска институција е слободна сама да одреди во своите интерни акти на кој начин ќе ги имплементира новите производи. Она на што треба да внимава е усогласеноста со законските прописи.

Пред воведувањето на нов производ, активност или систем, банките прават анализа која што вклучува:

- дефинирање на производот, односно целосен опис на неговите карактеристики
- опис на целите и потребите кои се задоволуваат со воведувањето на тој производ
- опис на ризиците, кои произлегуваат од воведувањето нов производ, активност или систем;

анализа на влијанието на новиот производ, активност или систем врз профилот на ризичност на Банката
анализа на влијанието на новиот производ, активност или систем врз процесот на управување со ризиците од страна на Банката

Првата фаза на дефинирање на новиот производ, активност или систем вклучува детален опис на производот од аспект на вид на нов производ, активност или систем. Откако ќе се разграничи дали станува збор за активност, производ/услуга или ситем, се конкретизира за што се работи, дали за кредит, депозит, услуга, неутрална банкарска работа и се прецизираат условите под кои ќе се одобрува или нуди новиот производ, активност или систем како што се: рок на користење и враќање, каматна стапка, провизија, колатерал, трошоци за имплементација на активноста или стемот и временски период за примена на новиот производ, активност или систем, односо дали истиот ќе биде на неодредено време со почеток на одреден датум или на одредено време - како промотивен производ со означен термин за почеток и крај на примена.

Целите на банката и потребите на пазарот од воведување на нов производ, активност или систем се различни во различни банки и во една иста банка во различни временски периоди. Банките се најчесто заинтересирани за: зголемување на пазарното учество, одржување на пазарното учество, одржување на ликвидноста на банката, зголемување на профитабилноста на банката, усогласување со законски барања. Тука се испитува за остварување на која цел/ цели е битна иновацијата.

Освен целите на банката, треба да се анализираат потребите на пазарот за такваиновација. За таа намена потребно е да се испита пазарот и целните групи за кои е наменет новиот производ, активност или систем по пат на усна или писмена анкета или интервју, односно соодветен начин за добивање информации за интересот за новиот производ. Од степенот на заинтересираноста за новиот производ или систем, како и од однесувањето на конкуренцијата на банката, следува и соодветна одлука за воведување на истиот и евентуално пролонгирање на рокот на примена на веќе воведениот производ или систем.

Откако ќе се утврди дека постојат доволно издржани причини за воведување на нов производ пожелно е да се направи пресметка за потребните финансиски средства за воведување и имплементација на новиот производ активност или систем, како и за потребните човечки ресурси (дали треба дополнителен број на вработени, односно дали со воведување на новиот производ, активност или систем се придонесува за рационализација на човечките ресурси) и сл.

РИЗИЦИ НА КОИ СЕ ПОДЛОЖНИ БАНКИТЕ ПРИ ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ ПРОИЗВОДИ

Освен анализа на бенефитите и трошоците поврзани со воведувањето на новиот производ многу важно е да се анализираат и ризиците поврзани со истиот. Следната фаза односно описот на ризиците коишто произлегуваат од воведувањето на нов производ, активност или систем вклучува идентификување на сите видови на ризици кои можат да произлезат од воведувањето на новиот производ. Најчести видови на ризици со кои се соочуваат банките се:

кредитен ризик кој се однесува на неизвесната наплата на пласманите на банката. Овој вид на ризик претставува еден од најзначајните во банкарското работење и банките се најчесто најмногу изложени на овој вид на ризик.

ликвидносен ризик односно ризикот во даден момент, банката да нема доволно средства за да ги подмири тековните обврски. Ваква ситуација настанува како резултата на поголеми повлекувања на средства во даден момент, или намалени приливи во однос на очекуваните.

ризик од промена на каматни стапки кој се поврзува со потенцијалните загуби кои би можела да ги претрпи одредена банкарска институција како резултат на промена на каматните стапки, како намалена каматна маргина, па дури и загуби во случај на позначајни промени во активната и пасивната стапка.

ризик од концентрација на изложеноста на Банката кој се поврзува со изреката дека не се ставаат сите јајца во една кошница, односно потребно е да има поголема диверзификација на кредитното портфолио се со цел потешкотиите за наплата кај еден клиент да не ја загрозат добивката или во најлош случај финансиската стабилност на банката.

валутен ризик кој се однесува на ризикот од промена на девизните курсеви и најмногу ги тангира производите кои се во странски валути или денарски деноминирани во странска валути.
оперативен ризик кој се однесува на сите настани кои можат да го попречат нормалното работење на банката, како систем или човелки фактор.
друди видови ризици- ризик ан земја, репутациски ризик, правен ризик итн.

Секој од овие ризици поединечно се посматра низ призмата на новиот производ, односно каква промена би настанала во степенот на изложеност на банкарската институција на било кој од овие ризици по воведување на иновацијата. Освен, поодделно, во понапредна фаза се анализира влијанието на новиот производ, активност или систем врз профилот на ризичност на Банката. Тоа значи да се испита влијанието на новиот производ или систем врз профилот на ризичност на Банката, односно дали новиот производ или систем е во рамките на постојниот профил на ризичност на Банката или со негова имплементација ќе се преземат повеќе ризици од дотогашните и профилот на ризичност на Банката би претрпел битна промена во негативна смисла (зголемување на ризиците).

Во зависност од целната група за која е наменет новиот производ, зависи и ризикот од концентрација на изложеноста на Банката:

мали или големи клиенти, корпоративно кредитирање или кредитирање на населението:
претпоставена големина на кредитен ризик, (дали ќе биде диверзифициран кредитниот ризик или не зависи од големината на кредитот)
големина на ризик од каматни стапки (промена на каматни стапки) дали ќе се договараат фиксни каматни стапки за одреден период
висина на валутен ризик, дали ќе постои валутна клаузула во договорите за новиот производ
пресметка на потребните ликвидни средства за реализација на новиот производ (дали се обезбедени извори на средства за

пласман и обратно дали е обезбеден пласман за изворите на средства)
процена на оперативен ризик
процена на стратегиски и репутациски ризик.

Откако ќе се оцени како иновацијата го зголемува ризичниот профил на банката, до која мера се преминува кон подетална анализа, односно се проверува дали банката има доволно потенцијал да управува со ризиците што ќе произлезат од иновацијата. За таа цел се врши проценка на целокупниот систем за управување со ризици воспоставен од страна на Банката. Имено, секоја банка треба да има воспоставено систем на управување со сите материјални ризици на кои е изложена, кој систем е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности, коишто ги врши Банката. Со овој систем се опфатени следните видови на ризици: кредитен ризик, вклучувајки го и ризикот на земјата, ликвидносен ризик, валутен ризик, пазарен ризик, ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности, ризик од концентрација на изложеноста на банката, оперативен ризик, стратегиски и репутациски ризик.

При воведување на новиот производ или систем треба да се испита влијанието на истите врз управувањето со ризиците од страна на Банката. Имено треба да се назначи колкав е секој поодделен вид на ризик (за мерливите ризици) односно да се даде оценка или проценка за останатите видови на ризици. Поконкретно да се дадат квантитативни и/или квалитативни оценки на ризиците што се преземаат со воведувањето на новиот производ или систем и да се утврди дали истите се во рамките на утврдениот систем на управување со ризиците на Банката, односно со политиките и процедурите за управување со секој поодделен ризик во Банката. Составен и задолжителен дел од проценката на ризиците е извршување на делумна анализа на ризици, во смисла на идентификување на ризиците во однос на сигурноста на информативниот систем кои што настанале како последица од воведувањето на нов производ, сервис или услуга.

На крај, доколку се дојде до сознание дека ризикот е прифатлив за банката се преминува кон спроведување на зацртаните планови во дело, односно имплементација на иновацијата. При имплементацијата се вклучува менаџментот кој одлучува во врска со овластувањата и одговорностите на поединечни лица, служби, сектори за одобрување при воведувањето нов производ, активност или систем.

Најголем дел од банките се трудат да ја имплементираат иновацијата со прераспределба на задачите меѓу ресурсите во веќе постоечката организациона шема. Други пак воспоставуваат нова посоодветна организациска структура при спроведување на активностите во процесот на воведување на нов производ/активност/систем и тоа во согласност со стратегијата на банката, стратегијата за управување со ризици и законската регулатива.

Во ова истражување нема да има некоја строга поделба на надлежностите на банкарските органи на управување, организациони единици, туку ќе се предложи еден вид на рамка за тоа како би можела да се организира одредена банкарска институција за поделба на работните задачи и одговорностите при воведување иновации. Предлогот е наместо традиционалниот пристап на делење на работните задачи според хиерархиска подреденост, да се користи хибридна организација, односно имплементацијата да се врши преку работа на проекти, во кои проекти ќе бидат вклучени претставници од повеќе организациони единици и од различни хиреархиски нивоа. Ваквиот начина на организација е прикажан на следната слика.



ХИЕРАРХИЈА НА ВОВЕДУВАЊЕТО НА НОВИТЕ ПРОИЗВОДИ

Иницијативата за воведувањето на новиот производ би требало да започне од организационата единица- служба/ сектор каде новиот производ или систем треба да се имплементира. Понатаму, се проследува до останатите организациони единици со цел истите да дадат своја проценка на ризици на кој би бил изложена банката со воведувањето на овој производ или систем. На крајот, врз основа на извршените потребни проценки, се изготвува Извештај за проценка на бенефициите, тршоците и ризиците со детални заклучоци од извршената анализа од страна на организационата единица задолжена за управување со ризици, која понатаму извештајот го доставува до Управниот одбор и Одборот за управување со ризици. Во зависност од влијанието на профилот на ризичност на Банката, за кој одлучува Одборот за управување со ризици, извештај се доставува и до Надзорниот одбор на Банката

Надзорниот одбор на банката одлучува за воведување на нов производ/активност или систем во случаи кога со анализата се утврди значително влијание врз ризичниот профил на банката. Доколку станува збор за помал степен на ризик, одлуката ја донесува Управниот одбор. Управниот одбор на банката воспоставува соодветна организациона комуникација помеѓу организационите единици кои се вклучени во извршувањето на активностите при воведувањето на нов производ, активност или систем.

За таа цел управниот одбор одлучува кои понатамошни активности за воведување на потребниот нов производ, активност ќе се преземаат и определува проектен тим во кој назначува координатор од страна на оранизационата единица која го предлага воведувањето на новиот производ, активност или систем и дава насоки на останатите соодветни организациони делови, во зависност од нивниот делокруг на работење.

При воведувањето на иновации од големо значење е работењето во меѓуфункционални тимови каде има претставници од повеќе служби. Различната позадина во смисла на стручност и искуство, на учесниците во тимот овозможува разноликост на идеи, рано откривање на евентуални закани и пречки, како и поголема кооперативност при имплементацијата. Во продолжение накратко се образложени активностите на некои од основните организациони единици при воведување на нов производ, услуга, систем.

Во тој контекст, организационата единица задолжена за планирање врши анализа на влијанието од воведувањето на новиот производ, активност или систем врз финансиските перформанси и дали се во согласност со развојниот и финансискиот план на Банката.

Организационата единица за усогласеност со прописи дава оценка за усогласеноста на воведувањето на новиот производ, активност или систем со законската регулатива и интерните акти на банката.

Организационата единица за правни работи – дава насоки при изготвување на договори и општи услови и дава мислење од правен аспект за ризикот од воведувањето на новиот производ, активност или систем.

Организационата единица за управување со ликвидност дава мислење и проценка за влијанието од воведувањето на новиот производ, активност или систем од аспект на ликвидноста, рочната усогласеност на активата и пасивата.

Организационата единица за финансии и сметководство дефинира конта и сметководствени ставови, начин на книжење и учествува при решавање на други отворени прашања поврзани со сметководствената евиденција на производите.

Организационата единица за процесирање активно учествува при воведувањето и администрацијата на новиот производ, активност или систем.

Организационата единица информациска технологија лицето за сигурност на информативниот систем исто така активно учествуваат во давањето мислење и спроведување при воведувањето на новиот производ, активност или систем.

Организационата единица за ризици изготвува документирана анализа за влијанието на новиот производ, активност или систем врз процесот на управување со сите останати ризици во согласност со Одлуката за управување со ризиците.

Во процесот на воведување на нов производ, активност или систем голема улога има и Службата за внатрешна ревизија која како дел од нејзината редовна контрола, на континуирана основа предлага навремено преземање на корективни мерки при воведувањето на нов производ, активност или систем.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

За да ја подобрат својата ефикасност и да понудат поголема вредност од конкуренцијата, банките треба да ги измерат своите способности и постојано да се бараат можности за подобрување преку воведување на иновации.

Иновациите не се однесуваат само на воведување на нови производи, туку и на нови активности и системи. Иако навидум се едноставни, тие во себе содржат голем број на процедури и проеси кои треба да се реализираат, почнувајќи од анализа на типот на иновацијата што се воведува, па на целите кои треба да се постигнат со нејзината имплементација, потребите и желбите на клиентите.

При одлучувањето дали да се воведат иновации се земаат во предвид бенефитите за банката, наспроти трошоците и ризиците поврзани со иновацијата. Доколку се утврди дека позитивните страни, добивата, зголеменото пазарно учество, зголемената ликвидност се поголеми од ризиците, се испитува дали со ризиците може да се управува.

Не постои иновација која во себе не содржи ризик, но најголем ризик за банките е да не иновираат, да не внесуваат промени и да не се трудат да бидат различни од конкурентите.

При имплементацијата на иновацијата потребна е вклученост од сите организациони единици од најниско до највисоко ниво, кои ќе работат во меѓуфункционални тимови.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) д-р МарковскаМ.,2011, Иновативен Менаџмент, компендиум БАС Скопје
2) д-р Смилевски Ц., д-р Смилевски З и д-р Груевски Д., 2010, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, Скопје.
3) Адижес И, 2000, Овладување со промените, Детра Ценар Скопје;
4) БАС, Водство, 2010, Скопје.
5) д-р Стеваноска Емилија, 2011, компендиум – Компаниски и инвестициски Финансии,Скопје
6) д-р Трајкоска Г.,2010, Финансиска структура и профитабилноста на претрпијатието, Економски факултет Прилеп.

7) д-р Бранко Трајкоски и д-р Гордана Трајкоска, 1990, Финансиско работење на претпријатијата, Скопје.
8) www.nbrm.mk

МОДЕЛОТ КИР ВО ИНОВАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ ФАКТОР ЗА СОЗДАВАЊЕ ИНОВАТИВНИ КОМПАНИИ

Доц. д-р. Моника Марковска

Универзитет „Св. Климент Охридски"- Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола
monikamarkovska34@gmail.com

УДК: 005.591.6:339.137.2

АПСТРАКТ

Во услови кога неизвесноста се наметнува како реалност во работењето на компаниите, еден од начините да се постигне конкурентска предност се иновациите. Притоа се наметнува потребата од создавање поволна иновациска атмосфера, креирање и имплементација на иновациите како примарни задачи на современите компании. Иновациите бараат енергија и знаење за да се променат работите. Претприемачите/ менаџерите знаат дека компаниите делуваат во турбулентно и хиперконкурентно опкружување. Многу од нив се наоѓаат во ситуација да не можат да ги приспособат компаниите на конкуренцијата, новите технологии и променливите потреби на купувачите. За да излезат од таквата ситуација се наметнува потребата од моделирање на организациската култура, како клучен елемент во креирањето на иновативни компании.

Основниот модел што се разработува во овој научен труд се заснова на тезата дека иновацискиот менаџмент претставува процес, кој е резултат на: креативноста, иновативноста и развојот (КИР). Значењето на акронимот КИР- „господар" или „господин" укажува на фактот дека за да станат и останат конкурентни компаниите мора да иновираат повеќе и побрзо, да инвестираат во интелектуален капитал, знаење, истражување и развој на нови производи. Воведувањето на иновациите станува перманентна законитост во работата додека постигнувањето конкурентска предност бара креирање средина во која креативното мислење има централно место во организациските вредности, претпоставки и акции.

Клучни зборови: иновации, конкурентска предност, креативност, иновативност, развој на нови производи/ услуги.

THE MODEL CIR IN INNOVATION MANAGEMENT FACTOR FOR CREATING INNOVATIVE COMPANIES

Ass. Prof. Monika Markovska Ph.D.

University St. Kliment Ohridski- Bitola, Faculty of administration and information system management- Bitola
monikamarkovska34@gmail.com

UDK: 005.591.6:339.137.2

ABSTRACT

In circumstances where uncertainty arises as a reality in companies working, one of the ways to achieve competitive advantage in innovation. Thus there is a need to create a favorable innovation atmosphere, creation and implementation of innovation as primary tasks of modern companies. Innovations require energy and knowledge to change things. Entrepreneurs/ managers know that companies operating in turbulent and hipper competitive environment. Many of them find themselves unable to accommodate companies of competition, new technologies and the changing needs of customers. To get out of such a situation arises the need of modeling the organizational culture as a key element in the creation of innovative companies.

The basic model elaborated in this scientific paper based on the thesis that innovation management is the process that is the result of: creativity, innovation and development (CIR). The meaning of the acronym CIR- "master" or "gentleman" indicates that to become and remain competitive companies must innovate more and faster, to invest in intellectual capital, knowledge, research and development of new products. The introduction of innovation becomes permanent legitimacy to the work while achieving competitive advantage requires creating an environment in which creative thinking is central to organizational values, assumptions and actions.

Keywords: innovation, competitive advantage, creativity, innovation, development of new products/ services.

ВОВЕД

Во последното десетолетие на 20-тиот век истражувањата укажуваат на фактот дека научно- технолошкиот развој е основа за конкурентност како на компаниите така и на националните системи.

Иновациите и функционирањето на иновациските системи се основа на економскиот развој на развиените пазарни економии. Оттука произлегува значењето на иновациите како важна тема во современите истражувања. Истражувачите се фокусираат на процесот, од почетокот на идејата до нејзина реализација во видлив производ или процес кој има вредност за компаниите. Според мислењето на голем број автори, иновациите се процес на трансформирање на можностите во идеи и нивна апликативна употреба во практиката. Модерното, динамично време како и хиперконкурентноста на пазарот ја налага потребата иновациите да станат системска способност на компаниите, односно, клучна компетентност што постепено ќе станува дел од крвотокот на истите. За да бидат конкурентни, компаниите поставуваат прашања: Како да креираат иновации? Кои технологии ќе генерираат резултати? Во кои пазарни сегменти би можеле да влезат и да земат лидерска позиција? Кој е ризикот за таквите акции? Исто така поставуваат прашања од аспект на потребните способности да бидат успешни иноватори. Рамката на иновацискиот менаџмент е направена со цел да помогне да се управуваат сите иновациски активности кои ќе овозможат компаниите да станат успешни иноватори. Рамката на иновацискиот менаџмент го опишува систематскиот начин на размислување за управување на иновациите. Примарниот фокус на иновацискиот менаџмент е да им помогне на компаниите да изградат цврсти конкурентски способности преку иновативност.

ЗНАЧЕЊЕТО НА МОДЕЛОТ КИР ВО ИНОВАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

Во последно време се повеќе се актуелизира прашањето за иновациите и нивната улога во создавањето на иновативни компании. Но, една од дилемите се однесува на прашањето дали иновациите и инвенциите се синоними? Дали се разликуваат? Одговорот е дека постои разлика помеѓу иновација и инвенција. Инвенциите се творење на нешто ново. Инвенциите поседуваат „уникатност“, додека иновациите овозможуваат профитабилност и учество на пазарот. Инвенциите се конверзија на кеш во идеи. Иновациите се конверзија на идеите во кеш (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 14). Ова најдобро се опишува преку споредба на Thomas Edison со Nikola Tesla. Edison бил иноватор бидејќи тој направил пари од неговата идеја. Tesla бил инвентор, бидејќи потрошил пари за да ги креира неговите инвенции но, не профитирал од нив. Иноваторите продуцираат, профитираат и стануваат дел од пазарот со нивните иновации. Инвенторите можат или може да не профитираат од нивната работа. Основната разлика лежи во тоа дека иновациите се концентрираат на практична и комерцијална употреба на идеите или инвенциите. Инвенциите претставуваат концепција на идејата додека иновациите се трансформација на инвенциите во профит што имаат влијание врз националната економија. Paul Trott ја претставува релацијата меѓу иновациите и инвенциите преку равенката: Иновации = теоретска концепција + техничка инвенција + комерцијална корист (Trott, 2004, 67). Образложението на термините води кон расчистување на ваквата конфузија. Почетна точка на иновациите е концепцијата што ја означува фазата на генерирање на идеи за инвенција или иновација. Процесот на конвертирање на интелектуалните мисли во во видлив производ или процес се нарекува инвенција. Во овој дел голема улога имаат науката и технологијата. Оваа фаза се карактеризира со комбинација на напорна работа за да може да резултира со производ преку кои ќе се подобрат организациските перформанси. Подоцнежните активности се однесуваат на комерцијалната корист (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 16). Компаниите кои воспоставуваат процес на иновации пожелно е да знаат кои елементи ќе ги интегрираат во самата компанија со цел да создадат услови истите да станат иновативни. Основната претпоставка за компаниите да станат иновативни е да воведат пристап на иновации и на индивидуално и на организациско ниво. Компаниите располагаат со материјални, технички и човечки ресурси кои овозможуваат постигнување на резултати и придонесуваат за ефикасност и ефективност на работењето на компанијата, поддршка од менаџментот за воведување на нови проекти со кои ќе се подобрува работењето на компанијата. Овој дел се карактеризира со актуелизација на прашањето за креативноста на индивидуално и организациско ниво, како неопходен услов за иновациите во компанијата. Развојот и имплементацијата на иновациските активности бараат рационално и продуктивно користење на потребните ресурси што придонесуваат за зголемување на ефикасноста и ефективноста и подобрување на квалитетот на работата. За да може да се имплементираат иновациските активности потребно е да постои визија за „правење на нови работи на нови начини“ и рационално искористување на соодветните ресурси. Во контекст на тоа, се наметнува потребата од развивање на плански и систематски процес на иновации кој треба да се менаџира. Тука се актуелизира и значењето на иновацискиот менаџмент во чија основа лежат правилата, принципите, нормите, и ориентациите кои им помагаат на компаниите да изградат команиска инфраструктура на иновации. Основата на иновацискиот менаџмент ја сочинува верижно- системско-процесниот пристап, моделот КИР кој се состои од три елементи: креативност, иноватившност и развој.

Првиот елемент од моделот го сочинува креативноста. Креативноста вклучува примена на интелектуалните способности, љубопитноста и други карактеристики во одредено подрачје кое ќе резултира со креација на нешто ново. Креативноста се однесува на способноста ситуацијата, работите и појавите да се разгледуваат од нов аспект и при тоа да се наоѓаат нови и оригинални решенија. Исто така вклучува и забележување на нови релации меѓу претходно неповрзани работи и „произведување“ нови идеи и решенија. Основата на креативноста ја сочинува истакнување на „креативниот став“ на индивидуалците и препознавањето на можностите. Индивидуалците кои имаат „креативен став“ ја истакнува ориентацијата на вработените да бараат нови, неочекувани, необични решенија на проблемите, да отстапуваат од утврдените навики, стереотипи и шаблони, да не се приклонуваат на она што веќе е утврдено и креативно да ја забележуваат средината (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 26). При разгледувањето на креативноста особено е важна можноста за мерење на истата. Се работи за посебна особина по која вработените се разликуваат. Креативноста спаѓа во подрачјето на индивидуални карактеристики кои е тешко да се дефинираат и прецизираат, но се препознаваат кога ќе се видат. Поедноставно да се утврди дека некој/а креативно се однесуваат и предлага нови и креативни решенија, идеи и слично, отколку прецизно да се утврди од кои поедини способности и индивидуални карактеристики произлегува креативноста. Уште еден аспект на креативноста е препознавањето на можности. Препознавањето на можностите е резултат на поседување на нови и навремени информации кои со помош на когнитивните способности ќе ги препознае начините како достапните информации ќе ги реализира во нов производ. Можностите претставуваат соодветен сплет на околности кој создава потреба за нов производ и/или процес. Можностите имаат четири главни карактеристики и тоа: привлечност, правовременост, одржливост и остварливост во производ и/или процес кој дава вредност за купувачите (Samuel Certo, S. Trevis Certo, 2008). Се поставува прашањето на кој начин може да се препознаваат можностите? Можностите можат да се препознаваат на три начини и тоа со: (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 41).

1) Следење на трендовите.
2) Решавање на проблемите.
3) Пронаоѓање на недостатоци на пазарот.

Иноваторите работат во насока сами да создаваат можности односно да создадат производи и/или услуги кои овозможуваат вредност за купувачите. Можностите многу тешко се идентификуваат но, успехот во препознавањето на можностите е да се создаде производ и/или услуга кој ќе ги задоволи потребите на купувачите а не оние на иноваторите.

Вториот елемент се однесува на иновативноста како карактеристика на компаниите кои брзо реагираат на промените во опкружувањето преку генерирање на идеи кои ќе резултираат со нови производи, процеси и сл. На тој начин компаниите ќе можат успешно да функционираат, остварувајќи конкурентска предност и профитабилност. Иновативноста како организациска карактеристика вклучува развивање на иновациски стратегии кои го поддржуваат реализирањето на иновациски проекти и фокус кон истражување и развој. Компниите во современото конкурентско опкружување имаат една можност- „да бидат иновативни или да згаснат“. Оттука произлегува фактот дека иновациските активности кои се преземаат во процесот на иновациите мора да бидат идентификувани и организирани. Процесот на иновации мора да се креира и менаџира и да се поттикнува креативниот и иновативниот дух на вработените во компаниите. Затоа се налага потребата од иновациски стратегии чија цел е да овозможат опстанок на компаниите. Компаниите треба постојано да бараат одговори на прашањата: какви промени и трендови се случуваат во конкурентското опкружување? Со каква конкуренција се соочуват? Кои се силните и слабите страни на конкуренцијата? Кои производи и/или процеси треба да се понудат? Одговорите на овие прашања овозможуваат стратегиско размислување. Стратегијата значи да се утврдат различните начини за остварување на компаниските цели и мисија. Истата претставува рационално реагирање на компаниите на случувањата во опкружувањето во кое ги извршуваат своите деловни активности. Иновациите се интелектуално насочени активности и креативна работа заснована на систематичност. Тоа укажува на фактот дека планирањето на иновациите се однесува на стратегиското планирање на иновациски проекти за нови производи, процеси, пазари каде што основната идеја се разработува во комерцијален производ, процес, пазар. Иновациите бараат систематско размислување и планирање бидејќи динамичното и турбулентно опкружување бара екстерно ориентиран и проактивен пристап заснован на бројни анализи. Потребна е анализа на екстерното и интерното опкружување за да се развие соодветно дефинирана стратегиска рамка со цел да се развие организациска стратегија и стратегија за иновациски проекти.

Истражувањата во бизнисот се фокусираат кон создавање на бенефиции за компаниите. Целта на компаниите е да се развиваат, растат и создаваат профит низ нови производи, услуги и/или процеси. Компаниите развиваат сопствени истражувања за примена на нивното знаење при развојот на нови производи. Главните активности на И&Р вклучуваат: (Поленаковиќ, Марковска, 2013, 127).

1) Развој на нови технологии.
2) Подобрување на технологиите во постојните производи.
3) Подобрување на технологиите кои се применуваат во производството.
4) Примена на истражувачките резултати од универзитетските и други истражувачки институции.

Истражувањата и развојот водат кон реализација на иновациски проекти. Иновациските проекти претставуваат можност за компаниите брзо да одговорат на промените од опкружувањето. Способноста за иновирање на компаниите се гледа преку реализацијата на бројни проекти како: проекти за воведување на нови производи и/или процеси, проекти за воведување нови технологии, проекти за освојување на пазарот, научно- истражувачки проекти, инвестициски проекти, проекти за намалување на трошоци и сл. Иновациските проекти им овозможува на компаниите да ги развиваат нивните компаниски стратегии и тактики кои резултираат со развој на иновативни производи.

Третиот елемент развојот се фокусира на развој на нови производи кои вклучуваат активности за дизајнирање и лансирање производи на пазарот. Бројни автори кои работат на оваа проблематика даваат свои размислувања во однос на фазите во развојот на новиот производ. Анализата на фазите во развојот на новиот производ води кон заклучок дека развојот на новиот производ започнува со идеја што се моделира во потенцијален концепт, потоа се преминува кон дизајн на производот за на крајот да резултира со комерцијален производ за пазарот. Фазите на развојниот процес на новиот производ ги опишува акциите преку кои концептот на производот преминува од едно ниво кон наредно ниво.

ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА КАКО ОСНОВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ИНОВАТИВНИ КОМПАНИИ

Во услови кога неизвесноста се наметнува како реалност во работењето, еден од начините за постигнување конкурентска предност се иновациите. За да станат и останат конкурентни компаниите мора да инвестираат во интелектуален капитал, знаење, истражување и развој на нови производи. Иновациите стануваат перманентна законитост во работата на компаниите. Затоа се наметнува потребата од создавање на клима и култура која е ориентирана кон иновации, која го поттикнува претприемачкиот дух кај вработените. Иновациите бараат енергија и знаење за да се променат работите. Не случајно, една од најчесите фрази е: „луѓето се најголемата вредност за компаниите“. Без разлика на тоа дали станува збор за дизајнирање на нов автомобил, донесување на нов концепт за компјутер на пазарот или патување на човекот во вселената и сл., успехот доаѓа од вработените кои работат заедно во тимови со високи постигнувања. Овој ефект кога е размножен низ компаниите, дава големи резултати. Но, успехот на компаниите не е резултат само на индивидуалните креативни активности туку и на посветеноста кон иновациите од страна на компаниите. Компаниите мора да негуваат култура ориентирана кон иновации бидејќи таквата култура им отвора пат кон освојување нови пазари и задржување на постојните. За да може иновациите да бидат конзистентни, компаниската култура мора да ги негува и охрабрува креативноста, мислењето “out of the box”, експериментирањето со нови идеи, прифаќањето на ризик, соработката со другите во организациите и сл. Иновативната компаниска култура е онаа во која вработените се охрабрувани континуирано да го акумулираат знаењето. Тоа е култура каде што отворената комуникација е норма, во која вработените имаат лесен и комплетен пристап до информациите. Тоа е средина во која сите вработени се стимулирани да дејствуваат со нивната акумулирана мудрост со цел да генерираат иновации. Иновативната компаниска култура не е нешто што компаниите може да го постигнат за кратко време. Иновациите бараат поддршка од сите сегменти во компаниите. Табелата 1.1. дава преглед на основните компоненти на иновативните компании.

Табела 1.1. Компоненти на иновативните организации

КОМПОНЕНТИ	КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
Визија и желба за иновирање	Споделено чувство за иновирање. Поставување стратегиските цели за иновации. „Обврзаност на топ менаџментот“ кон иновации.
Организациска структура	Организациски дизајн којшто ја оспособува креативноста, учењето и интеракцијата.
Вработените како извор на иновации	Енергични и упорни вработени кои експериментираат со идеи и препознаваат можности за потенцијални иновации.
Тимска работа	Тимска работа при решавање на проблеми. Инвестиции во селекција и изградување на тимови.
Континуиран индивидуален развој	Едукација и обука на вработените за обезбедување високи нивоа на компетентност и вештини.
Комуникација	Во рамките и помеѓу и надвор од копманијата. Интерно и во три димензии- нагоре, надолу и латерално.
Екстерен фокус	Континуирани активности за набљудување на трендовите, промените во опкружувањето.
Компаниска клима и култура	Позитивен пристап кон креативните идеи, поддржани од релевантни системи на мотивација и наградување.
Компанија што учи	Вклученост на организацијата во проактивни експерименти, пронаоѓање и решавање на проблеми, комуникација и споделување на искуства и знаење.

Извор: J.Tidd, J. Bessant, K. Pavitt, Managing innovation, Integrating tecnological, market and organizational change, 3rd edition, (John Wiley&Sons, Ltd, 2005), 469

Од табелата 1.1. може да се заклучи дека иновативните компании имаат можности за мобилизирање на знаењето, вештините на вработените а со тоа ја развиваат и компаниската способност за развој на нови производи и нови начини на работење. Во градењето на иновативни компании потребно е да се посвети значајно внимание на компаниската култура која претставува „поле за игра“ за сите иновациски проекти и активности. Компаниите мора да создадат поволна култура што ги стимулира вработените, која е флексибилна, идеите се добредојдени, се толерира ризикот, се прославува успехот, се охрабрува синергијата и сл.

ЗАКЛУЧОК

Теоретската елаборација на основниот модел КИР во иновацискиот менаџмент укажува на фактот дека изградувањето на капацитет на компаниите за иновации претставува комплексен процес кој од друга страна, пак, бара многу посветеност и напор. Истражувањата укажуваат на бројни примери од практиката за неуспешни иновации или пак неискористени идеи како резултат на недостатокот на знаење за основните законитости на иновацискиот менаџмент. Успехот во градењето на „иновативни компании“ може да биде постиглив само со вградување на елементите на моделот на КИР во компаниската култура. Тоа подразбира фокус кон креативноста, иновативноста и развојот како и менаџирање на елементите на сите нивоа во компаниите. Иновативните компании инвестираат време, пари и напор во учењето како да научат побрзо: како да соберат податоци и ефективно да ги искористат за да моделираат одлуки, како да ги пронајдат причините за проблемите, како да експериментираат за да детерминираат оптимални оперативни услови за технологијата што ја применуваат и како рапидно да го подобрат дизајнот на процесот. Потребно е да постои сигурност дека вработените учат за системите во кои работат. Потребно е да знаат за потребите на купувачите и снабдувачите. Иновативните компании се компании што учат. Тоа се адаптивни компании каде вработените се слободни да размислуваат, да ги идентификуваат проблемите и можностите. Во компаниите што учат вработените ја споделуваат желбата за лично и компаниско подобрување. Вработените имаат чувство за одговорност да научат како да ги направат подобро работите и покажуваат проактивност во барањето начини како да го подобрат она што го прават. Компаниите константно се проучуваат себе си и своите пазари. Сите вработени константно настојуваат да ги подобрат своите вештини. Иновативните компании учат како функционираат промените а нивни предизвик се иновациите.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Bruce R. Barringer, R. Duane Ireland, (2010), *Poduzetnistvo, uspjesno pokretanje novih poduhvata, trece izdanje,* Tuzla: Prentice Hall
2) Gareth R. Jones, Jennifer M. George, *Современ менаџмент*, Скопје: Глобал комуникации

3) David O' Sullivan, Lawrence Dooley, (2009), *Applying Innovation,* SAGE Publications, Inc.
4) Joe Tidd, John Bessant and Keith Pavitt, (2005), *Managing innovation, integrating technological, market and organizational change,* England: John Wiley & Sons, Ltd.
5) Радмил Поленаковиќ, Моника Марковска, *Иновациски менаџмент, основи за постигнување конкурентска предност*, (Скопје: НЦРИПУ, 2013)
6) P. Trott*, Innovation Management and New Product Development, Third Edition,* (FT, Prentice Hall, 2004)
7) Samuel Certo, S. Trevis Certo, (2008), *Modereni menadzment*, Zagreb: Mate

A COMPARATIVE ANALYSIS OF INNOVATION PERFORMANCE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Milena Boshkoska Klisaroski M.Sc.

Faculty of Economics - Prilep, Republic of Macedonia
milenaboskoska@yahoo.com

UDK: 005.591.6(497.7)

ABSTRACT

As more organizations make innovation an integral part of their organizational structure, leaders must turn their attention to innovation performance. The outcome of innovation must be delivered in order to both justify the expenditure and to ensure the continuing success of the business. There often is a long time between when the expenditure for innovation is promised and when the final outcome is achieved. If this time can be reduced by efficient innovation performance, then the organization can deliver growth at a faster rate. The European Innovation Scoreboard (EIS) is the instrument developed at the initiative of the European Commission, under the Lisbon Strategy, to provide a comparative assessment of the innovation performance of EU Member States. The EIS provides an annual assessment of innovation performance across the EU and other leading innovative nations. The EIS has been both welcomed as a relevant tool for innovation benchmarking. Macedonia from 2010 year is a part of European family through its involvement in EIS. In this paper we will focus on a comparative analysis with Macedonia and other EU countries. Macedonia is one of the modest innovators with a below average performance.

Keywords: innovation, EIS, innovation performance, comparative analysis.

INTRODUCTION

БРИК државите се во постојана експанзија. Кон оваа асоцијација се приклучува и Јужна Африка. Економската рамнотежа во светот се менува. Овие држави неконтролирано созреваат. Замената на улогите во светската економија претставува историска пресвртница.

ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД БРИКС

Државите од БРИКС превземаат околу 40% од учеството во светската економска размена.



Графикон 1. Дел на водечките економски сили во глобалниот БДП 2007-2015

Извор: IMF, "World Economic Outlook (Recovery, Risk and Rebalansing)'', October 2010, pp: 177-182.

Графиконот покажува пад на уделот на развиените држави во глобалниот бруто домашен производ. САД имаат опаѓање за 5,5%, Европска унија 9,8%, Кина раст од 9,5%.



Графикон 2: Пораст на БДП на водечките економски сили 1991-2011

Извор: IMF, "World Economic Outlook (Recovery, Risk and Rebalansing)'', October 2010, pp: 177-182.

Државите члени на БРИК се диверзифицираат со вкупна куповна моќ per capita при што: во Русија во 2010 година се движи до 15600 долари, во Индија 3637 долари, во Бразил 11300 долари и во Кина 7757 долари.(World Economic, 2010)

Започнување на размената со рубљи и јуани од крајот на 2010 година претставува симболична историска случка која ги надвестува тектонските промени во светската економија и политика со тенденција на глобална финансиска трансформација и економска архитектура.(Maloney, 2008) Појавата на континуираните рецесиони периоди во Западните држави е процес кој негативно се одразува врз конвертабилноста на валутите. Тоа пак може да доведе до појава на промена на монетарниот систем во глобални рамки.

НОВИ РАЗВОЈНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ

Претставниците на државите од БРИКС на самитот во Бразилскиот град Форалезе на 15 јули 2014 година потпишуваат договор за формирање на нова развојна банка. Банката има основачки капитал од 50 милијарди долари која рамноправно го обезбедуваат членките во иницијален износ по 10 милијарди долари во готово и 40 милијарди долари во гаранциски средства. Од 2016 година банката ќе започне да издава кредити. Исто така е потпишан договор за формирање на банкарски пул на валутни резерви од 100 милијарди долари со кој ќе координира државата која претседава со таа асоцијација. Целта на државните резерви е заштита на националните валути од пореметувањата на финансиките пазари односно поконкретно финансиските политики на западните држави. Со оваа се зајакнува финансиската независност на државите членки на асоцијацијата. Новата финансиска организација всушност претставува алтернатива на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд. Со оваа активност и формирање, според зборовите на претседателката на Бразил Дилма Русеф, се пречекорува важниот чекор на патот кон глобалната финансиска архитектура.

Банката ќе биде специјализирана за развој на инфраструктурни проекти на територијата на членките на БРИКС како и земјите во развој. Според зборовите на министарот за финансии на Русија, Антон Силуанов, банката ќе биде отворена за прием на нови основачи помеѓу членките на ОН но со основачки дел од земјите на БРИКС не понизок од 55%. Седиштете на банката е во Шангај, а првиот претседател во наредните пет години е од Индија, потоа од Бразил и Русија.

Шефовите на државите од Јужноамериканскиот регион го поздравуваат основање на развојната банка како алтернатива на меѓународните институции. Претседателите на државите од БРИКС набргу по основањето на Банкарските институции се срекаваат со претседателите на: Мексико, Аргентина, Колумбија, Чиле, Венецуела, Боливија кои го прифаќаат основањето на новата финансиска институција. Основањето на новата банка БРИКС според тврдењето на Венецуелскиот претседател Николас Мадура претставува голема новост за Јужна Америка која се бори против шпекулативните фондови. “Сигурни сме дека развојната банка ќе овозможи во иднина крај на политиката на неолиберализмот и неоколинијзлимот” изјавува Боливискиот претседател Ево Моралес.

Целта на овие земји во напредок сепак не е одалечување од ММФ туку процес на негова демократизација, изјавува претседателката на Бразил во средбата со премиерот на Индија Нредром Моди.

Евидентен е заклучокот дека државите во развој се движат кон развој на сопствената положба во клучните структури на меѓународното финансиско управување. Тие зајакнуваат меѓусебно и работат врз сузбивање на хегемонијата од САД а со тоа и промена на глобалниот економски поредок.

Русија и Кина како два најзначајни суверени центри имаат односи кои никогаш не се биле подобри. Европа се мачи веќе неколку години по избувнувањето на кризата, САД имаат спор но стабилен раст кој е предводен од енергетскио сектор и производство. Но се појавуваат нови држави кои доаѓаат. Тоа се државите и регионите кои со комбинација на големината, резултатите и економскиот потенцијал се интересни за инвеститорите во наредните пет години како што се: Мексико, Јужна Кореја, Полска, Турска, Индонезија, Филипини.

Иако се појавуваат потенцијални приклучници сепак е јасно дека главни играчи на светската економска сцена остануваат: САД, Кина, Европска Унија (попрецизно Германија која и зборува во името на целата ЕУ), можеби приклучок ќе има и Јапонија со оглед на значајноста на нејзината економија. Доколку не се предизвикаат драматични промени во наредните дваесет години се предвидува дека Кина и Индија како најголеми држави по број на население ќе бидат доминанти играчи во светската економска сцена како што впрочем доминирале пред 200 години.

ЗАКЛУЧОК

Развојот на земјите од БРИКС асоцијацијата доведува до една иднина која е неочекувана. Големите светски економски сили и понатаму остануваат големи но глобалната моќ постепено се распределува на повеќе регионални центри. Можеби нешто навестува изјавата на Хенри Форд “ Добро е што луѓето не се запознаени со нашиот банкарски и монетарен систем, инаку во спротивно би дошло до револуција пред да осамне утрешниот ден”

Економската криза иницира состојби во кои државите надвор од западниот свет превземаат чекори во креирање и прилагодување на економската политика. Единствена цел пред креаторите на развојната политика се поставува обновата на финансискиот сектор и политичка поддршка за истиот. Во исто време потребно е да се подготват стратегии со кои постепено ќе се елиминираат државните интервенции на еден координиран начин. Се потврдува тезата дека успешни економии не се оние кај кои државата има минимално влијание туку оние кај кои има најделотворно влијание.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Alfred W McCoy „ Policing America's Empire (The United States, the Philippines, and the Rise of the Surveillance State)", University of Wisconsin Press, 2010
2) Blackwill Robert, "The Geopolitical Consequences of the World Economic
3) Recession – A Caution'', Occasional Paper, Rand CORPORATION, 2009.
4) Brooks Stephen, Wohlforth William, "Reshaping the World Order'', Foreign Affairs, March-April, 2009.
5) Maloney Michael, "Rich Dad's Advisors: Guide to Investing In Gold and Silver(Protect Your Financial Future)'', Business Plus, 2008.
6) М.Стевановски, К.Стевановска, Финансиски менаџмент, МИТ Скопје, 2011
7) М.Стевановски, Влијанието на реверзибилни ефекти на финансиската криза и глобализацијата врз општествениот развој, Европски универзитет Скопје, 2014
8) IMF, "World Economic Outlook (Recovery, Risk and Rebalansing)'', October 2010
9) http://www.blic.rs/Vesti/Svet/97578/Svetska-kriza-ce-ojacati-Kinu
10) http://www.psinvest.rs/sr/merderi?format=pdf

GEP МОДЕЛ НА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ ВО ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИРУЦИИ КАКО ОСНОВА ЗА ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Доц. Д-р Маја Кочоска

БАС Институт за менаџмент, Битола
maja.kocoska@bas.edu.mk

УДК: 658.8:378.018

АПСТРАКТ

Динамичното и конкурентно окружување бара од секоја високо образовна институција да се трансформира во флексибилна и отворена организација, а секој вработен да ја прифати својата улога и новиот начин на размислување и соработка со цел да се обезбеди високо квалитетна и конкурентна услуга.

Како услужна организација, секоја високото образовна институција нуди услуга која во исто време е апстрактна, хетерогена, променлива и неразделна од личноста која ја дава и личноста која ја добива. Ако нејзина основна цел е да испорача супериорна услуга тогаш потребно е правилно да ги идентификува потребите на пазарот и да креира понуда која ќе ги задоволи тие потреби на поефикасен и поефективен начин од останатите конкурентни високообразовни институции.

Квалитетот на услугата во овие институции претставува функција на перцепцијата на студентот т.е. начинот на кој тој ја доживел таа услуга наспроти очекувањата кои претходно ги формирал. Со оглед на фактот што услугата претставува неопиплива категорија, истата многу тешко се перципира и во исто време многу тешко може да се постави некој стандард кој ќе се користи за мерење на тој квалитет. Исполнување или надминување на овие очекувања предизвикува висок степен на задоволство, а студентот претставува најголем „промотер“ на таа институција и влијае на создавање на нејзиниот имиџ и позиција на пазарот.

Но, праксата покажува дека во процесот на испорака на идеална услуга која максимално ќе ги задфоволи очекувањата се јавуваат неколку отстапувања или јазови. Целта на овој труд е да ги објасни сите јазови при испорака на услугата и да покаже како преку

инвестирање и континуирано истражување на корисниците на услугите високообразовните институции можат да ги идентификуваат факторите кои влијаат на квалитетот на услугите од аспект на нејзините корисници т.е. студентите.

Клучни зборови: услуга, квалитет, високообразовна институција.

GEP SERVICE QUALITY MODEL IN HIGH EDUCATION INSTITUTION FOR POSITIONING AND COMPETITIVE ADVANTAGE

Ass. Prof. Maja Kocoska Ph.D.

BAS Institute of Management, Bitola
maja.kocoska@bas.edu.mk

UDK: 658.8:378.018

ABSTRACT

The high education institutions that work in dynamic and competitive environment need to transform to flexible and open organization where each employee will accept its role and new way of collaboration in order to provide competitive and high quality service.

The high education institution is service oriented organizations which provide a notional, heterogeneous, variable service inseparable from person who give it to person who accept it. In order to deliver a superior service, this kind of institution needs to identify individual needs and to create a supply which will satisfy these needs in more effective and efficient way compare with other competitive high education institutions. Service's quality of this institutions is function of student's perception or present how students perceive this service compare its expectations. Because of service is intangible category, is pretty hard to perceive it and create standards for measurement. If this expectations is fulfill than the students are more satisfied and in the same time they are truly "promoters" of this institution.

In real conditions, delivering of perfect service which will satisfy expectation completely show same gaps. The main objective of this paper is to explain all gaps that appear while delivering service and to show how high education institutions can identify all factors that influence on quality from students point of view through continuous investment and research.

Keywords: service, quality, high education.

ВОВЕД

„Не постои единствена дефиниција за квалитет...Тоа е лично чувство дека нешто е подобро од другото. Тој се менува во текот на животниот циклус на потрошувачот, од една генерација до друга, а најмногу зависи од различните аспекти на човечките активности.“

McKinsey

Успешните услужни организации на квалитетот гледаат како референтна точка на постоење и унапредување. Сепак, димензиите на квалитет се разликуваат во различни организации или во одделите на една организација и затоа потребно е да се изврши идентификација на општата димензија на квалитетот на услугите. Имено, квалитетот на услугата претставува функција на перцепцијата на потрошувачот т.е. начинот на кој тој ја видел и доживеал услугата и очекувањата кои ги формирал пред користењето на таа услуга.

Услугата која ја даваат високообразовните институции е апстрактна, хетерегена, променлива и не може да се оддели од личноста која ја дава и корисникот (студентот) која ја добива. Целта на образовниот систем е да продуцира кадри кои со своите вештини и компетенции можат да се интегрираат во општеството. Динамичниот пазар бара активни и инвентивни студенти и при тоа бара да бидат исполнети неколку критериуми: 1) комплексност на „образовниот производ“ – високото образование создава комплексен производ кој претставува спој на образовното и развојното искуство; 2) општествена улога на образовните институции – компатибилност помеѓу понудата и побарувачката на услугата и доследност на поставената мисија; 3) конкуренција – диференцијација на понудата заради остварување долгорочна репутација на пазарот.

Доколку образовните институции се гледаат како компании, тогаш студентите се нивни „корисници“ или „купувачи“. При тоа, процесот на донесување одлука за избор на одредена високообразовна институција од страна на студентите е компатибилен на одлуката за купување на одреден производ. Студентите бараат додадена вредност, подобра услуга, функционална програма, подобар квалитет т.е. за своите пари очекуваат да добијат поголема вредност.

Сатисфакцијата на потрошувачите т.е. студентите треба да биде цел на секоја високообразовна институција. Нивото на сатисфакција претставува разлика помеѓу перформансите на самата услуга, како истите се доживеани и претходно поставените очекувања. Доколку услугата е под очекувањата на студентот тогаш се јавува состојба на незадоволство. Студентот веднаш го менува својот став за институцијата, а постои можност истата да ја замени и при тоа континуирано да шири негативни информации за неа. Доколку очекувањата бидат исполнети, се јавува состојба на задоволство кај студентот кој понатаму постојано шири позитивни мисли за институцијата и на таков начин влијае на зацврстување на нејзината позиција на пазарот. Но, доколку очекувањата бидат надминати, се јавува состојба на тотално задоволство кај студентот или состојба на воодушевување која го претвора студентот во најголем промотор на институцијата и влијае на нејзино позиционирање во свеста на потрошувачите.

СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД АСПЕКТ НА МАРКЕТИНГОТ

Задоволството на студентот е резултат на две компоненти: настава и искуствени фактори на високообразовната институција. Првиот елемент се дефинира како чист производ на самата институција. Но, другата компонента се состои од промотивните активности и експерименталните фактори кои се поделени во две групи, и тоа: формални и лични. Формалните фактори се однесуваат на инфраструктурата и ресурсите со кои се располага, а личните фактори се однесуваат на третманот кој студентите го добиваат.

Промените во потребите, различните очекувања и динамичното окружување од една страна и економските услови и потребите за подобрување на продуктивност во работењето од друга страна претставуваат предизвик за секоја високообразовна институција.

Доколку основната цел на секоја високообразовна институција е да обезбеди понуда која ќе биде компатибилна со побарувачката на пазарот, тогаш нејзината отворена и флексибилна организациска структура треба да овозможи непречен тек на информации и идеи, како и брзо реагирање на промените на пазарот, а тоа бара секој вработен да ја прифати својата улога и новиот начин на размислување.

Ако високообразовната институција сака да се позиционира на пазарот како организација која ќе испорачува супериорна услуга, тогаш пред сè треба да воспостави соработка помеѓу давателите и корисниците на таа услуга. За таа цел потребно е да се примени т.н. холистички пристап во маркетингот во кој постои интеграција на екстерниот, интерниот и интерактивниот маркетинг. Ако екстерниот маркетинг ја одликува работата во насока на креирање цена, дистрибуција и промоција на услугата, тогаш интерниот маркетинг влијае на едукација и мотивација на вработените со цел услугата да биде правилно пренесена. Интерактивниот маркетинг се однесува на вештините на вработените во процесот на давање услуга на корисниците т.е. студентите.

Слика бр. 1 Триаголник на маркетинг услуги

Извор: Kotler P, Keller K.I. (2006): "Marketing management" 12 ed. P.410

Екстерниот маркетинг се однесува на ветувањето кое високообразовната институција го дава на потенцијалните студенти. Исполнувањето на ветувањето зависи од интерактивниот маркетинг кој влијае на лојалноста на корисниците на услугата т.е. студентите. Интерниот маркетинг всушност ја има критичната улога бидејќи влијае на способноста на испораката на ветенета услуга – регрутација на кадар, обуки, мотивација, технологија. Она што го ветува екстерниот маркетинг мора во целост да биде исполнето.

КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГАТА КАКО КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Во процесот на испорака на идеална услуга во праксата доаѓа до појава на повеќе т.н. јазови или отстапувања (GAP) кои ќе ги елаборираме во продолжение.

Слика бр. 2GEP модел за квалитет на услуги

Извор: Zeithaml A.V., Bitner J.M., Gremler D.D. (2006), Services Marketing 4th edition, McGrawHill, p. 36

Првиот проблем за институцијата е т.н. јаз на корисникот на услугата кој се јавува како резултат на незадоволството од услугата. Незадоволството се јавува како резултат на претходно поставените очекувања т.е. корисникот добил помала услуга од онаа која ја очекувал.

Непотполно разбирање на очекувањата на корисникот на услугата – менаџментот целосно не ги разбрал очекувањата на студентот – GEP 1. Доколку студиската програма е погрешно дефинирана доаѓа до нарушување на ефикасноста, поставување конкретна стратегија и испорачување на бараната услуга. Како причина за ваквата ситуација најчесто се истакнуваат: погрешно или нецелосно спроведени маркетинг истражувања, недостаток на вертикална комуникација, недоволно фокусирање на развој на односи и врски, несегментирање на пазарот, не земање во предвид на коментарите, жалбите итн.
Отстапка помеѓу начинот на кој образовната институција ги разбира очекувањата на студентите и начинот на кој одговара на нив преку креирање услуга и нејзини стандарди за квалитет – GEP 2. Стандардите за квалитет на услугата треба да бидат поставени од аспект на желбите и потребите на корисниците т.е. студентите и што претставува за нив квалитетот, а не на основа на интерните способности и ресурси. Доколку стандардите не се дефинирани на ваков начин, а во исто време се јавува незадоволство од општиот амбиент и физичките елементи на институцијата, доаѓа до конфликт.
Отстапување на начинот на кој услугата претходно е дефинирана од страна на менаџерите (квалитет, стандарди, начин на испорака) и начинот на кој навистина е испорачана до студентите – GEP 3. Овој јаз се однесува на интеракцијата помемеѓу професорите и студентите, службата за студентски прашања или администрацијата и студентите. Проблемите најчесто произлегуваат како резултат на неадекватно избран кадар, неадекватен систем на наградувања и евалвации, одсуство на активности кон студентите или родителите како еден вид соработници во процесот на испорака на услугата.
Разлика помеѓу испорачаната услуга и она што претходно е ветено на студентите преку различни канали на комуникација – GEP 4. Доколку високообразовната институција во процесот на

комуникација со потенцијалните студенти даде поголеми ветувања од она што може реално да го исполни тогаш се предизвикуваат преголеми очекувања на корисниците на таа услуга. Причините на ваквата ситуација се резултат на недостаток од интегрирана маркетинг комуникација на услугите, неефективно управување со очекувањата на корисниците на услугата, преинтензивни ветувања и неадекватна хориознтална комуникација.

Преку истажување на мислењето на корисниците на услугите доаѓа до затворање на три јаза и тоа: прв јаз е помеѓу вистинските и перципираните потреби – преку спроведување на адекватно истражување на пазарот постои поголема можност за дизајнирање и развивање на студиски програми кои реално се потребни во окружувањето. Во спротивно доаѓа до низа проблеми кои се предизвикани од недоволниот интерес за студиските програми, инстантно преминување на други алтернативи, незадоволство кај вработените, незадоволство од наставниот процес и лоши оцени; втор јаз е помеѓу дадените и примените наставни програми. Имено, потребно е да се определи начинот на кој студентите ги воочуваат карактеристиките и корисноста од наставната програма бидејќи постои опасност од субјективно креирање на програмите кои вклучуваат сопствени убедувања на менаџерите, а не на студентите; трет јазсе однесува на јаз во квалитетот бидејќи најголем број од високообразовните институции имаат интерни механизми за мерење на квалитетот кој го даваат. Од маркетинг аспект се смета дека квалитетот на услугата може да се мери исклучиво од аспект на корисникот.

Студентите и другите партнери на високообразовната институција најчесто имаат различна перципција за нејзините перформанси. Родителите многу често овие перформанси ги мерат врз база на академскиот резултат, угледот кој институцијата го има во јавноста, а студентите како критериуми за проценка на квалитетот ги земаат динамиката на самите предавања, степенот на заинтересираност кој зависи од самиот професор и начинот на кој академскиот импут е презентиран, толерантност или воспоставениот контакт.

ПЕРЦЕПЦИЈА НА УСЛУГАТА ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ И УТВРДУВАЊЕ ДЕТЕРМИНАНТИ НА КВАЛИТЕТ

Parasuramanja дал една од најпознатите рамки за квалитет на услугите која ги опфаќа следниве димензии: сигурност, достапност, одговорност, компетентност, љубезност, комуникација, кредибилитет, безбедност, разбирање на корисникот и рационалност. Понатаму, направена е евалвација на овие димензии за квалитет во развиените и земјите во развој, а резултатите покажале дека димензиите посветеност, достапност и разбирање на корисниците на услугата зависат од показателите на економска развиеност на земјата (технологија, конкурентност, образование, инфраструктура, богатство).

Врз основа на GAP моделот за квалитет на услугите може да се идентификуваат неколку детерминанти на квалитет на услугите и тоа по редослед на важност:

1) Сигурност – способност да се даде ветената услуга целосно и во согласност со ветувањето;
2) Одговорност – спремност да се помогне на секој корисник и да му се даде брза услуга;
3) Убедливост – знаење и љубезност од страна на вработените, способност да влеваат доверба и сигурност кај секој поединец;
4) Емпатија – грижа за корисниците и индивидуално посветување на внимание;
5) Опипливост - материјализација на услугите (изглед на просториите, опремата и промотивниот материјал)

Gronroosro дели ставот за подредување на перципираниот квалитет на услугата со одредени стандарди. Но, услугата се дефинира како „резултат на процесот на евалуација во која корисниците ги подредуваат своите очекувања со услугата која ја имаат добиено“, а со тоа се доаѓа до изедначување на сатисфакцијата на корисниците со квалитетот на услугата.

Доколку покрај сатисфакцијата на корисниците се вклучат и останатитете фактори: квалитет на производ, цената, ситуационите и личните фактори тогаш, квалитетот на услугата се зема како една од компонентите кои влијаат, но не и единствена.



Слика бр. 3Перцепција на услугата од страна на корисниците

Извор: Zeithaml A.V., Bitner J.M., Gremler D.D. (2006), Services Marketing, 4th edition, McGrawHill, p. 107

Основната цел на овој модел е да се изврши анализа и идентификација на отстапувањата во квалитетот на различно ниво преку утврдување на варијаблите кои може да влијаат на квалитетот на понудата. Како модел ориентиран е кон надворешното окружување и во фокусот на своето внимание ги става потрошувачите и нивната перцепција кон квалитетот, а потоа менаџментот врши идентификација на релевантните фактори кои влијаат на тој квалитет.

ЗАКЛУЧОК

Маркетинг филозофијата бара од секоја високообразовна институција ефикасно и ефективно да ги користи елементите од маркетинг миксот кој се јавув во двојна улога и тоа: комуникациска – потребата да се пренесе правилната услуга заради задоволување на потребите и преференциите на студентите, и оперативна – потребата да се одстранат бариерите во процесот на размена. Секој од елементите на маркетинг миксот има своја улога во процесот на испорачување на услугата која влијае на одлуката кај крајниот потрошувач (студент). Бидејќи услугата претставува комбинација од опипливи и неопипливи елементи може да се анализира од три нивоа: суштинско, опипливо и зголемено. Во суштина секоја услуга треба да даде одговор на прашањето кое се однесува на вистинската потреба на студентите. Бидејќи перцепцијата за квалитетот на услугата не зависи исклучиво од нејзиниот корисник, секоја високообразовна институција треба да обрне внимание на целото окружување и сите стејкхолдери кои директно или индиректно влијаат на тој квалитет: интензивирање на партнерските односи, вршење континуирани квалитативни и квантитативни истражувања, истражувачки проекти и вклучување на студентите во истите и создавање на модел на вкупна сатисфакција која ќе биде резултат не само на моменталните доживувања, туку и на сите претходни искуства.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Kotler P, Keller K.I. (2006): "Marketing management" 12 ed
2) Zeithaml A.V., Bitner J.M., Gremler D.D. (2006), Services Marketing 4th edition, McGrawHill,
3) Burrell D.M., Grizzell B.C., (2008) "Competitive Marketing and Planning Strategy in Higher Education", Empirical Research, Volume 6-Issue 1, Jan 9
4) Cornul E., (2007) "Challenges facing business schools in the future, Journal of Management Development, Vol. 26 No. 1
5) Dolaček A. Z., Sigmund V., Lončar V.S., (2008) Osiguranjekvalitetavisokogobrazovanja u Evropskomobrazovnosmprostoru. Tehničkivjesnik 12, RepublikaHrvatska
6) Eegly L., Brennan R., (2007) Are students customer? TQM and marketing perspectives, Quality Assurance in Education Vol. 15 No. 1
7) Elliot K.M., Healy M.A., (2001) "Key factors influencing student satisfaction related to recruitment and retention, Journal of Marketing for Higher Education, 10(4)
8) Gutman J., Miaoulis G., (2003) "Communicating a quality position in service delivery: an application in higher education", Managing Service Qality, Vol. 13 No. 2
9) Picton D.A. Broderick (2001) Integrated Marketing Communications, Prentice Hall

ПРИДОНЕСОТ НА ИНОВАЦИИТЕ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМПАНИСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ

м-р Маја Милевска-Кулевска
докторант на Филолошки Факултет "Блаже Конески"-Скопје
majamilevska@gmail.com

м-р Биљана Додовска Георгиев
ОУ Даме Груев-Битола
dodovska_b@live.com

УДК: 005.591.6:373.5.018.556(497.7)
005.591.6:373.5.018.593(497.7)

АПСТРАКТ

Поаѓајќи од основната цел на секоја компанија благовремено да се прилагоди на современите општествени промени и стабилно да опстои на пазарот на трудот, овој труд ќе се обиде да покаже колку иновациите придонесуваат да се подобри таа конкурентност на компаниите денес. Основен услов за реализирање на таа цел на компаниите е компетентноста на самите човечки ресурси во компаниите која гарантира и нејзин успех на пазарот на трудот. Поаѓајќи од концептот на доживотно учење, преку овој труд ќе се обидеме да ја актуализираме потребата за континуирано образование која истовремено ќе создаде компетентни кадри да одговорат на иновациите кои неминовно ги наметнуваат постојаните општествени промени. Истражувањето ќе ги опфати компаниите кои нудат услуги за изучување на странски јазици од државниот и приватниот сектор во регионот во време на забрзан пораст на компаниска конкурентност. Притоа, акцентот ќе биде ставен врз придонесот на иновациите во наставниот процес и компетентноста на човечките ресурси да применат иновативен пристап во самата настава, со цел нивната компанија да биде што поконкурентна како и поподготвена прагматично да одговори на моменталните потреби на корисниците на услугите кои самата компанија ги нуди, како и истите да ги задржи како свои постојани клиенти.

Завршниот дел од трудот ќе ги опфати предностите кои произлегуваат од обуки на човечките ресурси насочени кон

подобрување на продуктивноста на самите компании а кои задолжително ќе ги опфатат иновациите во доменот.

Клучни зборови: настава, иновации, компаниска конкурентност.

CONTRIBUTION OF INNOVATIONS IN ORDER TO IMPROVE COMPANIES' COMPETITIVENESS

Maja Milevska-Kulevska, M.Sc.

PhD candidate at Faculty of Philology "Blaze Koneski"-Skopje
majamilevska@gmail.com

Biljana Dodovska-Georgiev, M.A.

PS Dame Gruev Bitola
dodovska_b@live.com

UDK: 005.591.6:373.5.018.556(497.7)
005.591.6:373.5.018.593(497.7)

ABSTRACT

Starting from the basic goal of any company to adapt to the contemporary social changes and to be stable in the labor market, this article will attempt to show how innovations contribute to improve the competitiveness of the companies nowadays. A basic requirement for the realization of this goal is the competence of the human resources in the companies that guarantees its success in the labor market.

According to the concept of lifelong learning, through this article we will try to actualize the constant need of lifelong education which would also create competent human resources who will respond to innovations that are inevitably imposed to the permanent social changes. The research will include companies offering services for learning foreign languages from the public and the private sector in the region at a time of rapid growth of companies' competitiveness. The emphasis will be placed on the contribution of innovations in the teaching process and the competence of the human resources to apply innovative approach in the teaching, so that their company will not only be more competitive, but also ready to respond to the current needs of the customers, in order to keep them as regular.

The final part of the article will cover the advantages of human resources training aimed to improve the productivity of the companies which will necessarily include innovations in the field.

Keywords: education, innovation, companies' competitiveness.

ВОВЕД

Човековите ресурси го заземаат централното место во стратешкото работење на секоја компанија. Потребата за успешно егзистирање на компаниите на пазарот на трудот се базира на инвестиции не само во индивидуалната но и во компаниската надоградба и соработка.

Поаѓајќи од основната цел на секоја компанија благовремено да се прилагоди на современите општествени промени и стабилно да опстои на пазарот на трудот, овој труд ќе се обиде да покаже колку иновациите придонесуваат да се подобри таа конкурентност на компаниите денес. Основен услов за реализирање на таа цел на компаниите е компетентноста на самите човечки ресурси во компаниите која гарантира и нејзин успех на пазарот на трудот.

Менаџментот на човечките ресурси во една компанија мора да обезбеди вистинско искористување на квалитетите на човечките ресурси на вистинското работно место со цел тоа да ја зголеми организациската конкурентна сила и успешноста на самата компанија на пазарот на трудот.

Со цел задоволување на интересот за работа, подобрување на квалитетот на работењето и создавање и одржување на флексибилен и адаптибилен потенцијал меѓу самите човечки ресурси, преку овој труд ќе се обидеме да ја актуализираме потребата за континуирано дообразование на човечките ресурси во една компанија која истовремено ќе создаде компетентни кадри да одговорат на иновациите кои неминовно ги наметнуваат постојаните општествени промени.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Нашето истражување ги опфати компаниите кои нудат услуги за изучување на странски јазици од државниот и приватниот сектор од регионот во време на забрзан пораст на компаниска конкурентност. Притоа, акцентот беше ставен врз придонесот на иновациите во наставниот процес и компетентноста на човечките ресурси да применат иновативен пристап во самата настава, со цел нивната компанија да биде што поконкурентна како и поподготвена прагматично да одговори на моменталните потреби на корисниците на услугите кои самата компанија ги нуди, како и истите да ги задржи како свои постојани клиенти.

Анализирајќи ги потребите на корисниците на услуги за изучување на странски јазици преку воведни анкетни прашалници, дојдовме до заклучок дека онашто најмногу го задржува нивното внимание и за кое најмногу покажуваат интерес е користењето компјутерски алатки и Е-пакети во наставата по странски јазик. Тоа всушност е иновативен начин на интегрирање на активностите од нивното секојдневие и целите на наставата/услугите кои ги нудат компаниите од овој сектор.

Последователно на тоа, анализиравме дали човечките ресурси во тие компании стручно биле обучени на дадената тематика, т.е. дали професорите по странски јазици следеле обука за доквалификување од областа на употребата на новите технологии во наставата по странски јазик.

Имено, истражувањето опфати 2државни средни училишта и 2 приватни училишта за странски јазици, и тоа, едно средно училиште и едно приватно училиште од Битола, едно средно училиште од Струмица и едно приватно училиште од Скопје. Целта беше да се утврди дали континуираното дообразование кое човечките ресурси од таа компанија го следеле од областа на иновациите во наставата допринело кон зголемување на компаниската конкурентност на пазарот на трудот.

Направивме квантитативна анализа на податоците којашто опфати корпус од 198 ученици и 6 професори по странски јазик од регионот. Последователно на тоа, следуваше и квалитативна анализа на одговорите на самите професори кои беа опфатени во истражувањето.

РЕЗУЛТАТИ

Добиените резултати од реализираното истражување со учениците ги прикажуваме во следната табела:

Прашање:	ДА	НЕ
Дали наставникот користи компјутерски наставни помагала на час?	69%	31%
Дали користењето на компјутерски алатки на час ве мотивира	89%	11%

дополнително за изучување на јазикот?		
Дали сметате дека е корисна употребата на компјутерски алатки на час?	93%	7%
Дали практикувате самостојно изучување на јазикот преку компјутерски софтвери дома?	82%	18%
Дали сметате дека наставникот знае да ги користи модерните компјутерски технологии во рамките на наставата?	76%	24%
Дали наставата што сте ја следеле влијае врз вашето понатамошно посетување на часовите по странски јазик во истото училиште?	94%	6%

Притоа учениците одговорија на прашањето претставено во графиконот и нивните одговори се дадени процентуално:

Кога станува збор за добиените резултати од анализата на одговорите на самите професори од компаниите во кои го реализиравме ова истражување, дојдовме до следните резултати. Сите анкетирани професори следеле обука за примена на ИКТ технологии во наставата по странски јазик. Притоа, тие предвиделе и примена на ИКТ технологиите во годишното планирање на наставата по странски јазик. На прашањето што најмногу земаат во предвид при оценување на своите ученици, нивните одговори ги претставивме преку следниот графикон:



Последователно на ова, ги прашавме дали ИКТ технологиите допринесуваат за подобрување на одредени јазични компетенции кај нивните ученици коишто ги оценуваат. Нивниот одговор го регистриравме описно. Имено, професорите од државниот сектор сметаат дека бројот на часови треба да се зголеми од 2 на 3 часа неделно, што ќе допринесе за поголема примена на ИКТ технологиите во наставата, што реално е и потреба на самите ученици. Тие не покажуваат заинтересираност за последователната мотивираност на учениците за изучување на одреден странски јазик иако се технички опремени за да одговорат на потребите на учениците. Од друга страна, одговорот на професорите од приватните училишта по странски јазик е тесно поврзан со задржување на клиентите корисници на услугата курс по странски јазик. Заради таа причина тие се трудат целосно да одговорат на моменталните потреби за изучување на одреден странски јазик на своите клиенти и наставата ја ориентираат кон задоволување на нивните потреби и интереси. Дополнително на тоа, тие работат со мал број на ученици и се технички спремни за примена на ИКТ технологиите во поголем дел од наставата.

ЗАКЛУЧОК

Со оглед на фактот што човековите ресурси имаат централното место во стратешкото работење на секоја компанија, инвестирањето во нив е исклучително потребно за успешно егзистирање на компаниите на пазарот на трудот.Во рамките на нашето истражување, дојдовме до заклучок дека и државниот и приватниот сектор инвестираат во сопствените човечки ресурси со цел да одговорат на современите општествени промени и стабилно да опстојат на пазарот на трудот. Меѓутоа, човечките ресурси од државните компании од секторот во којшто во реализиравме ова истражување, не покажуваат последователна заинтересираност за задржување на клиентите корисници на нивните услуги. Од друга страна, човечките ресурси од компаниите од приватниот сектор максимално се вложуваат за вистинско искористување на сопствените квалитети на работното место со цел тоа да ја зголеми организациската конкурентна сила и успешноста на самата компанија на пазарот на трудот, притоа внимавајќи да ги задржат клиентите корисници на нивните услуги и да обезбедат континуиран профит.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) COSERIU, E.:*Linguistica del testo.*Roma, Carocci, 1997.
2) JAFRANCESCO, Elisabetta. *La valutazione delle competenze linguistico-comunicative in italiano L2.* Atti del XIV Convegno Nazionale ILSA, Atene, Edizione Edilingua, 2006.
3) ЈАКУПИ, Таип: *Организациското учење и човечките ресурси.*Скопје, Бигосс, 2005.
4) JONES, B. *: How language works ?.*Cambridge, Cambridge University Press, 1984.
5) ПАНДАНКС, Мишел : *Активности за учење на час по јазик.* Hachette Livre, 1998. Скопје, Македонско издание Логос-А,2004.
6) СМИЛЕВСКИ, Цветко. СОКЛЕВСКИ, Тони. АНДРЕЕВ, Игор. СТЕФКОВСКИ, Васко.*Вовед во бизнисот.* Скопје, 2010.
7) TAGLIANTE, Christine : *La classe de langue.* Paris, Cle international, 1994.
8) TRAJKOVA, Mira : Interkulturna perspektiva u nastavi stranih jezika, Stavovi promjena – promjena stavova. Međunarodni tematski zbornik radova, Nikšić, 2011, str. 225-239.
9) WIDDOWSON, H.G: *Une approche communicative de l'enseignement des langues.* Hatier-Credif, collection LAL, 1986.

ВЛИЈАНИЕТО НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ АКТИВНОСТИ И ИНОВАЦИИТЕ ВРЗ УСПЕХОТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ

М-р Фанија Наумовска

Бизнис Академија Смилевски – БАС, Битола
fani.naumovska@yahoo.com

УДК: 005.591.6:334.72.012.63/.64

АПСТРАКТ

Под влијание на процесите на глобализација настанаа низа технолошки, економски, политички и општествени промени. Овие промени битно ја променија светската економија и влијаеа на деловното окружување на претпријатијата. Традиционалната организациска структура доби нов облик менувајќи ја улогата како на менаџерите, така и на вработените. Производниот процес се повеќе се претвора во научен процес кој резултира со откривање на нови материјали, технологии, процеси, постапки кои до пред неколку години биле во целост непознати. Најважниот економски ресурс за постигнување на конкурентска предност повеќе не е капиталот, трудот и природните ресурси туку иновациите. Иновациите и И&Р активности денес се двигатели на целокупниот економски развој. Така во денешното нестабилно конкурентско окружување, само претпријатијата кои ќе бидат способни да создаваат иновации ќе бидат поконкурентни од другите.

Затоа е потребно менаџментот на секое претпријатие, без разлика на својот обем, да создава иновациски капацитети. Застарена технологија, ниско ниво на инвестиции во технолошкото осовременување на македонските компании и речиси никакви вложувања во истражувања и развој се сериозни причини поради кои македонските компании и нивните производи се крајно неконкурентни на странските пазари.

Овој труд е насочен кон идентификување на можностите на претпријатијата во постоечките услови да иновираат, креираат и одржуваат диферентна предност која ќе резултира во подобра конкурентност и успех на пазарот.

Клучни зборови: Конкурентност, И&Р, иновации, пречки за иновации, МСП.

IMPACT OF RESEARCH ACTIVITIES AND INNOVATION ON THE SUCCESS AND COMPETITIVENESS OF COMPANIES

Fanija Naumovska

Business Academy Smilevski-BAS, Bitola
fani.naumovska@yahoo.com
UDK: 005.591.6:334.72.012.63/.64

ABSTRACT

Under the influence of globalization processes occurred array technological, economic, political and social changes. These changes significantly altered the global economy and impact the business environment of enterprises. The traditional organizational structure got a new shape by changing the role of managers as well as employees. The production process is increasingly turning into a scientific process that resulted in the discovery of new materials, technologies, processes, procedures, that until a few years ago were completely unknown. The most important economic resource for achieving competitive advantage today is not capital, labor and natural resources but also innovation. Innovation and R & D activities today are drivers of overall economic development. So in today's unstable competitive environment, only companies that will be able to create innovation will be more competitive than others. It is required that the management of any enterprise, regardless of its size, to create innovative capacities. Outdated technology, low level of investment in technological modernization of Macedonian companies and almost no investment in research and development are serious reasons for Macedonian companies and their products are extremely uncompetitive in foreign markets.

This paper is focused on identifying opportunities for enterprises in existing conditions to innovate, create and maintain competitive advantage which will result in improved competitiveness and market success.

Keywords: Competitiveness. R&D. Innovation. Barriers to innovation. SMEs.

ВОВЕД

Процесите на економска глобализација се повеќе го карактеризираат 21-от век, како период на глобална економска конкуренција. Создавањето на глобален пазар и брзите технолошки промени ја променија конкурентската средина, правејќи ја покомплексна, и предизвикувајќи промени во начинот на функционирање на компаниите. Економскиот амбиент во кој делуваат претпријатијата денес е динамичен. Претпријатијата се приморани брзо да се адаптираат на промените, а брзината и интензитетот на промени се јавуваат како критичен услов за преживување на бизнисите. Но, овие нестабилни услови, па и светската криза со која сеуште се соочуваме носат голем број можности за успех на компаниите, посебно доколку тие се подготвени проактивно да делуваат и да одговорат со соодветни производи и услуги на променетите пазарни потреби.

Оттука, иновациите се јавуваат како основен предуслов за конкурентност во современото работење. Без иновации базирани на јасно дефиниран и континуиран иновациски процес, и развиена стратегија во таа смисла незамисливо е постоењето на секој економски субјект. Целта на овој труд е да се дефинира како активностите за истражување, развој и иновации мора да бидат практикувани од страна на компаниите за да се постигне конкурентност, која ќе им овозможи да останат и да преживеат на пазарот.

Иновативните однесување се посебно важни за македонските претпријатија, кои традиционално ги запоставуваат истражувањето и развојот, што доведе до ситуација на ниско ниво на иновативност и недостаток на конкурентноста.

ПОТРЕБАТА ОД ИНОВАЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТ

Иновациите како фактор на конкурентноста се подеднакво важни, како за настап на светскиот, така и за домашниот пазар. Способноста, земјата да го одржи економскиот раст и конкурентноста лежи во активирање на иновациите и знаењето. Оттука, иновациите се предизвик за секоја компанија, а посебно за оние кои се изложени на меѓународен натпревар.

Важноста на иновациите за успешното делување на претпријатијата ја истакнуваат многу познати теоретичари, кои се занимавеле со проучување на оваа област. Според Drucker: "Добро позната компанија во ерата на иновацијата која не е во состојба да иновира, ке биде осудена на пропаст и исчезнувње119" Со други зборови, компаниите во конкурентна средина денес имаат само една опција - "Да бидат иновативни или да исчезнат". И Портер ја нагласува важноста на иновацијата, односно способноста на компаниите да спроведат успешна иновација за да се здобијат со конкурентна предност. Исто така и Кристофер Фримен ја формулирал познатата теза "Да не се иновира значи да се умре"120.

Иновативноста на организација е неопходен услов за успешна функционирање со цел да се постигне долгорочен успех во бизнисот, односно профитабилност и конкурентност. Иновативноста како својство на претпријатието, зависи од отвореноста на претпријатието кон промени и успешно прифаќање на промените. Таа е одлика на компаниите кои усвојуваат нови идеи и брзо реагираат на импулсите од околината. Иновативното претпријатие се карактеризира со ориентација кон клиентите и пазарот, и потпирање на технологијата, како ресурс за постигнување на конкурентност, отвореност и ориентација кон промени, што е услов за висок степен на иновација на претпријатијата.

Иновациите, вклучуваат промени на ниво на знаење, вештини, рутини, компетентност, опрема или инженерски практики да се развие или создаде нов производ или воведе нов процес. Управувањето со иновациите во сите фази на нивното создавање, развој на средина, имплементација и проширување на пазарот е особено значајна не само за претпријатието, како единка, туку и за општеството како целина. Така, моќните претпријатија ги поврзуваат техничките можности на бизнисот и потребите на пазарот и бараат простор за иновации. За да бидат успешни иновациите мора да се започне од најшироката можна гледна точка од нивното иницирање, генерирање, и имплементација во претпријатието, кое функционира во услови на исклучително непостојан пазар со голем број на различните влијателни фактори кои придонесуваат за процесите на иновации да станат исклучително ризични вложувања.

[119] Draker, F. P., *Innovation and Entrepreneurship,* HarperBusiness, *1993*
[120] Freeman, Christopher. *Economics of Industrial Innovation, 3rd Revised Edition*. Routledge, 1997

ИНОВАЦИСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАЛИТЕ И ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Големината на претпријатието може да влијае на иновациите и опсегот на истражувачко – развојни активности, како основа на иновативноста. Големите фирми имаат неколку предности во воведување иновации и корист од нив. Тоа се, полесен пристап до финансии потребни за финансирање на иновации и поголема производна диверзификација, што го олеснува управувањето со иновациите поврзани со ризици и го зголемува бројот на потенцијални апликации на иновации Речиси сите големи претпријатија можноста за успех и доминација на пазарот ја гледаат во вложувањата во знаење, истражувачко развојни активности и други средства кои им се неопходни за одвивање на иновациските процеси во самите компании. Умешноста да се управува со овој процес ги прави компаниите повеќе или помалку успешни во комерцијализацијата на иновациите во современото пазарно окружување.

Сепак, малите и средни претпријатија (МСП) се подинамични, имаат поголема флексибилност, која им овозможува да се реагираат побрзо на новите можности. Малите и средни претпријатија пак се пофлексибилни, поотворени, повеќе динамични и поиновативни од големите, но поседуваат и помалку ресурси од нив. Проблемот финансирање на активностите за истражување и развој е особено акутен за малите и средни компании, бидејќи тие обично немаат база на податоци со голем број на успешни завршени истражувачки проекти, кои им служат на нивните кредитори како гаранција на враќање на вложените средства. Исто така, трошоците за иновации се многу поголема бариера за малите во споредба со средни бизниси. Но, она што е позитивно од аспект на иновациите кај МСП е фактот дека тие имаат едноставна комуникација, релативно неформални начини на одлучување и поголема флексибилност што им овозможува и брза воведување на иновацијата.

Спецификите со кои тие се карактеризираат во однос големите компании, како од аспект на самата организациска поставеност, така и од аспект на делување на пазарот, го наметнува заклучокот дека при развивањето и примената на иновациските процеси и активности за нив важат посебни законитости. Имено, кога станува збор за иновации тие имаат две можности: самостојна иновациска активност преку истражување и развој или управување со иновациите преку управување со човечките потенцијали на претпријатијата, тимска работа и користење на надворешни извори и соработка на полето на иновациите.

Непобитен е фактот дека истражувањата и развој мора да бидат присутни во компаниите без оглед на нивната големина, затоа што улогата на големите и малите компании е комплементарна во животниот иклус на производот. Во почетната фаза на животниот циклус на производот клучна улога имаат малите бизниси, бидејќи тие се склони кон иновации и воведување на нови производи. Во подоцнежните фази, големата компанија има повеќе можности за стандардизација и продажба производните во големи количини со цел да се намалат трошоците по единица производ, што го прави производот поатрактивен на пазарот. Управување на нашите бизнис системи мора да ги почитува промените кои се случуваат во светот, и сите особености на нашата поднебје. Усвојувањето на иновации бараат значителни промени во деловниот систем и воспоставување на управување со развој на претпријатието.

Но, независно од тоа дали станува збор за мали или големи компании она што е заедничко е сфаќањето дека за создавање на иновации потребно е создавање на иновативна организација односно развивање на иновациски капацитет.

Иновациската способност на едно претпријатие зависи од:

Способноста за трансформирање, прилагодување или подобрување на производните системи, методи и процеси, самите производи и инпутите во производниот процес,
Способноста за создавање на технолошки решенија, иновации, развој на нови производи, нови технолошки постапки,средства и процеси.

За да може иновативноста постојано да носи резултати, организаиите мора постојано да спроведуваат иновациски активности и притоа системски за ги организираат истите. Како можни постапки во таа насока се:

1) Иновациската стратегија да се усогласи со деловната стратегија
2) Да се изгради таква деловна организација која ќе ги поттикнува иновациите со својата структура и култура

3) Да се дефинираат јасни процедури, политики и поттици за создавање и разработка на идеите за унапредување на производите и деловните процеси.

ПОВРЗАНОСТА НА ИНОВАЦИИТЕ СО И&Р АКТИВНОСТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНОВАТИВНОСТА НА БИЗНИСОТ

Високото ниво на издвојувања за И&Р е неопходна претпоставка за висока ефективност на иновацискиот процес, но не и доволна, посебно доколку не постои координација на сите алки од инвентивно-иновацискиот процес.

Вложувањето во И&Р е во корелација со иновативиот капацитет на претпријатието бидејќи придонесува за зголемување на внатрешните извори на знаење, но и за зголемување на апсорбирачкиот капацитет. Така, се очекува дека фирми кои имаат значителен обем на И&Р активности ќе бидат поиновативни. Големите фирми се со поголема веројатност да вложат во истражување и развој и на тој начин да иновираат.

Потребата да се стекнат со компаративна предност во меѓународната трговија влијае на одлуката на фирмата да се инвестира во И&Р, што ќе резултира со поголема склоност да иновираат со цел да се стекнат со компаративна предност во меѓународните пазари. Современото поимање на иновациите нагласува, дека иновациите не се однесуваат само на нови производи и технолошки производствени процеси, туку се однесуваат на многу повеќе и пошироки феномени, вклучувајќи ги и новите организациони форми и создавање на нови пазари. Покрај тоа, во литературата се среќаваат и дефиниции според кои иновациите се нешто што е ново во претпријатието, независно од тоа дали е копирано или станува збор за сопствен развој на производот или процес. Ваквата широка дефиниција на иновациите го поставува прашањето за тоа колку И&Р активности придонесуваат во развијот на иновациите.

Една од причините за дилемата во врската меѓу И&Р активностите и иновациите е силна доминација во многу земји на она што е познато како линеарен модел на иновации.



Слика1:Линеарен иновациски модел

Овој модел наведува дека резултатите од базичните истражувања се основа на применетите истражувања и развој, кои продолжуваат со производство и продажба на пазарот. Но, презентираните емпириски докази потврдуваат дека повеќето иновации не се појавуваат на овој начин. Всушност постојат три главни проблеми со линеарниот модел. Прво, тој го прикажува И&Р како основа на иновациите, додека во повеќето случаи клучен двигател е потребата согледана кај одредени корисници на пазарот или во рамките на компанијата. Второ, тој го потценува значењето на повратните информации кои се својствени за технолошките промени. Трето, линеарниот модел ја потценува важноста на инкременталните промени, особено во врска со производствени процеси. Многу малку иновации се радикални, а истражувањето кај нив може да биде релативно повеќе важно.

Некои иновации се навистина развиени на начинот на кој е прикажано во линеарниот модел. Понекогаш – иако ретко – важни нови пронајдоци произлегуваат од основните истражувачки организации кои можат да се трансформираат во иновации на прилично линеарен начин. Но сепак, денес најчесто се користи модел на иновации кој е наречен интерактивен модел (Клајн и Розенберг 1986 година)



Слика2: Интерактивен иновациски модел

Клучниот процес е да се создаде дизајн врз основа на потребите и барања. Иако процесот може да биде секвенцијален, постојат бројни повратни информации. Кога ќе се појави проблем, учесниците се навраќаат на постоечките научни и технички познавање за да најдат решенија. Моделот покажува како основното истражување е прво и има важен придонес за состојбата на постоечките знаења и затоа индиректно влијание на иновации, иако тоа може да доведе до нови дизајни директно (на линијата означени Д) и е под влијание на иновации. Оттука, може да се заклучи дека знаењето и вештините на вклучените фирми и поединци станува важно кога треба да се стават во функција соодветните научни и технички сознанија. Со други зборови, искористувањето на основните истражувања, бара одредени видови на знаење и искуство затоа што независно од квалитетот на истражувањето, нивниот недостаток може да се јави како тесно грло при употребата на сознанијата во иновации. И&Р се одличен начин на стекнување специфични знаења и методолошки начини на работа, и помага во преземањето (увоз) на знаења произведени во други земји.

Сепак, дури и ако главната врска помеѓу иновации и истражувањата е индиректна, ова не значи мала важност на базичните истражувања, но можеби дури и зајакнат аргумент за нејзината јавна поддршка и заштита. Според тоа, иновациите се нешто повеќе од истражување и развој и покриваат широк опфат на активности кои им помагаат на фирмите да станат попродуктивни и конкурентни.

Клучните иновации на малите и средни претпријатија се наоѓаат во пристапот до знаењата создадени надвор од компанијата преку И&Р активности, како на пример универзитетите и големите компании. Затоа, малите и средни претпријатија се особено подложни на влијанието на ефектот на "географско прелевање". Ова знаење доаѓа од извори како што се инвеститори, купувачи, даватели на специјализирани деловни услуги добавувачите, конкурентите, конференции, универзитети, владини консултанти, научни списанија и професионалци. Исто така, најдобри иновациски резултати генерираат бизниси кои вршат сопствени истражувања и развој, но поседуваат силни врски со надворешни извори на знаење. Според тоа големината на претпријатијата не може да се смета за пресуден фактор за нивните иновациски активности.

За да бидат иновативни, претпријатијата треба да имаат доволно средства за финансирање на развојот на нови производи или нови процеси. Често може да биде тешко за фирмите да го препознаваат потенцијалот на иновации. Дури и ако тие го препознаат својот потенцијал, секогаш постои можност други фирми да го направат истото и да се обидат да профитираат од тоа. Фирмите се соочуваат со други претпијатија кои се исто така заинтересирани за да бидат први на пазарот и да се добијат конкурентна предност. Но, проблемот не завршува со постигнувањето на конкурентска предност. Откако фирмата ќе се здобијат со конкурентна предност преку иновација треба да знае како да ја задржат. Постојат три стратегии кои се користат за одржување на конкурентноста и профитабилноста. Прво, брзите технолошки промени ја наметнуваат потребата да се користење блок стратегија за да се спречи влегувањето на конкуренцијата. Но фирмата исто така треба да иновираат да се задржи својата позиција на пазарот, а со тоа, и конкурентна предност. Понекогаш за фирмата може да биде подобро да се здружи со цел да ги искористи технологијата и пазарот недостапен на фирмата, а да се здобијат со конкурентна предност.

ЗАКЛУЧОК

Конкурентна предност е тешко да се постигне. Фирмите се соочуваат со глобалниот пазар и глобалната конкуренција. Секоја од нив се обидуваа да го најде својот сопствен начин да биде конкурентна, но со оглед на динамиката на денешниот пазар, тие треба брзо да делуваат. Иновацијата е трајна основа на конкурентноста, но истата не е резултат само на развојно-истражувачкиот процес туку таа настанува и преку подготвеноста на претпријатието да прифати нова технологија. Од тоа произлегува и заклучокот дека земјата нема да ја подобри продуктивноста само ако вложува во истражување и развој туку ако вложува во иновации. Иновацијата опфаќа низа активности во претпријатието кои започнуваат со дизајнирање на производот и процесот и понатамошно подобрување и примена на иновацијата.

Во таа насока за постигнување на посакуваните иновации потребно е да се превземат следните активности:

Да се идентификува начинот на кој претпријатијата ќе се мотивираат да развиваат иновациска стратегија вградена во нивните планови за управување со цел да се одржи конкурентна предност

да се зголеми информираноста на претпријатијата за финансиските стимулации, можностите за усовршување и образование како и истражувачко-развојните активности кои се од интерес на претпремачите;

да се поттикни соработка помеѓу студентите, научно-истражувачките центри и бизнис секторот на развојни и технолошки проекти

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Central Innovation Programme SME (ZIM), Federal Ministry of Economics and Technology, Berlin, 2011
2) Draker, F. P., *Innovation and Entrepreneurship,* HarperBusiness, *1993*
3) Државен завод за статистика на РМ, *„Оддржлив развој,2012“,*Скопје
4) Државен завод за статистика на РМ, *„Македонија во бројки,2014“,*Скопје
5) EUROPEAN COMMISSION. *Innovation Union Competitiveness Report*. Electronic
6) Report. Publications Office of The European Union, Chicago, ISBN 978-92-79-14541-4,2011.
7) Freeman, Christopher. *Economics of Industrial Innovation, 3rd Revised Edition*. Routledge, 1997

8) Marijan Cingula, Rozana Veselica,*Contribution of innovation strategies to entrepreneurial competitiveness,* Acta technica corviniensis – bulletin of engineering, *2010*
9) SMEs Entrepreneurship and innovation, OECD Studies on SMEs and Entrepreneurship, 2010;
10) Состојби можности и перспективи на македонската економија, Сојуз на економисти на Македонија, Скопје, 2004;
11) Стратегија За Иновации На Република Македонија За 2012-2020
12) Wolff, J.A. and Pett, T.L., Small-firm performance: modelling the role of product and process improvements, Journal of Small Business Management, Vol. 44 (2), 2006;

ПРИДОНЕСОТ НА МИНАТИТЕ ИСКУСТВА КОН ИНОВАЦИИ И ПРОМЕНИ ВО КОНКУРЕНТНОСТА

М-р Александра Скандиловска

УКИМ Филозофски факултет, Скопје
a_skandilovska@yahoo.com

УДК: 005.591.6:339.137.2

АПСТРАКТ

Конкурентноста како термин и неминовна суштинска потреба се појавува во секоја фирма, секој бизнис. Бидејќи е од есенцијално значење за развојот на споменатите, истражувањето во тој поглед се појавува као нужен процес. Станува збор за повеќе видови на истражувања или испитувања внатре во самата категорија, на ниво на држава, но и на едно глобално ниво. Но, сите тие би требало да говорат во однос на тоа колку тие се конкурентни, а со тоа и колку се успешни.

Така, во една содржајна анализа неминовно се наметнува прашањето: што субјектот променил, во кој степен напреднал и со што би го реализирал посакуваниот напредок. На тој начин всушност и го добиваме одговорот на нашата потреба од минатите искуства. Без нив споредбата не би била возможна, но не би бил возможен ниту напредокот, бидејќи токму тие претставуваат материјата од која се започнува, која помага во споредбата и според која се донесува завршната реч, дали треба промени, во која мера и во која насока.

Дополнително, користа и апсолутната важност на минатите искуства доминира и во тој поглед што ние како истражувачи на конкурентноста, не сме ограничени тоа да го работиме само на нашата фирма, туку ние имаме среќни околности што можеме во тој случај да учиме на туѓите грешки, што реално е и полесниот пат.

Клучни зборови: Минато искуство, конкурентност, промени.

CONTRIBUTION OF PAST EXPERIENCES TOWARDS INNOVATION AND CHANGES IN COMPETITIVENESS

Aleksandra Skandilovska, M.Sc.
UKIM Faculty of Philosophy, Skopje
a_skandilovska@yahoo.com

UDK: 005.591.6:339.137.2

ABSTRACT

The term competitiveness as essential and inevitable necessity appears in any company, any business.Because of its essential significance for the development of the above mentioned, the research in that context appears as a necessary process. That is for many types of research or surveys within the category, realized at the national level, but also on a global level. But they should speak in terms of how competitive they are, and also successful.

Thus, a comprehensive analysis inevitably raises the question: what did the subject change, in which level is the progress and what would realize the desired progress. Actually, in that way we get the answer of our need from the past experience. Without them, the comparison would not be possible, and so on the progress because they represent just the matter of the start point, which helps in the comparison and from which the final word is based, also about the need of changes, to what extent and in which direction.

Additionally, the benefits and the absolute importance of past experiences are dominating in the way that we as researchers of competitiveness are not limited to work just in our company, but we have happy circumstances to learn from others' mistakes, which is real and easy way.

Keywords: Past experience, competition, changes.

ВОВЕД

Конкурентноста генерално гледано е еден суштински проблем, или можеби еден предизвик кој постојано е присутен и се провлекува во секој бизнис, од осмислувањето на стратешкиот план, дури до пласманот на производот. Токму затоа, конкурентноста ја забележуваме дури и како една од основните нишки на стремежот на успешност на фирмите во рамките на државата.

Од друга страна, со процесот на на либерализацијата на меѓународната трговија, развојот на технологијата, транспортните сретства и сретствата за масовна комуникација во периодот после втората светска војна, доаѓа до глобализација на светското општество и светската трговија. Притоа, светот се интегрира на економска основа со што пазарот станува глобален. Фирмите развиваат глобална стратегија за функционирање, го извршуваат производството и ангажираат ресурси низ целиот свет, а потоа продаваат повторно низ целиот свет. На тој начин фирмите стануваат глобални.

ГЛОБАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА – НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНОВАЦИИ

Најчесто мерлива конкуренција на светско ниво е изразена во процентот на извозот што се реализара. Но, со неа не се исцрпува скалата на покажување на конкурентноста, при што чинители тука можат да бидат и ситуацијата со трговскиот биланс, движењето на девизниот курс, ситуацијата со технолошкиот биланс, и многу други. Сепак, генералното учеството во светскиот извор е сериозен показател за конкурентноста.

Од друга страна технологијата е процес, техника или методологија која помага во процесот на производство, или процесот на трансформирање на трудот, капиталот, материјата, информациите, услугите. Технолошките промени имаат главна улога во динамиката на конкурентноста. Притоа промените имаат неколку резултати. Најнапред донесуваат нови производи и процеси, а потоа ја менуваат вредноста на констелација на фирмата, дури ја менуваат и природата на ривалството помеѓу фирмите.

Промените во опкружувањето се постојани. Новата технологија како резултат на иновациите за последици ги добива создавањето на новите фирми и новите гранки. Всушност со следењето на животниот циклус на еден производ во фирмата може да се проследат и структурните промени во националната и меѓународната економија. Тоа функционира на следниов начин. Промените најнапред влијаат на квалитетот на производот на фирмата, но пропорционално понатаму вршат влијание на стратешкиот развој на економијата. Од ваквиот тек на работите најмногу страдаат фирмите кои не можат да бидат во чекор со времето и не можат да се потпрат на новата технологија. Искуството покажало дека таквите фирми имаат само две опции: можат да ја намалат цената на производот и трошковите или пак да направат технолошки промени во доменот на своето производство.

Во еден динамичен период како што е денес, минатите искуства овде покажале дека тоа е континуиран процес, кои не застанува, туку продолжува по нагорна линија заедно со технолошкиот развој. Како што покажуваат истражувањата на минатите случувања, тоа не е само процес во кој се намалуваат трошоците за производтво, што некогаш било и нивна цел, туку тие ја оспособуваат фирмата да може да го менува својот пазар.

Во XXI – от век во споредба со претходните векови технологијата претставува основен извор на конкуретска предност, специјализација и подобар квалитет на производството, како и креирање на современ систем.

ИНОВАЦИИ ВРЗ ОСНОВА НА МИНАТИ ИСКУСТВА

Иновациите се однесуваат на воведување на нови искустава или знаења, кои во споредба со минатите имаат поголема вредност за корисниците, но и повеќе се вреднуваат на пазарот. Со современ речник тоа би го кажале како резултат на инвенција заедно со комерцијализација. Всушност тие се производ на едно време, кое во согласност со минатото, конкурентноста и потребата ги носи токму нив.[121]

Иновацијата може да се дефинира како процес преку од кој од знаењето сеизвлекуваат социјална и економска вредност со создавање, развивање и спроведување на идеи, за да се добијат нови или подобрени стратегии, можности,производи, услуги или процеси. Постојат повеќе дефиниции за иновација, но тоа што е заедничко кај сите е дека идејата е примарна: таа е основата на иновацијата, без добро осмислена идеја речиси е невозможно да се добие исплатлив и корисен производ. Поради тоа се создаваат цели одделенија или сектори, кои преку заедничка соработка земаат одредена идеја и ја доведуваат до ниво на производ. Но, иновацијат не завршува тука. Секогаш постои можноста минатото да се замени со ново

[121] Сп. Пет фактори на конкрентност според кои се одредува профитабилноста, M. Poter, Konkurentska prednost – Ostvarivanje I ocuvanje vrhinskih poslovni rezultata, 23.

поквалитетно, што и е клучниот мотив да се биде релевантен на пазарот.

Всушност и тука акцентот се става на минатите случувања, за чие истражување се ангажирани иновациски тимови, кои пак работат на надградување на добрата и услугите кои ги нуди нивната компанија. Така, иновативноста не само што се наметнала како корисен и профитабилен приод во корпоративното размислување и делување, туку прераснала во главниот субјект во конкурентската предност и позитивната диференцијација на пазарот. На конкурентите и не им преостанува ништо друго, освен да иновираат или да згаснат.

Иновациите можеме да ги поделиме на неколку категории, во зависност од тоа конкретно на што се однесуваат:

Според влијанието на производот.
Според значењето во иновациониот процес.
Според резултатот во иновационите активности.
Според обемот на промената што ја предизвикуваат кај производот.
Според целокупното влијание на целиот производствен процес.[122]

Во тој поглед сите тие имаат за задача да реализираат конкурентност, а конкурентноста се сите – купувачите, доставувачите, потенцијалните нови купувачи на пазарот.

Разликата помеѓу производството како систем и како дел сочинет од повеќе компоненти ја истакнува идејата дека успешниот развој на производство има потреба од два видови на знаења. Потребата од компонентните знаења е заради успешно фукционирање на целиот систем, како што покажува минатото и знаења за тоа на кој начин компонентите се интегрирани во кохерентна целина.

Друг тип на поделба на иновациите можеме да направиме и според стратегијата која ја предвидува или применува одредена компанија. Притоа можеме да ги поделиме на затворени и отворени, следствено на тоа и промените што настануваат по активирањето на одрededен тип на измени во процесот. Самиот збор покажува дека отворените иновации се прилагодливи кон прилив на нови технологии,

[122] Сп. N. Durakic, Glavni faktori I izvori stvaranja odrzive konkurentske prednosti u savremenim organizacijama, 25-30.

и токму во тој поглед ја насочуваат својата стратегија. Додека затворените, се стремат кон учество на најспособната и најквалитетната технологија од една индустрија. Тоа претпочита дека компанијата треба да развие свои нови сопствени продукти и услуги и да биде првата компанија што ќе ги понуди на пазарот.

Сè до втората половина на XX – от век иновацијата се спроведувала строго во внатрешноста на фирмата, главно поради синдромот ”не е измислено тука”, и на се измислено од други се гледало со доза на симптоматичност. Потоа како што се развивала технологијата, коминикацијата и глобализацијата, се овозможил полесен пристап до субјекти надвор од фирмата, а со тоа се создал и новиот тип на иновација – отворена. Прв за отворена и затворена иновација, а воедно ги воведува и термините е Хенри Чезброу во 2006 година.

Една од главните причини кои довеле до затворен вид на управување соиновацијата на почетокот на дваесеттиот век е недоволното учество на универзитетитеи владата во индустриската и комерцијалната примена на научните истражувања. Ованедоволно учество ги натерало компаниите да создадат свои оддели за истражување и развој за да можат целосно да ги контролираат циклусите на производство.

Затворената иновација подразбира длабока вертикална интеграција: компанијата може да смета само на себе, особено кога станува збор за клучни технологии. Во тоа време и се појавил споменатиот синдром на „Не е измислено тука“ и сомнежот во веродостојноста и употребната вредност на сè што доаѓа однадвор. Периодот помеѓу крајот на Втора Светска Војна и средината на осумдесеттите се смета за златното доба на внатрешно истражување и развој. Водечките компании биле во предност, поради тоа што имале оддели за истражување и развој. Згора на тоа, поради големите инвестиции кои што биле задолжителни за да се остане воконкуренција, ваквото внатрешно истражување и развој се сметало за цврста бариераза влез на нови конкуренти.[123]

[123] Во 1981 год., персоналниот компјутер на „Зирокс“ бил врвен компјутер со високиперформанси и со можност да праќа, прима и печати квалитетни документи. „Зирокс“ сами го изградиле системот „Стар“ (и хардвер и софтвер), користејќи своепроизводство, дистрибуција, служба и финансии. Се продавал само како систем за трикорисници со мрежно покривање и ласерски печатар, по цена од околу 17.000 долари.

„Отворена иновација е користење целисходни приливи и одливи на знаење, со цел да се забрза внатрешната иновација и соодветно да се прошири пазарот занадворешно користење на иновацијата.“[124] Отворената иновација опфаќа голем број надворешни учесници, вклучувајќикорисници, клиенти, набавувачи, универзитети и конкуренти. Начините на кои сепристапува кон надворешно знаење, исто така, опфаќаат многу можности, вклучувајќинатпревари и турнири, здруженија и заеднички вложувања, лиценцирање, софтвери со ”отворен код” и учествување во разни заедници за развој. [125]

Предностите на отворената иновација се засноваат врз поголемата слободакоја ја има фирмата во однос на интелектуалната сопственост и употребата нанадворешни ресурси. Инкорпорирање купувачи уште во процесот на развој ја подразбира улогата наклиентите во оформувањето на производот преку формите на отворена иновација какокраудсорсингот и сл.

Предностите на затворената иновација се резултат на сигурноста и едноставноста при работење единствено во рамките на фирмата. Целосно поседување на правата на интелектуална сопственост овозможува нејзино слободно користење без опасност од нелегитимност.

Негативностите на отворенатс иновација е должат на сложеноста на организирањето на сите фактори вклучени во овој процес. Додека од друга страна негативностите на затворената

„Зирокс“премногу бавно препознавале и присвојувале поефективни стратегии, неискористувајќи ги целосно најсилните методи на затворената иновација.
На пример не ја заштитувале агресивно својата технологија со патенти. Не развиле ефективна стратегија за лиценцирање, ниту пак користеле патенти за да ја забават конкуренцијата. Ова е пример за неуспешно спроведена затворена иновација.
Од друга страна, употребата на затворена иновација се покажала многу успешназа некои фирми, како на пример „Епл“. Познато е дека нејзиниот директор, Стив Џобс, форсирал затворена иновација и спроведувал строга политика на зачувување на интелектуалната сопственост во рамките на фирмата. Сè што фирмата произведуваласе припишувало како заслуга на нејзините вработени, кои биле предводени од визијата на Џобс. Со помош на оваа метода, „Епл“ денес е водечка компанија во својата области една од најпрофитабилните фирми во цел свет.

[124] Х.В. Чезброу, Отворена иновација: Новиот императив за создавање технологија и профитирање од истата, 45-46.

[125] Микрософт“ користел отворен тип на иновација. Во 1980 г., компанијата „Компјутерски производи Сиетл“ произвела прототип на оперативен систем за персонални компјутери (DOS). Подоцна истата година, „Микрософт“ ги купил неексклузивните права врз прототипот (верзија 0.3), а во јули 1981 г., ги купил сите права врз комерцијалната верзија (верзија 1.00), создавајќи го оперативниот систем MS-DOS, кој, како што е наведено погоре, бил набавен од ИБМ по пат на отворена иновација.

иновација од минатите искустава се покажале дека доаѓаат од некористењето на денешната технологија и глобализација. Последователно на тоа е процесот на имање на повеќе конкуренти одошто партнери. Логички е во едно време на глобализација да се проширувaат хоризонтите и да се надмине оној застрен тип, но веројатно има фирми кои сеуште се потпираат на старите искуства и тешко внесуваат новини.

Од минатите искуства се покажува дека најисплатлив и најрационален тип иновација е отворениот. Ова е поддржано од фактот дека компаниите што ја практикуваат токму оваа форма, денес се далеку помногубројни од тие што применуваат затворена иновација.

Затворената иновација со оглед на развиената глобализација е застерен моделкој што може да доведе до назадување на фирмите кои го употребуваат, а со тоа и до заостанување во однос на конкуренцијата и до евентуално пропаѓање. Од друга страна, отворената иновација, освен што го олеснува процесот на иновација, понекогаш води кон зацврстување на врската помеѓу корпорациите и купувачите или помеѓу самите корпорации врз основа на партнерствата кои ги склучуваат во контекст на отворената иновација.

Според тоа, како што е и случајот дури и во навидум „чисто отворениот“ пристап кон иновирањето, сѐуште во практиката најчесто се применува ваков или онаков „хибрид“ на двете форми. Ваквиот внимателен и комбиниран приод е веројатнои најоправданиот, и поради ризиците и поради севкупната цена на напуштање на традиционалниот начин на иновирање.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Adižes, I., Stilovi dobrog i lošeg upravljanja, Novi Sad, 2004.
2) Bowen, D., Lewicki, R., Hall, F., Hall, D., Experiences in management and organizational behavior (Iskustva iz menadžmenta i organizacionog ponašanja), USA, John Wiley & Sons, INC, 2001.
3) N. Durakic, Glavni faktori I izvori stvaranja odrzive konkurentske prednosti u savremenim organizacijama, Beograd, 2011.
4) Kozomara J., Tehnološka konkurentnost, Ekonomski fakultet, Beograd, 1994.

5) M. Likic, Mendzment promena I inovacija, kao factor kinkurentnosti, savremenih kompanija, Beograd, 2007.
6) M. Poter, Konkurentska prednost – Ostvarivanje I ocuvanje vrhinskih poslovni rezultata, Novi Sad, 2007.
7) Тид, Бесант и Павит, Управување со иновација: Интегрирање технолошки, пазарни и организациски промени, 2005.
8) Х. В.
Чезброу, Отворена иновација: Новиот императив за создава ње технологија и профитирање од истата, Харвард, 2006.

НАЧИНИ НА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

МБА Александра Иванова

Бизнис Академија Смилевски БАС - Скопје
aleksandra.ivanova@multihem.com

УДК: 005.52:005.33]:334.72:339.137.2

АПСТРАКТ

Во денешното пазарно стопанство, кога клиентите и средината го диктираат местото на организацијата на пазарот, од особена важноста е да се следат промените во окружувањето и истите да претставуваат почетна основа врз која ќе се формулираат идните стратегиски планови. Само на таков начин организациите ќе може да стекната или да ја одржуваат конкурентската предност на пазарот.

Да се биде конкурентен на пазарот не значи само да се пратат барањата на клиентите, туку истовремено да се пратат и иницијативите на конкуренцијата, што таа прави, во што се добри, во што не, како ја одржуваат својата конкурентска предност. Кога станува збор за производствена дејност, тогаш исто така од клучна важноста е да се пратат и новитетите во развојот на технологијата.

Основна цел на трудот е да даде осврт врз потребата од вложување во конкурентноста на одделна организација, особено во услови на криза и обид да се подобри позицијата на пазарот.

Клучни зборови: конкурентност, кризи, стратегија, нов производ.

WAYS OF DEALING WITH CRISES AND IMPROVE COMPETITIVENESS

Aleksandra Ivanova MBA

Business Acedemy Smilevski BAS – Skopje
aleksandra.ivanova@multihem.com

UDK: 005.52:005.33]:334.72:339.137.2

ABSTRACT

In today's market economy, when the clients and the environment are dictating the organization's market place, it is really important to follow the changes in the environment and they should be the starting base with which you are going to formulate future strategic plans. Only in that way the organizations can acquire or to maintain the competitive advantage on the market.

Being competitive on the market does not mean to follow only the client's demands, but also to follow the competitor's initiatives, what they do, what they are good in and what they are not good in, how they maintain the competitive advantage, etc… When it comes to productive activity, it is also really important to follow the novelty in the technology development.

The basic aim of the labor is to give retrospect of the need of investing in the competitiveness in an organization, especially in condition of crisis and attempt to improve themarketposition.

Keywords: competitiveness, crisis, strategy, novelty.

ВОВЕД

Денес фирмите опстојуваат и работат во високонкурентни средини. Да се биде на што подобра позиција на пазарот, односно да се постигне значителна конкурентска преднот на истиот, е сон на секоја фирма. За да се постигне таа позиција, фирмата потребно е постојано да ги следи промените во окружувањето, да ја следи конкуренцијата и да презема чекори што ќе и обезбедат да биде атрактивна и чекор понапред од своите ривали, а сето тоа во насока на задоволување на потребите на потошувачите.

Овој труд го прикажува процесот на справување со кризна ситуација на фимата „Мултихем" преку посветување особено внимание на нејзината конкурентност и преземање чекори што ќе и обезбедат на фирмата подобро позиционрање на пазарот. Чекорите што се преземаат, се анализираат од повеќе аспекти, пред се од нивната долгорочна стратегиска димензија, од аспект на финанасиските анализи, од аспект на задоволување на потребите на потрошувачите, како и од аспект на атрактивност и иновативност на пазарот.

Постапките што се прикажани во овој труд, со мало прилагодување може да се искористат и во фирми што се занимаваат со слична дејност, со што се потврдува општествената корисност на трудот и неговата широка примена.

Трудот е современа и реална студија на случај, која има за цел да ја прикаже постојаната борба на фирмите на пазарот, во услови кога владее пазарна економија и кога стратегиските чекори што се преземаат, играат важна улога во идниот развој на фирмата. Затоа, фирмите треба да ја сфатат вистинската серизоност на овие одлуки, кои не треба да се базираат на интуиција, туку на опсежни анализи од стручни лица од областа на стратегискиот менаџмент, заедно со предлозите на вработените како клучен фактор за иднината на фирмата.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Организацијата што претствува предмет на истражување на овој труд постои повеќе години, но во 2011 година се ребрендираше во МУЛТИХЕМ. Работењето на фирмата е базирано на стратегии и иновации, кои се спроведуваат со цел да се одговори на еволутивните барања на купувачите и фокус кон производство на квалитетни производи по достапна цена. Производството се изведува во модерен изнајмен производствен погон, со автоматизирана линија за полнење и пакување. Погонот е со површина од 800 квадратни метри, со дополнителни 800 квадратни метри како складишен простор.

Производството на МУЛТИХЕМ претставува заокружен производствен циклус, кој започнува од суровини (основни хемикалии) и продолжува низ процес на производство на полу завршени и финални производи и пакување. МУЛТИХЕМ има сопствен оддел за истражување и развој, кој ги следи и имплементира најновите формулации во производството. Во моментот претпријатието има 22 вработени. Реализацијата на планираните инвестициски активности и остварувањето на зголемената продажба ќе придонесе за вработување на нови пет работници во период од три години.

ФИЛОЗОФИЈА НА КОМПАНИЈАТА

Вредности: Бескомпромисен фокус кон квалитет; Достоен партнер на нашите клиенти во одговарање на сите нивни потреби; Претприемачки дух со иновативен квалитет; Вработени горди на својот труд и компанија; Грижа за околината во која работиме.

Клучни предности: Фокус кон квалитетно производство и услуга кон клиентот. Применуваме систем на управување со квалитетот базиран на ISO стандардите. Ние сме ISO 9001 сертифицирани. Имаме внатрешен капацитет за евалуација и развивање на производни формулации. Нашите хемичари имаат блиска соработка со добавувачите на суровини и хемикалии. Способни сме за подршка и советување на нашите клиенти во производни формулации, избор на парфем, вид на пакување и дизајн на етикета (соработуваме со талентирани и искусни дизајнери). Заедно со клиентот креираме уникатен и силен производен концепт.

Визија: Регионално препознатлив производител на квалитетни, ефикасни и еколошко безбедни средства за чистење за домаќинствата и лична хигиена.

Мисија: Создавање висококвалитетни производи кои ќе ја освојат довербата на нашите клиенти и потрошувачи и ќе успеат во целост да ги задоволат барањата, потребите и очекувањата на корисниците.

Географски пазари: Во моментот МУЛТИХЕМ продава на македонскиот пазар, на бившите ЈУ простори и во Русија.

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФИРМАТА

МУЛТИХЕМ е производна фирма. Оперативното работење е базирано на принцип на производство за приватна марка (private label production). Организацијата е структурирана да соодветствува на планираниот иден развој на работење.

Мултихем стои на располагање за своите клиенти и учествува во изработката на производите.

Нудиме повеќе варијанти за еден производ, како и дизајн на амбалажа и етикета креирани од искусен и квалитетен дизајнер кој работи во склоп на МУЛТИХЕМ, од што и ќе зависи крајната цена, што значи партнерот може да избере квалитет според својата таргетна група на потрошувачи и со самото тоа да учествува во формирањето на цената. По утврдувањето на квалитетот на производите, се доставува анализа од акредитирана институција за квалитет. Самиот овој сертификат ќе служи како мерило за параметрите на квалитет во иднина и при секакви забелешки од страна на купувачот може да се изврши повторна анализа и одстранување на недостатоците.

Својата работа Мултихем ја започна со производство на два бредна:

Брендот ‘’Чисто’’ на Илирија кој се продава на просторот на цела бивша Југославија
Брендот ‘’Блиц’’ и ‘’Вила’’ на Хедис.

Со оглед на тоа што фирмата Хедис и останатите нејзини ќерки и сестри фирми престанаа со работа преку ноќ, автоматски и фирмата „Мултихем“се судри со голем проблем. Нашиот капацитет не е целосно искористен, нашите фиксни трошоци не се намалени, имаме вишок на работна сила. Изнаоѓањето на партнер за соработка не е едноставна работа. Веќе претходно имавме остварени контакти со повеќе маркети од Македонија и Косово, исто така имавме Road Show низ Хрватска, но поконкретен договор за соработка се уште немавме остварено. Во тој момент се соочивме со најголемиот проблем до сега – отпуштање на работници. Иако неколку месеци работевме со намален капацитет, се надевавме на нов партнер во најскоро време и одлучивме да ги задржиме сите работници. Но, после неколку месеци, кога веќе се соочувавме со финансиски проблеми, очигледно беше дека следен чекор ќе биде отпуштање на работници. Сето оваа не ги реши нашите проблеми. Капацитетот се уште не е искористен , фиксните трошоци се исти, проблеми се уште постојат. Затоа како предмет на ова истражување е наоѓањето начини за надминување на криза, а во прв план тоа е преку зголемување на конкурентноста.

ВИД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Разгледувано од методолошки аспект истражувањето е индуктивно, бидејќи поаѓа од собирање на факти за реалноста што не опкружува, а особено за контекстот во кој работи фирмата „Мултихем“. Потоа, по пат на синтеза и воопштеност ќе се изгради соодветно теоретско разработување и објаснување за појавата која се истражува и ќе се креира стратегија, за подигнување на компаниската конкурентност, како начин за надминување на кризите.

Според опфатот и општоста на истражувањето, е акциско истражување, бидејќи истражувањето не е насочено само кон идентификување на проблемите со кои се соочува фирмата „Мултихем“, туку повеќе кон согледување на барањата на клиентите односно потрошувачите на производите на фирмата, следење на конкуренцијата и преземање на чекори (акции) за подигнување на организациската конкурентност, како начин за надминување на криза.

Иако акциските истражувања според временското траење на следењето на истражуваната појава, се интегрирани лонгитудинални и трансферзални истражувања, сепак истражувањето во овој труд е трансферзално, а резултатите од преземената акција, ќе може да се согледаат по одреден временски интервал, што може да претставува солидна база за друго истражување, но ќе претствува и солидна основа за работа на останатите фирми од производната дејност, бидејќи заклучоците и препораките што ќе произлезат од трудот ќе бидат достапни до јавноста.

ПОСТАПКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Во истражувањето ќе се користи СВОТ анализата, во чие креирање учествуваше комплетниот менаџерски тим на „Мултихем“, како и претставници од добавувачите, дистрибутерите и одговорните на продажба во маркетите каде се продаваат производите. Целта е да се зголеми производството, а не да само да се намалат трошоците. Исто така истражувани се можности со нашиот постојан партнер Илирија, за проширување на палетата на производи. При анализирање на пазарот, на окружувањето и на конкуренцијата, констатирано е дека потрошувачите на производите на Илирија сакаат високо квалитетен и брендиран производ, сакаат иновации и плаќаат поскапо. Од сето ова, треба да произлезе проширување на производната палета и со други производи Паралелно на ова ќе се анализираат претходните заложби за наоѓање нови партнери и веќе отпочната соработка и со Мак Инвест (Мај Маркет), со палета на производи под нивни бренд ,,РЕИН,,.

Од извршената анализа на пазарот, ќе биде анализирано дали покрај производството за познат купувач, можеме да започнеме производство на детергенти под наш бренд. Ќе се анализира пилот средство за садови под наш бренд ,,Домео“. Ова е само тест производ за нашата палета на производи, која во моментот ја спремаме и за останатите наши производи под наш бренд и за кои ќе имаме сопствена дистрибуција и дисконтска продажба. Овој проект е во завршна фаза. Палетата се состои од омекнувач со висок квалитет, средство за садови, средство за стакло, течен сапун. Во втора фаза ќе се пуштаат и нови производи како што е течен детергент, универзално средство, wc гел...

Исто така ќе се анализира и бенефитот од набавена машина за производство на АЕРО СОЛИ (Производи во лименка под притисок како што е деодоранс, лак за коса освежувачи).

Во трудот ќе се анализираат и други начини за подигнување на конкурентноста.

Освен ова веќе два пати се јавуваме како излагачи на саем , еднаш во Истанбул и еднаш во Амстердам. Ова се саеми за приватни брендови, каде веќе оствривме контакти со повеќе фирми, потенцијални наши партнери. Во моментот започнавме соработка со една компанија од Русија , за која произведуваме детергент за садови под брендот” Mine libe” На тој начин се надеваме дека ќе оствариме соработка со некоја од овие компании, што всушност ќе значи пополнување на нашиот капацитет, работа за повеќе луѓе и поголем профит за компанијата и државата.

Исто така за да бидеме што поконкурентни, ние имаме сопствено производство на амбалажа за наши потреби. Во трудот ќе биде даден осврт врз досегашното искуство од овој потег.

КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ (КП)

Во услови на современо работење, од клучна важност е фирмите константно и со големо внимание да ги пратат промените на пазарот, постојано да го подобруваат квалитетот, како и да ја пратат работата на своите конкуренти, преку вклучување на посебно вработени лица за таа намена – бизнис набљудувачи, кои на сосема етички начин, но користејќи ги сознанијата од организациското разузнавање ќе успеат да дојдат до одредени информации. Овие информации, потребно е да бидат соодветно обработени преку специјални софтверски програми за таа намена и да бидат складирани во одредени бази на податоци.Ваќа добиениот материјал ќе може успешно да се искористи при процесот на стратегиско планирање, а особено во утврдувањето на приоритетите на организацијата, што ќе и овозможат подобро конкуренстко позиционирање на пазарот и одржување на предноста на подолг временски период. Исто така и за да ја креира ефективно својата маркетинг стратегија, компанијата треба да располага со најшироки можни информации за своите конкуренти. Во таа смисла, неопходно е во континуитет да се прави компарација на производите, цените, дистрибуцијата и промоцијата на конкурентите, за да се имаат во предвид потенцијалните компаративни предности

Да се има КП значи да се оствари подобра индустриска позиција од конкуренцијата, или остварување на многу повеќе вредности и предности за купувачите во однос на своите конкуренти. Со други зборови тоа е стратегиска предност на еден деловен субјект над својот ривал, во рамките на својата конкуренција. Постигнувањата на КП го зајакнува и позиционира бизнисот подобро во рамките на деловното опкружување. Во таа смисла, индустриската структура влијае на обликот на конкурентските игри и на расположливите стратегиски решенија за фирмата.

Фирмата ќе има КП ако успева нејзината профитабилност да биде повеќе од просечната во таа индустрија, за одреден временски период. Способноста да се створи конкурентска предност побргу отколку што конкуренцијата може да копира дела од факторите кои ја создаваат КП од некоја организација што веќе ја поседува, може да биде пресуден фактор за приближување кон врвот, односно кон водечките компании. Способноста да се учи побрзо од својата конкуренција е најверојатно единствена одржлива КП.

Видови конкурентска предност

Кога станува збор за видовите конкуренстка предност на гранско ниво, тогаш и литературата и праксата покажуваат дека постојат две врсти на конкурентска предност:

или да се испорача ист производ по пониска цена или давање на поголема вредност на производот по просечна и прифатлива цена. Ако фирмата сака да има КП мора да направи избор каква предност сака да постигне на подрачјето на кое опслужува. КП постои кога фирмата е поуспешна во одбраната од своите ривали, поуспешна во привлекување на купувачи и нивно убедување дека нивниот производ има супериорна вредност или дека е подобра понуда од некој веќе препознатлив производ по ниска цена. Во овој контекст може да се резимира дека сепак најважно е да се анализира средината, односно окружувањето.

За да се создаде успешна и конкурентска фирма најпрво треба да се анализира бизнисот и да се согледа каде може да се внесат и применат новите профитабилни идеи, а при тоа постојано да се скенира индустријата дали има нови конкуренти. Токму затоа е потребно е да се има организациска способност да се воочи потребата на купувачите и да им се одговори со развој на нов производ, да се трансформираат сложените производи во поедноставни за употреба и да им олесните на купувачите.

За КП понекогаш важна е и локацијата, техничките иновации или внатрешната организација. Но тоа е со краток век. КП треба да се втемели на емоции и визија. КП ќе се зајакне со решавање на проблеми, развој на нови производи или обраќање внимание на други критични точки во фирмата.

Начини на создавање конкурентска предност

Предност може да се постигне на два начина:

предност со цени и
предност со различност

Секогаш е потребно да се посвети внимание на искористеноста на ресурсите во однос на конкуренцијата. На пример во нашата фирма едно од средствата за чистење, абразивно средство, 50 % е калциум карбонат како основна суровина и истата ја имаме во Струмица и тоа со доста добар квалитет. На тој начин ние заштедуваме на превоз и имаме евтин производ со добар квалитет кој е конкурентен на водечките брендови.

Погрешно е натпреварувањето со конкуренцијата и постојаното намалување на цената, бидејќи тоа може да ве доведе до непрофитабилност. Потребно е да се има стратегија која ќе обезбеди надминување на конкуренцијата и тактика која ќе обезбеди извршување на таа стратегија. Стратегијата е план на акција за остварување на поставена цел.

Каква тактика ќе употребиме зависи од нас:

пониска цена, побрза испорака, подобар квалитет или/и подобра услуга.

За да се справиме полесно со кризата, покрај производството на постоечките брендови, и изнаоѓање на нови партнери, започнавме со производство и на сопствен бренд. Покрај тоа направивме уште една организациска промена, а тоа е промена во основачката структура. Имено на 50% од акциите на компанијата стана сопцтвеник Атлантис од Струмица. На тој начин компанијата доби нов свеж капитал што овозможува реализирање на веќе поставените цели.

ЗАКЛУЧОК

За да се биде конкурентен на пазарот, секоја фирма треба да презема континуирани чекори, преку кои ќе ја подобрува својата позиционираност на пазарот. Тие чекори значат низа промени што треба да се преземат, а може да бидат од попрост или посложен вид. Но, каква и да е промената, сепак кон нејзиното реализирање треба да се пристапи мошне внимателно.

За да се биде конкурентен на пазарот потребно е да се анализира и окружувањето, а особено да се следат барањата на клеинтите. Колку повеќе ги задоволуваме нивните вкусови и барања, толку поголема ќе биде побарувачката на пазарот за нашите производи. Во секој случај, секоја фирма треба да обрне внимание и на цените на производите, бидејќи голем дел од потрошувачите бараат производи со пониски цени.

Следењето на конкуренцијата исто така е основа за преземање на наредни чекори, со кои ќе се обезбеди конкурентност на пазарот. Конкуренцијата постои и секогаш ќе постои, што од една страна е добро бидејќи фирмите само на тој начин може да се развиваат, но од друга страна може да претставува сериозна закана за опстанокот на останатите фирми. За таа цел, во рамките на сите етички норми потребно е да се следат чекорите на конкуренцијата и да се преземаат чекори со кои ќе се биде чекор напред.

Секоја сериозна промена што се случува во одделна фирма потребно е пред се добро да се анализира и од аспект на нејзината финансиска исплатливост. Се разбира дека првите резултати не може да се очекуваат во некој краток временски период, но сепак треба да се предвиде и одредена временска рамка после која ќе се почувствуваат првите финансиски бенефити од преземените чекори.

Во овој контекст потребно е да се споменат и промените што неминовно ќе се случат и во однос на технологијата на работа, како и промени во организациската структура на фирмата.

Како општ заклучок на крајот може да се каже дека за да се надминат организациските кризи, фирмите постојано треба да преземаат чекори со кои ќе ја обезбедат својата подобра позиција на пазарот.

ПОНОВНО РАЂАЊЕ КИБЕРНЕТИКЕ

Др Стојан Стојмировић

Београдска пословна школа висока школа струковних студија, Србија
stojan.stojmirovic@bbs.edu.rs

МСц Зоран Давидовац

Београдска пословна школа висока школа струковних студија, Србија
zoran.davidovac@bbs.edu.rs

Милош Рајковић дипл ецц

Телеком, Београд
milosrajkovic89@gmail.com

УДК: 339.9:338.124.4

АБСТРАКТ

У овом раду се разматрају узроци и последице економске кризе која на прелому векова ломи старе индустријске џинове евроатлантског региона и рађање нових центара моћи. разматрају се и нове употребе интернета, који је створио стари свет, а искористио нови, у трговини као и производњи.

Разматрају се неки пожељни правци развоја друштва, а нарочито повратак на старо виђење менаџмента као организатора друштва и индустрије уз помоћ науке о организовању система. уместо сада опшеприхваћеног става, да су менаџери, гоничи робова који треба моментално да исцеде и задњу кап профита из постојећег пословања, без визије будућности.

Кључне речи: деиндустријализација, нове технологије, инвестициони фондови, он лине трговина, образовање, силазна инвестициона спирала, менаџмент и странпутице.

REBIRTH OF CYBERNETICS

Stojan Stojmirovic Ph.D.

Belgrade business school – higher education institution for applied studies, Belgarde, Serbia
stojan.stojmirovic@bbs.edu.rs

Zoran Davidovac M.Sc.

Belgrade business school – higher education institution for applied studies, Belgarde, Serbia
zoran.davidovac@bbs.edu.rs

Milos Rajkovic dipl ecc

Telekom, Beograd
Резултатите од оваа студија покажаа дека психолошкиот капитал е значаен фактор и предиктор за способноста на менаџерите да практикуваат ефективно менаџирање кое вклучува и водство. Постоењето на поврзаност помеѓу нивото на психолошки капитал и трансформациското водство се потврди со постоење на висока корелација меѓу резултате на самоефикасност и оптимизам, како компоненти на психолошкиот капитал со ефективното менаџирање кое вклучува водство, меѓу кои постои значајна корелација. Со тоа се потврдува темелната ознака на Басовата теорија дека ефективно менаџирање е незамисливо без високо ниво на психолошки капитал. Бас и Аволио (1994) пишуваат дека менаџерот кој вклучува водство и самите ја зголемуваат ефикасноста и оптимизмот на вработените, со што на посреден начин влијаат врз развојот на психолошкиот капитал на организацијата. Психолошкиот капитал на менаџерите е силен индикатор за менаџирање кое вклучува водство.

Резултатите од оваа студија би можела да бидат поттик за поддршка на идејата дека психолошки капитал треба да се третира како битна, ако не и клучна компонента во постигнување на конкурентска предност. Трудот укажува на значењето на психолошкиот капитал и неопходноста од вложувања во негов развој во образовниот и работниот процес. Тоа е предизвик, зошто бара посебен пристап вложувањата, кој се разликува, но и ги надополнува финансискиот и човечкиот капитал. Желбата на организациските истражувачи е да се изгради култура во организацијата која овозможува континуиран раст на психолошкиот и социјален поенцијал на вработените преку развој на емоционалната и социјална компетентност на вработените. Тоа се постигнува со адекватна едукација за развивој на самоефикасноста и оптимизмот, како интегрални карактеристики на психолошкиот капитал. Едукацијата по пат на развој на емоционалната и социјална компетентност ќе овозможи преку развивање на психолошкиот капитал да се зголеми успешноста и конкурентноста на организациите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Goleman, D. (2007.): Emocionalna inteligencija u poslu, Zagreb: Mozaik knjiga.
2) Luthans, F., Avolio, B. J., Avey, J. B. i Norman, S. M. (2007): Positive psychological capital: Measurement and relationship with performance and satisfaction. *Personnel Psychology.*
3) Seligman, M.E.P. (2006): Learned optimism. New York: Vintage Books.
4) Котевска Димовска.М, (2012.), „Поврзаноста на емоционалната интелигенција со стилот на раководење во образовните институции", Докторска дисертација, Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Педагошки факултет – Битола.

ULOGA BEZBEDNOSNOG MENADŽMENTA KORPORACIJE U PODSTICANJU KONKURENTNOSTI

Prof.dr Duško Tomić

tomic.dusko@gmail.com

M.Sci Jelena Dinić

ydinic@yahoo.com

M.Sci Vladimir Šakotić

vladimirsakotic@yahoo.com

FAKULTET ZA INŽENJERSKI MENADŽMENT, Beograd, Srbija

UDK: 005.922.1:339.137.2

APSTRACT

Moderne korporacije karakteriše odvojenost vlasničkih i upravljačkih struktura. Izabrani menadžment sprovodi ciljeve korporacije koje određuju vlasnici kapitala i ti ciljevi mogu biti opstanak na tržištu, uvećanje profita, smanjenje troškova itd. Da bi se ostvarili projektovani ciljevi korporacije u uslovima globalizacije, neophodno je uspostaviti efikasno korporativno upravljanje koje generiše konkurentsku prednost, profit, rast i razvoj. U uslovima globalne umreženosti i integralne bezbednosti, korporativna bezbednost kao deo upravljačkih aktivnosti dobija veliki značaj jer direktno utiče na konkurentnost korporacije i njenu poziciju na nacionalnom i globalnom tržištu. Korporativna bezbednost je uslov za podsticanje konkurentnosti i kao takva mora obuhvatiti eliminaciju svih izazova, rizika i pretnji koji remete efikasno i produktivno poslovanje.

Ključne reči: bezbednost, menadžment, korporacije, konkurentnost.

THE ROLE OF CORPORATE SECURITY MANAGEMENT IN PROMOTING COMPETITIVENESS

Prof. Duško Tomić, Ph.D.

tomic.dusko@gmail.com

M.Sci Jelena Dinić

ydinic@yahoo.com

M.Sci Vladimir Šakotić

vladimirsakotic@yahoo.com

Faculty of engineering management, Beograd, Serbia

UDK: 005.922.1:339.137.2

ABSTRACT

Modern corporations have separate ownership and management structures. Chosen management implements the objectives of corporation by the owners of capital and those goals can implicit survival in the market, increasing profit, reducing costs etc. To achieve the projected goals of the corporation in terms of globalization, it is necessary to establish effective corporate management that generates competitive advantage, profit, growth and development. In terms of global networking and integrated security, corporate security, as part of management activities gets a great importance because it directly affects the competitiveness of the corporation and its position in the national and global market. Corporate security is a prerequisite for the promotion of competitiveness and, as such, must include the elimination of all the challenges, risks and threats that disrupt the efficient and productive business activities.

Keywords: security, management, corporations, competitiveness.

UVOD

Povezanost ekonomskog razvoja i bezbednosti vidljiva je u svakom segmentu globalizovanog društva. Ekonomski jake države karakteriše veći socijalni mir u odnosu na privredno slabije države koje zbog siromaštva, visoke stope nezaposlenosti i političkih previranja predstavljaju plodno tlo za različite bezbednosne izazove, rizike i pretnje.

U vremenu globalne umreženosti i rastućih bezbednosnih izazova, rizika i pretnji, uloga bezbednosnog menadžmenta u kompanijama dobija poseban značaj. Da bi kompanija bila uspešna i produktivna, neophodno je otkloniti sve bezbednosne probleme koji ugrožavaju imovinu, sredstva za proizvodnju i zaposlene u kompaniji. Konkurentnost kompanija može se uspostaviti na tržištu samo pod uslovom ako vrednosti kompanije (materijalne i nematerijalne prirode) nisu ugrožene. Oblici ugrožavanja bezbednosti kompanija mogu biti tehničke prirode (kvarovi na opremi za proizvodnju, havarije...), krivična dela učinje od strane zaposlenih ili lica izvan kompanije (krađe, sabotaže, industrijska špijunaža, terorizam...), elementarne nepogode, socijalni nemiri, zloupotrebe službenog položaja itd.

Produktivnost kompanija, a samim tim i njihova konkurentnost naa tržištu, direktno je ugrožena nepostojanjem adekvatnih mehanizama za odgovor na bilo koji od navedenih oblika ugrožavanja bezbednosti poslovnog sistema. Uticaj eksternih faktora u poslovanju kompanije (izvršna, sudska i zakonodavna vlast, ekonomska i socijalna klima u zemlji...) nije zanemarljiv ali predstavlja komponentu poslovanja na koju je nemoguće uticati. Menadžment kompanije može izvršiti direktan uticaj na interne faktore i činioce koji su vezani za samu kompaniju, njeno poslovanje i na taj način osnažiti korporativnu bezbednost, odnosno stvoriti uslove za prosperitetno poslovanje i povećanje konkurentnosti.

METODOLOŠKI OKVIR ISTRAŽIVANJA

Način istraživanja uslovljen je definisanim problemom i predmetom istraživanja, kao i ciljevima i hipotezama istraživanja. Sprovedeno istraživanje ima teorijski karakter i zasnovano je na analizi dostupnih izvora koji jasno ukazuju na ulogu bezbednosnog menadžmenta korporacije u podsticanju konkurentnosti. Osnovni izvori podataka korišćeni u ovom istraživanju su knjige, naučni i stručni članci, naučne monografije i elektronske prezentacije koje se bave različitim teorijskim pristupima i pogledima na istraživanu temu kao i postojećim i mogućim modelima unapređenja korporativne bezbednosti sa ciljem podsticanja konkurentnosti korporacije. Predmet i ciljevi ovog naučno-istraživačkog rada zahtevaju primenu nekoliko naučnih metoda istraživanja. U navedenom istraživanju korišćeni su osnovne metode naučnog saznanja poput metoda analize i sinteze, indukcije i dedukcije, apstrakcije i konkretizacije, generalizacije i specijalizacije.

Istraživanje bezbednosnih pojava u poslovnom okuženju zahteva primenu komparativne metode. Spomenuta metoda pruža mogućnost utvrđivanja sličnosti, različitosti kao i izvođenja generalizacija na osnovu dobijenih razultata te je korišćena prilikom uporedne analize konkretnih oblika korporativne bezbednosti u različitim delovima sveta. Složena priroda predmeta istraživanja upućuje na neophodnost primene hipotetičko-deduktivne metode koja ima karakteristike dijagnostičke i prognostičke metode i često se spontano primenjuje u istraživanjima društvenih pojava.

Naučni cilj istraživanja je deskripcija, klasifikacija i objašnjenje činilaca koji mogu uticati i utiču na korporativnu bezbednost i konkurentnost kompanije. Mada se naučna deskripcija posmatra kao najniži nivo naučnog saznanja, ima veliki značaj jer omogućava sticanje jasne slike o predmetu istraživanja i pruža osnovu za više nivoe naučnog saznanja o problemu istraživanja, tj. daje smernice za prognozu kao najviši nivo naučnog saznanja. *Društveni cilj* ovog istraživanja se ogleda u praktičnoj upotrebljivosti rezultata istraživanja o postojanju direktne veze između korporativne bezbednosti i konkurentnosti kompanije.

KORPORATIVNA BEZBEDNOST I KONKURENTNOST KOMPANIJE

Konkurentnost kompanije i dobar imidž na tržištu predstavljaju put za ostvarivanje profita kao krajnjeg cilja svake kompanije. Identifikacija i eliminisanje pretnji koje ugrožavaju efikasno polovanje nameće se kao prioritetni zadatak kompanija koje posluju u nestabilnim i neizvesnim uslovima globalne umreženosti na svim nivoima.

Da bi postojali uslovi za donošenje odluka usmerenih ka konkurentnosti i profitu, neophodno je da upravljačke strukture kompanije obezbede dobro funkcionisanje sistema korporativne bezbednosti, odnosno da se stvore mehanizmi koji eliminišu bezbednosne izazove, rizike i pretnje eksternog i internog karaktera kao tri uslovljena, stepenovana i međusobno povezana pojma. *Bezbednosni izazov* predstavlja potencijalni, posredni izvor ugrožavanja stabilnosti i bezbednosti nekog entiteta ili organizacije, i između bezbednosne situacije i izazova postoji posredna veza. *Bezbednosni rizik* se može definisati kao skup procesa koji sadrže uzroke eventualnog ugrožavanja bezbednosti.[145] Veza između rizika i bezbednosnog stanja je direktna. Rizici su generatori *bezbednosnih pretnji* , odnosno situacija i stanja koja neposredno ugrožavaju bezbednost.

Ubrzan protok roba, ljudi i kapitala na globalnom tržištu povećao je konkurenciju i primorao kompanije da obezbede uslove za produktivno

[145] Trivan, Dragan, *Korporativna bezbednost*, Dosije studio, Beograd 2012, str. 41

poslovanje. Veoma je važno da bezdenosni menadžment kompanije pravovremeno izvrši procenu rizika i procenu bezbednosti poslovanja. Zaštita imovine, zaposlenih i poslovanja zahteva integrisani sistem zaštite. Upravljačke strukture imaju zadatak da pravovremeno primete signale koji ukazuju na ugroženost bezbednosti. U zavisnosti od veličine kompanije i njenih birokratskih procedura, postoji mogućnost da top menadžment ne dobije informacije na vreme ili da bezbednosni problem bude potcenjen zbog preterane samouverenosti menadžmenta, što može imati dalekosežne posledice ne samo u vidu narušvanja konkurentnosti i ugleda kompanije, već može naneti ozbiljne materijalne gubitke[146]. Jedan od poznatijih primera gubitka konkurentnosti i narušavanja ugleda kompanije dogodio se 1994. godine u kompaniji Intel usled potcenjivanja informacije o neispravnosti čipa Pentium računara.[147] Afera je rezultirala medijskim linčom spomenute kompanije, gubitkom velikog broja potrošača i konkurentnosti na tržištu.

Analiza rizika poslovanja jedne korporacije predstavlja komplesan proces koji pomaže bezbednosnom menadžmentu da identifikuje imovinu i lica odnosno objekte zaštite, bliže određivanje bezbednosne pretnje, njenog dometa i potencijalne štete koju može naneti , kao i donošenje odluke o merama koje je potrebno preduzeti radi saniranja eventualne štete. Pretnje mogu imati izvor unutar kompanije kao interni faktori koji narušavaju bezbednost, ili se mogu identifikovati kao eksterne pretnje koje ugrožavaju kompaniju iz njenog spoljnog okruženja.

Bezbednosni rizici i pretnje kompaniji neadekvatno tretirani od strane menadžmenta mogu naneti materijalnu štetu imovini, prouzrokovati povredu ili gubitak života zaposlenih lica. Upravljanje rizicima u kompaniji u tesnoj je vezi sa povećanjem konkurentnosti i profita. Načela i smernice za upravljanje rizicima u korporativnom okruženju objavljeni su 2009. godine od strane Međunarodne organizacije za standardizaciju – ISO[148] (tzv. *standard ISO 31000*) i predstavljaju pokušaj da kompanije koje posluju u uslovima povećanog rizika primenom navedenih standarda poboljšaju bezbednosne uslove rada kompanije. Implementacijom nekih od navedenih principa poput participacije zaposlenih u donošenju odluka, sistematičnosti i prvovremenosti prilikom prikupljanja i obrade podataka koji se tiču bezbednosti kompanije i njenog poslovanja, transparentnosti, izričitog lociranja izvora ugrožavanja bezbednosti, brige o ljudskim resursima itd.[149]

[146] Ibid.
[147] Growe, Andrew, *Only the paranoid survive,* Currency Doubleday, New York 1996, p. 3-4
[148] http://www.iso.org/iso/home/standards/iso31000.htm
[149] Ibid.

podiže se nivo svesti o značaju korporativne bezbednosti i njenom uticaju na konkurentnost i profit kao krajnju destinaciju poslovnih aktivnosti.

Kompanije često, u trci za profitom, zanemaruju procenu rizika, već preduzimaju poslovne aktivnosti koje će proizvesti instant uspeh i zaradu. Idealno ponašanje, posmatrano iz perspektive korporativne bezbednosti i zauzimanja pozicije kompetitivne prednosti, bilo bi u slučaju kada bi se potencijalni benefiti u vidu profita poredili sa rizicima poslovnih aktivnosti koje se preduzimaju.

„*BUSINESS INTELLIGENCE*“ I KONKURENTNOSTI KOMPANIJE

Vrhunski izazov predstavlja bezbednost poslovnih informacija u globalnom okruženju. U okolnostima slobodnog tržišta oslobođenog uticaja države, konkurentnost predstavlja determinišući faktor za svaku kompaniju koja želi da ostvari profit i dobru reputaciju.

Industrijska špijunaža predstavlja jedan od najopasnijih oblika ugrožavanja korporativne bezbednosti i, samim tim, njene konkurentnosti na tržištu. Šira javnost dobija oskudne informacije o incidentnim situacijama i aferama iz ove oblasti iz sasvim opravdanih razloga. Kompanije se trude da takvu vrstu informacija sakriju zbog potencijalnog stvaranja loše reputacije i gubitka konkurentnosti, straha od pada rejtinga ili zbog činjenice da bi javnim priznanjem otkrile konkurenciji svoje slabosti i pukotine u sistemu. Pojam *business intelligence* (poslovna inteligencija) se četo greškom koristi kao sinonim za nelegalnom poslovnom (industrijskom) špijunažom.[150] Business intelligence je proces legalnog prikupljanja javnosti dostupnih informacija radi analize i donošenja odluka koje pospešuju konkurentnost i profit.

Neki autori smatraju da business intelligence poseduje dve komplementarne komponente (ofanzivnu i defanzivnu) čijim prožimanjem ostvaruje svoju funkciju.[151] Na već spomenute sadržaje ofanzivnog karaktera, defanzivna, kontraobaveštajna komponenta usmerena je na eliminaciju delovanja konkurentskih kompanija na planu priklupljanja informacija o poslovnim aktivnostima kompanije koja vrši *business counterintelligence*.

Da bi aktivnosti prikupljanja informacija sa ciljem podizanja nivoa korporativne bezbednosti i konkurentnosti bile uspešne, neophodno je da

[150] Trivan, Dragan, *Korporativna bezbednost*, Dosije studio, Beograd 2012, str.113
[151] Ibid.

upravljačke strukture u kompaniji poseduju jasnu viziju ciljeva i razvoja kompanije. Investiranjem u *business intelligence* kompanije stiču prednost, unapređuju svoje poslovanje i jačaju konkurentsku poziciju na tržištu.

ZAKLJUČNA RAZMATRANJA

Ekonomska moć države u direktnoj je vezi sa ukupnim stanjem nacionalne bezbednosti jedne države. Konkurentne i jake privatne kompanije predstavljaju srž i bazu ekonomske stabilnosti svake moderne države. Prioritet takvih kompanija i njihovog rukovodstva predstavlja obezbeđivanje uslova za efikasno i profitno orjentisano poslovanje, odnosno eliminisanje svih eksternih i internih izvora rizika i pretnji po imovinu, zaposlene i sve nematerijalne vrednosti kompanije (informacije).

Preventivno i represivno delovanje organizacionih jednica koje se bave poslovima korporativne bezbednosti unutar jednog poslovnog sistema (fizičko-tehničko obezbeđenje, eksperti za business intelligence itd.) usmereno je ka identifikaciji i eliminaciji rizika i pretnji koji prete da ugroze opstanak, konkurentnost i produktivnost. Bezbednosni menadžment kompanije ima izuzetno važnu ulogu u zaštiti celokupnog poslovanja kompanije jer svojim proaktivnim i reaktivnim delovanjem objedinjuje različite aspekte korporativne bezbednosti poput zaštite informacija, zaposlenih, imovine, zaštite autorskih prava itd., kreirajući čvrste temelje za poslovanje konkurentne kompanije sa besprekornom reputacijom. U zavisnosti od prirode rizika ili pretnje (ljudski faktor ili delovanje prirodne sile /elementarne nepogode) bezbednosni menadžment sprovodi kontrolu rizika i saniranje posledica krize.

Zaštita poverljivosti podaka predstavlja najveći izazov bezbednosnog menadžmenta kompanije. „Odlivom“ poverljivih informacija direktno se urušava konkurentnost i kredibilitet kompanije. Adekvatan odabir ljudskih resursa ima ključnu ulogu u personalnom aspektu zaštite tajnosti podataka u korporacijama. Jačanje bezbednosne kulture zaposlenih i podizanje nivoa svesti top menadžmenta zaduženog za korporativnu bezbednost o uticaju korporativne bezbednosti na ukupno poslovanje kompanije predstavlja ključni faktor u dostizanju i očuvanju konkurentnosti kompanije na lokalnom i globalnom tržištu.

LITERATURA

1) Growe, Andrew, *Only the paranoid survive*, Currency Doubleday, New York 1996.

2) Mijalkovski, Milan, Tomić, Duško, *Obaveštajni sistemi*, Pi Press, Pirot 2013.
3) Mijalkovski,Milan, Tomić,Duško, Marić,Predrag, *Nacionalni sistem bezbednosti*, Pi Press, Pirot 2012.
4) Trivan, Dragan, *Korporativna bezbednost*, Dosije studio, Beograd 2012.
5) Šaljic,Eldar, Dimovski,Zlate, Marić,Predrag, Tomić,Duško, *Kriminalistička metodika*, Pi Press, Pirot 2012
6) http://www.iso.org/iso/home/standards/iso31000.htm

ГЛОБАЛНИОТ ИНТЕРНЕТ И ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Проф. д-р Арсе Петрески

Универзитет “Свети Климент Охридски“ Битола – Правен факултет Кичево

Доц. д-р Светлана Велјаноска

Универзитет “Свети Климент Охридски“ Битола – Правен факултет Кичево

УДК: 344.78:004.738.5

АПСТРАКТ

Со примената на современите информатички компјутерски технологии (ИКТ), интелектуалната сопственост доживува експанзија и според проценките на иднината ќе претставува едно од главните обележја на 21-от век. Пред неколку години Светската Организација за интелектуална сопственост (WIPO), го започна амбициозниот проект на мрежата WIPOnet, а денес оваа изградена мрежа ја поврзува со информатичката мрежа на Трилатералата со цел да се формира светска мрежа на интелектуална сопственост. Во вакви ситуации прашањето на заштита е во преден план (a priory).

Клучни зборови: WIPOnet, TriNet, Patnet, WIPO, EPO, заштита, интелектуална сопственост.

GLOBAL INTERNET AND INTELLECTUAL PROPERTY RIGHTS

Prof. Petreski Arse, Ph.D.

University "St. Kliment Ohridski" Bitola - Faculty Of Law Kicevo

Ass. Prof. Svetlana Veljanoska Ph.D.

University "St. Kliment Ohridski" Bitola - Faculty Of Law Kicevo

UDK: УДК: 344.78:004.738.5

ABSTRACT

The application of modern information computer technology (ICT), intellectual property is booming, and estimates of our future is one of the main landmarks of the 21st century. Several years ago, the World Intellectual Property Organization (WIPO), started an ambitious project of network WIPOnet, and today built this network connects to the network information Trilateralata to form a worldwide network of intellectual

property. In such situations the question of protection is in the foreground (a priory).

Keywords*:* WIPOnet, TriNet, Patnet, WIPO, EPO*,* protection, intellectual property.

ВОВЕД

Поимот на индустриската сопственост ја опфаќа областа на патенти, жигови, модели примероци и географски ознаки на потекло. Со додавањето на целиот збир на авторски и сродни права се доаѓа до поширокиот поим: "интелектуална сопственост". При О.О.Н. делува светската организација за интелектуална сопственост WIPO (World Intellectual Property Organization) која е основана во 1973 година и нејзини главни активности се воспоставување на меѓународни норми и стандарди во полето на интелектуалната сопственост, посебно низ меѓународните договори и обезбедувањето на легални информации за интелектуалната сопственост. WIPO (СОИС) има околу 180 земји во светот меѓу кои е и Република Македонија, со околу 350 национални организации кои ги третираат овие области.

Покрај WIPO (СОИС) и националните организации за интелектуална сопственост постојат доста регионални организации (RIPO) како што се на пример, евроазиската организација за патенти (ЕАРО), европската патентна организација (ЕПО) или Трилатералата која ја сочинуваат ЕПО, USPTO (Патентната организација на САД) и ЈПО (Јапонската патентна организација).

ИНФОРМАТИВНО КОМУНИКАЦИОНА ТЕХНОЛОГИЈА НА СВЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

СОИС, како и земјите членки располагаат со огромни количини на информации кои се мерат со стотина илјди и милиони записи на компјутерските бази на податоци. За да биде дофатот на информации брз и ефикасен неопходна е современа компјутерска инфраструктура како поддршка. Проблемот е во тоа што еден број на земјите членки нема или немал современа компјутерска опрема па дисеминацијата (ширењето) на информациите во некои случаеви ги вршеле на примитивен начин со секвенцијално пребарување на хартиени документи. Исто така, размената на информации помеѓу поединечните земји, и оние како што се најразвиените не била секогаш ефикасна, бидејќи поради сепаратниот развој информационите системи на интелектуалната сопственост меѓусебно биле некомпатибилни.

И самото Биро на СОИС за обработка на податоци, доскоро користел повеќе независни и хетерогени информатички системи, покрај другото и централен систем на О.О.Н. заедно со уште 15 организации на О.О.Н. што не било најдобро решение од повеќе причини, а едно од нив било и прашањето за безбедноста на информациите.

Покрај сето тоа, СОИС во 1998 година покренала проект за информативна мрежа т.н. WIPOnet со цел да се унифицира информатичкиот развој на светската организација за интелектуална сопственост. Планирано е главната функција на WIPOnet да биде остварување на електронска врска со заводите за интелктуална сопственост ширум светот и брза размена на информации, и со нив WIPOnet е базиран на општо прифатени стандарди со цел да обезбеди:

Комуникациона инфраструктура и Интернет пристап за членките и Меѓународното биро на светската организација за интелектуална сопственост;
Сервер на инфраструктурниот комјутерски развој, заштита и платформа на бараните сервиси и апликативни програми;
Локалните заводи според планот би поседувале минимално потребна инфраструктура за користење на WIPOnet, локални мрежи и соодветен софтвер
Со проектот биле планирани две нивоа на пристап на мрежата на WIPOnet:
Информации расположливи само за членките
Информации расположливи за секој преку Интернет пристапот

ГЛАВНИ WIPOnet СЕРВИСИ

Меѓу сервисите на WIPOnet планирани се следните сервиси од областа на интелектуалната сопственост:

1) Електронско поднесување на меѓународни PCT пријави. Планирано е на почетокот да се воведат во неколку најразвиени национални Заводи поради високите HW и SW барања;

2) Регистрација на Жигови (Мадридски договор) WIPOnet обезбедува комуникациона инфраструктура за автоматска размена на информации и размена на жигови;
3) ON-Line арбитража. ON Line арбитражата овозможува меѓународна евиденција на електронски фајлови преку кои ќе се евидентираат расправите на ниво на СОИС;
4) WIPOnet дигитални библиотеки за интелектуална сопственост. Дигиталните библиотеки претставуваат електронски еквивалент на збирките на документи. Во план е, постепено сите релевантни информации од доменот на интелектуалната сопственост да се префрлат на дигиталните медиуми, со што ќе биде обезбедено брзо и ефикасно нивно пребарување;
5) WIPO (СОИС) Светска академија. WIPO поседува програми за обука на заводите за интелектуална сопственост кои се познати како Светска WIPO академија. Оваа академија по пат на WIPOnet подготвува видео конференции, учење и обуки на далечина. Примената на новото учење на далечина, посебно ќе помогне во изнаоѓањето на тешкотии информациите и сервисите да се дистрибуираат во земјите во развој. Покрај сервисите специфични за интелектуланата сопственост со планот се предвидени и многу други стандардни сервиси со силни техничко-технолошки капацитети, како на пример:

Електронска пошта. Email net ќе им овозможи на сите членки да регистрираат Email сервис со WIPO домен на име. Земјите членки можат да регистрираат e-mail сервиси како поддомен на WIPO. Техничките карактеристики на електронските пошти се во склад со најновите технолошки стандарди во тој домен. WIPOnet e-mail сервисот е дизајниран да поддржи максимално 50.000 “електронски сандачиња“. Големината на секое електронско сандаче може да биде до 10 мегабајти. E-mail на WIPOnet може да обработи до 10.000 пораки по час. POP-3 серверот е проектиран да може да овозможи до 5.000 симултани сесии.
WEB hosting платформа. Сервисите на хост платформата ќе бидат расположливи за сите земји членки и за меѓународното биро. На земјите членки ќе им биде овозможено да креираат и да управуваат со Web страните кои имаат препознатлив заеднички “WIPO изглед“ капацитет и перформанси по Web

hosting платформата се следни: број на дневни пристапи до 200.000, големина на фајловите кои се пренесува – максимално до 10 мегабајти, бројот на дневните фајлови е до 10.000, и бројот на симултаните сесии е до 500.
News & Chat за земјите членки. WIPOnet ќе овозможи News и Chat сервиси за сите заводи за интелектуална сопственост на земјите членки. Секоја земја членка ќе може да креира нови news групи хиерархиски под WIPO news групите. Капацитетот и перформансите се следни: дневно до 10.000, бројот на семултаните сесии до 20, бројот на учесници до 50, просечно траење на сесијата – 1 час.

Мултимедијални сервиси преку WIPO-net. По пат на информационата инфраструктура WIPOnet заводите за интелектуална сопственост ќе можат меѓусебно да комуницираат со другите заводи преку факс и видео пораки. Сите заводи за интелектуална сопственост на земјите членки и нивните раководства се легални корисници на WIPOnet мултимедијалните сервиси. Некои чувствителни информации ќе бидат енкриптувани. Капацитетот на перформансите на мултимедијалниот сервис е следен: број на факсови дневно до 5000, големина на фајловите кои се пренесуваат до 512 Kbytes, бројот на симултаните сесии до 340.

Domain Name Server (DNS). WIPOnet сервисот обезбедува домен на име за земјите членки преку DNS сервисот. Администрацијата на DNS ќе биде под контрола на оперативниот центар кој дава поддршка на WIPOnet. Со планираната масовна употреба на работите се движеле малку побавно, бидејќи едноставно тоа е реалност на современиот свет кој не е рамномерно развиен. За да би можеле земјите во развој и неразвиените земји да се вклучат активно во користење на WIPOnet неопходно е покрај финансиската поддршка и да поседуваат извесна техничко-технолошка традиција. Со многу проблеми и помали отстапувања од планот, кои неминовно го следат секој амбициозен глобален проект на реализација на WIPOnet, сепак оваа реализација е успешно завршена.

Моментално се расположливи следните базни сервиси на WIPOnet: E-mail (заштитени и незаштитени), Размена на податоци Емаилинг листи/дискусиони групи Web Hosting/Mirroring, Online Collaboration и User Directory, Helpdesk. Во перспектива ќе бидат активирани и следните сервиси: IPDL (дигитални библиотеки), Комуникација врзана за PCT, Комуникација врзани за Мадридскиот аранжман, Комуникација врзана за WIPO арбитражата и Медиаторскиот центар, Учење на далечина и WIPO Академијата. Тешкотиите во имплементацијата на WIPOnet нема да го спречи зацртаниот развој. Во план е мрежатаWIPOnet да се поврзе со другите мрежи како што се TriNet и Patnet.

TriNET претставува интерконекција на трилатералата: European Patent Office (EPO), Japonese Patent Office (JPO) Canadian Intelectual Property Office (CIPO) и Korean Intelectual

Property Office (KIPO).

Patnet е мрежа која обезбедува сигурна интерконекција помеѓу европските национални заводи за интелектуална сопственост. Од наведените активности јасно се гледа понатамошниот тренд на интеграција на парцијалните информатички мрежи на интелектуалната сопственост во светот што треба во блиска иднина да доведе практично до една единствена светска мрежа на интелектуална сопственост. Може да се каже во слободна проценка, кога ќе биде во полна функција, интегрираната мрежа на интелектуална сопственост ќе покрива преку 90% на релевантни информации од областа на интелектуалната сопственост во светот. Сосем е сигурно дека тоа ќе биде една од важните карики на глобалниот светски поредок кој се изградува.

ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИОНО КОМПЈУТЕРСКИТЕ РЕСУРСИ ВО ОБЛАСТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ

За значењето на информационите комуникациони технологии во светската заедница на интелектуалната сопственост многу говори фактот дека во рамките на СОИС повеќе години функционира постојано тело за информативно комуникациони технологии – SCIT. Под контрола на ова тело е извршен целиот досегашен развој на WIPOnet мрежата. Довршувањето на процесот на интеграција на информатичката инфраструктура од една страна и значењето кое му се дава на интелектуалната сопственост во 21-от век, од друга страна, укажува на многу големи опасности со кои ќе биде изложен еден таков глобален информатичко-комуникациски систем.

Проектантите на WIPOnet големо внимание му посветиле на заштитата на комуникацијата низ WIPOnet. Проектиран и реализиран е пристап низ VPN (Virtual Private Network) со дигитални сертификати и пуштен е во пробна работа. Меѓутоа, многу брзо се покажало дека интеграцијата во пракса многу тешко се реализира отколку да се проектира. Како проблем се испречиле многу големи разлики во технолошката развиеност на земјите членки на СОИС (WIPO), но, не само тоа. И ИП службите на развиените земји неможат брзо да се прилагодат на новиот начин на комуникација бидејќи работеле по различни стандарди, за поединечни решенија имаат поинакви мислења, трошоците се зголемени. Резултат на таквата ситуација е следна: од месец април 2004 година на ниво на Комитетот на SCIT донесена е одлука за сега да се прекине од строгата дигитална сертификација и наместо тоа за пристап на WIPOnet, да се користи поедноставен, но, помалку безбеден начин на аутентификација со механизам на login процедури. Самиот факт во овој момент да се откаже од високите безбедносни барања зборува за тежината на нивната практична имплементација, но, и за поголемите потенцијални ризици со кои ќе биде изложена работата на WIPOnet. Прашањето за безбедноста на овој систем е многу чувствително поради тоа што се ослонува на интернет технологијата која по прашањето на безбедност е многу проблематична. Заштитата на системот на интелектуална сопственост во иднина може во основа да се набљудува на три нивоа:

1) Загрозеност на информатичките ресурси како такви. Постоењето на глобална мрежа на светската заедница на интелектуална сопственост која забрзано се формира, неминовно ќе стане само по себе мета на напад на хакерите слично како што се случило и со Интернетот, иако се заснива на истите принципи. Нејзината големина, исто така, ќе привлече и многубројни “ненаменски“ деструкции какви се случуваат на пример со небрежно ширење на вирусот низ мрежата, па како најсериозен проблем на воспоставување на оваа мрежа се поставува заправо безбедноста и довербата на нејзиното функционирање. Меѓутоа, сегашното искуство на WIPOnet ни зборува дека во областа на заштитата на мрежи полесно е планирањето од самата реализација.
2) Загрозеност на правата на интелектуалната сопственост со посредство на информатичкиот систем. Под ова подразбираме користење на информатички мрежи и нејзини кориснички сервиси со цел на упад во официјални

организации кои се надлежни за доделување на правото од доменот на интелектуалната сопственост. Ова посебно се однесува на организациите кои своите продукциони (дневно оперативни) мрежи, бази на податоци и други информатички ресурси ги држат на мрежата која не е физички одвоена од Интернетот. На тој начин тука може да се очекува злонамрен упад со цел на комплетно уништување на поднесените пријави за заштита на интелектуалните права или пак за промена на датумите за приоритет што би предизвикало комплексни правни последици. Точно е дека информатичката база на податоци (сеуште најчесто) само ги слика соодветните документикои во крајна инстанца се единствен веродостоен доказ пред судот. Меѓутоа трендот кој е прифатен од страна на поголемиот број на земји во светот пријавите за заштита на интелектуалните права да се поднесуваат во електронски облик, што во иднина тежиштето на безбедноста на целокупниот систем на заштита на интелектуалната сопственост ќе се префрли на интелектуалната технологија

3) Загрозеност на информатичкото интелектуално право. Под ова се подразбира заштита на инвантивните пронајдоци од доменот на информатичките комуникациони технологии на технолошките области кои забрзано се развиваат. Во оваа област е веќе концентриран огромниот капитал поради што таа има поголемо значење за општиот развој на човештвото. Новите пронајдоци во областа на хардверот и досега се штителе со патент, додека софтверот воглавно е штитен низ механизмот на авторското право (пониско ниво на заштита од патентот). Меѓутоа, во САД од порано можела да се патентира “постапката“ што во поширока смисла е софтвер, а најновите трендови во светот одат према експанзија на патентирање на софтверот. Последните години овој тренд силно се вклучил во ЕПО што предизвикало големи полемики.

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Тековно во светот спрема прогнозите на футурологозите ќе биде век на знаење, па затоа борбата за моќ во светот се повеќе се префрлува на теренот на интелектуалната сопственост. Од друга страна, разбирајќи го тоа најразвиените земји во светот се повеќе вложуваат во интелектуалните ресурси, со што борбата за глобалниот престиж во светот ќе се пренесе на теренот на научно-технолошкиот развој. Кој во тој домен ќе оствари предност ќе има шанса да обезбеди за себе економска, војна и политичка доминација. Опишаниот систем на интелектуалната сопственост во светот, кој се воспоставува, неизоставено се базира на информатичко – комуникационите технологии, па прашањето за заштита на нивното функционирање воедно е и прашање на функционирање на целокупниот систем.

РЕФЕРЕНЦИ

1) Global Information Network and Intelectual Property Information Services,
2) (Main program 12 - WIPO 17);
3) WIPO Global Information Network, (SCIT 2/3 - WIPO 1998);
4) WIPOnet given the green light, (WIPO Magazine, 6/1998);
5) Establishment of the WIPO Global Information Network, (WIPO 1998)
6) Инструкции за SCIT работните групи, (WIPO 1998);
7) Tender for the Global Information Network Project, (WIPO 1998);
8) Understanding Electronic Communications, (Prentice Hall PTR, UK 1998);
9) Kompjuterski kriminal, Dr Slobodan R. Petrović, Ministarstvo unutrašnjih
10) poslova republike Srbije, Beograd 2001;
11) Senke interneta, Slobodan Trifković, Novinsko-izdavački centar Vojska, Beograd 2003.
12) AIMS PROJECT STATUS REPORT, CLAIMS PROJECT STATUS
13) REPORT, IMPACT PROJECT STATUS, REPORT, PCT-SAFE
14) PROJECT STATUS REPORT, WIPONET PROJECT STATUS REPORT
15) (WIPO IT Status Reports, мај - август 2003.)

УПОТРЕБА НА ИКТ ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

Виш. пред. м-р Јосиф Петровски

Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
josif.petrovski@yahoo.com

УДК: 334.72.012.63/.64:004]:339.137.2

АПСТРАКТ

Информатичко – комуникациските технологии (ИКТ) направија глобална револуција во деловниот свет. Овој труд е посветен на користењето на ИКТ во зголемување на конкурентноста на компаниите на пазарот, а особено важно за малите и средните претпријатија, кои се повеќе стратегиски ја употребуваат оваа технологија и нејзините најнови сервиси. Како резултат на користењето на ИКТ фирмите растат побрзо, инвестираат повеќе и се попродуктивни од оние кои не користат. Кога фирмите инвестираат повеќе во нова технологија, веројатноста да стане конкурентен може да се удвои. Без разлика дали се развива менаџерски информациски систем за поддршка при донесување на одлуки или спроведување на подобрена комуникација, ефективната ИКТ ја нагласува важноста на доброто управување со информациите. Главен фокус на оваа статија е да се разгледа како најдобро управувањето со информации може да влијае и да ја подобри корпоративната стратегија за подобрување на компаниската стратегија и крајна профитабилност.

Клучни зборови: Конкурентност, ИКТ, мали претпријатија, средни претпријатија.

THE USE OF ICT IN SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES FOR INCREASING COMPETITIVENESS

Senior lecturer Josif Petrovski, M.Sc.
Business Academy Smilevski BAS - Skopje
josif.petrovski@yahoo.com

UDK: 334.72.012.63/.64:004]:339.137.2

ABSTRACT

Information - communication technologies (ICT) made worldwide revolution in the corporate world. This paper is dedicated to the use of ICT in enhancing the competitiveness of companies in the market, and especially important for SMEs that are more strategically using this technology and its modern services. As a result of the use of ICT companies grow faster, invest more and are more productive than non-users. When companies invest more in new technology, they are more likely to become twice more competitive. Whether they are developing management information system for decision making support or implementation of improved communication, effective ICT emphasizes the importance of good information management. The main focus of this article is to consider how best management information can affect and improve corporate strategy to improve the company's strategy and final profit.

Keywords: competitiveness, ICT, small enterprises, medium enterprises.

ВОВЕД

Малите и средните претпријатија имаат голем придонес во развојот на економијата, индустриското производство и извозот на една држава. Малите и средните претпријатија (МСП) се важни за растот на економијата и затоа економскиот развој на една земја зависи од напредокот на МСП секторот (Ramsey и др., 2003). Овие претпријатија играат клучна улога во својата земја. Преку нудењето на своите услуги и производи тие креираат поделба на трудот и развој на регионални економии и заедници. Секоја земја во развој треба да ги негува овие претпријатија, бидејќи преку нив се намалува појавата на монополски и олигарски пазари. Самата основа на постоењето на поголемиот дел од малите и средните претпријатија е една од клучните особини за компетентноста на претприемачот. Како компанијата расте поголем број на страни влегуваат на пазарот, конкуренција расте, а очекувањата на клиентите се зголемуваат. Но, оваа особина на претприемачот не е самата од себе доволна да се оствари профитабилност. Работата на малите и средни претпријатија зависи од успешноста на внатрешната заемна соработка во компанијата за постигнување на мерливите цели. Во оваа фаза, употребата на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), станува императив за раст на малите и средни претпријатија.

ИКТ, од една страна, ги упростува процесите и трансакциите во бизнисот, а од друга страна, го подобрува квалитетот на информациите и управувањето со знаењето за подобро донесување одлуки. Според Вадим Котелников (Kotelnikov, 2014), ИКТ може да игра многу важна улога во создавањето можности за бизнис, борбата против притисоците од конкуренцијата и подобрување на основната дејност на малите и средни претпријатија во секој чекор на бизнис процесите. Ова вклучува и намалување на трошоците преку подобрување на внатрешните постапки, подобрување на производот преку побрза комуникација со клиенти, подобро промовирање и дистрибуција на производи преку интернет итн.

ПОТРЕБА ОД ИКТ ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ИКТ претставуваат технологии и алатки кои луѓето ги користат за да споделат, пренесат и соберат информации, да комуницираат едни со други, посебно или во групи, преку употреба на компјутери и меѓусебно поврзани мрежи. Може да се каже дека ИКТ се и медиуми кои ги користат телекомуникациските и компјутерските технологии за пренос на информации. ИКТ помага во брзото и прецизно донесување на одлуки од страна на малите и средни претпријатија поради зголемената мобилност. Важни карактеристики на употреба на ИКТ во МСП се брзината на услуги, пристапот до информации, унапредување на вработениот кадар и понуда на квалитетни услуги по конкурентни цени. Малите и средните претпријатија имаат потреба од ИКТ-базирани решенија во однос на различните барања, зголемување на бројот на клиенти, зголемување на продуктивноста, контрола на трошоците, работење на далечина, брзо и точно донесување на одлуки и овозможување на соработка (Kushwaha, 2011). Малите и средните претпријатија мора добро да се адаптираат во донесувањето на одлуки, планирањето и при креирањето на стратегијата на одлуки, во однос на типот на технологијата кои тие ја употребуваат. Да се остане конкурентен во поглед на глобализацијата и брзиот напредок на технологијата, иновативноста и евалвацијата на МСП се најважни. Наместо оваа технологија да се користи само за сметководство или канцелариска работа, треба да се насочи кон магацинско работење, креирање на база со информации, и стандардизирање со TQM, TPM, Six Sigma, ISO итн. Малите и средни претпријатија, наместо да се адаптираат на комерцијален софтвер како што е Microsoft Office може да се потпрат на слободни софтвер, или често пати нарекувани софтвер со отворен код. Такви се Open Office, Linux Red Hat и други слични апликации за намалување на трошоците. Користење на софтвер за планирање на ресурсите, како што е NAVISON, може драстично да ги намали оперативните трошоци. Други веб базирани системи им овозможуваат на информациите да влезат во една, заедничка база на податоци, да ги сортираат, класифицираат и даги понудат до сите единици на компанијата.

Информатичките системи станаа неизбежен дел од секоја компанија. Во последните две години, глобално се потрошени над 3,6 трилиони долари за технологија, како што може да се види во табела 1, а веќе во наредните две години проектиран е раст потрошувачката. Нефункционален ИКТ систем доведува не само до намалување на профитот, туку и до пропуштање на поволни можности. За малите и средни претпријатија одржувањето на софистициран систем често е предизвик и голем минус во буџетот. На пример, една фирма може да користи Microsoft Exchange за да обезбеди основни услуги како што се безбедна електронска пошта, листа со настани, заедничка група за комуникација, како и интеграција со мобилни уреди. Microsoft Exchange, сепак, бара Windows Active Directory, како и системи со високи перформанси за складирање и бекапирање на податоци. Ова бара повеќе сервери и стабилна мрежа, дополнителна заштита, и приватна мрежа за да се поврзете безбедно на интернет. Значи, многу брзо, мал бизнис ќе треба да потроши десетици илјади долари на софистицирана мрежа, компјутерски хардвер и софтвер, и инженерски кадар.

Табела 1. Светска потрошувачка и проекција за наредна година (билиони долари)[152]

	2013 трошок	2013 раст (%)	2014 трошок	2014 раст (%)	2015 трошок	2015 раст (%)
Хардвер	677	1,1	685	1,2	725	5,8
Системи за бази на податоци	140	-0,1	140	0,4	144	2,9
Канцелариски софтвер	300	5,1	321	6,9	344	7,3
Информатички услуги	932	0,0	967	3,8	1.007	4,1
Комуникациски услуги	1.624	-1,2	1.635	0,7	1.668	2,0
ВКУПНО	3.673	0,0	3.749	2,1	3.888	3,7

Повеќе студии се специјално изработени за да ја согледаат комбинацијата на електронски пазари, електронската размена на податоци и интернет трговијата меѓу малите и средните претпријатија (Quayle, 2003; Grandon и Pearson, 2004). Воведувањето на Е-трговија зависи од повеќе индустриски фактори. Фирмите со претприемачка ориентација и технолошка содржина во нивните производи имаат поголема стапка на употреба на е-бизнис. Другите МСП со ограничени технологии страдаат од недостаток на финансиски средства и експертиза, со што се намалува нивната способност да ја искористат достапната технологијата поинаку од само една обична веб страница. Ефикасно управување со ИКТ е особено критична за мали и средни претпријатија (МСП), бидејќи тие работат различно од големите компании. Прво, малите и средните претпријатија имаат тенденција да имаат централизирана структура и да вработуваат поопшти работници наместо специјалисти, и тоа резултира со недостаток на ИКТ знаење и технички вештини. Второ, малите и средните претпријатија немаат финансиски ресурси за да инвестираат во ИКТ инфраструктура и да ги обучуваат нивните корисници. Исто така, малите и средните претпријатија имаат помалку ресурси да ги амортизираат ударите на неуспешни инвестиции во ИКТ. Лошото управување со ИКТ може да ја намали конкурентноста во однос на соперниците. Затоа, малите и средните претпријатија се под зголемен притисок успешно да имплементираат ИКТ со цел не само да се задржи нивната конкурентска позиција, но, исто така, да се опстане на пазарот. Доказите покажуваат дека придобивки во продуктивноста имаат претпријатијата кои ја имаат усвоено информатичко-комуникациската технологија (Dangayach и Deshmukh, 2003; Sheils, 2003). Развојот на

[152] Превземено од http://www.gartner.com/newsroom/id/2783517 на 15.10.2014 година

глобализацијата овозможува ефективен проток на податоци во организацијата, кои може позитивно да се искористат преку употреба на ИКТ. Во оваа ера на глобализација револуцијата на ИКТ влијае на начинот на кој функционира бизнисот. Таа ја менува бизнис структурата и го менува степенот на конкуренција. Потоа, се создава конкурентна предност за претпријатија кои усвоиле ИКТ. Трето, влијае на нови бизнис операции. Овие промени ги принудија малите и средни претпријатија да ги воведат ИКТ со цел да се справат со овие промени во животната средина (Casolaro и Gobbi, 2007). Усвојувањето на ИКТ од страна на МСП обезбедува средства за пристап, обработка и дистрибуција на поголеми количини на информации потребни за раководството на една организација. Ова им помага на менаџерите да се направат добри решенија при стратешките планирање (Jimmy и Li, 2003). Навистина постои потреба од користење на најновата технологија, особено во малите и средните претпријатија, со цел да влезе во меѓународните пазари и да станат конкурентни, и покрај предизвиците поставени од страна на глобализацијата, либерализација и технолошките промени. Покрај ова, малите и средни претпријатија се соочуваат со конкуренција од мултинационални корпорации во домашниот пазар. Оваа конкурентност е во форма на намалување на трошоците, подобрување на квалитетот на производите, широк спектар на производи и подобри услуги, сите доставени навремено за да се задржи соработката со своите клиенти (Dangayach и Deshmukh, 2003).

НАДМИНУВАЊЕ НА ПРЕПРЕКИТЕ

Иако од досега изложеното јасно се гледа потребата од воведување на ИКТ системи и негово адаптирање во една компанија, не е така лесно како што звучи. Купувањето на соодветна опрема, вработување или изнајмување на стручни лица, како и создавање и имплементирање на системите е долг и скап процес, кој најчесто може да си го овозможат само големите компании. Како потенцијално решение за овие проблеми се смета пресметувањето во облак или Cloud Computing. Cloud computing се однесува на компјутерски ресурси во однос на софтвер или пресметувачка моќ кои се достапни преку Интернет. Постојат компании кои се обидуваат да го искористат Cloud computing нудејќи софтвер како сервис (SaaS – Software as a Service) на компаниите. Еден пример на SaaS е Google Apps од Google. Други примери се SkyInsight и GoodData, како и компаниите кои нудат услуги на електронска пошта. Наместо софтвер, и сметачката моќ, исто така, може да се обезбеди како сервис, која потоа може да се користи како платформа на која корисниците да поставуваат сопствени апликации (PaaS – Platform as a Service). Примери за ова се услугите на Azure услугите на Мајкрософт, услугите од Rackspace, Амазон итн. Организациите кои ги користат овие услуги за поставување на свои апликации добиваат одредени бенефиции, како:

Стручноста за креирање и одржување на овие системи кои ги хостираат апликациите, веќе не е потребна во самата организација.
Преголемото организирање може да се избегне бидејќи самата организација не е повеќе одговорна за проценување на потребната компјутерска моќ за апликацијата; во облакот може да се обезбедат потребните ресурси за апликацијата без мешање од корисниците. PaaS услугите често им овозможуваат на клиентите да плаќаат само за сметачката моќ што ја користат што, всушност, им овозможува на клиентите да заштедат пари.

На оваа технологија може да се гледа како на виртуелно опкружување бидејќи компаниите не мора да поседуваат познавања од областа на информатиката. Доставувачот кој нуди вакви услуги може да му понуди на компаниите пресметувања, мрежно поврзување или можности за складирање на податоци и информации преку компјутерските мрежи (пр. интернет). Ова главно се применува преку користење на Плати-Користи моделот, т.е. потрошувачот плаќа само за она што тој всушност го употребува. Исто доставувачите може на потрошувачите да им понудат и виртуелни машини, овозможувајќи им на доставувачот да споделува и дистрибуира материјална компјутерска моќ до повеќе потрошувачи. Пресметувањата, мрежното поврзување или можноста за складирање на информациите се обезбедуваат без потрошувачот да мора да ја познава поставеноста на архитектурата на системите. На овој начин се избегнуваат големи трошоци за набавка и инсталација на опрема која ретко ќе се употребува.

Еден од најупотребуваните сервиси е Skype, апликација која нашиот компјутер го претвора во телефон или конференциска врска без високи трошоци за разговори низ целата планета. Потоа социјалната мрежа Facebook е исто пример за оваа технологија. И двете апликации работат на Интернет и во својот дел ги чуваат нашите контакти, историја на разговори и останати потребни информации. До нив може да пристапиме од било кој компјутер во било кое време. Microsoft

Office, еден од водечките канцелариски пакети, денес станува водечки сервис на интернет. Наместо организациите да го купуваат целиот пакет, а да користат само една или две апликации, може за одредена цена, на интернет, да ја користат потребната апликација. Други сервиси кои најчесто се користат се сервиси за чување, обработка и архивирање на податоци. Најкористена алатка за ова е QuickBase. Преку Cloud computing може да изнајмиме компјутер со високи перформанси и да го контролираме и да работиме со него на далечина. Преку оваа услуга може да раководиме со моќен компјутер без истиот да го поседуваме.

ЗАКЛУЧОК

Информатичката технологија во денешно време стана основа на денешниот бизнис и многу компании користат ИКТ за стекнување на предност во однос на конкурентите. Работењето во облаци (Cloud Computing) премина во водечка технологија која ја употребуваат големите компании во последниве неколку години. Иако ова е сеуште нов и неиспитан концепт за малите и средните претпријатија, се поголем број од нив се решаваат на користење на овие услуги, а со тоа стануваат поконкурентни на пазарот. Оваа технологија им нуди на малите и средните компании пристап до сигурна и стабилна информатичка инфраструктура по пристапна цена во било кое време. Како што расте побарувачката за овие системи растат и можностите кои ги нудат истите. Клучно за малите и средните претпријатија е што ИКТ обезбедува многу опции за стекнување предности во сегменти каде големите компании не гледаат вредност. Бизнисот кој се менува во согласност со потребите секогаш ќе успее да опстани.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Casolaro, L. and Gobbi, G. (2007). Information technology and productivity changes in the banking industry. Economic Notes, 36: 43-76.
2) Dangayach, G.S. and Deshmukh, S.G. (2003). Evidence of manufacturing strategies in Indian industry. International Journal of Production Economics, 83: 279-298.
3) Grandon, E., Pearson, J. (2004). Electronic commerce adoption: an empirical study of small and medium US businesses", Information and Management 42 (1): 197-216.

4) Jimmy, J.M. and Li, K.X. (2003). Implications of ICT for knowledge management in globalization. Journal of Information Management and Computer Security, 11: 167-174.
5) Kotelnikov, V. (2007). Small and Medium Enterprises and ICT. Asia-Pacific Development Information Programme. Series: e-Primers for the Information Economy. *Society and Polity. ISBN*, 978-974.
6) Kushwaha, G. S. (2011). Competitive advantage through information and communication technology (ICT) enabled supply chain management practices. International Journal of Enterprise Computing and Business Systems, 1(2), 3.
7) Quayle, M. (2003). A study of supply chain management practice in UK industrial SMEs. Supply chain management: An International Journal, 8 (1), 79-86.
8) Ramsey, E. Ibbotson, P. Bell, J. & Gray, B. (2003). E-opportunities of service sector SMEs, Journal of Small Business and Enterprise Development, 10(3).
9) Sheils, H., Mclover, R. and O'Reilly, D. (2003). Understanding the implications of ICT adoption: Insights from SMEs. Logistics Information Management, 16: 312-326.

TACTICAL MANAGEMENT FOR GREATER COMPETITIVENESS

Renata Petrevska Nechkoska

UGENT, Belgium / UKLO, Macedonia
renata.petrevskanechkoska@ugent.be

UDK: 005.591:339.137.2

ABSTRACT

Can Tactical Management be addressed with a method that will provide higher adaptability and handling complexity of work? This Research is focusing on the Tactical Management complexity in dealing with uncertain and unpredictable environment, and fundamental need of adaptability. It aims to differentiate the characteristics of tactical management that require specific addressing with Information Systems. Currently – Tactical Management is addressed as any other levels (Operational and Strategic) with reports, big data, rigid business processes, narrow vision and supply chain and is perceived as the managerial layer that does middle-range planning. Tactical management is in the middle – but not of time planning. The Tactical Managers are in the Middle of (1) Strategy and Operations, (2) Clients and the Company, (3) Management and Employees. They (the people performing tactical management functions) operate in highly dynamic, unpredictable environment, needing adaptability and responsiveness to changing circumstances while still guiding their teams (collaborators) towards a goal, managing information input/output mismatches and dynamically aligning resources, capabilities and information inputs/processing/outputs. The Tactics is the way businesses achieve their difference, their competitive advantage. It has been somewhat neglected with nowadays Real-time information shooting up to Strategic KPIs, or vice versa. If we place several tactical managers in a situation, with same 'Endings', KPIs, resources, ... , and all given circumstances, we would observe several person-dependent approaches and tactical management. If we try to enforce the prescribed business processes to the tactical manager, we would observe deviations and adaptations to context, resources, handling exceptions, information sensors setting.

Keywords*:* Tactical Management, Adaptability, Complexity, Management Information Systems.

PROBLEM, QUESTION, JUSTIFICATION

Can tactical management be addressed with a method that will provide higher adaptability and handling complexity of work?

This Research is focusing on the Tactical Management complexity in dealing with uncertain and unpredictable environment, and fundamental need of adaptability. It aims to differentiate the characteristics of tactical management that require specific addressing with Information Systems.

Currently – Tactical Management is addressed as any other levels (Operational and Strategic) with reports, big data, rigid business processes, narrow vision and supply chain and is perceived as the managerial layer that does middle-range planning.

Tactical management is in the middle – but not of time planning. The Tactical Managers are in the Middle of (1) Strategy and Operations, (2) Clients and the Company, (3) Management and Employees. They (the people performing tactical management functions) operate in highly dynamic, unpredictable environment, needing adaptability and responsiveness to changing circumstances while still guiding their teams (collaborators) towards a goal, managing information input/output mismatches and dynamically aligning resources, capabilities and information inputs/processing/outputs.

The theoretical research provides evidence that tactical level is somewhat neglected – "The feeding with information to the tactical management is done mostly on a technical level of implementation, and usually with structured, automatized data and automatic connections and dashboards. The present tendency of closing with endings by shooting real-time operational data towards strategic dashboards that are performing some sort of KPI monitoring on different levels of management is visible in 50% of the papers, which, according to our standpoint, is too big of a distance, and too present of mismatch for feasible implementation in the real business world." (Petrevska Nechkoska et al. 2014)

How we perceive should be addressed to is: the dynamics, ad-hoc decision making, elasticity, context, flexible information flows (emitters and receptors), properly positioned information sensors according 'Endings', needed components, given components, context, information sensor positioning as event-driven, upon time-frequency or on-demand approach to reports and with constant revisioning.

The Tactics is the way businesses achieve their difference, their competitive advantage. It has been somewhat neglected with nowadays Real-time information shooting up to Strategic KPIs, or vice versa. If we place several tactical managers in a situation, with same 'Endings', KPIs, resources, … , and all given circumstances, we would observe several person-dependent approaches and tactical management. If we try to enforce the prescribed business processes to the tactical manager, we would observe deviations and adaptations to context, resources, handling exceptions, information sensors setting.

Distinctive aspects of the research: This research is aiming to ultimately assist the behavior of the Person as a Tactical Manager, not the company as a whole. When placed in the shoes of a tactical manager, one would see seemingly unrelated complexity of issues and domains such as: core business, HR, marketing, IT, projects, clients, domain-specific and organizational or business process prescriptions. It is a complexity of problems while utilizing among others, the most specific – the human resource. At the same time, the context of the environment is only known to the current tactical manager in the current setting, so he/she should be able to guide towards the most appropriate decision path, neither the Senior or Line management can make that call more appropriately than tactical management can. In the early research stage interviews when we tried to verify and position the problem existence, performed with Senior, Middle, Project Managers, we concluded that most of the Senior managers feel that they need to instruct the tactical managers about how to deal with certain aspects of their obligations. This denotes a top-down information flow which is omitting the important point that the tactical manager knows first of all the context best, to make appropriate tactical decision. For example, we propose that the scope of the information sensors should be wide and should be as follows:

INFORMATION SENSORS, EMITTERS, REVISIONING



Figure 1

Namely, we perceive the baseline core business operations and projects covered with core business software, reports and rich information flows in a prescribed, usually event-driven manner. The tactical manager should have general knowledge about the depth of the business line and use some Reasoning to positions his/her sensors accordingly current judgment. As mentioned earlier, the information systems for the operational line are in place and with big data, or so called – "high frequency – low latency environments" (Khan 2013).

Our standpoint is that the tactical manager should have information sensors placed on a wider scope of entities, aside from the previously discussed ones, such as other Departments dependent on, Clients, Suppliers, Competition, Management, furthermore – State, Legislative, Economy, ... The tactical manager should have some awareness, if not deeper knowledge for these entities or processes, and should position own sensors according some Reasoning, in the current Moment, Context and last but not least, expected Endings (Purpose, KPIs, Strategic goals, Project goals and expectations). This information is not automatized, it's usually semistructured or unstructured, and is rarely covered with the internal information systems, or at least not to the extent as operational ones. These reports should be gathered on-demand, and a lot of efforts should be set to properly place and gather this knowledge, since it's in the borderless company and environment to some extent. This information flow is shown on Figure 1, with one loop that gathers information from custom-built sensors with tailored content, from all the widest scope of entities/processes; conjoined by another loop that sets the Ending in the reasoning for initial positioning of the information sensors in the first place. Important to stress is our standpoint that these sensors should be constantly revised, according changes in any of the dimensions: context, content, ending, resources, frequency, structure, ... This should provide the adaptability in small steps rather than being too late upon monthly or quarterly top-down reports or being too flooded with operational "big data". The idea behind this is encouraging and facilitating, among others, middle-up and middle-down signals for changes and improvements. This was one of the concluding remarks from the Senior managers interviewed in the early stages of the research.



Figure 2

If placed properly, as shown on Figure 2, the information sensing for tactical management would cover wider, deeper area with higher quality differentiated information. As recognized in the early stage interviews with Middle managers, regardless of having ERP or domain software solutions in the company, they individually, at certain points in time, have to extract the data from the systems, and from that moment on, perform customized operations in order to handle the mismatch of what is coming as input and what is needed to make a proper decision and/or intervention. These customized maneuvers are individual for the specific manager, they differentiate due to educational and career background of the person, and they differ among individual managers on same levels even in the same company. There is certain freedom left from delivering standardized “one size fits all” reports to using that as data input (not always as delivered information) from the individual managers, which in best case may be used most appropriately, but that does not always happen, depending on the technical expertise and skills of the person performing the data operations.

We have the ambition, in parallel with information sensors, to point out the need for information emitters also, denoting the specific unaddressed and rarely practiced action of timely sending information signals to related parties and constituents due to changes in preliminary set up accountabilities.

SCIENTIFIC FOUNDATIONS

There are several multidisciplinary aspects of this research, all picking up scientific foundations for the problem and the idea for solving.



Figure 2

The specific combination of sciences is necessary due to the specificity of the Tactical Management itself, and it enables a researcher to strengthen the position of the ultimate aim of this Design Science Research – designing a generic method for tactical managers in developed and country in development.

At this point, we would like to elaborate the choice of the Tactical Manager team, organization, company, … perceived as Complex Adaptive Systems and the Sense-and-Respond framework as a concept that properly addresses most of the specifics of the Complex Adaptive Systems, providing greater adaptability and resolving complexity, maintaining on the Edge of Chaos.

The Knowledge Management 'wiring' of the research is supported by the aspiration to embody and incorporate in the information sensing, and generally, in the behavior of a tactical manager, the distinctive components of knowledge as "a fluid mix of framed experience, values, contextual information, expert insight and intuition that provides an environment and framework for evaluating and incorporating new experiences and information. It originates and is applied in the minds of knowers." (Davenport, Prusak 1998) The processes of adding meaning through relevance and purpose, are to be performed by the 5Cs: Contextualization, Categorization, Calculation, Correction, Condensation; after which, we perceive the generation of knowledge, which is always person-dependent, through 'actionable information' is continuing to bring fruitful effects to the specific issue dealt with, by the tactical management. The ultimate compilation for proper use of knowledge in any institution is taking place in and from the person performing the tactical management function, which are the experience, ground truth, complexity, judgment, rules of thumb (heuristics) and intuition and values and beliefs." (Ahuja 2000) That's actually achievement of the primary goal of Knowledge Management – "to facilitate opportunistic application of fragmented knowledge through integration" (Ahuja 2000)

To some extent, we are pursuing 'Sensemaking' too, by detecting and positioning information sensors, in the context, by the person, because "only a miniscule portion of this tacit knowledge gets formalized in databases, books, manuals, documents and presentations; the rest of it stays in the heads of people." We believe that our research would add value also "by formalizing the need of informal channels". (Weick 1995)

In general, we will be striving towards artifact design with ‘negative feedback’ – “continuously respond to discrepancies between system’s desired and actual states (avoid long-term predicting)”

The concepts of Sense-and-Respond and the needs of the Complex Adaptive Systems are urging and aiming for ‘evolvable modularity’, not static one, and that is one of the reasons for aiming to provide a method as an artifact, by exploring and experimenting in various environments and countries. (Mannaert, Verelst et al. 2014)

COMPETITIVE ADVANTAGE DERIVING FROM BEST TACTICAL MANAGEMENT PRACTICES

We firmly believe that there is a great difference when choosing one, another or third way of achieving the same goal with the same given resources, in the same context. The difference is made initially by the person, trying to utilize resources in the best possible way for the current setting, and steering them by continuously revising the System design, Information Sensors, Information Emitters and Risks. If the tactical manager has proper: “Support with dynamic positioning, using and revising of Information Sensors, Sensibility for the “right” information in terms of context, scope, role, manner of obtaining, structure, timeframe, frequency,..., ƒ Connection with Ends – Strategic guidelines, Targets, Reason for being, ..., Alignment of mismatch of incoming/outgoing information and ‘Right time’ information” (Petrevska Nechkoska et al. 2014) he/she would properly steer the project towards successful outcome (not process output) where the stakeholders are satisfied with the last re-negotiated iteration (not the initial 5-year plan, in this world of unpredictability and interdependency).

With this research in progress, we are trying to shape tactical management and stress its distinction from operational and strategic, and furthermore, to point out ways how it can contribute towards competitive advantage in a sustainable and feasible manner, and in any company or business. The opportunity to perform it in highly developed business environment, such as Belgium, and in highly adaptable environment, such as Macedonia, is a helping hand towards offering real-world useful and scientifically sound solution.

ACKNOWLEDGEMENTS

To my mentors, promoters, supporters and facilitators Prof. Dr. Gjorgji Mancheski, UKLO, Bitola, Macedonia and Prof. Dr. Geert Poels, UGent, Gent Belgium and my advising mentor in methodology and researcher's scientific foundation and support Prof. Dr. Ljupcho Pechijareski, UKLO, Bitola, Macedonia; and to all my Professors who have educated and supported me throughout the journey of life and wisdom. Of course, last but certainly not least, are the business contributors to the research, whose helping hand and open vision were the turning point for this research to turn into something worthwhile in world dimensions. Extended list of acknowledgements accessible on: http://moodle.eccfp.edu.mk/course/view.php?id=173

BIBLIOGRAPHY

1) Ahuja, G., Collaboration Networks, Structural Holes, and Innovation: A Longitudinal Study, Administrative Science Quarterly, vol. 45 (2000), pp. 425-455.
2) Baskerville R., Pries-Heje J., Venable J., (2008) "Evaluation Risks in Design Science Research: A Framework", Proceedings of the Third International Conference on Design Science Research in Information Systems and Technology
3) Davenport, Thomas H., and Laurence Prusak, Working Knowledge: How Organizations Manage What They Know, Harvard Business School Press, Boston, (1998), p. 5.
4) Gregor S., Hevner A. R., (2013) Positioning and Presenting Design Science Research for Maximum Impact, MIS Quarterly Vol. 37
5) Hackathorn R., (2004) The BI Watch: Real-Time to Real-Value, DM Review
6) Haeckel S. H., (1999) Adaptive Enterprise: Creating and Leading Sense-And-Respond Organizations, Harvard Business School Press Boston
7) Hevner A. R., March S. T., Park J., (2004) Design Science in Information Systems Research, MIS Quarterly Vol. 28
8) ISR, (2002) Editorial Statement and Policy, Information Systems Research Vol 13
9) Kauffman S., Macready W. (1995). Technological evolution and adaptive organizations: Ideas from biology may find applications in economics. Complexity 1(2): 26–43.

10) Kaplan R. S., Norton D. P., (2007) Using the Balanced Scorecard as a Strategic Management System, Harvard Business Review
11) Khan I., “Reducing Data Latency leads to faster decisions”, SAP Sybase IQ – Version 16, CTO Sybase
12) Mannaert Herwig, Verelst Jan, Ven Kris (2014) - Evolvable software architectures based on systems theoretic stability, Lecture Presentations, Engineering and Design Science Methodologies, UAntwerpen Belgium
13) Mannaert Herwig, Verelst Jan (2014) – Normalized Systems: Towards Designing Evolvable Modular Structures, Lecture Presentations, Engineering and Design Science Methodologies, UAntwerpen Belgium
14) Peremans (2014) – Design Science Research – Complex Adaptive Systems, Lecture Presentations, Engineering and Design Science Methodologies, UAntwerpen Belgium
15) Petrevska Nechkoska R., Manceski G., Poels G., (2014) “Meeting Point of Strategy and Operations: Tactical Management Sense-and-Response Framework Enhancement”, 8th European Conference on IS Management and Evaluation, Proceedings, Academic Conferences and Publishing International Limited United Kingdom, pp. 190-197
16) Petrevska Nechkoska R., Manceski G., Poels G., (2014) “From Strategy to Operations and vice-versa: A Bridge that Needs an Island”, 8th European Conference on IS Management and Evaluation, Proceedings, Academic Conferences and Publishing International Limited United Kingdom, pp. 330-340
17) Rossi M., Purao S., Sein M. K., (2012) “Generalizating from Design Research”, IT Artefact Design & Workplace Intervention, 2012
18) Savadi A., Deldari H., (2013) Measurement of the latency parameters of the Multi-BSP model: a multicore benchmarking approach, Springer Science+Business Media New York
19) Sein M., Henfridsson O., Purao S., Rossi M., Lindgren R., (2011) “Action Design Research”, MIS Quarterly Vol. 35
20) Simon, H. A. (1996). The Sciences of the Artificial, The MIT Press, Cambridge, MA.
21) Van Aken J.E., (2004) “Management research based on the paradigm of the design sciences: The quest for field-tested and grounded technological rules” Journal of Management Studies Vol. 41

22) Zhao J. L., Hsu C., Jain H. K., Spohrer J. C., Tanniru M., Wang H. J., (2008) “Bridging Service Computing and Service Management: How MIS Contributes to Service Orientation”, ICIS 2007 Panel Report, Communications of the Association for Information Systems CAIS
23) Zmud R., (1997) “Editor´s comments”, MIS Quarterly Vol. 21
24) Weick, E. Karl (1995) Sensemaking in Organizations, Volume 3 of Foundations for Organizational Science, SAGE Publications, P. 31
25) Winter Robert (2014) – Design Science Research – An Information System/Business Engineering Perspective, Lecture Presentations, Engineering and Design Science Methodologies, UAntwerpen, Belgium

ЦЕЛОСНОТО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ- СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА МЕНАЏМЕНТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

М-р Катерина Кареска

Докторант при Универзитет “Св. Кирил и Методиј”
Економски Институт- Скопје,
katekareska@gmail.com

УДК: 005.6:339.137.2(497.7)

АПСТРАКТ

Овој труд е насочен кон анализа на едно мошне важно гледиште на процесот на имлементирање на целосно управување со квалитетот во организациите, заради стекнување конкурентска предност. Со интегрирање на основните принципи на целосно управување со квалитетот, самите организации почнуваат да ги чувствуваат придобивките и позитивните ефекти од користењето на истиот.

Накратко, потребни се голем број истражувања со цел во потполност да се разбере имплементацијата и употребата на целосно управување со квалитетот во организациите.

Преку истражувањата направени во трудот ќе се придонесе кон продлабочување на сознанијата за овој актуелен глобален процес и ќе се поттикнат организациите во иднина мошне студиозно да пристапат кон проценка на корисностите од целосно управување со квалитетот, и истовремено ќе пристапат кон користење на истиот за остварување конкурентска предност. Имено, резултатите од истражувањата би требало да му помогнат на организациите во Република Македонија подобро да ги согледаат потребите од имлементирање на целосно управување со квалитетот во своето работење, да ги применат принципите на истиот, а сé со цел да станат лидери на домашниот пазар.

Клучни зборови: оранизација, квалитет, управување со квалитетот, целосно управување со квалитетот, конкурентност, конкурентска предност.

TOTAL QUALITY MANAGEMENT- A MODERN CONCEPT OF MANAGEMENT FOR ACQUIRING COMPETITIVE ADVANTAGE OF ORGANIZATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Katerina Kareska M.Sc., Ph.D. candidate

Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij“
Ekonomski Institut - Skopje
katekareska@gmail.com

UDK: 005.6:339.137.2(497.7)

ABSTRACT

This study is focused on the analysis of a very important point of view in the process of implementing total quality management in organizations for gaining competitive advantage. By integrating the basic principles of total quality management, the organizations themselves begin to experience the benefits and positive effects of utilizing it.

Briefly, a great number of studies are necessary to completely understand the implementation and the use of total quality management in organizations.

The studies that were made will contribute to furthering the knowledge of this current global process and will stimulate organizations to have a more scientific approach to the assesment of the benefits of total quality management in the future, and at the same time, to begin using total quality management in order to acquire competitive advantage. Namely, the results of these studies are supposed to help the organizations of the Republic of Macedonia in recognizing the need of implementing total quality management in their operating and in applying its principles in order to become leaders of the local market.

Keywords: organization, quality, quality management, total quality management, competitiveness, competitive advantage.

ВОВЕД

Согледувајќи ја состојбата на домашниот и на странските пазари, многу организации во Република Македонија, запознати со можностите што ги нуди, веќе го имаат имплементирано концептот за целосно управување со квалитет за стекнување конкурентска предност. Решителноста и упорноста во совладувањето на проблемите со кои се соочуваат уште на почетокот, на крајот им донесуваат резултати кои се видливо подобри од резултатите кои ги постигнувале при стариот начин на работење. Други организации, заради нецелосна подготвеност да ги надминат препреките кои ги носи новиот концепт, упорно бараат решенија за подоцна да ги постигнат предвидените цели. Но, сеуште има голем број на организации кои работат според некои стари концепти иако веќе можат да ги видат бенефитите(предностите) кои ги нуди концептот на целосно управување со квалитетот. Има повеќе фактори кои влијаат на неодлучноста на организациите. Кај едни тоа е недостигот од стручни и способни менаџери, кај други е проблем претставува немањето нови технологии или ресурси, а кај трети пречка за имплементација на новиот концепт е моментната економска состојба. Сепак, видлив е трендот на користење на коцептот за целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите во Република Македонија.

Истражувањето во овој труд е реализирано во согласност со современата методологија на научно-истражувачката работа. Истото е спроведено на примерок од 38 организации преку анонимни анкетни прашалници. Истражувањето опфаќа организации што припаѓаат на различни дејности, со цел да се идентификуваат организации со различен степен на имплементација на целосно управување со квалитетот, и организации кои го немаат имплементирано овој концепт. Овој вид од популација од различни организации овозможува да се компарираат истите и да се утврдат разликите помеѓу нив, и истовремено да се генерализираат резултатите од истражувањето.

ПОИМ ЗА КВАЛИТЕТ И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Кога се работи за квалитетот на производите, тогаш тоа е резултат на зголемените и сé поразновидни потреби на купувачите. Но, кога тоа е поврзано со силното зајакнување на конкуренцијата со глобализацијата на светскиот пазар,тогаш тоа е резутат на развојот на технологијата. Одговорот на секоја организција на предизвиците од окружувањето е подобрувањето на квалитетот преку прифаќење на современите филозофии и новиот пристап кон квалитетот.Тука, секако спаѓаат и развиените и имплементирани системи за управување со квалитетот. Претпоставка е дека во квалитетот е вклучено целото општество, и менаџментот и сите деловни системи. Најважна цел на квалитетот е задоволството на купувачот, а претпоставка за постигнување квалитетот е континуираното подобрување на и производите и услугите.

Денес квалитетот станува интергрална работната стратегија на организациите. Производството на квалитетни производи е цел што бара целосна предаденост на вкупниот деловен систем.

Управувањето со квалитетот како активност претставува остварување на повеќе стратешки работни ангажмани и задачи од кои позначајни се определување и дефинирање на целите и задачите во работењето (производствени, економски организациони), како и определувањето на изборот на структурата, организацијата и технологијата на работење. Позначајни непосредни елементи на управувањето претставуваат работите и задачите што треба да се дефинираат и реализираат во функција на обезбедувањто на квалитет. Тие се многубројни и се разликуваат во зависност од видот и големината на производството, програмите на работењето и развојот, нивото на управување со квалитетот и сл.

Квалитетот значи вложување во работењето на организацијата, во истражување и развој, стабилизирање на работните процеси и сл.[153] Квалитетот претпоставува дека работењето ќе се одвива без застој, без доцнења или грешки, без скапи и непотребни залихи, а преку комуникации низ информацискиот систем и тимското работење.[154]

ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЦЕЛОСНО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ

Во последно време TQM е познат како важен фактор подеднакво и во теоријата и во праксата, базиран на повеќе идеи во чија основа секогаш е квалитетот. На корисниците често им е нејасно што претставува TQM концептот од причина што постојат повеќе негови значења. Во основа, различно е опишан, па додека едни го објаснуваат како „начин за...“ или „култура на...“, за други тој е „филозофија за...“ или „пристап за...“

Денес се смета дека TQM претставува најдобар менаџмент пристап со кој се предвидува не само задоволување на потрошувачите

[153] Lakhal, L., Pasin, F., Limam, M.: Quality management practices and their impact on performance, International Journal of Quality & Reliability Management,2006., str. 630.
[154] Ooi, K., B., Bakar, N., Arumugam, V., Vellapan, L.: Does TQM influence employees' job satisfaction?,International Journal of Quality & Reliability Management, 2007., str. 70.

и намалување на трошоците, туку во исто време и реструктуирање на организацијата, зголемување на продуктивноста и профитот, а со тоа и долгорочно одржлив развој на организацијата.Но, сеуште постои отпор према примената на TQM, најчесто од терминолошки, концептуални и идивидуални причини. До масовна примена на TQM концептот придонесе појавата на ISO 9000 стандардот. Сега веќе менаџерите го гледаат како нова пазарна бариера, а многу помалку како супериорен метод во насока на развој на организацијата. Примената на TQM концептот претставува основа на секоја организација за стекнување на конкурентска предност.

TQM во праксата веќе се докажува како ефикасен процес на унапредување и функционирање на оранизацијата. Неговата вредност се повторува преку севкупен и осмислен процес на имплементација. TQM претставува збир од мерки на промени и треба да биде сватен како филозофија на работење која влијае на начинот на формирањето и работењето на организацијата.

Воопштено, TQM го вклучува долгорочниот однос на организацијата во насока на подобрување на квалитетот, вклучувајќи ги сите вработени на сите нивоа, а со цел надминување на очекувањата на корисниците.

ПРИНЦИПИ НА СИСТЕМОТ ЗА ЦЕЛОСНО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ- TQM

Концептот на системот за целосно управување со квалитетот се базира на Деминговата концепција за трансформација на менаџмнетот во организациите. Таа е насочена кон потрошувачите и претставува филозофија која ја опфаќа целата организација, истакнувајќи го значењето на управувањето со процесите. Во таа насока се истакнуваат неколку принципи на целосно управување со квалитетот[155]:

Фокусирање кон купувачите,
Процесна ориентација,
Континуирано подобрување,
Тимско работење,
Управвање со помош на фактите и
Визонерско лидерство.

[155] Evans, J., Quality and Performance Excellence, Thomson, South- West, Ohio, 2005, str. 39-44

Секоја организација која ќе покаже сериозен пристап кон наведените принципи со цел да оствари конкурентска предност на домшниот и странските пазари, може да очекува дека ќе ги оствари целите кон кои се стреми. Тоа значи дека може да смета на поголеми резултати во своето работење, односно стекнување на поголема (повисока) конкурентска предност.

Приказ на резултатите од истражувањето добиени преку анкетен прашалник за тековната состојба на конкурентноста на производствените и услужните организации

Од анкетираните, 21% организации се занимаваат со производство, по 16% се од областа на финансии и банкарство и од здравството и фармацијата. 13% се од транспорт и шпедиција и од IT секторот. 8% се од областа на телекомуникации, а 5% се од образованието и од градежништвото. Само 3% се занимаваат со друга дејност.

Графикон бр.1

Извор: сопствено истражување

На прашањето *Што за Вас претставува квалитет?*, 28,95% организации сметаат дека тоа е мерка што покажува до кое ниво производот/услугата ја задоволува потребата на корисникот, 23,68% одговориле дека квалитетот е збир на својства на производот, а исто толку организации мислат дека тоа е збир на сите обележја на производот. Дека квалитетот претставува интеграција на работата и одговорноста, одговориле 15,79%, а дека тоа е можност за задоволување на купувачите одговориле 7,89% организации.

Одговорите укажуваат дека голем број организации сеуште го немаат сватено важноста на квалитетот кога е во прашање задоволството на купувачите.

Графикон бр.2

Извор: сопствено истражување

На прашањето *Во Вашата организација системот за управување со квалитет се одвива преку:*, 44,74% организации одговориле дека системот за управување со квалитет се одвива преку управување по сектори и дејности. Во 21,05% истиот се спроведува преку управување на основните нивоа, а во 21,05% преку управување во целите и задачите за квалитет. Во 13,16% споменатиот систем функционира преку управување по активности. Ниту една организација како систем за управување со квалитет не го посочила управувањето со факторите за развој. Праксата во иднина ќе покаже кои од овие организации успешно управувале со квалитетот, т.е кој е најдобриот систем за управување со квалитетот.

Графикон бр.3

Извор: сопствено истражување

На прашањето *Дали имате воведено ситем за квалитет ISO 9000 или систем за целосно управување со квалитетот?*, 71% организации одговориле потврдно, а негативно одговориле 29%. Забележливо е дека веќе станува практика имплементирањето на ISO стандардите во Р. Македонија. Всушност со тоа се потврдува корисноста од воведувањето на споменатиот систем за квалитет.



Графикон бр.4

Извор: сопствено истражување

На прашањето *Што за Вашата организација претставува целосен квалитет?*, 36,84% организации одговориле дека целосен квалитет претставува задоволство на сите заинтересирани страни, 21,05% одговориле дека тоа е голема посветеност на корисниците, 10,54% сметаат дека тоа се промени и развој за иднината на организацијата и 10,54% организации сметаат дека тоа е континуирано подобрување на визијата, мисијата, стратегијата и целокупното работење. 7,89% велат дека целосниот квалитет е обновување на процесите, а други 7,89% дека тоа е партнерство внатре во организацијата. само 5,26% велат дека целосниот квалитет претставува реинжинеринг на работните процеси и промена на организациската култура. Од одговорите на анкетираните може да се заклучи сеуште организациите треба да работат на зголемување и подобруввање на задоволството на сите заинтересирани страни. Всушност тоа е и примарна задача на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот. Доколку организациите се насочат кон задоволување на сите заинтересирани страни тогаш би се остварил целосен квалитет. Целосниот квалитет ќе резултира со стекнување конкурентска предност.



Графикон бр.5

Извор: сопствено истражување

На прашањето *На кои принципи е фокусирана Вашата организација?*, 39,47% организации одговориле дека се фокусирани кон купувачите, 21,05% се определиле за континуирано подобрување, 18,42% се фокусирале на процесите. 10,54% се фокусирале на тимското работење, 7,89% се определиле за принципот на лидерство, а 2,63% се фокусирани кон управување врз основа на фактите. Иако најголем број од организациите фокусот на своето работење го насочуваат кон купувачите, сепак, многу мал број организации се фокусирале на принципот на лидерство, на кој треба да му се посвети поголемо внимание, исто како што треба да му се посвети и на останатите принципи. Всушност понудените одговори се принципите на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот и организациите не треба да бидат насочени само кон одреден принцип, туку треба да бидат насочени кон сите принципи во целост.



Графикон бр.6

Извор: сопствено истражување

На прашањето *Сметате ли дека примената на целосното управување со квалитетот најмногу ќе доведе до:* 47,37% организации мислат дека ке дојде до структурни промени, 23,68% сметаат дека ке дојде до промени кај вработените, а 15,79% велат дека примената на овој концепт најмногу ќе доведе до технолошки промени. 7,89% одговориле дека споменатата примена ќе доведе до други промени, а 5,26% мислат дека овој концепт ќе доведе до промени кај производите/услугите. Анкетираните сметаат дека во зависност од дејноста на организацијата TQM ќе доведе до соодветни промени.. Меѓутоа сеуште е мал бројот на организации кај кои примената на TQM довела до промени кај производите. Целта на TQM е да се оствари подобрен квалитет а тоа да доведе до зголемена конкурентска преднст.



Графикон бр.7

Извор: сопствено истражување

На прашањето *На кој начин, практично би се реализирало целосното управување со квалитет во Вашата организација?*, 23,68% организации сметаат дека тоа би се реализирало преку воведување стандардизирани работни процеси, а 23,68% одговориле дека тоа е можно преку воведување на стандардизирани процедури за контрола на работните процеси. 18,42% мислат дека реализацијата на целосно управување со квалитетот би се спровела преку воведување на стандардизирани процедури за контрола на квалитетот, а 13,16% преку посматрање и проучување на работните процеси во целина. 10,54% се определиле за реализација на овој концепт преку прилагодување и мерење на работните процеси кои доведуваат до грешки, а 7,89% за обука и едукација на сите вработени за новиот концепт на работа. Само 2,63% организации за реализација на целосно управување со квалитетот се одлучиле преку проценување на причините за грешки со помош на статистички методи. Сите овие одговори укажуваат на фактот дека организациите избираат различни начини за реализација на TQM.

Графикон бр.8

Извор: сопствено истражување

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето во трудот покажа дека интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот како современ концепт на работење во организациите, претставува можност и предизвик за нив, бидејќи во суштина е концепт чија примена не е “преку ноќ”, туку постепен, систематски и континуиран процес со цел постигнување на долгорочен развој и напредок во работењето и успешен настап на пазарот што ќе доведе до стекнување на конкурентска предност. При процесот на примена на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот во работењето на организациите, треба јасно и разбирливо да се креира стратегиска рамка која ќе овозможи стекнување конкурентска предност.

Доколку организациите во Р. Македонија го прифатат и интегрираат новиот концепт на TQM во своето работење и навремено ги согледаат неговите придобивки, ќе можат успешно да настапат и на странските пазари стекнувајќи се со конкурентска предност.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Lakhal, L., Pasin, F., Limam, M.: Quality management practices and their impact on performance, International Journal of Quality & Reliability Management,2006,
2) Ooi, K., B., Bakar, N., Arumugam, V., Vellapan, L.: Does TQM influence employees' job satisfaction?,International Journal of Quality & Reliability Management, 2007,
3) Evans, J., Quality and Performance Excellence, Thomson, South-West, Ohio, 2005,
4) Gareth R. Jones, Jenifer M. George, „Современ менаџмент", Глобал комуникации, Скоје, 2008
5) Juran, J., I Gryna, F., Quality Planing and Analysis, McGraw- Hill, New York, 1993
6) Majstorovic, V., Poslovna izvrsnost kao strategija za medzunarodnu konkurentnost, International Journal: Total Quality Management & Excellence, 2008, vol. 36, br.1-2
7) Портер. М., „Конкурентска предност", Адижес, Нови Сад, 2007
8) Чепујноска, В., Менаџмет на квалитет- теорија, наука и практика, Технолошко-Металуршки Факултет, Скопје, 2009
9) Чепујноски, Ѓ., Чепујноска, В., "Управувањето со квалитетот во практиката", Економски Факултет Скопје, 1993

ПРАВНАТА РАМКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ВКЛУЧЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ НА КОМПАНИИТЕ

Д-р Анастас Џуровски

Правен факултет –Кичево
anastas.dzurovski@yaho.com, anastas.dzurovski@uklo.edu.mk

УДК: 331.107:341.24(4)

АПСТРАКТ

Во услови на зголемен проток на капиталот помеѓу државите членки на Европската унија и висока регулираност на пазарите на трудот од страна на националните тела на државите членки доаѓа до колизија помеѓу целите за зголемување на нивото на инвестиции и осовременување на законодавството од областа на трудот. Во оваа насока е и формирањето на Европските работнички совети а и самата концепција на Европската компанија. Трудот ги истражува и објаснува основните постулати на функционирањето на Европските работнички совети во врска со основните права кои што преку нив се исполнуваат како и нивното влијание врз правната рамка како и влијанието на истата врз конфликтот на правата , имајќи ги во предвид соодветните директиви.Истражувањето се обидува да воспостави корелација помеѓу принципите на колективното договарање и европските работнички совети како такви.

Клучни зборови: Европски работнички совети, Европска компанија, Колективни договори.

LEGAL FRAMEWORK IN EUROPEAN UNION FOR THE INVOLVEMENT OF EMPLOYEES IN THE PROCESS OF DECISION MAKING IN COMPANIES

Prof. Anastas Dzurovski

Faculty of Law Kicevo, Rudnicka bb Kicevo
anastas.dzurovski@yaho.com
anastas.dzurovski@uklo.edu.mk

UDK: 331.107:341.24(4)

ABSTRACT

In the terms of increase capital inflow between the EU country member and highly regulated national labor markets there are predictable conditions for collision betwee n the goals for overall investment level increase and EU labor law shaping. Within this direction is formation of the European works councils under the EU labor law as well as the Societas Europaea concept itself. The paper examines and determines main postulates of the European works councils functioning with regards to the principle rights of workers and their influence on legal framework. Furthermore it examines related collision of law having examined the relevant Directives. Finally paper tries to establish correlation among the collective bargaining principles and European works councils concept.

Keywords: European works councils, European company, Collective bargaining agreements.

ПРАВОТО НА КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Според принципот на слобода на преговарањето, во државите членки на Европската унија, работните услови и исплатата на плати широко се определени преку колективни договори.

На ниво на Европа, колективните договори помеѓу здруженијата на работодавачи и работничките синдикати денес постојат во форми на рамковни договови помеѓу социјалните партнери. Тие се имплементирани преку легално обврзувачки механизми - носење на директиви. Европското право не нуди некоја друга основа за склучувањето на Европските колективни договори. [156][157]

Во членот 137 (6) од Договорот за европска унија јасно се исклучува надлежноста на Европската унија во поглед на наградувањето на вработените, слободата на здружување, правото на штрајк и правото на затворање на фабриките. Во овој контекст и паралелни колективни договори со униформни работни услови склучени во државите членки поодделно се единствената можност за преговарање на ниво на држава. [158]

Не може да биде игнорирано дека зголемувањето на меѓузависноста на европските економии треба да биде придружено со еднакви конкурентски можности на европскиот пазар на трудот[159]. Оттука можно е во иднина посериозно да се пристапи кон регулирањето на униформна европска рамка за колективните договори[160].

ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТИ

Целта на директивата за воспоставување на Европски работнички совети е да се воспостави прекугранично информирање и консултирање на вработените на ниво на Унија. Ваквата цел може да биде постигната или преку институцијата Европски работни совети или преку воспоставување на процедури за информирање и консултирање. Во контекстот на истото се подразбира и склучување на договори. Само во случаите кога одредени договори не можат да бидат склучени, тогаш Европските работнички совети треба да бидат воспоставени по сила на закон. [161]

Обемот на директивата е на ниво на Унијата и се однесува на компаниите кои што вработуваат најмалку 1,000 работници во

[156]Miriam Hartlapp Social Science Research Centre, Berlin, Simone Leiber Institute of Economic and Social Research, Düsseldorf,*Europeanization of Policy and Politics:Changing the Social Dimension in Southern Europe, Paper for the*15th International Conference of the Council for European StudiesChicago, Chicago, USA, 2006p30-31
[157]Isabel Ortiz,SeniorInteregional Advisor, *Social Policy*, United Nations Department of Economic and Social Affairs, New York 2007p 20-22
[158]Professor SilvanaSciarra, *Modernization of Labor Law- Current European Debate*, International Institute for Labour Studies Geneva Switzerland, 2007p 50-54
[159]Catherine Barnard, Simon Deakin - *The Future of Labour Law, Hart Publishing*, Oxford and Portland Oregon, USA 2004p 20-25
[160]A.C. L. Davies, *Perspectives on Labour Law*, Cambridge University Press, London, England, 2004p -50-57
[161]*Prof* MARY DALY, Queen's University, Belfast, *EU Social Policy after Lisbon,* Blackwell Publishing, Oxford, England, 2006 p 51-54

Државите членки и најмалку 150 вработени во две различни држави членки на Унијата. Не е важно дали компаниите имаат седиште во рамките на држава членка на Унијата или не. Во случаите кога компанијата нема централизиран менаџмент, истата е должна да назначи централно претставништво за целите на примената на споменатава директива. Доколку и тоа не е случај тогаш се зема дека седиштето се наоѓа во државата во која што компанијата има најмногу вработени.[162] Според студијата на Еврпскиот сидинкален институт во 1998 година директивата била применета на 1205 компании и групации. 317 од нив имале домицилност во некоја држава надвор од Унијата , од кои што 207 во САД, 59 во Швајцарија и 35 во Јапонија. Дури 318 од компаниите имале седиште во Германија.

Централниот менаџмент и преговарачките тела имаат три години да склучат договори во врска со воспоставувањето на Европски работнички совети или пак примена на процедурата на информирање и консултирање. Доколку се покаже дека постапат на претходно опишаниот начин тогаш Европскиот работнички совет треба да биде воспоставен по сила на закон – т.е. споменатата директива.

Силата на еден таков статутарен Европски работнички совет е регулирана во детали. Најважно е работничкиот совет да биде информиран и консултиран еднаш годишно во рамките на активностите на компаниите кои што се однесуваат на ниво на Унијата а ги тангираат вработените. Исто така постои обврска да се информираат и да се консултираат работничките совети во исклучителни ситуации, како што се реалокации на бизниси, затворање на производствени едеиници и колективни отпуштања. [163]

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМПАНИЈА (SOCIETAS EUROPAEA)

Директивата со која што се дополнува статутот на Европската компанија во однос на вклучувањето на вработените има за цел да осигури дека креирањето на Европска компанија не смее да знаи намалување на практиките на вклученост на вработените во врска со носењето на одлуки кои што нив ги засегаат. Тавките одредби во германското право се однесуваат на друштвата со ограничена

162MaricaFrangakis, EU Social Agenda and Lisbon Strategy,*EuroMemorandum Group,Brussels,2009 p 20-28*
163Bob Hepple, *Labour Laws and Global Trade*, Oxford and Portland Oregon, USA 2005 p-25-30

одговорност каде што се предвидува учество на претставници на вработените во бордот на директори.

Според директивата, процедурата за информирање и консултирање со конкретни преговарачки тела кои што ги претставуваат работодавачите треба да се иницира после креирањето на Европска компанија. Телото и компаниите кои што ќе учествуваат треба да дојдат до договор околу кодетерминацијата на вработените.

ГЕНЕРАЛНА РАМКА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И КОНСУЛТИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Директивата со која се воведува генерална рамка за информирање и консултирање на вработените во Европската унија стипулира дека работодавачот треба да ги информира и консултира неговите вработени во врска со околностите во врска со работењето кои што имаат прекуграничен карактер. Исто така ги обврзува Државите членки да обезбедат информирање и консултирање на вработените во врска со економските прашања (економската ситуација, ситуацијата поврзана со вработувањата, структурата на вработените, важните промени поврзани со организацијата на работата итн.) кај компаниите со минимум 50 вработени во една Држава членка или пак нивни афилијации со минимум 20 вработени во една држава членка.

МЕЃУНАРОДНО ТРУДОВО ПРАВО (КОНФЛИКТ НА ПРАВАТА) И ПРИМЕНЛИВО ПРАВО

Се додека трудовото право систематски припаѓа на договорното право, генералните принципи на меѓународното приватно право се применуваат преку колизија на два национални правни системи во Европа. [164]Примарно, правото избрано преку две страни во договориниот однос е релевантно (Член 3 од Европската конвенција за применливо право на договорните обврски). Доколку не е возможно да се изврши избор следното правило се применува според член 6 став 2 од споменатата конвенција : над договорот за работа треба да се примени правото на државата во која што работникот ја извршува

[164]William Twining (University College London), Christopher McCrudden (Lincoln College, Oxford), Bronwen Morgan (University of Bristol,*European Labour Law (Law in Context), 2nd edition*, Cambridge University Press, London, England, 2009 p 14-22

работата освен доколку од тековните околности не произлегува дека договорот за работа е повеќе поврзан со некоја друга држава. [165]

Сепак изборот на право е рестриктивен на начин што ги штити вработените. Според член 6 став еден од споменатата конвенција вработениот не смее да биде лишен од законската зашитата на неговите права. [166]

Во еден голем дека трудовото право и посебно правото на заштита на вработените на работа, му припаѓа на јавното право, според член 7 од споменатата конвенција, задолжителните одредби од националното право мора да се применат дури и кога извршувањето на работата може да има поблиски врски со друга држава. [167][168]

Според член 3 од Директивата во врска со одредувањето на работно место, нациналните одредби не само во доменот на минималниот платен годишен одмор, породилното боледување прекувременото вработување и слично треба да бидат применети според закоондавството на државата каде што работникот ја извршува работата иако можеби е вработен во друга држава членка. Не е важно дали седиштето на компанијата е во друга држава членка, бидејќи според членот 1 став 4 од Директивата во врска со одредеувањето на работното место, компаниите основани во држава која што не е членка на Унијата не смеат да имаат поголеми бенефиции отоколку оние кои што се основани во држава членка.[169] На пример јапонски работни кој што работи во германска филијална на неговата компанија не смее да добие поголем одмор од 24 работни дена колку што предвидува германскиот Федерален закон за годишниот одмор (Bundesurlaubsgesetz)иако на неговиот договор се применува јапонското трудово право. [170]

---

[165]Marianna Patané, *EU Employment Law Developments*, Transatlantic Employment Issues, Brussels 2006 p -40-48
[166]London Chamber of Commerce and Industry *EU Employment Law* Euro Info Centre London 2006 p -40-42
[167]Prof NevraEsenturk*EU Social Policy: Progressive Development in Legal and Governance Aspects*, UK Social Policy Association, London 2007 p 20-22
[168]Isabelle Chopin и Eirini Maria Gounari, *Developing Antidiscrimination law in Europe, European Network of legal experts in non-discrimination field, the 27 EU Member States Compared*, Brussels 2009 p 47-50
[169]Prof Herman Voogsgeerd*Towards a principle of 'mutual internal recognition' in European (labour and social security) law*, University of Gent, Belgium 2008 p 50-54
[170]Manfred Schmidи Axel A. Heltzel, *Legal Briefing: German Labor and Employment Law, Mlaw Group*, Munich,2008 Germany p 50-53

ЗАКЛУЧОК

Учеството на вработените во рамките на носењето на одлуки на компаниите според европското право се одвива според најмалку три механизми : првиот се однесува на Европските работнички совети, вториот се однесува вклучувањето на претставници на вработените преку Societas Europaea правната рамка додека пак третиот се однесува во рамкитена механизам за воспоставување на прекугранично информирање и консултирање на вработените на ниво на Унија додека пак третиот се однесува на воведувањето на генерална рамка за информирање и консултирање на вработените во Европската унија. Сите овие механизми претставуваат најнапредна рамка (веројатно и во светски размери) за заштита и промоција на работничките права и покрај тенденциите на сопствениците на капиталот да влијаат за поедноставување на правната рамка за водење на бизнис што подразбира и соодветна законска регулатива. Ваквите правила се чекор понапред во трудовото право бидејќи се однесуваат директно на учеството на вработените во процесот на носење на одлуки при што нужно се гради партнерски однос помеѓу нив и сопствениците на капиталот.

РЕФЕРЕНЦИ

1) Catherine Barnard, Simon Deakin - *The Future of Labour Law, Hart Publishing*, Oxford and Portland Oregon, USA 2004
2) Bob Hepple, *Labour Laws and Global Trade*, Oxford and Portland Oregon, USA 2005
3) A.C. L. Davies, *Perspectives on Labour Law*, Cambridge University Press, London, England, 2004
4) William Twining (University College London), Christopher McCrudden (Lincoln College, Oxford), Bronwen Morgan (University of Bristol,*European Labour Law (Law in Context), 2nd edition*, Cambridge University Press, London, England, 2009
5) Miriam Hartlapp Social Science Research Centre, Berlin, Simone Leiber Institute of Economic and Social Research, Düsseldorf,*Europeanization of Policy and Politics:Changing the Social Dimension in Southern Europe, Paper for the*15th International Conference of the Council for European StudiesChicago, Chicago, USA, 2006

6) Marianna Patané, *EU Employment Law Developments*, Transatlantic Employment Issues, Brussels 2006
7) London Chamber of Commerce and Industry *EU Employment Law* Euro Info Centre London 2006
8) Professor SilvanaSciarra, *Modernization of Labor Law- Current European Debate*, International Institute for Labour Studies Geneva Switzerland, 2007
9) Prof Herman Voogsgeerd*Towards a principle of 'mutual internal recognition' in European (labour and social security) law*, University of Gent, Belgium 2008
10) Isabel Ortiz,SeniorInteregional Advisor, *Social Policy*, United Nations Department of Economic and Social Affairs, New York 2007
11) MaricaFrangakis, EU Social Agenda and Lisbon Strategy,*EuroMemorandum Group,Brussels,2009*
12) *Prof* MARY DALY, Queen's University, Belfast, *EU Social Policy after Lisbon,* Blackwell Publishing, Oxford, England, 2006
13) Manfred Schmidи Axel A. Heltzel, *Legal Briefing: German Labor and Employment Law, Mlaw Group*, Munich,2008 Germany
14) Prof NevraEsenturk*EU Social Policy: Progressive Development in Legal and Governance Aspects*, UK Social Policy Association, London 2007
15) Isabelle Chopin и Eirini Maria Gounari, *Developing Antidiscrimination law in Europe, European Network of legal experts in non-discrimination field, the 27 EU Member States Compared*, Brussels 2009

ЈАВНО-ПРИВАТНОТО ПАРТНЕРСТВО КАКО ЕФИКАСЕН МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВА КОМПАНИСКА КОНКУРЕНТНОСТ

д-р Наташа Пеливанова

Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола
n_pelivanova@yahoo.com

м-р Мирјана Ристовска

Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола
mimaristovska@yahoo.co.uk

УДК: 334.752.012.32/.33:339.137.2(497.7)

АПСТРАКТ

Јавно-приватното партнерство (ЈПП) претставува комплексен договорен однос. Во најширока смисла на зборот, ЈПП подразбира соработка меѓу телата на јавната власт со приватниот сектор, на државно или локално ниво, со цел, задоволување на одредени јавни потреби. Во потесни рамки, ЈПП може да се дефинира како збир на заеднички иницијативи на јавниот сектор и приватниот профитен и непрофитен сектор во кои секој субјект придонесува со одредени ресурси и учествува во планирањето и одлучувањето. Според тоа, концептот на ЈПП може да се набљудува од аспект на интересите на јавниот сектор, приватниот сектор и заедницата, односно граѓанинот како потрошувач, односно корисник на услугите.

Предмет на овој труд е анализа на ЈПП од аспект на интересите на приватните компании. Трудот е составен од вовед, три дела и заклучок. Во воведот ќе биде даден краток осврт на теоретското дефинирање на поимот ЈПП, облиците на ЈПП, целите и карактеристиките. Првиот дел претставува нормативна анализа на правната рамка за ЈПП во правото на Република Македонија и правото на Европската Унија. Во вториот дел ќе ги претставиме емпириските податоци за процесот на ЈПП, како нова управувачка реформа, во Република Македонија. Во третиот дел ќе бидат дадени одредени квалификации и насоки за концептот на ЈПП во Република Македонија. Во заклучокот ќе бидат сублимирани претходните анализи во насока на тезата дека моделот на ЈПП е ефикасен инструмент за одржливата конкурентност на приватните компании во Република Македонија и предизвик за нивните менаџерски структури.

Целта на овој труд е да го промовира јавно-приватното партнерство како иновативен концепт од кој може да имаат бенефит сите заинтересирани страни во рамките на државната организација.

Клучни зборови: јавно-приватно партнесртво, приватен сектор, јавни услуги.

PUBLIC-PRIVATE PARTNERSHIP AS AN EFFICIENT MODEL FOR SUSTAINABLE ENTERPRISE COMPETITIVENESS

Natasa Pelivanova, Ph.D.

University St.Kliment Ohridski-Bitola
n_pelivanova@yahoo.com

Mirjana Ristovska, M.Sc.

University St. Kliment Ohridski- Bitola
mimaristovska@yahoo.co.uk
UDK: 334.752.012.32/.33:339.137.2(497.7)

ABSTRACT

Public-private partnership (PPP) is a complex contractual relationship. In the broadest sense, PPP involves collaboration between public bodies with the private sector, on the state or local level, in order to meet certain public needs. In narrower terms, PPP can be defined as a set of joint initiatives of the public sector and private profit and non-profit sector in which each entity contributes with certain resources and participate in planning and decision making. Accordingly, the concept of PPP can be observed in terms of the interests of the public sector, the private sector and the community, respectively, the citizen as a consumer or service user.

The subject of this paper is to elaborate the PPP regarding the interests of private companies. The paper consists of an introduction, three parts and a conclusion. In the introduction, a brief overview of the theoretical definition of PPP, the PPP forms, purposes and characteristics will be given. The first part is a normative analysis of the legal framework for PPP in the law of the Republic of Macedonia and the European Union law. In the second part we will present the empirical data for the process of PPP as a new management reform in the Republic of Macedonia. In the third part we will offer certain qualifications and recommendations for the PPP concept in the Republic of Macedonia. In the conclusion we will summarize previous analyzes in terms of the thesis that the PPP model is an effective tool for sustainable enterprise competitiveness in the Republic of Macedonia and a challenge for the management structures.

The aim of this paper is to promote the public-private partnership as an innovative concept of which can benefit all stakeholders within the state organization.

Keywords: public-private partnerships, private sector, public services.

ВОВЕД

Јавно-приватното партнерство претставува заедничко, договорно дејствување на јавниот сектор со приватниот сектор во производството на јавни производи или овозможувањето на јавни услуги. Овој однос, во принцип е тридимензионален, бидејќи во себе ги вклучува интересите на државата, односно јавниот сектор, на приватниот сектор и на граѓанинот, како потрошувач, односно корисник на услугите. Имено, од една страна, преку моделот на ЈПП, во јавниот сектор се применуваат предностите на повеќе ефикасните организациони и опреативни методи од приватниот сектор, додека, од друга страна, приватниот сектор учествува во процесот на реализација на конкретен проект, дел е од процесот на одлучувањето и ги применува сопствените ресурси и вештини при прозиводството на јавните производи или овозможувањето на јавните услуги, кои традиционално спаѓаат во државната служба. Граѓанинот, како потрошувач, овозможува транспарентна спецификација на услугите и го дефинира стандардот на квалитет на производите и услугите.

ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО



Слика 1: Шематски приказ на ЈПП

Според Меѓународниот монетарен фонд, ЈПП се дефинира како договорен однос во чии рамки приватниот сектор овозможува обезбедување на инфраструктура и услуги, кои традиционално ги обезбедувала јавната управа.[171] Светска банка потенцира дека проектите на ЈПП се однесуваат на инвестирање и овозможување услуги, кои традиционално ги пружа јавниот сектор, при што приватниот сектор превзема голем дел од ризикот, додека јавниот сектор ја задржува важната улога во обезбедувањето на услугите или превземањето на значајни ризици во проектот.[172] Европската Комисија, ЈПП го дефинира како пренос на спроведувањето и финансирањето на инвестиционите проекти од јавниот на приватниот сектор.[173]

Според тоа, основната цел на ЈПП претставува произведување на квалитетни јавни добра или давање на квалитетни јавни услуги на економичен и ефикасен начин. Основните карактеристики на моделот на ЈПП се: а) долгорочен договорен однос (до 40 години) меѓу јавниот и приватниот сектор; б) стварна прераспределба на деловниот ризик (подобрен квалитет на услугите) и в) сеопфатна одговорност на приватниот сектор.

Во зависност од степенот на вклученост на приватниот сектор и алокацијата на ризикот постојат неколку модалитети на ЈПП: DB (Design-Build), (O&M) Operation and Maintance Control, (DBFO) Design-Build-Finance-Opreate, (BOO) Build-Own-Operate, (BOOT) Build-Own-Operate-Transfer, (BBO) Buy-Build-Operate, Operation Licence, Finance Only.[174]

ПРАВНА РАМКА НА ЈАВНО-ПРИВАТНОТО ПАРТНЕРСТВО ВО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ПРАВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Јавно-приватното партнерство во правото на Европска Унија

ЈПП, во изминатите години, во рамките на Европската Унија се развива во многу области кои традиционално спаѓаат во јавниот сектор. Во правото на ЕУ не постојат посебни одредби кои го уредуваат ЈПП. Во 2003 година, Европската Комисија ги објавила Насоките за успешно ЈПП (Guidelines for Successful Public Private Partnership)[175], кои претставуваат еден вид на практична алатка за јавниот сектор. Целта на овие Насоки е да послужат како водич за утврдување и развој на прашањата кои се клучни за успешно ЈПП. Насоките се фокусираат на четири основни области: осигурање на отворен пристап на пазарот, заштита на јавните

[171] Види: https://www.imf.org/external/np/fad/2004/pifp/eng/031204.pdf
[172] Види: http://ppp.worldbank.org/public-private-partnership/sitemap
[173] Види: http://www.eib.org/epec/
[174] Gulija Bozena, Javno-privatno partnerstvo, Euroscope, god.13, br.73, 2004, str. 3.
[175] http://ec.europa.eu/regional_policy/sources/docgener/guides/ppp_en.pdf

интереси и максимирање на додадената вредност, дефинирање на оптималното ниво на субвенции и изборот на најсоодветниот модел на партнесрство за конкретен проект.

Во 2004 година, Комисијата ја престави и Зелената книга за ЈПП [176] која го анализира феноменот на ЈПП од аспект на правото на ЕУ во областите на јавните набавки и концесиите. Целта на Зелената книга е да се отвори расправа за тоа дали на ниво на Заедницата потребно е да се интервенира за да се осигура подобар пазарен пристап. Зелената Книга го обработува ЈПП единаствено на ниво на договорен однос (contractual PPP).

Јавно-приватното партнерставо во правото на Република Македонија

Јавното приватното партнерство во Република Македонија е регулирано со Законот за концесии и јавно приватно партнерство[177]. Според Законот, јавно приватно партнерство е форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот партнер и приватниот партнер, која се карактеризира со тоа што приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност. Јавното приватно партнерство се воспоставува со договор. Јавниот партнер[178] е правно лице кое доделува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство. Приватен партнер е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого јавниот партнер склучува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, или кој за таа цел основа друштво за посебна намена[179]. Објектите изградени со јавно приватно партнерство, вклучувајќи ги и додатоците и подобрувањата се сопственост на јавниот партнер, доколку поинаку не е предвидено во договорот за воспоставување на

[176] Green Paper on public-private partnerships and Community law on public contracts and concessions [COM(2004) 327 final].
[177] Службен весник на РМ бр.6/2012.
[178] Јавен партнер може да биде Република Македонија, општина, град Скопје и општините во градот Скопје, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од
Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и други правни лица кои согласно со закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања.
[179] Член 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

јавно приватно партнерство (член 11 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство).

Надлежен орган за јавно приватно партнерство е Министерството за економија[180]. Доделувањето на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се врши по пат на оглас (член 19 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство). Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја спроведува Комисија за спроведување на постапка, формирана од страна на Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за областа за која се доделува договорот или од страна на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје, или од страна на органот на управување на друштвото и други правни лица кои согласно со закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања.[181] Договорот може да се склучи за период до 35 години при што преддвид се земаат финансиско економските показатели и техничко и/или технолошките специфичности на предметот на договорот, врз основа на физибилити студијата за оправданоста на доделување на договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство[182]. Во Република Македонија, јавното приватно партнерство може да се воспостави како: концесија за јавна работа, концесија за јавна услуга, договор за јавна набавка на работа или договор за јавна набавка на услуга. Начините на престанок на јавното приватно партнерство се определени во Законот.[183]

ПРИВАТНИОТ СЕКТОР-РАМНОПРАВЕН ПАРТНЕР ВО ЈПП

Очекувања на приватниот партнер

Откако го претставувме на теоретски начин моделот на ЈПП, се наметнува прашањето дали овој модел е навистина ефикасен за одржлива компаниска конурентност на конкретен приватен партнер?

[180] Член 14 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
[181] Комисијата се состои од претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од областа на економијата, правото и техничките науки и други релевантни области, во зависност од предметот на договорот. Во работата на Комисијата може да учествуваат надворешни стручни лица, без право на глас. Комисијата одлуките ги донесува со мнозинство гласови.
[182] Член 39 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
[183] Член 43 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Одговорот ќе го изведиме преку анализа на предностите и ризиците на овој модел, од аспект на интересите на приватниот партнер.

Имајќи ги во предвид досегашните искуства на бројни успешни јавно-приватни партнерства, воопшто, може да се идентификуваат следните предности:остварувањето на деловен интерес, односно профит, долготраен договорен однос, овозможување на поволно опкружување, исплата на договорениот надомест во договорениот рок, спречување на неочекуван натпревар меѓу другите субјекти во текот на проектот, намалени трошоци на производствениот циклус, подобра распределба на ризикот, побрза имллементација на проектот, подобар квалитет на услугите и производите, генерирање на дополнителни приходи, развој на технологијата, општествена одговорност, јавна одговорност со финансиите, подобра заштита на околината, поттикнување на претприемачкиот дух на приватниот сектор.

Слика 2: Шематски приказ на придобивките од ЈПП за приватниот сектор

Консеквентно на наведените позитивни придобивки, можеме да констатираме дека ЈПП е ефикасен модел за одржлив развој на приватниот сектор. Имено, распредлбата на ризикот истовремено претставува и поттик на приватниот партнер за унапредување на јавните производи и услуги како и намалени трошоци за време на севкупниот период на операционализација на проектот. Понатаму, со оглед на фактот што проектирањето и изградбата е обврска на приватниот партнер, односно плаќањето од страна на јавниот партнер е поврзано со започнувањето на давање на јавни услуги, приватниот партнер е мотивиран работите да ги изведе во што пократок рок, односно има побрза имплементација на проектот. Приватниот партнер има можност да создава и дополнителни приходи од трети лица, намалувајќи ги на тој начин трошоците за издвојување на јавниот партнер, односно на крајните корисници на јавните услуги.

Со пренесувањето на обврската за давање услуги на приватниот партнер, јавниот партнер се јавува во улога на регулатор, додека приватниот партнер станува конкурентен и одржлив на пазарот.

Ризиците со кои може да се соочи приватниот партнер, во процесот на ЈПП може да се поделат на: економски и правно-политички.

Економски ризици се: ризик на приход, девизен ризик, археолошки ризик, ризик на градба, ризик на дефект, ризик на одржливост. Ризиците од економска природа може да бидат управувани и од приватниот и од јавниот партнер, особено со развој на ефикасен менаџмент и надзор, така што, иако би ја одложиле реализацијата на проектот, не може да ја спречат нејзината финализација, освен се разбира во исклучителни ситуации.

Правно-политички ризици се: ризик на експропријација, ризик на пренесување вредности, ризик на војна и граѓански немири и ризик на непочитување на договорот. Карактеристично за овој вид на ризици е тоа што приватниот партнер не може да менаџира со нив, па заради тоа потребно е да бидат споделени со јавниот партнер. Практично, тоа се случува уште во фазата на преговарање, односно пред склучувањето на договорот за ЈПП.



Слика 3: Шематски приказ на ризиците од ЈПП за приватниот сектор

Емпириска анализа на моделот на ЈПП во Република Македонија

ЈПП во Република Македонија претставува нов модел, кој дополнително, во иднина треба да се развива и практицира. Истовремено, овој модел може на иновативен начин да се употреби и како инструмент за реформа на јавниот сектор.

Наведените заклучоци се на иста линија и со емпириските податоци, согласно спроведената Евалуација за средината на ЈПП во Источна Европа, од страна на Европската Банка за обнова и развој.[184]

Табела бр. 1:Рангирање на државите во Источна Европа

2012 rank (of 25)	Country	2012 score (of 100)
1	Croatia	63.5
2	Lithuania	62.9
3	Slovenia	61.8
4	Latvia	54.4
5	Hungary	53.8
6	Poland	52.0
7	FYR Macedonia	51.1
8	Russia	51.0
9	Albania	50.5
10	Turkey	49.6

Извор: Economist Intelligence Unit 2012 EECIS Infrascope rankings

[184] Види: http://www.ebrd.com/pages/news/press/2013/130718d.shtml

Според овој Извештај, Република Македонија е рангирана на седмо место во рамките на Источна Европа. Како предност се наведува политичката поддршка за проектите за ЈПП, како и новиот Закон за концесии и јавно приватно партнерство, додека за слабости се детектираат бавните административни процедури, кои траат долг временски период. Имајќи во предвид дека вредноста на овој индекс изнесува 100, може да заклучиме дека во Република Македонија, со измерен индекс во вредност од 51.1, треба активно да се промовира моделот на ЈПП. Јавниот, но и приватниот сектор треба да превземаат проактивни мерки за развој и изградба на инфраструктурни проекти од областа на комуналната хигиена, енергетиката, образованието, спортот, транспортот и слично.

ЗАКЛУЧОК

ЈПП претставува комерцијален договор помеѓу јавните власти и приватни фирми, во форма на договорно или институционално партнерство. Со цел исполнување на обврските, приватниот партнер може да преземе обврска да финансира, дизајнира, изгради и/или реконструира/реновира објект на јавна инфраструктура, работи и одржува нов објект и/или реконструиран/реновиран објект на јавна инфраструктура или користи, управува и одржува постоен објект на јавна инфраструктура или која било комбинација на горе наведените обврски се додека комбинацијата на тие обврски е со цел за исполнување на целите. При преземање на обврската, приватниот партнер вообичаено презема значаен дел од ризиците поврзани со финансирање, изградба, побарувачка и/или достапност и други такви дејствија, управување, одржување и технички ризици, зависно од договореното при воспоставување на јавното приватно партнерство кои се определуваат од случај до случај. Секој партнер во јавно приватно партнерство за времетраење на јавното приватно партнерство презема одговорност за ризични настани кои се во негова сфера на влијание, или одговорноста се дели со цел за постигнување на оптимално управување на ризикот за времетраењето на партнерството, меѓу другото, со користење на управувачки, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер и со промовирање на размена на вештини и знаење - искуство меѓу јавниот и приватниот партнер.

Во Република Македонија моделот на ЈПП треба сеуште да се развива и применува, бидејќи за приватниот сектор овој модел претставува можност за континуиран раст и развој, додека за јавниот сектор значи поквалитетни јавни услуги и производи за крајниот корисник, граѓанинот. ЈПП претставува комплексен, но и иновативен процес. Зарадти тоа, менаџерските структури на приватниот профитен и непрофитен сектор во Република Македонија треба да го прифатат како деловен предизвик и да го практикуваат во повеќе сфери од општественото живеење.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Gulija Bozena, Javno-privatno partnerstvo, Euroscope, god.13, br.73, 2004.
2) Peric Ana, Javno-privatno partnerstvo u hrvatskim morskim lukama, Sveuciliste u Rijeci, UDK: 334.722 (497.5), 2012
3) Green Paper on public-private partnerships and Community law on public contracts and concessions [COM(2004) 327 final].
4) Economist Intelligence Unit 2012 EECIS, London, 2012
5) Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Службен весник на РМ бр.6/2012.
6) https://www.imf.org/external/np/fad/2004/pifp/eng/031204.pdf
7) http://ppp.worldbank.org/public-private-partnership/sitemap
8) http://www.eib.org/epec/
9) http://ec.europa.eu/regional_policy/sources/docgener/guides/ppp_en.pdf
10) http://www.ebrd.com/pages/news/press/2013/130718d.shtml

ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС, ОПШТЕСТВЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ДРЖАВНОТО УПРАВУВАЊЕ

Асс. М-р Лазе Јаќимоски

Универзитет Св. Климент Охридски – Битола
Правен Факултет – Кичево
ljakimoski@yahoo.com

Асс. М-р Ѓорѓи Петрески

Универзитет Св. Климент Охридски – Битола
Правен Факултет – Кичево
gorgi.petreski@yahoo.com

УДК: 342.5:334.724.037

АПСТРАКТ

Улогата и функциите на современата држава и државните органи се изучува од страна на разни социо-политички и правни науки. Заедничко за сите е дека државата е разбрана како независен јавен организам, било како социална даденост, било како институционирана власт, на која основна цел и е зачувувањето и одржувањето на државно-организираното општество. Основната мисијата на државата како организација е нејзината превенција како од внатрешни така и од надворешни сили, кој и противречат на нејзините интереси и единство. Основната задача пак на органите на државната власт е да ги насочуваат и да управуваат со процесите во општеството, во согласност со јавниот интерес.

Клучни зборови: јавен интерес, општествени вредности, државните органи, државна власт,конституција.

PUBLIC INTEREST, SOCIAL VALUES AND THE GOVERNMENT

Laze Jakimoski M.Sc.

University Sv. Kliment Ohridski – Bitola
Faculty of law - Kicevo
ljakimoski@yahoo.com

Gorgi Petreski

University Sv. Kliment Ohridski – Bitola
Faculty of law - Kicevo
gorgi.petreski@yahoo.com

UDK: 342.5:334.724.037

ABSTRACT

The role and functions of the modern state and the authorities are studied by various socio-political and legal sciences. Common to all is that the state was understood as an independent public organism, either as a social given, either as institutionalized power, main objective is the preservation and maintenance of state-organized society. The mission of the state as an organization is the preservation of internal and external forces that are contrary to the interests and unity. The main task of the authorities government to direct and manage the processes in society in accordance with the public interest.

Keywords: public interest, social values, state authorities, state government, Constitution.

ВОВЕД

Значењето на општиот интерес се нагласува како од мислители на антиката, така и од бројни современи автори. Општото добро, јавните вредности и цели треба да се главен приоритет за лицата кои ги вршат управувачките функции на државата. Јадро на општото добро се исконските и објективните вредности како што се безбедноста, слободата, еднаквоста и правдата, секоја една од нив е поврзана со основните димензии и цели на демократската, социјалната и правната држава. Овој тип современа европска држава се заснова врз уставните принципи на политичкиот систем: народен суверенитет, доминација на правото, поделба на власта, политички плурализам. За да биде загарантирана реализацијата на овие принципи, општеството бара од официјалните лица вклучени во составот на државните органи, почитување на одредени забрани и им наметнува услови и ограничувања при вршењето на нивната дејност. Намената на овие императиви е токму да биде обезбедена заштита на јавниот интерес при остварување на управувањето.

ДРЖАВНО УПРАВУВАЊЕ

Зборувајќи за државното управување, треба да биде забележано дека тој поим се користи во научната литература во тесна и во поширока смисла. Во административното право, од гледна точка на субјектите овој термин го опфаќа само административниот апарат на државата - само органите кои ја вршат извршната власт и администрацијата која ги подмомага. Државната управа во потесна смисла од гледна точка на дејноста значи само административна, извршно - распоредителна дејност. Според друго пошироко сфаќање под државно управување треба да се разберат сите активности поврзани со регулирање на основните јавни процеси, т.е. како дејноста на извршните, така и на судските и законодавните органи на државата. Според оваа поширока дефиниција што ќе биде прифатена во рамките на ова излагање, раководната дејност вклучува мноштво конкретни манифестации, се реализира во различни форми и со различен интензитет согласно остварување на функцијата од соодветниот орган, неговото место во државниот апарат, како и правните рамки на неговите овластувања. Носителите на законодавната, извршната и судската власт поинаку и со различни средства спроведуваат посебни менаџерски функции предвидени со Уставот или преку законодавството, но сите тие треба да имаат за цел гарантирање на јавниот интерес. Бјурдо наведува дека нашето време, претендира за прагматизам и го преоткрива општиот интерес. Тој не може да се игнорира, без сите приватни интереси да настрадаат од неговиот недостаток.[185]

Токму со јавниот интерес се врзува и воведувањето на етички кодекси на државните службеници, законската регулатива на конфликтот на интереси во државната управа, зголемувањето на санкциите предвидени при утврдена корупција или други нелегални активности и пропусти во вршењето на јавни функции. Несомнено,

[185] Byurdo, G. State. S., 2007.

Независно од функциите што ги оствариле и нивното место во државниот апарат, сите функционери треба да се заинтересирани за афирмацијата на јавните вредности и интерес. Вторите се непосредно врзани со морално-етички норми, во согласност со кои се проценуваат како квалитетите на управителите, така и нивните активности. Вредносната карактеристика на управувањето се нагласува од авторите кои се занимаваат со истражување на суштината на управувањето. Бидејќи на државните органи им е доверена задачата да ги спроведуваат целите на заедницата во согласност со прифатените вредности, тие самите треба да исполнат одредени критериуми, оценувани од општеството како при нивниот избор или нивното именување на должноста, така и во текот на целиот период на спроведувањето на истата.

Прашањето за барањата кон персоналниот состав на државните органи се става со посебна дефиниција во Новото време. Древните луѓе не го разграничувале општеството од државата. Во моментот, во кој овие појави почнуваат да се гледаат како две различни карактеристики, закономерно се поставува прашањето за потеклото на државата и државната власт, како и за нивниот однос кон општеството и за легитимитетот на управувачите. Џон Лок констатира дека во првите земји каде управувањето е предадено на една личност, тоа се правело поради јавното добро и безбедност и токму за овие цели и било користено од управивачите. Кога сепак "частољубивоста и раскошот во наредните векови ја задржуваат и зголемуваат власта, без да го прават она, за што оваа власт им е дадена и со помош на ласкањето, владетелите научиле да имаат свои и различни од оние на народот интереси, луѓето пресметале дека е потребно да го проучуваат нај - внимателно потеклото и правата на управувањето и да најдат начини за ограничување на крајностите и за спречување на злоупотребата на власта, која тие самите ја довериле во туѓи раце само за свое добро.[186]

ОПШТЕСТВЕНИ ВРЕДНОСТИ

Рационализацијата на државата и воведувањето на нови менаџерски дејности и експанзијата на државниот апарат ја наметнуваат потребата од ново легитимирање и оправдување на државната власт и принуда. Еден од начините за оправдување на власта е условот управувачите да ја уживаат довербата на општеството.

[186] John Locke, Two treatises on management.C., 1996.

За таа цел, тие треба да одговараат на одреден сет на барања, и да потврдат дека ќе го изразуваат и спроведуваат во своите активности јавниот интерес и ќе придонесат за постигнување на општото добро. Како што е наведено во литературата, управувачите може да не го сочинуваат мнозинството од народот, но талентите и образованието, изложени на контролата на јавните расправи и мислење, би претставувале гаранција за надминување на овие интереси, кои се непријателски на општото добро и на управуваните. Според Блунчли, застапеноста во јавното право не почива на истите основи, како оваа во приватното право, која го има за свој извор јавниот интерес. Пратеникот не е мандатар, ниту полномошник – тој ја спроведува јавната функција, претставува интерес на нацијата и не добива мандат во правна смисла на зборот, а врската помеѓу него и гласачите претставува однос на доверба[187]. Во друг свој труд авторот наведува дека доброто на нацијата треба да е првата цел на државникот.[188] Според Цеко Торбов, "политиката треба да одговара на два постулата. Од една страна, да води сметка за тоа дека секоја цел на управувањето треба да е во хармонија со правото, а од друга - да ги исполнува условите од политичкиот реализам".[189]

Во современоста, Џовани Сартори уште еднаш ја нагласува улогата и значењето на јавните вредности и интереси; независно од "квантитативното правило", што според него постојано е на местото на квалитетот, вклучувајќи го и управувањето, авторот продолжува да тврди дека за да постои, демократијата треба да се потпира на вредности.[190]

Барањата што се однесуваат на службените лица во државата, може, според нас, да се класифицираат на следниов начин: првата група императиви, упатени кон власта, се однесуваат на нивната способност да го сфатат јавниот интерес, а втората - волјата и нивната способност да дејствуваат во согласност со него, без да оддаваат предност на лични, приватни или групни интереси при остварување на своите јавни функции. Според еден од "татковците" на американскиот Уставот - Џејмс Медисон, доброто владеење вклучува две работи: верност кон целта на управувањето, која е среќата на народот, и второ -

[187] Bluntschli, J. K. Droit public general. Paris, 1885.
[188] Bluntschli, JK Theorie generale de l'Etat ". Paris, 1881.
[189] Torbov, T. Studies on the critical philosophy. S., 1993
[190] Sartori, G.. Theory of democracy. Book 1 Modern discussion. S., 1992

познавање на средствата со кои најдобро се постигнува таа цел.[191] Проф. Цеко Торбов исто така тврди дека постојат две пречки за нормално функционирање на здрав општествен живот - недостаток на јасност кај општеството и раководителите на јавните цели и недостатокот на подготвеност да се служи на овие цели. Првата е предизвикана според авторот од заблуда за основните прашања на јавниот живот, а втората - од "себељубиeто на управувачите", што води од своја страна до политички деспотизам и лично користољубие. За да се надминат овие пречки, управувачите, според авторот треба да станат носители на една просветлена филозофија во врска со целите на јавниот живот и начините и средствата за нивно постигнување. Тоа сепак не е доволно - треба цврсто да се следи таквата политика, во која превземањето на државната служба да има за задача да се впрегне во служба на општествените цели, а не на лакомството и деспотизмот.[192] За да се спроведува јавна служба во најширока смисла на овој поим, треба прво да се познаваат и степенуваат вредностите на општеството и целите на развојот на заедницата. Поради тоа, законодавството ги прикажува како критериуми за службените лица условите како возраст, професионална квалификација, компетентност (во смисла не на овластувањата), а на знаењето и вештините во одредена сфера на управувањето (неспособност, недостаток), на ментална болест и т.н. Овие ограничувања се поврзани најчесто со барањата при избирање, односно именување на јавна функција.

На второ место, кон службените лица се полагаат и барања да ги остваруваат своите овластувања во согласност со интересот на заедницата. Тука можеме да ги третираме сите одредби кои се однесуваат на неусогласеноста на должностите во државното управување, регулативата за конфликтот на интереси, имунитетот, формите на правна и политичка одговорност и други. Барањата за подобност, односно именување на одредена позицијата во државната управа, се однесуваат директно кон способноста на кандидатите за управувачи да го сфатат јавниот интерес и вредности. Со оглед на искуството, професионалната подготовка, судското минато на кандидатите (заедницата или нејзините претставници), ги избира лицата кои треба да ги спроведуваат функциите за реализација на законодавната, извршната и судската власт. Во однос на вишите

[191] Madison, J.., Al. Hamilton, John. Jay. Notes of the Federalist. S. 1997.
[192] Torbov, T. Studies on the critical philosophy. S., 1993

функционери во земјата, овие услови се регулирани во Основниот закон што е индиција за нивната специјална важност за развојот на заедницата; за останатите лица критериумите се предвидени на законско ниво. Стремежот е до заземање на јавна функција да бидат примени само оние кои можат да ја докажат својата посветеност кон доброто на заедницата. Предвидената некомпатибилност на функции и дејности, од своја страна, е релевантна за можноста и ставот на управувачите да ја спроведуваат целата правнорегламентирана дејност во согласност со познатите јавни интереси и вредности. Уставот и законите не дозволуваат истовремено извршување на функции во приватен и јавен интерес. Како што наведува Бјурдо, "политичарите ќе треба да направат напор за да ги откријат максимално личните квалитети како интелект, храброст, прозорливост; должноста која ја заземаат, не трпи просечност; кога сепак ќе ја достигнат целосната манифестација на својот гениј, тие треба да заборават на самите себе, и со врвно самооткажување да ги посветат сите можности на својата личност единствено на извршувањето на должноста. Државните органи имаат овластување да дејствуваат во тоа својство само доколку служат на институцијата, на општиот интерес.

ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Концептот за општ интерес тука се гледа во смисла на јавен, неприватен интерес. Под јавен интерес се разбира "признаениот од државата и обезбеден од правото интерес на социјалната заедница, со што неговот прифаќање ќе служи како гаранција за нејзиното постоење и развој ". Како што наведуваат некои автори "еден - единствен интерес треба да ги раководи активностите на управувачите – јавниот и при постоење на таков, приватните интереси не можат да сакаат сопствена автономна заштита која да се покрене против и покрај државата". Така прашањето за доброто управување во современата држава се јавува како неделив дел од овој за барањата за заземање и спроведувањето на јавните позиции. Босаер и Демке при истражување на морално-етичките норми на однесување на државните службеници во земјите - членки на Европската унија заклучија дека, бидејќи високите државни службеници имаат потенцијална можност да се претворат во пример за јавноста, тогаш општеството треба да е сигурно во етика на нивното однесување.

	25.000 - CrS	Ds - 29.000	29.000 - Crs	DS - 7.500	7.500 - CrS

Bank		Interest Income		Interest to be received	
(1) 7.500			123.96 (6)	(6) 123.96	4.100 (4)
(5) 360			''''	''''	
''''			''''	''''	
''''			''''	''''	
''''			''''	''''	
''''			''''	''''	
''''			''''	''''	

So from the account in T-shape seems clear that the "Noshi" Ltd company, at the end of the 5-year period realizes an income of € 29,100 (TD) that is the calculated value of the asset (the car) € 25,000 (TK) + 4.100 € (TK) interest period.

Subscriptions financial leasing "Kastrati" L.t.d (tenant) company's financial statements. Presentation in T-shape

The “Kastrati” L.t.d company through leasing service took possession of assets that increases its manufacturer capacity and its ability to generate income, not having the necessary unused liquidity, and not collateralized real estate at financial institutions, which in this case are insufficient or nonexistent.

Through leasing service this company has been managing its monetary instruments, which can be used in an alternative investment, is financed 100% enabling the company to use as much resources as the capital, has a high security since the contract can not be canceled by the lessor and the payments are fixed since signing the contract, is made possible renewal of assets by adapting technology developments without the need for additional capital activation, the flow of cash after the installments returns are small and % interest is much lower than the effective interest % of a bank loan and the repayment period is adjusted with the useful life of the asset, not putting the company in the temporary financial difficulties is made the best possible manage.

Inventory	
(1) 25.000	
DS - 25.000	25.000 - CrS

Duties to the landlord	
(4) 360	17.500 (1)
	4.100 (2)
''''	
''''	
''''	
''''	
''''	
DS - 21.600	21.600 - CrS

Bank	
	7.500 (1)
	360 (4)
	''''
	''''
	''''
	''''
	''''
	29.100 - CrS

Interest expense	
(3) 123.96	
''''	
''''	
''''	
''''	
''''	
''''	
DS - 4.100	

Interest to be paid	
(2) 4.100	123.96 (3)
	''''
	''''
	''''
	''''
	''''
	''''
DS - 4.100	4.100 - Crs

Amortization expense	
(5) 5.000	
''''	
''''	
''''	
''''	
''''	
''''	
DS - 25.000	

Accumulated amortization	
	5.000 (5)
	''''
	''''
	''''
	''''
	''''
	''''
	25.000 - CrS

So from the account in a T-shape that is presented below clearly: the "Kastrati" L.t.d company (tenant), at the end of 5 year period will pay an expense of € 29,100 (TK) that is computed value of inventory (car) € 25,000 (TD) + € 4,100 (TD) interest expense

CONCLUSIONS

The benefits provided by the leasing service

Leasing is an important source of medium and long term financing in developed economies, and in countries with economies in transition. Leasing is an efficient economic solution to the problem of taking possession of the asset. Leasing is especially important in the financing of small and medium enterprises and initiatives, which play an important role in the modernization and competitiveness in the economy and creating jobs.

Leasing turns out to be profitable for all parties involved. With limited financial resources and no requirement of collateral (the real estate, and made available to the landlord), the tenant may possess assets that enhance its manufacturer capacities and its ability to generate revenue.
Landlords have a lower risk for business financing, because they take ownership of the asset until the lease to will be paid fully by the tenant.
Landlords are also able to have a greater control over their investment through regular monitoring of assets, rather than to monitor working capital loans.
For suppliers leasing expands their market base by giving businesses a way to buy equipment immediately without high cost.
For transition economies such as our economy (Albanian economy), leasing is often the only way to take possession of assets for many enterprises with lack of the cash (CASH).
Another advantage arising from the use of leasing is increasing formality to businesses. Leasing contracts, payments through banks in general and the information available to leasing companies can be used by tax authorities to increase the efficiency of tax collection and combat evasion.

Risks that come from the leasing service

From our study, it showed that leasing service had a significant extent in urban areas, while in rural areas and interurban economic operators and individuals had little information about leasing services. This comes as a result of a continuous monitoring policy on leased assets from leasing companies in terms of a non-formalizated market where risk is present in any financial service. So leasing as a banking service is not being a massive financial instrument and encouraging business development and meeting the needs of the population.
Despite austerity policies as the significant percentage of the fee and insurance asset Casco which make it possible to reduce the risk of insolvency tenants, in terms of an non-formalized economy this risk is imminent and market assets used in Albania is not efficient. In these conditions it is necessary to search international markets, such a thing requires fiscal incentives, which in our country lacks such as facilities.

In underdevelopment of leasing service, have affected a number of factors, legal infrastructure, banking system, the level of consumer education, business and family members etc. But here we will highlight the lack of a clear political orientation, supporter for the development of business, and especially the lack of a clear treatment of the incentive fiscal.

RECOMMENDATIONS

Leasing can be an effective mechanism to move on an economy, mobilizing huge opportunities for growth and expansion of various sectors of the economy.

Leasing provides a way to develop small and medium modernizing production. Leasing companies play an important role in financing small and medium enterprises, which need financing to expand, but unfortunately, do not have a credit history or collateral sufficient for other funding sources. Leasing enables these enterprises to create, expand and modernize their production.

Leasing creates competition in the financial market. Leasing, which doesn't have much risk, as the giving loan of working capital, creates an alternative way of financing businesses and competes directly with loans from banks, which result in a higher cost over the years.

In transition economies leasing match bank financing, allows businesses to have access to financing as well as leasing in additional bank financing without increasing their collateralized debt.

Leasing increases total capital investment in an economy. Leasing is a complementary form of financing that serves as a substitute for bank loans and other forms of increased funding. Financial Leasing has indisputable advantages for businesses, population and state.

Leasing increased sales of equipments. Leasing offers domestic and foreign suppliers a new mechanism to increase their customer base, and access to new customers, where small and medium enterprises have been poorily funded.

LITERATURE

To preparation this study was used:

1) The consolidated knowledges about the IFRS financial lease respectively

2) MRS 7 "Accounting treatment of financial lease" and IFRS - 17 "leasing"
3) Text Advanced Financial Accounting Prof. Flutura Kalemi latest edition.
4) Data leasing companies operating in our country.
5) The data belong to, "Noshi" sh.p.k society and "Kastrati" sh.p.k society.

МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВО СПОРТСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОГРАНИЗАЦИИ

Доц. д-р Виктор Митревски

Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје
mitrevski_viktor@yahoo.com

УДК: 005.94:796.062

АПСТРАКТ

Можноста за менаџирање со знаењето во денешно време станува значаен ако не и клучен момент во постигањата пошироко, така и во спортот. Способноста за креирање и ширење или пренесување на знаењето внатре во современите спортски институции и организации претставува се повеќе одлучувачки фактор во професионализмот на врвните достигања и стекнување со конкурентска предност. Современа спортска институција и организација во ера на знаење, глобализација на работата и секавичен технолошки и економски развој е онаа која учи, памти и реагира врз основа на добиените информации и стекнати знаења.

За изработка на овој труд извршено е прибирање на податоци преку непосредни разговори и спроведено анкетирање во повеќе спортски образовно-научни институции и организации во Р. Македонија. Целта ни беше да го утврдиме нивото и евентуалните разлики во менаџментот на знаења (креирањето и трансферот на знаење) во спортските институции кои првенствено се занимаваат со наука и спортските организации каде се очекува практична примена на знаењето.

Клучни зборови: креирање, трансфер, менаџмент, знаење.

KNOWLEDGE MANAGEMENT IN SPORT INSTITTUTIONS AND ORGANISATIONS

Ass. Prof. Viktor Mitrevski Ph.D.

Business Academy Smilevski BAS Skopje
mitrevski_viktor@yahoo.com

UDK: 005.94:796.062

ABSTRACT

The possibility of managing knowledge nowadays becomes important, if not crucial moment, in the wider achievements, and in sports. The ability to create and transfer or dissemination of knowledge within modern sports institutions and organizations is a more decisive factor in the professionalism of the best achievements and gaining competitive advantage. Modern sports institution and organization in the knowledge era, globalization of work and lightning technological and economic development is one that learns, remembers and responds to the received information and knowledge acquired.

For making this work is done collecting data through direct talks and conducted surveys in several sports educational and scientific institutions and organizations in the Republic of Macedonia. Our goal was to determine the level and possible differences in knowledge management (creation and knowledge transfer) in sports institutions primarily engaged in science and sports organizations which expect practical application of knowledge.

Keywords: creation, transfer, management, knowledge.

ВОВЕД

Врвните достигања во спорот во последната деценија, кои тежнеат кон откривање на нови знаења промовираат еден нов правец во развојот на спортските организации. Развој на нов капитал кои се темели на специфичноста во процесот на менаџирање со знаењето. Менаџирањето со знаењето или уште позната како појава на менаџмент на знаење претставува инкорпорација на три главни компоненти (човечки ресурси, организациските процеси и технологијата) кои се во една заедничка интерактивност. Тргнувајќи од претпоставката дека конкурентската предност на секоја спортска организација произлегува од знаењето кое истата го поседува, менаџирањето со знаењето добива се позначајна улога во натамошниот професионален развој. Креирањето и ширењето на знаењето внатре во самата спортска организација претставува се повеќе одлучувачки фактор во постигањата и одржливоста на нејзината конкурентска предност. Целта на секоја современа организација е, работните процеси да се посматраат како процеси на знаење, што подразбира креирање на знаење, негово ширење, надградба и негова примена.[197] Имајќи го во предвид претходното менаџментот на знаење може да се сфати како интердисциплинарен работен концепт кој се фокусира на организациското учење.

Предмет на нашето истражување ни беше менаџментот на знаење во спортските образовно-научни иститyции (првенствено високообразовните институции во државата) и останатите спортски организации во кои може да се види и почувствува практичната примена на менаџментот на знаење. Наша цел во истражувањето ни беше да утврдиме какво е нивото на знаења (креирањето и трансферот на знаење) кое го поседуваат спортските институции и спортските организации каде се очекува практична примена на знаењето и дали постојат разлики во менаџментот на знаење помеѓу истите.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Научната оправданост на истражувањето е во насока на генерирање на нови научни сознанија што ќе најдат соодветна теоретска и практична примена во подобрување на работењето и конкурентските предности во спортските институции и организации. Намерата ни е да се истражат две значајни компоненти:

Начините и постапките на стекнување на знаењата и
Разликите во креирањето, споделувањето и трансферот на знаења.

Менаџмент на знаење

Немањето прецизност во дефинирањето на менаџментот на знаење како и не единството околу ставот што конкретно содржи, ја наметнува потребата истиот да се разгледува во многу поширока смисла. Едно е сигурно, дека претставува интердисциплинарен работен концепт кој во својот фокус има организациско учење, а самите корените и концептот треба да се бараат во повеќе области и

[197] Mašić, B, Babić , L., Đorđević – Bojanović, J., Dobrijević, G. i Veselinovi , S. (2010). *Menađment, principi, koncepti i procesi*. Beograd: Univerzitet Singidunum. Str. 501.

дисциплини меѓутоа пред се во економијата, бизнисот, психологијата и во менаџментот на информатичките системи. Меѓутоа, кај сите оние кои на некој начин покушале да дадат одреден допринос во насока на дефинирање на менаџментот на знаење, евидентно е постоење на одредена сличност во одредени интегрални делови или елементи: креирање и развој на знаењето од екстерни извори; формирање на бази на податоци и документирање на знаењето; складирање и чување на знаењето; трансфер и дисеминација на знаењето во организацијата и надвор од неа и сл. Својот животен циклус процесот на менаџмент на знаења го поминува низ неколку фази: креирање на знаењето (Creation); освојување на знаењето (Capture); зачувување на знаењето (Storing); поделба на знаењето (Sharing) и приемна на знаењето (Application). Функционалноста на концептот на менаџментот на знаење добро е да се прифати како способност со која во многу краток временски период ќе може да се дојде до информации со кои ќе се овозможи донесување и избор на најадекватна одлука или решение кое е во прилог на постигања и успех на организацијата или посакуваните спортски достигања. Основната цел во спортските институции и организации е сите работни процеси да се посматраат како една интегрирана целина во процесот на знаење, во која се вклучени креирањето, развојот, надградбата и неговата примена и трансфер на знаењето.

Менаџментот на знаење може да се дефинира како една интегрирана функционална целна во која постои поврзаност помеѓу луѓето (човечки ресурси), технологијата и процесите. Специфичноста на спортските организации, во делот на менаџирање со човечките ресурси од една страна се однесува на управувањето со спортистите од страна на спортските тренери, тимовите на стручњаци и спортски научници, а со цел постигање на што подобри спортски резултати, од друга страна, на ефективно управување со целокупната спортска организација од страна на спортските менаџери.[198] Ваквата специфичност точно предизвикува и одредени специфики во самиот процес на интегрираност во функционирањето на самата целина.

Ако клучни елементи за успешноста на една организација преставуваат знаењето и континуираното учење, тогаш функционална и способна една спортска институција или организација може да биде

[198] Malacko, L. i Rađo, I. (2006). *Menađment ljudskih resursa u sportu*. Univerzitet u Sarajevu-Fakultet sporta i tjelesnog odgoja. Fojnica: Svetlost. str. 20.

само доколку се даде одговор на претстојните промени во конкурентското опкружување и воедно успее да ја оствари и одржи својата конкурентска предност, со што, принудена е да учи побрзо и подобро од другите, но и многу поефикасно да менаџира со своето знаење. Современа организација во ерата на знаење е онаа која учи, памти и делува на основа информациите и знаењето достапно на најдобар можен начин.[199] Ориентираноста на секоја спортска институција и организација е кон скенирање на опкружувањето и конкуренцијата, со тенденција на идентификација на приоритетите и фокусираност во следењето на трендовите и посакувањата.

Примерок на испитаници

Истражувањето е реализирано во првата половина од 2014 година на подрачјето од Р. Македонија. Опфатени беа четирите високообразовни институции во државата кои се занимаваат со спорт, наука и менаџмент (двата државни факултети во Скопје и Тетово, ФОН – приватниот факултет во Скопје и Бизниса академијата Смилевски во Битола) и 16 спортски организации и асоцијации (колективни и индивидуални спортски клубови, спортски сојузи и друштва) ширум државата. Вкупно анкетирани беа 86 испитаници, од кои првиот суп примерок го сочинуваа 36 испитаници (испитаници од високообразовните институции) и вториот суп примерок од 50 испитаници (испитаници од спортските организации). Во истражувањето на испитаниците вклучени ни беа сите можни структури во спортот: (спортисти, спортски работници, студенти, професори, асистенти и менаџери).

Истражувачки инструменти и методи

Од истражувачките инструменти, а со цел обезбедување на релевантни показатели користен беше анкетен прашалник. Изработен беше пакет од 10 анкетни прашања од кои 5 анкетни прашања ја дефинираа областа на трансферот на знаења и 5 анкетни прашања за дефинирање областа на менаџментот за креирање на знаење. За прибирањето на ставовите и мислењата од анкетните прашање користена беше четири степена скала за проценка на исказите. Во прилог дадени се пакетите од анкетни прашања.

а). Креирање на менаџментот на знаење:

[199] Mašić, B. i Đorđevič-Bojanović, J. (2009). *Organizacija zasnovana na znanju*. Organizacioni menađment i glabalna kriza: Zbornik radova VII skup privrednika i naučnika-SPIN 09, Beograd. str. 92-99.

(VAR01) Ние го обновуваме знаењето во орг./инст.
(VAR02) За нас знаењето е зголемување на конкурентската предност.
(VAR03) По враќањето од учество на обука и усовршување, ги споделувам новите сознанија со колегите.
(VAR04) По секоја обука, стекнатото знаење од мене се бара да го применам.
(VAR05) При барањето на помош и мислење од колеги и вработени секогаш ја добивам.

б). Трансфер на знаење:

(VAR01) Во орг. постои супер визија за пренос на знаењето и придобивките.
(VAR02) Своето искуство го споделувам со моите колеги.
(VAR03) Во нашата орг./инст. има развиено систем за пренесување на знаење.
(VAR04) Во орг./инст. постојат комуникациски мрежи.
(VAR05) За мојот личен развој обезбедувам информации од сите релевантни извори во орг./инст.

Утврдувањето на разликите помеѓу спортските институции и спортските организации каде се очекува практична примена на знаењето извршено е со примена на мултиваријантна анализа на варијанса (MANOVA). Во обработката на податоците користени се апликативната програма Microsoft Office Excel и SPSS.

РЕЗУЛТАТИ И АНЛИЗА

Резултати

Табела бр. 1 Основни дескриптивни податоци на испитаниците (показатели за креирање на знаењето)

Kreiranje na znaenje		Mean	Std. Deviation	N
VAR01	1,00	3,00	,926	36
	2,00	3,06	,935	50
	Total	3,03	,926	86
VAR02	1,00	3,83	,378	36
	2,00	3,46	,646	50
	Total	3,62	,577	86
VAR03	1,00	3,50	,507	36
	2,00	3,16	,866	50

	Total	3,30	,753	86
VAR04	1,00	3,25	,732	36
	2,00	3,26	,899	50
	Total	3,26	,829	86
VAR05	1,00	3,67	,478	36
	2,00	3,24	,847	50
	Total	3,42	,743	86

Табела бр. 2 Основни дескриптивни податоци на испитаниците (показатели за трансфер на знаењето)

Transfer na znaenje		Mean	Std. Deviation	N
VAR01	1,00	2,92	,874	36
	2,00	2,98	,892	50
	Total	2,95	,880	86
VAR02	1,00	3,67	,632	36
	2,00	2,98	,820	50
	Total	3,27	,818	86
VAR03	1,00	3,08	,649	36
	2,00	2,96	,903	50
	Total	3,01	,804	86
VAR04	1,00	2,67	,956	36
	2,00	2,66	1,099	50
	Total	2,66	1,036	86
VAR05	1,00	2,67	,956	36
	2,00	2,66	1,022	50
	Total	2,66	,989	86

Во табеларните прегледи 1 и 2 дадени се основните дескриптивни показатели (аритметичката средина, стандардната девијација и бројот на испитаниците) од извршената проценка кај двете групи на испитаници (испитаници од високообразовните институции и испитаници од спортски организации).

Табела бр. 3 Мултиваријантен тест за утврдување на разликите во проценката помеѓу испитаниците во менаџментот на знаење (креирање на знаење)

Effect		Value	F	Hypothesis df	Error df	Sig.	Partial Eta Squared
Intercept	Pillai's Trace	,982	885,616[b]	5,000	80,000	,000	,982
	Wilks' Lambda	,018	885,616[b]	5,000	80,000	,000	,982
	Hotelling's Trace	55,351	885,616[b]	5,000	80,000	,000	,982
	Roy's Largest Root	55,351	885,616[b]	5,000	80,000	,000	,982
Kreiranje na znaenje	Pillai's Trace	,171	3,292[b]	5,000	80,000	,009	,171
	Wilks' Lambda	,829	3,292[b]	5,000	80,000	,009	,171
	Hotelling's Trace	,206	3,292[b]	5,000	80,000	,009	,171
	Roy's Largest Root	,206	3,292[b]	5,000	80,000	,009	,171

Табела бр. 4 Мултиваријантен тест за утврдување на разликите во проценката помеѓу испитаниците во менаџментот на знаење (трансфер на знаење)

Effect		Value	F	Hypothesis df	Error df	Sig.	Partial Eta Squared
Intercept	Pillai's Trace	,957	353,866[b]	5,000	80,000	,000	,957
	Wilks' Lambda	,043	353,866[b]	5,000	80,000	,000	,957
	Hotelling's Trace	22,117	353,866[b]	5,000	80,000	,000	,957
	Roy's Largest Root	22,117	353,866[b]	5,000	80,000	,000	,957
Transfer na	Pillai's Trace	,300	6,853[b]	5,000	80,000	,000	,300

znaenje	Wilks' Lambda	,700	6,853[b]	5,000	80,000	,000	,300
	Hotelling's Trace	,428	6,853[b]	5,000	80,000	,000	,300
	Roy's Largest Root	,428	6,853[b]	5,000	80,000	,000	,300

Во табеларните прегледи 3 и 4 прикажани се мултиваријантните разлики кај двете групи на испитаници (испитаници од високообразовните институции и испитаници од спортски организации) по извршената проценка на показателите кои го дефинираат менаџментот на знаења (креирање на знаењето и трансферот на знаење).

Дискусија

Од добиените резултати во табела бр. 1 каде се дадени основите дескриптивни показатели може да се забележи дека и кај двете групи на испитаници не е забележан поголем варијабилитет од аритметичката средина на што ни укажува стандардното отстапување (Std. Deviation). Најголеми отстапувања забележани се кај првата (*Ние го обновуваме знаењето во орг./инст*.) и четвртата (*По секоја обука, стекнатото знаење од мене се бара да го применам*) варијабла во двете групи и во третата (*По враќањето од учество на обука и усовршување, ги споделувам новите сознанија со колегите*) и петата (*За мојот личен развој обезбедувам информации од сите релевантни извори во орг./инст*) варијабла од втората група. Резултатите во табела бр. 2 ни укажуваат дека поголеми отстапувања се забележани во сите показатели од втората група (испитаници од високообразовните институции) во споредба со првата (испитаници од спортски организации) група. Забележителни отстапувањата се во четвртата (*По секоја обука, стекнатото знаење од мене се бара да го применам*) и петтата (*За мојот личен развој обезбедувам информации од сите релевантни извори во орг./инст*) варијабла. Анализирајќи ги аритметичките средини кај двата показатели (креирање на знаење и трансфер на знаење) може да се забележи дека повисоки вредности се забележани во првата група односно кај испитаниците од високообразовните институции, што упатува на констатацијата дека високообразовните институции се подобри во креирањето и трансферот на знаење во споредба со спортските организации.

Прегледот во табела бр. 3 каде се даддени резултатите од мултиваријантната анализа на варијанса (MANOVA), од извршената проценка помеѓу испитаници во високообразовните институции и испитаници од спортските организации во креирањето на знаење, укажува дека постојат сигнификантни разлики на ниво на значајност од 0.05, во целиот анализиран простор. Врз основа на дадените резултати Wilk's Lambda изнесува 0,829, што со Rao's-вата F апроксимација од 3,292 и степенот на слободата од Df1 и Df2 (5,80) дава значајност на разликите p-level = 0.009 (Sig. = .009) на целиот анализиран простор. Прегледот во табела бр. 4 каде се даддени резултатите од мултиваријантната анализа на варијанса (MANOVA), од извршената проценка помеѓу испитаници во високообразовните институции и испитаници од спортските организации во трансферот на знаење, укажува дека постојат сигнификантни разлики на ниво на значајност од 0.05, во целиот анализиран простор. Врз основа на дадените резултати Wilk's Lambda изнесува 0,700, што со Rao's-вата F апроксимација од 6,853 и степенот на слободата од Df1 и Df2 (5,80) дава значајност на разликите p-level = 0.000 (Sig. = .000) на целиот анализиран простор.

ЗАКЛУЧОК

На прашањето со какови вредности на менаџмент на знаење и како се пренесува менаџментот на знаење во високообразовните институции и спортските организации, како и дали постојат разлики во креирањето и трансферот на знаење помеѓу истите, наидовме на одредени одговори во нашето истражување.

Добиените показатели не упатуваат кон следните согледувања:

Нивото на креирање и пренесување или трансферот на знаења е на повисоко ниво кај високообразовните институции во споредба со спортските организации.
Според добиените резултати од применетата мултипла регресиона анализа постојат разлики помеѓу високообразовните спортски институции и спортските организации и во двете варијабли (креирањето и трансферот на знаења) со кои е дефиниран менаџментот на знаење во нашето истражување.

Процесот на менаџмент на знаење кој преставува една динамичка интегрална целина може да функционира само доколку во истиот, во една заедничка интеракција најдат место човечките ресурси, технологиите и процесите.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Davenport, T. I Prusak, L. (2000). Working Knowledge, *How Organizations Manage What They Know*, Harvard Business School Press, str. xv.
2) Đorđević-Bojanović, J. (2009). *Menađment znanja*. Beograd: Data status.
3) Frappaolo, C. (2006). *Knowledge Management.* Capstone Publishing Ltd. Str. 57-61.
4) Liu S.S., Luo X., Shi Y. Z. (2002). International Journal of Research in Marketing, 19, 367-382.
5) Mašić, B, Babić , L., Đorđević – Bojanović, J., Dobrijević, G. i Veselinovi , S. (2010). *Menađment, principi, koncepti i procesi*. Beograd: Univerzitet Singidunum. Str. 501.
6) Mašić, B. i Đorđević–Bojanović, J. (2009). Organizacija zasnovana na znanju. Organizacioni menađment i globalna kriza: Zbornik radova VII skup privrednika i naučnika - SPIN 09, Beograd. str. 92-99.
7) Malacko, L. i Rađo, I. (2006). *Menađment ljudskih resursa u sportu*. Univerzitet u Sarajevu-Fakultet sporta i tjelesnog odgoja. Fojnica: Svetlost. str. 20.

ИСКОРИСТЕНОСТА НА ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ирфан Фида

АД Електрани на Македонија
Подружница "РЕК Битола"
fida.irfan@gmail.com

УДК: 658.52(497.7)

АПСТРАКТ

Компаниите ширум светот се повеќе водат сметка максимално да ги користат производствените капацитети, бидејќи од процентот на искористеноста на производствените капацитети зависат и финансиските резултати од работењето на компаниите.

Македонија е сега слободен пазар, па конкуренцијата од странските производи е се поголема. Повеќе македонските компании не ке можат својата профитабилност да ја градат со високи цени на своите производи и ниски плати, туку со поголема искоритеност на производствените капацитети да ги намалат цените на своите произвиди а со тоа тие да станат поконкурентни во однос на странските увозни производи. Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули 2014 година изнесува 61.6% од нормалното искористување. Овој процент на користење на капацитетите е многу низок и е причина за високите цени на производите произведени во Македонија.

Со овој труд покрај тоа што се истражува колкав е процентот на искористување на производствените капацитети, се истражуваат влијанијата кои што доведоаа до ваквата состојба,се идентификуваат влијателните фактори и се нудат решенија за подобрување на искористеноста на капацитетите во Република Македонија.

Клучни зборови: производствени капацитети, менаџмент, трошоци, профит.

USAGE OF PRODUCTION CAPACITIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Fida Irfan

JSC “MACEDONIAN POWERPLANTS”
Branch ”HPP Bitola”, Novaci
fida.irfan@gmail.com

UDK: 658.52(497.7)

ABSTRACT

Companies worldwide take more and more into account the maximum usage of production capacities, because the financial results of the companies work is dependent on the percent of usage of production capacities.

Macedonia is now a free market, so the competition of foreign products is getting bigger. More of the Macedonian companies will not be able to build their profitability on high prices for their products and low wages, but with a larger usage of production capacities, lowering the prices of the products, and thus becoming a better competition than the foreign imported products. The average usage of the capacities of the business subjects in July 2014 was 61,6% of normal usage. This percent of usage of capacities is very low and is the reason for the high prices of the products manufactured in Macedonia.

With this thesis, besides the research of the percentage of usage of production capacities, the influences that brought to this position are also researched, the influencing factors are identified and solutions are offered for a better usage of capacities in the Republic of Macedonia.

Keywords: production capacities, management, costs, profit.

ВОВЕД

После втората светска војна во светот се случуваат огромни промени, темелни пресврти; а тоа се и можности за огромен успех. Имаше брз индустриски развој; брз развој на компјутерите и информатичките технологии, биотехнологијата; но една од најзначајните промени е револуцијата во меѓучовечките односи. Човекот во овој период разви и технологија со која ја совлада земјината гравитација и отиде на месечината. Електрониката и информатиката толку многу се развија што денес постојат тотално автоматизирани производни линии и цели производствени погони.

Компаниите ширум светот се повеќе водат сметка максимално да ги користат производствените капацитети, бидејќи од процентот на искористеноста на производствените капацитети зависат и финансиските резултати од работењето на компаниите.

Македонија е сега слободен пазар, па конкуренцијата од странските производи е се поголема. Повеќе македонските компании не ке можат својата профитабилност да ја градат со високи цени на своите производи и ниски плати, туку со поголема искоритеност на производствените капацитети да ги намалат цените на своите произвиди а со тоа тие да станат поконкурентни во однос на странските увозни производи. Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули 2014 година изнесува 61.6% од нормалното искористување. Овој процент на користење на капацитетите е многу низок и е причина за високите цени на производите произведени во Македонија.

Со овој труд покрај тоа што се истражува колкав е процентот на искористување на производствените капацитети, се истражуваат влијанијата кои што доведоа до ваквата состојба,се идентификуваат влијателните фактори и се нудат решенија за подобрување на искористеноста на капацитетите во Република Македонија.

Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој труд е: Искористеноста на производствените капацитети во Република Македонија.

Објект на истражување

Објект на истражување со овој труд се деловните субјекти на територијата во Република Македонија.

Според законнот за трговски друштва деловните субјекти според бројот на вработени поделени се во четири групи:

1) Микро – од 1 до 10 вработени
2) Мали – од 10 до 50 вработени
3) Средни – од 50 до 250 вработени
4) Големи - над 250 вработени

Во ова истражување подеднакво се опфатени сите деловни субјекти.

Субјекти во истражувањето

Субјекти во истражувањето на овој труд се: работници и менаџери во деловните субјекти на територијата во Република Македонија.

Цели на истражувањето

Основна цел на ова истражување е да се да се зголеми конкурентноста на малите и средните претпријатија во Република Македонија,преку зголемување на искористеноста на производствените капацитети. Тоа ќе се постигни со намалување на трошоците по единица производ а со тоа ќе створат услови за намалување на цените на производите.

Индиректно со зголемување на конкурентноста, значително ќе се зголеми и профитот на овие компании.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувачкиот дизајн се состои ид следните фази:

1) Проценка на сегашната состојба
2) Собирање на информации
3) Идентификување на влијателните фактори
4) Рангирање на факторите

Проценка на сегашната состојба со иновативноста

Според податоците на Државниот завод за статистика, индексот на индустриското производство во јули2014 година во однос на јули 2013 година изнесува 105.9.

Гледано по сектори, индустриското производство во секторот Рударство и вадење на каменво јули 2014 година, во однос на јули 2013 година, бележи опаѓање од 12.0%, во секторот Преработувачка индустријабележи пораст од 10.4%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизацијаопаѓање од 7.6%.

Според главните индустриски групи, производството во јули 2014 година, во однос на јули 2013 година, бележи пораст кај Интермедијарни производи, освен енергијаза 5.5%, Капитални производиза 47.6% и Нетрајни производи за широка потрошувачказа

5.2%, додека опаѓање бележи кај Енергија за 8.8% и Трајни производи за широка потрошувачказа 9.2%.

Процентуалната искористеност на производствениот капацитет е однос помеѓу оствареното производство и очекуваното номинално производство помножено со 100.

Просечната искористеност на производствените капацитети на деловните субјекти е прикажана во: Графикон 1. Просечна искористеност на капацитетите

Графикон 1. Просечна искористеност на капацитетите

Собирање на информации

Податоци и информации за ова истражување се прибирани на повеќе начини: податоци од државен завод за статистика на Република Македонија, периодични и завршни финансиски извештаи од деловните субјекти, интервјуа со работници и менаџери и спроведениот мониторинг.

Идентификување на влијателните фактори

За идентификување на влијателните фактори изработен е полуструктуиран прашалник од 25 прашања (Прилог 1) поделени во четири дела:

1) Оперативно менаџирање
2) Амортизацијата на основните средства
3) Компетенции на вработените
4) Пазарот на трудот

Овој прашалник беше дистрибуиран во деловните субјекти во Република Македонија.

Рангирање на факторите

Податоците од влијателните фактори се селектирани, групирани и обработени. За секој критериум од влијателните фактори поставени се тежински односи, и врз основа на собраните резултати од тежинските односи извршено е рангирање на влијателните фактори. Резултатите од истражувањето се прикажани во: Графикон 2. Резултати од истражувањето.

Графикон 1. Резултати од истражувањето

Оперативно менаџирање со капацитетите. Резултатите од истражувањето утврдија дека особено влијание имаат следните елементи:

Недостаток од концептуални менаџерски вештини кај оперативните менаџери
Недоволна контрола на трошоците, не се води правилна евиденција на трошоците и не се реагира навремено
Недоволна контрола за квалитетот на производите, немање на современ систем за контрола на квалитет и слаба застапеност на имплентација на TQM – *Total Quality Management*

Амортизацијата. Просечната амортизација на основните средства изнесува 68%. Резултатите од истражувањето утврдија дека особено влијание имаат следните елементи:

Увозот на половни основни средства со висока амортизациона стапка
Ненавремена замена и/или модернизација на основните средства

Компетенции на вработените. Особено влијание имаат следните елементи:

Недоволно се издвојуваат финансиски средства за обуки на вработените
Немање на правилник за воведување во работата на нови работници
Не е воспоставен систем на доживотно учење

Недостаток од квалификувана работна сила. Спроведеното истражување покажа дека во Република Македонија има недостаток на работна сила за следните струки:

Заварувачи
Металски работници
Специјалисти за високи технологии

ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈА СО ПРЕПОРАКИ

Деловните субјекти во Република Македонија многу ретко прават микроекономски анализи. Микроекономските анализи можат значително да допринесат за најекономично и максимално искористување на производствените капацитети.

Пример: Микроекономска анализа на јагленов систем со номинален капацитет од 1400 T/h.

Анализа на сегашната состојба на однесувањето на просечниот вкупен трошок и маргиналниот трошок во зависност од производството T/h, и цената за произведен еден тон јаглен во евра EU, прикажано на Графикон 3. Цената за произведен 1T јаглен во функција од ATC, MC и од производството. Од овој графикон можи да се види дека цената на чинење на еден тон произведен јаглен при работа со капацитет од 1000 T/h е 35 евра ова цена опаѓа се до работа со капацитет од 1400 T/h, а потоа повторно се зголемува. Од графиконот јасно се гледа дека најниска цена од 15 EU/T, се постигнува кога работиме со номиналниот капацитет (100% искористеност на капацитетот).



Графикон 3. Цената за произведен 1T јаглен во функција од ATC, MC и од производството

ПРЕПОРАКИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

Министерството за економија: Да воведе повисоки царински и даночни стапки за увоз на половни основни средства.
Министерството за економија: Да воведе пониски царински и даночни стапки за увоз на нови основни средства

Министерството за образование и наука: Образовниот систем да продуцира кадри соодветни на потребите на пазарот на трудот.

ПРЕПОРАКИ ДО МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА:

Целосна евиденција на трошоците и нивно намалување
Да не се набавуваат половни амортизирани основни средства, а на постојните навремено да се врши ремонт и модернизација
Воведување на TQM – Total Quality Management
Издвојување повеќе финансиски средства за обуки на вработените
Да се воспостави систем на доживотно учење

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Државен завод за статистика на Република Македонија: Број/No: 6.1.14.68
2) Државен завод за статистика на Република Македонија: Број/No: 6.1.14.22
3) EC (2010a), "EUROPE 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth" , COM(2010) 2020, European Commission, Brussels.
4) EC (2010b), "EUROPE 2020: Flagship Initiative: Innovation Union" , COM (2010) 546, European Commission, Brussels
5) EC (2010c), "Regional Policy contributing to smart growth in Europe 2020" , COM(2010) 553, European Commission, Brussels
6) Foray, D., David, P.A. and Hall, B. (2009), "Smart Specialisation – The Concept" , Knowledge Economists Policy Brief n°9, June 2009. Available at:
7) Ministry of Economy (2009), "Industrial Policy of the Republic of Macedonia 2009-2020" , Ministry of Economy, Skopje
8) OECD/Eurostat (2005), Oslo Manual: Guidelines for Collecting and Interpreting Innovation Data, Third Edition. A joint publication of OECD and Eurostat, OECD, Paris.
9) Kostic S.: *Psihologija rada*. Psihologija rada, Naucna knjiga. Beograd, 1986.
10) 2. Ѓорѓиоски, Б. (1998), *Менаџмент на информациони системи*, Скопје, Економски факултет

МЕНАЏИРАЊЕ НА ПРОСТОР, ВРЕМЕ И КУЛТУРА ВО ВИРТУЕЛНИОТ БИЗНИС

Алмира Цури Мемети

Државен Универзитет во Тетово
almira.curri@yahoo.com

УДК: 005.71-021.131
005.21:005.71-021.131

АПСТРАКТ

Според Ван Бинсберген: „глобализацијата не е отсуство или распад на актуелните граници, туку ... отворање нови простории и нови времиња во рамките на новите граници кои досега беа незамисливи“.

Глобализацијата како услов на социјалниот свет денес решава околу соработката меѓу неограничениот проток ширум светот, и селективното кадрирање на таквиот проток во локален контекст. Таквото кадрирање го организира не само протокот (на луѓе, идеи или објекти) и личното искуство, туку исто така и луѓето вклучени во него.

Јасно, виртуелните тимови не се ефикасни само поради технологијата или како резултат на организационите барања за проширување на нивните граници, туку повеќе поради фактот дека индивидуите се во можност да веруваат, и ова придонесува за одлична соработка во овие електронски и нетрадиционални опкружувања.

Просторот, времето и културата се трите клучни варијабли кои влијаат врз виртуелните тимови. Во следниот дел објаснуваме зошто овие три варијабли се толку важни и сугерираме неколку чекори кои може да се преземат во насока на предизвиците кои доаѓаат поради отсуството на заеднички канцеларии и заеднички работни часови.

Клучни зборови: простор, време, култура, технологија, глобализација.

MANAGING SPACE, TIME AND CULTURE IN VIRTUAL BUSINESS

Almira Curri Memeti

State University of Tetova
almira.curri@yahoo.com

UDK: 005.71-021.131
005.21:005.71-021.131

ABSTRACT

By van Binsbergen: "globalization is not about absence or dissolution of boundaries, but about ... the opening up of new spaces and new times within new boundaries that were hitherto inconceivable".

Globalization as a condition of the social world today revolves around the interplay between unbounded world-wide flow, and the selective framing of such flow within localizing contexts; such framing organizes not only flow (of people, ideas and objects) and individual experience, but also the people involved in them.

Clearly, virtual teams are neither effective only because of technology nor as a result of organizations wanting to extend their boundaries, but also and most importantly because individuals are able to trust, and thus interact and work together in these electronic and nontraditional environments.

Space, time and culture are three key variables affecting virtual teams. In this paper we explain why these variables are so important and suggest some steps you can take to address the challenges that come from a lack of shared offices and common working hours.

Keywords: space, time, culture, technology, globalization.

ВОВЕД

Со сите современи економски феномени кои почнаа да нè опкружуваат кон крајот на 20. век, појавата на уште една нова економска револуција помина речиси незабележено. Промените во начинот на работење, првенствено предизвикани од развојот и примената на новите технологии, од унапредувањето на производните и транспортните па се до масовната употреба на информатичките и комуникациските технологии, поттикнаа и транзиција (виртуелизација) на светската економија во нова, виртуелна економија.[200]

На појавата и развојот на виртуелната економија влијаеја сите бизнис концепти кои се појавија кон крајот на 20. и почетокот на 21. век. Виртуелната економија е цврсто поврзана со глобализацијата и вмрежувањето во економијата. Притоа, посебен акцент се става врз знаењето, па може да се смета дека виртуелната економија претставува продолжение на трендот на економијата базирана на знаењето, популарна во истиот временски интервал. Исто како и во случајот со економијата базирана на знаењето пред десетина години, и виртуелната економија денес го дели истото мислење за неопходноста за создавање на општество базирано на знаење. Општо, може да се рече дека е донесен единствен консензус околу тоа дека знаењето денес е најважниот економски ресурс, додека работниците богати со знаење се најбараниот ресурс на пазарот

Развојот на науката и технологијата особено е значаен за развојот на виртуелниот бизнис. Во новата, виртуелна економија, доминантните производни ресурси сѐ помалку имаат физички карактер, стануваат сѐ помали и полесни, но со сѐ повеќе вложено, „материјализирано“, знаење. Богатството денес е продукт на знаењето и информациите, кои станаа примарни суровини на оваа нова економија, но и нејзини главни производи.

Развојот на технологијата тесно е поврзан со развојот на науката, односно науката е извор на технологијата.

Во услови на глобализацијата, широката примена на информатичката и комуникациската технологија, напредокот во транспортната технологија, овозможија промена во изборот на локацијата за производство. Трендовите на намалени транспортни трошоци и развиеноста на транспортните состави имаат големо влијание врз порастот на конкурентноста на одделни индустриски локалитети, но и врз целата национална економија. Исчезнува традиционалното размислување околу потребата од физичката близина или малата оддалеченост меѓу производните фактори, додека локацијата како одредница на производството дефинитивно губи од

[200] До 1990-тите зборот виртуелно не се употребувал често. Зборот виртуелно има ист латински корен како и virtue, што значи моќ, добрина, вредност. Новото значење на зборот виртуелно означува нешто што е привидно; што не може да се допре ниту да се види, а сепак во реалноста постои и делува „речиси како“ вистинско. Значи, говориме за виртуелна – привидна реалност.

своето значење. Намалувањето на транспортните и информациските трошоци натаму води кон сè поголема транспарентност и унификација на сите гранки на економската активност во светот. Виртуелните тимови ретко ги имаат предностите од делењето простор, време и култура, значи треба да бидат способни да се натпреваруваат со тимови кои ги поседуваат тие предности.

Како што сè помало внимание се посветува на релативните транспортни трошоци, доаѓаат до израз другите фактори кои влијаат на избирањето на локацијата, како што е достапноста на специјализираните знаења и вештини, без влијание на физичката близина. Специјализираните „работници на знаењето“ (Knowledge workers) и нивните вештини го претставуваат тој критичен ресурс кој успешните претпријатија денес ги разликува од неуспешните.

Како одговор на брзите и непредвидливи пазарни промени, компаниите го ограничуваат своето работење на виталните стратешки подрачја и клучните активности, во кои остваруваат најдобри пазарни резултати или остваруваат конкурентска предност. Ваквата виртуелизација на бизнисот се појавува како резултат на порастот на брзината на бизнисот, како и на зголемените барања за квалитет на производот и услугите преку што пониски цени. Со широката примена на информатичката и комуникациската технологија, развојот на нови динамични организациски структури на бизнисот, се отвораат вратите на виртуелизацијата на бизнисот која овозможува натамошна специјализација, зголемување на флексибилноста, учество во активностите и проектите кои ги надминуваат можностите на индивидуалните компании.

ПРЕГЛЕД НА СТУДИИ

Современите компании денес сè почесто го заменуваат нивното физичко присуство со „виртуелното“, што им помага при совладувањето на пречките како што се географската оддалеченост и временските зони. Во виртуелната економија, поимот оддалеченост има повеќекратно значење; оддалеченоста се смета како раздвоеност во време, физичка одвоеност на два партнери во простор, како и емоционална сепарација (Лојески и Рајли, 2008). Нагласувајќи дека оддалеченоста претставува комплексен проблем на сите овие три облици, авторите го воведуваат поимот „виртуелна оддалеченост“, кој се однесува на бизнисот на луѓето преку комуникациската технологија.

Виртуелизацијата овозможува користење на интелектуалните ресурси дисперзирани ширум светот. Последица на виртуелизацијата е настанокот на виртуелните пазари, виртуелните берзи, виртуелните организации и компании, виртуелните банки, виртуелните менаџери и работници, како и на другите нови деловни субјекти кои егзистираат преку примена на информатичката и комуникациската технологија. Виртуелизацијата на бизнисот носи коренити промени кои најдобро се манифестираат преку три димензии на работењето: а) простор, б) време и в) структура (Скурме, 1998).

а) Простор: Виртуелизацијата овозможува диспезирање на деловните активности надвор од границите на компанијата, на локации каде за тие активности постојат најдобри услови (аутсорсинг). Развојот на информатичката и комуникациската технологија, и посебно појавата на Интернетот, овозможија непречено раздвојување на деловните операции кои до неодамна се одвиваа една до друга, но и на вработените кои работеле заедно. Од друга страна, виртуелизацијата овозможува и поврзување на различните деловни активности кои порано биле раздвоени, како и вмрежување и кластеризација на компатибилните компании и претприемачи. Виртуелизацијата, забележена низ димензијата на просторот, овозможува и појава на нови начини на работа и бизнис, како што се telework (работа од далечина) и тимска работа.

б) Време: Временската димензија на виртуелизацијата им овозможува на компаниите и претприемачите вршење на нивните операции низ различни временски зони. Примери за ова се инженерските или софтверските компании, во кои стручњаците преку информатичката и комуникациската технологија работат непрекинато 24 часа на ден, било каде во светот. Освен тоа, виртуелизацијата на бизнисот исто така овозможува економична употреба на димензијата време низ зголемена флексибилност во текот на работното време.

в) Структура: Виртуелизацијата на бизнисот им овозможи на компаниите изградба на флексибилни нехиерархиски организациски структури, кои се засноваат на мрежи на меѓусебно поврзани компании, на нивните поедини единици, луѓе и/или поедини комплементарни надлежности, со цел изведување на специфични деловни задачи. На тој начин, вработените можат да работат во привремени виртуелни тимови или цели новоформирани виртуелни организации кои постојат и траат само толку колку што за нив постои потреба, и после тоа можат многу брзо да се расформираат или реформираат за задоволување на некои други потреби и пазарни прилики.

Зошто овие три варијабли: простор, време и култура, се толку важни? Членовите на тимот кои се лоцирани на исто место (делат простор), кои работат во ист распоред (делат време) и знаат како да работат заедно (делат култура), имаат значајна предност над виртуелните тимови. Во оваа насока, на пример, постојат неколку пречки за формалната и неформалната комуникација кои се важни за соработката.

Членовите на тимот можат брзо и непосредно да делат статусни проекти, идеи, грижи и прашања; тие си помагаат меѓусебно во разбирањето на нивните работни задачи, решавањето на проблемите, и донесувањето заеднички одлуки. Формално, тие може да се најдат низ ходниците, да се видат за време на пауза, или да се среќаваат на ручеци или во паркинг просторот. Оваа интеракција помага не само за социјализација на членовите на тимот (луѓето ќе работат и комуницираат поефикасно со луѓе кои ги познаваат, отколку со непознати), туку обезбедува и бројни можности за координација и соработка. Културата што ја делат им помага што да прават кога се наоѓаат во проблем, имаат конфликт или имаат потреба за координирање на различни задачи. Виртуелните тимови ретко ги имаат овие предности од делењето простор, време и култура, иако треба да бидат способни да се натпреваруваат со тимови кои ги поседуваат тие предности.

Простор – Време

Очигледно, овие три варијабли се силно поврзани, и повеќето виртуелни тимови се погодени од сите три. Физичарите тврдат, на пример, дека просторот и времето всушност се дел од ист континиум. Ова е лесно да се види ако замислите широко дисперзиран тим. Ако луѓето се лоцирани во неколку, тогаш автоматски тие се наоѓаат во различни временски зони. Според тоа, може да се тврди дека сè додека виртуелните тимови се загрижени, простор – време е една променлива наместо две.

Култура

Културата исто така е погодена од простор – време. Колку повеќе тимот е распределен во време и простор, толку повеќе вработените ќе имаат расцепкана, поделена култура. Очигледно, тимовите дисперзирани во неколку земји се соочуваат со предизвици предизвикани од географски културни разлики.

Јужноамериканците на проект може да ги гледаат временските рокови како приближни, додека Германците ги сметаат како мошне прецизни, иако и двете поминуваат низ иста дискусија, на ист јазик и во исто време. Азијатите може да се насмеат и да климаат со глава кога ќе бидат прашани да се согласат за нешто за кое знаат дека подоцна нема да го поддржат, бидејќи неучтивоста од јасно несогласување е културно неиздржлива. Ова однесување ги збунува нивните американски колеги, кои претпоставуваат дека климањето со глава и насмевката значат согласност.

За додавање на поголема комплексност на овој културен проблем, американскиот професор Едгар Шајн, чии истражувања се фокусирани на организационата култура, ја дефинира културата како нешто кое спаѓа во категорија на „научено однесување за тоа како да се работи заеднички“ (Edgar Schein, *Organizational Culture and Leadership*, 2nd ed., Jossey – Bass, 1997). Оваа дефиниција соодветно допушта многу работи, покрај географијата, кои влијаат врз културата на тимот, вклучувајќи организациони практики, образовна подлога, и поранешни и сегашни менаџерски стилови. Празнините во овие сфери може да креираат голема доза на растојание.

ЕМПИРИСКА АНАЛИЗА

Анкетата е реализирана со репрезентативен примерок од 30 компании.

Изборот на моделот е случаен и нормата на одговори на прашалниците е 100%, додека вклучуваат 30 опсервации на средни и големи компании во Македонија. Анкетата е реализирана писмено и на директен начин. Прашалникот опфаќа неколку прашања во врска со општите предизвици кои влијаат врз виртуелниот бизнис, каде како клучни ги нагласуваме трите спомнати варијабли низ трудот простор, време и култура.

Пред да ја искажам корелацијата меѓу главните карактеристики на добриот виртуелен колега за успешен тим без разлика на физичката оддалеченост, ќе го претставам статистичкиот коментар на добиените резултати од реализираното истражување.

Врз основа на извршената анализа дојдов до следните резултати:

Прво прашање: *Разлики меѓу виртуелните и тимовите засновани на контакти лице в лице?*

Разлики меѓу виртуелните и тимовите со контакт	Процентуална застапеност	Значителна разлика	Мала разлика	Нема разлика
Менаџирање конфликти	73%	73%	17%	10%
Донесување одлуки	69%	69%	4%	27%
Изразување на мислења	64%	64%	7%	29%
Доставување на квалитетен аутпут	48%	48%	5%	47%
Генерирање на креативни идеи	47%	47%	14%	39%



Виртуелните тимови најмногу се разликуваат од лице в лице тимовите во три области: менаџирање конфликти (73%), донесување одлуки (69%) и изразување на мислења (64%). Анкетираните ги посочија сите овие три области како најпредизвикувачки за виртуелните тимови, и тешкотијата за изразување на мислења под овие околности посебно е карактеристика на индиректните култури. Во отсуство на способноста за изразување на мислења или менаџирање конфликти меѓу членовите, не е изненадувачки фактот дека виртуелните тимови го сметаат предизвикувачки процесот на донесување одлуки.

Анкетираните исто така посочија дека испораката на квалитативен аутпут и генерирањето иновативни идеи се повеќе предизвикувачки во виртуелниот амбиент отколку лице в лице. Овие предизвици не би биле изненадувачки доколку виртуелните тимови не би соочиле со јазични пречки, различни временски зони и различни култури, во нивните редовни работни активности. Овие пречки се зголемуваат од отсуството на визуелна и опиплива интеракција. И покрај ова, задоволувачки е фактот дека истражувањето покажува дека евентуалниот аутпут на успешните интеркултурни виртуелни тимови е поиновативен и со поголем квалитет. Како и да е, оваа придобивка не доаѓа лесно, и ја рефлектира потребата за набљудување на правилата за почитувана интеракција меѓу членовите на виртуелните тимови.

2. Општи предизвици со кои се соочуваат виртуелните тимови?

Општи предизвици со кои се соочуваат виртуелните тимови	Процентуална застапеност	5	4	3	2	1
Временски зони	81%	15%	27%	39%	12%	7%
Јазик	64%	7%	17%	40%	30%	6%
Празници, локални закони, царина	59%	4%	14%	41%	37%	4%
Технологија	43%	2%	13%	28%	52%	5%



Временските зони го претставуваат најголемиот општ предизвик за виртуелните тимови. После нив следуваат јазикот; празниците, локалните закони и царината; и конечно технологијата. Интересен е фактот дека технологијата претставува само мал предизвик за виртуелните тимови, посебно споредувајќи ја со другите предизвици. Како и да е, временските зони ги посочија 81% од анкетираните кои ги сметаат како многу предизвикувачки (15%), предизвикувачки (27%) или делумно предизвикувачки (39%). Од друга страна, 64% го посочиле јазикот како предизвик. Конечно, 59% од анкетираните имаат предизвици со празниците, локалните закони и царината.

Предизвиците адресирани во овој сектор на истражувањето се тешки за менаџирање со нешто друго освен со компромис. На пример, добра идеја е подеднаквото дистрибуирање на искушенија за закажување средби во глобален час, со што прашањето на временска зона не би претставувало проблем за ниту една култура. Успешните глобални тимови исто така распоредуваат празнични графикони однапред за секого, и ги адресираат јазичните потешкотии преку телефонски разговори со пишана комуникација.

3. Други виртуелни предизвици со кои се соочуваат виртуелните компании?

Други виртуелни предизвици со кои се соочуваат виртуелните тимови	Процентуална застапеност	5	4	3	2	1
Неспособност за читање на невербалните знаци	94%	32%	36%	26%	6%	0%
Отсуство на колегијалност	85%	13%	30%	42%	15%	1%
Тешкотии за градење на однос и доверба	81%	13%	29%	39%	18%	1%
Тешкотии за гледање на целата слика	77%	7%	30%	40%	22%	1%
Потпирање на е-маил и телефон	68%	8%	25%	35%	31%	1%
Чувство на изолација	66%	7%	17%	42%	27%	7%



Анкетираните посочуваат дека најголемиот виртуелен предизвик со кој се соочиле била неспособноста за читање на невербалните знаци. После ова следувало отсуството на колегијалност, тешкотиите за воспоставување на однос и градење на доверба, тешкотијата за гледање на целиот мозаик, зависноста од е-маил и телефон, и чувството на изолација. Не изненадувачки, нашата студија посочува дека неможноста за читање на говорот на тело (кој според некои истражувања претставува 70% од пораката) го претставува најголемиот предизвик со кој се соочуваат виртуелните тимови. Во оваа анкета, неможноста за читање на невербалните знаци е предизвик од различен степен до 94% од сите членови на тимот.

Отсуството на колегијалност (85%) и тешкотијата за воспоставување однос и доверба (81%) исто така придонесуваат за помалата продуктивност на тимските членови. Земени заедно, овие наоди околу виртуелните предизвици се индикатор за важноста за виртуелните тимови од формирањето јасно дефинирана структура, процедури и процеси.

Произлегува дека кога и да е можно, за виртуелните тимови би биле корисни периодичните лице в лице средби, но дури и кога таквите средби се дел од тимската структура, сеуште е важно за тим лидерите да се свесни за ваквите предизвици и да остават време за градење на однос и колегијалност, кои имаат извонредно значење за довербата во тимот. Исто така, постојат неколку начини на манифестирање отсуство на доверба. Може да биде отсуство на доверба во сфаќањето на надлежностите на членовите од тимот, или отсуство на доверба во нивната посветеност и обврските кон тимот. И двата аспекти се често вкоренети во културните однесувања и може да бидат адресирани ефективно со правилно структурирање на комуникациите и со поставување на разумно време за дијалог.

4. Колку често еден виртуелен тим треба да се среќава лично?

Колку често еден виртуелен тим се среќава лично	Процентуална застапеност	5	4	3	2	1
Никогаш	5%	2%	2%	1%	0%	0%
Еднаш годишно	9%	3%	2%	3%	0%	1%
Два пати годишно	10%	5%	5%	0%	0%	0%
Три пати годишно	46%	32%	10%	4%	0%	0%

Повеќе од три пати годишно	30%	25%	5%	0%	0%	0%



Реткоста на средбите меѓу членовите на виртуелните тимови ја подвлекува нивната „виртуелна“ природа. 5% од анкетираните никогаш не го сретнале другиот член на виртуелниот тим, и 9% се среќаваат само еднаш годишно. 86% од анкетираните се среќавале два или повеќе пати во текот на годината. Сите анкетирани ја изразиле желбата за повеќе средби лице в лице меѓу членовите на виртуелните тимови.

5. Предизвици со кои се соочувате при средбите на виртуелните тимови, доколку веќе постојат?

Предизвици со кои се соочувате при средбите на виртуелните тимови	Процентуална застапеност	5	4	3	2	1
Недоволно време за градење на доверба	90%	14%	37%	39%	10%	0%
Брзина на носење одлука	80%	9%	30%	41%	20%	0%
Различни лидерски стилови	77%	10%	25%	42%	22%	1%
Метода на носење одлука	76%	8%	29%	39%	23%	1%

Колеги кои отсуствуваат	75%	10%	27%	38%	23%	2%
Способност за преземање иницијатива	65%	4%	24%	37%	34%	1%
Задоцнување на средбата или прерано напуштање	63%	5%	18%	40%	33%	4%
Усогласување на целите	65%	4%	20%	41%	34%	1%
Потреба за слушање на повеќе мислења	62%	3%	20%	39%	37%	1%
Квалитет на изведба	60%	3%	17%	40%	39%	1%
Почитување на агендата	48%	3%	12%	33%	50%	2%

Меѓу најголемите предизвици со кои се соочиле при средбите на виртуелните тимови, анкетираните го посочиле недоволното време за градење на односи (90% имале некаков степен на предизвик), брзината на донесувањето одлука (80%), различните стилови на лидерство (77%), методот на донесување одлука (76%), и колегите кои не учествувале во процесот (75%).

Додека останатите предизвици за средби на тимовите се посочени како помалку предизвикувачки од анкетираните, помеѓу 60 и 65% од нив имале некаков степен на предизвик со сите пречки идентификувани во анкетата, со исклучок на запазувањето на агендите, кои биле предизвикувачки за 48% од анкетираните.

Од овие одговори, јасно е дека виртуелните тимови имаат потреба од структура и дефинирани процеси, кои би влијаеле и врз ефективноста на работата.

КОРЕЛАЦИОНА АНАЛИЗА НА ЗАВИСНА И НЕЗАВИСНА ПРОМЕНЛИВА

Независни варијабли на истражувањето

Најзначајните независни варијабли на истражувањето за добар виртуелен колега односно влијанијата врз степенот на подобрување на тимот без разлика на физичката одалеченост се:

волјата за споделување информации, следена од проактивната ангажираност, соработката, организираноста, поседувањето добри социјални вештини, обезбедувањето корисен фидбек и нудењето помош за другите колеги.

Зависни варијабли на истражувањето

Истражувањето, кое за основна цел ја има потврдата или евентуално негирањето на круцијалното прашање на овој труд, поаѓа и од соодветна зависна варијабла на истражувањето.

Појдовната зависна варијабла на ова истражување е мислењето на анкетираниот репрезентативен примерок за карактеристиките на добар виртуелен тим, за глобалните тим лидери кои треба да се добро советувани за развивање и остварување на планираните цели преку тимот при успешно менаџирање на трите клучни варијабли простор, време и култура.

Степенот на сите наведени карактеристики (волјата за споделување информации, следена од проактивната ангажираност, соработката, организираноста, поседувањето добри социјални вештини, обезбедувањето корисен фидбек и нудењето помош за другите колеги) за добар виртуелен колега како независни променливи:

	Column 1	*Column 2*	*Column 3*	*Column 4*	*Column 5*	*Column 6*	*Column 7*	*Column 8*
Column 1	1							
Column 2	0.91880	1						
Column 3	0.86199	0.80134	1					
Column 4	0.93869	0.89956	0.89916	1				
Column 5	0.89035	0.81004	0.94100	0.90240	1			
Column 6	0.89406	0.78905	0.90887	0.85284	0.95588	1		
Column 7	0.74188	0.57709	0.80186	0.66387	0.83410	0.93067	1	
Column 8	0.71641	0.58514	0.84269	0.65721	0.83529	0.93317	0.97126	1

Зависна варијабла: Добар виртуелен колега				
Независни варијабли	Коефициент	Стандардна грешка	t-Статистика	Проб.
C	1.62016	0.56259	2.87981	0.00630
Споделување информации	0.17362	0.10512	1.65168	0.10624
Проактивна ангажираност	0.87824	0.23701	3.70553	0.00062
Соработката	-0.18537	0.16685	-1.11099	0.27305
Организираноста	-1.11642	0.25522	-4.37441	0.00008
Поседувањето добри социјални вештини	1.85892	0.38315	4.85164	0.00002
Обезбедувањето на корисен фидбек	0.45367	0.12118	3.74370	0.00056
Нудењето помош на други колеги	-1.32509	0.26557	-4.98956	0.00001
R-квадрат	0.98281			
R-корегиран квадрат	0.96591			

Позитивен предзнак на коефициентот на регресија е b да е поголемо од нула, како што во нашиот пример покажува директно совпаѓање на варијациите на набљудуваната појава, односно со пораст на независната променлива растат вредностите на зависната променлива, и обратно, со опаѓање на една опаѓа друга. Негативен предзнак на коефициентот на регресија покажува инверзно совпаѓање, со пораст на едната опаѓаат вредностите на другата променлива. Доколку параметарот b е нула, тогаш моделските вредности се константни и еднакви на параметарот a. Можеме да заклучиме дека помеѓу проучуваните појави има големо совпаѓање на варијациите, односно коефициентот е 96% совпаѓање во варијациите.

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Менаџирањето на трите клучни варијабли и нивното влијание врз виртуелните тимови, е критично. Ако немате заеднички физички простор (колокација), креирајте виртуелен простор. Ако немате заеднички работни часови (синхронизирано време), креирајте виртуелно време. Ако немате силна заедничка култура за водење на однесувањето на вработените (хомогеност), тогаш креирајте виртуелна култура.

Во некои од компаниите опфатени во анкетниот прашалник, најголемата културна разлика не беше базирана на локацијата, туку на организационите практики. Аргументите беа заеднички. Ресурсите и информациите не беа распределени. Соработката беше ретка. Компаниите беа загрижени дека, освен ако јазикот (акроними, бизнис терминологија), практиките, процесите, и ставовите на стекнатите организации станат подобро усогласени со културата на организацијата која се стекнала со тоа, целата операција може да пропадне.

Културни проблеми - Најпроблематичната културна разлика меѓу членовите на тимот најчесто е причинета од нешто друго освен националноста. Разликите во образованието, организационата врска, или секое друго лично животно искуство може да го зголемат културното недоразбирање и да ја ослабат ефективната тимска работа. Менаџерите треба ова да го запаметат кога работат со тим чии членови имаат различни културни основи (дури и ако сите тие живеат во ист географски регион).

Во тим со многу географски култури, може да постојат различни проблеми околу прашањата како „Што значат одредени зборови или гестови?“; „Како да бидеме сигурни дека се разбираме меѓусебно?“ или „Како соработуваат луѓе со значајно различни сфаќања?“. Ако овие не се решаваат, тимот не може да работи на највисоко ниво. Но паметните лидери на виртуелните тимови сфаќаат дека овие прашања може да бидат проблематични доколку културните разлики произлегуваат од искуствата од личниот живот и кои се однесуваат на образованието, организационите врски, религијата, полот, сексуалната ориентација, расата, социо-економските состојби, неспособноста, военото искуство, или цела друга низа на фактори.

Некои виртуелни тимови, како што е единствено место 24 часа повикувачки центар на фабрика, имаат повеќе смени на вработени во ист тим. Нормално, луѓето не можат да бидат заедно во исто време, но сите работеле на иста локација во различно време. Ако ја имате предноста од делење на заеднички простор, искористете ја. Креирајте физички простор кој овозможува чувство на идентитет и начин на соработка. Издејствувајте место како тимска соба, каде луѓето може да се собираат и зборуваат кога имаат преклопување на распоредот. Некои организации, на пример, назначуваат одредени простории како места за собирање и контакти. Овие простории би требало да имаат табла и удобни столчиња околу масата. Тоа се простории кои ги поттикнуваат луѓето да делат идеи меѓусебно, да решаваат проблеми и да соработуваат.

Тимскиот простор пожелно е да се декорира со идентитетски графикони. На пример, овие темови често користат од постери, чартови и графикони на ѕидовите. Постирајте ги вашите цели, проектирајте времеплов, или други клучни мерки на места кои би биле видливи за сите. Некои тимови, како на пример оригиналниот Мекинтош тим на Ејпл кој ставил знаме со череп и крст над нивната зграда, креираат симбол кој се употребува за зајакнување на нивниот заеднички идентитет со луѓето кои работат во различни смени.

Повеќето од дејностите од овој вид сметаат дека треба да креираат преклопени смени во распоредот, за сместување и поттикнување на тимската комуникација. Ова е полесно во дејностите кои употребуваат осумчасовни смени, отколку во дејностите кои употребуваат дванаесет часовни смени, но ова е секогаш пожелно за креирање можност за лице в лице размена кога и да е можно. За време на преклопувањата, повеќето од организациите имаат некој вид на меѓу-смени во кои членовите на тимот кој доаѓа се информира за случувањата во последната смена. Ова време е секогаш недоволно и треба да се користи ефикасно за активностите кои најдобро се вршат лице в лице. Исто така, одлука на тимот може да биде некои од сугестиите да бидат собрани несинхронизирано на тимскиот Веб сајт, за употреба на вработените низ различни смени. Тогаш времето за средби може да се резервира за дискутирање околу добрите и лошите страни од секоја сугестија.

Некои виртуелни тимови имаат луѓе на различни локации, но сеуште имаат редовни преклопувања во дневните работни распореди. Употребете го тоа што го имате. Повеќето од овие тимови го сметаат корисно организирањето на редовни конференциски средби за време на преклопеното време, на ист начин како колоцираните тимови имаат средби на персоналот. Овие виртуелни конференции најчесто се одржуваат на неделна основа, макар што повеќето од овие видови на тимови сметаат дека кратките дневни средби се доволно корисни за координирање на задачите.

Некои виртуелни тимови се лоцирани во доволно мало географски простории, така што лице в лице средбите може да се одржат без предизвикување на значајни патнички трошоци. Добра практика е одржувањето на ваквите средби со доволна фреквенција, така што членовите на тимот може да ги искористат предностите на колоцираните тимови. За овој вид на тим, кварталните средби на централна локација не би требало да се тешки. Зголемената фреквенција е препорачлива ако членовите на тимот може да имаат корист од делењето на идеи, меѓусебното координирање, или учеството во процесот на донесување одлуки.

Треба да се запамти дека лице в лице средбите треба да се зачуваат за работи кои не се лесни за реализирање низ виртуелна интеракција. Овие се средби каде секој може да помогне или придонесе.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) The economies of virtual worlds: Lessons for the real world: Jones, Callum. Policy, Winter2009.

2) New methods regarding the organization and functionality of the business environment in the virtual economy: Paulina, Botezatu Cornelia; Cezar, Botezatu; George, Căruţaşu. Annals of the University of Oradea, Economic Science Series, 2009.
3) Internet and Interactive Websites: Cornestones of Competitive Advantage in the virtual Economy: Bulearca, Marius; Bulearca, Suzana. Global Business & Management Research, 2009.
4) Virtual World Economies: Bloomfield, Robert; Rennekamp, Kristina. Foundations & Trends in Accounting, 2008.
5) Virtual enterprises and virtual economy: manifestations and policy challenges: Lefebvre, Louis A.; Lefebvre, Elisabeth. International Journal of Technology Management, 2000.
6) Jaško, O., Stefanović, I. (2005) Virtualne organizacije kao savremeno rešenje za upravljanje projektima.
7) Stefanović, I., Ćorović, A. (2007) Specifičnosti komunikacija upravljanja projektima u virtualnim organizacijama.
8) Stefanović, I. (2006) Upravljanje troškovima u virtualnim organizacijama.
9) Davidow, B., Malone, M. Virtual corporations: Business in the new millennium (2004).
10) The Distance Manager, McGraw-Hill, (2001).
11) Haines, M., Loiacono, E., Taylor, N. The reality of virtual corporations (2005).
12) Preston, S.M. Virtual organization as process: Integrating cognitive and social structure across time and space (2006).
13) Davidow, B., Malone, M. Virtual organizations: The next economic revolution (2005).
14) Davidow, W.H., and Malone, M.S. (1992), The Virtual Corporation: Structuring and revitalizing the corporation for the 21rst century, New York NY: Harper Collins.
15) Handy, C. (1995), "Trust and the virtual organization," Harvard Business Review".
16) Modern Organization in Virtual Communities, Jerzy Kisielnicki, (2002).
17) Managing in the new economy, Joan Magretta – (1999).
18) Managing performance from a distance,The Fisher Gro

ИСКОРИСТУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИСКОТО ЗНАЕЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ВРЕДНОСТ

Нина Бајрактарова
студент на Економски факултет, Љубљана
МБА Билјана Бајрактарова
СОУ „Димитар Влахов“ Струмица
b.bajraktarova@yahoo.com

УДК: 005.94

АПСТРАКТ

Во многу организации недоволната грижа и недоволната организација на знаењето кое се поседува доведуваат до непосакувани ситуации, тогаш кога поседуваното знаење не може да се стави во функција на постигнување на одреден ефект, не се знае дека се поседува или до истото не може да се дојде. Идентификувањето и анализата на достапното и потребното знаење, создавањето на капитал на знаење и неговото искористување во понатамошниот процес на планирање, реализација и контрола на активностите се клучни за остварување на организациските цели. Колку повеќе работиме на искористување на организациското знаење, толку повеќе ја зголемуваме и организациската вредност на компанијата.

Клучни зборови: знаење, грижа, организациска вредност.

THE USAGE OF ORGANIZATIONAL KNOWLEDGE AND THE INCREASING OF ORGANIZATIONAL VALUE

Nina Bajraktarova
student at Faculty of Economics, Ljubljana
MBA Biljana Bajraktarova
SOU “ Dimitar Vlahov” Strumica
b.bajraktarova@yahoo.com

UDK: 005.94

ABSTRACT

In many organizations the lack of care and the lack of knowledge are the leading causes to undesirable situations, when possessed knowledge

cannot be put into operation in order to achieve a certain goal, or when it is not known whether is possessed or not. The identification and analysis of the available and required knowledge, creation of knowledge capital and its usage in the further process of planning, implementation and control activities are the keys to achieving organizational goals. The more we work on the usage of organizational knowledge the more we are enhancing the organizational value of the company.

Keywords: knowledge, care, organizational values.

ВОВЕД

Факт е дека организациите што учат се организации каде што луѓето континуирано го надоградуваат својат капацитет, секој индивидуално но и сите заедно се со цел да ги постигнат саканите резултати. За постигање на саканите резултати луѓето постојано учат како да учат заедно а со тоа и успехот ќе биде неизбежен. Петер Сенге наведува дека градењето на организација која учи е предмет на менаџерски развој во повеќе дисциплини:

Систематско мислење - е најважниот елемент кој пордазбира дека сите вработени во организацијата да разберат како работи организацијата. Секој индивидуалец да се вклопува во работењето на организацијата и да делување на начин кој делува организацијата во целина.

Лично мајсторство - подразбира одговорност од сите вработени, познавање на работата што ја работи секој индивидуалец како и целокупниот процес на работење.

Ментални модели – подразбира испитување на тековните начини на мислење на секој поединец како и разоткривање на претпоставките.

Споделена визија – секоја поединец да ја знае заедничката визија на организацијата големата слика, и со својата визија да се вклопи во заедничката визија, со својот план и постапки да тежнее да се оствари заедничката слика на организацијата.

Тимско работење – кога сите претходни дисциплини ќе се почитуваат и остваруваат, луѓето ќе се склони за групен успех, да работат колективно и да се извршуваат сите задачи кои водаат кон постигнување на зедничката цел а тоа е постигање на организациска предност на претпријатието.

Организацијата која учи и располага со организациско знаење, го негува организациското знаење е ангажирана во идентификување и решавање на проблемот.Основната идеја е решавањето на проблемот наспроти традиционалната организација која е насочена кон ефикасноста. Во организацијата која учи, го споделува и негува знаењето сите вработени мораат да бараат заедничко решение на проблемот, со што би се задоволиле потребите на купувачите, фокусирајќи се на квалитетот и задоволувањето на потребите на купувачите. Организациите кои го негуваат знаењето изнаоѓаат нови патишта за делување, секогаш превземаат акција кон нови промени, промените носаат проблеми кои треба да се решаат. За решавање на проблемите не се оди со рутинско дејствување туку во организациите се искористува органзациското учење, се експериментира се врши самодијагноза и сами иницираат промени и ги решаваат проблемите наспроти рутинското делување или наспроти организациите кои не учат кои пробуват да ги имитираат конкурентите или ги следат советите на консултантите.

ПРОБЛЕМ

Рутинското работење во организациите не води кон успешно работење и постигање на организациска предност. Секоја организација би требала да го негува организациското знаење. Бидејќи организациите не го негуваат пренесувањето на знаењето меѓу вработените, ниту го развиваат знаењето а уште помалку го складираат настанува вистински проблем во искористување на организациското знаење а со тоа и напредок на самата организација. Проблемот всушност се јавува во организациите кои го негуваат традиционалниот начин на работа при што фокусот на своето работење го ставаат на материјалните добра и при тоа занемарувајќи го знаењето, знаењето на поединците а уште повеќе организациското знаење.

Тргнувајќи од тука направивме истражување во фирми кои успешно напредуваат во своето работење во последните пет години, и фирми кои во последните пет години или стагнираат во своето работење или имаат назадна линија на работењето.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето го направивме врз основа на прашалник спрашања поврзани со тоа со каков капитал на знаења располага организацијата, како се создадени нови знаења и истите дали се складираат, дали знаењата се пренесуваат помеѓу себе во хоризонталниот домен на работење а и во вертикална линија помеѓу претпоставените и извршителите. Важно е да се дознае како се менаџира и како се прави корисен капиталот од знаења за да се добие максимален позитивен ефект. Потребно е да се знае како да се поттикнат вработените да го применуваат достапното знаење и истото да претставува основа за сопствен развој и развој на организацијата. Во истражувањето беа опфатени и раководители во фирмата, раководители на сектори, работници.

Според истражувањеата што се направени и анализата на одговорите од анкетниот прашалник добивме податоци дека во нашите фирми многу малку се води сметка за оргазизациското знаење.

Анкетинот прашалник се состои од прашања кои опфатија поврзување на споделувањето на знаењето, стекнување на знаење и складирањето на знаењето. Анкетираните беа замолени да бидат што е можно пообјективни со што би се добиле пообјективни резултати а кои ќе ни овозможат да добиеме валидни показатели при обработка на податоците.

На прашањата „ Дали во фирмата има развиено систем на пренос на занаења“, поголем дел од вработените се искажале дека фирмата располага со знаење но изостанува преносот на знењето меѓу вработените.

Дали фирмата има развиено систем на пренос на знаење





Дали искуството го споделуваме со другите вработени – повеќето одговориле секогаш но не доволно за да кажеме дека имаме пренос на знаење. При анализата се утврди дека секој го негува индивидуалното занење во однос на организациското.

Индивидуално знаење



Организациско знаење



ЗАКЛУЧОК

Се препорачува на менаџерските тимови од двете фирми да се работи повеќе на мотивирањето на вработените со цел што повеќе да се грижаат за организациското знаење наспроти индивидуалното а организацијата да овозможи знаењето што го поседува да се направи експлицитно да се дистрибуира, сподели и повторно да се користи вклучувајќи ги добрите практики со што системот ќе влијае врз организациската ефикасност.

БИБЛИОГРАФИЈА

1) Allee, V. (2000), The value evolution: Addressing larger implications of an intellectual capital and intangibles perspective, Journal of Intellectual Capital, (1:1), pp.17– 32

2) Andreu, R. & Ciborra, C. (1996), Organizational Learning and Core Capabilities Development: The Role of Information Technology, Journal of Strategic Information Systems
3) Markus, M. L. (2001), Toward a Theory of Knowledge Reuse: Types of Knowledge Reuse Situations and Factors in Reuse Success, Journal of Management Information Systems,
4) Massey, A.P., & Montoya-Weiss, M.M. (2006) Unraveling the Temporal Fabric of Knowledge Conversion: A Model of Media Selection and Use

САВРЕМЕНИ ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И КОНКУРЕНТНОСТ

Проф. д-р Љубиша Стојмировић

Београдска пословна школа, висока школа струковних студија, Београд, Србија
ljubisa.stojmirovic@bbs.edu.rs

МСц Биљана Рајковић – докторанд

Институт Михаило Пупин, Београд
biljanarajkovic89@gmail.com

Бојан Мрђа

Београдска пословна школа, висока школа струковних студија, Београд, Србија
bojan.mrdja@bbs.edu.rs

УДК: 502.1

АПСТРАКТ

Овај рад се бави Екологијом ван уобичајених политичко-помодних токова расправе. После кратког осврта на најчешће злоупотребе еколошких појмова, обрађује се основни појам екологије са становишта Теорије система и кибернетике науке о управљању.

Разматрањем најважнијих данашњих еколошких проблема у које се убраја и „генетски инжињеринг“, као и улогом државних, индустриских и банкарских система, покушали смо да укажемо на могућа решења. Посебно је обрађена улога новог света у настајању Евроазије.

Кључне речи: екосфера, римски клуб, гренпеаце, генетски инжењеринг, индустрија, банке, држава.

MODERN ENVIRONMENTAL ASPECTS AND COMPETITIVENESS

Prof. Ljubisa Stojmirovic

Beogradska poslovna skola, visoka skola strukovnih studija
Beograd, Srbija
ljubisa.stojmirovic@bbs.edu.rs

M.Sc. Biljana Rajkovic – Ph.D. candidate

Institute Mihailo Pupin, Beograd
biljanarajkovic89@gmail.com

Bojan Mrdza

Beogradska poslovna skola, visoka skola strukovnih studija
Beograd, Srbija
bojan.mrdja@bbs.edu.rs

UDK: 502.1

ABSTRACT

This paper deals with ecology beyond the usual political and modern trends of debate. After a brief review of the most common abuse of ecological concepts, this paper discusses the basic concept of ecology from the perspective of the Theory of systems and cybernetics, the science of management.

Considering most of today's environmental problems which include "genetic engineering", as well as the role of governmental, industrial and banking systems, we have tried to point out the possible solutions. Specifically it elaborates the role of the new world in making of Eurasia.

Keywords: ecosphere, the Roman club, Grenpeace, genetic engineering, industry, banks, a state.

УВОД

Екологија, један од најзлоупотребљаванијих појмова у данашњим медијима, економској и политичкој пракси.

Првенствено, настала као наука о Екосфери, танком слоју Земљине коре и доњег дела атмосфере, на коме је настао и одржава се живот који ми познајемо. Овај појам су било из незнања или зле намере извитоперили и променили му циљеве и смисао скоро сви који су га се дохватили.

Почевши од „Римског клуба“ који скоро пола века шири маглу око појма „глобалног загревања“ и његових еколошких и друштвених последица. Стално говорећи да ће глобално отопљење изазвати неповратно померање пустиња и последично уништење производње хране на угроженим подручјима, а које ће изазвати масовне сеобе угрожених народа на већ насељена подручја. Наравно са последицом да јаче и развијеније земље имају право да игноришу државне границе и уведу ред тамо где га по њима нема.

И случај толико експонираног Геенпеаце-а, који пажљиво бира мете својих акција, а компаније које финансирају њихове скупе пројекте имају можда и већу моћ од оних нападнутих.

Генетски инжењеринг, који је већ ушао у стабилну и неповратну фазу економског коришћења, се напада као еколошки проблем али са потпуно погрешних позиција и самим тим учвршћује своје позиције без икаквих последица.

Повезано питање исхране становништва, се вековима поставља као еколошка, немогућа квадратура круга, али ипак и после хиљаду година и стотинак пута веће популације, само политички разлози онемогућавају задовољавајућу исхрану свих становника планете Земље.

Сагоревање фосилних горива и такозвана емисија угљендиоксида се поставља као централни проблем опстанка планете, иако свака ерупција вулкана било где на планети надмашује вишегодишњу продукцију услед људских активности. На другу страну потпуно се занемарује продукција метана, који је много опаснији гас са ефектом „стаклене баште“. само продукција метана на фармама животиња за исхрану је опаснија од издува свих моторних возила на свету.

Безброј је таквих примера, економски или политичких покушајева скретања пажње заинтересоване, актвистички расположене јавности. Проблем је појачан статусом модне иконографије, својствене средњој класи која још увек има довољно средстава и довољно образовања, али не и довољно знања, па ју је лако усмерити где год је потребно. Наравно ту је и донекле незаинтересована научна јавност која очекује да ће се та хистерија брзо завршити, и то тако траје већ скоро пола века без икаквих реланих помака. Евроазијски регион има шансу да овом проблему приђе, од самог почетка и избегне грешке направљене у преходном периоду.

ЕКОСФЕРА

Екосфера је танки слој земљине коре и танки слој атмосфере који омогућавају настанак и оџавање живота какав ми познајемо. Утицаји гвозденог језгра земље које се окреће брже и ствара магнетно поље око земље, штитећи планету од космичких зрачења, копнених плоча које се међусобно померају и отпуштају температуру земље ка свемиру, великих водених површина, биљног света који обнавља атмосферу и још много фактора чине međузависни систем чију нестабилну динамичку равнотежу није лако схватити. Та наизглед немогућа, нестабилна равнотежа постоји неколико милиона година, али када упоредимо са милијардама година колико постоји Земља то је ипак тренутак у времену и питање је колико је човек у стању да стварно поремети тај динамички процес. Највероватније, може само себи да отежа живот.

Живот у екосфери се стално мења и прилагођава некој новој стварности и неким новим условима, у историји екосфере је било више уништења живота на великим деловима планете, догађајима који би се данас звали еколошки инциденти, па би се живот опет обновио, са наше тачке гледишта унапређен за еволутивни скок. Као и све у овом нашем универзуму све се догађа у квантним скоковима, тако се живот у екосфери обнавља у кавнтним, скоковитим променама.

ДАНАШЊИ „ЕКОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ“

Данашњи „еколошки“ проблеми су углавном настали током две стотине година експлозивног научно технолошког развоја и пратеће индустријске револуције. Дубоко уверење човека да по снази и памети, постаје раван природи и свом по његовом лику преформираном богу, као и да му је дозвољено да неограничено и без последица користи и модификује природу, је имало за последицу пореме ћаје у Екосфери озбиљних размера. Тако да нам се повремено чини да нећемо бити у стању да повратимо претходно стање и да сама екосфера неће моћи да санира последице. Уображено и хомоцентрично становиште, које нема упоришта у стварности, али проблеми које човек изазива непажљивим руковањем природом, отежавају живот не само изазивачима проблема него и генерацијама после њих.

Најчешчи „еколошки“ проблеми данашњице су загађење ваздуха, земљишта, надземних и подземних водотокова продуктима индустријске обраде сировина, као и производима индустријске производње којима је истекао рок коришћења.

Загађеност земљишта у регионима у којима је настала Индустријска револуција у Европи је толика да се подземне воде могу употребљавати само уз озбиљну и скупу обраду, рок за саморегенерацију тог подсистема се процењују на више векова.

Загађеност горњег слоја земљишта је таква да се гајење хране све више организује у вештачким условима или измешта у друге земље.

Најновија и можда највећа опасност по екосферу је метода екстракције нафтног гаса из Уљних шкриљаца, убризгавањем велике количине воде и пратећих хемикалија, а под великим притиском у подземне наслаге Уљних шкриљаца. Такозвани Фракинг. Тренутне последице су, загађење подземних водених токова због немогућности да се предвиде путеви којима те хемикалије иду у дубоким подземним слојевима. Много опасније последице су од поремећаја крхке динамичке равнотеже која влада у танкој земљиној кори, где и мали поремећаји равнотеже сила могу узроковати велике последице у виду земљотреса и других катастрофа. Имајмо у виду да је та метода тек на почетку у скоро експерименталној фази и да се најављују вишетруко повећање силе којом се хемијски загађена вода убризгава у тло.

Загађеност ваздуха је најлакше решена комбинацијом законских решења и измештањем дела индустрије у друге земље.

Једино што није пробано у разијеним земљама је развој нових метода индустријске производње. Без обзира на широке пропагандне акције о новим индустријама двадесет и неког века, преко 90% индустријске производње је у основи идентично као и пре двеста година.

ГЕНЕТСКИ ИНЖЕЊЕРИНГ КАО НАЈНОВИЈИ И „НАЈОПАСНИЈИ“ ПРОБЛЕМ?

У ту експлозивну причу се умешао и „генетски инжењеринг“, недовољно прецизан назив за убрзану и програмирану измену генетског кода живих организама. Открићем гена и парцијалним декодирањем генетског кода, дошли смо у могућност да програмирамо особине још нерођених живих бића, а у перспективи и да можда једног дана успешно изменимо генетски код већ рођених биолошких јединки. По једнима грех ниподаштвања бога творца живота, по другима највећи успех човечанства, долазак на праг стварања новог живота из ничега, а по трећиима само још један алат у рукама који је могуће злоупотребити.

Историјски генетски инжењеринг постоји од почетка настанка разума код човека, сваки пут када изаберете особу за продужење врсте, ви свесно или несвесно усклађујете генетски материјал имајући у виду пожељне особине код потомства, код гајења биљака је човек пре неколико хиљада година почео да бира и укршта разне врсте и подврсте, да би унапредио приносе, ми не знамо са колико свести или разумевања је то радио тада, волимо да верујемо да је то постала свесна активност у пролом веку. Код домаћих животиња је иста ситуација свесна активност која је имала сличан проценат успшности као и ова најновија лабораторијска метода. Још увек није престала пракса озрачивања семења индустријских биљака јонизујућим зрачењем и испитивањем последица на израсле биљке, позитивни ефекти би одмах били коришћени, а негативни уништавани. Ова насумична активност је била само копирани и убрзани циклус уобичајене еволуције, али у многоме заслужна за велико повећање поизводње хране.

Како је „разумни“ хомосапиенс све своје могућности прво искористио у непожељним правцима, тако је и лабораториски инжењеринг био врло брзо злоупотребљен.

Прво су створене врсте које су давале веће приносе него класичне биљне врсте, а да би заштитиле своје улагање у нове технологије, започело се са стварањем семенског материјала који би само у првој генерацији давао род, а у другој много мањи или уопште без рода . Тиме би корисници морали увек да долазе код истих продаваца, паралелно је заштита интелектуалне својине проширена и на жива бића, гест ултимативне уображености и израднања човека са боговима или универзумом. Мајка природа је брзо ставила ствари на своје место, већ после неколико генерација се скоро потпуно изгубила та особина зомби семенског материјала, а приноси су постали једнаки као и у класичном гајењу.

Тој мегакорпоративној индустрији се није напуштала та најпожељнија, монополска позиција, појачана пропагандна активност и уништавање конкуренције није било довољно, следећи потез је било стварање семена отпорног на отрове који би уништавали све остале биљне врсте на третираном земљишту. Једном третирано земљиште по замисли твораца те стратегије би заувек остало резервисано монополско тржиште те компаније. Мајка природа је и у овом случају показала своје зубе, приноси на таквим земљиштима би убрзо били мањи него код класичних фарми, а ефикасност отрова против других биљних врста се смањивала, неочекивано брзо.

